# I. БЕРОВО

| | |
|---|---|
| 1. Берово | 9 |
| 2. Будинарци | 10 |
| 3. Владимирово | 10 |
| 4. Двориште | 11 |
| 5. Мачево | 12 |
| 6. Митрашинци | 12 |
| 7. Негрево | 13 |
| 8. Панчарево | 13 |
| 9. Пехчево | 13 |
| 10. Ратево | 14 |
| 11. Робово | 14 |
| 12. Русиново | 14 |
| 13. Смојмирово | 15 |
| 14. Умлена | 15 |
| 15. Црник | 15 |
| 16. Чифлик | 15 |

## 1. БЕРОВО

**Бреза**, населба од доцноантичкото време. На 12 km источно од градот, на простор од околу 300 x 200 m се среќаваат фрагменти од римски покривни ќерамиди, питоси и керамички садови. Овде се најдени неколку римски и старохристијански монети кои се чуваат во Музејот на Македонија. (А.К.)

**Врчвите**, некропола – тумули од железното време. Се наоѓа на околу 5 km источно од градот, на десната страна од долината на Брегалница, на терен што се шири од двете страни на полскиот пат за Чучурските Колиби. До нивата на Т. Соколовски има 4 тумули, наредени во линија исток-запад, на растојание од 20 m еден од друг. Тумулот I, што лежи на југоисточниот крај, е прилично добро зачуван и има пречник во основата од околу 16 m и височина од 1,5 m. Другите могили се доста оштетени од ерозија и од диво копање така што обликот и димензиите не можат точно да им се одредат.
Гарашанин М. и Д., 1959, 73. (В.С.)

**Градиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. Лежи 7 km источно од градот, на рид што се издига високо над левиот брег на Брегалница. На зарамнетото плато било најдено мало депо на римски монети кои се чуваат кај Ј. Арнаудовски. Видливи се и остатоци од некропола.
Mikul~i} I., TIR, 25. (А.К.)

**Долно Градиште – Јабланица**, населба од римското време. На 3,5–4 km од селото, на левиот брег на Брегалница се среќаваат остатоци од градежен материјал. (Д.Г.)

**Келаклевец**, населба од доцноантичкото време. Во подножјето на еден висок рид што се наоѓа лево од патот Берово-Сандански, а на 13 km југоисточно од градот, при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти, фрагменти од керамички садови, рановизантиски монети и железни алатки. Материјалот се чува кај Ј. Арнаудовски. (А.К.)

**Ковачилница**, утврдена населба од железното и доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на 7 km источно од Берово, лево од коритото на Брегалница, на височина скриена во планинскиот предел. Јужната и северната страна ѝ се стрмни и опкружени со суводолици, додека другите две се малку поблаги и преку мали преслапи се надоврзуваат на ридот Градиште. На самиот врв на височинката има елипсовиден простор, со димензии од 25 x 15 m, опкружен со остатоци од бедем и речиси целиот покриен со кршен камен и згура од топена руда. На падините, особено од западната и југозападната страна, се среќаваат фрагменти од атипична керамика од железното време, како и од доцноантичкото време. Локалитетот е доста прекопан од трагачи по злато.
Гарашанин М. и Д., 1959, 69. (В.С.)

**Куќата**, населба од римското време. На околу 6 km источно од Берово, во планинските предели, во нивата на К. Кускинци се среќаваат фрагменти од питоси и керамички садови, а биле најдени и римски монети. (Д.Г.)

**Линако**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на северниот крај на вештачкото езеро, 8 km оддалечено од Берово. На простор од околу 200 x 200 m се среќаваат фрагменти од римска керамика, питоси и градежен материјал, а во горниот дел се забележуваат темели од објекти. (А.К.)

**Пашајлов Преслап**, населба од доцноантичкото време. На 5 km од Берово, во нивата на Љ. Димовски се среќаваат фрагменти од доцноантичка керамика, питоси и градежен материјал. Најдени се и римски монети. (А.К.)

**Попов Рид**, градиште од доцноантичкото време. На северната периферија на Берово се издига низок рид кој има зарамнето плато со димензии од 270 x 150 m. Видливи се остатоци од темелите на бедемот, а се среќава и множество фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друго. Биле пронајдени римски и рановизантиски монети, од кои неколку се откупени за Музејот на Македонија. (А.К.)

**Свети Архангел Михаил**, средновековни јами. Во дворот на манастирот, во 1974 год., при нивелирањето на теренот се откриени четири јами од кои три се истражени од Заводот и музеј во Штип. Јамите имале стопански карактер, односно служеле за складирање на жито (амбари).
Белдедовски З., 1988, 245. (З.Б.)

**Селца**, населба од римското време. На 12 km источно од Берово, под ридот Пластица, на простор од 600 x 500 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди, а според исказите на Ј. Арнаудовски од Берово, биле пронајдени римски и рановизантиски монети кои се чуваат кај Ј. Арнаудовски. (А.К.)

**Шабанско Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На местото каде што Ратевска Река се влева во вештачкото езеро, на еден висок рид што има зарамнет простор од 150 x 100 m се гледаат остатоци од населба заштитена со бедем. На површината се среќаваат кршени камења и друг градежен материјал, а еден целосно зачуван питос се чува кај Б. Коледавски од Берово. (А.К.)

**Широк Дол**, могили од доцноантичкото време. Локалитетот, кој се наоѓа во долината на Јабланица, има 6 могили со приближни димензии од 20 m во основата и височина од 2 до 4 m, обраснати со дрвја.
Гарашанин М. и Д., 1959, 73. (А.К.)

## 2. БУДИНАРЦИ

**Авлија**, некропола – могила од римското време. Јужно од селото, на левиот брег на Брегалница има голема могила со пречник во основата од околу 30 m и зачувана височина од 2–4 m.
Гарашанин М. и Д., 1959, 74. (А.К.)

**Градиште**, градиште од римското време. На еден километар западно од селото се наоѓа висок рид, од три страни опкружен со коритото на Брегалница, на чие зарамнето плато се гледаат остатоци од добро утврдена населба, со бедем кој опкружувал простор од 400 x 50 m. Градиштето е поделено на три целости со напречни бедеми со што била обезбедена максимална заштита. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Според кажувањата на жителите, биле најдени и повеќе монети.
Гарашанин М. и Д., 1959, 78. (А.К.)

**Каменица**, населба од доцноантичкото време. На околу 4 km јужно од селото, од левата страна на потокот Каменица, во нивата на Спиро и Глигор Тренчевски, при обработувањето на земјата биле откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Гарашанин М. и Д., 1959, 79. (Л.В.)

**Лаките – Селиште**, населба од римското време. На околу 12 km југозападно од селото, во нивата на Алекса Пармаковски и на дел од селската утрина на левиот брег на реката Лаките се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Гарашанин М. и Д., 1959, 79. (Л.В.)

**Поповица**, некропола – тумули од железното време. Во источниот крај на селото, до основното училиште, на самиот излез во правецот на селото Мачево, на местото на старите гробишта има 5 тумули од кои првиот и вториот се оддалечени 18 m, имаат пречник од околу 13–14 m во основата и височина до 1,5 m. Другите три тумули се лоцирани на 200 m западно од првите, распоредени се во форма на триаголник и се речиси со исти димензии.
Гарашанин М. и Д., 1959, 74. (А.К.)

**Присој**, населба од доцноантичкото време. На околу 10 km од југозападната страна на селото и на околу 5 km северно од локалитетот Селишта, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Алекса Чутрески откопал голем питос кој бил затворен со камена плоча. На локалитетот се најдени повеќе монети и орудија.
Гарашанин М. и Д., 1959, 79. (Л.В.)

**Селиште**, населба од римското време. На околу 15 km југозападно од селото, во подножјето на ридот, покрај реката, во нивата на Алекса Чутрески се најдени керамички тегови, фрагменти од керамички садови, римски тули, како и множество градежен материјал.
Гарашанин М. и Д., 1959, 79. (Л.В.)

**Чука**, могила од римското време. На источната периферија на селото, во нивата на К. Ингинински се издига голема могила со пречник во основата од околу 30 m и зачувана височина од 4 m. (А.К.)



Чука, с. Будинарци. – Могила од римското време

## 3. ВЛАДИМИРОВО

**Бараица**, населба од неолитското време и тумул од железното време. На 20 km југозападно од селото, под Готен, во нивата на Д. Чамински и во соседните ниви биле најдени фрагменти од керамички садови и статуета. На истото место има и помал тумул.
Гарашанин М. и Д., 1959, 69. (А.К.)



Бараица, с. Владимирово. – Идол од средниот век

**Белов Јурт**, средновековна населба. Се наоѓа на висок рид на десниот брег на Широк Дол, каде што на површината се среќава множество фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (А.К.)

**Градиште**, доцноантичко градиште. Во планинскиот предел на Ѓузелџе, на еден голем рид се зачувани урнатини од неколку мали објекти оградени со ѕид. Локалитетот зафаќа простор од 70 x 50 m. (А.К.)

**Грамадата**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северно од месноста Могилка, во нивата на К. Чупревски, на простор од околу 100 x 50 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди. Откопани се и неколку питоси. (А.К.)

**Грамадје**, населба од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, покрај селскиот пат што води кон планината, на простор од околу 400 x 100 m се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди, керамички садови, питоси, а најдени се и неколку римски и рановизантиски монети. (А.К.)

**Ѓузелџе**, старохристијанска црква. Во близината на локалитетот Градиште, на еден зарамнет простор се гледаат темели од црква со димензии од 13 x 7 m. Околу неа има многу фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (А.К.)

**Ковачка Чука**, средновековно градиште. Се наоѓа на 4 km јужно од селото, на висока чука со доминантна положба, обрасната во борова шума. (А.К.)

**Материца**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на висок рид со доминантна положба над околината, со зарамнето плато на кое се гледаат остатоци од бедемот, а на површината има фрагменти од питоси, покривни ќерамиди и градежен материјал. (А.К.)

**Могилка**, могила од доцноантичкото време. Се наоѓа високо во планинскиот предел Џумајата, под ридот Чука. Могилата има пречник во основата од 15 m и височина од 2 m. (А.К.)

**Селото**, средновековна населба. На десниот брег на Широк Дол има висок рид на кој се зачувани урнатини од стари објекти на простор од околу 100 x 100 m. Според преданието, на ова место било старото село. (А.К.)

**Увашлија**, населба од железното време. На околу 10 km јужно од селото, од десната страна на патот што води кон Колибите, во нивата на Михаил Петровски се среќаваат фрагменти од керамички садови и предмети од железо. Бил најден и еден нож од раноримското време.
Гарашанин М. и Д., 1959, 70. (А.К.)

**Црквиште**, старохристијанска базилика. На ридот Караџузлија, кој има доминантна местоположба над околината, на простор од 20 x 30 m се гледаат урнатини од сакрален објект. Локалитетот е обраснат со ниска вегетација. (А.К.)

## 4. ДВОРИШТЕ

**Бабини Колиби (Чаплаковски Колиби)**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква. Помеѓу селата Двориште и Ратево, под ридовите Шуманов Рид и Црква, од двете страни на долот се гледаат темели од стар објект околу кој има многу градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси. На овој простор, до колибата на С. Величковски бил најден епиграфски споменик посветен на императорот Каракала.
Вулиќ Н., Споменик LXXVII, 60, Но. 70; Гарашанин М. и Д., 1959, 80. (А.К.)

**Градиште I**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km северно од селското училиште, на врвот на ридот се гледаат темели од бедемот кој оградувал простор од 250 x 200 m. Бедемот е ѕидан од камен и варов малтер. Во внатрешноста на градиштето се среќаваат многу фрагменти од питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Градиште II**, градиште од доцноантичкото време. На 8 km југоисточно од месноста Црногорец се издига висок рид на чие зарамнето плато се гледаат

делови од одбранбен бедем кој оградува простор од 12 x 80 m. Во внатрешноста на градиштето има темели од помали објекти, како и многу фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Рабуш**, населба од доцноантичкото време. На 300 m оддалеченост од Градиште II, при обработувањето на земјата се откриени остатоци од постари објекти, а по површината се гледаат фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (А.К.)

**Црква**, старохристијанска црква. Во центарот на селото се наоѓа градежен материјал од мала црква.
Mikul~i} I., TIR, 50. (А.К.)

## 5. МАЧЕВО

**Воднико**, населба од неолитското време. На 2 km северозападно од селото, во нивите на С. Ѓуровски и С. Пашовски се среќаваат многу фрагменти од керамички садови. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На оддалеченост од околу 7 km од селото, на левиот брег на Каменица се издига висок рид со доминантна положба. На простор од 300 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (А.К.)

**Гробишта**, старохристијанска црква со некропола. На 3 km северозападно од селото, на висока тераса што се издига над Голем Дол се гледаат темели од мала старохристијанска црква со димензии од 8 x 5 m. Околу неа се откриени гробови градени од камени плочи. (А.К.)

**Караѓузлија**, населба од римското време. На околу 2 km јужно од селото, во непосредната близина на Чакаревски мост, по површината на нивите се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Во нивата на Јован Брашнаровски се најдени долго железно копје и камен со натпис.
Гарашанин М. и Д., 1959, 84. (Л.В.)

**Кремениште – Селиште**, населба од римското време. Источно од селото во правецот на Робово, од двете страни на малата долина северозападно од Умленска Река, на блага падина ориентирана кон реката, во нивите на Ефтим Андрашовски и Никола Чашински се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови и питоси, а најдени се и монети.
Гарашанин М. и Д., 1959, 84. (Л.В.)

**Манастир**, старохристијанска црква. На висок рид на десниот брег на Каменица се зачувани темели од црква. Димензиите не можат да се одредат, бидејќи се обраснати со ниска вегетација. (А.К.)

**Мачево,** населба од хеленистичкото време. Во 1990 година, при копање на темели за куќа во дворот на Н. Стамболиски биле откриени остатоци од темели на градби, керамички садови и орудија. (М.Ѓ)

**Мачевски Чуки**, могили од римското време. Помеѓу селата Мачево и Смојмирово, од десната страна на селскиот пат и на околу 1 km јужно од селото, пред мостот на Умленска Река се наоѓаат две могили. Првата могила е голема, со пречник во основата од околу 50 m и височина од 5–6 m и е подигната на мала рамнина. На 25 m од неа е другата могила со пречник во основата од 18 m и височина до 2 m. При трасирањето и изградбата на новиот асфалтен пат могилата е прилично засечена на јужниот крај од каде биле извадени железни предмети – делови од опрема на кола (шини од тркала, спојници и сл.). Наодите не се зачувани.
Гарашанин М. и Д., 1959, 76. (Л.В.)

**Могила**, могила од римското време. Се наоѓа покрај самата река Каменица и со обработувањето на земјата во голема мера е оштетена. Има пречник во основата од 7 m и зачувана височина од 1,5 m. (А.К.)

**Цуцуло**, населба од римското време и старохристијанска црква. На 2 km северно од селото, на висок рид кој благо се спушта кон селото, на простор од 600 x 600 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. Во горниот крај на локалитетот се откриени темели од старохристијанска црква. (А.К.)

**Человеко**, могила од римското време. На 1 km северно од селото и во непосредната близина на локалитетот Воднико има могила со пречник во основата од 15 m и височина од 4 m. (А.К.)

## 6. МИТРАШИНЦИ

**Будица**, населба од неолитското време. На десниот брег на Брегалница, на ниска тераса се среќаваат фрагменти од керамички садови, претежно со сива боја, како и орудија од камен.
Керамидчиев А., 1979, 156. (Д.Г.)

**Дивидија**, средновековна некропола. При подигањето на споменикот на паднатите борци од НОБ, на високиот рид се откриени неколку гробови. (Д.Г.)

**Манастир**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква. На 5 km јужно од селото, во планинскиот предел на Каменица, во ливадите на Ј. Самарџиски се гледаат грамади од камења и фрагменти од керамички садови и питоси.
Керамидчиев А., 1979, 157. (Д.Г.)
**Свети Илија**, старохристијанска црква. На левиот брег на реката Брегалница, околу малата црквичка – параклис посветен на св. Илија, се наоѓаат фрагменти од архитектонска камена пластика и од покривни ќерамиди. (Д.Г.)

**Селиште**, средновековна населба. Источно од селото, на десниот брег на реката Брегалница, во нивата на Мире Мајсторовски се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Д.Г.)

**Шумутница**, населба од римското време. Најдени се згура од топена железна руда и фрагменти од керамички садови. (Д.Г.)

## 7. НЕГРЕВО

**Боро**, населба од доцноантичкото време. На 2 km од селото, на простор од околу 500 x 500 m се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (А.К.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. Близу до селото, на голема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Најдени се и рановизантиски златници.
Mikul~i} I., TIR, 90; Микулчиќ Г., 1987, 179. (Г.М.)

**Калов Дол**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, на површината на нивите се гледаат остатоци од помала населба, градежен материјал, ќерамиди и фрагменти од керамички садови. (А.К.)

## 8. ПАНЧАРЕВО

**Бобиште**, населба од римското време. Од двете страни на патот Пехчево-Работивиште, помеѓу селата Црник и Иствник, според податоците добиени од Стојан Димитров, учител од Работивиште, а и при самата проверка на местото, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Гарашанин М. и Д., 1959, 85. (А.К.)

**Главица**, могила од доцноантичкото време. Десно од патот Пехчево-Делчево се издига високиот рид Главица. На неговиот врв има мала могила со пречник во основата од 10 m и зачувана височина од 1 m. Могилата е делумно оштетена при што биле откриени неколку гробови за кои, како и за евентуалните гробни прилози, нема поблиски информации. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото се издига висок рид со доминантна положба. На неговиот врв, на простор од 30 x 70 m се зачувани остатоци од бедемот ѕидан од кршен камен и варов малтер. Во внатрешноста на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и др. Најдени се и остатоци од топена железна руда. (А.К.)

**Илина Црква**, средновековна црква. Десно од патот Пехчево-Делчево, на мала височинка се гледаат темели од објект со ориентација исток-запад и со димензии од 16 x 6 m. Околу него се среќаваат фрагменти од средновековна керамика. (А.К.)

## 9. ПЕХЧЕВО

**Буковиќ**, населба од доцноантичкото време. На 3 km источно од селото се издига височинка со зарамнето плато на кое се среќаваат темели од градби, фрагменти од питоси и парчиња згура. Најдени се и монети.
Mikul~i} I., TIR, 99. (Д.Г.)

**Во реката**, рудник од доцноантичкото време. На 3,5 km источно од селото, по текот на Пехчевска Река се наоѓа окно од рудник за експлоатација на железна руда.
Mikul~i} I., TIR, 99. (Д.Г.)

**Градиште – Манастириште**, градиште од римското време. На околу 7 km од селото, на десниот брег на Брегалница, на висок рид со доминантна положба се гледаат ѕидови од одбранбен бедем на тврдина. Бедемот оградува простор од околу 200 x 150 m што е обраснат со букова шума. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди, множество градежен материјал, како и урнатини од повеќе објекти. Биле најдени монети и жлезни предмети.
Гарашанин М. и Д., 1959, 85. (А.К.)

**Манастир**, старохристијанска црква. На 4 km од Пехчево, кај месноста Спиково се зачувани урнатини од старохристијанска црквичка со димензии од 7 x 13 m. (А.К.)

**Рудиште – Раковец**, доцноантичка и средновековна рударска населба. На околу 3 km источно од Пехчево, во подножјето на Буковиќ, на една пространа ледина на потокот Раковец се зачувани остатоци од темели на објекти, многу градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси. На долниот крај на локалитетот има и темели од старохристијанска црква. Во овој простор се откриени десетина рударски јами и доста згура од топено железо. Било најдено депо на железни рударски алатки и еден епиграфски споменик кој исчезнал во времето на Втората светска војна. Наодите ги чува Ј. Ризовски од Берово.
Гарашанин М. и Д., 1959, 92. (А.К.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На 5 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато со димензии од 700 x 100 m се гледаат темели од објекти, фрагменти од питоси и керамички садови.
Mikul~i} I., TIR, 99. (А.К.)

## 10. РАТЕВО

**Градиште**, градиште и некропола од доцноантичкото време. На источната периферија на селото, на висок рид кој има доминантна положба над целата околина, на зарамнетото плато се гледаат темели од бедем. По целиот простор се среќаваат множество парчиња од покривни ќерамиди, а наместа и од керамички садови и питоси. Биле најдени и неколку монети. На 200 m западно од бедемот, на широка падина се гледаат контури на гробови градени од камени плочи. Неколку од нив биле раскопани и, според податоците добиени од жителите, биле пронајдени керамички садови и монети кои не се зачувани.
Гарашанин М. и Д., 1959, 85. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време и старохристијанска црква. Во пределот на Сливница, помеѓу селата Ратево и Двориште, на една мала ниска чука се зачувани остатоци од помало утврдување. Бедемот, од кој се зачувани само темелите, оградувал простор од 150 x 120 m. По површината се забележуваат темели од објекти, фрагменти од керамички садови и питоси. На 200 m јужно од бедемот има остатоци од мала старохристијанска црква. (А.К.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На 4 km јужно од селото, кај селските колиби се наоѓаат повеќе грамади од насобрани камења на простор од околу 100 x 100 m. По површината има голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди, а биле најдени и рановизантиски монети кои се чуваат кај Ј. Ризовски од Берово. (А.К.)

**Жизница**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа во пределот на Сливница и во близината на локалитетот Градиште. На простор од околу 200 x 100 m се среќаваат парчиња од покривни ќерамиди и питоси. (А.К.)

**Манастир**, старохристијанска базилика. Во непосредната близина на локалитетот Грамади се издига висок рид со доминантна положба. На зарамнетото плато на врвот има остатоци од старохристијанска базилика со димензии од 23 x 12 m чии ѕидови се зачувани до 1 m височина. (А.К.)

**Слатина**, могила од доцноантичкото време. Во непосредната близина на утоката на реката Пеленица во Ратевска Река, во нивата на Д. Аврамовски има могила со пречник во основата од 12 m и височина од 2 m, која со орањето делумно е оштетена. (А.К.)

## 11. РОБОВО

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. На 3 km северно од селото, во нивата на Д. Воренски има 15-тина грамади од градежен материјал (кршен камен, покривни ќерамиди) и фрагменти од питоси и керамички садови. (А.К.)

**Ормање**, населба од доцноантичкото време. На околу 4 km западно од селото, во нивата на Б. Бранковски се среќаваат множество фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 12. РУСИНОВО

**Ан**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа во пределот на Џами Тепе каде што се гледаат темели од неколку помали објекти, градежен материјал и парчиња од покривни ќерамиди. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 3 km источно од Џами Тепе, на висок рид се наоѓаат остатоци од утврдена населба. На зарамнетото плато со површина од 150 x 120 m, по рабовите се гледаат остатоци од бедемот, а во внатрешноста – темели од мали објекти. По целиот простор на градиштето се среќаваат фрагменти од питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Долно Грамаѓе**, населба од римското време и старохристијанска црква. На околу 3 km југоисточно од селото, покрај патот кој преку Џами Тепе води за Струмица, на површина од 800 x 300 m се среќаваат множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, а се констатирани и темели од повеќе објекти. Жителите откопале неколку големи питоси, а нашле и монети. На јужниот крај на локалитетот се најдени темели од црква. (А.К.)

**Дунковец**, могила од римското време. На 200 m десно од главниот пат Берово-Џами Тепе има осамена могила која е добро зачувана, со пречник во основата од 2,5 m и височина од 4–5 m. (А.К.)

**Петрово Брдо**, населба од доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото, на пространо плато се среќаваат многу парчиња од покривни ќерамиди чија концентрација е особено голема во нивата на Ј. Шарковски. Според некои податоци, биле најдени водоводни цевки, голем питос и монети од Домицијан.
Гарашанин М. и Д., 1959, 85. (А.К.)

**Плашица**, населба – викус од доцноантичкото време. На 3 km јужно од селото, на голема површина се гледаат остатоци од градби, водоводни цевки и фрагменти од керамички садови и питоси. Најдени се и монети.
Mikul~i}, I,., TIR, 110. (А.К.)

**Терзиевец**, населба од доцноантичкото време. На 1 km западно од Петрово Брдо, на простор од околу 200 x 200 m има многу остатоци од покривни ќерамиди, фрагменти од керамички садови, како и грамади од кршен камен изваден од темелите на стари објекти. (А.К.)

**Црквиште I**, старохристијанска црква. На источните падини на ридот Петлец се зачувани урнатини од мала црква. (А.К.)

**Црквиште II**, старохристијанска црква. Во близината на месноста Чука се зачувани остатоци од мала црква околу која се наоѓаат парчиња од покривни ќерамиди. (А.К.)

**Чука**, градиште од доцноантичкото време. На 5 km западно од селото, десно од патот Берово-Струмица, на мала ниска чука со зарамнет простор од околу 100 x 100 m се гледаат остатоци од бедемот на утврдувањето. Во внатрешноста на тврдината има урнатини од десетина помали објекти. (А.К.)

**Џами Тепе**, средновековна црква. Од левата страна на патот што води од Берово за Струмица, на висок рид што доминира над околниот терен се зачувани остатоци од црква. (А.К.)

## 13. СМОЈМИРОВО

**Брестови**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа северозападно од селото, меѓу атарите на Умлена, Робово и Смојмирово, лево од патот Берово-Делчево. Претставува блага падина што се протега од исток кон запад, во правецот на селото Мачево. На површината има градежен камен и голем број фрагменти од градежни ќерамиди, како и од керамички садови со сива боја од III-IV век. Во нивата на Алексо Тагарски се забележуваат остатоци од темели на ѕидови во кои се вградени римски тули. Во 1952/53 година случајно биле откопани повеќе златни монети (депо), од кои 5 солиди од Јустин I и Јустинијан I откупил Народниот музеј од Штип.
Гарашанин М. и Д., 1959, 85; Mikul~i} I., TIR, 117; Микулчиќ Г., 1987, 179. (В.С.)

**Милина Црква**, старохристијанска црква. Од левата страна на патот за Берово, на високиот рид каде што е подигната новата црква биле откриени темели од постар објект, веројатно црква.
Гарашанин М. и Д., 1959, 86. (А.К.)

## 14. УМЛЕНА

**Грамадна**, населба од доцноантичкото време. На 5 km северно од селото, во нивите на Н. Базлиски и Б. Рачевски има големи грамади од камења, покривни ќерамиди, питоси и фрагменти од керамички садови. На неколку места во нивите се откриени и темели од објекти. (А.К.)

**Могила**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, на простор од околу 600 x 600 m се среќава множество градежен материјал, кршен камен, покривни ќерамиди, а наместа и фрагменти од керамички садови и питоси.
Гарашанин М. и Д., 1959, 87. (А.К.)

## 15. ЦРНИК

**Орниче**, некропола – могили од римското време. На десната страна од патот Пехчево-Делчево, на голема тераса има две могили со пречник во основата од околу 18 m и зачувана височина од 3 m. Едната е во голема мера оштетена. (А.К.)

## 16. ЧИФЛИК

**Во селото**, гроб од старохристијанското време. Веднаш покрај патот за Пехчево, од неговата лева страна, во дворот на Лефтер, во 1982 година е откриен гроб со ориентација исток-запад, граден од необработени камени плочи и со поплочен под. (Д.Г.)

**Градиште**, населба од железното време и средниот век. На јужната периферија од селото се издига висок рид со доминантна положба. На зарамнетото плато на врвот од ридот, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура, изработени на рака, а на јужното и западното подножје се откриени темели од објекти, како и голем број фрагменти од керамички садови. (А.К.)

**Преслап**, могила од римското време. На 1 km јужно од селото, покрај патот што води од Чифлик кон селото Умлена, на ниска тераса има могила со пречник во основата од 12 m и зачувана височина од 2,5 m. (А.К.)

**Света Петка**, старохристијанска црква. На околу 3 km северно од селото се зачувани темели од мала црквичка градена од кршен камен и варов малтер. (А.К.)

**Скалата**, старохристијанска црква. На источната периферија на селото се гледаат темели од мала црквичка, обраснати со ниска вегетација. (А.К.)

**Тумба**, могила од римското време. На јужната периферија на селото се наоѓа могила со пречник во основата од 12 m и височина од 3,5 m. Могилата е делумно оштетена, така што во профилот се гледаат камени плочи од неколку гробни конструкции. (А.К.)

# II. БИТОЛА

1. Агларци........................................................ 16
2. Алинци ........................................................ 16
3. Балдовенци.................................................. 17

4. Барешани ............ 17
5. Бач ............ 17
6. Беранци ............ 17
7. Биљаник ............ 18
8. Бистрица ............ 18
9. Битола ............ 18
10. Братин Дол ............ 24
11. Брод ............ 24
12. Брусник ............ 25
13. Будаково ............ 25
14. Буково ............ 25
15. Букри ............ 25
16. Вашарејца ............ 26
17. Велушина ............ 26
18. Гнеотино ............ 27
19. Горно Ореово ............ 27
20. Горно Српци ............ 27
21. Горно Чарлија ............ 27
22. Градешница ............ 27
23. Далбеговци ............ 27
24. Дедебалци ............ 28
25. Дихово ............ 28
26. Добровени ............ 28
27. Добромири ............ 28
28. Добрушево ............ 29
29. Доленци ............ 29
30. Долно Агларци ............ 29
31. Долно Орехово ............ 30
32. Долно Оризари ............ 30
33. Долно Српци ............ 30
34. Долно Чарлија ............ 30
35. Драгарино ............ 30
36. Драгожани ............ 31
37. Драгош ............ 31
38. Древеник ............ 31
39. Ѓавато ............ 31
40. Жабени ............ 31
41. Живојно ............ 32
42. Злокуќани ............ 32
43. Зовиќ ............ 32
44. Ивањевци ............ 33
45. Кажани ............ 33
46. Канино ............ 33
47. Карамани ............ 33
48. Кравари ............ 33
49. Кременица ............ 34
50. Крклино ............ 34
51. Крстоар ............ 34
52. Кукуречани ............ 34
53. Лажец ............ 34
54. Лера ............ 34
55. Лисолај ............ 35
56. Логоварди ............ 35
57. Лопатица ............ 35
58. Маково ............ 36
59. Маловиште ............ 36
60. Меџитлија ............ 36
61. Могила ............ 36
62. Мојно ............ 37
63. Мусинци ............ 37
64. Нижеполе ............ 37
65. Новаци ............ 37
66. Ново Змирнево ............ 37
67. Ношпал ............ 37
68. Олевени ............ 38
69. Оптичари ............ 38
70. Орехово ............ 38
71. Орле ............ 38
72. Паралово ............ 38
73. Подино ............ 38
74. Поешево ............ 39
75.供Породин ............ 39
76. Радобор ............ 39
77. Рамна ............ 40
78. Рапеш ............ 40
79. Раштани ............ 41
80. Рибарци ............ 41
81. Ротино ............ 41
82. Свети Тодори ............ 41
83. Скочивир ............ 42
84. Сливица ............ 42
85. Смолево ............ 42
86. Старавина ............ 42
87. Стрежево ............ 42
88. Суводол ............ 42
89. Трап ............ 45
90. Трн ............ 45
91. Трново ............ 45
92. Трновци ............ 45
93. Цапари ............ 46
94. Црничани ............ 46
95. Црнобуки ............ 46
96. Црновец ............ 47

## 1. АГЛАРЦИ

**Тумба**, населба од неолитското време. На 700 m западно од селото и на околу 500 m источно од Црна Река, во рамнината се издига блага височинка со кружна основа во пречник од 90 m. По површината на тумбата се среќаваат фрагменти од керамички садови, куглички за праќа, орудија од камен и сл. (Д.С.)

## 2. АЛИНЦИ

**Тепиџик – Брег**, населба од неолитското време. На околу 400 m западно од селото (кота 604), по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, а поретко и орудија од камен и кремен. (Д.С.)

## 3. БАЛДОВЕНЦИ

**Арбасиновец**, населба од железното време. Се наоѓа на 1 km источно од селото, на мала височинка што се спушта кон обработливите површини на ЗИК „Пелагонија“. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови карактеристични за железното време. (Д.С.)

## 4. БАРЕШАНИ

**Отажна Маала**, населба од римското време и доцната антика.
Mikul~i} I., 1966, 87; Mikul~i} I., TIR, 21. (Д.Г.)

**Селиште**, населба и некропола од хеленистичкото време, римското време и средниот век. На 1 km западно од селото, на падините на планината Баба се среќаваат остатоци од населба (фрагменти од керамички садови и градежен материјал), а по површината има и камени плочи од гробни конструкции. Видливи се темели од средновековна црква која, според кажувањето на жителите, била посветена на св. Варвара. Најдени се и бронзени монети. (Т.Ј.)

**Слатина**, населба од римското време. На околу 2,5 km источно од селото, според кажувањето на жителите, при обработувањето на земјата се пронајдени фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. Денес на површината се среќава множество градежен материјал. (Т.Ј.)

**Тумба**, населба од бронзеното време. Во центарот на селото се издига мала височинка со правилна кружна основа. Тоа е селска утрина, со незначителни оштетувања на одделни места од кои потекнуваат фрагменти од керамички садови од почетните фази на бронзеното време.
Симоска Д., Санев В., 1976, 50. (Д.С.)

## 5. БАЧ

**Самовили**, населба и некропола од римското време. Најдени се скулптури и фигури од бронза (Пан, Хермес, Фортуна) и архитектонска пластика.
Vuli} N., 1937, 10; Грбић М., 1954, 121. (Д.Г.)

**Тумба**, населба од бронзеното време. Се наоѓа во рамнината, северно од селото. Има мали димензии, а на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1937, 10. (Д.С.)

## 6. БЕРАНЦИ

**Висои**, некропола – тумули од железното време (I и II). Се наоѓа на 17 km од Битола и на околу 300 m од левата страна на стариот пат Битола-Прилеп, на тромеѓата помеѓу селата Црнобуки, Могила и Беранци. Овде уште во 1954 година се констатирани три тумули подредени во еден правец и оддалечени еден од друг од 300 до 500 m. Со рилањето на теренот, на најголемата могила биле откриени гробови со камени плочи, поради што истата година е извршено заштитно ископување. Најдени се 47 гробови од камени плочи – тип циста, радијално распоредени, опкружени со сувоѕидан прстен од камен и централен гроб на средината кој е временски постар. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Мачкиќ П., Симоска Д., 1955; Mikul~i} I., 1966. (Д.С.)

Висои, с. Беранци. – Дел од гробовите во Тумул I од железното време

**Воден Дол**, некропола од римското време.
Mikul~i} I., TIR. 24. (Д.Г.)

**Грабечка Река**, населба од хеленистичкото и римското време.
Mikul~i} I., TIR, 25. (Д.Г.)

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 2 km западно под селото се наоѓа мал рид со зарамнето плато, опкружен со одбранбени ѕидови кои зафаќаат простор од 90 x 40 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал, а најдени се монети од Јустин I, Јустинијан I и постари, кои се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Микулчиќ Г., 1987, 179. (Г.М.)

**Женски Дол**, некропола од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 25. (Д.Г.)

**Плочи – Натсело**, населба и некропола од римското време.

Mikul~i} I.,TIR, 25. (Д.Г.)

**Ристов Кладенец**, некропола од доцноантичкото време.
Mikul~i} I.,TIR, 25. (Д.Г.)

**Црквиште**, некропола од раноантичкото и хеленистичкото време. На околу 2 km источно од селото и на 16 km северно од Битола, непосредно до автопатот Битола-Прилеп, на релативно мал простор имало голема концентрација на гробови од кои Музејот од Битола истражил околу 70. Некрополата егзистирала од крајот на VI до средината на III век пред н.е. и во неа се констатирани повеќе типови на гробни конструкции, со големи разлики во димензиите, како и во ориентацијата. Најстарите гробови на местото познато како Петилеп, кои потекнуваат од крајот на VI век пред н.е., се вкопувани на поголемо растојание еден од друг, и тоа претежно во југозападниот дел на просторот. Подоцна, околу нив биле вкопувани помладите гробови од V до III век пред н.е., при што се забележува дека во IV век биле групирани во помали или поголеми групи. Во гробовите од архајскиот и класичниот период се пронајдени кремирани покојници, додека од оние од III век едни се со кремирање, други со скелетно погребување, и тоа во масивни конструкции. Гробовите од хеленистичкото време се ѕидани од тули и во нив остатоците од кремираните мошти заедно со накитот биле поставувани во едниот крај, а керамичките садови и другите прилози по целиот простор на гробот. Наодите се наоѓаат во Заводот и музеј во Битола.
Mikul~i} I., 1966; Микулчиќ И., 1966а, 227; Микулчиќ И., 1972, 139. (Н.П.П.)

**Шукаловец**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 25. (Д.Г.)

## 7. БИЉАНИК

**Арбасиновец**, тумул од железното време. Се наоѓа северозападно од селото, до патот за селото Новаци. На површината се наоѓаат многубројни фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

**Градиште**, фортификација од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 26. (Д.Г.)

## 8. БИСТРИЦА

**Во селото**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото, во нивата на Илија Јанчевски се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди кои со орањето биле исфрлени на површината. Исто така има и грамади од кршен камен. (Т.Ј.)

**Стара Црква**, некропола од железното време. Се наоѓа во непосредната близина на селото, од северозападната страна, и на околу 700 m западно од патот за Битола, на блага падина што се спушта кон левиот брег на Бистричка Река. Со ерозијата на земјиштето се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Д.С.)

**Црква Свети Ѓорѓија**, старохристијанска базилика. Во 1969 година во дворот на црквата, непосредно до нејзината северна страна, случајно е откриен дел од поден мозаик, работен со камчиња во три бои. Се работи за мозаичен под од старохристијанска базилика. (Т.Ј.)

## 9. БИТОЛА

**Бадем Балери**, депо на средновековни монети. Во североисточниот дел на градот, Томо Томовски открил гроб и во него сатче со 60 бронзени чанковидни монети од XII век и еден прстен. Со исклучок на прстенот, наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Алексова Б., 1955, 21. (Б.А.)

**Гургур Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа во рамнината 2,5 km источно од градот, непосредно до индустриската зона каде што се наоѓаат „Битолатекс“, „Илинден“ и други претпријатија. Има правилна кружна основа со пречник од 250 m и височина од 3 m. Горните површински слоеви се оштетени од земјоделските работи. Во 1952 г. Народниот музеј, во соработка со Филозофскиот факултет од Љубљана, вршел ископување, а во 1981 година е вршено ново сондажно ископување. Работите покажале дека е во прашање повеќеслојна населба, со културен слој од 3,40 m во кој се разграничуваат два хоризонта на живеење. Откриените многубројни фрагменти од керамички садови, орудија од коска, камен и кремен ја определуваат населбата како среднонеолитска, а ѝ припаѓа на велушко-породинската културна група. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 41. (Д.С.)

**Еврејски гробишта**, населба од неолитското време. На 1 km североисточно од градот, во непосредната близина на еврејските гробишта се наоѓа населба, во поголем дел оштетена, во која се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

**Кале**, средновековна утврдена населба. Во непосредната близина на градот, од северозападната страна, на висок рид што доминира над околината и има надморска височина од 894 m има две зарамнети платоа, со површина од околу 500 x 190 m, на кои се среќаваат остатоци од градежен материјал (речен и кршен камен, варов малтер, тули и имбрекси), како и фрагменти од керамички садови.

Филиповска Г., Србиновски П., 1980, 111-121. (Г.Ф., П.С.)

**Света Троица – Хераклеја**, старохристијанска базилика. На околу 500 m југозападно од централното градско подрачје, на блага падина во атарот на Хераклеја, во 1970 година е изградена црквата Св. Троица, и тоа врз темели на старохристијанска базилика. Во дворното место на црквата има неколку примероци од мермерна декоративна пластика: мено со база, фрагмент од парапетна плоча, капител и др. Веројатно одовде потекнува вотивната плоча посветена на Асклепиј. Постои можност тука да било лоцирано светилиште посветено на Асклепиј, зашто во непосредната близина се наоѓа извор кој денес се смета за лековит. Наодите се сместени во лапидариумот на Хераклеја.
Јанакиевски Т., 1974, 251-254. (Т.Ј.)

**Хераклеја – Heraclea Lynkestis**, градска населба од хеленистичкото време до средниот век.

Основана е кон средината на IV век пред н.е. од страна на Филип II Македонски, како важен стратегиски пункт според Ф. Папазоглу. Остатоците од материјалната култура од хеленистичката фаза на животот археолошки не се доволно истражени.

Кон средината на II век пред н.е. Римјаните ја освоиле Македонија и ја уништиле нејзината политичка моќ, а потоа ја претвориле во провинција и ја поделиле на четири области. И покрај ваквата состојба, Хераклеја, која влегувала во четвртата област, доживеала извесен просперитет. Тоа се должи, пред сè, на изградбата на патот Via Egnatia, на кој Хераклеја била важна станица. За значењето на градот зборува и почесниот натпис од времето на Септимиј Север, во кој на Хераклеја ѝ укажува посебна чест, имено, покрај нејзиното име да се приклучат и царските гентилни имиња.

Хераклеја. – Панорама на античкиот град

Од објекти од римското време во Хераклеја се откриени: портик со почесни и вотивни споменици, терми, театар, а идентификувани се и други објекти во рамките на градските бедеми и надвор од нив.

Во ранохристијанскиот период Хераклеја била епископско седиште. Некои од нејзините епископи се забележени во актите на неколку црковни собири. Така, епископот Евгариј (Euagrius) се споменува во актите на концилот одржан во Сердика во

343 година, епископот Квинтилиј (Quintilius) на собирот во Ефес во 449 година, а епископот Бенигниј (Benignus) во Цариград во 553 година. Од овој период се ансамблите на Малата и Големата базилика, Епископската резиденција, а во фаза на истражување се Гробишната базилика со некропола, надвор од градските бедеми, и фонтаната прилепена до источното крило на сцената на театарот.

Животот во Хераклеја, како и во многу други антички градови, замира кон крајот на VI век. На преминот од VI во VII век, според историските извори, во овие краишта се доселиле словенските племиња, чии гробови се најдени при истражувањето на Гробишната базилика.

## Портик со почесни и вотивни споменици

Тоа е трем со правоаголна основа, делумно откриен, чиј покрив на северната страна се потпирал на ѕид, а на јужната на колонада. Покрај северниот ѕид стоела редица од почесни и вотивни споменици, од кои се откриени три постаменти за статуи со грчки натпис со посвета и две статуи. На првиот постамент од запад, на кој е врежан натписот: „На божицата Немеза (споменикот го подига) Јулија Тертила“, стоела мермерна статуа на Немеза, божицата на правдата и судбината, во природна големина. Ставот, облеката и изгледот во целост оддаваат инспирации карактеристични за првите години на II век. До вториот постамент, на кој е врежан натписот: „Градот (му подига споменик) на Тит Флавиј Орест, двапати првосвештеник и добротвор поради неговата љубов кон овој (град) на предлог на Гај Мариј Клавдиј Влосијан Тресоновиот (син) во времето на политарх Мариј Клавдиј Пулхер“, е откриена мермерна статуа на угледниот граѓанин на Хераклеја Тит Флавиј Орест. На натписното поле на третиот постамент пишува: „На божицата на правдата“, а на горната рамка над натписното поле се врежани два стиха од Хезиодовиот спев „Дела и денови“. Од особено значење за датирањето на овој портик се истражувањата на соседната античка населба Стибера (Styberra), главен град на Дериоп (Derriopes). Во храмот на божицата Тихе во Стибера е откриен натпис на мермерен блок на кој е напишано дека еден од обновувачите на храмот бил Филоксен, синот на Орест, како и датата на обновувањето на храмот ¨ετουσ Δοσ, односно 274 година. Околу него се откриени и две мермерни бисти. На едната од нив, која претставува постар човек, е врежано името ΟΡΕΣΤΗΣ, а на другата со помлад лик, ΦΙΛΟΞΕΝΟΣ. Нема сомнение дека бистата на постариот човек од Стибера и статуата од Хераклеја се претстави на една иста личност – Тит Флавиј Орест. Натписот од Стибера е датиран во 274 година. Ако пресметаме според македонската провинциска ера, ќе ја добиеме 126 година, па и натписот и бистата од овој град би можеле да се датираат кон средината на Хадријановото владеење. Бидејќи на бистата од Стибера Орест изгледа неколку години постар во однос на тоа како е прикажан на статуата од Хераклеја, може да се заклучи дека статуата на Орест во Хераклеја, а со тоа и портикот со целокупниот фонд на споменици, датираат од првите години на Хадријановото владеење.

Хераклеја. – Споменици во портикот од II век.

*Терми*

Источно од ансамблот на Малата базилика е откриена западната половина од терма со следните простории, гледано од исток кон запад:

– сала за капење во ладна вода (frigidarium);
– сала за капење во млака вода (tepidarium);
– сала за капење во топла вода (caldarium);
– три огништа (praefurnium)

Хипокаустот е добиен на тој начин што подот е поставен на столпчиња од тули. Низ неговите шуплини циркулирал топлиот воздух, а чадот од префурниумот излегувал надвор низ шупливи цевки – тубули, вертикално поставени покрај ѕидовите. На овој начин биле затоплувани калдариумот и тепидариумот. Влезот, најчесто и најрепрезентативен дел, кој се очекува на источната страна, сè уште не е откриен. Термата не е публикувана. Најверојатно е изградена во III или IV век, а била во употреба и во доцната антика.

*Театар*

Во Хераклеја, која се наоѓала во сферата на хеленските влијанија, со употреба на грчкиот јазик во времето на римската окупација, е изграден театар според римскиот тип на театарски градби. Овој театар е чисто урбана градба, изградена во централното градско јадро, како дел од урбаната целост, и ја покажува крајната комбинација на практични и репрезентативни идеи на римската театарска архитектура. Изграден е во еден зафат, без адаптации, според однапред одредена концепција, при што дошле до израз вештината и знаењето на неговиот проектант при синтетизирањето на елементите земени од дизајнот на театрите и амфитеатрите. Според тоа, хераклејскиот театар претставува евидентен пример на римската театарска архитектура, кога театрите станале арена на беспоштедни јавни приредби, универзална градба за задоволување на широкиот спектар на вкусови на неговите жители, разнородни по потеклото и различно образовани. Овој театар е изграден во време кога старите театарски градби во Грција и Македонија се „модернизираат“ за агонални претстави. Конструктивните елементи на градбата, карактерот на претставите што се одржувале во него и делот од еден почесен натпис упатуваат на претпоставката дека изградбата на театарот започнала во времето на Хадријан, а бил даден во употреба во времето на Антонин Пиј.

Театарот е лоциран на падината на ридот, непосредно над централното градско јадро, со јужна експозиција, а за неговата изградба максимално е искористена падината на ридот. Прв материјален доказ за постоењето на театарот во Хераклеја е еден коскен тикет со грчка и латинска ознака за четиринаесеттиот ред во гледалиштето (IΔ, XIIII), откриен на акрополот со сондажните истражувања во 1931 година. Втор доказ, кој непобитно го докажал постоењето на театарот, се седиштата секундарно вградени во апсидата на Големата базилика, откриени со истражувањата во периодот 1936-1938 година. Со сондажните истражувања во 1968 година, во подножјето на ридот, непосредно над Големата базилика, практично беше одредена и неговата локација.

Хераклеја. – Остатоци од словенски куќи врз римскиот театар

Театарот во Хераклеја е изграден според пропозициите за римски театри пропишани од Витрувиј. Гледалиштето има полукружна основа со една дијазома од дваесет реда седишта. Во централниот дел на гледалиштето има ложа со почесни места, а од грчкиот натпис на челната страна од првиот ред седишта дознаваме дека тој бил резервиран за претставници на четири општини. Во средишниот дел на надворешниот периметрален ѕид на гледалиштето се откриени остатоци од култен простор посветен на божицата Немеза (Немезион). Оградниот ѕид што ја дели орхестрата од гледалиштето е висок 2,10 m и, заедно со заштитната мрежа над него, служел како сигурна заштитна бариера на гледачите

од разбеснетите животни во орхестрата (конистра). На овој ѕид се откриени и три кафези за животни од кои оној во западното крило има и тунел за доведување на животните од „шталата“ која била во западното крило на сцената. Седиштата се изработени од монолитни мермерни блокови без профилација, а фино се обработени само горната и челната површина. Во театарот се влегувало низ источниот и западниот парадос, а во гледалиштето низ посебни влезови на источната и западната аналема, од каде по зраковидно поставените низи од скалила гледачите се распоредувале во гледалиштето.

Орхестрата била покриена со ситен песок. Пред scaenae frons не се откриени остатоци од пулпитум (бина), што е и логична појава кога се има предвид дека орхестрата служела и како полуарена. Во средишниот дел на орхестрата, при истражувањето на нејзината основа, најнапред се откри кружно петно со пречник од 4,30 m и правоаголен додаток од западната страна, за кое по чистењето се констатира дека е длабоко околу 0,20 m. Имајќи ја предвид повеќекратната намена на хераклејскиот театар, претпоставуваме дека на ова место, за потребите на сценските претстави, се поставувала дрвена монтажна бина. Аналогии за овој мошне значаен податок има кај театарот во Пергамон.

На scaenae frons има три врати од кои по четири скалила се слегува на нивото на орхестрата. Во средишниот дел зад неа има пет простории што служеле за потребите на сценските претстави. Источното крило на сцената било службен влез, а западното служело како „штала“ каде што ги чувале ѕверовите предвидени за програмите. Десетте лачно засводени простории во средишниот дел на јужната фасада на сцената, иако конструктивно му припаѓаат на театарот, не комуницираат со него, туку со просторот јужно од нив, а тоа е секако театарски плоштад или евентуално улица.

Театарот, откако е напуштен за употреба, најверојатно по едиктите на царот Хонориј (404 и 423 г.), со кои биле забранети крвавите гладијаторски борби и претстави со животни, почнал да се затрупува со ерозијата. Terminus ante quem за неговото напуштање од употреба, кога поради настанатите промени ги загубил својата функција, општественото значење и улога, е изградбата на Големата базилика во чија апсида, како што е веќе наведено, се вградени седиштата од театарот.

На местото на веќе напуштениот затрупан и оштетен театар во првата половина на VI век е изградена една микростанбена целост од градби ѕидани со камен и кал, која егзистирала истовремено со монументалните старовизантиски градби од централното градско јадро.

*Базилика А (Мала базилика)*

Оваа градба е делумно откриена со истражувањата пред војната (1936-1938) и притоа е идентификувана како доцноантичка палата, додека нејзиното целосно истражување е извршено во периодот 1960-1964 година, со што се покажа дека се работи за старохристијанска базилика. Наосот со две колонади е поделен на три кораба. На исток завршува со апсида која од внатрешната страна е кружна и содржи триреда супселија, а од надворешната страна е правоаголна. Олтарниот простор е декориран со поден мозаик работен во техниката „opus sectile“ и издвоен со мермерна преграда, а страничните кораби се обложени со подни тули. Западно од наосот се наоѓаат уште две простории кои се во диспропорција со него. Во првата просторија на запад, која комуницира со наосот, се откриени остатоци од кружна писцина со мермерна фијала. Според тоа, оваа просторија била крстилница, а следната на запад катехумениум, со под обложен со мозаик изработен во техниката „opus tessalatum“. По изградбата на комплексот на Големата базилика, споменатата функција на овие две простории веројатно била изменета. По откривањето на ѕидовите, архитектонската пластика и подовите, тие се конзервирани и делумно реконструирани.

*Базилика Ц (Голема базилика)*

Тоа е градба со монументални размери која ги содржи следните простории:

– отворен трем со колонада;

– егзонартекс;

– нартекс;

– трикорабен наос кој на исток завршува со полукружна апсида зајакната со контрафори, што упатува на масивна двокатна конструкција;

– два северни анекса во просторот околу нартексот (протезис и ѓаконикон);

– три јужни анекса од кои два околу олтарниот простор (крстилница со ѕидана писцина и катехумениум) и еден сосема на запад, околу егзонартексот.

Подовите на наведените простории биле обложени со мозаици од извонреден квалитет, изработени во техниката „opus tessalatum“, со геометриски, флорални и зооморфни мотиви. Мозаикот во нартексот, ремек-дело на старохристијанската умет-

ност, е голема композиција, со површина од над 100 m$^2$, идентификувана како претстава на универзумот. Во централниот дел се прикажани медаљон со евхаристична симболика, пехар фланкиран со парови од елени и птици, што се идентификува со Царството небесно. Големиот фриз од дрвја, грмушки, птици и црвеното куче (Кербер) се толкува како симбол на рајот, а животните, ѕверовите и нивниот плен како домен на земјата. Што се однесува до бордурата од 36 октогонални полиња, исполнети со претставници од водната флора и фауна, тие ја симболизираат сферата на водите што го опкружуваат универзумот. Овој мозаик е датиран кон крајот на V век. Мозаиците во јужниот анекс на егзонартексот и во средниот кораб, каде што е зачуван и латински донаторски натпис, се датирани кон средината на V век. На преминот од V во VI век се датирани мозаиците во северниот и јужниот кораб, а мозаиците во крстилницата и катехумениумот – малку подоцна од оние во северните анекси.

Хераклеја. – Мозаик во Големата базилика.

Базиликата Ц е подигната врз постара градба, наречена Базилика Б. За да се прикажат нејзините остатоци, како и темелите од постарите цивилни објекти подигнати во овој простор (градени од камен и кал), поставена е бетонска плоча која е истовремено и носач на подниот мозаик во централниот кораб и заштитен покривач на остатоците од старите археолошки хоризонти. Базиликата Ц била во употреба во V и VI век.

*Епископска резиденција*

Археолошките ископувања на овој објект се вршени во периодот 1970-1975 година, со паралелна конзервација. Откривање и превентива на западното крило како и поопсежни проучувања на објектот, сè уште не се направени. Зградата има трапезоидна форма. Со јужната страна е прилепена до градскиот бедем. Според античката традиција, просториите се распоредени околу централниот двор кој има бунар на средината. Полуксузните одаи се наоѓаат во источното крило, подредени во правец север-југ, и тоа: на јужната страна на апсидалната одаја – триклиниумот, се надоврзуваат просториите 2, 3 и 4, сите обложени со мозаици изведувани во текот на VI век. Меѓу одаите 3 и 4 се наоѓа ходник што води кон источниот влез во резиденцијата. Преку него се комуницирало и со комплексите на базиликите. Со повеќе фази, а можеби и пренамени, овој објект бил во употреба во периодот од IV до VI век.

*Базилика Д*

Се наоѓа во субурбаниот источен дел на Хераклеја. Била подигната врз урнатини од доцноантичкото време, од првата половина на V век. Базиликата е трикорабна, со полукружна апсида и нартекс со пастофорија. Подовите се решени на повеќе начини. Просторот во презвитериумот со олтарниот дел е со мозаици, со претстава на две срни како пијат од кантарос. Подот во централниот кораб е решен со густо редени камења, а јужниот кораб и анексот се поплочени со тули. Во централниот источен дел на презвитериумот, под платформата на чесната трпеза е откриен крстовиден реликвијар издлабен во мермерен блок од античка сполија, во кој биле положени реликвии на еден локален маченик, со кои црквата била осветена. Покрај базиликата се откриени старохристијански гробови и подоцнежни закопи од словенскиот период. Базиликата е датирана во првата половина на VI век.

Dimitsas M. I., 1896, 257-275; Папазоглу Ф., 1954; Папазоглу Ф., 1957; Papazoglu F., 1961, 162-175; Стричевиќ Ѓ.,1961, 35-43; Мачкиќ П., Микулчиќ И., 1961, 45-73; Цветковиќ Томашевиќ Г., 1965, 9-32; Медиќ М., 1965, 35-72; Мадиќ М., 1965а, 67-75; Цветковиќ Томашевиќ Г., 1967, 5-67; Papazoglu F., 1970а, 99-113; Цветковиќ Томашевиќ Г., 1973; Цветковиќ Томашевиќ Г., 1978, 187-204; Манева Е., 1979; Janakievski T., 1982/83; Јанакиевски Т., 1987; Соколовска В., 1987, 32; Манева Е., 1988, 175-186; Манева Е., 1989, 51-64; Алексова Б., 1995, 212-213. (Т.Ј.)

## 10. БРАТИН ДОЛ

**Магарешко Мовче**, пат од римското време. На околу 600 m западно од селото се гледаат остатоци од стар пат – калдрма, особено во нивата на Ѓорѓи Стерјоски. Всушност, тој е дел од античката траса

на патот Via Egnatia, кој доаѓал од Ресен минувајќи под селото Ротино. Траги од патот се најдени и во месноста Црвеник, во нивата на Вангел Наумовски, која лежи во непосредната близина на Братин Дол. (Т.Ј.)

**Св. Спас**, средновековна црква со некропола. Црквата Св. Спас, која се наоѓа во селото, е изградена во 1925-26 година, врз темели од постара црква, ѕидана со камен и варов малтер. Околу неа се најдени гробови поставени во правец исток-запад, ѕидани од ситен камен и покриени со монолитни камени плочи. (Т.Ј.)

**Стари Лозја**, населба од римското време. На околу 500 m северно од селото, на двете страни од патот Битола–Охрид, по површината на нивите се гледаат темели од ѕидови од камен и варов малтер, како и фрагменти од керамички садови и питоси. Најден е еден питос, целосно зачуван, кој е сместен во збирката на Музејот во Битола. Коста Ивановски, жител од ова село, нашол две синџирчиња на кои имало прикачени пари. Наодите не се зачувани. (Т.Ј.)

## 11. БРОД

**Бела Црква**, населба од неолитското време. Се наоѓа во непосредната близина на утоката на Елешка Река во Црна Река. По површините на нивите има множество фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен.
Грбић М., 1954, 114. (Д.С.)

**Браилово**, фортификација од доцноантичкото време.
Грбић М., 1954, 121, 125. (Д.Г.)

**Брод**, населба од римското време.
Грбић М., 1954, 114. (Д.Г.)

**Грдилово**, населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 30. (Д.Г.)

**Сарај**, некропола од железното време. Под селото, на левиот брег на Црна Река, при регулацијата на нејзиното корито во 1954 година била откриена некропола на која во истата година се извршени заштитни ископувања. Гробните конструкции се од сивозелен шкрилец и во облик на циста. Од гробни прилози се најдени керамички садови и накит од бронза кои се чуваат во Музејот во Битола.
Мачкиќ П., Симоска Д., Трбуховиќ В., 1960, 199-208. (Д.С.)

**Џепен**, населба од железното време. Се наоѓа 1,5 km североисточно од селото, на ридот наречен Стрмен Рид, кота 820, кој доминира над долината на Црна Река. На површината на широкото зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

## 12. БРУСНИК

**Илкова Чешма**, населба од римското време. На северниот крај од селото, десно од патот за Битола, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал. (Т.Ј.)

**Манастир Св. Петка**, средновековна црква и некропола. Манастирот се наоѓа на околу 1,5 km западно од селото. Црквата била мала, а меѓу двете светски војни била надоградена. Околу неа се среќаваат траги од некропола. (Т.Ј.)

**Црква Св. Димитрија**, средновековна црква и некропола. Црквата посветена на Св. Димитрија била изградена во времето на Првата светска војна, а обновена во 1930 година. Според исказите на жителите, при корнењето на еден стар костен биле откриени гробови. (Т.Ј.)

## 13. БУДАКОВО

**Арапски Гробишта**, некропола од римското време и средниот век.
Vuli} N., 1937, 22; Mikul~i} I., TIR, 31. (Д.Г.)

**Бурнуица**, населба од римското време. На околу 800 m источно од селото, во нивата на Ставро Трајчевски, при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти ѕидани од камен и кал. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, грамади од градежен материјал, а биле најдени и бакарни пари. Локалитетот зафаќа површина од 1 хектар. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Горно Маало**, населба од римското време и средниот век. Според кажувањето на жителите, на 1 km североисточно од селото се наоѓало старото село. Овде, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, а со орање биле откриени темели од ѕидови ѕидани од камен и кал.
Mikul~i} I., TIR, 31. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Слатин Вир**, викус од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 31. (Д.Г.)

## 14. БУКОВО

**Буковски Манастир**, старохристијанска базилика. Во дворното место на манастирот има повеќе мермерни споменици, и тоа: фрагмент од стебло на столб, прозорско мено вградено во конакот, мермерна база и помало мермерно столпче. Веројатно на оваа локација се наоѓала старохристијанска базилика.
Mikul~i} I., TIR, 32. (Т. Ј.)

**Кутлиште**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 32. (Д.Г.)

**Неолјани**, средновековна населба. Во месноста Дванаесет Кладенци, според кажувањето на жителите, било старото село. По површината се гледаат остатоци од населба. (Т.Ј.)

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. На 2 km западно од селото, кај месноста Мишеа Ливада, се зачувани делови од некропола чии гробови се покриени со големи камени плочи. Видлива е и поголема грамада од камен и друг градежен материјал од средновековната црква. (Т.Ј.)

## 15. БУКРИ

**Букрички Вис**, некропола од железното време. На околу 2 km источно од селото, на источната падина на Букрички Вис, во 1917 година, во времето на Првата светска војна, бил откопан гроб со конструкција од камени плочи – тип циста, со богати прилози (накит од бронза и еден керамички сад). Наодите се чуваат во Народниот музеј во Софија.
Попов Р., 1918. (Д.С.)

**Висок Рид**, населба од енеолитското и бронзеното време. На околу 600 m од јужната страна на селото, на десниот брег на Црна Река има тумба со пречник во основата од 70 m и височина од 3 m. Поголем дел од источната половина на тумбата е оштетен со ерозија од реката. Во 1980 година е извршено сондажно ископување при што во културниот слој се утврдени две фази на живеење, како и неколку нивни интерни потфази, проследени со многубројни фрагменти од керамички садови и орудија од камен, кремен и коска. Постарата е енеолитска, а помладата од бронзеното време. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., 1983, 5-20. (Д.С.)

**Прогон**, некропола од железното време. На околу 200 m северозападно од некогашното село Букри, на гребен издолжен во правец североисток-југозапад, трактористите од ЗИК „Пелагонија“, уште во далечната 1953 година, со орање откриле гробови градени од камени плочи – тип циста и во нив голем број керамички садови, како и еден шлем од бронза. Во 1954 година Народниот музеј од Битола извршил заштитни ископувања.
Мачкиќ П., Симоска Д., 1955, 26-30. (Д.С.)

## 16. ВАШАРЕЈЦА

**Тумба**, населба од доцноантичкото време. На 2 km североисточно од селото, во непосредната близина на Црна Река, при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се монети од Анастасиј кои се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Микулчиќ Г., 1987, 180. (Г.М.)

## 17. ВЕЛУШИНА

**Велушка Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа во непосредната близина на селото Породин, на 400 m од неговата јужна страна и на околу 2 km источно од селото Велушина. Претставува височинка – вештачки подигната тумба што личи на пресечен конус, со елипсовидна основа, поставена во правец исток-запад. Нејзините димензии изнесуваат: 250 m во должина, 150 m во ширина и 0,70 до 5 m во височина. Околниот терен е зарамнет и лежи во југозападниот дел на Пелагониската Котлина. Со оглед на перманентните земјоделски работи, со кои на првите слоеви на тумбата им се нанесени оштетувања, а и заради научниот интерес, во 1971 година се преземени заштитни ископувања кои подоцна, со мали прекини до 1984 година, продолжуваат како систематски. Со овие работи, главно изведени во средиштето на тумбата, е констатиран културен слој од 4 m исполнет со остатоци од живеење распоредени во четири хоризонта, издвоени еден од друг со танки слоеви од насипана земја, хронолошки и културно поврзани. Во сите овие хоризонти се откриени остатоци од урнатини (куќен лепеж) и подови од куќи правоаголни во основата, градени од материјали и на начини карактеристични за неолитските живеалишта, со таа разлика што дрвената граѓа била масивна, а плетот како и да не бил практикуван. Подовите во последните два хоризонта биле од набиена глина, а во првите имале дрвена супструкција. Врз основа на подвижните наоди, а посебно на типолошките карактеристики кај керамиката (облици, орнаментика, техники на украсување), а потоа и кај култната пластика, во хронолшка смисла населбата е сместена во времето на постариот неолит. Стратиграфски најстариот хоризонт (IV) – Велушка тумба I, е од крајот на раниот неолит, хоризонтот III – Велушка тумба II, претставува преодна фаза, додека хоризонтите II и I, односно Велушка тумба III-IV, се од средниот неолит. Во Велушка тумба I грубата керамика е украсувана со барботин-лепенки и повлекувања со прсти, а фината со орнаменти од бела боја (точки, триаголници, полумесечинки, „сигми“ и стрелки) насликани врз сјајна црвена основа. Од култните предмети се среќаваат стилизирани женски статуетки и отворени жртвеници на четири ногалки со апликации во вид на еленска глава. Во Велушка тумба II грубата керамика продолжува со истите облици и орнаменти, а се појавуваат организираниот барботин и украсувањето во импресо-техника. Незначителни се промените и кај фината керамика, со тоа што меѓу старите орнаменти насликани со бела боја се среќаваат уште брановидни ленти, скалесто поставени ленти и неопределени геометриски мотиви. Антропоморфната пластика исто така продолжува, особено отворените жртвеници што асо-

цираат на куќа со покрив на две води и оние со животински апликации. Велушка тумба III и IV, како среднонеолитски, ги имаат речиси истите карактеристики, како во керамиката така и во култната пластика, со таа разлика што орнаментите во т.н. организиран барботин доминираат, а кај сликаната керамика развлечените триаголници и нејасните геометриски мотиви, додека сигмата и орнаментот во облик на буквата З постепено исчезнуваат. Овде, меѓу култната палстика, како замена за отворените жртвеници се појавуваат жртвениците – модели на куќа со покрив на две води и антропоморфен цилиндар. Наодите од овие два хоризонта наполно се идентични со оние од населбата Тумба што се наоѓа на околу 1 km од Породин. Врз основа на резултатите од оваа населба, предложена е нова хронолошка поделба за неолитот во Пелагонија и со оглед на неговите специфичности во материјалната култура е издвоен во посебна културна група наречена велушко-породинска.

Велушка Тумба, с. Велушина. – Сад сликан со бела боја од раниот неолит

Грбић М., 1954, 133; Симоска Д., Санев В., 1975, 25; Gara{anin M., 1979, 107–114; Симоска Д., Санев В., 1976, 31; Симоска Д., 1986, 48; Санев В., 1995, 34–44. (Д.С., В.С.)

**Садеви**, населба од доцноантичкото време. Непосредно до селото, од југоисточната страна, при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се и монети од Јустинијан I кои се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Микулчиќ Г., 1987, 180. (Г.М.)

## 18. ГНЕОТИНО

**Градиште**, утврдена населба од железното време. Лежи источно од селото, на висок рид со зарамнето плато. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1937, 26. (Д.С.)

## 19. ГОРНО ОРЕОВО

**Кале – Марково Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 4 km северозападно од селото, на падините на Баба, на висок рид со зарамнето плато кое зафаќа површина од околу 2 хектара, се гледаат ѕидови градени од камен и варов малтер, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (Т.Ј.)

## 20. ГОРНО СРПЦИ

**Грамадиште,** населба од римското време. Во Цапарско поле, кое се наоѓа на 1 km јужно од селото, се откриени остатоци од светилиште посветено на Фортуна Серапис. Со сондажните истражувања во 1971 година се откриени бронзени статуети на Серапис, Фортуна, Изида Фортуна и Херакле и монети. Во дворот на Илија Андоновски, од овој локалитет се чуваат повеќе мермерни сполии, меѓу кои и една мермерна ара со грчки натпис, прилично оштетена. Можеби локалитетот Градиште е античкиот град Микеа – станица на патот Via Eignatia. Наодите се чуваат во селото Горно Српци и во Заводот и музеј во Битола.
Јанакиевски Т., 1966, 259-261; Јанакиевски Т., 1976, 189-204. (Т.Ј.)

## 21. ГОРНО ЧАРЛИЈА

**Ограѓе**, населба и некропола од доцноантичкото време. На околу 100 m јужно од селото, на површина од околу 1 хектар, при обработувањето на земјата се откриени фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Според исказите на Митко Трајковски, овде било најдено земјено сатче околу кое имало јагленчиња. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тумба**, населба од неолитското време. На околу 500 m западно од селото, во рамнината се издигаат две помали тумби на кои се среќаваат фрагменти од керамички садови, а според кажувањето на жителите, биле најдени и монети. (Д.С., Т.Ј., Г.Ф.)

## 22. ГРАДЕШНИЦА

**Вакафско Место**, некропола од хеленистичкото време. Во правецот на античката населба Кале, на јужната падина над селото, во нивите се откриени

повеќе гробови, а во нив гробни прилози: теракоти, златен накит, една ситула и др. Денес се гледаат гробови покриени со монолитни камени плочи од шкрилец, од кои на една има грчки натпис. На оваа локација, во поново време, е изградена црквата Св. Никола. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Белград, во Музејот на Македонија во Скопје и во Заводот и музеј во Битола.
Вулиќ Н., 1931, 22; Грбиќ М., 1954, 113; Проева Н., Рицл М., 1983, 37-38. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Кале**, утврдена населба од хеленистичкото, римското и доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 300 m југозападно од селото, на височинка со стрмни падини која има зарамнета тераса опкружена со одбранбени ѕидови, покриени со насип од земја. Внатре се гледаат остатоци од ѕидови на објекти, а по површината има фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и множество градежен материјал. Најден е голем број монети од времето на Филип V, Персеј, Октавијан, Тибериј, Антонин Пиј, Константин I, Констанциј II, Јустин I и Јустинијан I. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Грбиќ М., 1954, 113; Mikul~i} I., TIR, 60; Микулчиќ Г., 1987, 180. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Маркоица**, некропола од римското време. Се наоѓа на блага падина во непосредната близина на селото. Овде селаните открилe повеќе гробови градени од камени плочи. На една плоча, која се чува во Заводот и музеј во Битола, има грчки натпис.
Вулиќ Н., 1931, 32; Папазоглу Ф., 1961, 31; Mikul~i} I., TIR, 60; Проева Н., Рицл М., 1983, 37-38. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 23. ДАЛБЕГОВЦИ

**Батаци**, некропола од римското време. На околу 1,5 km југоисточно од селото, при обработувањето на земјата се откриени камени плочи и тегули од гробни конструкции. (Т.Ј., Г.Ф.)
**Калајџица – Слатина**, населба и некропола од римското време. На околу 500 m југоисточно од селото, на површина од 4 хектари, при обработувањето на нивите се откриени тегули, четвртести тули, темели од објекти градени од камен и кал, а исто така и гробови. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тумба**, населба од римското време. На околу 700 m источно од селото и на околу 200 m од училиштето, на блага височинка има темели од ѕидови откриени со обработувањето на земјата, а по површината фрагменти од керамички садови, тегули, рачни мелници и друго. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 24. ДЕДЕБАЛЦИ

**Арматуш**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 2,5 km источно од селото, во блокот на ЗИК „Пелагонија“. Со обработувањето на земјата се откриени фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Градиште**, населба и некропола од римското време. На падините на Селечка Планина, оддалечени 1 km источно од селото, во блокот на ЗИК „Пелагонија”, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и големо количество градежен материјал. Откриени се и камени плочи од гробни конструкции. Локалитетот зафаќа простор од околу 1 хектар. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Лудеј**, населба и некропола од доцноантичкото време. На околу 2 km од селото, на падините на Селечка Планина, во блокот на ЗИК „Пелагонија“ се откриени камени плочи од гробни конструкции, а по површината има фрагменти од керамички садови, тегули, тули и друг градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Ритче**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1,5 km југоисточно од селото, на падините на Селечка Планина обраснати со трева. На површината има фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Во непосредната близина има столб од камен долг 2,5 m, забиен во земјата, а источно од него, во карпите има вдлабнатини за поставување на дрвени столбови. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тумба**, населба од неолитското време. Во рамнината, на околу 500 m западно од селото, се издигаат две височинки – тумби со помали димензии, на кои по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

**Широка Падина**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1.200 m јужно од селото Путурус и на околу 1.400 m од селото Дедебалци. Во блокот на ЗИК „Пелагонија“ по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, тули и градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Шупуро**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 300 m од селото, во нивите на ЗИК „Пелагонија“. Со обработувањето на земјата се откриени фрагменти од керамички садови, тегули, тули и градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 25. ДИХОВО

**Братиндолска Река**, населба од римското време. Сместена е лево од патот Битола-Ресен (стариот пат), во нивата на Т. Димевски. Со обработувањето на земјата се откриени фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал.

(Т.Ј.)

**Варвара**, средновековна некропола. На источната периферија на селото, во месноста Лековита Вода се откриени камени плочи од гробни конструкции, а најдени се и крстови од камен. (Т.Ј.)

**Ограѓе**, населба и некропола од римското време. На околу 500 m источно од задружниот дом е откриен гроб ѕидан од тули поврзани со варов малтер. Исто така се откриени и ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. По површината на теренот се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (Т.Ј.)

**Св. Недела**, средновековна црква и некропола. Во непосредната близина на мостот за Битола се наоѓа мало црквиче, а околу него остатоци од некропола. Местото се смета за вакафско. (Т.Ј.)

## 26. ДОБРОВЕНИ

**Старо Село**, населба од римското време. Сместена е на десната страна на Староселска Река, во нивата на Тодор Неделков. По орање, на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Т.Ј.)

## 27. ДОБРОМИРИ

**Арапски Гробишта**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 1 km северно од селото и на околу 400 m источно од Црна Река, на мала височинка со зарамнето плато. По површината на нивите се среќаваат множество фрагменти од керамички садови и куќен лепеж, а во самиот центар на локалитетот има неколку камени плочи што се поставени вертикално. (Д.С.)

**Голема Тумба**, населба од неолитското време. На 1,5 km северно од селото, во непосредната близина на старото корито на Црна Река, од неговата лева страна се издига тумба висока 3 m која има неправилна кружна основа со димензии од 210 x 100 m. Со интензивните земјоделски работи нејзиниот првобитен облик е прилично нарушен. Во 1977 година е извршено пробно ископување при што се констатирани два хоризонта на живеење од времето на средниот неолит, односно од велушко-породинската културна група. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 40; Симоска Д., 1978, 14. (Д.С.)

Голема Тумба, с. Добромири. – Жртвеник – модел на куќа од средниот неолит

**Горна Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 1 km северно од селото и на околу 300 m западно од патот за селото Агларци. Претставува блага височинка со димензии од 80 x 150 m на која се сместени современите селски гробишта. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1937, 25. (Д.С.)

## 28. ДОБРУШЕВО

**Ерековски Ливади**, населба од римското време. На околу 1 km северозападно од селото, при обработувањето на земјата се наоѓаат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Т.Ј.)

**Плочи**, населба од римското време. На 1 km северно од селото при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти градени од камен и варов малтер, а по површината се среќава множество фрагменти од керамички садови, тегули и друг градежен материјал. (Т.Ј.)

**Селиште**, средновековна некропола. На 1 km северно од селото, според кажувањата на жителите, се наоѓало старото село. Овде се гледаат грамади од градежен материјал, веројатно од црква, а во непосредната близина има гробови градени од камени плочи. Жителите наоѓале прстени. (Т.Ј.)

## 29. ДОЛЕНЦИ

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 500 m јужно од селото, лево од патот за Кажани, на висок рид со зарамнето плато има остатоци од тврдина, правоаголна во основата, од која северната и јужната страна се зачувани во должина од 125 m, а источната и западната од 120 m. На сре-

дината на источната страна на тврдината има порта широка 3,30 m. По една мала кула имало на секој агол и по три кули на средината на секоја страна. Кулите се со полукружен облик, освен источната. Тврдината е градена од кршен камен и варов малтер. Во 1928 година Н. Вулиќ извршил мали сондажни ископувања при што констатирал дека ѕидовите се зачувани во височина до два метри. При последниот увид на теренот можеше да се констатира дека тврдината е доста оштетена со вадење на камен од страна на жителите.
Вулић Н., 1931, 22; Грбић М., 1954, 119. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Старо Село**, средновековна црква и некропола. На околу 700 m северозападно од селото, на блага падина од десната страна на стариот пат за селото Гопеш се гледаат темели од црква. Според кажувањата на жителите, при обработувањето на земјата биле наоѓани гробови од камени плочи. Црквата е посветена на св. Ѓорѓија. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Суви Ливади**, старохристијанска базилика. Во Цапарско поле, на околу 500 m источно од селото, при подготвувањето на теренот за овошни насади биле откриени остатоци од темели на старохристијанска базилика. Со заштитните ископувања во 1970-72 година е утврдено дека се работи за трикорабна базилика, со нартекс и по еден анекс на северната и на јужната страна. Во централниот кораб има мозаичен под со геометриски и зооморфни мотиви и грчки натпис.
Јанакиевски Т., 1978, 67-75. (Т.Ј.)

## 30. ДОЛНО АГЛАРЦИ

**Долна Тумба**, населба од неолитското време. Сместена е во рамнината оддалечена околу 700 m западно од селото и на 500 m источно од Црна Река. На површината има многубројни фрагменти од неолитска керамика. (Д.С.)

**Смаилица**, средновековна населба и некропола. На 1 km северно од селото, во нивата на Лазо Петревски, при обработувањето на земјата се откриени керамички садови и ѕидови градени од камен и кал. Исто така, била откриена и плоча на која имало врежан крст. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тумба**, средновековна некропола. На оддалеченост од околу 250 m западно од селото, на блага височинка што зафаќа површина од околу 2.000 $м^2$, на самиот врв има исправен камен висок 1,25 m и широк 0,37 m. На едната страна на каменот има вдлабена ниша во која се наоѓа релјефно обработен крст. На горниот крај на крстот, лево и десно се врежани по еден мал крст со димензии 0,08 x 0,08 m. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тумба Гробишта**, населба од бронзеното време. Лежи на 500 m северно од селото и на околу 700 m источно од Црна Река. На површината што зафаќа простор од 50 x 70 m се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови. Во центарот на тумбата има плоча, вертикално забиена, со димензии од 1,25 x 0,33 x 0,21 m, на која на едната страна е врежан крст. Над крстот има полукруг, а лево и десно по едно мало крвче, а под нив правоаголна вдлабена површина и во неа врежан крст. (Д.С.)

## 31. ДОЛНО ОРЕХОВО

**Прогон**, населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 46. (Д.Г.)

**Ќерамидница**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1 km северозападно од селото, на самата граница со сегашното акумулационо езеро. Овде, во 1977 и 1979 година, Заводот и музеј од Битола вршел заштитно сондажно истражување, при што се откриени остатоци од објекти градени од камен и кал и дворно место поплочено со камени плочи. Од откриениот подвижен материјал значајни се бронзените монети од III и IV век и фрагментите од керамички садови со претстава на Изида Фортуна.
Јанакиевски Т., 1979, 75-82. (Т.Ј.)

## 32. ДОЛНО ОРИЗАРИ

**Герамидница**, населба од бронзеното и доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 800 m јужно од селото. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж и фрагменти од римски тули и покривни ќерамиди. Според исказите на жителите, биле пронајдени повеќе археолошки предмети. (Т.Ј.)

**Св. Петка**, средновековна црква. Месноста се почитува како вакафска, а водата од изворот како лековита. Денес на ова место е подигната новата црква Св. Петка. (Т.Ј.)

## 33. ДОЛНО СРПЦИ

**Бели Камења**, некропола од римското време. Во нивата на Тодор Галевски била откриена мермерна плоча со натпис, која не е зачувана. (Т.Ј.)

**Селиште**, населба од хеленистичкото време. На околу 4 km западно од селото по површината се среќаваат грамади од градежен материјал, обраснати со вегетација. Овде Ѓорѓи Гелевски нашол три македонски монети од бронза од кои едната добро зачувана. Монетите се сопственост на наоѓачот. (Т.Ј.)

**Црква Св. Арангел**, старохристијанска базилика. Според остатоците од архитектонска пластика, црквата била подигната врз темели на постар објект. Пред влезот, од јужната страна има столб и профилирана

база изработени од мермер, а околу самата црква гробови покриени со камени плочи. (Т.Ј.)

**Црква Св. Тодор**, старохристијанска базилика. Црквата е подигната врз стари темели, можеби од базилика, на што упатуваат базите и стеблата од столбови присутни во дворното место околу црквата. (Т.Ј.)

## 34. ДОЛНО ЧАРЛИЈА

**Во селото**, осамени наоди од римското време. Во селските куќи и дворови се чуваат повеќе мермерни споменици, и тоа: во куќата на Душан Вртковски има мермерен блок со правоаголна форма, а во дворот на Панде Јаневски два мермерни столба и мермерно корито. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тумба**, населба од бронзеното време. На северната периферија на селото, во рамнината се издига висока тумба со пречник од 80 x 90 m, во чија основа спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1937, 22. (Д.С.)

**Црква Св. Димитрија**, осамен наод од римското време. Во олтарот на црквата, чесната трпеза е направена од мермерна ара врз која е поставена мермерна плоча. Внатре, во југоисточното ќоше на црквата е вграден фрагмент од мермер, на јужниот влез има мермерен блок поставен како праг, а во југозападното ќоше од надворешната страна се вградени уште два мермерни блока. Потеклото на овие сполии не е познато. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Чарлиски Тумби**, населба од неолитското време. На околу 3 km западно од селото, во непосредната близина на селскиот пат за Беранци се наоѓаат три помали тумби. Првата има пречник од околу 60 m и височина од 1,30 m, втората е со пречник од 35 m и височина од 1,50 m, а третата тумба е со пречник од 30 m и височина од 1,40 m. По површината на сите три тумби се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

## 35. ДРАГАРИНО

**Градски Пат – Стари Лозја**, населба од хеленистичкото и римското време. Се наоѓа на 300 m источно од селото. По површината на нивите има мноштво фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, тули и друг градежен материјал. Оттука потекнуваат монети од бронза (Коинон Македонон), а според кажувањето на Вангел Размовски, најдени се бронзени монети од хеленистичкото време, како и белезици од бронза со краеви што завршуваат во форма на змиска глава. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Т.Ј.)

**Коловозник – Кула**, средновековна црква и некропола. На зарамнетото плато од малата височинка, што се наоѓа на 1 km западно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал, веројатно остатоци од еднокорабна црква. Исто така, се гледаат и гробови покриени со по една голема плоча од камен, ориентирани во правец исток-запад. (Т.Ј.)

## 36. ДРАГОЖАНИ

**Вакафски Ледиње**, средновековна црква. На околу 2 km западно од селото, според кажувањето на жителите, се вадени камења од урната црква која била долга 7–8 m. По површината на теренот има грамади од градежен материјал. (Т.Ј.)

**Во селото – Ледиње**, средновековна некропола. Во самото село, на мала височинка има остатоци од некропола. Гробовите се покриени со монолитни камени плочи долги 2 m. (Т.Ј.)

**Губерница**, средновековна населба. Се наоѓа југозападно од селото, на оддалеченост од околу 4 km. Видливи се гробови градени од камен, покриени со камени плочи, со ориентација исток-запад. (Т.Ј.)

**Дабички**, средновековна црква. Според кажувањата на жителите, на западната периферија на селото имало црква, но сега се гледа само голема грамада од градежен материјал. (Т.Ј.)

**Дабје**, средновековна некропола. На 3,5 km југоисточно од селото се гледаат гробови покриени со камени плочи, со ориентација исток-запад. (Т.Ј.)

**Кочишта**, средновековна населба со црква и некропола. На околу 4 km југозападно од селото, на доминантен рид била старата локација на селото кое, според кажувањето, било запалено од Турците. Освен населба, овде има и остатоци од црква, а видливи се и гробови покриени со камени плочи, ориентирани во правец исток-запад. (Т.Ј.)

**Поројница**, населба од римското време. На околу 1 km западно од селото, на падините на ридот се среќаваат доста фрагменти од керамички садови со сива и црвена фактура, парчиња од тули и покривни ќерамиди. Според кажувањата на жителите, биле најдени и питоси. (Т.Ј.)

## 37. ДРАГОШ

**Ластојца**, некропола од железното време (III). Лежи на блага падина оддалечена околу 700 m источно од селото, непосредно до патот Битола-Драгош-Лерин, а близу до мостот на Драгошка Река. Во 1958 година е откриен гроб граден од монолитни камени плочи – тип циста, во кој е најден керамички сад.
Симоска Д., Санев В., 1976, 58. (Д.С.)

## 38. ДРЕВЕНИК

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. Се наоѓа високо во планинскиот масив, на околу 5 km северно од селото. Видливи се остатоци од одбранбен ѕид, а по површината се среќаваат грамади од градежен материјал. (Т.Ј.)

**Чагорско Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 5 km јужно од селото, високо во планинскиот масив се гледаат остатоци од одбранбени ѕидови, а по површината се среќаваат фрагменти од тули, ќерамиди, питоси и градежен материјал. (Т.Ј.)

## 39. ЃАВАТО

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 3-4 km западно од селото се среќаваат траги од одбранбен ѕид од кале кое најверојатно било дел од одбранбениот систем што го обезбедувал преминот и е во непосредна врска со тврдините кај селата Доленци, Лера и Стрежево. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Богородица**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на југоисточната периферија на селото. При изградбата на селскиот пат, источно од црквата се откриени гробови градени од тегули, на две води. Во тремот на црквата се вградени повеќе антички тули. (Т.Ј.)

**Старо Село**, средновековна населба. На околу 3 km југозападно од селото се гледаат остатоци од стара селска населба. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 40. ЖАБЕНИ

**Старо Село**, населба од неолитското време. На околу 1 km северно од селото, веднаш покрај патот Битола-Лерин, од неговата источна страна, во рамнината се издига тумба со неправилна кружна основа од 200 x 220 m. Со земјоделските работи горните слоеви се испревртени така што на површината се среќава множество фрагменти од керамички садови и куќен лепеж.
Грбиħ М., 1954, 113. (Д.С.)

## 41. ЖИВОЈНО

**Бел Камен (Бели Каменови)**, некропола од железното време. Во 1956 година Драган Ташковски во својата нива откопал две гробници – цисти. Нивата се наоѓа на една пространа падина која постепено се спушта кон малата река Здравица, а е оддалечена 1,5 km јужно од селото и недалеку од границата со Грција. Истата година е извршено заштитно ископување (Б. Јосифовска) при што е откриен уште еден гроб со прилози од керамички садови, копје и нож од железо и накит од бронза. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1963, 287; Mikul~i} I., TIR, 136. (Б.Ј.)

**Влаку**, населба од неолитското време. На зарамнетата тераса, оддалечена 1 km јужно од селото, која косо се спушта кон север, се среќаваат фрагменти од керамички садови. Во 1972 година е извршено пробно сондажно ископување. По површината има повеќе вдлабнувања настанати од пропаѓање на земјата поради присуство на рударски окна за копање на јаглен. Наодите се наоѓаат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 37. (Д.С.)

**Градиште**, утврдена населба од раноантичкото време (архајски период), доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа 1,5 km југоисточно од селото, на доминантниот рид Забрдо. Има зарамнето плато, со простор од 2 хектари, оградено со одбранбен ѕид. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Најдени се и монети од Јустин I, Јустинијан I и постари. Во средниот век градиштето било повторно населено.
Јосифовска Б., 1963; Mikul~i} I., TIR, 136; Микулчиќ Г., 1987, 180. (Б.Ј.)

**Дабица**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 1 km јужно од селото и на околу 500 m оддалеченост од локалитетот Влаку. По површината на нивите има фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Д.С.)

**Кералот**, некропола од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 136. (Д.Г.)

**Саат Тумба**, некропола од римското време.
Вулиħ Н., 1933, 13, 19, 20; Грбиħ М., 1954, 121; Mikul~i} I., TIR, 136. (Д.Г.)

**Црква Св. Илија**, осамени наоди од римското време. Од јужната страна пред урнатата црква се наоѓа мермерен споменик во вид на касета, орнаментиран со акантова розета, сместена во рамка со форма на ромб.
Јосифовска Б., 1963, 288. (Б.Ј.)

## 42. ЗЛОКУЌАНИ

**Сртот**, утврдена населба од железното време. Се наоѓа на околу 1 km северно од селото, на долг гребен, издолжен во правец североисток-југозапад, кој е дел од највисокиот врв на планинскиот масив Неолица. Видливи се остатоци од трасата на одбранбениот ѕид на населбата. По површината наместа се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

## 43. ЗОВИЌ

**Марта**, некропола од железното време (I). Во 1963 година, при обиколка на теренот биле затекнати два скоро отворени гробови од масивни монолитни плочи – цисти. Во едниот гроб е најден сад со боени орнаменти, а во другиот дел од железно копје.
Mikul~i} I., 1966; Симоска Д., Санев В., 1976, 54. (Д.С.)

**Тумба Чебрен**, утврдена населба од римското и доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 3 km западно од с. Зовиќ, на падините на ритчето Марта, на височинка со надморска височина од околу 550 m. Највисокиот дел од височинката е заграден со одбранбени ѕидови, со простор од 700 $m^2$ кој ја означува населбата од римскиот период. Населбата од доцноантичкото време зафаќа простор од 2,4 хектари и е оградена со импозантни одбранбени ѕидови од јужната страна. Егзистирала сѐ до паѓањето под турска власт, по што е сведена на манастирски комплекс, ограден од трет ѕид кој само се насетува на теренот.



Тумба Чебрен, с. Зовиќ. – Утврдена населба од римското и доцноантичкото време

Во неговите рамки се населбата, манастирот Св. Димитар и црквата Св. Спас. Целиот комплекс зафаќа површина од 27 хектари, која од три страни (јужната, западната и северната) е заокружена со Црна Река. (Н.П.П.)

## 44. ИВАЊЕВЦИ

**Тумба**, населба од неолитското време. Лежи северно од селото, во рамнината. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1937, 27. (Д.С.)

**Црква Св. Ѓорѓи**, осамени наоди од римското и доцноримското време и средниот век. Црквата Св. Ѓорѓи е изградена во 1847 г. Според кажувањето на жителите, старата црква била на местото каде што сега се наоѓа училиштето. Во дворното место на црквата има повеќе мермерни споменици, и тоа: капител, ара и две стебла од столбови од кои едното е со натпис. (Т.Ј.)

## 45. КАЖАНИ

**Студена Чешма – Јашарова Кула**, населба од римското време. На околу 2 km западно од селото, на височинка карактеристична по белата земја, при - обработувањето на нивите се откриени остатоци од населба (фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал). (Т.Ј., Г.Ф.)

## 46. КАНИНО

**Тумба**, населба од бронзеното време. Се наоѓа на 2,5 km источно од селото и на околу 500 m од патот Битола-Породин-Драгош, во нивите северно од Породин. Претставува височинка издолжена во основата, со димензии од 200 x 160 m и височина од 0,50 во западниот до 3,00 m во источниот дел. Со обработувањето на земјата горните слоеви се оштетени. Во 1972 година Заводот и музеј од Битола извршил заштитно ископување. Во културниот слој дебел 3 m се утврдени неколку фази на живеење од средното бронзено време, проследени со многубројни керамички садови и други археолошки предмети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 51. (Д.С.)

## 47. КАРАМАНИ

**Тумба**, населба од неолитското, енеолитското и бронзеното време. Се наоѓа на околу 1,5 km источно од селото и на околу 2 km јужно од селото Трн, покрај десниот брег на реката Драгор. Во основата има пречник од околу 250 m и зачувана височина од 6 m. Тумбата е делумно оштетена уште во Првата светска војна со копање на војнички ровови и бункери. Во археолошката литература е позната од 1938 г. со рекогносцирањата што ги извршил W. A. Heurtley. По површината на тумбата се среќаваат множество фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. Во текот на 1974 г. се извршени археолошки ископувања при што е констатирана повеќеслојна стратиграфија со 4 хоризонти на живеење, од кои два неолитски и по еден од енеолитското и ранобронзеното време. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Heurtley 1939, 198; Симоска Д., Санев В., 1976, 39; Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј., 1977, 9-25. (Д.С.)

**Ќосеица – Бари**, населба од римското време. На 1 km северно од црквата, во нивата на Вангел Велковски, која зафаќа површина од 2 хектари, при обработувањето на земјата се откриени ѕидови – едни градени од камен и кал, а други од камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од

керамички садови, тегули и друг градежен материјал. Откриени се и остатоци од фурна ѕидана од камен и тули. (Т.Ј.)

## 48. КРАВАРИ

**Жеждево**, населба од доцноантичкото време. Североисточно од селото, под петтиот канал, при обработувањето на земјата се откриени остатоци од населба, и тоа фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, тули и множество градежен материјал. (Т.Ј.)

**Тумба**, населба од неолитското време. Подигната е во рамнината североисточно од селото. Со земјоделските работи таа е развлечена и има неправилна кружна основа. По површината се гледаат множество фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

**Тумба – Старо Село**, населба од неолитското, енеолитското и бронзеното време. Се наоѓа на околу 800 m источно од центарот на селото, а лево од современиот пат Битола-грчка граница. Има развлечена неправилна кружна основа и височина до 2 m. Во поново време во центарот на тумбата е подигната црквата Св. Богородица и околу неа гробишта. На источниот крај е пресечена со железничката пруга Битола-Лерин. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а најдени се калап од камен за леење на секири и секира од бакар со едно сечило. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Vuli} N., 1937, 27; Симоска Д., Санев В., 1976, 48. (Д.С.)

**Црна Земја**, населба од доцноантичкото време. На околу 200 m источно од црквата (покрај пругата), по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и покривни ќерамиди. (Т.Ј.)
**Чукут**, некропола од доцноантичкото време. На околу 500 m западно од селото, при обработувањето на земјата, жителите откриле гробови градени од камен, покриени со големи камени плочи. (Т.Ј.)

## 49. КРЕМЕНИЦА

**Тумба**, неолитска населба. Лежи во непосредната близина на селото и со трасирањето на пругата Битола-Лерин е пресечена на две половини. По површината има фрагменти од керамички садови. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Д.С.)

## 50. КРКЛИНО

**Врчва**, средновековна населба. Се наоѓа кај трафостаницата, на југоисточната периферија на селото. Според сопствените кажувања, Вељо Дејкоски при обработувањето на земјата открил питоси, рачна мелница, ќерамиди, фрагменти од керамички садови, како и темели од ѕидови ѕидани од камен и кал. (Т.Ј.)

**Крклино**, случаен наод од железното време I. Во 1957 година од претпријатието „Отпад“ во Битола е откупен меч од бронза од типот „Erbenhein“, кој потекнува од непознато наоѓалиште во атарот на селото.
Симоска Д., Санев В., 1976, 53. (Д.С.)

**Крклински Ливади – Под Ливаѓе**, населба од римското време. Североисточно од селото, а јужно од „Макпетрол“, по површините на нивите има множество фрагменти од керамички садови, римски тули и ќерамиди. (Т.Ј.)

**Падарница**, некропола од римското време. На околу 200 m јужно од селото, при обработувањето на земјата се откриени гробови со конструкција од големи тегули. (Т.Ј.)

## 51. КРСТОАР

**Грамаѓе**, средновековна населба. На границата на атарите меѓу селата Крстоар и Бистрица при обработувањето на земјата се откриени остатоци од темели на куќи градени од камен и кал. По површината се среќаваат фрагменти од питоси, керамички садови и градежен материјал. (Т.Ј.)

**Мирои Орници**, старохристијанска базилика. На околу 300 m северозападно од манастирот Кристофор, војската при копање на ровови во 1954 година открила објект со мозаичен под. Објектот бил ѕидан од камен и варов малтер. Денес по површината на просторот има фрагменти од покривни ќерамиди, тули и друг градежен материјал, а зачуван е и еден довратник од мермер. Според исказите на жителите, одовде потекнува камената пластика (делови од мермерен саркофаг, мермерен столб и др.) што се наоѓа кај манастирот. (Т.Ј.)

## 52. КУКУРЕЧАНИ

**Кула – Рамнина**, средновековна црква. Околу 1 km југозападно од селото, на падините на планината се гледаат грамади од градежен материјал, а делумно и темели од ѕидови. Според едно предание, овде имало манастир. (Т.Ј.)

**Магловска Нива**, населба од неолитското и римското време. Лежи на 1 km северно од селото. Била во облик на тумба која со интензивното обработување на земјата делумно е нарушена. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж, тегули и друг градежен материјал. (Т.Ј.)

**Тумба**, населба од неолитското и римското време. Источно од селото, на левата страна од патот за селото Карамани, кај месноста Средни Ливади, се издига блага височинка што доминира над околниот терен. Овде, при земјоделските работи жителите пронаоѓале куќен лепеж, покривни ќерамиди и множество фрагменти од неолитски и римски керамички садови. (Т.Ј.)

**Тумба во селото**, неолитска населба и средновековна некропола. Се наоѓа во центарот на селото, на местото на Домот. Во времето на неговата изградба таа е целосно уништена и, според информациите од селаните, биле исфрлени парчиња од куќен лепеж, многубројни фрагменти од керамички садови и биле растурени повеќе гробови градени од камени плочи. (Т.Ј.)

## 53. ЛАЖЕЦ

**Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на североисточната периферија на селото, во ливадите покрај брегот на Лажовска Река. Делумно е оштетена при копање на ровови и скривници во времето на Првата светска војна, па така во основата има пречник од 40 x 40 m и височина од 2,20 m. На површината се гледаат фрагменти од керамички садови и куќен лепеж. (Д.С.)

## 54. ЛЕРА

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. Западно од селото, на блага височинка со надморска височина од 810 m, на левиот брег на реката Шемница се гледаат контурите на одбранбениот бедем обраснати со вегетација. По површината се среќаваат доста фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Калето зафаќа површина од околу 1 хектар, а претставува дел од одбранбениот систем поврзан со калињата во селата Доленци и Стрежево.
Грбић М., 1954, 120; Mikul~i} I., TIR, 78. (Т.Ј., Г.Ф.)

Кале, с. Лера. – Утврдена населба од доцноантичкото време (И.М.)

**Калуѓери**, средновековна населба. На 1 km североисточно од селото, на падините на планината, а на десниот брег на реката Шемница, при изградбата на шумскиот пат се откриени два питоса. По површината има грамади од градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Кора – Тумба – Анови – Трла**, населба од доцноантичкото време. На северните падини на локалитетот Кале, по површината има многубројни фрагменти од керамички садови, делкани блокови од бигор, а според кажувањето на жителите, овде биле наоѓани и монети. Во нивите на Тодор и Киро Герасимовски се откриени ѕидови градени од камен со варов малтер. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 55. ЛИСОЛАЈ

**Црнобучки Рид**, населба од римското време.
Грбић М., 1954, 120. (Д.Г.)

## 56. ЛОГОВАРДИ

**Бресје**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 1,5 km источно од селото, во непосредната близина на Црна Река. Има облик на тумба, со димензии во основата од 70 x 50 m и зачувана височина од 2–2,5 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и куќен лепеж. (Д.С.)

**Голема Тумба**, населба од бронзеното време. Лежи на источниот крај на селото, помеѓу улиците „Стив

Наумов“ и „Кајмакчаланска“. Со изградбата на селскиот пат тумбата е оштетена на источната страна. И покрај тоа, поради обликот и димензиите, таа изгледа импозантно. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1937, 32. (Д.С.)

**Мала Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на местото каде што е подигнат трансформаторот во селото. Во основата има пречник од 50 m и височина од 1,5 m. Со градежните работи горните слоеви се оштетени, со што се нарушени првобитниот изглед и димензии. Денес на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, орудија од камен и сл. (Д.С.)

## 57. ЛОПАТИЦА

**Во селото**, осамен објект од римското време. На околу 100 m јужно од црквата Св. Богородица се откриени мермерни блокови кои сега се наоѓаат во дворот на Цвета Андреевска, и тоа дел од столб, база и стела. Еден мермерен столб е сместен во дворот на црквата. Според исказите на жителите, овде бил откриен дел од објект со сводеста конструкција, граден од четвртести тули поврзани со варов малтер. (Т.Ј.)

**Долни Леоник**, средновековна црква. На околу 1 km југозападно од селото има грамада од градежен камен. Според преданијата, на ова место бил манастирот Св. Пантелеј. (Т.Ј.)

**Калуѓери**, средновековна црква. На 2 km североисточно од селото, на падините на Бигла, според кажувањата на жителите, имало манастир. На теренот се гледаат грамади од камења и градежен материјал, а најдена е и стрела долга 10 см. Наодот се чува кај Доне Шатев од селото. (Т.Ј.)

**Коритница**, некропола од римското време. На околу 1 km источно од селото со орањето на земјата биле откриени гробови од типот „на две води“ градени од големи тегули. (Т.Ј.)

**Ограда**, населба од доцноантичкото време. Сместена е на крајот од долината, во непосредната близина на патот Битола-Демир Хисар. Со обработувањето на земјата жителите откриле темели од објекти, а на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се и монети од Анастасиј, Јустин I и постари, кои се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Вулиħ Н., 1931, 29; Грбиħ М., 1954, 120; Mikul~i} I., TIR, 80; Микулчиќ Г., 1987, 180. (Г.М.)

## 58. МАКОВО

**Римски Гробишта**, населба и некропола од доцноантичкото време.
Vuli} N., 1937, 29; Mikul~i} I., TIR, 83. (Д.Г.)

**Старомаковски Дол**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 83. (Д.Г.)

## 59. МАЛОВИШТЕ

**Маркова Кула**, утврдена населба од железното време. На околу 3 km северозападно од селото, на рамнината на стрмниот рид Вртешка сместен во падините на Пелистер се гледаат остатоци од помала утврдена населба, а по површината фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

**Попова Нива**, средновековна населба. Во непосредната близина на шталите, оддалечени 1,5 km југозападно од селото Кажани, десно од патот за селото Маловиште, при обработувањето на земјата биле откриени темели од ѕидови, а по површината се среќаваат фрагменти од тули, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Т.Ј.)

## 60. МЕЏИТЛИЈА

**Тумба (во селото)**, населба од бронзеното време. Во селото, во непосредната близина на киселата вода се издига импозантна тумба со пречник од околу 80 m и височина од 4,5 до 5 m, на која, во поново време, во централниот дел е подигната џамија. На површината можат да се сретнат фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1937, 31. (Д.С.)

## 61. МОГИЛА

**Рековчанска Тумба**, населба од неолитското време. Лежи на околу 200 m јужно од Тумба I сред село и на околу 100 m југозападно од Роњевска Тумба. Има неправилна кружна основа со пречник од 80 x 70 m и височина од 1,5 m. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и куглички за праќа од печена земја. (Д.С.)

**Роњевска Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 200 m североисточно од Тумба I – сред село и претставува необработен простор опкружен со новоизградени куќи. Северниот крај на тумбата е оштетен со засеците на селскиот пат. На површината има фрагменти од керамички садови, куглички за праќа и друг неолитски материјал. (Д.С.)

**Тумба – Селска црква**, населба од неолитското време. Лежи североисточно од Тумба I – сред село. Претставува височинка со пречник во основата од околу 150 m и височина од 3-3,50 m, на која се по-

дигнати селската црква и гробиштата. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и друг неолитски материјал.
Симоска Д., Санев В., 1976, 37. (Д.С.)

**Тумба во Ливаѓето**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 2 km североисточно од селото, во непосредната близина на селскиот пат за селото Чарлија. Има пречник во основата од околу 80 m и височина од 1-1,50 m. На површината се наоѓаат фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

**Тумба Трнска – Могилска**, населба од неолитското време. Се наоѓа на границата меѓу атарите на селата Могила и Трн, на околу 1 km северно од Мала и Голема Тумба кај селото Трн. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Симоска Д., Санев В., 1976, 37. (Д.С.)

**Тумба I – сред село**, населба од неолитското време. Лежи во централниот дел на селото, на местото на кое се наоѓаат задружниот дом, амбулантата и старото училиште. Со изградбата на овие објекти тумбата е зарамнета и речиси целосно уништена. Во 1975 година, непосредно пред поставувањето на темелите за амбулантата е извршено сондажно копање при што е констатирано дека во длабочина до 1,50 m културниот слој е нарушен со вкопување на гробови од средновековна некропола, како и со копањето на јами во кои се најдени керамички садови од времето на Словените. Дебелината на културниот слој, од сегашната површина до здравицата, изнесува 6 m и во него се издвојуваат два културни стратума со множество керамички садови, култни предмети и орудија од кремен, камен и коска, кои временски му припаѓаат на постариот неолит во Пелагонија, односно на велушко-породинската културна група.
Симоска Д., Санев В., 1976, 36; Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј., 1979, 9-29; Симоска Д., 1989, 138. (Д.С.)

**Тумба II – Школска Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа исто така во селото, на растојание од околу 120 m од населбата Тумба I – сред село. Има пречник во основата од 180 m и височина од 2 m. На неа се подигнати неколку селски куќи, а и осумгодишното училиште, со што се направени големи оштетувања, особено на горните слоеви кои се наполно уништени. Во 1977 година е извршено сондажно ископување во дворот на Томе Авторoски, при што е констатиран културен слој дебел 6,90 m, исполнет со множество керамички садови и друг археолошки материјал од времето на постариот неолит (велушко-породинска група). Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Д.С.)

**Шемоска Тумба**, населба од неолитското и бронзеното време. Се издига на околу 500 m западно од селото. Има неправилна кружна основа со димензии од 100 x 80 m. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, орудија од кремен и камен, како и тегови и куглички за праќа од печена замја. (Д.С.)

## 62. МОЈНО

**Бел Камен**, населба од железното и доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 2 km западно од селото, на местото каде што теренот преминува во Пелагониската Рамнина, од северната страна на патот Мојно-Мусинци. Локалитетот е тумба делумно уништена уште во времето на подигањето на доцноантичката населба околу неа. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, временски различни.
Mikul~i} I., TIR, 87. (Д.С.)

**Еленик – Градиште – Марин Град**, утврдена населба од хеленистичкото и доцноантичкото време.
Вулиħ Н., 1933а, 282; Mikul~i} I., TIR, 87. (Д.Г.)

**Лилјак**, утврдена населба од железното време. На околу 1,8 km источно од селото и на околу 300 m северно од превојот преку кој минува патот Мојно-Орле, на тесен гребен на Селечка Планина се гледаат остатоци од мала населба, а по површината множество фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

**Рупа**, населба од доцноантичкото време. На околу 700 m североисточно од селото, при обработувањето на нивите се откриени темели од објекти, а по површината фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се монети од Анастасиј. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Микулчиќ И., 1970, 325-347; Mikul~i} I., TIR, 87; Микулчиќ Г., 1987, 180. (Г.М.)

**Шипур**, населба од римското време и базилика од старохристијанскиот период.
Mikul~i} I., TIR, 87. (Д.Г.)

## 63. МУСИНЦИ

**Ограѓе**, населба од доцноантичкото време. На југозападниот раб на селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, а се гледаат и грамади од градежен материјал. (Т.Ј.)

**Салија Чешма – Тумба (Стара Река)**, населба од доцноантичкото време. На околу 2,5 km западно од селото, од двете страни на патот за селото Добрушево, по површините на нивите се среќава множество фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и градежен материјал. Според кажувањето на жителите, при орањето наидувале на темели од ѕидови градени од камен и варов малтер. (Т.Ј.)

## 64. НИЖЕПОЛЕ

**Горно Село**, средновековна населба. На околу 1,5 km од селото се гледаат остатоци од населба обрасната во густа вегетација. (Т.Ј.)

**Кај Црквата**, средновековна населба и некропола. На околу 1,5 km западно од селото, при обработувањето на земјата се откриени ѕидови, а исто така и камени плочи од конструкција на гробови. (Т.Ј.)

## 65. НОВАЦИ

**Тумба – Селски гробишта**, населба од бронзеното време. Се издига на 500 m северно од селото, веднаш до левата страна на патот за Добромири. Има средна големина, со зачувана височина од 6 m и неправилна кружна основа. Во Првата светска војна при копањето на ровови се направени значителни оштетувања, а во поново време тука се лоцирани селските гробишта. По површината може да се сретнат многубројни фрагменти од керамички садови и орудија од камен. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Vuli} N., 1937, 33. (Д.С.)

## 66. НОВО ЗМИРНЕВО

**Долни Висои**, населба од неолитското и енеолитското време. Во атарот на селото, при копањето на каналот за наводнување од системот Стрежево населбата делумно е оштетена. Со заштитните археолошки ископувања, изведени од страна на Заводот и музеј од Битола, се констатирани два хоризонта на живеење и се откриени многубројни археолошки наоди: керамички садови, култни предмети и орудија од коска, камен и кремен. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Д.С.)

## 67. НОШПАЛ

**Бела Црква**, старохристијанска базилика и некропола. На северната периферија на селото во 1984 година врз стари темели е изградена црква. Притоа се најдени делови од мермерни столбови и други мермерни парчиња. Според кажувањето на Васил Бошевски од ова село, при обработувањето на земјата, северозападно од црквата, открил два гроба градени од камени плочи – тип циста, во кои имало стаклени сатчиња. Од овој локалитет потекнува дел од сива плоча со грчки натпис ставен пред влезот во куќата на В. Бошевски. (Т.Ј.)

**Тумба**, населба од неолитското и римското време. На околу 2,5 km југозападно од селото, при обработувањето на земјата се откриени ѕидови градени од камен, варов малтер и тули. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови од неолитското и римското време. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тумба – Гајтаница**, населба од неолитското и доцноантичкото време. На околу 1 km од селото, на мала височинка – тумба оштетена од интензивното обработување на земјата, во нивата на Петре Лозановски се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија, куќен лепеж и фрагменти од тегули, питоси и друг градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тумба – Горни Ливади**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m северозападно од селото, на блага височинка – тумба оштетена од интензивното обработување на земјата, по површината се гледаат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, цевки за водовод, како и друг градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Црква Св. Никола**, осамени наоди од римското време. Во дворот на црквата има неколку мермерни сполии, и тоа: мермерна ара со грчки натпис и мермерна база, кои се донесени од непознат локалитет.
Вулиќ Н., 1931, 44. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 68. ОЛЕВЕНИ

**Св. Ана**, осамен наод од хеленистичкото време. Во порталот на црквата што се наоѓа на 1 km западно од селото е вградена како сполија плоча со грчки натпис од 13 реда, датиран во IV век пред н.е.
Вулиќ Н., Сп. XCVIII, бр. 53; Papazoglu F., 1970v, 99-113; Hatzoupolos M.B., 1982, 21-42. (В.Б.Г.)

## 69. ОПТИЧАРИ

**На Тумба**, населба од неолитското време. На околу 1 km источно од селото, во непосредната близина на Црна Река има височинка со димензии од 120 x 160 m во основата и височина од околу 2,5 m. По површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, куќен лепеж, камени и кремени орудија. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Vuli} N., 1937, 33. (Д.С.)

**Трн Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 2 km од селото и на околу 50 m од селскиот пат за Кравари. Висока е околу 3 m, а во основата има правилна кружна форма. По површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, дислоциран куќен лепеж, орудија од камен, коска и печена земја. Најдени се и фрагменти од жртвени-

ци, цилиндри со антропоморфна претстава. Наодите се наоѓаат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 40. (Д.С.)

**Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 2 km источно од селото и 7 km источно од патот Битола-Лерин, како и на околу 1,5 km западно од коритото на Црна Река. Во основата има пречник од 240 x 240 m и зачувана височина од 4,5 m. Во 1988 година е вршено сондажно ископување при што е утврдена повеќеслојна населба од времето на раниот и средниот неолит, односно од велушко-породинската културна група. Откриен е голем број подвижни предмети, и тоа: фрагменти од керамички садови, култни предмети и орудија од камен, кремен и коска. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Кузман П., 1990, 63. (Д.С.)

## 70. ОРЕХОВО

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 94. (Д.Г.)

## 71. ОРЛЕ

**Најденка**, некропола од железното време II. На околу 700 m североисточно од селото, сопственикот на нивата Ѓорѓи Јошевски, вадејќи плочи за селскиот мост, во 1975 година открил гроб од монолитни камени плочи и во него гробни прилози: керамички сад и накит од бронза (фибула во вид на очила). Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 53. (Д.С.)

## 72. ПАРАЛОВО

**Мавер**, некропола од доцноантичкото време. Во времето на изградбата на новиот пат, на 1,2 km западно од селото била откриена и делумно оштетена некропола. Во 1986 и 1988 година се извршени заштитни ископувања со кои се откриени 62 гроба градени од големи камени плочи. Погребувањето е скелетно, а од гробните прилози најмногубројни се керамичките садови, прстените и монетите. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Ѓорѓиоска А., 1990, 174. (А.Ѓ.)

## 73. ПОДИНО

**Црква Св. Богородица**, осамени наоди од старохристијанското време. Во црквата и во нејзиното дворно место има неколку мермерни сполии, и тоа: мено од мермер вградено во скалите, пред влезот на црквата има голема мермерна плоча, а една парапетна плоча лежи покрај апсидата. (Т.Ј.)

## 74. ПОЕШЕВО

**Тумба в село**, населба од бронзеното време. Во селото, во непосредната близина на раскрсницата се издига тумба оштетена од сите страни, висока околу 3 m. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1937, 37. (Д.С.)

## 75. ПОРОДИН

**Бара Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа во рамното поле, на околу 1,8 km источно од селото, а на околу 800 m западно од современиот пат Битола-Лерин. По обликот и димензиите е слична на многубројните тумби во Пелагонија. Со интензивното обработување на земјата, а уште повеќе со изградбата на каналот за наводнување и со трасирањето на селскиот пат, тумбата е значително оштетена. Така, денес таа е сосема рамна и малку се издвојува од околниот терен. Во 1978 и 1979 година се извршени заштитни ископувања при што се констатирани два хоризонта на живеење. Постариот хоризонт му припаѓа на средниот неолит (Велушина III, IV), а помладиот на доцниот неолит и преминот во енеолитското време. Од откриениот материјал најмногубројни се керамичките садови и орудијата од камен и кремен. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 42. (Д.С.)

**Тумба**, населба од неолитското време. На растојание од околу 1,5 km источно од селото и на 800 m западно од асфалтниот пат Битола-Лерин, во рамнината се издига тумба висока 2,5 m и со пречник во основата од околу 150 m. Во 1953/54 година Народниот музеј од Битола, под раководство на М. Грбиќ и со учество на група соработници, извршил систематско ископување во централниот дел на тумбата. Значајно е откривањето на остатоци од лепеж од ѕидови на трапезоидна куќа и множество подвижен археолошки материјал од кој се издвојуваат керамичките садови, антропоморфната и зооморфната пластика и посебно жртвениците – макети на куќи со антропоморфни цилиндри. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Grbi} M., Ma~ki} P., Na| P., Simoska D., Stalio B., 1960; Симоска Д., Санев В., 1976, 33. (Д.С.)



Тумба, с. Породин. – Антропоморфен цилиндар од жртвеник од средниот неолит

## 76. РАДОБОР

**Тумба**, населба од неолитското, енеолитското и бронзеното време. Се наоѓа во непосредната близина на утоката на Шемница во Црна Река. Има пречник од околу 200 m и височина до 3 m. Со мелиорационите зафати, особено со проширувањето на коритото на Црна Река, источната половина на тумбата е речиси разнесена. Во 1977 и 1990/91 година се извршени заштитни археолошки ископувања при што е констатиран културен слој од 4 m со неколку хоризонти на живеење. Според многубројните примероци од фрагментирани и цели керамички садови, различни по формата, по начинот на изработувањето и по местото на откривањето, сигурно е дека населбата била формирана на крајот од неолитското време. Животот продолжил и подоцна, во енеолитското време, а особено во бронзеното време. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Тодоровиќ Ј., Симоска Д., Китаноски Б., 1985-87, 10; Петрова Е., 1996. (Д.С.)

**Тумба – Копилица**, населба од неолитското време. На околу 2 km северозападно од селото, а на 300-400 m од управната зграда на ЗИК „Пелагонија“, погон во селото Радобор, при орањето на нивите се откриени многубројни фрагменти од керамички садови, парчиња од куќен лепеж и орудија од камен и коска. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 77. РАМНА

**Вишна**, средновековна црква и некропола. Во нивата на Коле Лозаноски, што се наоѓа на околу 300 m јужно од селото, се откриени темели од црква, а во непосредната близина и гробови. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Раменска Грмада**, депо на средновековни – византиски монети. Со рилањето на земјата за овоштарник на стопанството „Овоштар“ од селото Кажани во 1967 година е откриено богато депо на чанковидни монети, кое брои 9.190 примероци, во кое се застапени следните владетели: Мануел I Комнен, Андроник I Комнен, Исак II Ангел и Алексиј III Ангел. Локалитетот се наоѓа во централниот дел од северната половина на Цапарско Поле. На површината на нивите се гледаат остатоци од помала населба. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Јанакиевски Т., 1977, 209-214. (Т.Ј.)

**Раменска Тумба**, старохристијанска базилика. На 2 km југозападно од селото, во Цапарско Поле, при заштитните археолошки ископувања во 1966 година е откриена старохристијанска базилика. Базиликата е трикорабна, со нартекс и два анекса на јужната и еден на северната страна. Подот бил поплочен со тули.
Јанакиевски Т., 1966, 145. (Т.Ј.)

## 78. РАПЕШ

**Бел Камен**, некропола од железното време. На оддалеченост од 1,3 km источно од селото, на низок гребен што се спушта кон кањонот на Црна Река се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста, и во нив гробни прилози (керамички садови и накит од бронза). Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 57. (Д.С.)

**Каранка**, некропола од железното време I. На 1 km северно од селото Петре Тодоровски при орањето на својата нива откопал гроб направен од монолитни камени плочи – тип циста, во кој пронашол еден мал керамички сад и накит од бронза.
Симоска Д., Санев В., 1976, 54. (Д.С.)

**Лисичин Камен**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Д.Г.)

**Сламите (Возишта – Каменот)**, некропола – тумули од железното и доцноримското време. Се наоѓа во југозападниот дел на Мариовската висорамнина, на околу 1,5 km североисточно од селото, на сртот од ридот што се издига и го обградува левиот брег на



Сламиште, с. Рапеш. – Гробови под тумул од железното време

Маковска Река. Се работи за две локации, оддалечени 400 m една од друга, на кои се гледаат камени конструкции од гробови оштетени со земјоделските работи. Со пробните археолошки ископувања во 1989 година од страна на Заводот и музеј од Битола на локацијата Возишта, со површина од 70 x 20 m, се откриени три погребувања во гробови од камени плочи – цисти, под тумул со калота од нафрлени камени плочи и прстен во основата од обичен и кршен камен. Исто така се најдени и други 4 гроба што биле секундарно вкопани во доцноантичкото време. На втората локација, Каменот – зарамнет дел од падината, истражувачите откриле 6 гроба, со доста оштетени конструкции и скромни прилози од железното време. Концентрацијата на камењата и поставеноста на гробовите асоцираат на погребувања под тумули, и тоа на два мали со по неколку покојници. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Mikul~i} I., 1966, 28; Симоска Д., Санев В., 1976, 54; Василева М., 1993, 71-80. (В.С.)

**Чуки**, доцноантичка некропола.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Д.Г.)

## 79. РАШТАНИ

**Змеиште**, утврдена населба од железното време. На 800 m северно од селото, на доминантниот рид со зарамнет врв се гледаат остатоци од трасата на некогашниот бедем на населбата. На површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови.
Грбиќ М., 1954, 113. (Д.С.)

**Стари Гробови**, средновековна некропола. На мала височинка што се наоѓа во непосредната близина на црквата Св. Никола, од јужната страна на селото, во 1981 година е извршено археолошко истражување при што се откриени гробови градени од камени плочи. Во гробовите се најдени и гробни прилози, и тоа прстени, обетки, белезици и др. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Кепеска Л., Филиповска Г., 1987, 195. (Л.К., Г.Ф.)

## 80. РИБАРЦИ

**Во селото**, осамен наод од римското време. Во дворот на Трајче Митревски се наоѓа ара од мермер со оштетено натписно поле, за која не се знае од каде е донесена. (Т.Ј.)

**Смаилица**, населба од римското време. На 1 km јужно од селото при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти градени од камен и кал. По површината се среќаваат покривни ќерамиди, римски тули и фрагменти од керамички садови и питоси. (Т.Ј.)

**Тумби**, населба од неолитското време. На северозападната периферија на селото се забележуваат пет тумби наредени блиску една до друга, со пречник што се движи од 60 до 80 m и зачувана височина од

околу 2 m, со исклучок на една која е малку повисока (2,50 m). На сите пет тумби по површината има множество фрагменти од керамички садови и парчиња од куќен лепеж.
Vuli} N., 1937, 41. (Д.С.)

## 81. РОТИНО

**Арнаутски Пат**, пат од римското време. При изградбата на овоштарникот на стопанството „Овоштар" бил уништен поголем дел од антички пат, најверојатно дел од трасата на Via Egnatia.
Јанакиевски Т., 1976, 189. (Т.Ј.)

**Манастирска Црква – Св. Илија**, средновековна населба. На 200-300 m јужно од селото, според жителите, во месноста Мала Корија при обработувањето на земјата се забележани темели од стари објекти. Во поново време овде е изградена црква врз темели од стар објект. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Стара Црква**, средновековна црква и некропола. Кај месноста Дабот, што се наоѓа на 2 km североисточно од селото и лево од стариот пат Битола-Охрид, се гледаат остатоци од црква. Во непосредната близина, во нивата на Трајан Котески биле откриени гробови градени од камени плочи. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Старо Село**, населба од римското време. Се наоѓа на 700 m североисточно од селото, во месноста Старо Село, каде што при обработувањето на земјата биле откриени темели од ѕидови градени од камен и варов малтер и питоси. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, имбрекси, питоси и градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 82. СВЕТИ ТОДОРИ

**Василичини Гробишта**, средновековна некропола. На околу 1.500 m северозападно од локалитетот манастир Св. Тодор се наоѓаат гробови. (Т.Ј.)

**Кале**, утврдена населба од хеленистичкото време. На околу 4-5 km западно од селото, во планинскиот масив, на тешко пристапна ридска височина (кота 1.494 m) се наоѓаат остатоци од бедемот на калето, обраснати во вегетација и бурјан, чии контури сосема јасно се оцртуваат . (Т.Ј.)

**Крчин**, светилиште и некропола од доцноантичкото време. На мало плато што се наоѓа на јужната периферија на селото, според исказите на жителите биле откриени гробови градени од големи камени плочи – тип циста. Исто така се откриени и остатоци од темели на црква градена од кршен камен и варов малтер. Најдена е и мермерна плоча со релјефна претстава на човечки фигури. На површината на локалитетот има две обработени мермерни плочи. (Т.Ј.)

**Кутлина**, осамен наод од римското време. Во нивата на семејството Димчевци, што се наоѓа на околу 2 km североисточно од селото, е најдена мермерна стела со релјефна претстава на маж, жена и четири деца меѓу нив. Стелата се чува во тремот на селската црква. (Т.Ј.)

**Кучкина Леска – Кучкино Село**, средновековна населба. На околу 2-3 km западно од селото, по површината се гледаат грамади од кршен камен. Според кажувањето на жителите, овде било лоцирано старото село. (Т.Ј.)

**Црквиште**, населба од римското време. На околу 700 m источно од селото, по површината на нивите се гледаат грамади од кршен камен, фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. Од овој локалитет се однесени во селската црква неколку мермерни предмети: ара без натпис со релјефни украси, стела со релјефна претстава на маж, жена и четири деца, осмоаголен мермерен столб (фрагментиран) и фрагментирана мермерна стела која е вградена во камбанаријата. (Т.Ј.)

**Чешмина**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km северно од селото, при обработувањето на земјата жителите откриле темели од стари објекти градени од кал и камен. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди, фрагменти од мермерни плочи и др. (Т.Ј.)

## 83. СКОЧИВИР

**Градиште**, утврдена населба од железното време. На 9 km источно од селото и на 3 km од шумската куќа Јелак, високо во планинскиот масив на Кајмакчалан (кота 1.370), опколен од трите страни со реката Коњарка и нејзините притоки, се издига врв со зарамнето плато на чија површина се среќаваат фрагменти од керамички садови. Според местоположбата и материјалот, сигурно е дека се работи за утврдена населба од железното време. (Д.С.)

**Кале – Петалинско**, утврдена населба од железното време. Се наоѓа 5 km источно од селото, во непосредната близина на местото каде од патот Скочивир-Старавина се издвојува крак за Јелак, на висок и природно заштитен рид што се издига над десниот брег на Црна Река. На зарамнетиот врв, по површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови.
Mikul~i} I., TIR, 116. (Д.С.)

**Марково Кале**, утврдена населба од железното време. Се наоѓа 2,3 km југоисточно од селото, на импозантен рид (кота 1.106) што се издига на десниот брег на Црна Река, пред влезот во кањонот. На

зарамнетиот врв се наоѓаат остатоци од утврдување и фрагменти од керамички садови. (Д.С.)

## 84. СЛИВИЦА

**Галиќ**, населба од неолитското време. По површината на нивите што се наоѓаат помеѓу Црна Река и локалитетот Градиште се среќаваат множество фрагменти од керамички садови. (Б.Ј.)

## 85. СМОЛЕВО

**Црквиште – Рамниште**, средновековна населба. Во месноста Мишева Ливада, што се наоѓа на 1 km западно од селската црква, се гледаат гробови покриени со камени плочи. (Т.Ј.)

## 86. СТАРАВИНА

**Пешта – Градиште**, утврдена населба и некропола од римското и доцноантичкото време.
Вулић Н., 1931, 41; Микулчиќ И., 1966. (Д.Г.)

## 87. СТРЕЖЕВО

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 800 m северно од селото, на височинка што доминира над десниот брег на реката Шемница, при заштитното ископување извршено во 1979 година од Заводот и музеј во Битола се констатирани остатоци од утврдена населба, некропола и старохристијанска базилика со мозаичен под. За одбележување е наодот од богато депо на железни орудија, како и монети од Јустинијан. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Mikul~i} I., TIR, 121; Јанакиевски Т., 1980, 97-110. (Т.Ј.)

## 88. СУВОДОЛ

**Бројанец**, старохристијанска црква. На околу 1,5 km северно од селото, лево од новиот пат за Маково, на една од падините на Селечка Планина во 1983 година е извршено сондажно истражување при што се откриени темели од помала црква градена од камен со кал. Објектот е делумно оштетен. Во непосредната близина е најдена бронзена монета. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Vuli} N., 1937, 42; Mikul~i} I., TIR, 123; Алексова Б., 1995, 209–212. (Т.Ј.)

Бројанец, с. Суводол. – Старохристијанска базилика од V-VI век (Ф.М.)

**Бртви**, населба од доцноантичкото време. На 500 m североисточно од селото, лево од стариот пат за селото Маково (сега потопен од акумулационото езеро), во 1977 година Заводот и музеј од Битола и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата од Скопје извршиле заштитно ископување при што се откриени темели од објекти градени од камен и кал. Најдени се фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, како и сребрена монета од Валенс. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Т.Ј.)

**Дибек**, гробници од хеленистичкото време. Се наоѓаат североисточно од селото, на мала височинка што доминира над просторот од некогашната античка населба во месноста Сланец. Во 1931 година Ф. Масеснел, вршејќи увид на откриената старохристијанска базилика во Сланец, го посетил и локалитетот Дибек каде констатирал остатоци од влезови на две гробници издлабени во карпа. Едната, според неговите упатства, ја „исчистил“ селскиот учител, а резултатите подоцна ги објавил. Во 1991 година во организација на Заводот и музеј од Битола се извршени нови истражувања на споменатите гробници, при што во непосредната близина била откриена уште една гробница. Заедничка карактеристика на гробниците е тоа што се издлабени во карпа, имаат иста организација (дромос, преткомора и засводена комора со влезови меѓу нив), приближно исти димензии, погребувања со кремирани покојници и потекнуваат од доцнохеленистичкото време (II век пред н.е.). Археолошки интактна е новооткриената гробница (бр. 1) во која се најдени биста на Афродита од теракота, облечена во танок деколтиран фустан препашан под градите, која на главата има дијадема украсена со осум чашковидни цвета, и три добро зачувани керамички сада. Нејзината вкупна должина (дромос, преткомора и комора) изнесува 13,25 m. Во гробницата бр. 3, делумно оштетена од порано, се најдени 6 керамички садови исто така добро зачувани. Гробниците издлабени во карпа од Дибек се дел од веригата на

т.н. „македонски гробници“ распоредени по источниот раб на Пелагониската рамнина.
Месеснел Ф., 1935, 201-205; Вулић Н., 1941-1948, 190-197; Јанакиевски Т., 1933, 149-161. (Т.Ј.)

**Ѓорев Рид**, населба од неолитското и доцноантичкото време. На 2,5 km јужно од селото, во непосредната близина на РЕК „Битола“, во 1983 година Заводот и музеј од Битола вршел заштитно ископување со кое се утврдени остатоци од еднослојна неолитска населба од велушко-породинската културна група, со многубројни фрагменти од керамички садови и други предмети од материјалната и духовната култура. Исто така се констатирани делови од темели на објект граден од камен и кал и со поплочен под, во кој се најдени фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Д.С., Т.Ј.)

Дибек, с. Суводол. – Гробница од хеленистичкото време

**Ѓорчева Воденица**, населба од римското време. На 1 km западно од селото Заводот и музеј од Битола извршил заштитно истражување при што е откриен објект граден од камен и кал. Најдени се многубројни фрагменти од керамички садови и друг материјал. Денес локалитетот е потопен од водите на акумулационото езеро. (Т.Ј.)

**Манастирец**, старохристијанска базилика. Откриена е во 1931-1933 година во месноста Сланец. Црквата има трикорабна диспозиција, со по седум пиластри на масивните ѕидови на стилобатите, најдени во положба in situ. Централниот кораб на источната страна завршува со длабока апсида. На западниот крај црквата има нартекс и егзонартекс со пастофории и анекси на северната страна. Подовите биле обложени со мозаици. Објектот е подигнат во V-VI век како гробишен, на работ на античката населба. Компартиментите со низа простории откриени северно од базиликата служеле за фунерални обреди и свечени вечери – agapae, што се приредувале на годишнината од страдањето на маченикот. Гробните структури и наодите во нив, откриени околу базиликата, укажуваат на фактот дека по нејзиното страдање таа била обновена во текот на IX-X век.
Месеснел Ф., 1931, 202-212; Mesesnel F., 1936; Месеснел Ф., 1937, 69-96; Алексова Б., 1995, 209-212. (Б.А.)

**Тумба**, населба од бронзеното време. Се издига покрај рекичката Сињевир, на околу 800 m југоисточно од селото. Има кружна основа, малку развлечена. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија.
Vuli} N., 1937, 42. (Т.Ј.)

**Туриграв**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 800 m југозападно од селото, покрај левиот брег на Ореовски Дол. Заводот и музеј од Битола во 1977 година извршил заштитно ископување, при што се откриени остатоци од темели на куќи градени од камен и кал и еден објект со просторија за термално загревање. Откриено е множество фрагменти од керамички садови, а најдени се и монети од III и IV век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Mikul~i} I., TIR, 123. (Т.Ј.)

**Ума**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m источно од селото, во непосредната близина на браната од акумулационото езеро, во 1977 година Заводот и музеј од Битола и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата извршиле заштитно сондажно ископување со кое се откриени остатоци од објект граден од камен и кал и многубројни фрагменти од керамички садови, како и две бронзени монети ковани во Стоби. Денес локалитетот е потопен од водите на езерото. (Т.Ј.)

**Шуплевец**, населба од енеолитското време. Се наоѓа 2,5 km северно од селото, од левата страна на патот Битола-Маково, на издолжен рид со стрмни и тешко пристапни страни кои на северниот крај се издигаат благо кон ридот. Во 1958 и 1971 година се вршени сондажни (контролни) ископувања со кои е

утврден културен слој со два хоризонта на живеење. Многубројниот археолошки материјал, особено керамичкиот, покажал дека се работи за остатоци од населба од времето на енеолитот. Откривањето на населбата е големо дотолку што според неа, а и според населбата Бакарно Гумно во Прилепско, енеолитот во Пелагонија е издвоен како посебна културна група наречена Шуплевец-Бакарно Гумно. Ридот подолго време бил користен како каменолом со што населбата е целосно уништена. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Aleksova B., 1959b, 43; Гарашанин М., Симоска Д., 1976, 9. (Д.С.)

## 89. ТРАП

**Трап**, некропола од железното време. Во атарот на селото, трактористот Славко Талевски, орајќи во блокот на ЗИК „Пелагонија", открил три гроба градени од монолитни камени плочи и во нив накит од бронза. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 57. (Д.С.)

**Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 300 m западно од селото. Има кружна основа и зачувана височина од 4 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, жртвеници, куглички за праќа и др. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Vuli} N., 1937, 45. (Д.С.)

**Тумба – Црквиште**, населба од неолитското и доцноантичкото време. Југозападно од селото, во непосредната близина на селската црква се издига тумба со неправилна кружна основа, со пречник од околу 220 m и зачувана височина до 5 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж, камени и коскени орудија. Исто така, се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал од доцноантичкото време. (Д.С.)

**Црква Св. Петка**, осамени наоди од старохристијанскиот период. Во дворот на црквата Св. Недела, изградена во 1835 година, има мермерни сполии, и тоа: две мермерни плочи, надгробна стела вградена во темелот на црквата, мермерен столб и друго. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 90. ТРН

**Голема Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 800 m северозападно од селото, во блокот на ЗИК „Пелагонија". Има правилна кружна основа со пречник од околу 200 m и височина до 5 m. Во 1973 година Заводот и музеј од Битола извршил заштитно археолошко ископување при што е констатирана повеќеслојна населба со богат археолошки материјал. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 42. (Д.С.)

**Мала Тумба**, неолитска населба. Се наоѓа на околу 1 km југоисточно од селото и во непосредната близина на Голема Тумба. Има неправилна елипсовидна основа, развлечена во правец север-југ, со димензии од 160 x 210 m и зачувана височина од 1,5 m. Тумбата е во голема мера оштетена, особено во источната половина, со изградбата на каналот за наводнување и со трасирањето на патот Новаци-Радобор. Исто така, таа е целосно зарамнета и со изградбата на хангарот за чување на земјоделската механизација. Во 1973 година Народниот музеј од Битола извршил заштитни археолошки ископувања при што бил констатиран културен слој од 2 m, со два хоризонта на живеење исполнети со богат материјал (керамички садови, орудија, култни предмети и др.). Првиот хоризонт им припаѓа на населбите од средниот неолит на велушко-породинската група, а вториот на доцниот неолит. Според овие наоди доцниот неолит во Пелагонија е издвоен како посебна културна група, наречена Мала Трнска Тумба, која е истовремена и многу блиска на доцнонеолитските групи од западнојадранскиот културен круг. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Симоска Д., Санев В., 1976, 44; Симоска Д., Санев В., 1977, 215; Санев В., 1995, 42–44. (Д.С.)

**Тумба**, неолитска населба. Се издига во самото село, има пречник од околу 300 m и зачувана височина од 5 m. Дел од селските куќи се изградени врз неа па така, при копањето на темелите, сопствениците наоѓале фрагменти од керамички садови, орудија од камен и кремен, куглички за праќа и др. (Д.С.)

## 91. ТРНОВО

**Кале**, утврдена населба од железното и доцноантичкото време. На околу 1 km источно од селото, на падините на Пелистер, на тешко пристапна височинка со зарамнето плато кое опфаќа површина од 70 x 80 m се гледаат траги од одбранбен бедем. Спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови од железното време, како и керамички садови, питоси и градежен материјал од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 128. (Д.С.)

**Трновски Лозја**, некропола од римското време. Западно од живинарската фарма „Јонче Георгиевски", според кажувањето на жителите, биле откриени гробови градени од четвртести римски тули. (Т.Ј.)

## 92. ТРНОВЦИ

**Керамидница**, населба од доцноантичкото време. На источната периферија на селото, по површината се

среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (Т.Ј.)

**Дапче**, средновековна некропола. Во селото, на мала височинка, според кажувањето на жителите, при копањето на каналот за водовод се откриени гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. (Т.Ј.)

**Селиште**, населба од римското време. На околу 1,5 km источно од селото, при обработувањето на земјата жителите наоѓале ѕидови градени од камен и варов малтер. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од многубројни керамички садови, покривни ќерамиди и мермерни блокови. Од овој локалитет во црквата Св. Недела е донесена мермерна ара која на челната страна има правоаголно поле со релјефен приказ што е оштетен. На десната страна има женски лик, а под него натписно поле во 4 реда, со грчки натпис. (Т.Ј.)

**Трновско Кале**, утврдена населба од хеленистичкото време. На околу 1 km северозападно од селото, на мала височинка со елипсовидна основа и со димензии од 100 x 30 m се гледаат контури на бедем широк 2,5 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и кршен камен. Пред десетина години Стојан Лозановски до селото пронашол бронзена белезица со стилизирани змиски глави. (Т.Ј.)

## 93. ЦАПАРИ

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на 2,5 km јужно од селото, на висок рид со надморска височина од 1.615 m. На зарамнетиот врв обраснат со шума се гледаат контури од бедем. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Патрица – Герани**, некропола од римското време. Северозападно од фабриката во селото, при обработувањето на земјата жителите откриле повеќе гробови градени од тегули. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Шума**, некропола од доцноантичкото време. При обработувањето на лозовите насади, оддалечени 1 km источно од селото, селаните откриле големи тегули, веројатно од гробни конструкции. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 94. ЦРНИЧАНИ

**Клепач**, средновековна населба. Околу 1 km источно од селото, по површината на нивите се гледаат грамади од градежен материјал, остатоци од куќи и црква. Кај жителите постои верување дека овде била старата локација на селото Клепач. На локалитетот биле најдени монети. На истата локација постојат повеќе тумби со кружна форма, со пречник од 5-6 m и зачувана височина од 1-1,5 m, кои се изградени од белутрак – кварц. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Крсто**, осамен наод од римското време. На околу 200 m северозападно од црквата Св. Петка, на површината на една блага височинка постои мермерен блок со правоаголна форма. Според топонимот, може да се очекува дека тука се наоѓал некаков култен објект поврзан со локалитетот Рупка кој е во непосредната близина. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Рупка**, населба и некропола од римското време. На околу 500 m западно од селото, на падините на Селечка Планина, од обете страни на патот за с. Дедебалци, на површина од околу 2 хектари, во нивата на Цане Трајановски и во околните ниви се откриени ѕидови градени од камен и варов малтер, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Исто така се откриени и гробови градени од камени плочи, мермерен столб со натпис и бронзени монети.
Вулиќ Н., 1931, 24-26. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Петка**, старохристијанска базилика. На околу 200-300 m западно од селото, покрај патот за селото Црничани се наоѓа црквата Св. Петка. На теренот се забележуваат контури од постар објект со димензии од 30 x 10 m. Апсидата на објектот е преправена во мала црква од која се зачувани само апсидалниот простор и две помали простории. Најверојатно на оваа локација се наоѓала ранохристијанска базилика. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Тврди Град**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 1,5 km јужно од селото, на падините на Селечка Планина се зачувани траги од бедем граден од камен и варов малтер, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Т.Ј., Г.Ф.)

## 95. ЦРНОБУКИ

**Варварица**, некропола од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., 1966, 80; Mikul~i} I.,TIR, 37. (Д.Г.)

**Градиште**, утврдена населба од хеленистичкото и доцноантичкото време.
Mikul~i} I., 1966, 81; Mikul~i} I., TIR, 37. (Д.Г.)

**Гулев Рид**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 37. (Д.Г.)

**Под селото**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 37. (Д.Г.)

**Самовилец**, утврдена населба од железното време. На 1,5 km североисточно од селото Црнобуки и на 1 km северно од античкиот локалитет Градиште се гледа траса од одбранбен бедем кој зафаќа површина од 50 x 80 m. По површината се среќава мно-

жество фрагменти од керамички садови. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола. (Д.С.)

**Тумба**, населба од неолитското и енеолитското време. Се наоѓа на околу 3 km источно од селото и на 150 m северно од реката Шемница. Има кружна основа со пречник од околу 150 m и височина од 4-4,5 m. Населбата е делумно оштетена од експлозиите на собраната муниција од Првата светска војна. Во 1974 година се извршени сондажни археолошки ископувања при што се констатирани 4 хоризонти на живеење, а откриен е и богат археолошки материјал: керамички садови, култни предмети и орудија од камен, кремен и коска.
Fewkes J.V., 1934, 51-52; Simoska D., 1975; Симоска Д., Китаноски Б., Тодоровиќ Ј., 1976, 43-63. (Д.С.)

**Црква Св. Димитрија**, осамени наоди од римското време. Во селската црква, која е изградена во 1866 година, како чесна трпеза е поставен дел од мермерно стапало, а пред влезот во црквата има мермерен столб. Надвор од селската црква, во чешмата е вѕидана мермерна шишарка од надгробен споменик. Не се знае од каде се донесени овие сполии. (Т.Ј., Г.Ф.)

**Црнобуки**, депо на средновековни монети. Во селото е откриено депо со 214 бакарни скифати од XII -XIII век. Сега се чуваат во Народниот музеј во Белград. (Ј.К.)

## 96. ЦРНОВЕЦ

**Пасјак – Маноица**, населба од доцноантичкото време. На 700-800 m јужно од селото, при обработувањето на земјата жителите откриле ѕидови градени од камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и др. (Т.Ј.)

**Старо Село**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 700 m западно од селото, во подножјето на ридот Самарница. При обработувањето на земјата жителите откриле темели градени од камен и кал, а по површината се среќаваат покривни ќерамиди и градежен материјал. (Т.Ј.)

# IV. ВАЛАНДОВО


1. Бајрамбос ... 47
2. Баракли ... 47
3. Башибос ... 47
4. Брајковци ... 47
5. Валандово ... 47
6. Градец ... 55
7. Грчиште ... 55
8. Дедели ... 55
9. Казандол ... 56
10. Кочули ... 56
11. Марвинци ... 56
12. Пирава ... 59
13. Раброво ... 60
14. Собри ... 60


## 1. БАЈРАМБОС

**Кале**, средновековна утврдена населба. На 1 km источно од селото, на висок рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од одбранбен ѕид. (Д.Г.)

## 2. БАРАКЛИ

**Воденици**, населба од хеленистичкото и римското време. Јужно од селото, на мал простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, а пронајдени се и македонски монети од I век пред н.е. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Mikul~i} I., TIR, 21. (Р.П.)

## 3. БАШИБОС

**Атабасти**, населба и некропола од римското време. Во непосредната близина на раскрсницата за селото Дурутли, која се наоѓа на 1 km пред селото, се откриени повеќе гробови со конструкција од камени плочи. По површината на околните ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал, а биле најдени и монети. (Р.П.)

## 4. БРАЈКОВЦИ

**Манастир**, старохристијанска базилика. Источно од селото и од локалитетот Чукарски Пироj, на една мала височинка обрасната со густа вегетација се гледаат 7–8 парчиња од обработени мермерни блокови – делови од архитравни греди. (Р.П.)

**Чукарски Пироj**, населба од хеленистичкото и римското време. Источно од селото, на левата страна од патот Валандово-Брајковци се наоѓа блага височинка на која по површината на нивите на Проданови се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови. (Р.П.)

## 5. ВАЛАНДОВО

**Зелениште**, некропола од раноантичкото време. При изградбата на здравствениот дом во центарот на градот е откриена некропола со гробови од типот циста, од обработени блокови од бигор, ориентирани во правец исток-запад. Со заштитното археолошко ископување во 1984 година, што го извр-

шил Музејот на Македонија, се истражени 9 гроба, а голем дел е претходно уништен. Наодите се наоѓаат во споменатиот музеј. (Р.П.)

**Исар Кале**, градиште од доцноантичкото време и средниот век. На 1,8 km северозападно од градот, на височинка што доминира над околината се гледаат остатоци од одбранбен бедем, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал и монети.
Mikul~i} I., TIR, 129; Микулчиќ Г., 1987, 181. (Р.П.)

**Манастириште**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km северно од градот, во близината на средновековната тврдина, на едно мало плато е откриена група гробови со конструкција од камени плочи – тип циста, и од тегули „на две води“. Во гробовите се најдени повеќе керамички садови и монети од III и IV век (Диоклецијан, Константин I, Проб, Флоријан).
Mikul~i} I., TIR, 129. (Р.П.)

**Стакина Чешма**, населба од римското време. Се наоѓа на 300 m јужно од градот, од двете страни на суводолицата што се спушта кон Анска Река. Во 1973/74 година Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата извршил заштитни ископувања со кои биле отворени шест простории со подни мозаици. Во една од нив била најдена мермерна када. Подоцна, од 1987 до 1990 година, истражувањата на објектот ги продолжил Музејот на Македонија. Откриени се уште четири нови простории со подни мозаици, обработени во opus sectile и opus tessalatum, а исто така и полукружен базен обложен со мермерни плочки. Ѕидовите се градени од кршен камен и варов малтер. Границите на објектот не се дефинирани. Меѓу подвижните наоди најмногубројни се фрагментите од керамички садови и ламби, а потоа предметите од бронза и железо. Најдени се и монети од Лициниј, Константин I и Констанциј II. Се смета дека се работи за голем објект, можеби палата, подигната во доцниот III или раниот IV век, која претставува дел од комплексот со луксузни градби констатирани во самиот град Валандово.
Mikul~i} I., TIR, 129; Шурбаноска М., 1993, 1. (М.Ш.)

Стакина Чешма, Валандово. – Палата од III-IV век (Л.М.)

## 6. ГРАДЕЦ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 3 km западно од селото се наоѓа висок рид што доминира над долината на Вардар, на чие зарамнето плато има зачувани темели од одбранбен бедем. Овде на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 59. (Р.П.)

## 7. ГРЧИШТЕ

**Глос**, населба и некропола од железното време. На 4,5 km јужно од селото, на левиот брег на Вардар, на мала височинка обрасната со вегетација има остатоци од ѕидови. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови од населба. Во непосредната близина на населбата, во лозјето на Л. Пенов Зајков, како и во просторот покрај патот за Ѓавато се откриени гробни конструкции од камени плочи – цисти. Во 1977 година Музејот на Македонија извршил заштитно ископување, при што во гробовите се пронајдени повеќе украсни предмети – накит и керамички садови работени на колце. Некрополата е датирана во VII-VI век пред н.е. Наодите се депонирани во Музејот на Македонија во Скопје. (Р.П.)

## 8. ДЕДЕЛИ

**Дедели**, некропола од железното време. Селото се наоѓа на 6 km од Валандово и околу 10 km од Дојранско Езеро, од левата страна на патот Валандово-Стар Дојран, на последните југозападни расклоненија на Беласица. На неколку пунктови во неговиот атар се откриени гробови групирани во засебни целости, како еден вид родовски некрополи. Една таква гупа од 6 гроба била откриена уште во времето на Првата светска војна, во 1917 година, и тоа високо над селото, во т.н. линија на Солунскиот фронт. Од 1978 до 1986 година се вршени систематски ископувања на група гробови во месноста Мелезник, како и по јужниот раб на селото. Притоа се откриени 91 гроб, од кои само оние од Мелезник претставуваат наполно истражена целост со 75 гроба. На јужниот раб на селото се истражени 11 гроба, 2 кај селското училиште и уште 3 гроба на различни места во приватните дворови. Во сите нив погребувањето е скелетно, во конструкции цисти, освен во 2, кај селското фудбалско игралиште, во кои погребувањето е извршено во питоси. Откриени се примери на погребувања по неколку пати во - една гробна конструкција, како и различни појави во рамките на погребните обичаи. Гробните прилози претежно се стандардни, пред сè во зависност од категоријата на покојникот. Керамиката е изработена на колце од пречистена окер печена глина, орнаментирана со ленти изведени со темноцрвена мат боја. Доста е унифицирана и се јавува главно во облик на бокал со косо засечен врат и како длабок филџан со една или две вертикални држалки, кои претставуваат основна гарнитура кај секое погребување. Од накитот преовладуваат бронзените форми на висулци, фибули, игли, накит за околу вратот (торквеси), за на рацете, за околу појасот и сл. Оружјето и орудијата се изработени главно од железо, а доминираат копјата, ножињата и предметите од т.н. тоалетна гарнитура (брич, пинцета и острило од камен). Врз основа на типолошките карактеристики кај гробните прилози и воопшто врз основа на културните и хронолошките вредности на сите откриени археолошки појави е утврдено дека деделската некропола служела за погребување во текот на втората половина на VII век до почетокот на VI век пред н.е. Во текот на овој кус временски интервал населението, кое тука ги погребувало своите мртви, живеело бурен и интензивен живот и остварило мошне брз економски и културен просперитет благодарејќи на подемот на металургијата како основна стопанска гранка. Етнокултурната определба на населението е без сомнение јужнопајонска, со реални можности деделската заедница да се поврзе со историски познатите Дерони. Наодите од ископувањата се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Пашиќ Р., 1983, 61; Пашиќ Р., Митревски Д., 1986, 72; Митревски Д., 1991. (Д.М.)

Дедели. – Некропола од железното време

**Пирин Чешма**, топилница на бакар од римското време. На 1,5 km северно од селото, во непосредната близина на истоимената чешма, по површината на нивите се среќаваат остатоци од топена бакарна руда и фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Чешме Јани**, населба од римското и доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, на блага падина покрај античката магистрала се гледаат остатоци од помала населба. Најдени се и монети од Јустинијан I кои се чуваат во Музејот на Македонија.
Микулчиќ Г., 1987, 181. (Г.М.)

## 9. КАЗАНДОЛ

**Казандолска Река**, населба од римското време. Западно од селото по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и многуброен градежен материјал. Интересно е тоа што овде е најдено депо од рударски алатки и згура од топена руда.
Mikul~i} I., TIR, 69. (Р.П.)

**Мандара Чешма**, утврдена средновековна населба. Јужно од селото, на висок рид со зарамнето плато се евидентирани остатоци од одбранбен бедем. (Д.Г.)

## 10. КОЧУЛИ

**Кале**, утврдена средновековна населба. Северно од селото, над малата река Карант, на површина од околу 2 декара се гледаат остатоци од одбранбен ѕид. (Д.Г.)

## 11. МАРВИНЦИ

**Исар**, населба и некропола со континуитет од VII век пред н.е. до VI век од н.е. Се наоѓа непосредно до селото, од неговата југозападна страна, на мошне пристапна височинка со извонреден поглед кон Валандовска Котлина и долината на Вардар.

Првиот податок што се однесува на Исар потекнува од Првата светска војна, кога се откриени неколку наоди од постарото железно време и објавени од В. Пингел, а во поново време и од Р. Васиќ. Во нашата стручна литература тој е првпат регистриран со археолошките рекогносцирања од 1952/53 година. Малку подоцна, од страна на Б. Јосифовска Драгојевиќ се проучени и објавени низа случајни наоди (натписи, монети), како и резултатите од заштитното археолошко ископување на местото наречено Порта, изведено во 1961 година од страна на Археолошкиот музеј на Македонија од Скопје. Од 1977 година ископувањата на локалитетот се изведуваат континуирано во рамките на проектот „Долината на Вардар во првиот милениум пред нашата ера“.

Во најраниот период на своето постоење, населбата се протегала на просторот опфатен со Исар I и Исар II и зафаќала околу 5 хектара. Исар I всушност претставува акропол на населбата, подигнат на височинка пространа за опстанок. Акрополот бил закрепен со одбранбени бедеми и како таков егзистирал преку целиот хеленистички период. Западниот раб на платото е користен како складиште за чување на жито, што може да се заклучи според една серија на длабоко вкопани питоси поставени еден до друг. Во тоа време е населен и просторот на Исар II (сектор 5) – остатоците од куќи констатирани во сондата 6, со карактеристичен материјал, го потврдуваат ова. Иако не се вршени пробни ископувања, судејќи според конфигурацијата на теренот, може да претпоставиме дека западната тераса на Исар II ја заштитувал одбранбен бедем. Населбата од овие два пункта постапно се шири, па во текот на хеленистичкото време се населени и најблиските тераси. На овој начин конципирана, населбата имала карактер на економски, стратегиски и религиозен центар во овој регион.

Архитектонските остатоци откриени на истражениот простор предимно им припаѓаат на станбени објекти, а последната фаза на објектот дава индиции да го сметаме како керамичка работилница. Начинот на градењето во најстариот период е мошне примитивен. Тоа се куќи градени од плет и облепени со куќен лепеж, при што како носачи се употребени масивни греди. Меѓутоа, кон средината на IV век изразито се менува системот на градбата, кога се јавуваат објекти градени од делкан камен, правилно реден, но врзан со кал. Малтерот како врзно средство не е констатиран ниту во текот на хеленистичкиот период. Во ова време тој е употребуван само како облога на ѕидовите градени од необработен камен.

Исар, с. Марвинци. – Остатоци од куќа
од доцнохеленистичкото време

Иако истражувањата не се вршени на широк план, и сега може да се констатира дека на Исарот се работи за правоаголен систем на градба, каде што е применет пастаден тип на станбени куќи.

Стратиграфските податоци укажуваат на три, односно четири хоризонти на живеење, од кои повеќето се уништени со уривање. Најстариот хоризонт, во пробната сонда 6 и во Кв. 7А, 8А и 8Б, настрадал во пожар, кој условно би можел да се датира на почетокот на III век пред н.е. и да се поврзе со уништувањето на градот во времето на келтската наезда од 279 година пред н.е. Подвижниот археолошки материјал најавува континуитет на населбата без позначителни прекини. Античката стока

што почнува да се јавува во последните три децении на V век, продолжува да се увезува и во текот на IV век пред н.е. Но истовремено тука доаѓа и стока од Коринт. Изгледа дека врските со Мала Азија (Јонија) се исто така интензивни. Можеме да ги следиме уште од времето на претходната епоха, преку керамиката што редовно се јавува во гробовите од постарото железно време, па преку тасоските и родоските амфори од класичната епоха, до доцнохеленистичкото време, кога извесни керамички форми можеме да им ги припишеме на поголемите производни центри во Мала Азија. Додека во текот на IV век среќаваме локални керамички производи со длабока автохтона традиција, како и локално имитирање на грчките форми, во текот на хеленистичката епоха настанува еден општ просперитет. Старите традиции се губат и подвижниот археолошки материјал покажува целосно прифаќање на хеленистичките придобивки, кои во ист вид ги среќаваме кај сите хеленизирани градови, независно од нивната географска оддалеченост од егејскиот регион. Во текот на хеленистичката епоха се чувствуваат врските со соседните водечки културни центри на Македонија (Пела, Бероја, Тесалоника, Амфиполис). Монетите на овие градови се јавуваат како единствено платежно средство. Малобројните примероци на накит најверојатно потекнуваат од златарските работилници на овој регион. Локалното производство на теракоти е под влијание на стилот што го развиваат коропластите на Пела, Бероја и Амфиполис. Формите и квалитетот на керамичките садови се аналогни на многубројните наоди од овој вид откривани предимно во некрополите на Пела, Тесалоника и Амфиполис. Локалното керамичко производство не само што ги следи современите форми туку и по својот квалитет наполно одговара на производите од поголемите центри.

Во текот на подолг временски период (од крајот на V до средината на II век пред н.е.) за погребување се користи Јужната некропола. Откриените гробови со богата содржина даваат јасна слика за промените во начинот на погребувањата и погребниот ритус.

Иако истражувањата на Исарот се во почетна фаза, и во овој момент можеме да констатираме

Исар, с. Марвинци. – Кибела и лав, теракота од доцнохеленистичкото време

дека располагаме со една значително голема населба, која својот економски потенцијал го развила под локалните услови, прераснувајќи од помала агломерација во населба од градски тип. Нејзиниот опстанок е базиран пред сè врз развиеното земјоделство, а секако и врз сточарството. Уште во текот на раниот хеленизам, како значајна стопанска гранка се јавува рударството што го овозможувало присуството на рудни лежишта во регионот. Материјалните остатоци зборуваат дека рудата е обработувана во самата населба. Оваа појава не треба да зачудува кога се знае дека рударството во Пајонија имало длабока традиција.

Меѓу значајните занаети особено место му припаѓа на керамичкиот. Во градот на Исарот уште во текот на IV век пред н.е. работат локални грнчари чии производи можеме да ги распознаеме по еднородноста на глината и по застапените форми на садови. Знаеме дури и за еден грнчар со сопствен амблем – морски рак. Во текот на хеленистичкото време, покрај керамиката за секојдневна употреба, изработувана е и калапената „мегарска“ керамика, за што сведочат повеќе калапи откриени на локалитетот. Гранчарството како традиција се задржало и во текот на римската епоха, со расцутот во текот на III век.

Во подоцнежното хеленистичко време, како посебен керамички занает се јавува коропластиката. Локалните коропласти изработуваат теракоти во кои го внесуваат сопствениот израз. Во неколку зачувани женски глави распознаваме ликови што наполно отстапуваат од вообичаените типови – грчки, по својот уметнички карактер познати во сите медитерански земји. Коропластиката, која играла значајна улога во антиката, особено во предримското време, макар и со намален интензитет, се одржала и во текот на раното Римско Царство.

Последната хеленистичка фаза на сите испитани пунктови е проследена со една појава манифестирана со масовно и, како што изгледа, едновремено уривање на објектите. Изгледа дека овој настан имал големи размери, што предизвикало извесно стагнирање на животот во населбата. Републиканските монети се ретки. Керамиката карактеристична за доцниот хеленизам е сосема спорадична. Ова осиромашување всушност се совпаѓа со дефинитивното покорување на Македонија од страна на Римјаните, кое пак ќе трае до времето на Август, кога настанува нов полет во градовите на Македонија, па и во нашиот град на Исарот.

Во времето на раното Римско Царство населбата се развива и се проширува. Изгледа дека во ова време западниот крај на акрополот не бил населен, додека североисточниот дел има траги од живот. Градот во ова време се шири и ги опфаќа соседните тераси. По должината на североисточната

тераса опфатена со секторот VII се подигнати станбени објекти. Судејќи според обемниот керамички материјал, нивниот најголем интензитет на живеење паѓа во третиот век. Покрај овие објекти минувал водовод. На северозападната тераса е констатиран објект со под во техниката opus sectile. На југозападното подножје од акрополот е откриен храм подигнат од страна на еден македонијарх, а посветен на Хераклe, односно на императорот Комод. Одделни архитектонски блокови, откриени на секторот I, вградени во ѕидовите на подоцнежните објекти, укажуваат дека во соседството постоеле и други солидно градени јавни или приватни објекти.

Обемниот археолошки материјал покажува дека градот во ова време доживува нагласен процут. Во I век претставувал автономна општина – полис, каде што постоел конвент на доселени Римјани. Податоците за постоење на магистрати – политарси, покажуваат дека градот бил организиран на грчко-македонски начин. Монетите и керамичките наоди зборуваат дека одржувал живи трговски врски со напредните центри на Мала Азија и Тесалија, со соседните градови Тесалоника, Пела, Бероја. Дедикантот на храмот, еден македонијарх – висок функционер во македонскиот коинон чие седиште се наоѓало во Бероја, бил по потекло од нашиот град на Исарот. И авторот на една женска статуа, од која е зачуван само базисот со потписот на уметникот, е роден во Бероја. Мермерните статуи и релјефи, како и надгробните споменици со портретни претстави, зборуваат дека градот не заостанувал во културна смисла зад другите македонски градови од тоа време.

Кон средината на III век, најверојатно во времето на готската наезда од 268 година, градот осетно настрадал. Овој историски податок се потврдува и со археолошките истражувања и со општиот впечаток за развојот на градот. Тој набргу се обновува и живее со несмален интензитет. Југоисточното подножје под акрополот сега се оградува со одбранбен

Исар, с. Марвинци. – Акропол, храмот посветен на Хераклe – Комод

Исар, с. Марвинци. – Акропол, натпис од храмот

бедем и се претвора во утврден каструм. Најверојатно неговото подигање се совпаѓа со владеењето на Диоклецијан, кога се преземени големи фортификациски зафати на Балканот. Во бедемите сега се вградувани споменици и блокови од архитектонска декоративна пластика, како обичен градежен материјал, што зборува за тоа дека преживеаната катастрофа била со големи размери, а вградените споменици, кои дотогаш претставувале гордост на градот, сега го загубиле сето значење.

Колкава ролја одиграл овој каструм, тешко е да се каже. Во секој случај, во подоцнежното време е користен како простор за живеење. Едно е сигурно: објектите од последната фаза, чија долна граница е тешко прецизно да се утврди, се градени без особен план; зачуваните темелни партии, со редовно вградувани сполии, се од камен и кал.

Во североисточното подножје на Исарот се констатирани остатоци од објекти за кои исто така не може во овој момент да се каже кога се подигнати. Во моментов судејќи според наодите, тие егзистирале во текот на IV век.

Во текот на III и IV век Јужната некропола повторно се користи како простор за погребување. Со погребувањата од ова време се уништени многу постари гробови. Како една од позначајните појави е присуството на нов етнички елемент кој се одразува во карактерот на гробните прилози, туѓи на Римјаните.

До кога и со колкав интензитет се одржал животот на градот на Исарот сè уште не може да се утврди. Архитектонските објекти и подвижниот археолошки материјал го потврдуваат животот во текот на V и VI век. Меѓутоа, со првиот откоп на Кв. К15 е откриена чанковидна монета на Исак Ангел. Натамошните ископувања секако ќе внесат нова светлина во постоењето и содржината на градот во ова време.

Изнесените претпоставки за иднетификувањето на населбата со градовите Идомене или Добер остануваат сè уште недоволно потврдени.

Матријалите откриени со ископувањата од 1977 до 1986 година и подоцна се чуваат во Музејот на Македонија, а случајните во Музејот на гевгелискиот крај.

Грбић М., 1954, 115; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1958, 295; Томовски К., Ќорнаков М., 1959, 29; Јосифовска Драгојевиќ Б.,1959, 285; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1965, 137; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1967, 307; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1970, 353; Картов В., 1972; Josifovska Dragojevi} B., TIR, 63; Sokolovska V., 1979, 42; Sokolovska V., 1980-1981, 116; Sokolovska V., 1982, 477; Sokolovska V., 1982a; Соколовска В., 1986; Соколовска В., 1987; Битракова Грозданова В., 1987; Петрова Е., 1991, 49. (В.Со.)

**Сред село**, некропола од хеленистичкото време. Во непосредната близина на селската задруга, на патот Марвинци-Балинци е откриен гроб со повеќе хеленистички наоди. Има индиции за постоење и на повеќе гробови. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Соколовска В., 1986. (Р.П.)

**Ќурќиевица**, некропола од железното време. На источната периферија на селото се откриени гробови со конструкција од камени плочи – тип циста, во кои биле најдени повеќе бронзени предмети карактеристични за постарата фаза на железното време. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Р.П.)

**Црква**, случаен наод од римското време. Недалеку од селската црква се наоѓа мермерно торзо од машка војничка статуа, зачувана во висина од 1,5 m.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1958, 9. (Б.Ј.)

## 12. ПИРАВА

**Карталово Седело**, населба од хеленистичкото и римското време. На околу 2,5 km северозападно од селото, на мал простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Mikul~i} I.,TIR, 101. (Р.П.)

**Крстот**, некропола од доцноантичкото време. На северозападниот раб на селото се констатирани гробови од камени плочи – тип циста. Откриена е и гробница со свод од тули, без гробни прилози.
Лилчиќ В., 1987, 149. (Р.П.)

**Турски Гробишта**, светилиште – мавзолеј од римското време. На 1 km југозападно од селото се откриени два монолитни мермерни фронтони со обични акротерии – елементи од мало светилиште.
Mikul~i} I., TIR, 101. (Р.П.)

**Чарго**, населба од римското време. На блага височинка, оддалечена југозападно од селото на околу 1.300 m, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 101. (Р.П.)

13. РАБРОВО

**Ковачилница**, средновековен рудник. Источно од селото, во непосредната близина на грчките гробишта, според податоците од К. Петров од Валандово, во реонот на рудникот била откриена стара јама. Влезот, кој денес се гледа, има форма на трапез со димензии од 2,10 m висина и 0,80 m ширина. Во овој стар рудник во 1942 година биле најдени дрвени алатки и торби од кожа кои не се зачувани. (А.К.)

14. СОБРИ

**Бела Чешма**, некропола од железното време. Во лозјата на ЗИК „Анска Река“ од десната страна на патот за селото Собри, при обработувањето на земјата во 1975 година се откриени големи камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Р.П.)

**Голема Црква**, средновековна црква и некропола. На 300 m јужно од селото, на мало плато се гледаат остатоци од сакрален објект и камени плочи од гробни конструкции. Според преданијата на мештаните, црквата била посветена на св. Димитрија. (Д.Г.)

**Гробишта**, некропола од железното време. На 1,5 km источно од селото, над десниот брег на Анска Река, на една коса тераса, со пад од север кон југ, се забележуваат многубројни големи монолитни плочи со димензии од 2,20 x 0,80 m. Под плочите се оцртуваат конструкции на гробови од типот цисти. Целиот терен е обраснат со ниска густа вегетација која го отежнува движењето меѓу гробовите. (М.И.)

# V. ВЕЛЕС


1. Бањица ... 61
2. Башино Село ... 61
3. Белештевица ... 61
4. Бистрица ... 61
5. Богомила ... 61
6. Бусилци ... 61
7. Велес ... 61
8. Виничани ... 62
9. Владиловци ... 63
10. Водоврати ... 63
11. Војница ... 64
12. Габровник ... 64
13. Голозинци ... 64
14. Градско ... 64
15. Грнчиште ... 75
16. Двориште ... 75
17. Долно Оризари ... 75
18. Долно Чичево ... 75
19. Дреново ... 76
20. Еловец ... 76
21. Згрополци ... 77
22. Иванковци ... 77
23. Извор ... 77
24. Караслари ... 77
25. Кочилари ... 78
26. Крајници ... 78
27. Крива Круша ... 78
28. Крнино ... 78
29. Кумарино ... 78
30. Лисиче ... 78
31. Лугунци ... 78
32. Мамутчево ... 79
33. Мартолци ... 79
34. Нежилово ... 79
35. Ногаевци ... 79
36. Оморани ... 79
37. Ораовец ... 79
38. Ораов Дол ... 79
39. Отиштино ... 80
40. Подлес ... 80
41. Поменово ... 80
42. Раковец ... 80
43. Раштани ... 80
44. Рудник ... 81
45. Свеќани ... 81
46. Скачинци ... 81
47. Сливник ... 81
48. Сл’п ... 81
49. Смиловци ... 81
50. Сојаклари ... 82
51. Сопот ... 82
52. Стари Град ... 82
53. Теово ... 83
54. Убого ... 84
55. Уланци ... 87
56. Црквино ... 87
57. Чалошево ... 88
58. Чашка ... 88
59. Џидимирци ... 88

## 1. БАЊИЦА

**Бањичко Кале**, градиште од доцноантичкото време. На 5 km југозападно од селото, на доминантен рид со зарамнет врв, кој зафаќа површина од околу 2 декара, има видливи остатоци од ѕидови во должина од 150 m. Во внатрешноста на градиштето се гледаат остатоци од ѕидови на повеќе објекти, големо количество градежен материјал, фрагменти од керамички садови и монети.
Mikul~i} I., TIR, 20; Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198; Микулчиќ Г., 1987, 191. (Ѓ.П.)

**Глаучица**, утврдена населба од римското време. На 2 km јужно од селото, на десниот брег на селската река и покрај патот за Отиштино, на една мала височина во вид на голем тумул има видливи ѕидови од кршен камен и варов малтер, а во средишниот дел на утврдувањето постојат контури од објект. По површината се среќава множество фрагменти од керамички садови, тегули и градежен материјал.
Грбић М., 1954, 51-63; Mikul~i} I., TIR, 20; Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

## 2. БАШИНО СЕЛО

**Бела Вода**, населба од римското време. На 5 km североисточно од селото и околу 300 m пред утоката на Бела Вода во езерото Младост, при подготовката на земјиштето за лозови насади се откриени темели од повеќе објекти, а по површината на лозјето се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. (Ѓ.П.)

**Кале – Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km североисточно од селото, од левата страна на патот Велес – езеро „Младост“, на висок рид со зарамнето плато има видливи остатоци од високи ѕидови од утврдувањето. Во внатрешноста се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, архитектонска пластика и градежен материјал. Најдени се и монети од V-VI век. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Керамидчиев А., 1961, 115; Mikul~i} I., TIR, 23. (Ѓ.П.)

**Теќе**, населба од бронзеното и доцноантичкото време. На 2 km источно од селото, на просторот помеѓу подножјето на врвот Кале и малата височинка наречена Теќе, на местото каде Отавичка Река се влева во езерото „Младост“, при подготовките за садење на лозјата се откриени голем број фрагменти од керамички садови карактеристични за бронзеното време. Исто така, по површината се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал од доцноантичкото време. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес и во Музејот на Македонија.
Керамидчиев А., 1961, 120. (Ѓ.П.)

## 3. БЕЛЕШТЕВИЦА

**Солиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото и веднаш покрај патот Раштани-Белештевица, на површина од околу 2,5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, грамади од камен, а видливи се и контури на темели од ѕидови на повеќе објекти. Од овој локалитет потекнува и една стела со релјеф и грчки натпис. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

## 4. БИСТРИЦА

**Липовица**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km североисточно од селото, на површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и грамади од камен. Од овде потекнува и една бронзена византиска монета што се чува во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

## 5. БОГОМИЛА

**Ивановско Маало**, населба од доцноантичкото време. На североисточната страна на селото, на еден срт со зарамнето плато и површина од 0,7 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Ѓ.П.)

## 6. БУСИЛЦИ

**Кале – Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2,5 km југоисточно од селото, од левата страна на реката Бабуна, на височинка со зарамнето плато спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ѓ.П.)

## 7. ВЕЛЕС

**Винарска визба**, некропола од римското време. На 2 km северно од градот, на левата страна на Вардар, при изградбата на винарската визба на А.К. „Лозар“ се пронајдени гробови со кремирање и инхумација. И. Микулчиќ мисли дека од овој локалитет потекнуваат 15 стели од мермер со релјефни претстави и грчки натпис. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје и во Народниот музеј во Велес.
Вулић Н., Сп. LXXI, 48-60; Mikul~i} I., TIR, 125. (Ѓ.П.)

**Кале** градиште од доцноантичкото време. Јужно од Велес, кај утоката на реката Тополка во Вардар, на висок и тешко пристапен рид се гледаат остатоци од утврдување. По површината се забележуваат кон-

Кале, Велес. – Градиште од доцноантичкото време (И.М.)

тури од ѕидови на повеќе објекти, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.

Папазоглу Ф., 1957, 231-232; Josifovska Dragojevi} B., TIR, 119; Микулчиќ Г., 1987, 192. (Ѓ.П.)

**Петрова Чешма**, могила од римското време. Лево од современиот пат Велес-Штип, во близината на бензинската пумпа и рампата на железничката пруга се наоѓа тумул со елипсовидна основа, со околу 20-21 m ширина во основата и 4-5 m зачувана височина. (Ѓ.П.)

## 8. ВИНИЧАНИ

**Абдови Карпи**, населба од римското време. На 3 km западно од селото, на левиот брег на Виничанска Река, на мала височинка се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 111. (Б.Ј.)

**Алишовски Пат**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, на простор од околу 1,5 хектар, при обработувањето на земјата се откриени повеќе гробови со конструкција од камени плочи и тегули. Ориентацијата на гробовите е исток-запад. (Ѓ.П.)

**Бурлатица**, населба од доцноантичкото време и некропола од раниот среден век. На 2,5-3 km источно од селото, лево од современиот пат Скопје-Гевгелија, на површина од 1,5 хектар, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. Откриени се и делови од мермерна архитектонска пластика: капители, импости, бази и др. При копањето на каналот за наводнување, точно на местото спроти утоката на Брегалница во Вардар се откриени дваесетина рανословенски гробови со конструкција од камени плочи и со богати гробни прилози. Заштитни ископувања се вршени во 1958 година. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Бабиќ Б., 1974. (Ѓ.П.)

**Гробовите**, некропола од доцноантичкото време. На десната страна од стариот пат за Велес, на местото каде што се двои патот за Свеќани има видливи ѕидови – темели ѕидани од големи блокови со хидрауличен малтер. По површината се среќаваат грамади од градежен материјал. На овој простор е откриена голема ѕидана гробница. (Б.Ј.)

**Гумења**, населба и некропола од римското време. На источниот крај на селото, од десната страна на патот што води кон селото, на просторот на последните куќи, на едно зарамнето плато со површина од 1,5 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. При обработувањето на земјата се откриени и ѕидови од повеќе објекти ѕидани од камен и варов малтер. Од овој локалитет потекнуваат и две надгробни стели кои се пренесени во

Стоби. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес и во Археолошката збирка во Стоби. (Ѓ.П.)

**Дупен Камен**, осамен наод од римското време. Кај излезот од селото, лево од патот што води за Велес се наоѓа еден четвртест мермерен блок со четвртест отвор на средината. Од сите страни е профилиран и украсен со две низи астрагали. Денес тој има култно значење за населението од околните села. Не се знае од каде е ниту пак во кое време бил донесен на ова место.
Јосифовска Драгојевић Б., 1965, 127. (Б.Ј.)

**Ѓурѓевица**, населба од римското време. На 3,5 km југозападно од селото, на левиот брег на Водовратска Река и на 1 km десно од современиот пат Велес-Градско, на површина од околу 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Има видливи ѕидови од објект со кружна основа, со пречник од околу 13 m, ѕидани од камен и варов малтер. (Ѓ.П.)

**Св. Илија**, населба од бронзеното време и утврдена населба од римското време. На југоисточниот дел на селото, од десната страна на патот за Градско, на височинка со зарамнето плато има остатоци од одбранбен бедем, а по површината, која зафаќа 2,5 до 3 хектара, се среќаваат фрагменти од керамички садови од бронзеното време и многубројни фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал од римското време.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Ѓ.П.)

**Тумба**, некропола од доцниот среден век. На мала височинка кај излезот од селото, покрај патот што води за селото Свеќани се откриени повеќе гробови градени од камени плочи. (Б.Ј.)

**Црква**, средновековна црква и некропола. На источниот дел од селото се гледаат грамади од камења и остатоци од темели на мала еднокорабна црква со димензии од 6 x 4 m, со апсида на источната страна. Околу црквата има гробови градени од камени плочи. (Б.Ј.)

## 9. ВЛАДИЛОВЦИ

**Јасеново**, некропола од римското време. На 1 km западно од селото, во подножјето на планинскиот врв Јасенова Глава, при изградбата на патот за манастирот се откриени римски гробови со конструкција од тегули и камени плочи. Оттука потекнува и надгробна стела со грчки натпис, која се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, 64; Mikul~i} I., TIR, 133. (Ѓ.П.)
**Стара Црква**, населба и некропола од доцноантичкото време и средновековна црква со некропола. На 500 m западно од селото, од левата страна на патот - што води кон селото, на површина од 0,7 хектара, при обработувањето на земјата се пронајдени ѕидови на повеќе објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и камени блокови. Видливи се и гробови со конструкција од камени плочи и тегули. Според преданието кај жителите, овде имало црква.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 113. (Ѓ.П.)

## 10. ВОДОВРАТИ

**Видин**, населба од бронзеното и раноантичкото време.

Во античките извори се споменуваат неколку градови што го носеле името Argos, од кои еден се наоѓал на територијата на нашата земја, што е посведочено со три грчки почесни натписи. Едниот од нив, подигнат во чест на императоротр Гордијан, е пронајден во Прилеп. Вториот, посветен на градскиот добротвор Јулиј Касијан, според Н. Вулиќ, наводно потекнувал од селото Скачинци, каде што бил вѕидан во црквата Константин и Елена. Меѓутоа, црквата не се наоѓа во ова село, туку на истоимениот рид, во близината на селото Свеќани, што е констатирано со рекогносцирањето во 1955 година. Третиот натпис е пронајден во селото Водоврати, кое лежи на околу 9 km северозападно од Стоби и 3 km од Вардар. Потекнува од локалитетот Видин, што се издига околу 0,5 km северозападно од централниот дел на селото. Натписот е подигнат во чест на проконзулот Л. Јулиј, градител и патрон на градот.

Што се однесува до локализирањето на градот Аргос, поставени се следниве хипотези: Н. Вулиќ и Хонигман претпоставуваат дека градот можеби се наоѓал кај Стари Град, И. Венедиков смета дека се наоѓал помеѓу Скачинци и Извор, а Б. Јосифовска го има лоцирано на локалитетот Видин, што науката го прифатила. Локалитетот Видин претставува издолжено плато во подножјето на ридот Белград, каде што има градиште обградено од две рекички кои, по соединувањето, се влеваат во Вардар. Силно истакнатиот археолошки карактер на овој локалитет, што за првпат бил констатиран уште во 1924 година од В. Радовановиќ, неговата географска местоположба и фактот дека во близината се пронајдени два натписа со името на градот, доста точно зборуваат во прилог на мислењето дека Аргос се наоѓал токму овде, на овој локалитет, во селото Водоврати.

Аргос во провинцијата Macedonia II, Хиерокле (641) го наведува веднаш по Стоби. Градот се споменува и кај Стефан Византиски. На него, а не на Argos Oresticon, се однесува и познатиот натпис од Лета (Ајвати, северно од Солун), подигнат во 119 година пред н.е. во чест на квесторот Марко Аниј, кој го содржи податокот за победата на Римјаните над Галатите и Медите со која биле спасени Македонија и градот Лета. Пространата рамнина, каде Брегалница се влева во Вардар, кон која од локалитетот има прекрасна глетка, нема сомнение дека

била поприште на тој значаен историски настан. Градот е посведочен од крајот на II век пред н.е. па сè до крајот на античкиот период. Меѓутоа, керамичките наоди укажуваат на постоење на живот на овој локалитет и многу порано, уште во бронзеното време.

Радовановић С. В., 1924, 465; Вулић Н., Сп. LXXI; Вулић Н., Сп. XCVIII, 363; Вулић Н., 1938; Венедиков И., 1943, 38; Јосифовска Б., 1953, 223; Папазоглу Ф., 1957, 232; Јосифовска Драгојевић Б., 1965, 118; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107; Hammond N. G. L., 1972, 79; Josifovska Dragojevi} B., 1976, 17; Papazoglu F., 1988, 311 и 309. (Б.Ј.)

**Водовратски пат**, некропола од преминот на бронзеното во железното време. На 4,5 km од Градско и 2,5 km од селото Водоврати, на самиот пат Градско-Водоврати се констатирани остатоци од растурени гробни конструкции – цисти од камени плочи. Во 1954 и 1992 година се вршени археолошки ископувања при што биле откриени 24 гроба од XIII-XII век пред н.е. Погребувањата се со инхумации во згрчена положба во конструкции од обични јами или цисти од плочи. Гробовите се поставени во правец запад-исток и организирани во редови по линијата север-југ. (Д.М.)

**Главје**, населба од неолитското време. На 500 m североисточно од селото, на десниот брег на Водовратска Река, на блага падина од околу 0,4 хектара, што се спушта кон реката, се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба и фина фактура, како и сликани. (Ѓ.П.)

**Мелништа**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km југоисточно од селото, на десната страна од патот Градско-Водоврати, и на десниот брег на Водовратска Река, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, водоводни цевки – тубулуси, и градежен материјал. На северниот крај на локалитетот има видливи гробови со конструкција од камени плочи. (Ѓ.П.)

**Црква**, средновековна црква и некропола. Западно од селото, во нивата на Ј. Кришан (учителка) има грамади од градежен материјал и, според изворното предание, остатоци од средновековна црква. Во непосредната близина, во профилот има видливи гробови со конструкција од камени плочи.

Јосифовска Драгојевић Б., 1965, 124. (Б.Ј.)

**Црквиште**, осамен наод од римското време. Пред селската џамија има база од бел мермер со грчки натпис. Во еден од надворешните ѕидови на џамијата е всидана мермерна стела декорирана со розета. Според податоците добиени од месното население, споменициите се донесени од локалитетот Видин Град.

Јосифовска Б., 1953, 222; Јосифовска Драгојевић Б., 1965, 125; Josifovska Dragojevi} B., TIR, 17. (Б.Ј.)

## 11. ВОЈНИЦА

**Обрамос**, населба од римското време. На околу 4 km западно од селото и околу 1 km пред утоката на реката Белка во Бабуна, на површина од 3 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и големо количество кршен камен. (Ѓ.П.)

**Ритчиња**, населба од римското време. На североисточниот раб на селото, на површина од околу 3 хектара се среќава голем број фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Наодите се чуваат кај поединци од селото и во Народниот музеј од Велес. (Ѓ.П.)

## 12. ГАБРОВНИК

**Поповица**, населба од римското време. На 1,5 km северно од селото, од двете страни на патот, на простор од 0,5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Биле најдени и повеќе монети кои не се зачувани. (Ѓ.П.)

## 13. ГОЛОЗИНЦИ

**Големи Баби**, населба од римското време. Во местото Рамниште, кое се наоѓа на десниот брег на Тополка, на 2 km југоисточно од селото има простор со површина од 700 x 50 m на кој се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал, потоа делови од мермерна архитектонска пластика и водоводни керамички цевки – тубули. Оттука потекнува торзо од женска статуа што се чува во Народниот музеј во Велес.

Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

**Ридот**, населба од неолитското време. На околу 300 m северозападно од селото, во нивите што лежат на десниот брег на Тополка се наоѓа голем број фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. (Ѓ.П.)

## 14. ГРАДСКО

**Стоби – Stoboi**, градска населба од античкото време.

Убицирањето на стариот антички град Стоби, на утоката на Црна Река (Erigon) во Вардар (Axius), е направено уште од крајот на XIX век. Градот се наоѓал на 160 km северозападно од Солун, на магистралниот пат што водел од Дунав кон Егејско Море, поради што имал мошне значајна стратегиска, воена и трговска положба во античкиот период.

Стоби се наоѓа расположен на три ниски тераси што се спуштаат кон Црна, опкружен со двоен бедем од ѕидови со кули и порти, од кои главната се наоѓа на западната страна. На просторот од Гро-

бишната црква па сè до базиликата во селото Паликура се наоѓаат некрополите на градот од римското и доцноантичкото време и средниот век.

Врз основа на историските и литературните податоци, градот првпат се споменува во 197 година пред н.е. (Livie XXXIII, 19, 3). Меѓутоа, поновите истражувања укажуваат, врз основа на евидентираниот археолошки материјал, многу постари почетоци на една населба на овој простор, и тоа во VII и VI век пред н.е.

Стариот град, расположен на левиот брег на Црна Река, е идентификуван како Стоби од J. G. Hahn и L. Heuzey во XIX век. Во 1902 година овде се изведувани извесни истражувања од A. Premerstein и Н. Вулиќ. Откривањето на некои објекти од овој град започнало во времето на Првата светска војна.

Со систематски археолошки истражувања и ископувања во Стоби започнал Народниот музеј од Белград, од 1924 до 1934 година. Потоа истражувањата продолжиле, со мали прекини, до 1940 година. Со овие ископувања е откриен познатиот урбан дел на доцноантичкиот град Стоби, со повеќе јавни и приватни градби. Тогаш се откриени и Театарот и повеќе црковни објекти од IV-VI век, од кои поголем дел се наоѓаат во централното и во западното подрачје на стариот град.

По Втората светска војна во Стоби се започнало со опсежни археолошки истражувања и ревизиони ископувања. На поголем број откриени објекти во Стоби се изведени заштитни конзерваторски интервенции или комплетна конзервација, со што поголемиот откриен урбан дел од градот е оспособен за презентација. Археолошките истражувања и конзерваторските работи се изведени во организација на Археолошкиот музеј од Скопје и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата. Со овие истражувања се откриени доцнохеленистички гробови во големата резиденција позната како Перистериева палата. Во Цивилната базилика, во долните слоеви е откриен архајски материјал, а во Централната базилика – постариот под од Синагога II. Во Северната базилика се откриени постари архитектонски структури и 23 словенски гроба.

Работите на истражувањата во Стоби се интензивирани од 1970 до 1980 година од една југословенско-американска екипа. Во овој временски период се изведени повеќе ревизиони истражувања на веќе откриени објекти и нови археолошки ископу-

Стоби. – Панорама на градот

вања на Западната некропола, Casa Romana и на водоводната мрежа на Стоби. Овие ископувања се проследени со конзерваторски работи како на недвижните архитектонски објекти, на мозаичните подови и фрескоживописот, така и на подвижниот археолошки материјал

Овие систематски истражувања се изведувани со цел во целост да се проучат и истражат неколку веќе откриени градби, како Театарот, Епископската базилика, Централната базилика со Синагогата и градбата на Валавицата. Истражувањата се вршени со цел да се утврдат границите на простирањето на градот од неговото основање, времето на неговиот процут и неговото пропаѓање. Конечната цел на истражувањата беше да се објаснат состојбата и начинот на живеењето, социјалната состојба, развитокот на уметноста, трговијата, занаетчиството и религијата во градот Стоби.

Од 1981 до 1988 година се вршат истражувања во Епископската базилика под чии темели се откриени двете градежни фази на старата Епископска базилика и на објекти крај бедемот.

Истражувањата во Стоби во последниве години, преку многуте откриени остатоци од материјалната култура, овозможија нови сознанија за политичкиот, трговскиот, воениот и верскиот живот во овој град. Едноставно речено, за историјата на Стоби од III век пред н.е. до доцниот VI век од новата ера. Овој град од мала но стратегиски мошне значајна пајонска и подоцна македонска населба, во раноримскиот период израснува во голем и мошне развиен муниципиум. Подоцна, како седиште на провинцијата Macedonia II, епископско седиште во доцниот римски период, и по големите пустошења при варварските инвазии, градот го населуваат словенски племиња.

## Историски податоци

Стариот град Стоби за првпат е споменат во 197 година пред н.е. кај Ливиј (XXXIII, I, 3). Тој споменува дека градот се наоѓа на утоката на Erigon (Црна Река) во Axius (Вардар), кога Филип V, крал на Македонија, ги победил Дарданците.

Според археолошките податоци, градот е подигнат во хеленистичкиот период, не многу пред владеењето на Филип V. Со истражувањата, под неколку градби во централното подрачје на подоцнежниот град се констатирани слоеви од III и II век пред н.е., а пронајдени се и бронзени предмети од класичниот и архајскиот период, како и поединечни керамички наоди од неолитското и железното време.

Во 168 година пред н.е., со победата на Римјаните над македонскиот крал Персеј, Македонија е поделена на четири области, со задржана извесна самостојност. Тогаш Стоби станува центар на трговијата со сол на целата трета област.

Во 148 година пред н.е. Македонија сосема ја губи својата самостојност и станува римска провинција. Во времето на владеењето на Август (од 31 година пред н.е. до 14 година од н.е.) градот се проширува поради зголемувањето на бројот на населението. Повеќето хеленистички гробови во дворот на Перистериевата палата се покриени со слој од земја и врз него биле подигнати градби. Градот се шири кон југ и запад. За наглото негово ширење, предизвикано со зголемувањето на бројот на жителите, се смета дека сведочат и 55-те гроба од Западната некропола, откриени во 1970/1971 година недалеку од Порта Хераклеја

Ширењето на градот се поврзува и со унапредувањето на статусот на градот во ранг на муниципиум, во 69 година од н.е. Тогаш почнуваат да се коваат и пари со натпис Municipium Stobensium. Дека градот имал ваков статус потврдуваат и повеќето откриени натписи. Граѓаните на Стоби уживале Ius Italicum и биле граѓани на Рим, а припаѓале на племињата Аемила и Тромента.

Стоби. – Портрет на девојка од римското време

Раниот и средниот римски период се периоди на процутот на Стоби. На ова укажуваат повеќе натписи на споменицитe. За благосостојбата на градот сведочи и големата палата недалеку од источната страна на градскиот бедем, во која се откриени извонредно изработени релјефни штукатури и фрескоживопис со ликовни претстави.

Од светилиштата е откриен храмот на Немеза во Театарот. Секако дека постоеле и други светилишта во самиот град, бидејќи постојат податоци дека во Стоби се почитувале Хигија и Телесфор, Артемида Лохија, Аполон Клариос, Јупитер, Дионис и Хера.

Најимпозантен споменик од римскиот период е секако Театарот, подигнат во II-III век. Градскиот бедем е од III век, а внатрешниот бедем, подигнат на источната страна, е од доцниот IV век, кога источниот дел на надворешниот бедем бил напуштен или, поради опасност од варварските напади, била зајакната источната страна која била и најзагрозена. Бидејќи требало да има подобра и посигурна заштита, внатрешниот бедем бил подигнат преку големи градби од јавен карактер, со добро зачувани мозаични подови.

Во старохристијанскиот период Стоби бил, исто така, значаен и влијателен град. Бил епископско седиште од 325 година, кога епископот Будиус учествувал на соборот во Никеја.

Малку се градовите и краиштата кои, во доцноантичкото и старохристијанското време, на потесен урбано дефиниран простор зачувале остатоци од толку голем број сакрални култни градби како што е случајот со Стоби. Во текот на IV-V век овде се подигнати повеќе цркви што биле импозантни како по својата големина така и по својата внатрешна декорација. Нивното внатрешно уредување е решено со раскошна архитектонска декоративна пластика, мозаици, фрескоживопис и штукатура, од кои поголемиот дел се откриени со ископувањата. Со мошне декоративни мозаици се украсени и приватни градби од доцноантичкото време. Според своето архитектонско решение и внатрешно уредување претставуваат мошне луксузни објекти. Секако, една од најрепрезентативните е Теодосијанската палата, потоа Полихармосовата и Перистериевата.

Новите археолошки истражувања укажуваат дека сите дотогаш откриени старохристијански базилики се изградени врз постари градби и палати од кои имаат адаптирано извесни простории или пак во целост го задржале нивниот план и ги приспособиле со доградба во црковни градби.

Големи подрачја во ѕидините на градските бедеми сè уште не се доволно познати. Откриените базилики во градот и надвор од него ветуваат нови археолошки податоци. Под познатите базилики има остатоци од постари сакрални и профани објекти.

Христијанството во Стоби многу рано е организирано и зацврстено. Од Б. Сарија е изнесено мислење, со кое се согласува и Ф. Папазоглу, дека

Стоби. – Аполон Китадорос, II век

Стоби веќе кон крајот на IV век е издигнат во ранг на митрополија која имала три епархии: Стобиска, Баргалска и Запарска. При поделбата на Македонија, Стоби станал и главен град на Macedonia Salutaris. Императорот Теодосиј I, при својот престој во Стоби во 388 година, издава два едикта со кои се забранува собирање на еретици и јавни дискусии за верата (Codex Teodosianus 16, 4, 2, 5, 15).

Од стобиските епископи познати се имињата на петмина забележени во листата на епископи кои зеле учество на најзначајните рани црковни собори. Епископот Будиус учествувал на соборот во Никеја во 325 година, Никола – на соборот во Халкедон во 451 година, Фока – на соборот во Константинопол во 553 година, Јован – на Шестиот екуменски собор во Константинопол во 680 година, Маргарит – на Вториот трулски синод во 692 година. Од натписот на довратникот во Епископската базилика се знае за шестиот епископ Филип (од доцниот IV или од V век), а името на седмиот епископ – Евстатиј – е откриено во 1983 година на мозаичниот под во Старата епископска базилика II од крајот на IV век.

Во Стоби во III век постоела и еврејска заедница, кога Полихармос подигнал синагога, која била урната кон крајот на IV век и над неа била подигната старохристијанска базилика. Се претполага дека ова се случило при посетата на Теодосиј I на Стоби во 388 година. Има податоци што укажуваат дека постоела уште една синагога, можеби многу порепрезентативна од Полихармосовата синагога.

Веќе од доцниот V век започнуваат големите пустошења и несреќи за овој град на Црна. Во 479 година Стоби е ограбен од остроготскиот крал Теодорик. Жителите на градот делумно го обновиле кога, во 518 година, настрадал од голем земјотрес. Големите аваро-словенски инвазии во VI век исто така придонеле за ново пустошење и напуштање на градот. Од овој период се пронајдени монети од Јустин II (569–570) во градбите на Акрополот и во објектите јужно од Епископската базилика.

Подоцна се зборува за извесна активност во горните слоеви на Театарот во II век, а и за победата на Василиј II над војничката посада во Стоби во 1014 година. На просторот помеѓу Северната и Централната базилика уште во 1937 година се прекопани средновековни гробови од една поголема некропола. Во 1955 година во јужниот кораб на Северната базилика се откриени 23 словенски гроба, датирани во IX-XII век. Во 1978 година источно од Паликурската базилика се откриени словенски гробови кои припаѓале на некрополата оформена крај црквата.

Ова укажува на фактот дека Стоби, по ограбувањата и разурнувањето од варварските народи што се движеле кон Солун и Константинопол, бездруго бил населен од словенски племиња. Трагите од словенски некрополи во Виничани и крај базиликата во Паликура укажуваат дека и блиската околи-

на на градот била брзо населена од Словените. Со натамошните истражувања останува да се утврди дали во Стоби и по VI век има траги од градски живот. Hahn J. G., 1861, 175-236; Heuzey L., 1873, 25-42; Dimitsas M., 1896, 327-329; Hald Dr., 1917, 29-41; Von Saria B., 1929, 1-30; Gaebler H., 1935, 111-114; Вулић Н., 1938, 1-15; Венедиков И., 1943; Kitzinger E., 1946, 81-161; Јосифовска Б., 1953a; Папазоглу Ф., 1957, 235; Коцо Д. и други, 1961, 69-72; Müller K., 1962, 10; Hoddinott R. F., 1963, 161-167; Вајзман Ц., 1973; Düll S., 1977, 254-255; Mano Zisi \., 1973, 187-232; Mano Zisi \., 1977, 153-155; Snively C., 1979, 217-242; Алексова Б., 1986, 70-79; Соколовска В., 1987.

Публикации од проектот за истражување во Стоби, 1970-1979 година со прелиминарни извештаи од Wiseman J. и Mano Zisi \: AJA, 1971, 395-411; AJA 1972, 407-424; AJA 1973, 391-403; JFA 1974, 117-148; JFA 1976, 269-302, JFA 1979; Stadies 1973; Stadies 1975; Stadies 1981; Wiseman J., 1973, 13-26; Aleksova B., 1982-83, 50-62.

*Северна базилика*

Црквата претставува трикорабна базилика, со нартекс, егзонартекс и простран атриум. Централниот кораб е одделен од страничните со колони. Од северната страна бил доградан баптистериум со четирилисна писцина. Во црквата, која е изградена врз постар антички објект, се влегува од Via Principalis Inferior. Во стилобатите и конструкциите во атриумот се употребени мермерни сполии од постари објекти, а најмногу од Театарот. Црквата е изградена на почетокот на V век.

Во јужниот кораб и јужно од црквата се откриени 23 словенски гроба од IX-XII век, кои припаѓале на некрополата што се оформила по населувањето на Словените.
Petrovi} J., 1943, 28-34; Коцо Д., 1961, 69-72; Snively C., 1979, 20-47; Aleksova B., 1986, 39-50.

*Цивилна базилика*

Овој објект е сместен јужно од Северната базилика, а откриен е во 1937 година. Со истражувањата во 1956/57 година се утврдени седум градежни фази, па се претпоставува дека во последните фази објектот имал световна функција, поради што е наречен Цивилна базилика. Под повеќето градежни фази е откриен хеленистички материјал од III-II век пред н.е.
Petrovi} J., 1943, 486; Mano Zisi \., 1973, 185-232; Snively C., 1979, 250-255; Алексова Б., 1986, 63-69.

*Мала бања (Thermae minores)*

Се наоѓа помеѓу Цивилната и Северната базилика. Претставува доцноантичка градба, градена според сите тогашни правила за подигање на ваков објект. Има аподитериум со базен сместен во апсидален простор и двојна соба со три апсиди со хипокаусти. Суспензурите од хипокаустната конструкција се од тркалезни и четвртести тули.

*Централна базилика и Синагога*

Базиликата е со три кораба. Во неа се влегува од Via Principalis. Подигната е врз една синагога, кон крајот на IV век или на почетокот на V век, и има две градежни фази.

Подот на синагогата е пронајден на 1,5 m под нивото на наосот. Потекнува од IV век, а била подигната врз темелите на постара синагога од III век, за чија изградба се погрижил Tiberius Claudius Polycharmos, таткото на Синагогата во Стоби. Името е познато од натписот на колоната откриена во 1931 година.

Под овој објект се откриени градби од II век пред н.е. Под наосот се најдени два сада со монети од 121-125 година. Хеленистичките слоеви лежат над праистрискиот слој во нивото на Црна Река.
Petrovi} J., 1932, 81-86, 135, 136; Петровић Ј., 1933/34, 160-191; Kitzinger E., 1946, 129-146; Snively C., 1979, 48-83; Aleksova B., 1986, 53-60.

Стоби. – Синагога базилика

*Куќа на псалмите*

Објектот се наоѓа јужно пред Централната базилика. Има централна апсидална просторија, ходници, сала со колонади и голем базен и колони на западниот дел од дворот. Централната сала е обложена со мозаици, луксузно изведени, кои исто така ги красат и останатите простории. Структуралната поврзаност со базиликата и еклезијастичките теми на мозаиците во апсидалната сала укажуваат дека се работи за резиденција во припадност на

црквата и на нејзините великодостојници. Од оваа градба се влегува и во една од синагогите. Објектот лежи врз постари антички градби.
Петровић Ј., 1933/34, 169-191; Kitzinger E., 1946, 134-140.

*Via Axia*

Via Axia била една од главните улици. Има правец исток-запад, а од неа е откриен само еден дел.

*Градска чешма*

На малиот плоштад што го формираат улиците Via Axia и Via Principalis Inferior се наоѓа чешма од јавен карактер. Од три цевки водата течела во три корита изградени од сполии од Театарот и други градби.

*.Голема бања (Magnae Thermae)*

Откриена е во 1931/32 година. Има аподитериум, големо претсобје, сала со хипокауст, шест мермерни базена и префурниум од јужната страна. Кај објектот се забележани повеќе градежни фази, а влезот гледа кон улицата Via Axia. Реконструираната бања била во употреба и во доцниот VI век. Во аподитериумот е најдена статуа што потекнува од царскиот период.
Петровић Ј., 1933/34, 169-191; Kitzinger E., 1946, 140-141.

*Via Principalis Inferior*

Улицата е со правец север-југ, се следи од Северната базилика до Градската чешма, потоа покрај Куќата на Партениј, Теодосијанската палата и Куќата на псалмите.

*Перистериева куќа*

Ова е голем градежен комплекс за повеќе семејства и со простории за дуќани на западната страна. Семејството на Перистериј ги зафаќало просториите во јужниот дел на комплексот.

Централниот простор е двор под отворено небо, со фонтани од западната страна. Источните простории служеле како магацини. Главните простории на куќата се двете апсидални сали јужно од дворот. Во источната се зачувани подните мозаици при чие изведување се употребувани тесери од стаклена паста, што им дава посебна живост на мотивите. На средината се наоѓа фонтана изработена од мермер. Целиот објект и мозаиците се датирани во доцниот IV или раниот V век.
Mano Zisi \., 1936, 277-279; Sokolovska V., 1965, 128-129; Mikul~i} I., 1966б, 131-134.

*Via Teodosia*

Оваа улица е паралелна со Via Axia и се наоѓа помеѓу куќата на Перистериј и Теодосијанската палата.

*Теодосијанска палата*

Источно од улицата Via Teodosia се наоѓа една од најлуксузните досега откриени куќи во Стоби. Во неа се претполага дека престојувал и императорот Теодосиј I при својата посета на Стоби во 388 година. Бидејќи името на сопственикот на куќата не е познато, таа е наречена Теодосијанска, за спомен на посетата на императорот.

Оваа луксузна градба има план на латинската буква L и излегува на три улици. Централната сала е опкружена со колони од северната и западната страна, а на источната има базен со 8 пиедестала од мермер, украсени со спирални канелури на кои стоеле откриените статуи. На северната и јужната страна на дворот има ниски платформи кои биле цветни тераси. Подот е прекриен со мермерни плочки, а перистилот со мозаици. Големата апсидална просторија – триклиниумот, која се наоѓа на јужната страна на повисоко ниво, е поплочена во opus sectile. Останатите одаи се исто така раскошно украсени. Палатата датира од IV-V век.
Несторовић Н. Б., 1931, 109-114; Петковић В., 1937, 12-35.

*Куќата на Партениј*

Оваа куќа е од јужната страна на Теодосијанската палата, со која има заеднички ѕидови и потекнува од исто време. Изградена е во форма на латинската буква L и по градежната концепција е мошне слична со претходната палата но е помала. Поскромно е градена, а тоа се однесува и на нејзиното внатрешно уредување.
Несторовић В., 1931, 109-114; Nestorovi} N.B., 1936, 173-183; Kitzinger E., 1946, 118-129

*Валавица (Domus Fullonica)*

Претставува комплекс на меѓусебно поврзани градби кои биле резиденции и мали дуќани, изградени врз постари објекти. Името одговара само на една фаза на малиот двор каде, во V век, имало работилница за бојадисување и валање на ткаенини. Животот на овој комплекс почнува во I век и трае сè до V и почетокот на VI век.
Wiseman J., Mano Zisi \, 1971, 402-403; Wiseman J., Mano Zisi \., 1972, 420; Микулчиќ И., 1981a, 205; Микулчиќ И., 1982, 535-544.

Стоби. – Сатир (детаљ), II-I век пред н.е.

*Via Principalis Superior*

Оваа улица е паралелна со Via Principalis Inferior.

*Епископска резиденција*

Се наоѓа северно од Епископската базилика. Во IV век служела како христијански ораториум, а во V век е претворена во епископска резиденција. Овде се пронајдени бронзена кадилница и златен прстен со глава во форма на крст со алмансини.

*Полукружен плоштад*

Се наоѓа северно од Епископската базилика. Од улицата е одвоен со ниска преграда од седиштата на Театарот, опкружен е со колонада, а на средината има база за голем споменик. Форумот е подигнат во IV-V век.

*Via Sacra*

Оваа улица води од Porta Heraclea кон плоштадот. Од јужната страна има импозантна колонада изградена од сполии од Театарот.

*Епископска базилика*

Епископската базилика, или црквата на єпископот Филип, е подигната на вештачка тераса. Овој споменик претставува базилика со три кораба, нартекс, егзонартекс и неправилен атриум. Централниот кораб е одделен од страничните со две импозантни колонади. На исток наосот завршува со полукружна апсида однатре и однадвор. Во апсидалниот простор е изградена крипта за реликвиите на мачеликот. Внатрешното уредување на објектот било луксузно решено, со употреба на архитектонска пластика од бел мермер, мозаични подови и подови од мермерни плочки. Ѕидовите биле украсени со фрескоживопис.

Стоби. – Мозаичен под од крстилницата на Епископската базилика (W. B. D)

Јужно од базиликата во 1970/71 година е откриен раскошен баптистериум со четирилистен план, кој носел купола. На средината има раскошна пiscина со повеќе градежни фази, опкружена со под решен со мозаици кои имаат еклезијастички претстави. Ѕидовите на баптистериумот биле живописани. Откриен е живопис во три слоја на кој се претставени повеќе светители и други лица. Епископската базилика датира од почетокот на V век, а нејзината обнова од крајот на V и почетокот на VI век. Егер Р., 1929, 14-44; Eger R., 1929, 42, 87; Сариа Б., 1933, 1-22; Сариа Б., 1933, 112-139; Kitzinger E., 1946, 87-110; Hoddinott R.F., 1963, 161-167; Wiseman J., Mano Zisi \., 1971, 398-401; Wiseman J., Mano Zisi \., 1972, 420-422; Wiseman J., Mano Zisi \., 1973, 391-403; Wiseman J., 1974, 11-148; Wiseman J., 1976, 269-302; Wiseman J., 1978, 391-429; Wiseman J., 1973; Wiseman J., 1975; Wiseman J., 1981; Wiseman J., 1973, 56-66; Алексова Б., 1978, 19-34; Snively C., 1979, 84-181; Алексова Б., 1980, 67-76; Алексова Б., 1985, 47-72; Aleksova B., 1986, 14-39; Aleksova B., 1981, 481-490.

*Стара епископска базилика*

На длабочина од 5 m под темелите на Епископската базилика во текот на 1981–87 година е откриена Старата епископска базилика, првата катедрална црква во Стоби. Објектот претставува трикорабна базилика со нартекс, чиј централен кораб е одделен од страничните со седум, односно девет колони. Откриениот баптистериум од јужната страна првобитно ѝ припаѓал на оваа базилика. Внатрешното уредување на двете цркви е решено со мозаични подови и со фрескоживопис на ѕидовите. Од архитектонската пластика се откриени парапетните плочи од олтарната преграда. Објектот има две градежни фази. Првата фаза ја датираме во првата половина на IV век и му се припишува на епископот Будиус, а втората градежна фаза и обновата на црквата се изведени од епископот Евстатиј, кон крајот на IV век. На ова упатува и натписот пред вратите на презвитериумот на втората црква.
Aleksova B., 1982/83, 50-63; Алексова Б., 1985, 43-72; Aleksova B., 1986, 14-39; Aleksova B., 1991, 167-179; Алексова Б., 1995, 87-114.

*Porta Heraclea*

Тоа е главната порта на Стоби. Двојна е и се наоѓа на западната страна на градот. Времето на нејзиното подигање не е познато, а постоела и во VI век.

*Театар*

Театарот е изграден во II или во раниот III век и е сличен на постарите театри во Грција. Претставува еден од најголемите и најрепрезентативните објекти од римскиот период во Стоби. Гледалиштето, орхестрата и скената се доградени одвоено една од друга. Скената нема бина туку е фасада која била заднина на претставите што биле изведувани во орхестрата. Гледалиштето се состои од два дела, а изградено е од бел мермер донесен од Плетвар кај Прилеп. Според процената на V. Dinzmor помладиот, театарот можел да прими 7634 посетители. Распределбата на седиштата се вршела според племенската припадност. Во гледалиштето, на мермерните седишта се наоѓаат впишани имињата на пет племиња.

Театарот во доцниот III век бил претворен во арена за борби на гладијатори. Во 325 година, со забраната од царот Константин Велики, ваквите гладијаторски претстави биле укинати.

Веќе кон средината на IV век и кон неговиот крај, парадосите служеле како ѓубриште. Подоцна на овој простор се изградени куќи. Такви траги се констатирани на падината што се спушта кон исток и кај западниот ѕид на скената.

Горниот дел од гледалиштето во целост е разнесен, како и добар дел од долните партии. Мермерните седишта се употребени како градежен материјал во подоцнежните градби од профан и сакрален карактер, подигнати во IV-V век. Мермерните седишта се употребени и во изградбата на внатрешниот бедем и во тремот на Via Sacra, а извесни архитектонски елементи се вградени и во надворешниот градски бедем, кај Porta Heraclea. Та-

ка Театарот од крајот на IV век станува рудник за изградба на доцноантичкиот Стоби.
Сариа Б., 1937, 1-68; Saria B., 1938, 81-148; Gebhard E., 1975, 43-64; Gebhard E, 1981, 13-29.

*Коцкарница*

Овој објект се наоѓа северно од Театарот. Наречен е коцкарница зашто овде се најдени Tabula Lusoria и многу жетони. Објектот е делумно откриен пред почетокот на Втората светска војна, а извесни истражувања од заштитен карактер се изведени во 1981 година, кога се преземени и заштитни конзерваторски работи на архитектурата и на мозаичните подови.

Објектот претставува базиликална градба со централен кораб со странични крила, нартекс и егзонартекс. Од северната страна е отворен и во неговиот состав има една друга архитектонска структура со низа базени од мермер. Коцкарницата е од раниот римски период и претрпела повеќе доѕидувања и поправки. Според наодите на монети во северните одаи, градбата егзистирала во V и VI век.

*Источен градски бедем*

Овој надворешен бедем може да се следи по целиот периметар на локалитетот. Опкружува простор со неправилна форма, со ширина од 400 m во правец исток-запад и должина од 450 m во правец север-југ. Надворешниот бедем се гледа на гребенот што се издига над Вардар, кај Porta Heraclea и на неколку места крај Црна Река. Изграден е од грубо изделкан камен и секундарно употребени камени блокови, со тенденција на хоризонтално услојување, во opus insertum. Ѕидовите се градени со малтер и имаат дебелина од 2,3 m, Градскиот бедем е подигнат во III век или малку порано, а престанал да се користи во доцниот IV или во V век.
Санев В., Саржоски С., 1981, 229-232.

*Гробишна базилика*

Се наоѓа на 250 m југозападно од Porta Heraclea, на патот за Паликура. Има централен кораб со странични крила одделени со мермерни колони, а на западната страна има нартекс. Во апсидалниот простор на базиликата се наоѓа платформа за синтоносот, во вид на полукружна апсида, чија конструкција во вид на скали е од јужната и од северната страна. Базиликата е подигната врз гробовите на една доцноантичка некропола поради што нејзиниот план има извесни деформации. Централниот кораб имал под решен со геометриски мозаици, а презвитериумот, чиј канцел е изграден од мермерни сполии од Театарот, бил поплочен со мермерни плочки во opus sectile. На јужната страна, покрај нартексот, во 1937 година е откриена гробница која претставува мартириум подигнат при изградбата на црквата или порано. Целиот објект повеќепати е расчистуван и ѕидовите се обезбедувани, но не е доистражен.
Трухелка Ћ., 1937, 78-81; Snively C., 1979, 182-212; Aleksova B., 1986, 63-69.

*Паликура базилика*

Оваа градба од базиликален тип со трикорабна диспозиција се наоѓа на 2 km јужно од Porta Heraclea. Централниот кораб ѝ завршува со полукружна апсида, доста широка. Во апсидалниот простор се наоѓа помала апсида, како платформа за синтроносот, чија конструкција со седиштата се издигала врз оваа апсида. Синтроносот има седишта од северната и од јужната страна, што е откриено во 1981/82 година.

Централниот кораб е одделен од страничните со колонади чии базиси се пронајдени in situ. Базиликата имала нартекс, егзонартекс и голем двор од источната страна, со низа одаи од кои една е октогонална. Оваа одаја претставува еден вид скеуфилакион, а не баптистериум како што се претпоставуваше досега. Околу базиликата се наоѓаат ѕидови што ја обградувале од северната страна.

Базиликата е подигната кон крајот на IV или на почетокот на V век, над една голема палата што му припаѓала на некој великодостојник. Целокупната архитектонска пластика од античката градба е употребена во црквата, со дополнително одбележување на христијанските симболи. Во нејзиниот нартекс и околу неа се пронајдени доцноантички – старохристијански гробови. Така оваа базилика влегува во групата гробишни, каде што биле изведувани ритуалите при погребувањето на умрените. Со ова споменикот добива фунерален карактер.

Од неговата источна страна се откриени гробови од средниот век, што укажува на брзото населување на Словените во блиската околина на Стоби.
Hald Dr. 1917, 29-41; Трухелка Ћ., 1937, 78-81; Hoddinott R.F., 1963, 185-186; Коцо Д. и други, 1961, 69-75; Wiseman J., 1973, 82-83; Snively C., 1979, 70-79; Алексова Б., 1983г, 135-192; Aleksova B., 1986, 70-79; Алексова Б., 1995, 120-121. (Б.А.)

*Западни гробишта*

Се наоѓаат недалеку од Porta Heraclea, на издолжено плато од околу 500 m, чиј источен раб се протега речиси до левиот брег на Црна Река, а југозападниот ја означува падината кон рамнината каде што се современиот автопат и железничката пруга. Првите сознанија за постоењето на некрополата потекнуваат од 1918 година кога со копање на војнички ровови бил откриен објектот наречен Гробишна базилика, од IV-V век, и околу него неколку гробови. Во 1971 и 1972 година, во непосредната близина

на Порта Хераклеја, со систематски ископувања се откриени и истражени 81 гроб, од I век пред н.е. до

Стоби, Западни гробишта. – Биста на покојник, II-III век (ископувања 1995 год.)

Стоби, Западни гробишта. – Теракоти од доцноримското време

Стоби, Западни гробишта. – Светилки од III – IV век

III век. При изградбата на каналскиот систем за наводнување во 1973 година, на просторот југозападно од Гробишната базилика, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата извршил заштитно ископување со кое се откриени 129 гроба од доцноантичкото време (III-IV век). Ископување заради исти цели е извршено и во 1978 година кога е градена трасата на железничката пруга Градско-Шивец. Биле откриени и документирани нови 327 гроба од IV до VI век. Најголеми заштитни ископувања на некрополата се извршени во 1992 и 1995 година со градежните работи на трасата на автопатот, делница Градско-Луда Мара, планирана да минува преку некрополата. Со овие ископувања се откриени уште 1501 гроб, а исто така и остатоци од темели на ѕидови од објекти на урбанизирана рурална населбинска целост од IV-VI век. Се работи за станбени објекти, работилници, помошни простории и друго, ѕидани со камен и кал и со употреба на камен и мермерни сполии од постари римски објекти. Во еден дел од оваа населба е откриена и голема засводена гробница, со внатрешни димензии од 3,54 x 3,08 m во основата и висина од 2,10 m,во која се најдени два гроба – цисти, и пред нив коски од околу 57 покојници. Што се однесува до некрополата, според материјалот, конструкциите и карактерот на подвижните наоди, има единични и групни гробови, а нивното хронолошко растојание е од II век пред н.е. до крајот на IV век, односно до V-VI век. Во гробовите до II век погребувањето е вршено со кремирање на умрените, а во гробовите од III-IV век со инхумација.

Трухелка Ђ.,1927, 71 82; Микулчиќ И., Даутовска В., 1965, 126-128; Винчиќ Ж., 1970, 140-142; Mikul~i} I., 1973b, 61-95; Weselowski A., 1973, 138-143; Винчиќ Ж., Ивановски М., 1978, 85-88; Ивановски М., 1992, 32-36; Санев В., 1994, 7-15. (М.И.)

*Базилика Extra muros*

Во 1992 година, во рамките на заштитните ископувања организирани во врска со изградбата на трасата на автопатот, во субурбиумот на Стоби од југоисточната страна, односно на втората помала тераса, која лежи источно под терасата на некрополата и лево од коритото на Црна Река, се откриени остатоци од темели на трикорабна базилика, долга 31 m, а широка 16 m. Во западниот дел, од надворешната страна на периметралните ѕидови се доградени повеќе помали простории во кои се влегувало од нартексот. На јужната страна има крстилница со писцина, од која преку друга просторија се влегувало во јужниот кораб на базиликата. Во наосот има поден мозаик, прилично оштетен, од полихромни тесери, поделен на квадратни полиња во кои се претставени христијански мотиви: кантароси, водни птици, овошни дрвја, елени и др. Архитектонската пластика на стилобатите е разнородна по материјалот и обработката и претставува комбинација на елементи донесени од постарите објекти во градот (бази и капители). Подовите на јужниот и на северниот кораб се од набиена земја. Приближно на средината на северниот кораб има траги од средновековна куќа вкопана во подот, уништена

во пожар. Исто така, во самиот олтар има остатоци од темели на мала средновековна црквичка. Базиликата не е целосно доистражена и документирана. Во хронолошки поглед изградена е во V-VI век, најверојатно за потребите на населението од предградската населба, подигната врз некрополата на постарите стобјани.
Ивановски М., 1992, 32-36; Санев В., 1994, 7-15. (В.С.)

## 15. ГРНЧИШТЕ

**Висок Камен**, населба од римското време. На 2,5 km источно од селото, на зарамнето плато со површина од 1,5 хектар има видливи контури од ѕидови и многу градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и др., а исто така е пронајдена и надгробна стела. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес и во лапидариумот во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, 71. (Ѓ.П.)

**Габер**, населба од доцноантичкото време. Северно од селото, во нивата на С. Витанов се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, а пронајдена е и бронзена монета на императорот Констанциј. Монетата се чува во нумизматичката збирка во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 108. (Б.Ј.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km североисточно од селото, на зарамнетото плато од височинка што доминира над околината се гледаат остатоци од ѕидови од утврдувањето, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113; Mikul~i} I., TIR, 61. (Ѓ.П.)

**Грамаѓе**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото, на левиот брег на селската река, на површина од околу 2,5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси, мермерна архитектонска пластика и градежен материјал. Откриени се и повеќе питоси што се чуваат во селото, надгробна стела која е однесена во Велес, како и една монета која се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Ѓ.П.)

**Лака**, населба од бронзеното и римското време. На 2 km северозападно од селото, во подножјето на ридот Шупле, кој се наоѓа на левата страна на долот наречен Орешје, на површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови од бронзеното време и многу керамика, питоси и градежен материјал. Одовде потекнува и надгробен споменик со грчки натпис кој се чува во Народниот музеј во Велес.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Ѓ.П.)

**Шупле**, населба од доцноантичкото време. На пространа падина северозападно од селото, во непосредната близина на локалитетот Лака се гледаат остатоци од темели на ѕидови, како и фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 108. (Б.Ј.)

## 16. ДВОРИШТЕ

**Кале (Клепа)**, градиште од доцноантичкото време. На 1,5 km источно од селото, над десниот брег на реката што минува низ него има зарамнето плато со површина од околу 0,5 хектара. На платото се гледаат ѕидови од камен и варов малтер, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Томоски Т., 1961, 117. (Ѓ.П.)

## 17. ДОЛНО ОРИЗАРИ

**Порцеланова**, населба и некропола од римското време. На просторот на фабриката за порцелан „Борис Кидрич“, при нејзината изградба се пронајдени и уништени повеќе објекти и дел од некрополата. Притоа еден дел од подвижниот археолошки материјал (мермерна пластика, керамички садови, монети и др.) е пренесен во Народниот музеј во Велес.
Алексова Б., 1954, 51-66; Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

**Свилара**, некропола од железното време. При изградбата на фабриката за текстилни производи „Нонча Камишова“, во 1952 година, се пронајдени и делумно уништени повеќе гробови градени од камени плочи. Повеќе археолошки предмети откриени во гробовите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Алексова Б., 1954, 51-56; Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

## 18. ДОЛНО ЧИЧЕВО

**Грамаѓе**, населба од римското време. На 1 km североисточно од селото, на површина од околу 3 хектара, при орање на нивите се пронајдени ѕидови градени од камен и варов малтер, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, мермерна архитектонска пластика и многу градежен материјал. Од овој локалитет потекнува мермерна статуа на облечена жена, зачувана во висина од 50 cm. Според В. Радовановиќ, од ова место потекнува и една плоча со грчки натпис, посветена на Зевс, Хера и Аполон, која се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, 109; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 111. (Б.Ј.)

Кале (Клепа), с. Долно Чичево. – Доцноантичко градиште (И.М.)

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. На 2,5 km западно од селото, на зарамнета падина на едно од расклоненијата на планината Клепа се гледаат остатоци од ѕидови на одбранбен бедем, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, монети и градежен материјал.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 111; Mikul~i} I., TIR, 46. (Ѓ.П.)

**Мало Кале**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото, на поголема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 111. (Б.Ј.)

**Озор**, населба од римското време. На 4 km југоисточно од селото, на површина од околу 4 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, како и големо количество градежен материјал. Во непосредната близина на локалитетот се наоѓа чешма во која се вградени неколку мермерни блокови – делови од архитектонска пластика.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Ѓ.П.)

## 19. ДРЕНОВО

**Дрмата**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северно од селото и западно од локалитетот Попови Ниви, на површина од околу 3 хектара се среќава големо количество на градежен материјал и фрагменти од керамички садови, а видливи се и контури на ѕидови од објекти.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

**Попови Ниви**, некропола од доцноантичкото време. На 500 m североисточно од селото, на коса падина што се спушта кон селото се откриени повеќе гробови со конструкција од камени плочи и ориентација североисток-југозапад. Во еден од гробовите се најдени два керамички сада, стаклени мониста и две обетки од сребро. Се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

## 20. ЕЛОВЕЦ

**Дабје**, населба од доцноантичкото време. На 1 km југозападно од селото, на блага падина крај патот за Лисиче и во непосредната близина на локалитетот Скривница се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

**Мери**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km јужно од селото, на површина од око-

лу 1 хектар, што се наоѓа на десниот брег на реката Тополка, се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и големи камени плочи од гробни конструкции.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

**Скривница**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, лево од стариот пат за селото Лисиче се гледа свод ѕидан од тули и варов малтер. Околу оваа градба се среќаваат фрагменти од керамички садови. Се работи најверојатно за гробница околу која постојат гробови со гробна конструкција од камени плочи.
Алексова Б., 1954, 61; Лилчиќ В., 1987, 147. (Ѓ.П.)

## 21. ЗГРОПОЛЦИ

**Градиште**, градиште од римското време. На 2 km јужно од железничката станица, на десната страна на Вардар има рид со зарамнето плато кое се протега во правец север-југ/исток-запад. По површината се среќаваат грамади од градежен материјал, се гледаат остатоци од објекти и керамички садови, а од западната страна на градиштето е откриена некропола. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес и во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 109. (Б.Ј.)

## 22. ИВАНКОВЦИ

**Инџерлак**, некропола од железното време – тумули. На 3 km јужно од селото, на десната страна од патот за Велес, на две зарамнети тераси се гледаат грамади од камења. При обработувањето на земјата се уништени повеќе помали тумули од некропола. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

**Чука Јанаклак**, населба и некропола од доцноантичкото време. На површина од околу 1,5 хектар, оддалечена 3,5 km јужно од селото, при обработувањето на земјата се исфрлени фрагменти од керамички садови, тегули, камени плочи и друг градежен материјал. На источната страна на локалитетот се гледаат конструкции од гробови градени од камени плочи и тегули. (Ѓ.П.)

## 23. ИЗВОР

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. На 4 km источно од селото, по површината на тромеѓата на атарите на селата Извор, Владиловци и Крнино се гледаат фрагменти од мермерна пластика, градежен материјал и множество фрагменти од керамички садови и питоси. Од овој локалитет потекнуваат и повеќе стели, а една од нив, на која се споменува Неаполис, се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулиħ Н., Сп. LXXI, 71; Папазоглу Ф., 1957, 211; Josifovska Dragojevi} B., TIR, 90. (Б.Ј.)

**Ѕунивер**, населба од неолитското време. На 200 m источно од селото, на блага падина што се спушта кон десниот брег на реката, при обработувањето на земјата се откриени фрагменти од керамички садови, кремени и камени орудија и фрагменти од куќен лепеж. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Грбиħ М., 1954, 107; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 113. (Ѓ.П.)

**Оџовица**, населба од римското време. На 1 km источно од селото и лево од патот за Прилеп, на блага падина со површина од околу 2 хектара, што се спушта кон реката, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, грамади од камења и друг градежен материјал. Во Народниот музеј во Велес се чува една монета. (Ѓ.П.)

**Стара Црква**, населба со некропола од римското време и средновековна црква. На 800 m источно од селото, на површината на блага падина што се спушта кон реката се гледаат камени плочи од гробни конструкции, фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Во средишниот дел на локалитетот има остатоци од еднокорабна црква во која се вградени сполии од мермерна архитектонска пластика. Од овој локалитет потекнува и надгробен споменик кој се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 113. (Ѓ.П.)

## 24. КАРАСЛАРИ

**Багреми**, населба од римското време. На 3,5 km северно од селото, на зарамнето плато со димензии од 400 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал и згура од топено железо. (Ѓ.П.)

**Мери**, населба и некропола од римското време. Во непосредната близина на селото, на десната страна на долот што минува низ него, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. На овој локалитет се откриени релјеф на Хигија и една мала мермерна глава на статуетка, најверојатно на Херакле, а на јужната страна на локалитетот се откриени гробови. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Вулиħ Н., Сп. LXXV, бр. 36; Mikul~i} I., TIR, 68. (Ѓ.П.)

**Тумба**, тумул од железното време. Југозападно од селото, на левиот брег на Вардар, на околу 300 m оддалеченост од мостот на реката е зачуван тумул со височина од 1,5 m и пречник во основата од 6 m.

(Ѓ.П.)

## 25. КОЧИЛАРИ

**Селиште**, населба од римското време. На 2 km југоисточно од селото, спроти месноста Црква, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а најдена е и монета – фолис на императорот Диоклецијан. Се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 109. (Б.Ј.)

**Црква**, средновековна црква и некропола. На 2 km југоисточно од селото, до патот што води за селото Убого се забележуваат грамади камења, а и контури на мал објект . црква. Во непосредната близина се гледаат и контури на гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 109. (Б.Ј.)

## 26. КРАЈНИЦИ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 3 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато, кој зафаќа површина од околу 0,5 хектара, се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. Видливи се и остатоци од ѕидови на утврдувањето, ѕидани од камен и варов малтер. (Ѓ.П.)

**Манастирче**, некропола од римското време. Во непосредната близина на селото, на околу 100 m од чешмата се откриени повеќе гробови со конструкција од камени плочи. Исто така, откриени се една стела и горен дел од торзо во природна големина. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

**Мрамор**, населба од доцноантичкото време. На 1 km северозападно од селото, на десната страна од селската река, на површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. Капител пронајден на овој локалитет се наоѓа кај едно лице од селото. (Ѓ.П.)

**Припор**, средновековна населба. На 4 km јужно од селото, по површината на нивите покрај Лешничка Река се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ѓ.П.)

**Сувак**, некропола од римското време. На околу 300 m јужно од селото, при изведување на земјоделски работи е откриена некропола од каде потекнува и еден релјеф со натпис на грчки јазик. Се чува во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

## 27. КРИВА КРУША

**Кале – Градиште**, градиште од римското време. На 1,5 km северозападно од селото (надморска височина од 900 m), на висок рид со зарамнето плато кое зафаќа површина од 0,6 хектара се гледаат ѕидови од бедем, а во внатрешноста ѕидови од помали објекти. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 75. (Ѓ.П.)

## 28. КРНИНО

**Србиница**, населба и некропола од римското време. На 1,5 km североисточно од селото, на површина од околу 1,5 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен материјал, а се гледаат и контури од повеќе објекти. Одовде потекнува и еден надгробен споменик со грчки натпис. (Ѓ.П.)

## 29. КУМАРИНО

**Огради**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, западно и северозападно од него, на површина од 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови и многуброен градежен материјал. (Ѓ.П.)

**Рупи**, некропола од доцноантичкото време. Северно од селото, на блага падина се среќаваат камени плочи од гробни конструкции. Некрополата е откриена при изградбата на железничката пруга Велес-Штип. (Ѓ.П.)

## 30. ЛИСИЧЕ

**Иваница**, населба од доцноантичкото време. На 800 m источно од селото, во нивите од десната страна на патот за Еловец, на површина од околу 2,5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Откриени се и повеќе питоси кои се чуваат во селото, а најдени се мермерна плоча со грчки натпис и мермерен столб кои не се зачувани.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

## 31. ЛУГУНЦИ

**Чучка Чешма**, населба од римското време. Во непосредната близина на чешмата оддалечена 2 km јужно од селото, на површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество фрагменти од градежен материјал. (Ѓ.П.)

## 32. МАМУТЧЕВО

**Милински Дол**, населба од римското време. На 3 km источно од селото, на блага падина која зафаќа површина од околу 1,5 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и многу градежен материјал. Откриени се и водоводни цевки – тубулуси. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

## 33. МАРТОЛЦИ

**Гробови – Подвис**, некропола од римското време. На 200 m североисточно од железничката станица, покрај пругата, во 1950 година биле откриени два надгробни споменика од мермер со грчки натписи. Спомениците се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Јосифовска Б., 1953, 231. (Б.Ј.)

## 34. НЕЖИЛОВО

**Горно Село**, топилница и старохристијанска црква со некропола. На 3 km северно од селото, во непосредната близина на утоката на Ливничка Река во Бабуна, во нивата на Т. Неделковски се среќаваат голем број остатоци од згура од топено железо. Видливи се темели од старохристијанска црква, а околу неа гробови градени од камени плочи. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 35. НОГАЕВЦИ

**Горна Црква**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, на североисточниот дел од зарамнетата површина, на сртот со широчина од 100 x 150 m се гледаат конструкции на гробови од камени плочи.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Ѓ.П.)

**Грамади**, населба од римското време. На 3,5 km југоисточно од селото, 200 m оддалечено од десниот брег на Брегалница и околу 1 km од утоката во Вардар, на површина од околу 1 хектар се гледаат контурите на неколку објекти, а по површината се среќаваат грамади од градежен материјал и фрагменти од керамички садови и питоси.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Ѓ.П.)

**Задружен блок**, тумул од железното време (?). Во блокот бр. 5 на стопанството „Вардар“ благо се издига гребен, издолжен во правец север-југ, на кој има тумул со мали димензии од околу 5-7 m во пречник и 0,60 m во височина. Тумулот е доста оштетен од перманентното орање на теренот. (В.С.)

**Лисички Дупки**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото, а исто толку и од реката Вардар, на површина од околу 3 декара, при пошумувањето на овој простор се пронајдени повеќе гробови градени од камени плочи, тегули и имбрекси. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Ѓ.П.)

**Ограѓе**, населба од доцноантичкото време. На југоисточната периферија на селото, на низок срт со правец исток-запад, кој завршува над реката Вардар, на површина од 1,5 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се и повеќе бронзени монети.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Ѓ.П.)

**Црвеници**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 3 km источно од селото, на десниот брег на Брегалница, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен материјал, како и блокови од обработен камен и мермер. Откриени се и повеќе гробови, скелетни, градени од камени плочи, со ориентација исток-запад, во кои освен керамички садови имало и украсни предмети: прстени, белезици, обетки, монети и др. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 109; Микулчиќ Г., 1987, 192. (Б.Ј.)

## 36. ОМОРАНИ

**Лениште**, населба од римското време. На 1 km северно од селото, кај утоката на селската река во Бабуна, на површина од 1,5 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Ѓ.П.)

## 37. ОРАОВЕЦ

**Макаровец – Пештера**, населба во пештера од палеолитското и бронзеното време. На 2 km северозападно од селото, во месноста Пешти, високо над десниот брег на реката Бабуна се наоѓа пештерата Макаровец во која се вршени истражувања на плеистоценската фауна од страна на Природонаучниот музеј на Македонија. При ископувањето за таа цел се откриени и фрагменти од керамички садови од бронзеното време, камени и кремени артефакти од помладиот палеолит. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Гарески Р., 1969; Malez M., 1979, 414-417; Кузман П., 1993, 9-15; Кузман П., 1995, 13-17. (Ѓ.П.)

## 38. ОРАОВ ДОЛ

**Јаричишта**, населба од римското време. На 2 km северозападно од селото, лево од патот за Габровник, од двете страни на Ѓоновски Дол, по површи-

ната на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. (Ѓ.П.)

## 39. ОТИШТИНО

**Врчва**, населба од римското време. На 2 km јужно од селото, од левата страна на патот за населбата Чашка, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ѓ.П.)

**Латински Гробишта**, средновековна некропола. На 2 km источно од селото и на околу 500 m од локалитетот Тумба, на највисокиот дел на ридот се откриени гробови градени од камени плочи со ориентација исток-запад. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-197. (Ѓ.П.)

**Тумба**, тумул од железното време. На 1,5 km источно од селото, покрај патот за месноста Латински Гробишта постои тумул со пречник во основата од 7 m и височина од 2 m. Тумулот е делумно оштетен од диво копање.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

## 40. ПОДЛЕС

**Лозје**, осамен наод од римското време. Во лозјето на Т. Попов во 1952 година случајно е откриена мермерна надгробна стела со релјефно претставени 4 облечени женски фигури и со грчки натпис. Се чува во Народниот музеј од Велес.
Јосифовска Б., 1953, 225; Mikul~i} I., TIR, 102. (Б.Ј.)

**Прдловец**, населба од римското време. На 2,5 km југоисточно од селото, на површина од околу 4 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Во 1952 година Народниот музеј од Велес откупил мала мермерна статуетка на богот Асклепиј од овој локалитет. (Ѓ.П.)

**Ридот**, некропола од римското време. На северозападниот крај на селото, на зарамнето плато со површина од околу 1 декар се откриени гробови со конструкција од камени плочи и ориентација североисток-југозапад. На локалитетот сѐ уште се наоѓа стела спомената од Н. Вулиќ.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 84. (Ѓ.П.)

**Селиште**, населба од римското време. Источно од селото, од левата страна на селската река, на површина од околу 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Од овој локалитет потекнува и капителот што се чува во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 75. (Ѓ.П.)

## 41. ПОМЕНОВО

**Завртеј**, населба од римското време. На 300 m источно од селото, лево од потокот по кој води патот за селото, на површина од околу 3 декара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Откриена е и надгробна стела со грчки натпис. Се чува во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

## 42. РАКОВЕЦ

**Манастириште**, населба од доцноантичкото време. и средновековна црква. На 1,5 km северозападно од селото, на мала височинка со зарамнет врв се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и грамади камења. Во средишниот дел на локалитетот се гледаат остатоци од објект, според преданието . манастир. Од овој локалитет потекнува една плоча со грчки натпис, сега во Музејот во Велес.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

## 43. РАШТАНИ

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. На 3 km југоисточно од селото, на површина од околу 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ѓ.П.)

**Каменика**, некропола од доцноантичкото време. На 1,2 km западно од селото, во подножјето на локалитетот Корија, по површината на нивите се гледаат камени плочи и тегули од гробни конструкции. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

**Корија**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, на висок рид со зарамнето плато, кое зафаќа површина од 300 x 70 m, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, а се гледаат и контурите на ѕидовите со кои била утврдена населбата. (Ѓ.П.)

**Латински Гробови**, некропола од доцноантичкото време. На 3 km југоисточно од селото, од левата страна на патот Велес–Раштани, на површина од 3 декара се гледаат гробови со конструкција од камени плочи. (Ѓ.П.)

**Мраморје**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото и лево од патот Велес-Раштани, на површина од 0,5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, многу градежен материјал и камени плочи од гробни конструкции. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.

Керамидчиев А., 161, 120. (Ѓ.П.)

## 44. РУДНИК

**Гумења**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото, од североисточната страна, на површина од 3-4 хектара се среќаваат множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

**Каменица**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, на пространа рамнина во селските ниви се среќаваат множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Како карактеристично за одбележување е присуството на многу згура од топено железо. (А.К.)

## 45. СВЕЌАНИ

**Панаѓуриште – Св. Константин и Елена**, средновековна црква со некропола. На 3 km југозападно од селото, на североисточната страна на ридот Св. Константин и Елена се наоѓаат остатоци од манастирска црква изградена кон крајот на IX и на почетокот на X век. Подоцна, во XIII и XIV век, црквата била преѕидана и доградена. Од нејзината западна страна се гледаат гробови со конструкција од камени плочи. Во црквата бил вѕидан и еден надгробен споменик – стела, а во западниот ѕид на другата црква (од 1888 година), која се наоѓа во напосредната близина, е вѕидан натпис кој го споменува името на градот Аргос.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 88, 89; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-108. (Ѓ.П.)

Панаѓуриште – Св. Константин и Елена, с. Свеќани. – Натпис со името на македонскиот град Аргос од хеленистичкото време

## 46. СКАЧИНЦИ

**Врчва**, населба од доцноантичкото време. Југоисточно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Б.Ј.)

**Долни Дабје**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. При обработувањето на земјата се откриени и ѕидови од повеќе објекти. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Драгојевић Б., 1965, 130. (Б.Ј.)

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. На 1,5 km јужно од селото, на висок рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од утврдување (бедем), а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 115. (Ѓ.П.)

## 47. СЛИВНИК

**Долни Сливник**, населба од доцноантичкото време. На југоисточната периферија на селото, во нивата на А. Мустафов, при обработувањето на земјата се пронајдени фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ѓ.П.)

## 48. СЛ'П

**Кале**, градиште од римското време. На 1,5 km североисточно од селото, на висок рид на десниот брег на Вардар, на зарамнет врв со површина од околу 2 декара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Се гледаат и остатоци од бедемот на утврдувањето крај чие јужно подножје се гледаат остатоци од античкиот пат Стоби-Скупи.
Mikul~i} I., TIR, 117. (Ѓ.П.)

## 49. СМИЛОВЦИ

**Гробишта – Голема Нива**, некропола од римското време. На 600 m северно од селото, на десниот брег на селската река, при обработувањето на нивите се пронајдени камени плочи и тегули од конструкција на гробови. Од овој локалитет потекнуваат и 4 стели со релјефи и грчки натписи кои се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 76-79; Mikul~i} I., TIR, 117. (Ѓ.П.)

**Старо Село**, средновековна населба и црква. На 3 km источно од селото, на зарамнето плато со површина од 0,7 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови и големо количество градежен

материјал. Се гледаат и остатоци од мала црква во која се вградени повеќе сполии. (Ѓ.П.)

## 50. СОЈАКЛАРИ

**Вршник**, населба од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото, на зарамнето плато со површина од околу 1,5 хектар при обработувањето на земјата се пронајдени фрагменти од питоси, керамички садови и многу градежен материјал. (Ѓ.П.)

**Џамаларски Гробови**, некропола од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, на површините на нивите на А. К. „Лозар“, при обработувањето на земјата се откриени гробови, една стела и камен блок, обата со грчки натписи. Се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

## 51. СОПОТ

**Дабици**, тумули од железното време. На 1 km источно од селото и на 2 km од утврдувањето Сопотско Кале, од обете страни на патот Скопје–Велес се

Дабици, с. Сопот. – Тумулот II. Некропола од железното време

Дабици, с. Сопот. – Тумулот II со гробовите 1 и 2

среќаваат тумули, со особена концентрација на десната, поточно јужната страна од автопатот. Многубројни наоди од керамика, бронзен накит и железно оружје, откупени за Народниот музеј во Велес, се пронајдени при обработувањето на земјата. По контролните ископувања на Народниот музеј од Велес, во 1985 година на овој локалитет се изведени 4 истражувачки кампањи од страна на Музејот на Македонија. Откриени се вкупно 11 тумули со вкупно 40 гробни целости од VII и VI век пред н.е. Погребувањата во Дабици се организирани во родовски тумули, под кои се среќаваат околу 2 до 7 закопувања. Тумулите имаат пречник од 5 до 9 m во основата и височина до 1 m, прстенест ограден ѕид од покрупни камења и структура на насипот од земја и камен. Гробните конструкции имаат ориентација север-југ, градени се од аморфни камења и покриени со танки камени плочи. Покојниците се инхумирани. Врз основа на хронолошките и културните вредности на археолошките наоди, некрополата во Дабици ги поврзува локалните особености на Брегалничко и Повардарјето во железното време, поточно културните манифестации на овие два региона во VII и VI век пред н.е. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес и во Музејот на Македонија во Скопје.
Петачки Ѓ., 1986, 71. (Д.М.)

**Кале**, градиште – кастел со подградие од римското и доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, на јужниот дел на Таорска Клисура, на карпест врв со зарамнето плато и со димензии од 60 x 75 m се гледаат остатоци од одбранбен бедем граден од камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1982, 102-103. (Г.М.)

## 52. СТАРИ ГРАД

**Кале**, населба од бронзеното време и утврдена населба од римското време. На 2 km југоисточно од селото, на десниот брег на реката Бабуна, каде патот за селото Извор ја премостува реката, на висок рид со зарамнето плато кое зафаќа површина од 350 x 100 m се видливи ѕидови од одбранбен бедем. По површината се среќаваат остатоци од градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси. На североисточната страна на локалитетот има поголема концентрација на фрагменти од керамички садови со груба фактура. На југозападната страна на локалитетот се откриени гробови, а исто така и покрај железничката станица Стари Град. Од овој локалитет се и надгробните споменици што ги има публикувано Н. Вулиќ. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 81-82; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 112; Josifovska Dragojevi} B., TIR, 119. (Б.Ј.)

Кале, с. Стари Град. – Населба од римското време (И. М.)

Кале, с. Стари Град. – Надгробен релјеф од доцноантичкото време

## 53. ТЕОВО

**Марково Кале**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km југозападно од селото, на висок рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од утврдување, ѕидови градени од камен и варов малтер. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Mikul~i} I., TIR, 124. (Ѓ.П.)

## 54. УБОГО

**Долно Селиште**, населба од римското време. На 200 m под селото, на левиот брег на реката Брегалница, на површина од 0,5 хектара се среќаваат фрагменти

од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Од овој локалитет потекнуваат една надгробна стела и фрагмент од капител кои биле вѕидани во оградниот ѕид на селската црква, а сега се чуваат во Музејот во Велес.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 110. (Б.Ј.)

**Ногаевски пат**, населба од неолитското време. Во непосредната близина на селото, до задружните штали на десната страна на Брегалница и покрај патот за селото Ногаевци, на рамно плато кое со својата површина од 1,5 хектар се издига над селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба и фина фактура, како и многу фрагменти од сликана керамика. Исто така, откриени се и камени и кремени орудија. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ѓ.П.)

**Чукар**, тумул од железното време. На околу 2 km од селото, од десната страна на реката Брегалница се наоѓа блокот 21 на стопанството „Вардар" во кој има зарамнето плато издолжено околу 100-110 m и широко околу 50 m. На северниот крај на платото има тумул со пречник од 12 m, висок 1,5 m. По површината на тумулот се гледаат вкопани камења, можеби од јадрото на насипот или конструкцијата на гробовите. Во централниот дел има длапка од површинско диво копање. (В.С.)

## 55. УЛАНЦИ

**Грамади**, населба од римското време. На 750 m источно од локалитетот Топот, од левата страна на патот Уланци-Убого и во близината на утоката на Брегалница во Вардар, по површината на нивите на ЗИК „Лозар" се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал. (Д.З.)

**Димов Гроб**, некропола од железното време. Во месноста Ветерница, на левата страна од патот за Џидимирци и на 1 km од селото се гледаат камени плочи од гробни конструкции. Има триесетина гроба од типот циста, со ориентација исток-запад или северозапад-североисток. Во еден од гробовите се најдени лошо зачувани остеолошки остатоци, 2 спирални обетки од бронзен тељ, фрагмент од салталеон, мониста од кафеава стаклена паста и други предмети од бронза во вид на цевче, фрагмент од керамички сад со сивокафеава боја и со две врежани линии. Од 1992 до 1994 година некрополата е ископувана од Музејот на Македонија. Истражени се 50 гроба-цисти со конструкции од камени плочи, со згрчена инхумација, поставени во правец исток-запад, организирани во редови, најчесто по линијата север-југ. Некрополата е датирана од XIII до XI век пред н.е. Што се однесува до матичната населба на некрополата, таа се наоѓа на 200 m јужно, на ридот Столот, каде што се откриени културни слоеви со материјални остатоци исти како оние од некрополата. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Д.З., Д.М. )

**Крст,** средновековна црква со некропола. На 2 km северно од селото, на патот кон селото Елешово, близу до селските лозја во месноста Цуцуле се наоѓа локалитетот наречен Крст на кој, според податоците од Петре Ценовски и Тасе Кимов, до 1960 година имало остатоци од темели на црквичка. Денес теренот е селска утрина. (В.С.)

**Србиново**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1 km североисточно од селото, на левиот брег на Брегалница и во непосредната близина на најзината утока во Вардар, на голема тераса која зафаќа површина од околу 5 хектара се среќаваат множество фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и градежен материјал. При обработувањето на земјата се пронајдени и камени плочи од гробни конструкции. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 107-113. (Б.Ј.)

**Столот**, населба од преминот на бронзеното во железното време и од хеленистичкото време. На 1,5 km јужно од селото, на левиот брег на Вардар, на околу 150 m на левата страна од патот Уланци-Џидимирци се издига доминантен рид. На врвот има зарамнето плато, со димензии 80 x 25 m, на кое се забележуваат остатоци од фортификација и површинска керамика. Во 1994 година се извршени контролни ископувања на простор од 100 $m^2$ во северозападниот дел на платото. Откриени се остатоци од архитектура (голем објект со повеќе простории) и два праисториски слоја со материјал што одговара на материјалот од некрополата Димов Гроб, оддалечена 200 m северно. (Д.З., Д.М.)

**Страната**, населба – викус од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, десно од патот Џидимирци–Уланци, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови со фина и просечна фактура со црвена боја и многу градежен материјал. (Д.З.)

**Топот**, утврдена населба – опидум од римското време. На 500 m низводно од утоката на Брегалница во Вардар и високо над Вардар, на површина од 150 x 60 m има видливи остатоци од бедем, градени од камени блокови без малтер, остатоци од ѕидови на повеќе градби, како и фрагменти од керамички садови, питоси, амфори и градежен материјал. (Д.З.)

## 56. ЦРКВИНО

**Белушка**, населба од римското време. На 2 km југозападно од селото, на зарамнето плато со површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Жителите наоѓале и бронзени монети. (Ѓ.П.)

**Венуле**, населба од римското време. На 4,5 km источно од селото, десно од современиот пат Велес-Неготино, на падина со површина од околу 0,4 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Во Народниот музеј во Велес се чува една римска монета. (Ѓ.П.)

**Габер**, населба од римското време. На 2 km југоисточно од селото, на зарамнето плато со ширина од 80 m и должина од околу 300 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Ѓ.П.)

**Селска црква**, некропола од доцноантичкото време. Источно од црквата Св. Ѓорѓи се откриени повеќе гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ѓ.П.)

## 57. ЧАЛОШЕВО

**Кула**, тумул од римското време. На 2 km југоисточно од селото, лево од современиот пат Велес-Штип, на зарамнето плато се издига тумул со височина од 3-4 m и пречник во основата од околу 20 m. (Ѓ.П.)

## 58. ЧАШКА

**Капиново – Коњарник**, населба од римското време. Се наоѓа северно од железничката станица, во населбата Чашка, на десниот брег на реката Тополка. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, а при изградбата на станбените објекти и при изведувањето на земјоделските работи се откриени ѕидови од повеќе објекти. Откриена е и стела со грчки натпис. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1953, 229-230; Mikul~i} I., TIR, 34; Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

**Мраморје**, населба од неолитското време. На 300 m југозападно од населбата, на левиот брег на Тополка, од обете страни на патот за Отиштино, на простор од околу 300 x 50 m се среќаваат фрагменти од рачно изработени керамички садови, како и камени и кремени орудија. Во 1990/91 година се извршени пробни ископувања при што е констатирана повеќеслојна населба од средниот неолит (Анзабегово-Вршник IV) и доцниот неолит (Зелениково II). Наодите се чуваат во Народниот музеј во Велес.
Алексова Б., 1954, 51-65; Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198; Јовчевска Т., 1993, 31. (Ѓ.П.)

**Сретсело**, средновековна некропола. Во непосредна близина на училиштето и на старата општинска зграда, при изведувањето на градежни работи пред Втората светска војна се откриени гробови со конструкција од камени плочи, со ориентација исток -запад. Археолошкиот музеј од Скопје извршил заштитни ископувања, при што во 5 гроба се најдени гробни прилози – украсни предмети.
Алексова Б., 1954, 63-66; Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

**Сулинар**, населба од римското време. На 200 m северно од селото, на десната страна од железничката пруга за Велес, на блага падина што се спушта кон реката Тополка, на површина од 1,5 хектар се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. Во средишниот дел на овој локалитет се гледаат ѕидови од објект со кружна основа и со пречник од 14-15 m. Овде е најдена и стела со грчки натпис и релјеф. Се чува во Народниот музеј во Велес.
Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

**Тулана**, некропола од римското време. На 300 m западно од железничката станица, при копањето на глина се пронајдени повеќе гробови кои се целосно уништени. Овде е пронајдена и вотивна плоча со претстава на Хеката помеѓу диоскурите. Се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Алексова Б., 1954, 51-65; Mikul~i} I., TIR, 34. (Ѓ.П.)

**Ќерамидница – Црна Круша**, населба и некропола од римското време. На 1 km јужно од железничката станица, на десната страна на Тополка се пронајдени остатоци од објект со помали димензии. Најдена е и мермерна статуета на маж во природна големина, без глава. Околу оваа градба се среќаваат остатоци од повеќе градби. Локалитетот е целосно уништен со копање на глина за изработка на керамички производи на фабриката „Киро Ќучук“. Од другата страна на реката Тополка, во непосредната близина на локалитетот, при изградба на оранжерии се откриени гробови кои се целосно уништени. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Алексова Б., 1954, 51-65; Peta~ki \., Beldedovski Z., 1980, 191-198. (Ѓ.П.)

## 59. ЦИДИМИРЦИ

**Црквиште**, црква со некропола од средниот век. На 2 km источно од селото, на мала височинка со зарамнето плато се гледаат остатоци од ѕидови и зачувани темели од објект со четирилисна основа. Околу него се откриени конструкции на гробови од камени плочи со ориентација исток-запад. (Ѓ.П.)

**Џидимирци**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, кое е целосно напуштено, непосредно до патот за Уланци и близу до фармата на некогашната ЈНА се гледаат камени цисти со големи димензии. (Д.З.)

# VI. ВИНИЦА


1. Блатец ........ 89
2. Виница ........ 90
3. Виничка Кршла ........ 91
4. Градец ........ 92
5. Грљани ........ 96
6. Драгобрашта ........ 96
7. Истибања ........ 96
8. Јакимово ........ 97
9. Калиманци ........ 97
10. Крушево ........ 98
11. Лаки ........ 98
12. Лески ........ 99
13. Липец ........ 99
14. Пекљани ........ 100
15. Троино ........ 100
16. Трсино ........ 100
17. Црн Камен ........ 100


## 1. БЛАТЕЦ

**Грамади,** населба со некропола од римското време. На 1 km североисточно од селото, во подножјето на локалитетот Кале, на површина од 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и од покривни ќерамиди, како и градежен материјал. Западно од Кале се гледаат камени конструкции од гробови со ориентација исток-запад.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 154. (Ц.К., З.Б.)

**Ирин Дол**, могила од римското време. Се наоѓа на 4 km североисточно од селото, на десниот брег на реката Осојница. Висока е 3 m, а во основата има пречник од 20 m. (Ц.К., З.Б.)

**Калајџиево**, населба и могила од римското време. Се наоѓа на 5 km југоисточно од селото, на левиот брег на Блатечка Река, на простор од 4 хектара. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а според исказите на А. Чекани од Блатец, биле најдени метални делови од запрежна кола. Могилата е оштетена така што не можат да ѝ се одредат димензиите. (Ц.К., З.Б.)

**Кале**, градиште од римското време. Лежи источно од селото, на висок рид со надморска височина од 1.037 m што се издига над Блатечка Река. На зарамнетото плато, кое има димензии од 80 x 50 m, се наоѓаат остатоци од бедем граден од камен и варов малтер.
Mikul~i} I., TIR, 27; Крстевески Ц., Белдедовски З., 1987, 154. (Ц.К., З.Б.)

**Мојмија**, тумул од железното време и доцноантичка населба. Се наоѓа на 4 km северно од селото, на мала височинка што се издига над патот Виница-Берово. На површина со димензии од 60 x 40 m се наоѓаат остатоци од темели на повеќе објекти ѕидани од кршен камен и варов малтер. Тумулот е развлечен во основата, со пречник од околу 5 m и височина од 1 m. (Ц.К., З.Б.)

**Рачи Брдо**, могила од римското време. Се наоѓа на 3 km од селото, на десната страна од патот Блатец-Виница. Висока е 2 m, а во основата има пречник од 15 m. (Ц.К., З.Б.)

**Света Недела**, могила од римското време. Се наоѓа северно од селото, на левиот брег на реката Осојница. Висока е 10 m, а во основата има пречник од околу 60 m. На површината се гледаат гробови со камени конструкции, поставени во правец исток-запад, секундарно вкопани во средновековието. Според исказите на К. Костадинов, пред 40 години могилата била прекопана по средината, при што биле најдени метални предмети кои не се зачувани.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 153. (Ц.К., З.Б.)

Света Недела, с. Блатец. – Могила од римското време

**Селиште**, населба од римското време. На 100 m источно од селото, во подножјето на локалитетот Кале, на површина од 4–5 декара се сереќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Оттука потекнуваат две венецијански сребрени монети што се чуваат кај Р. Попов од Виница.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 154. (Ц.К., З.Б.)

**Црквиште**, населба од доцноримското време. На 3,5 km северозападно од селото, на зарамнето плато се наоѓаат грамади од камења, фрагменти од керамички садови и питоси.
Mikul~i} I., TIR, 27. (Ц.К., З.Б.)

**Чуката**, могила од римското време. Се наоѓа на 1 km северно од селото, на зарамнето плато, во нивата на М. Крстев. Има пречник од 20 m и височина од 3,5 m. На југоисточната страна е оштетена.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 154. (Ц.К., З.Б.)

Чуката, с. Блатец. – Могила од римското време

## 2. ВИНИЦА

**Виница**, средновековна населба. Во дворот на В. Атанасов, на улица „Наум Наумовски-Борче", при копање на темели за куќа е откриена фурна за печење на керамички садови и фрагментирана мермерна колона. (Ц.К., З.Б.)

**Виница – Пазариште**, населба од римското време. На платото каде што е лоцирано современото пазариште, М. и Д. Гарашанин, при рекогносцирањето во 1957 год., констатирале голема концентрација на фрагменти од керамички садови. Овде, пред куќата на И. Иванов се откриени неколку керамички садови целосно зачувани. Наодите се чуваат кај Р. Попов од Виница.
Гарашанин М. и Д., 1959, 79. (Ц.К., З.Б.)

Виничко Кале. – Градби покрај градскиот бедем од IV-VI век

**Виничко Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. Се наоѓа југозападно од градот, лево од Грдечка Река, на рид со неправилен облик, издолжен во правец југоисток-северозапад, со надморска височина од 400 m. Опкружен е со стрмни страни со исклучок на југоисточната која со длабок и широк вештачки ров го одвојува од соседната височина. Има нерамен врв, со пад кон северозапад, каде висинската разлика достигнува и до десет метри. Габаритот на просторот што го зафаќаат остатоците од утврдувањето има приближни димензии од 250 x 150 m, што изнесува околу 2,5 хектара. Според површинските остатоци, населбата се простирала и на падините од ридот, како и на околните ритчиња. Со својата височина и положба локалитетот доминира над просторот од Виница, а има убава прегледност и над коритото на Брегалница.

Виничко Кале како археолошки локалитет е нотирано уште во 1954 година од страна на М. Грбиќ, под името „Градиште", а подоцна, во 1958 година, М. и Д. Гарашанин го воведуваат како „Кале Баир". Интересот за неговото истражување се појавува во 1978 година, кога археологот Ц. Крстевски донел во Музејот на Македонија пет фрагменти од теракотни релјефи со иконографски претстави, дотогаш непознати, особено интересни за проучувањето на старохристијанскиот период. Така, од 1985 година се започнува со археолошки ископувања кои непрекинато ќе продолжат до денес. На почетокот како заштитни, а подоцна систематски, со овие ископувања е констатирана релативната стратиграфија на локалитетот. Според археолошките наоди, особено керамичките, животот во населбата се одвивал во долг континуитет, од неолитското време сè до полниот среден век, со таа разлика што се најмногубројни архитектонските остатоци од доцноантичкото време (IV-VI век). Откриени се остатоци од ѕидови на неколку објекти од профан карактер, со организирани тремови, „клупи" за седење, магацински простории, ѕидани од камен и варов малтер, кои на одделни места се зачувани во висина дури до 4 m. Во едни се најдени писцина, префурниум, водоводни инсталации и друго. Објектите биле подигнати покрај одбранбениот бедем, од кој е откриен еден дел заедно со една полукружна кула. Бедемот е ѕидан од кршен камен и варов малтер, а неговата ширина изнесува 3 m. Значајно е да се спомене дека во шутот меѓу ѕидовите е најден голем број на цели и фрагментирани реплики од теракотни икони, со непроценливи археолошки, уметнички и теолошки вредносни димензии.

Приближно на средината на локалитетот се наоѓаат моше лошо зачувани остатоци од ѕидови на мала средновековна црква, многу порано прекопана од „диви копачи" – трагачи по злато. Околу црквичката е откриен голем број примероци од архитек-

тонска пластика, и тоа колони, бази, капители, делови од канцел, транзени, подни плочи и сл., а од подвижниот материјал фрагменти од керамички садови, предмети од бронза, железо и коска, потоа накит, монети и друго. Откриен е и истражен богат женски гроб од XII век во кој се најдени 9 стаклени и 4 бронзени позлатени белезици, 11 бронзени прстени (неколку позлатени) и еден предмет од коска (игленица).

Резултатите од ископувањата, иако сè уште незаокружени, јасно покажуваат дека утврдената населба на Виничко Кале била перманентно изложена на подеми и падови што јасно се забележува преку градежните интервенции кај објектите. Секако, во сето тоа голем удел имала и неговата местоположба, која лежи на една од фреквентните економски антички комуникации – патот од Стоби за Пауталија и Сердика. На овој пат, според историските извори, имало неколку градски населби, па оттука се наметнува размислувањето дека можеби еден од градовите Армонија или Каленидин се наоѓал токму на Виничко Кале, што се очекува да се потврди со натамошните истражувања.

Грбић М., 1954, 125; Гарашанин М. и Д., 1959, 69, 79, 89; Санев В., 1964, 103; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1979, 153-159; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1982, 153-166; Balabanov K., Krstevski C., 1989; Балабанов К., Крстевски Ц., 1991; Balabanov K., Krstevski C., 1993; Balabanov K., Krstevski C., 1995; Димитриева Е., 1993; Балабанов К., 1995. (Ц.К).

Виничко Кале. – Архангел Михаил, теракотна икона

**Горица**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. На 1,5 km северозападно од градот, на една тераса што благо се спушта кон левиот брег на Брегалница, со простор од околу 1 хектар, се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Од 1984 до 1989 година Музејот на Македонија вршел заштитни ископувања при што се откриени темели од помала трикорабна базилика со нартекс и две странични простории, како и остатоци од темели од други објекти. Ѕидовите од базиликата се зачувани во темелните партии, наместа до 1 m висина, и се градени од речен и кршен камен со варов малтер. Со ископувањата се откриени фрагменти од убава архитектонска и декоративна пластика работена во камен (крстови, гулаби и други христијански мотиви).
Крстевски Ц., 1987, 108. (Ц.К., З.Б.)

**Ила**, некропола од железното време. На северниот дел од градот, недалеку од бензинската пумпа, во обработливиот терен биле откриени гробови со камена конструкција.
Гарашанин М. и Д., 1959, 90. (Ц.К.,З.Б.)

## 3. ВИНИЧКА КРШЛА

**Барбашки Дол**, некропола – тумули од железното време. Југоисточно, недалеку од селото, се наоѓаат 4 тумули со помали димензии, распоредени речиси еден до друг, од кои едниот е оштетен.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Вршник**, могила од римското време. На 200 m од селскиот пат за Кршла, од левата страна, и 800 m северозападно од локалитетот Градиште 2 се наоѓа могила висока 5 m и со пречник во основата од 25 m, која е делумно оштетена.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Градиште 1**, некропола – тумули од железното време. Југозападно од селото, на повисок рид пристапен од североисточната страна се наоѓаат три тумули доста развлечени. Првиот има пречник од 4 m и височина од 0,50–0,60 m; вториот 10 m пречник и височина од 0,70 m и третиот 12 m пречник во основата и 0,80 m височина.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Градиште 2,** утврдена населба од железното и доцноантичкото време. На висок рид со доминантна местоположба над Драгобрашка Река се зачувани остатоци од бедем, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 156; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)



Горица, Виница. – Старохристијанска базилика

**Ѓафурски Лозја,** населба од римското време. Се наоѓа на десниот брег на Драгобрашка Река, во непосредната близина на локалитетот Вршник. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а биле најдени и монети.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Кршлански Гумења,** некропола од железното време. На 2,5 km југозападно од селото, помеѓу реките Осојница и Драгобрашка Река се наоѓа терен со зарамнето плато на кое, со работите за правење гумно, биле откриени гробови со конструкција од камени плочи. Од гробните прилози се зачувани две масивни белезици од бронза кои се чуваат кај Р. Попов од Виница.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 156; Митревски Д., 1988, 88. (Ц.К., З.Б.)

**Могила**, населба и могила од римското време. На 2 km северозападно од селското училиште, на десната страна од стариот пат Кочани-Делчево, на површина од околу 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди. Концентрацијата на археолошкиот материјал е најголема во нивата на И. Митев. Во непосредната близина се наоѓа оштетена могила со пречник во основата од 25 m и височина од 4–5 m.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Русалски Гробишта,** некропола од железното време. На левата страна од стариот пат Кочани-Делчево, над Калиманско Поле се гледаат гробови со конструкција од големи камени плочи.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 156. (Ц.К., З.Б.)

**Сушица – Бавчи**, населба и некропола од римското време. На просторот помеѓу локалитетите Градиште 2 и Вршник, во нивите на Фиданчо Петров и неговиот брат се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На источниот дел од неселбата се констатирани гробови градени од камени плочи. Според кажувањето на сопственикот, биле пронаоѓани монети кои денес се чуваат кај Р. Попов од Виница.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

## 4. ГРАДЕЦ

**Бедеш**, средновековна населба. На 1 km западно од селото, на зарамнето плато се гледаат остатоци од темели на повеќе објекти.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 160. (Ц.К., З.Б.)

**Виничка Река**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km североисточно од селото, во нивата на Ц. Спасов се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Ц.К., З.Б.)

**Градец**, депо на монети од средниот век. Лево од патот на влезот во селото, во плацот на Тодор Стојков при копање на темели за куќа во 1966 година се најдени 721 византиска монета од XII век. Депото го сочинуваат 60 електруми – монети од злато и сребро, и 651 монета од бакар. Монетите се откупе-

ни од Музејот на Македонија, со исклучок на 47 електруми. Што се однесува до временската припадност, меѓу прибраните електруми 1 е од Мануел I Комнен, 7 од Андроник I Комнен и 9 од Исак II Ангел. Бакарните монети не се дефинирани поради конзерваторските третмани, но сосема е сигурно дека и тие се од времето на споменатите владетели. (Ј.К)

**Градиште**, населба од доцноантичкото време. На југоисточниот крај од селото, на падините од височинката Гавран, на површина од 3–4 декара има фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друг градежен материјал.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 160. (Ц.К., З.Б.)

**Клисе Баир**, некропола – могили од римското вре ме. На североисточниот крај од селото, во непосредната близина на училиштето се лоцирани две могили. Едната има пречник во основата до 40 m и височина од 8 m, а втората 20 m во основата и височина од 4–5 m и се оддалечени една од друга околу 20 m.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 157; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 160. (Ц.К., З.Б.)

## 5. ГРЉАНИ

**Манастирот**, старохристијанска базилика. На 1 km источно од училиштето се гледаат остатоци од темели на објект со ориентација исток-запад и со апсида на источната страна. Се работи за еднокорабна црква, со четири простории од јужната страна, со приближни димензии од 38 x 20 m.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 155; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 160. (Ц.К., З.Б.)

**Могилата**, могила од римското време. Десно од стариот пат Кочани-Делчево и на околу 2 km во средишниот дел на Калиманско Поле се наоѓа голема могила со пречник во основата од 35 m и височина од 4 m.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 154; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 160. (Ц.К., З.Б.)

**Самовилец**, градиште од доцноантичкото време. Околу 400 m југоисточно од маалото Маниловци, на висок рид со надморска височина од 930 m кој доминира над калиманската висорамнина, на зарамнетото плато се гледаат темели од ѕидови градени од камен и варов малтер.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1978, 155; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 160. (Ц.К., З.Б.)

## 6. ДРАГОБРАШТА

**Белтечке Маало**, населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Селишка Река, во нивата на М. Стојан се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. Видливи се и темели од ѕидови градени од камен и кал.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 160. (Ц.К., З.Б.)

**Вршник**, населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Пекљанска Река, десно од патот за Драгобрашта и Пекљани, на мала височинка се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди, како и друг градежен материјал.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 160. (Ц.К., З.Б.)

**Драгобрашко Градиште**, градиште од римското време. Јужно од селото, на левиот брег на Селешка Река, на површина од 150 x 100 m се гледаат остатоци од ѕидови на повеќе објекти, а фрагменти од керамика се среќаваат по целата површина на локалитетот.
Белдедовски З., 1979, 143-155; Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 155; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 161. (Ц.К., З.Б.)

**Манастир**, средновековна црква и некропола. Во маалото Блатешко, при нивелирање на теренот за изградба на црква мештаните откриле темели од мала еднокорабна црква, а наоколу гробови. Денес во новоизградената црква се наоѓа мал жртвеник – ара од камен, кој бил донесен од локалитетот Драгобрашко Градиште. (Ц.К., З.Б.)

**Свети Спас**, старохристијанска базилика. На раскрсницата од селскиот пат за Драгобрашта и Пекљани, денешната црква Св. Спас е изградена врз темели од голема базилика, со димензии од 40 x 20 m, од која се гледаат апсидата, северниот и јужниот ѕид, зачувани во темелите.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 155; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 161. (Ц.К., З.Б.)

**Селиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 500 m јужно од Чукарлиско маало, помеѓу Трсинска и Селишка Река, на една ниска падина се констатирани остатоци од објекти чиј градежен материјал се среќава на површината, а исто така и фрагменти од керамика. Во непосредната близина на локалитетот жителите откопале повеќе гробови со камена конструкција. (Ц.К., З.Б.)

**Црвено Брдо**, могила од римското време. Се наоѓа на 500 m југозападно од Драгобрашко Градиште. Во основата има пречник од 10 m и зачувана височина од 2 m. (Ц.К., З.Б.)

## 7. ИСТИБАЊА

**Бадем Баир**, населба од римското време.
Mikul~i} I.,TIR, 64. (Д.Г.).

**Батевка**, населба од римското време. На 2 km источно од селото, на левата страна на стариот пат Кочани-Делчево, во нивата на Б. Антов се среќаваат

фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., З.Б.)

**Кале**, градиште од доцноантичкото врме. На 2 km североисточно од селото, на зарамнетото плато од карпестиот рид кој стрмно се издига над коритото на Брегалница, се гледаат остатоци од темели на бедем. Во внатрешноста на градиштето се забележуваат и темели од помали објекти.
Mikul~i} I., TIR, 64; Микулчиќ Г., 1987, 181. (Ц.К., З.Б.)

**Превалец**, некропола – тумули од железното време. На 3 km од селото, близу до раскрсницата Виница -Делчево-Кочани се наоѓаат два помали тумула. Едниот е целосно уништен со копањето на војнички ровови, а другиот е делумно оштетен.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 161. (Ц.К., З.Б.)

**Раклеви Бавчи**, населба од римското време. На високиот рид што се наоѓа на 400 m североисточно од селото се гледаат темели од повеќе објекти, а по површината се среќаваат големи количества од градежен материјал: камен, покривни ќерамиди, подни тули и др.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 161. (Ц.К., З.Б.)

**Селиште,** населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 64. (Д.Г.).

**Слатина – Горица**, населба и некропола од римското време. На 2 km јужно од селото и на 1,5 km северозападно од селото Јакимово, во една мала плодна котлина опкружена со ниски тераси се гледаат остатоци од објекти и населбинска керамика. На една од терасите, близу до нивата на А. Апостолов, во 1968 година, со поставувањето на каналот за наводнување – лев крак на брегалничкиот мелиоративен систем, биле откриени два гроба издлабени во карпа, со кремирани покојници и множество керамички прилози. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Штип.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 157; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 161. (В.С., Ц.К., З.Б.)

**Турски гробишта**, населба од римското време. На околу 300 m југоисточно од селото, од левата страна на стариот пат Истибања-Делчево, во близината на турските гробишта се среќаваат остатоци од населбинска керамика и градежен материјал.
Крствески Ц., Белдедовски З., 1987, 161. (Ц.К., З.Б.)

## 8. ЈАКИМОВО

**Амбарица**, населба од римското време. Во нивите на северниот крај на селото, на простор од околу 100 x 60 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (камен, покривни ќерамиди и сл).
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 161. (Ц.К., З.Б.)

**Блатечки пат**, населба и некропола – могили од римското време. На 2 km источно од селото, недалеку од утоката на Сушичка Река во Осојница, во нивите на Н. и Т. Арсови, со површина од околу 6-7 декара, се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Сопствениците на нивите при орање наидувале на темели од објекти, питоси и монети. Во западниот дел на локалитетот се издига мало ритче, наречено Булите, на кое доминираат две делумно оштетени могили. На ритчето, во северниот крај, лежи уште една многу поoштетена могила, со пречник од околу 10 m. Наодите не се зачувани.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Ц.К., З.Б.)

**Купелот**, населба и могила од римското време. На 1 km западно од селото, на десниот брег на реката Осојница, во нивите на С. Стојанов се среќава множество фрагменти од керамички садови. При обработувањето на нивите, сопственикот наоѓал темели од ѕидови ѕидани со кршен камен и варов малтер. На локалитетот се констатирани и две помали могили оштетени во поголема мера. (Ц.К., З.Б.)

**Селски гробишта**, средновековна некропола. Во југоисточниот дел на денешните гробишта, лоцирани во подножјето на ридот Баир, се гледаат гробни конструкции од средновековна некропола. (Ц.К., З.Б.)

**Ќерамидница**, некропола од доцноримското време. Северозападно од селото има мала долинка низ која минува селскиот пат од селото Јакимово за селото Истибања. Според информациите од Ф. Трајчев, овде при градењето на шталата биле откопани повеќе гробови со конструкции од камени плочи.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Ц.К., З.Б.)

## 9. КАЛИМАНЦИ

**Велогат**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на маалото Игнатевци, во нивите на М. Митев се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, а се забележуваат и темели од објекти.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Ц.К., З.Б.)

**Виничка Скала**, населба од доцноантичкото време. На 500–600 m северозападно од локалитетот Остовец се констатирани остатоци од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Ц.К., З.Б.)

**Горица**, некропола од римското време.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 154; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Д.Г.).

**Манастириште – Студењак**, населба од римското време. На 3 km северно од стариот пат Кочани-Делчево, во нивите на семејствата Зоеви и Илкови



Манастириште – Студењак, с. Калиманци. – Херкуланка од римското време

се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. На почетокот на педесеттите години биле откриени две женски статуи – каријатиди од крупнозрнест мермер кои се чуваат во Заводот и музеј во Штип.
Гарашанин М. и Д., 1959, 81; Санев В., 1964, 106; Mikul~i} I., TIR, 66. (Ц.К., З.Б.)

**Остовец**, средновековна црква. Недалеку од Калиманци, на левата страна од стариот пат Кочани-Делчево, на зарамнето плато пошумено со багремови дрвја се наоѓаат остатоци од ѕидови на црква со мали димензии.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Ц.К., З.Б.)

**Русалски Гробишта**, некропола – тумул од железното време. На 500 m јужно од училиштето во правецот на Јуручко маало, на терасесто плато се гледаат конструкции од дваесетина гроба распоредени во круг кој формира основа од тумул со пречник од околу 5 m и височина од 0,80 m. Гробовите се градени од камени плочи и се поставени во правците исток-запад и северозапад-југоисток
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Ц.К., З.Б.)

**Студењак**, населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 66. (Д.Г.)

**Царевец**, населба и некропола од римското време. На ниските тераси околу плодното и не многу големо Калиманско Поле, во месностите Кунец, Поревица и Вртен Даб се среќаваат остатоци од градби, а по површината многубројни фрагменти од керамички садови со сива боја. Северозападно од месноста Кунец, на малата височинка Горица е констатирана некропола.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Ц.К., З.Б.)

**Цинцов Рид**, населба од римското време. Се наоѓа во Паднато маало што лежи меѓу локалитетот Манастириште и патот Кочани-Делчево. Во нивите се среќаваат фрагменти од атипична керамика и од тули со римска форма.
Гарашанин М. и Д., 1959, 81; Mikul~i} I., TIR, 66. (В.С.)

## 10. КРУШЕВО

**Дефово Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1 km источно од селото, на височинка што се издига на десниот брег на реката Железничка. На зарамнетото плато, кое има димензии од 150 x 50 m, се гледа големо количество на расфрлен градежен материјал (камен, покривни ќерамиди, тули), како и фрагменти од керамички садови. Бедемот што го опкружувал градиштето е зачуван на повеќе места во темелите.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 155; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 162. (Ц.К., З.Б.)

## 11. ЛАКИ

**Анџиски Валови**, средновековна населба. На 6 km источно од селото, во месноста Обездна, на површина од 60 x 40 m се среќаваат фрагменти од тули. Според податоците од Ј. Наков, на овој локалитет бил ваден и друг градежен материјал.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Бигланско Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 4 km југоисточно од селото, од десната страна на патот Виница-Берово, на простор од околу 180 x 80 m се гледаат темели од помали објекти, а по површината градежен материјал. Остатоци од бедемот има на неколку места. Од јужната страна на градиштето е всечен длабок одбранбен ров.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 163; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На околу 5 km западно од селото, на простор од 50 x 50 m се забележуваат остатоци од помали објекти, а по површината градежен материјал и фрагменти од керамички садови.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Грамади**, градиште од доцноантичкото време. На висок рид со доминантна положба, оддалечен 5 km југозападно од селото, на површина од 150 x 80 m се гледаат остатоци од градежен материјал и керамички садови. На неколку места се зачувани делови од темелите на бедемот.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Манастирот**, средновековна црква. Во месноста Боровец, што се наоѓа на границата меѓу атарите на селата Лаки и Пекљани, според кажувањето на Стојан Манасиев, постојат темели од објект со апсида на источната страна, со димензии од 20 x 10 m. На површината се забележуваат и темели од други помали објекти. (Ц.К., З.Б.)

**Могила**, тумул од железното време. Се наоѓа на 2 km северозападно од селото, на левиот брег на реката Осојница. Тумулот во основата има пречник од 8 m и височина од 2 m. На јужната страна има оштетувања. (Ц.К. З.Б.)

**Сејменски Преслап**, средновековна некропола. Се наоѓа западно од селото, на оддалеченост од околу 6 km меѓу ридиштата Чикур и Тртља. Некрополата е голема, со гробови од камени плочи.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Стара Кула,** мал кастел од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 77. (Д.Г.).

**Црквата**, средновековна црква. На 3-4 km западно од селото се наоѓаат остатоци од црква со димензии од 15 x 6 m. (Ц.К., З.Б.)

**Црквиште**, средновековна црква. На 2,5 km северозападно од селото, на левиот брег на реката Осојница се гледаат остатоци од објект со димензии од 20 x 10 m, од кои јасно се издвојува апсидалниот простор. Околу црквата има големо количество градежен материјал.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

## 12. ЛЕСКИ

**Ореово**, населба и некропола од римското време. На 2 km југоисточно од селото, од левата страна на селскиот пат Лески-Зрновци, во подножјето на Плачковица, на површина од околу 12 хектари се среќава множество фрагменти од керамички садови, а од градежен материјал покривни ќерамиди, тули и кршен камен. Најдена е згура од топени метали, како и повеќе монети кои не се зачувани. На источната страна на локалитетот се констатирани неколку гробови со камени конструкции, а на околу 500 m југозападно од него, при каптирањето на изворите за современиот водовод е откриен дел од инсталациите на стариот римски водовод.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 154; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Св. Атанас**, населба од римското време и средновековна црква. На 300 m североисточно од селото, на површина од 6-7 декара се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (покривни ќерамиди и подни тули). Во средишниот дел на населбата, на подигнато плато жителите откриле темели од еднокорабна црква со димензии од 22 x 10 m. Во темелот на северниот ѕид е вградена база од столб.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 153; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

**Свети Јован Опсеча**, средновековна црква. Во современите селски гробишта жителите откриле остатоци на темели од сакрален објект од кој повеќе сполии се вградени во новата црква. Се гледаат надвратници и довратници, а во горниот дел на јужната фасада има плоча со кирилски натпис.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 163. (Ц.К., З.Б.)

## 13. ЛИПЕЦ

**Бели**, населба од римското време. На 1 km западно од селото, во подножјето на Плачковица, во нивата на Б. Апостолов се гледаат остатоци од населба, и тоа фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 164. (Ц.К., З.Б.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На едно зарамнето плато со површина од 80 x 50 m, сместено на падините на Плачковица, оддалечено 2 km југозападно од селото, се среќаваат остатоци од градиште.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 164. (Ц.К., З.Б.)

**Иловица**, населба од римското време. Западно од селото, при обработувањето на земјата жителите откриле темели од повеќе објекти. Денес, на површината се гледаат фрагменти од керамички садови, а од градежен материјал покривни ќерамиди, кршен камен и варов малтер.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 164. (Ц.К., З.Б.)

**Свети Спас**, населба и некропола од римското време. Во непосредната близина на црквата Св. Спас, која е на 300 m јужно од селото, се забележуваат остатоци од кршен камен и кал и покривни ќерамиди. Постојат индиции и за постоење на некропола.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 164. (Ц.К., З.Б.)

**Црквенец**, населба и могила од римското време. Од левата и десната страна на долот Црквенец се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, а се гледаат и темели од неколку објекти. Според кажувањето на А. Петров, биле пронајдени голем број монети кои не се зачувани. На северниот крај на локалитетот се наоѓа помала могила со пречник во основата од 8 m и височина од 1,5 m.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 157; Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 164. (Ц.К., З.Б.)

**Чукарки**, некропола од железното време – тумули. На 2 km северозападно од селото, на зарамнето плато се наоѓаат 11 тумули.
Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 157. (Ц.К., З.Б.)

## 14. ПЕКЉАНИ

**Долови**, населба од римското време. На 300 m северозападно од селото, од левата страна на патот се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ц.К., З.Б.)

**Колник**, некропола од доцноантичкото време и средниот век. На источниот крај на ридот Колник, кој се наоѓа на 200 m јужно од селото, се гледаат гробни конструкции од неправилно редени камења. Поради ерозивноста на теренот некрополата е подложна на уништување, а мештаните прекопале повеќе гробови.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 164. (Ц.К., З.Б.)

**Рашка**, рударска населба од римското време. Во атарот на селото, на поголема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови и згура. Во 1977 година се откриени златоносни рударски галерии. Се работи за експлоатација на златоносен материјал преку хоризонтални галерии во алувијалните речни насипи.
Белдедовски З., 1979а, 143-155; Белдедовски З., Крстевски Ц., 1979, 156. (Ц.К., З.Б.)

**Саботините Гробишта**, населба и рударска јама од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, во нивата на Геро Христов, при обработувањето на земјата е откриена рударска јама вкопана 2,5 m под површината, со окно високо 1,5 m и широко 1,40 m. На површината на нивата има многу фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Студен Кладенец**, могили од римското време. Југозападно од селото, во подножјето на ридот Колник се наоѓаат две могили со приближно исти димензии: 18 m пречник во основата и 3 m височина.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 164. (Ц.К., З.Б.)

**Сушица – Дуборово**, населба од римското време. Југозападно од селото, во подножјето на ридот Колник, во нивите и бавчите на Т. Трајчев и С. Костадинов се среќава голем број фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ц.К., З.Б.)

**Црквиште**, населба од доцноантичкото време. На 1 km североисточно од селото, на ритче со доминантна местоположба се забележуваат остатоци од темели на ѕидови и градежен материјал.
Крстевски Ц., Белдедовски З., 1987, 164. (Ц.К., З.Б.)

## 15. ТРОИНО

**Почивало**, некропола од доцноантичкото време и средниот век. На 50 m источно од основното училиште, на површина од 50 x 50 m се откриени повеќе гробови градени од камени плочи. Според исказите на М. Ангелов, гробни прилози не се најдени. (Ц.К., З.Б.)

## 16. ТРСИНО

**Дебоки Дол**, населба од доцноантичкото време. На 150 m северно од селото, на десниот брег на Трсинска Река селаните откопале темели од објекти. (Ц.К., З.Б.)

**Манастирски Дол**, населба од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, камен, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Ц.К., З.Б.)

**Прибен**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на Витински маала, оддалечени 5 km југоисточно од селото, на простор од 200 x 100 m се забележуваат остатоци од градежен материјал од објекти (покривни ќерамиди, тули). Било најдено и поголемо депо на монети кои не се зачувани. (Ц.К., З.Б.)

**Трсино**, населба и некропола – могили од римското време. Во селото, а посебно покрај реката, се откриени темели од ѕидови на повеќе објекти, а на површината има остатоци од градежен материјал. На околу 400 m северно од селото, од десната страна на патот кон Драгобрашта се наоѓаат две поголеми могили. Едната има пречник во основата од 23 m и височина од 1,5 m, а втората 25 m пречник во основата и височина од 2 m. Поради копање на војнички ровови могилите ја имаат загубено првобитната височина. (Ц.К., З.Б.)

**Црквиште**, средновековна црква. На 5 km источно од селото се гледаат остатоци од темели на објект кој на источната страна има апсида. (Ц.К., З.Б.)

## 17. ЦРН КАМЕН

**Селимови Ниви**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северозападно од селото, на еден мал простор се гледаат остатоци од темели на помал објект и градежен материјал: покривни ќерамиди, тули, како и фрагменти од керамички садови. (Ц.К., З.Б.)

**Селски гробишта**, средновековна црква. Од десната страна на патот Кочани-Делчево, во селските гробишта се констатирани остатоци – темели од црква со димензии од 10 x 5 m. (Ц.К., З.Б.)

# VII. ГЕВГЕЛИЈА

1. Богданци ........................................................... 101
2. Богоројца ........................................................... 101
3. Габрово ........................................................... 102
4. Гевгелија ........................................................... 102
5. Горничет ........................................................... 98
6. Давидово ........................................................... 108
7. Ѓавато ........................................................... 108
8. Кованци ........................................................... 108
9. Конско ........................................................... 109
10. Милетково ........................................................... 109
11. Миравци ........................................................... 109
12. Моин ........................................................... 110
13. Мрзенци ........................................................... 110
14. Негорци ........................................................... 110
15. Николиќ ........................................................... 110
16. Нов Дојран ........................................................... 111
17. Петрово ........................................................... 111
18. Прдејци ........................................................... 112
19. Селемли ........................................................... 113
20. Серменин ........................................................... 113
21. Смоквица ........................................................... 113
22. Стар Дојран ........................................................... 114
23. Стојаково ........................................................... 114
24. Фурка ........................................................... 115
25. Хума ........................................................... 115
26. Црничани ........................................................... 115

## 1. БОГДАНЦИ

**Барданов Камен**, населба од римското време. На 500 m западно од селото се среќаваат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси.
Микул~и} И., ТИР, 1976, 28. (Ж.В.)

**Света Гора**, населба и некропола од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. На 2 km северозападно од селото, лево од патот Гевгелија -Богданци, во нивата на И. Прчев и Р. Кркалачев се гледаат остатоци од ѕидови – кршен камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. Наодите укажуваат на постоење на старохристијанска базилика, како и на поголема некропола.
Микул~і} И., ТИР, 1976, 27. (Ж.В., М.И.)

**Тумба**, некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km северозападно од селото, во нивата на Ристо Џалев се откриени повеќе гробови. Во 1990 година Музејот од Гевгелија извршил мали заштитни ископувања при што се откриени два гроба. (К.Р.)

## 2. БОГОРОЈЦА

**Гајки – Одрина**, населба од доцноантичкото време. Во лозјето на Л. Мандошев, на 500 m од асфалтниот пат Гевгелија-Богданци, од северната страна на ридот Кофилак, на блага падина со површина од 70 x 40 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Кофилак – Богородички Даб**, населба од железното време. Високо над левиот брег на реката Вардар, спроти Гевгелија, над самиот пат за селото Богородица се издига доминантна височина со мало зарамнето плато со пониска тераса на јужната страна. Претставува населба од типот „градишта“ на чија површина се среќаваат фрагменти од керамика од железното време. Во 1995 година од страна на Музејот на Македонија се вршени контролни сондирања при што се откриени остатоци од градежен објект со правоаголна основа од камен и ѕидови од плет. Според стратиграфијата на платото и инвентарот од објектот, во кој доминираат магацински керамички садови од самиот почеток на железното време (XI-X век пред н.е.), е утврдено дека на овој простор постоела најстарата иницијална населба. Ширењето на населбата во железното време веројатно би требало да се очекува на јужната тераса, денес во голема мера оголена од ерозии. Во западното подножје на Кофилак се простира некрополата Милци, со погребувања од VIII-V век пред н.е. (Ж.В., М.И., Д.М.)

**Милова Чешма**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селото, во непосредната близина на државната граница со Грција, на површина од 70 x 50 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Милци**, некропола од железното време. Се наоѓа на 500 m од мостот на Вардар, од левата страна на автопатот што води кон граничниот премин Богородица. Со заштитните археолошки ископувања, изведени во 1979 година се откриени 45 гроба со конструкции од камени плочи – тип циста, а со систематските ископувања во 1983 година уште 14 гроба. Во нив се најдени керамички садови, украсни предмети од бронза и оружје што му припаѓаат на времето од почетокот на VII до крајот на VI век пред н.е. Во текот на 1995 година се откриени уште 5 гроба од истиот тип со што се проширени границите на некрополата на исток, кон матичната населба на ридот Кофилак или Богородички Рид. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје и во Музејот во Гевгелија.
Пашиќ Р., Винчиќ Ж., Ивановски М., 1981, 35-37; Пашиќ Р., Винчиќ Ж, Ивановски М., Георгиев З., 1987, 75-84. (Ж.В., М.И., Д.М.)

Милци, с. Богоројца. – Некрополата од VI век пред н. е.

**Тумба**, населба од доцноантичкото време. Во нивите на Т. Панчев, Т. Узунов, Т. Ризов и Б. Ангелов, на 200 m лево од патот Богородица-Стојаково, на една мала височинка со површина од 100 x 50 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

## 3. ГАБРОВО

**Аузо**, населба од римското време. На 2,5 km југоисточно од селото, во нивите на Ѓ. Георгиев и Ј. Несторов се гледаат траги од темели на повеќе објекти, а по површината има фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Градиште**, средновековно градиште. Се наоѓа на 1 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато, кој има доминантна местоположба. Овде се гледаат грамади од градежен камен и варов малтер, како елементи од фортификација. Традицијата кај мештаните укажува и на присуство на сакрален објект. (Ж.В., М.И.)

**Дедовец**, рударска населба од римското време. На 2 km јужно од селото, лево од патот за Висока Чука, во нивата на Л. Ристов се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен камен. Наодите од згура на топена руда упатуваат на помала рударска населба. (Ж.В., М.И.)

**Кочиње**, населба од доцноантичкото време. На околу 3 km јужно од селото, на висок рид со доминантна местоположба се среќаваат фрагменти од керамички садови, а наместа се гледаат темели од ѕидови на повеќе објекти. (Ж.В., М.И.)

**Лалово Трло**, населба од доцноантичкото време. На западната периферија на селото, во нивата на Ѓ. Георгиев има фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал (камен, тегули, имбрекси). (Ж.В., М.И.)

**Селиште**, населба од римското време. На 2,5 km јужно од селото, во нивата на А. Поповски е откриен дел од хидроинсталација – канал граден од кршен камен и варов малтер, со покрив од камени плочи. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Стојков Рид**, некропола од доцноантичкото време. На југоисточната страна на селото, во синорот помеѓу селата Габрово и Смоквица се откриени гробови со конструкција од камени плочи – тип циста, со ориентација исток-запад. Во профилот направен од поројот се гледаат повеќе гробови. (Ж.В., М.И.)

**Студенка**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2,5 km југоисточно од селото. Во нивата на А. Андонов се гледаат ѕидови од повеќе објекти, а по површината има фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

## 4. ГЕВГЕЛИЈА

**Вардарски Рид**, повеќеслојна населба и некропола со траги од енеолитското до римското време. Се наоѓа на источниот раб на градот, на десниот брег на Вардар, и претставува рид на кој доминираат две височинки. На јужните, источните и западните падини на ридот се констатирани остатоци од фортификација, ѕидови од повеќе објекти градени од кршен камен и варов малтер, а по површината на целиот простор има многу фрагменти од керамички садови со различна временска припадност. На северната страна на локалитетот во 1970 година се извршени сондажни заштитни ископувања при што се откриени повеќе гробови „на две води“, градени од тегули, а на источната гробови со камена конструкција – тип циста. На јужната или централната височинка, каде доминира современиот споменик на Револуцијата, се забележуваат остатоци од акропол на античка населба. Овде, јужно од споменикот, во 1995/1996 година се вршени пообемни истражувања. Откриени се остатоци од 4 културни стратуми. Најстариот стратум го претставуваат погребувања од доцноархајскиот период (крајот на VI и раниот V век пред н.е. Вториот е одбележен со населбинска архитектура и подвижни наоди од класичното време (V-IV век пред н.е.). Меѓу откриените градби доминантното место го заземаат оста-



Вардарски Рид, Гевгелија. – Градби од хеленистичкото време

тоците од еден јавен монументален објект, ѕидан од масивни камени блокови, обработени во техниката опус љуадратум. Третиот стратум претставува нова населба, со многубројни помали градби (улици, работилници и сл.) ѕидани во сувоѕидица. Последниот стратум го одбележуваат средновековни гробови со инхумирани покојници, вкопани меѓу остатоците од последната хеленистичка населба. Според откриените неподвижни и подвижни наоди (керамика, накит, алатки, теракоти, монети и др.) најголемиот подем населбата го имала во текот на В и ИВ век пред н.е. Тоа може да се поврзе со историските записи на Тукидид за походот на Ситалк во Македонија и уривањето на повардарските градови, меѓу кои и класичната населба на Вардарски Рид во која најверојатно се крие едно од имињата на градовите Гортинија и Аталанта. Наоди се чуваат во Музејот во Гевгелија и во Музејот на Македонија во Скопје. Вулиќ Н., Сп. ЛЦЦИ, 55, 120-122; Микул~и} И.,ТИР, 56. (Д.М.)

**Гевгелија,** депо на монети од хеленистичкото време. Во 1966 година Музејот на Македонија откупил 35 тетрадрахми од II век пред н.е. од Првата македонска мерида. Местото на наоѓањето не е познато. (Ј.К.)

**Раул**, некропола од римското време. Во дворот на Казнено-поправниот дом се откриени повеќе гробови од типот „на две води“, градени од тегули. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија. (Ж.В., М.И.)

**Сува Река – Парагон**, некропола од железното време. Во јужниот дел на градот, а особено во коритото на Сува Река и на нејзините брегови, како и на флувијалната тераса на десната страна, позната под

Сува Река – Парагон, Гевгелија. – Гробови од VII-VI век пред н.е.

името Парагон, е откриен голем број гробови од неколку типови: слободно вкопување, цисти од камени плочи и во питоси, сите со различна ориентација.

Гробовите се релативно богати со прилози, меѓу кои е најчеста фината керамика работена на

Сува Река – Парагон, Гевгелија. – Предмети од т.н. група „македонска бронза“, VII-VI век пред н.е.

колце, додека грубата рачно работена е сосема ретка. Во голем број се и предметите од бронза во вид на украсни предмети и накит, како и орудија и оружје од железо. Во периодот 1975-77 година Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и Музејот на Македонија вршеле заштитни археолошки ископувања. Откриените наоди се чуваат во Музејот во Гевгелија и во Музејот на Македонија во Скопје.

Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., Саржоски С., 1976, кат. бр. 629-652; Пашиќ Р. 1977, 43-57; Пашиќ Р., 1978, 21; Санев В., Соколовска В., Бабиќ Б., 1980, кат. бр. 241–261. (Ж.В., М.И.)

## 5. ГОРНИЧЕТ

**Бели Брег**, населба од доцноантичкото време. На 3 km северозападно од селото, на простор од 100 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (А.К.)

**Грамади**, флотација на руда од античкото време. На околу 500 m западно од селото, на двата брега на Конска Река се наоѓаат грамади од камен – речни бајки со различна големина. Грамадите се резултат на извршена сепарација, која како појава е присутна речиси по целиот тек на реката. Нема сомнение дека се работи за остатоци од флотација на злато. (Ж.В., М.И.)

**Сифулајка**, населба од доцноантичкото време. На околу 2 km западно од селото, на левиот брег на Конска Река, на тераса што зафаќа површина од 200 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Локалитетот е откриен со изградбата на патот за Смрдлива Вода. (К.Р.)

**Стар Горничет**, населба од доцноантичкото време. На околу 2 km северно од селото, на голема висорамнина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (К.Р.)

**Сув Бунар**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 1 km северно од селото, на висок рид со зарамнето плато се наоѓаат остатоци од темели на бедем, а по површината фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Бе-

демот оградувал мал простор на врвот од ридот. (А.К.)

## 6. ДАВИДОВО

**Брест**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северозападно од селото, во непосредната близина на чешмата, на површина од 100 x 80 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал.
Микул~и} И., ТИР, 40. (Ж.В., М.И.)

**Варијанта**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km северно од селото, по површината на нивите се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Откриени се и неколку гробови градени од камени плочи.
Микул~и} И., ТИР, 40. (Ж.В., М.И.)

**Градиште**, населба од римското време. На 2,5 km северозападно од селото, на височинка што доминира над коритото на Вардар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Микул~и} И., ТИР, 40. (Ж.В.)

**Гробишта – Река**, доцноантичка некропола. На растојание од 1 km северозападно од селото, на десниот брег на реката се гледаат камени плочи од гробни конструкции – тип циста, со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Свети Илија**, средновековна црква и некропола. На 200 m североисточно од селото има многу градежен материјал и големи камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

**Селиште**, доцноантичка населба. На 1 km западно од селото, во нивите на Ѓ. Попов и во околните ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал. Видливи се и темели од повеќе објекти. (Ж.В., М.И.)

## 7. ЃАВАТО

**Мамино**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 4 km северно од селото, на висок рид со зарамнето плато, кој доминира над околината, се забележуваат темели од одбранбен бедем кои на некои места достигнуваат височина и до 1,20 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Најдени се и монети од VI век. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија.
Микулчиќ Г., 1987, 182. (К.Р.)

**Молникот**, средновековна населба. Во дабовата шума што се наоѓа на 500 m источно од селото, на површина од 50 x 30 m се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди, како и помали грамади од градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Рамниште**, населба од доцноантичкото време. На североисточниот раб на селото, на простор од 100 x 70 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и помали грамади од градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Селиште**, средновековен сакрален објект. На 500 m североисточно од селото се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и градежен материјал. Преданијата упатуваат на сакрален објект. (Ж.В., М.И.)

## 8. КОВАНЦИ

**Гробишта**, населба и некропола од доцноантичкото време. На околу 300 m источно од селото, во нивата на С. Тасевски и во соседните ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен материјал. Има и големи количества згура, што упатува на рударски активности, а по површината се гледаат и големи камени плочи од гробни конструкции – тип циста.
Микул~и} И., ТИР, 74. (Ж.В., М.И.)

**Гроздени Дупки**, населба од железното време. Се наоѓа на 3 km западно од селото, високо над десниот брег на Кованска Река. На платото што е зарамнето и со површина од 120 x 70 m се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура, рачно работени. (Ж.В., М.И.).

**Ѓурова Нива**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km југоисточно од селото и на околу 1 km од Кованска Река, во нивата на Р. Крстев, што се наоѓа на мало зарамнето плато, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Лешките**, доцноантичка населба. Во нивата на А. Анастасов, што се наоѓа на 1,5 km западно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси и многу градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Манастир Св. Атанас**, населба од железното и доцноантичкото време. На 3 km западно од селото, на десниот брег на Кованска Река, а во непосредната близина на манастирот Св. Атанас се констатирани фрагменти од керамички садови со груба фактура (железновременски), како и фрагменти од питоси, тегули, имбрекси и многуброен градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Мучарад – Дубрава,** средновековен сакрален објект. На 3 km југозападно од селото, во нивите на Р. и Л. Маркови се гледаат темели градени од кршен камен и варов малтер кои би можеле да се доведат во врска со некаков сакрален објект. (Ж.В., М.И.)

**Чешмата**, населба од доцноантичкото време. На 400 m западно од селото, во нивата на Л. и Ј. Деловски

се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал.
Микул~и} И., ТИР, 74. (Ж.В., М.И.)

## 9. КОНСКО

**Во селото**, средновековна некропола. Во непосредната близина на црквата се констатирани камени плочи од гробни конструкции, а исто такви гробови има и околу училиштето. (К.Р.)

**Грамади**, населба и некропола од доцноантичкото време. На десниот брег на Конска Река, спроти селото се гледаат грамади од кршен камен, како и остатоци од урнатини на станбени објекти. Се забележуваат и големи камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Долно поле**, населба од доцноантичкото време. На околу 3 km југоисточно од селото, на левиот брег на Конска Река, во нивата на М. Стојанов се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Полјани**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, на пространа падина се среќаваат грамади од насобрани камења, а по површината има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Биле најдени и неколку монети кои не се зачувани. (А.К.)

**Попова Нива**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km северозападно од селото, во нивата на Ј. Велов се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси, а покрај патот за Смрдлива Вода камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В., М.И.)

## 10. МИЛЕТКОВО

**Градишор – Мрамор**, населба и некропола од раноантичкото и римското време. На 1,5 km јужно од селото, на десниот брег на Вардар, спроти локалитетот Исар Кале (Марвинци), во нивите на П. и Н. Митреви, што се наоѓаат на големо зарамнето флувијално плато со површина од околу 2,5 хектара, се гледаат темели од објекти, а по површината има множество фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси и градежен материјал. Во профилот пресечен со изградбата на железничката пруга Скопје-Гевгелија се гледаат гробни конструкции градени од камени плочи – тип циста.
Папазоглу Ф., 1957. (Ж.В., М.И.)

**Гробишта – Манастир**, сакрален објект од римското време. На 1,5 km југоисточно од селото, во непосредната близина на некогашните селски гробишта има грамади од градежен камен и фрагменти од architravни греди. Спорадично се среќаваат и фрагменти од керамички садови.
Јосифовска Драгоејвиќ Б., 1996, 112 (Ж.В., М.И.)

**Лозјата – Дуковец**, водовод од римското време. Во нивите на А. Димов и Д. Лазаров, кои лежат на 1 km југоисточно од селото, е откриен водовод граден од тубулуси. Се работи за две водоводни траси што се наоѓаат на растојание од 1,50 m и висинска разлика од 0,20 m. Според правецот може да се заклучи дека тие го снабдувале со вода населението од локалитетот Градишор – Мрамор. (Ж.В., М.И.)

**Манастир**, населба од римското време. Локалитетот се наоѓа помеѓу селата Смоквица и Милетково, спроти Исарот, недалеку од мостот на Вардар. На голем простор по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Се забележуваат и темели градени од камен и варов малтер. На ова место, според податоците добиени од мештаните, биле најдени: торзо од женска статуа, профилиран блок од мермер и тордирана колона, кои сега се сместени во дворот на црквата Св. Димитрија во селото Смоквица.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 113. (Б.Ј.)

**Смреков Рид**, населба од хеленистичкото и римското време. На околу 2 km западно од селото, на блага височина со зарамнето плато се наоѓаат многу фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (К.Р.)

## 11. МИРАВЦИ

**Долна Црква**, сакрален објект од римското време. На југоисточниот крај од селото, на десната страна на стариот пат Миравци-Гевгелија спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови. Откриени се повеќе делови од архитектонска мермерна пластика: тордиран столб и повеќе обработени блокови. (Ж.В., М.И.)

**Крчаново**, населба и некропола од римското време. На 1 km северно од селото, на голем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и многу градежен материјал. На еден дел од локалитетот има повеќе фрагменти од тегули од гробни конструкции „на две води“. (Ж.В., М.И.)

**Мегдан**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на јужната периферија на селото. Во нивата на Р. Вртев се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Чаушевец**, населба од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, во нивите на Г. Бозов, Г. Сумров, Р. Пејов и во другите ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, како и грамади од кршен камен, парчиња од тегули и имбрекси. (Ж.В., М.И.)

## 12. МОИН

**Малечок Прлик**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, во нивите на К., Ј. и М. Проданови се наоѓаат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси, а видливи се и темели од ѕидови. Местоположбата, од стратегиска гледна точка, упатува на фортификација. (Ж.В., М.И.)

**Мечкин Дол**, водовод од доцноантичкото време. На 1,5 km западно од селото, на десниот брег на Чучуланска Река се гледаат остатоци од мал канал граден од камен и варов малтер, со димензии од 0,30 x 0,25 m. Исто така се констатирани и фрагменти од керамички тубулуси. Се работи за остатоци од водоводна мрежа која го снабдувала со вода локалитетот Чучулан. (Ж.В., М.И.)

**Трајкова Чешма**, населба од римското време. Се наоѓа на 1,5 km југозападно од селото, на падините на Бели Брег. Во непосредната близина на пресушената чешма се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и грамади од градежен камен. (Ж.В., М.И.)

**Тутулен**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km југозападно од селото, на северното подножје на ридот, на простор од 150 x 100 m се среќаваат многу остатоци – фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од насобрани камења. (А.К.)

**Црнкова Чешма**, водовод од доцноантичкото време. На 1 km југозападно од селото, на левиот брег на Црнков Дол се гледа траса од водовод од керамички тубулуси, кој ја снабдувал со вода фортификациската населба на локалитетот Малечок Прлик. (Ж.В., М.И.)

**Чучулан**, фортификација од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, на десниот брег на Чучуланска Река, на доминантно плато под ридот Чучулан се гледаат грамади од кршен камен, а спорадично и фрагменти од тегули и имбрекси. (Ж.В., М.И.)

**Џаипка**, населба од доцноантичкото време. Во нивите на Л. Боев и К. Проданов, што се наоѓаат западно од селото, има темели од објекти градени од речни бајки. Во северозападниот дел на локалитетот се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

## 13. МРЗЕНЦИ

**Манастир – Над селото**, населба од доцноантичкото време. Во лозјето на „Винојуг“, што се наоѓа на околу 500 m западно од селото и во близината на крстопатот за Негорци и Гевгелија има фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Црква**, средновековен сакрален објект. На ридот што се издига високо над селото, во непосредната близина на селската црква се гледаат темели од објект граден од кршен камен и варов малтер. Исто така има и грамади од кршен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. (Ж.В., М.И.)

## 14. НЕГОРЦИ

**Башот – Горна Корија**, населба од римското време. На јужната периферија на селото, во непосредната близина на задружните штали, на површина од 200 x 150 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси, како и многу градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Говедарникот**, населба од хеленистичкото и римското време. Во дворот на Танчо Туртушев, при обработувањето на бавчата биле откриени темели од објекти, а по површината има фрагменти од керамички садови. Сопственикот нашол бронзени белезици и монети кои и денес ги чува. (К.Р.).

**Гурбиш**, некропола од доцноантичкото време. Во профилот на левиот брег на Кованска Река, на околу 2,5 km северозападно од селото се гледаат гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ж.В., М.И.)

## 15. НИКОЛИЌ

**Агизмо**, средновековен сакрален објект. На 500 m северно од селото, на доминантен рид што има зарамнето плато се гледаат грамади од камења кои упатуваат на остатоци од сакрален објект. Според локалните преданија, тука постоел манастир Св. Ѓорѓи. (Ж.В., М.И.)

**Гробишта**, средновековна црква со некропола. На околу 500 m североисточно од селото, во селските гробишта се наоѓаат остатоци од мала црква. Констатирани се сосема ситни фрагменти од фрескоживопис и повеќе парчиња од архитектонска мермерна и камена палстика.
Алексова Б., 1960, 135–139. (Ж.В., М.И.)

**Лагер – Стари Лозишта**, населба од хеленистичкото и доцноантичкото време. На повеќе тераси над северната периферија на селото, на површина од 200 x 100 m се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови. Во нивите на К. Трајков и во околните ниви има грамади од градежен камен, фрагменти од тегули и имбрекси, како и од керамички садови. (Ж.В., М.И.)



Лагер – Стари Ложишта, с. Николиќ.
– Питос од доцноантичкото време

**Старо Село**, средновековна црква и некропола. На 1 km источно од селото и 500 m западно од границата со Грција се гледаат остатоци од сакрален објект и околу него мала некропола. (Ж.В., М.И.)

**Црквиште**, старохристијанска базилика. На северната периферија на селото се гледаат остатоци од базиликална градба од IV-V век, со нартекс и егзонартекс. Се забележуваат траги од олтарната преграда, а зачуван е канцел од мермер. Исто така се откриени и фрагменти од богато орнаментирана архитектонска пластика.
Алексова Б., 1960, 135–139. (Б.Ј.)

## 16. НОВ ДОЈРАН

**Кај училиштето**, средновековна црква со некропола. На северната периферија на населбата, во непосредната близина на училиштето се откриени остатоци од еднокорабна црква градена од кршен камен и варов малтер. Близу до неа постојат остатоци од некропола со гробови од камени плочи.
Алексова Б., 1960, 137. (Ж.В., М.И.)

**Кула**, утврдена населба од римското време. На висок рид со извонредна положба се гледаат грамади од градежен камен и траса од бедем на помала тврдина. На површината има фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В., М.И.)

**Манастир**, населба и некропола од римското, доцноантичкото и старохристијанското време. На целиот простор од современата населба, особено на патот за Стар Дојран се констатирани остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од тегули „на две води“ и многубројни археолошки предмети (керамика, монети, накит) и скулптурална пластика. Се претпоставува дека се работи за остатоци од античката населба Tauriana. Најдените предмети се чуваат во Музејот во Гевгелија и во Музејот на Македонија во Скопје.
Папазоглу Ф., 1957, 248; Вучковић Д., 1952, 164-167; Вулић Н., Сп. ЛЦЦИ, 121; Алексова Б., 1960, 137; Микул~и} И., ТИР, 92. (Ж.В., М.И.)

**Манастир,** средновековна црква и некропола. Во подножјето на активната црква, во 1958 година со ископувањето на Археолошкиот музеј од Скопје биле откриени остатоци од постар црковен објект и некропола. Истражени се 20 гроба со камена конструкција во кои имало наоди карактеристични за IX-X век,
Алексова Б., 1959, 1967-1968. (Б.А.)

**Топлец**, терми од римското време. На 4 km од населбата, на северозападниот брег на езерото, во зоната на термалните извори се откриени остатоци од архитектонска пластика од мермер (колони и капители). По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Наодите се однесени во Музејот на Македонија.
Алексова Б., 1960, 136. (Ж.В., М.И.)

**Црквиште**, старохристијанска базилика. Со археолошките ископувања од страна на Археолошкиот музеј од Скопје, во дворните места на Г. Поп Коцев, Р. Џиков и Р. Кацаниев, јужно од патот во централниот дел на градот се откриени остатоци од трикорабна, луксузно градена базилика, со нартекс и широка полукружна апсида на источната страна. Откриени се траги од канцел-преграда. Подот во презвитериумот бил изведен со бели мермерни плочки, организирани во полиња што оформувале крст. Најдена е богата архитектонска пластика од бел мермер. Базиликата е датирана во IV-V век.
Aleksova B., 1960, 136-139. (Б.А.)

**Червиканско Поле**, депо на монети од хеленистичкото време. Во Археолошкиот музеј во Загреб се чува депо од 100 македонски монети ковани во Амфиполис, Пела и Тесалоника, меѓу нив една од Филип V, откриени на овој локалитет.
Мирник И. А, 1981, 37, Но 22. (Ж.В., М.И.)

## 17. ПЕТРОВО

**Бања**, средновековна црква. На 3 km западно од селото, на конусна височинка, во нивата на Д. Танас и во соседните ниви се гледаат грамади од градежен камен и фрагменти од покривни ќерамиди што му припаѓаат на осамен објект. (Ж.В., М.И.)

**Бели Мост**, населба од железното време. На 3 km источно од селото, на десниот брег на Стара Река, во подножјето на ридот Марков Манастир, во нивите на Т. Танков, Л. Велков, М. Митрев и Р. Петков се наоѓаат фрагменти од керамички садови со груба фактура, рачно работени. Поголема концентрација на археолошки материјал има во непосредната близина на средновековниот мост, и тоа од двете страни на патот за селото Петрово. Површински наоди се чуваат во Музејот во Гевгелија. (Ж.В., М.И.)

**Болница**, населба од доцноантичкото време. По површината на селската утрина што се наоѓа на околу 3 km северно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и многу кршен камен. (Ж.В., М.И.)

**Вишова Нива**, градиште од доцноантичкото време. На 700 m југозападно од селото, на висок доминантен рид со зарамнето плато, чии димензии изнесуваат 120 x 100 m, се гледа трасата на темели од масивен одбранбен бедем. По површината има грамади од градежен камен, а фрагментите од керамика се спорадични. (Ж.В., М.И.)

**Главата**, населба од доцноантичкото време. На 500 m од селото, на левиот брег на Петрушка Река, во нивата на Илија Стојановски, на флувијална тераса што зафаќа површина од 250 x 150 m се гледаат грамади од речен камен, како и градежен материјал. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија.
Микул~и} И., ТИР, 101. (Ж.В., М.И.)

**Лесков Дол**, населба од доцноантичкото време. На 4 km западно од селото, на левиот брег на Лесков Дол, а на 1 km од утоката на Стара Река, во нивите на К. Ѓуров, Ѓ. Мицев и С. Мицев се гледаат темели од повеќе објекти, грамади од речен камен, како и фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В., М.И.)

**Пресек – Марков Манастир**, населба од доцноантичкото време – рефугиум. На 2 km југозападно од селото, во нивата на Т. Танчев има грамади од градежен камен, а наместа се гледаат и темели од објекти. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси.
Микул~и} И., ТИР, 101. (Ж.В., М.И.)

**Св. Атанасија**, средновековна црква и некропола. Во селото постојат остатоци од сакрален објект граден од камен и варов малтер. Во непосредната близина се откриени и камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

**Св. Марко – Градиште**, средновековно градиште. Се наоѓа на 4 km североисточно од селото, високо над десниот брег на Стара Река. На височинката со мало зарамнето плато, пристапно само од западната страна, се гледаат грамади од кршен камен. Одредени елементи укажуваат на фортификација. (Ж.В., М.И.)

## 18. ПРДЕЈЦИ

**Бистерна**, населба од енеолитското и римското време и средновековна црква со некропола. На 500 m северозападно од селото, во плантажите на „Винојуг" од Гевгелија, на површина од околу 2 хектара се откриени делови од овални јами со пречник од 1,5-2 m и длабочина од 0,80-1,20 m, во кои се најдени фрагменти од керамички садови со груба фактура и рачно работени, како и камени и кремени орудија. На поголем дел на локалитетот се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси, архитектонска пластика, а најден е и дел од надгробна стела. Исто така, констатирани се и траги од објекти градени од кршен камен и тегули, поврзани со варов малтер, мозаични подови, керамички тубулуси и суспензури. Во долниот дел на плантажата е откриена и поголема еднокорабна црква со траги од фрескоживопис. Масивните ѕидови на објектот се градени од кршен камен и варов малтер. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија.
Микул~и} И., ТИР, 103. (Ж.В., М.И.)

**Ветка Црква**, сакрален објект од римското време. На североисточната периферија на селото, во непосредната близина на пругата Скопје-Гевгелија се среќаваат грамади од градежен камен и фрагменти од мермерна архитектонска пластика со различна



Ветка Црква, с. Прдејци. – Мермерно торзо од римското време

профилација. Тука е најдено и мермерно торзо со претстава на облечена машка фигура во природна големина. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија.
Mikul~i} I., TIR, 103. (Ж.В., М.И.)

**Колник**, старохристијанска базилика. На 1 km западно од селото, во непосредната близина на управната зграда и магацинскиот простор на плантажите на „Винојуг“ се среќаваат фрагменти од тегули и имбрекси, како и од архитектонска пластика, кои се поинтензивно изразени на простор од 100 x 50 м.
Микул~и} И., ТИР, 103. (Ж.В., М.И.)

## 19. СЕЛЕМЛИ

**Голема Чешма**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селото, во реонот на вештачкото езеро, во плантажите на „Винојуг“ се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал: тегули, имбрекси и многу кршен камен. (Ж.В., М.И.)

## 20. СЕРМЕНИН

**Ѓурка**, средновековна кула. Над источната периферија на селото, на левиот брег на реката Белица, во нивата на Б. Нигрова се гледаат грамади од камен и фрагменти од покривни ќерамиди. Веројатно станува збор за помала фортификациска единица – кула. (Ж.В., М.И.)

**Маркова Кула**, средновековна тврдина. На 2 km југозападно од селото, над локалитетот Подор, на висок рид со доминантна местоположба се гледаат грамади од градежен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. (Ж.В., М.И.)

**Подор**, средновековна населба. На 1,5 km од селото и на 250 m оддалеченост од десниот брег на реката Белица, во нивите на М. Делов и И. Батанџиев се гледаат грамади од градежен камен, фрагменти од покривни ќерамиди, а спорадично се среќаваат и фрагменти од керамички садови. (Ж.В., М.И.)

**Садов**, средновековна некропола. На 500 m југоисточно од селото, на десниот брег на реката Белица се гледаат камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Св. Илија**, средновековна црква. Во непосредната близина на селските гробишта се гледаат грамади од камен и фрагменти од покривни ќерамиди. Топонимот и локалната традиција зборуваат за црква. (Ж.В., М.И.)

**Сингра**, утврдена населба – рефугиум од римското време. На 5 km јужно од селото има висок рид со доминантна местоположба на чиј зарамнет врв се среќаваат грамади од градежен камен, а спорадично и фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В., М.И.)

**Црквиште – Селиште**, средновековна црква. На 3 km северно од селото и на 500 m од десниот брег на Кованска Река, во нивите на Д. Делов и К. Личкоманов се гледаат грамади од кршен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. (Ж.В., М.И.)

## 21. СМОКВИЦА

**Агова Чешма**, населба од неолитското време. На 1 km јужно од селото, веднаш до локалитетот Голи Рид, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија и фрагменти од куќен лепеж. Најголема концентрација на овие материјали има во нивата на Апостол Митров. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија. (К.Р.)

**Агова Чешма – Ветка Црква**, сакрален објект од римското време. На 150 m јужно од селото, од десната страна на патот Скопје-Гевгелија се гледаат фрагменти од архитектонска пластика и градежен материјал. Во профилот северно од храмот се среќаваат фрагменти од тегули од гробни конструкции „на две води“. (Ж.В., М.И.)

**Аерот**, утврдена населба и некропола од римското време. На околу 4,5 km западно од селото, на висок рид со зарамнето плато се гледаат темели од бедемот, а на некои места е зачуван и ѕидот во висина до 0,70 m. По површината на утврдената населба се среќаваат фрагменти од керамички садови и архитектонска пластика. Во еден дел се откриени и гробови. (К.Р.)

**Вишов Јавор**, некропола од железното време. На 1,5 km од селото, во нивите на Ристо Динев и Тодор Зарлинов се откриени четири гроба – тип циста, во кои се најдени две фибули со форма на очила. Во 1989 година се извршени мали сондажни ископувања при што се откриени уште три гроба. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија. (К.Р.)

**Голи Рид**, населба од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, во нивата на А. Митров се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал: камен, тегули и имбрекси. (Ж.В., М.И.)

**Градиште – Брест**, населба од хеленистичкото време. На 3 km југозападно од селото, во нивите на К. Зарлинов, Р. Картов и Ј. Тодоров се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, а видливи се и темели од објекти. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966а, 112. (Ж.В., М.И.)

**Лескиѕте**, утврдена населба од хеленистичкото и римското време. На околу 3 km западно од селото, близу до стариот пат за селото Габрово, на простра-

на тераса се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. При изградбата на тераси против пороjни води било најдено торзо од мермер, а во непосредната близина и повеќе гробови – тип циста. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија. (К.Р.)

**Мраморот – Манастир**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km североисточно од селото, во непосредната близина на мостот на Вардар, помеѓу автопатот и пругата Скопје-Гевгелија, во нивите на Ј. Тодоров и К. Ичов се среќаваат грамади од градежен камен и фрагменти од керамички садови и питоси. Во непосредната близина е откриена и гробна конструкција од типот циста. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија. (Ж.В., М.И.)

**Мушница**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северно од селото, во нивите на Ј. Тодоров и Р. Алаџајков се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Падарница**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km од селото, на левиот брег на Недин Дол се среќаваат грамади од градежен камен, фрагменти од тегули и имбрекси, како и фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В., М.И.)

**Св. Димитрија**, осамен наод од римското време. Во дворот на црквата Св. Димитрија се наоѓаат мермерно женско торзо (висина 1 м), дел од голем профилиран блок и една тордирана колона од мермер. Наодите потекнуваат од локалитетот Манастир.
Јосифовска Драгојевиќ Б., 1966, 112. (Ж.В., М.И.)

**Св. Илија**, средновековна црква. Веднаш над северната периферија на селото се гледаат грамади од градежен камен и фрагменти од покривни ќерамиди што му припаѓаат на сакрален објект. (Ж.В., М.И.)

**Туфка**, населба од бронзеното и хеленистичкото време. На 200 m источно од селото, помеѓу пругата и автопатот Скопје-Гевгелија, на издолжен и не многу висок рид обраснат со прнар, со експлоатацијата на камен е уништен поголем дел од теренот. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура, многубројни фрагменти од керамички садови работени на грнчарско колце и градежен материјал.
Грби} М., 1954, 106. (Ж.В., М.И.)

**Ќерамидница**, некропола од хеленистичкото време. На 1,5 km од селото, помеѓу Вардар и железничката пруга Скопје-Гевгелија, во профилот се гледаат остатоци од нагорени коски и пепел кои укажуваат на постоење на гробови со горење. (Ж.В., М.И.)

**Црквиште**, населба од доцноантичкото време. На 4,5 km западно од селото, во реонот на локалитетите Падарница и Голи Рид, во нивите на Р. Алаџајков и И. Икономов се гледаат грамади од градежен камен и фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В., М.И.)

## 22. СТАР ДОЈРАН

**Мешино Брдо**, населба од доцноантичкото време. На 1 km пред кампот Мрдаја, десно од патот се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В., М.И.)

## 23. СТОЈАКОВО

**Друмот I**, мост од римското време. На 1,5 km северозападно од селото, на селскиот пат што води на север за Ѓавато и понатаму за Грчиште и Марвинци, а на југ за Араџан, Кукуш и Солун се наоѓа еднолачен мост од кој се гледа само горниот дел – косо поставени аморфни плочести камења. (Ж.В., М.И.)

**Друмот II**, мост од римското време. На 1 km северозападно од селото, на селскиот пат за Ѓавато, Грчиште и Марвинци на север и за Араџан, Кукуш и Солун на југ се наоѓа еднолачен мост, до темето затрупан. Косо поставуваните плочести (аморфни) камења претставуваат калдрма. (Ж.В., М.И.)

**Зад Камен**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km западно од селото, на површина од 150 x 100 m, во нивите на Д. Поптошев и други се гледаат грамади од градежен камен, фрагменти од тегули и имбрекси, како и фрагменти од керамички садови, питоси, а најдена е и една монета на Константин.
(Ж.В., М.И.)

**Кошкут**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 500 m северно од селото и лево од асфалтниот пат за Богданци, во нивите на Т. Спиров и на други се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На периферијата на локалитетот се гледаат камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Манастирчето**, средновековна црква и некропола. На западната периферија од селото, во дворот на шталите на ЗИК „Винојуг“ се гледаат грамади од камени фрагменти од покривни ќерамиди. Во непосредната близина има и камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Сред село**, населба од железното време. Во дворот на Р. Џоров се откриени фрагменти од керамички садови со груба фактура, рачно работени. (Ж.В., М.И.)

**Шипков Дол**, населба од хеленистичкото време и некропола од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, на јужните падини од Голем Рид, во нивите на Спасо и Ѓорѓи Каеви, на површина од 300 x 100 m се гледаат грамади од кршен камен, тегули, имбрекси и многу фрагменти од керамички

садови и питоси. Најдени се и повеќе камени плочи од гробни конструкции – тип циста. Сопствениците на нивите нашле сребрени монети од Александар Врлики и бронзени монети од доцноантичкото време. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија и кај сопствениците на нивите од Стојаково. (Ж.В., М.И.)

24. ФУРКА

**Аниште**, средновековна населба и некропола. На 3 km северозападно од селото, во непосредната близина на асфалтниот пат Валандово-Дојран, во нивата на Р. Ризов се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Откриени се и камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

**Деволски Мост**, средновековен мост. Северозападно од селото, кај Деволска Чешма, десно од патот Валандово-Дојран и во непосредната близина на воените гробишта и на споменикот од Првата светска војна се гледаат остатоци од еднолачен мост изграден од плочести камења со варов малтер. (Ж.В., М.И.)

**Манастир**, средновековен сакрален објект. На 5 km источно од селото, на десниот брег на Камилска Река се гледаат грамади од кршен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. (Ж.В., М.И.)

**Црвеница**, средновековна населба. На 500 m источно од селото, во нивата на Т. Никола се среќаваат фрагменти од питоси и градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

25. ХУМА

**Цитате**, градиште од доцноантичкото време. На 3 km североисточно од селото, на висок рид со доминантна местоположба, на зарамнетиот простор на врвот што зафаќа површина од 150 x 80 m се гледаат темелите од одбранбен бедем, градени од камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (А.К.)

**Чукарка**, населба од доцноантичкото време. На 4 km источно од селото, во непосредната близина на патот што води кон Гевгелија, на поголем простор се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од камен и покривни ќерамиди. (А.К.)

26. ЦРНИЧАНИ

**Атици**, населба од неолитското време. Во непосредната близина на крстопатот Валандово-Дојран-Богданци, во парцелите 5 и 10 на „Винојуг", на површина од 500 x 200 m се среќаваат фрагменти од куќен лепеж, огништа и фрагменти од керамички садови и камени и коскени орудија. Музејот на Македонија во 1988 година извршил заштитно археолошко ископување. Наодите се чуваат во Музејот во Гевгелија.
Здравковски Д., Скопје 1989, 79-87. (Ж.В., М.И.)

**Керамичлук**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северно од селото, на левиот брег на потокот Карабали, во нивата на Р. Павловиќ се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. (Ж.В., М.И.)

**Попови Трња**, населба од римското време. Во непосредната близина на крстопатот Валандово-Дојран-Богданци, од северната страна на патот за Богданци, а спроти локалитетот Атици, во парцелите на „Винојуг", на површина од 200 x 100 m се гледаат грамади од градежен камен, фрагменти од архитектонска пластика, како и множество фрагменти од керамички садови. (Ж.В., М.И.)

**Селско Гумно**, средновековен сакрален објект. На југоисточната периферија на селото, кај одрината на Стојан Ѓошев се гледаат грамади од кршен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. Според локалната традиција, ова место се смета за свето. (Ж.В., М.И.)

**Чишмица**, средновековен сакрален објект. На 500 m северозападно од селото се наоѓаат грамади од кршен камен и фрагменти од покривни конструкции. (Ж.В., М.И.)

# VIII. ГОСТИВАР


1. Балин Дол ........ 116
2. Беловиште ........ 107
3. Богдево ........ 116
4. Врапчиште ........ 116
5. Врбен ........ 116
6. Врбјани ........ 116
7. Вруток ........ 116
8. Галате ........ 117
9. Горна Бањица ........ 117
10. Горна Ѓоновица ........ 117
11. Горно Јеловце ........ 117
12. Гостивар ........ 117
13. Градец ........ 117
14. Дебреше ........ 118
15. Добри Дол ........ 119
16. Долна Бањица ........ 119
17. Долна Ѓоновица ........ 119
18. Ѓурѓевиште ........ 119
19. Железна Река ........ 119
20. Жировница ........ 120
21. Жужње ........ 120
22. Здуње ........ 120
23. Зубовце ........ 120

24. Јанче ........ 120
25. Калиште ........ 121
26. Кракорница ........ 121
27. Куново ........ 121
28. Лазарополе ........ 121
29. Лакавица ........ 121
30. Леуново ........ 121
31. Ломница ........ 122
32. Маврово ........ 122
33. Митрој Крсти ........ 122
34. Неготино ........ 122
35. Новаци ........ 122
36. Ново Село ........ 122
37. Падалиште ........ 122
38. Пожаране ........ 122
39. Присојница ........ 123
40. Равен ........ 123
41. Рибница ........ 123
42. Ростуша ........ 123
43. Сенокос ........ 123
44. Симница ........ 124
45. Србиново ........ 124
46. Сретково ........ 124
47. Сушица ........ 125
48. Тануше ........ 125
49. Топлица ........ 125
50. Тресонче ........ 125
51. Трново ........ 125
52. Тумчевиште ........ 117
53. Форино ........ 126
54. Церово ........ 126
55. Чајле ........ 126
56. Чегране ........ 126

## 1. БАЛИН ДОЛ

**Марена**, населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 20; Микулчиќ И., 1970, 82. (Д.Г.)

**Папрадиште**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 20; Микулчиќ И., 1970, 82. (Д.Г.)

## 2. БЕЛОВИШТЕ

**Копач**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 24; Микулчиќ И., 1970, 82. (Д.Г.)

**Св. Спас**, вила рустика од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 24. (Д.Г.)

## 3. БОГДЕВО

**Динговска Црква**, средновековна црква. На синорот со селото Кракорница се гледа грамада од кршен камен, покривни ќерамиди и друг градежен материјал, а се забележува и основата на еднокорабна црква. (Ж.В., М.И.)

## 4. ВРАПЧИШТЕ

**Брца**, некропола од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 134; Микулчиќ И., 1970, 81. (Д.Г.)

**Градиште**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m северозападно од селото, во подножјето на планината, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Б.А.)

**Ограда**, населба и некропола од доцноантичкото време. На источната периферија на селото, по површината на нивите на Абу Рамен и Алили Абдула се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Откриени се два питоса и еден гроб граден од камени плочи (тип – циста). (Ж.В., М.И.)

**Топлишница**, населба и некропола од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 134; Микулчиќ И., 1970, 82. (Д.Г.)

**Тумба**, средновековна некропола. На јужната периферија на селото, во Поток маало, при изградбата на куќата на Алип Генан се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста, со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 5. ВРБЕН

**Кожа – Лесков Дол**, сакрален објект од средниот век. На 2 km северозападно од патот за Маврови Анови, во северната зона на истоимениот рид над Мавровско Езеро се гледаат грамади од кршен камен. Според традицијата, луѓето од целиот регион се собираат тука на првиот петок по Велигден. (Ж.В., М.И.)

## 6. ВРБЈАНИ

**Камења на старата црква**, средновековна црква. На околу 2 km западно од селото, на терен обраснат со густа шума се гледаат контури од сакрален објект. (Ж.В., М.И.)

## 7. ВРУТОК

**Бигор – Св. Мина**, средновековна некропола. На североисточната периферија на селото, веднаш над левиот брег на Вардар се среќаваат фрагменти од камени плочи и крстови од бигор. Некрополата е во значајна мера уништена со изградбата на селските куќи. (Ж.В., М.И.)

**Лазови**, средновековна црква и некропола. Помеѓу селата Вруток и Речане, во непосредната близина на изворот и веднаш над патот се гледа грамада од кршен камен и големи камени плочи од гробни

конструкции. Традицијата укажува дека на ова место постоела црква посветена на св. Богородица. (Ж.В., М.И.)

**Селиште**, средновековна населба. Во непосредната близина на селото, од источната страна, на десниот брег на реката Вардар, на пространа флувијална тераса се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и кршен камен. (Ж.В., М.И.)

## 8. ГАЛАТЕ

**Гладница – Топлички Извори**, населба и некропола од доцноантичкото време. На источната периферија на селото, во нивите на Руфат Челиќ и Ќемал Сидани се откриени питоси. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а според кажувањето на мештаните, биле откриени и гробови градени од камени плочи.
Микулчиќ И., 1970, 81. (Ж.В., М.И.)

**Градиште**, утврдена населба од железното и римското време. На околу 500 m северозападно од селото, над патот за селото Топлица, на доминантен рид во чие подножје е каменоломот се гледа траса од фортификација, а по површината на градиштето се среќаваат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси и др. На североисточната страна се зачувани делови од бедемот кој е граден во сувоѕидица и има дебелина од 2 m. Градиштето е отворено кон Полошко Поле и е пристапно само од западната страна каде со благ превој се врзува со расклоненијата на Шара. Досегашната археолошка литература овој локалитет го лоцира во атарот на селото Врапчиште, под името Пожаранско Градиште, што не одговара на објективната катастарска поделба на селските атари.
Микулчиќ И., 1970, 85; Алексова Б., 1959. (Ж.В., М.И.)

## 9. ГОРНА БАЊИЦА

**Врбјанско маало**, средновековна некропола. При изградбата на селските куќи, на североисточната периферија од селото се откриени гробови од камени плочи – тип циста, со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Градиште**, утврдена населба од железното и доцноантичкото време и средниот век. На околу 500 m јужно од селото се издига доминантен рид лоциран на јужната периферија на Горни Полог, западно над стариот пат за Кичево. На зарамнетото плато, чија површина изнесува 120 x 120 m, се гледа траса од бедем граден од кршен камен и варов малтер. По површината на градиштето се среќаваат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и други предмети со различна временска припадност.
Mikul~i} I.,TIR, 57. (Ж.В., М.И.)

## 10. ГОРНА ЃОНОВИЦА

**Ѓоновичко Кале – Каја – Ѕвездено Кале**, утврдена населба од римското време и средниот век. На патот за селото Србиново, над левиот брег на реката Лакавица, на висок рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од фортификација и делови од една кула чии бедеми се зачувани наместа и до 5 m во височина. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и многуброен градежен материјал. Исто така се среќава и згура од топена железна руда. Калето имало функција да ја штити комуникацијата Македонски Брод-Кичево.
Микулчиќ И., 1970, 89. (Ж.В., М.И.)

**Ѕвезда**, населба од римското време. Во нивата на Саи Зенки, која се наоѓа на околу 3 km источно од селото и има приближно 100 x 100 m, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси, многуброен градежен материјал, како и згура од топена железна руда. Кај сопственикот има питос и железно копје најдени на ова место. (Ж.В., М.И.)

## 11. ГОРНО ЈЕЛОВЦЕ

**Будимов Гроб – Златно Чешме**, средновековна некропола. На падините на планината Млача, кои лежат на околу 3 km западно од селото, се најдени гробови ѕидани од камени плочи, со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 12. ГОСТИВАР

**Железничка станица**, депо на средновековни монети. Во 1955 година, при поставувањето на нови шини кај самата станица бил најден керамички сад и во него 1.163 чанковидни византиски монети од бронза – скифати, од XII-XIII век. Монетите се депонирани во Музејот на Македонија во Скопје. (Б.А.)

**Св. Никола**, средновековна некропола. Во месноста Новаци се откриени камени плочи од гробни конструкции.
Алексова Б., 1959. (Д.Г.)

## 13. ГРАДЕЦ

**Голема Чешма – Црквиште**, средновековна црква и некропола. Во југозападниот дел на селото, веднаш над чешмата, на површина од 80 x 80 m се среќаваат грамади од градежен материјал, фрагменти од архитектонска пластика, а според кажувањето на мештаните, бил откриен и мозаичен под. Во профилот на источниот раб од теренот се гледаат гробови со

конструкции од камени плочи – тип циста. Грамадите од градежен камен индицираат постоење на сакрален објект, на што му оди во прилог и самиот топоним.
Алексова Б., 1959, 230. (Ж.В., М.И.)

**Градиште**, градиште од римското време и средниот век. На западната периферија на селото се издига висок рид кој од западната страна со долот Сува Река е отсечен од масивот на Шар Планина. Пристапен е единствено од источната страна која е отворена и во помали тераси се спушта кон полето. На долните тераси се забележуваат бедеми ѕидани од кршен камен и варов малтер, а по површината има множество кршен камен, тегули, фрагменти од питоси и керамички садови. Најдени се монети и надгробни стели од бел мермер. Градиштето има извонредна стратегиска положба и се претпоставува дека би можело да се работи за Полог.
Трифуноски Ј., 1948, 153; Грбић М., 1954, 111; Томоски Т., 1957, 271; Алексова Б., 1959; Микулчиќ И., 1970, 87; Mikul~i} I., TIR, 59; Ивановски М., 1993, 33. (Ж.В., М.И.)

**Поточане**, средновековна населба. Помеѓу селата Градец и Сенокос, во реонот на планинскиот појас се среќаваат грамади од градежен камен, покривни ќерамиди, како остатоци од напуштено село.
Грујић Р., 1933, 43; Трифуноски Ј., 1949. (Ж.В., М.И.)

**Тумба – Бунар**, фортификација од римското време. На околу 1 km источно од селото, на висок рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од мала фортификација – кула. Кулата се наоѓа на античката комуникација што минувала низ овој дел на Горни Полог. (Ж.В., М.И.)

**Црквиште**, црква и некропола од средниот век.
Алексова Б., 1959; Mikul~i} I., TIR, 59. (Д.Г.)

## 14. ДЕБРЕШЕ

**Горни Крст**, средновековна црква и некропола. При проширувањето на патот и изградбата на станбените куќи и водоводот во маалото Менга, а посебно во дворот на Амзаи Амза биле откриени гробови градени од камени плочи и крстови од бигор. Постои и грамада од кршен камен како остаток од сакрален објект. (Ж.В., М.И.)

**Горни Ропаич**, средновековна црква и некропола. На 1 km западно од селото, на издолжен рид во правецот запад-исток, што лежи под локалитетот Кале (Калја), се гледаат камени плочи и крстови од бигор. На западниот крај од некрополата има грамада од кршен камен, а се распознаваат и периметралните ѕидови на една мала еднокорабна црква со апсида. (Ж.В., М.И.)

**Долни Крст**, средновековна црква и некропола. Со изведување на земјени работи во непосредната близина на источниот раб на селото делумно се уништени некропола и помала црква, на што упатуваат камените плочи, фрагментите од крстови од бигор, како и самиот топоним. (Ж.В., М.И.)

**Жубовски Пат**, средновековна некропола. Во северниот дел на селото, Назми Исмаил при изградбата на куќата открил гробови од камени плочи. (Ж.В., М.И.)

**Зилбов Гроб**, средновековна некропола. На околу 1,5 km од селото веднаш над патот за селото Врапчиште се гледаат камени плочи и крстови од камени плочи што ѝ припаѓаат на помала некропола. (Ж.В., М.И.)

**Кале – Калја**, утврдена населба од железното и римското време. На околу 1,3 km западно од селото, на висок рид со зарамнето плато што има извонредно поволна стратегиска позиција над падините на Шар Планина, се наоѓаат остатоци од помала фортификација, градена од кршен камен и варов малтер, која зафаќа површина од 40 x 40 m. На површината има фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. На источните падини на теренот спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови што упатуваат на присуство на уште една помала утврдена населба од железното време. (Ж.В., М.И.)

**Св. Богородица**, средновековна црква и некропола. На 500 m југозападно од селото, над патот за селото Здуње, а во непосредната близина на задружните лозја на вакафскиот рид се гледаат камени плочи и грамада од кршен камен, што се најверојатно остатоци од помала еднокорабна црква и некропола. (Ж.В., М.И.)

**Спас**, средновековна црква и некропола. На јужниот раб на селото, во имотот на Демири Рухи, на зарамнето плато се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад, а во западниот дел на локалитетот има грамада од кршен камен што упатува на помала еднокорабна црква. (Ж.В., М.И.)

**Сред село**, средновековна црква и некропола. Во средишниот дел на селото, во непосредната близина на споменикот од НОБ се среќаваат камени плочи од гробни конструкции и грамада од кршен камен. Со изградбата на споменикот локалитетот е во голема мера уништен. (Ж.В., М.И.)

**Стражник**, некропола од бронзеното време. Во близината на северниот раб на селото, во поранешното лозје на Халили Раман, што лежи во подножјето на ридот Стражник, при земјоделските работи биле откриени три урни – керамички садови со мали дршкалки на најширокиот дел, со траги од пепел во

нив. Урните биле вкопани во здравица. По површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови. Локалитетот е загрозен со интензивната урбанизација на градот. Урните имаат аналогии во некрополите на Косово и јужното Поморавие и се датираат меѓу 1700-1200 година од старата ера.
Микулчиќ И., 1970, 74. (Ж.В., М.И.)

**Чатал – Дапче**, населба од доцноантичкото време. На околу 2,5 km источно од селото, во нивите на Салиу Весел, Адеми Ферид и Јашари Нухија се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и многуброен градежен материјал.
Микулчиќ И., 1970, 82. (Ж.В., М.И.)

**Чифлик**, некропола од доцноантичкото време. Во дворот на куќата на Шефкет Деари, што се наоѓа на главната улица на селото и има бр. 70, во 1979 година, при копањето на дупка за гасење вар е најдена стела со релјефна претстава на жена. Се чува дома кај сопственикот. (Ж.В., М.И.)

## 15. ДОБРИ ДОЛ

**Ливадиче**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селското училиште се откриени гробови градени од камени плочи, со ориентација исток–запад. (Ж.В., М.И.)

**Молака**, средновековно утврдување. На 2,5 km западно од селото, на висок рид со извонредно поволна положба се гледаат остатоци – ѕидови од помала фортификација. По површината се среќаваат грамади од кршен камен. (Ж.В., М.И.)

**Православни гробишта**, средновековна некропола. На западниот дел од селото, при изградбата на станбени објекти во 1955 г. се откриени гробови градени од камени плочи со ориентација исток–запад. Поголем дел од некрополата е уништен. (Ж.В., М.И.)

**Сред село**, депо на средновековни монети. Во непосредната близина на автобуската станица, при изградба на станбен објект е пронајдено депо на сребрени монети. Монетите не се зачувани. (Ж.В., М.И.)

## 16. ДОЛНА БАЊИЦА

**Гродаица**, некропола од доцноантичкото време. На околу 1 km југоисточно од селото, на западните падини на ридот Гродаица, во нивите на Живко Милчевски и Војче Димчевски се откриени камени плочи на длабочина од 1,20 m. Голем дел од некрополата е уништен со изградбата на индивидуални станбени објекти. (Ж.В., М.И.)

**Пусто Лозје**, средновековна некропола. На околу 500 m југозападно од селото, веднаш над стариот пат за Кичево, во нивата на Симон и Момчило Димитриоски во 1963 година, при изведувањето на земјоделските работи се откриени гробови од камени плочи со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Црквиште**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селската црква, во вакафско место се гледаат камени плочи и крстови од бигор како остатоци од помала некропола. (Ж.В., М.И.)

## 17. ДОЛНА ЃОНОВИЦА

**Џамија**, средновековна некропола. При нивелирањето на школскиот двор во 1956 година е откриена помала некропола со гробови градени од камени плочи – тип циста. Имаат ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 18. ЃУРЃЕВИШТЕ

**Кај школото**, средновековна некропола. Над западната периферија на селото, во реонот на селското училиште се гледаат камени плочи од гробни конструкции – тип циста. Некрополата е делумно уништена при изградбата на училиштето. (Ж.В., М.И.)

**Православни гробишта**, средновековна некропола. На околу 1 km западно од селото, на мала површина се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Стари Лозја**, осамен објект од римското време. На околу 2,5 km југоисточно од селото, на патот за Неготино (на синорите на селата) се гледаат грамади од кршен камен, а спорадично се среќаваат и тегули. (Ж.В., М.И.)

## 19. ЖЕЛЕЗНА РЕКА

**Гробишта**, доцноантичка некропола. Во непосредната близина на селските гробишта е откриена надгробна стела со што е иницирано постоење на некропола.
Микулчиќ И., 1970, 82; Mikul~i} I., TIR, 136. (Ж.В., М.И.)

**Рудниче – Рудиште**, населба и топилница од доцноантичкото време и средниот век. На околу 4 km источно од селото, покрај шумскиот пат за Брод се среќаваат остатоци од згура од топена железна руда, грамади од градежен камен и, спорадично, фрагменти од питоси, тегули, имбрекси и др.
Микулчиќ И., 1970, 83; Mikul~i} I., TIR, 136. (Ж.В., М.И.)

**Црквиче**, средновековна црква и некропола. На околу 4,5 km источно од селото се откриени камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. Видлива е и грамада од кршен камен и варов малтер, веројатно од сакрален објект, на што упатува и топонимот. (Ж.В., М.И.)

## 20. ЖИРОВНИЦА

**Манастир – Црквиште**, средновековна населба, сакрален објект и некропола. На 2 km источно од селото, високо над левиот брег на Жировничка Река, на неколку тераси се гледаат грамади од градежен материјал: кршен камен, варов малтер и покривни ќерамиди. На крајниот североисточен дел од локалитетот, помеѓу две карпи со вертикални ѕидови кои затвораат правоаголен простор со димензии од 15 x 6 m се среќаваат поголеми кршени камења, а во карпите дупки за инсталирање на покривна конструкција кои упатуваат на сакрален објект. На крајниот југозападен дел од локалитетот се гледаат гробни могилки од кршени нафрлени камења и периметрални ѕидови од сакрален објект градени од кршен камен и варов малтер. Во нивата на Фадиљ Садику се откриени темели од ѕидови на сакрален објект и гробови од камени плочи. Населбата има доминантна местоположба во долината на Радика. (Ж.В., М.И.)

**Поповци**, средновековна црква и некропола. Источно од селото, во непосредната близина при обработувањето на нивите се откриени гробови градени од камени плочи со ориентација исток-запад. Според традицијата, овде постоела и мала црква на што упатува и топонимот. (Ж.В., М.И)

## 21. ЖУЖЊЕ

**Пат**, средновековна некропола. Источно од селото, во непосредната близина на манастирската црква се гледаат камени плочи и крстови од бигор кои укажуваат на помала некропола. (Ж.В., М.И.)

## 22. ЗДУЊЕ

**Големо Градиште**, градиште од доцноантичкото време и средниот век. На 1 km северно од селото, на висок рид со зарамнето плато се гледаат грамади од кршен камен, а делумно и темели од одбранбен бедем. Површината на градиштето има пречник од 130 m. Долната зона на локалитетот е позната под името Мало Градиште и претставува составен дел на фортификацијата. Градиштето има извонредно добра стратегиска положба за обезбедување на крајната југозападна периферија на Горни Полог.
Алексова Б., 1959, 230-231. (Ж.В., М.И.)

**Л'гои**, некропола од доцноантичкото време. На источниот дел од селото, при изградбата на станбената куќа на Бајрами Асан е уништен дел од некропола со гробови градени од добро обработени плочи од бигор – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Рудина**, населба од доцноантичкото време. На околу 2 km од селото, во непосредната близина на чешмата се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал од помала ридска населба. (Ж.В., М.И.)

## 23. ЗУБОВЦЕ

**Пандилова Тумба – Подлак**, населба од неолитското време. На околу 4 km од левиот брег на Вардар и исто толку југоисточно од селото, длабоко во полето, во мочуришниот дел има тумба со површина од околу 90 m во пречник и висина од 2,5 m. Овде се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж, кремени и камени орудија. (Ж.В., М.И.)

**Пилигринци**, средновековна населба. На околу 2,5 km источно од селото, на мала височинка – тумба се гледаат грамади од кршен камен, а според кажувањето на мештаните, тука било старото село Пилигринци (Зубовце).
Трифуноски Ј., 1949, 160. (Ж.В., М.И.)

**Св. Марија**, средновековна некропола. На североисточната периферија на селото и североисточно од црквата се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Фиќуровци**, средновековна некропола. На јужната периферија на селото, во непосредната близина на куќата на Ристо Трифуновски, во маалото Фиќуровци се откриени камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 24. ЈАНЧЕ

**Песогорица**, средновековна населба. На 5 km југоисточно од селото, на падините на Бистра се гледаат грамади од градежен камен и покривни ќерамиди. Според кажувањето на мештаните, на овој локалитет било старото село Јанче. (Ж.В., М.И.)

**Св. Илија**, средновековна некропола. На околу 500 m југоисточно од селото се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Св. Петар**, средновековна црква и некропола. На околу 3 km југоисточно од селото се гледа грамада од кршен камен, а во непосредната близина има камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. Во 1967 година е откопан еден гроб без гробни прилози. (Ж.В., М.И.)

## 25. КАЛИШТЕ

**Мемски Гробишта**, средновековна некропола. Во 1951 година, при изградбата на училиштето се откриени и уништени повеќе гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Орман**, рударска населба и топилница од доцноантичкото време. На околу 3 km западно од селото, од десната страна на поројницата Маздрача, на помала површина се среќаваат остатоци од згура од топена железна руда и многу градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Соколец**, утврдена населба од железното и доцноантичкото време. На околу 1 km југозападно од селото, на широко плато со пад кон исток, во непосредната близина на една голема карпа се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1970, 85. (Ж.В., М.И.)

**Стојанов Камен**, средновековна црква и некропола. На јужната периферија на селото се среќаваат грамади од кршен камен, а во непосредната близина и големи камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

**Црква**, средновековна црква и некропола. При изградбата на селското училиште се откриени остатоци – темели од помала еднокорабна црква и гробови градени од камени плочи со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 26. КРАКОРНИЦА

**Црквиште**, средновековна некропола. На околу 500 m јужно од селото се среќаваат камени плочи и крстови од бигор кои укажуваат на помала некропола. (Ж.В., М.И.)

## 27. КУНОВО

**Бркињо**, средновековна населба. Се наоѓа на синорот помеѓу атарите на селата Куново и Србиново. На неколку помали тераси се среќаваат грамади од кршен камен, покривни ќерамиди и друг населбински материјал.
Трифуноски Ј., 1949, 159. (Ж.В., М.И.)

## 28. ЛАЗАРОПОЛЕ

**Главино Село**, средновековна населба и некропола. На околу 4 km северозападно од селото се наоѓаат темели од објекти и грамади од кршен камен, покривни ќерамиди и големи камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Јаворска Вода**, населба од железното време и средновековна некропола. На околу 4 km југозападно од селото, во нивата на Доличовци, која е во непосредната близина на изворот на т.н. машка лековита вода, уште во 1952 година со стрмењето за лозја биле откриени 60 гроба градени од камени плочи – тип циста, поставени во правец исток-запад. Истата година Археолошкиот музеј на Македонија извршил заштитно ископување. Денес на површината се наоѓаат фрагменти од керамички садови и остатоци од куќен лепеж. Наодите се депонирани во Музејот на Македонија.
Алексова Б., 1959б. (Ж.В., М.И.)

**Јама – Кула**, средновековна фортификација. На околу 5 km западно од селото, на висок рид со доминантна положба се наоѓаат грамади од кршен камен што укажуваат на помала фортификациска единица – кула. (Ж.В., М.И.)

**Каптажа**, средновековна некропола. На западниот раб на селото, во непосредната близина на каптажата со градежните работи се откриени и уништени повеќе гробови градени од камени плочи и со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)
**Оралиште**, средновековна некропола. Во 1950 година, при изградбата на камбанаријата и водоводот во дворот на црквата Св. Ѓорѓи биле откриени гробови градени од камени плочи – тип циста, со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 29. ЛАКАВИЦА

**Мали Гробишта**, средновековна некропола. Со изградбата на патот, на североисточниот раб на селото е зафатен дел од некропола од која во профилите се гледаат гробни конструкции од камени плочи поставени во правец исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 30. ЛЕУНОВО

**Долномаалски гробишта**, средновековна црква. На околу 2 km западно од селото, во непосредната близина на селските гробишта се гледаат темели од објект граден со кршен камен и варов малтер, со ориентација исток-запад, што упатува на еднокорабна црква. (Ж.В., М.И.)

**Ѓоновица**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 4 km северозападно од селото, над брегот на Мавровско Езеро, во оградената заштитена зона на националниот парк „Маврово“. Овде се гледаат грамади од кршен камен, а според кажувањето на мештаните, локалитетот го сметаат за место на старото село. (Ж.В., М.И.)

**Сув Дол**, средновековна црква и некропола. На околу 500 m североисточно од селото, веднаш над езерото и од левата страна на патот за Гостивар се гледаат темели од мала еднокорабна црква ѕидана

од кршен камен и варов малтер. Во непосредната близина има големи камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

## 31. ЛОМНИЦА

**Православни Гробишта**, некропола од доцниот среден век. На зарамнета височинка што лежи на источниот раб на селото се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 32. МАВРОВО

**Св. Никола**, некропола од доцниот среден век. Во непосредната близина на селската црква посветена на св. Никола, веднаш под патот се гледаат камени плочи од гробови и архаични крстови од бигор. (Ж.В., М.И.)

**Шаркоски Рид**, средновековна црква и некропола. На југозападниот раб на селото, при изградбата на хотелот „Бистра“ во 1973 година е уништена поликонхална црква и некропола со гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ж.В., М.И.)

## 33. МИТРОЈ КРСТИ

**Грнчаре**, средновековна населба. На околу 500 m југозападно од селото, над стариот пат Гостивар -Кичево се гледаат грамади од кршен камен и друг градежен материјал. Преданието кај мештаните кажува за локација на старото село.
Трифуноски Ј., 1949, 158. (Ж.В., М.И.)

## 34. НЕГОТИНО

**Под Јазот**, населба од римското време. Се наоѓа на околу 1 km југоисточно од селото, во катастарската парцела бр. 977, сопственост на Арифи Абиба. На површината се гледаат грамади од кршен камен и тули, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В., М.И.)

**Село – Црква**, средновековна некропола. Кај горниот добродолски пат, при изградбата на приватни станбени објекти се откриени гробови градени од камени плочи кои имаат ориентација исток-запад. Некрополата е уништена во голема мера. (Ж.В., М.И.)

**Сред село**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селското училиште се откриени питоси, а по површината има фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал.
Микулчиќ И., 1970, 73. (Ж.В., М.И.)

**Христијански Гробишта**, средновековна некропола. При изградбата на фудбалското игралиште, кое се наоѓа 500 m западно над селото, лево од патот за селото Калиште се откриени и делумно уништени гробови градени од камени плочи со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 35. НОВАЦИ

**Црква Св. Никола**, средновековна црква и некропола. На источната страна на селото се наоѓаат урнатини од еднокорабна црква посветена на св. Никола, од XVI век. Пред Втората светска војна од неа се извадени оригинални фрески и пренесени во тогашниот црковен музеј во Скопје, а денес во Музејот на Македонија. Околу црквата се гледаат гробови од камени плочи поставени во правец исток-запад.
Радојчић С., 1941, 67; Алексова Б., 1959, 231. (Ж.В., М.И.)

## 36. НОВО СЕЛО

**Крст**, доцносредновековна црква и некропола. На околу 500 m пред влезот во селото од правецот на Кичево се гледаат темели од мала еднокорабна црква, а во непосредната близина има монументален крст од бигор со вдлабена мала ниша на едната страна. (Ж.В., М.И.)

**Св. Ѓорѓија**, доцносредновековна црква. На околу 1 km источно од селото пред 50-тина години е подигната црквата Св. Ѓорѓија, и тоа врз темели од постара црква, на што упатува исфрлениот шут што се наоѓа во непосредната близина. (Ж.В., М.И.)

**Св. Петка**, доцносредновековна црква и некропола. На околу 1 km западно од селото се гледа грамада од градежен материјал (кршен камен и покривни ќерамиди), а во непосредната близина камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

## 37. ПАДАЛИШТЕ

**Ветерник**, тумул од железното време. Североисточно од селото, до границата со синорот на селото Железна Река, на ссртот Ветерник има мала височинка што потсетува на тумул од железното време.
Микулчиќ И., 1970, 77; Mikul~i} I., TIR, 96. (Ж.В., М.И.)

## 38. ПОЖАРАНЕ

**Катрање**, средновековна населба, црква и некропола. На околу 1 km северно од селото, на една блага падина се гледаат грамади од кршен камен и покривни ќерамиди. Населбата се наоѓа непосредно до изворот. На северниот раб на локалитетот има грамада од кршен камен и темели од еднокорабна црква, а сосема близу до неа се среќаваат големи камени плочи од гробни конструкции. Локалното

предание кажува за постоење на црквиче со име Св. Спас.
Трифуноски Ј., 1949, 161. (Ж.В., М.И.)

**Царева Чешма – Јуришки Гробишта**, доцносредновековна некропола. На околу 5 km западно од селото, на мало зарамнето плато се среќаваат камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В., М.И.)

## 39. ПРИСОЈНИЦА

**Градиште – Кале**, средновековна утврдена населба. Помеѓу селата Присојница и Скудриње, високо над реката Радика и патот што води за Дебар, од левата страна на долот Осој, на издолжено и зарамнето плато, кое благо се спушта кон исток, се гледаат грамади од кршен камен, фрагменти од тегули, имбрекси, а спорадично се среќаваат и фрагменти од керамички садови и питоси.
Микулчиќ И., 1970, 86; Mikul~i} I., TIR, 116. (Ж.В., М.И.)

**На Црков**, средновековна црква. Според кажувањето на мештаните, селската џамија е подигната врз темели од црква, на што укажува и топонимот. (Ж.В., М.И.)

**Ограѓе**, средновековна некропола. На 1 km јужно од селото, на блага падина што се спушта кон реката Радика се среќаваат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Урдобар**, средновековна некропола. На јужната периферија од селото, на вакафско место кое е блага падина што се спушта кон реката Радика се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

## 40. РАВЕН

**Кале – Каља**, утврдена населба и некропола од доцноантичкото време и средновековна некропола. На околу 1 km западно од селото, на висок рид со зарамнето плато се гледаат ѕидови од бедемот на тврдината, градени од кршен камен и варов малтер, дебели и до 2 m. Надворешниот појас на тврдината е исто така граден од кршен камен и варов малтер, а дебелината на овие ѕидови е до 0,60 m. Во подножјето на тврдината, спрема Јеловичка Река се откриени траги од населба – градби изведувани од кршен камен и варов малтер, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси. Најдени се и повеќе монети од Валентијан и Јустинијан. Северозападно од тврдината се откриени остатоци – гробови од доцноантичка некропола, а над неа, во горните слоеви, има гробови од словенска некропола кои се градени од камени плочи – тип циста.
Дероко А., 1950, 198; Алексова Б., 1955; Алексова Б., 1959, 231; Mikul~i} I., TIR, 107. (Б.А.)

## 41. РИБНИЦА

**Гробишта од Конде**, средновековна некропола. Северно од селото, покрај патот за с. Нивишта се среќаваат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Црква**, средновековна црква и некропола. Југоисточно над селото, на мала падина се среќаваат грамади од градежен материјал и повеќе камени плочи од гробни конструкции кои упатуваат на постоење на мала црква и некропола. Во прилог на тоа оди и самиот топоним. (Ж.В., М.И.)

## 42. РОСТУША

**Добје**, средновековна некропола. Во близината на црквата во горниот дел на селото, во 1966 година, при изградбата на водоводот, на длабочина од околу 1,40 m е откриен детски гроб граден од камени плочи. Притоа се уништени повеќе гробови од помала некропола. (Ж.В., М.И.)

**Манастир Св. Јован Бигорски**, средновековна црква. Високо над левиот брег на реката Радика, спроти селата Требиште и Велебрдо се наоѓа манастирскиот комплекс Св. Јован Бигорски. Врз основа на историските извори, а особено со археолошките ископувања изведени во текот на 1982/83 година од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата се констатирани повеќе фази на градба. (Ж.В., М.И.)

**Св. Богородица**, средновековна црква и некропола. Во средишниот дел на селото, при изградба на станбени куќи и нивелирање на теренот, на повеќе наврати се откривани гробови градени од камени плочи – тип циста. Исто така, откриени се и темели од манастирска црква посветена на св. Богородица. Црквата по доаѓањето на Турците била претворена во џамија која, во 1912 година, српските власти ја срушиле. Во 1984 година, при изградбата на куќата, Ангеле Ефтимовски открил гроб од камени плочи во кој имало бронзен прстен со стаклена паста со црвена боја. (Ж.В., М.И.)

## 43. СЕНОКОС

**Сенокоска Црква**, средновековна црква и некропола. На северната периферија на селото, веднаш над патот за селото Градец се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад, а во непосредната близина грамада од кршен камен и темели од помал сакрален објект. (Ж.В., М.И.)

## 44. СИМНИЦА

**Кај Црквата**, средновековна црква и некропола. Во непосредната близина на железничката станица од старата траса на малиот колосек се гледа грамада од градежен материјал, а во непосредната близина и камени плочи од гробни конструкции. Топонимот упатува на постоење на средновековна црква. (Ж.В., М.И.)

**Манастир**, средновековна црква и некропола. На околу 1 km северозападно од селото, на местото на манастирот урнат во Втората светска војна се нао́ѓал постар манастир и некропола на која упатуваат откриените камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 45. СРБИНОВО

**Анови**, средновековна црква и некропола. На околу 4 km југозападно од селото, во непосредната близина на фудбалското игралиште, на синорот со селото Падалиште се гледаат темели од објект граден од кршен камен во сувоѕидица, а во непосредната близина и големи камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Баловско маало – Црквиче**, доцноантичка некропола. На југоисточниот дел од селото, во дворот на Саиди Саид, во 1984 година на длабочина од 1,5 m е откриен гроб граден од тегули на две води. И во околните дворови при поголеми земјени работи се нао́ѓани гробови. (Ж.В., М.И.)

**Ѕвездино Кале**, утврдена населба од римското и доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 118; Микулчиќ И., 1970, 85. (Д.Г.)

**Самоков**, средновековна рударска населба. На 3,3 km западно од селото, во непосредната близина на утоката на Падалишка во Србиновска Река, во подножјето на Ѓоновичко Кале се среќава згура од топена железна руда, како и грамади од кршен камен, покривни ќерамиди и остатоци од интензивна обработка на железна руда. Топонимот упатува на ковачница.
Трифуноски Ј., 1967, 153; Mikul~i} I., TIR, 118. (Ж.В., М.И.)

**Црква – Брејево**, средновековна црква и некропола. На околу 4 km северно од селото, се гледа грамада од кршен камен, а во непосредната близина и големи камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 46. СРЕТКОВО

**Јела**, средновековна населба и некропола. На околу 1,5 km југоисточно од селото, на блага падина се гледаат грамади од кршен камен и покривни ќерамиди. Во непосредната близина се откриени и камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад.
Trifunoski J., 1949a, 203. (Ж.В., М.И.)

**Крстови**, средновековна некропола. На 4,5 km источно од селото се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Реџов Гроб**, средновековна фортификација. На околу 2 km западно од селото, во непосредната близина на преминот Стража, на висок рид со доминантна местоположба се гледаат грамади од градежен камен што ѝ припаѓаат на мала фортификација што го обезбедувала планинскиот премин кон кичевскиот базен. (Ж.В., М.И.)

**Сотка**, средновековна некропола. Во непосредната близина на железничката станица од поранешната пруга за Кичево се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

Ѕвездено Кале, с. Србиново. – Населба од римското и доцноантичкото време (В.Л.)

## 47. СУШИЦА

**Русино**, средновековна црква и некропола. На синорот на атарите на селата Сушица и Симница, покрај патот Гостивар-село Церово, на голема зарамнета површина се гледаат грамади од градежен камен, а во непосредната близина на изворот и камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад.
Трифуноски Ј., 1949, 158. (Ж.В., М.И.)

## 48. ТАНУШЕ

**Црква**, средновековна црква. На околу 500 m северно од селото се гледа грамада од кршен камен и основа од мала еднокорабна црква. Локалната традиција и самиот топоним упатуваат на постоење на сакрален објект. (Ж.В., М.И.)

## 49. ТОПЛИЦА

**Калиполе**, средновековна некропола. На 1 km северозападно од селото се среќаваат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 50. ТРЕСОНЧЕ

**Кадиевци**, средновековна некропола. Во долниот дел од маалото Кадиевци, од десната страна на Тресонечка Река, при изградбата на индивидуални станбени објекти се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста, со ориентација исток -запад. (С.С.)

**Петрева Ливада**, средновековна некропола. На околу 500 m западно од маалото Лековци при изградбата на патот за селото Лазарополе се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста. Во еден од гробовите е најдена бронзена тока. (С.С.)

**Римски Гробишта**, некропола од средниот век. На 200 m западно од маалото Пешковци, на мала издолжена тумба со правец север-југ, според кажувањето на мештаните, имало гробови. (С.С.)

## 51. ТРНОВО

**Пеклиште**, средновековна населба и некропола. На околу 3 km североисточно од селото се гледаат грамади од кршен камен и големи камени плочи од гробни конструкции.
Трифуноски Ј., 1949, 159. (Ж.В., М.И.)

## 52. ТУМЧЕВИШТЕ

**Долни Ограѓе**, мала населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 128; Микулчиќ И., 1970, 83. (Д.Г.)

**Манастириште**, мал викус од доцноантичкото време и старохристијанска црква.
Mikul~i} I., TIR, 128; Микулчиќ И., 1970, 83. (Д.Г.)

## 53. ФОРИНО

**Глаица**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северозападно од селото, на десниот брег на Вардар, на површина од околу 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и многуброен градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Калдрма**, средновековна населба. Се наоѓа на западната периферија на селото. Во непосредната близина на изворот, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (Ж.В., М.И.)

**Леска**, средновековна населба. На околу 1 km северно од селото и околу 200 m лево од патот за селото Чегране. Во непосредната близина на новото училиште, во нивата на Емини Сади, на површина од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и кршен камен. (Ж.В., М.И.)

**Рудина**, населба и некропола од доцноантичкото време. На југоисточната периферија на селото, во дворот на старото училиште и наоколу се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и многу кршен камен. Во 1978 година, при поставувањето на водовод се откриени гробови.
Микулчиќ И., 1970, 82; Mikul~i} I., TIR, 54. (Ж.В., М.И.)

**Селиште**, средновековна населба. Во западниот дел на селото, при изградбата на нови станбени објекти се откриени темели од повеќе објекти градени од кршен камен и варов малтер. (Ж.В., М.И.)

**Томе Брез – Тумба**, некропола – тумули од железното време. На југозападната периферија на селото, на падините на Сува Гора, на патот Гостивар -село Форино, на мала висорамнина се забележуваат повеќе мали тумули индицирани со ситни камења.
Грбиħ М., 1954, 111; Микулчиќ И., 1970, 77. (Ж.В., М.И.)

## 54. ЦЕРОВО

**Билјаново Црквиче**, средновековна некропола. На 500 m јужно од селото се откриени камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад, како и крстови од бигор. (Ж.В., М.И.)

**Гробишта**, средновековна некропола. На околу 500 m западно од Горно маало се гледаат камени плочи од гробни конструкции и крстови од бигор. (Ж.В., М.И.)

**Крст**, средновековна некропола. На 1,5 km северозападно од селото, над патот Гостивар-Кичево се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад и голем крст од бигор. (Ж.В., М.И.)

**Липа**, средновековна населба и некропола. На 1,5 km северозападно од селото, во нивата на Славе Василевски се гледаат грамади од кршен камен и покривни ќерамиди, а при обработувањето на земјата биле откриени и гробови градени од камени плочи. (Ж.В., М.И.)

## 55. ЧАЈЛЕ

**Ветва Црква**, средновековна црква и некропола. На околу 2 km северозападно од селото, во подножјето на локалитетот Градиште, во непосредната близина на каменоломот, од јужната страна се гледаат ѕидови од урната црква, а околу неа камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

**Градиште – Каља**, утврдена населба од железното и доцноантичкото време. На околу 2,5 km југоисточно од селото, на доминантен рид од падините на Сува Гора, на издолжено плато што зафаќа површина од 120 x 70 m се гледа приближно елипсовидната форма на трасата на бедемот. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Се наѕираат и остатоци од цистерна на североисточниот дел од локалитетот. Фортификацијата има особено значење за заштитата на комуникацијата Гостивар-Кичево.
Микулчиќ И., 1970, 86. (Ж.В., М.И.)

**Јурија – Рудина**, средновековна населба. Во непосредната близина на црквата и некрополата, од јужната страна, на поголемо косо плато со пад кон запад спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

## 56. ЧЕГРАНЕ

**Сумурдеш**, средновековна населба. На околу 4 km североисточно од селото, на падините на Сува Гора се гледаат грамади од градежен материјал – камен, покривни ќерамиди, а има и бунар. (Ж.В., М.И.)

# IX. ДЕБАР

1. Бајрамовци ... 127
2. Баланци ... 127
3. Баниште ... 127
4. Брештани ... 127
5. Броштица ... 127
6. Голем Папрадник ... 128
7. Горенци ... 128
8. Горно Косоврасти ... 128
9. Дебар ... 128
10. Долно Косоврасти ... 129
11. Елевци ... 129
12. Житинени ... 129
13. Коџаџик ... 129
14. Кривци ... 130
15. Мал Папрадник ... 130
16. Могорче ... 130
17. Осој ... 131
18. Отишани ... 131
19. Пареши ... 131
20. Рајчица ... 131
21. Селокуќи ... 131
22. Спас ... 132
23. Хаме ... 132
24. Џепиште ... 132

## 1. БАЈРАМОВЦИ

**Варварица**, средновековна црква. Се наоѓа на околу 1,5 km југозападно од селото, десно од патот за границата со Албанија. На Клобушки пат, според традицијата, се наоѓал сакрален објект. Денес на ова место се гледаат грамади од градежен камен и варов малтер. (М.И.)

**Црков**, средновековна црква и некропола. На 1 km источно од селото се среќаваат грамади од камења и варов малтер. Во непосредната близина се гледаат монолитни камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

## 2. БАЛАНЦИ

**Црква**, средновековна некропола. На југоисточниот дел од селото, веднаш од десната страна на патот за селото Голем Папрадник се среќаваат камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

## 3. БАНИШТЕ

**Арбановци**, средновековна некропола. На стотина метри западно од селото, на една блага падина се среќаваат грубо обработени камени плочи од гробни конструкции. Гробовите се од типот циста, со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Краста**, средновековна црква и некропола. На патот помеѓу селото Брајковци и маалото Центар се гледаат урнатини од мала црква и околу нив гробови градени од камени плочи. (М.И.)

**Ров**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото, на левиот брег на Банишка Река, близу до Борисова воденица, во нивата на Осман Леши се откриени гробови со конструкции од камени плочи – тип циста. (Ж.В., М.И.)

## 4. БРЕШТАНИ

**Влаи – Лаи**, средновековна населба и некропола. На околу 2 km северозападно од селото, на десниот брег на Брештанска Река, во нивата на Мефаил Ајда се забележуваат фрагменти од керамички садови, ќерамиди, тули, а според кажувањето на сопственикот, при орањето наидувал на темели од објекти ѕидани од камен и варов малтер. На околу 250 m источно има камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

**Долно Поличе**, населба од доцноантичкото време. Лежи на десниот брег на Брештанска Река, оддалечена околу 1 km источно од селото. При обработувањето на нивите мештаните наидувале на темели од објекти. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси, тегули и многу градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

**Машатлак**, средновековна некропола. Во центарот на селото се гледаат остатоци од гробови со конструкции од камени плочи, поставени во правец исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Поличе – Тумка**, средновековна црква и некропола. На 1,5 km југозападно од селото, на десниот брег на Брештанска Река се наоѓа грамада од кршен камен, а околу неа гробови со конструкции од камени плочи. (М.И.)

## 5. БРОШТИЦА

**Стара Куќа**, средновековна населба. Во селските утрини што се наоѓаат на околу 1 km крај патот што води за Дебар, од неговата десна страна на површината се среќаваат грамади од градежен материјал (кршен камен, тули, ќерамиди). (Ж.В., М.И.)

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. На околу 1 km северно од селото се среќаваат грамади од кршен камен и делумно обработен камен. Исто така, на површината се оцртуваат делови од апсидалниот и северниот ѕид на помала црквичка. Околу просторот на црквата се гледаат грубо обработени

монолитни камени плочи од гробови, поставени во правец исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 6. ГОЛЕМ ПАПРАДНИК

**Вапавска Краста**, утврдена населба од доцноантичкото време. На височинка што доминира над платото на Жупа се гледаат остатоци од фортификација која го штитела патот што водел за Коџаџиско Кале. Во 1980 година, при изградбата на патот Жупа-Коџаџик, во подножјето на Вапавска Краста е откриен дел од мозаичен под со геометриски мотиви, изведен во opus tessalatum. (Ж.В., М.И.)

**Вапчица**, средновековна некропола. На околу 3 km југозападно од селото, веднаш до брегот на хидроакумулацијата Шпиље се гледаат монолитни плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. Локалитетот повремено се поплавува од езерските води. (Ж.В., М.И.)

**Св. Петка**, средновековна црква. На околу 300 m од левата страна на патот за Дебар се гледа грамада од градежен материјал (камен, тули и покривни ќерамиди), а се забележуваат и темели од мала еднокорабна црква. (Ж.В., М.И.)

**Црквичка**, средновековна црква и некропола. На десниот брег на Црн Дрим и на околу 100 m од мостот што водел кон селото, со заштитните сондажни ископувања во 1968 година е откриена мала црква и некропола околу неа. Денес локалитетот е потопен со водите на хидросистемот Шпиље. (Ж.В., М.И.)

## 7. ГОРЕНЦИ

**На Црков**, населба и некропола од хеленистичкото време. На југозападниот раб на селото и на околу 100 m североисточно од црквата, во нивите на Блаже Страшевски, Боге Ристевски и Ѓоре Ивановски по површината се наоѓаат фрагменти од керамички садови. Кај Блаже Страшевски има сад од печена земја и еден нож (бодеж) како гробни наоди извадени од гроб при обработувањето на земјата. (Ж.В., М.И.)

## 8. ГОРНО КОСОВРАСТИ

**На Црков**, средновековна некропола. На југоисточниот раб на селото, од десната страна на патот што води за селото се гледаат грубо обработени покривни плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Кале**, утврдување од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 73; Микулчиќ И., 1970. (Д.Г.)

## 9. ДЕБАР

**Горно Удово**, населба од железното време и средниот век. На 2 km источно од градот, под некогашниот пат Дебар-Скопје, на блага падина што се спушта кон реката Радика се наоѓале голем број фрагменти од керамички садови. Денес локалитетот е потопен со водите на хидросистемот Шпиље.
Микулчиќ И., 1970; Mikul~i} I., TIR, 73; Битракова Грозданова В., 1980а, 198-199. (Ж.В., М.И.)

**Куќата на Каплан Арифи**, осамен наод од римското време. Во 1952 година, при изградбата на станбениот објект на ул. „Бајрам Селими“, Капан Арифи пронашол мермерна биста со природна големина. Бистата е на угледен римски граѓанин преку чии рамења има наметка што преминува на градите на левата страна. Очите се плитко изрезбани, рожницата е кружно означена со издлабена зеница; косата е назначена со плитки убоди, а брадата со куси засеци. Челото е ниско и збрчкано. Датирана е во III век. Бистата се чува во Заводот и музеј во Охрид.
Битракова Грозданова В., 1980а, 200-201. (Ж.В., М.И.)

Дебар. – Биста на римски граѓанин, III век

**Куќата на Карпузи Мухамед**, депо на средновековни монети. К. Мухамед, учител од Дебар, при изградбата на својата куќа открил повеќе венеци-

јански монети од XI век. Монетите се чуваат кај К. Мухамед. (Ж.В., М.И.)

**Ски – Горно Удово**, населба и некропола од римското време. Се наоѓа на околу 2 km источно од градот, под некогашниот пат Дебар-Скопје, на падина што се спушта кон реката Радика. На имотот на манастирот Св. Јован Бигорски биле откриени темели од објекти градени од камен и варов малтер, како и повеќе питоси. Во непосредната близина се откопани и гробови од тегули – тип „на две води“. Денес локалитетот е потопен со водите од хидроакумулацијата Шпиље.
Лисичар П., 1954; Битракова Грозданова В., 1980а, 199. (Ж.В., М.И.)

**Стојаница**, средновековна црква и некропола. На северната периферија на градот, на ридот што се издига над гипсарницата се гледаат урнатини од црква, а во непосредната близина има гробови градени од камени плочи. (М.И.)

**Сува Чешма – Нова гипсарница**, средновековна некропола. Во 1941-1944 година работниците на претпријатието „Расадник“ при обработувањето на земјата откриле повеќе гробови. Според кажувањето на еден од учесниците во тие работи, гробовите биле градени од камени плочи – тип циста, и во нив наоѓале прстени и бакарни пари. Во поново време, при изградбата на влезот за гипсарницата, исто така биле откриени и уништени гробови градени од камени плочи. (М.И.)

**Фабрика за теписи „Новост“**, средновековна црква и некропола. При копањето на земја за проширување на фабриката за теписи се откриени гробови од типот циста. Во непосредната близина, над новата фабрика за гипс и фабриката за теписи се гледаат урнатини од мала еднокорабна црква. (Ж.В., М.И.)

## 10. ДОЛНО КОСОВРАСТИ

**Елица**, средновековна црква и некропола. Во самото село, на околу 100 m од десниот брег на реката Радика делумно се забележуваат темели од еднокорабна црква околу која има гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Заградишта – На Клак**, средновековна тврдина. Се наоѓа југозападно од селото, во подножјето на планината Крчин, на височинка со неправилна квадратна основа, која има извонреден поглед кон долината на Радика и патот што минува покрај неа. На површината се среќаваат покривни ќерамиди, тули и многу кршен камен. Наместа се забележуваат темели од објекти. (Ж.В., М.И.)

**Стар Пат**, средновековен пат. Северно од селото се наоѓаат остатоци од стар пат што води кон селото Скудриње. Пробиен е во варовити карпи и нема конструкција. (Ж.В., М.И.)

## 11. ЕЛЕВЦИ

**Бежан**, средновековна населба. Во реонот на селото се гледаат грамади од кршен камен и покривни ќерамиди што упатуваат на постоење на мала населба. (М.И.)

**Рајки Евлер**, средновековна населба. Во нивата на Амди Еип, што се наоѓа на околу 1 km источно од селото, на десниот брег на реката Долга се среќаваат грамади од камења, покривни ќерамиди и фрагменти од керамички садови. (Ж.В., М.И.)

## 12. ЖИТИНЕНИ

**Манастир**, средновековна утврдена населба, црква и некропола. На околу 1 km западно од селото, во нивата на Таип Асановски од селото Мал Папрадник, која лежи на левиот брег на Житиненска Река, се гледаат остатоци од темели на еднокорабна црква и околу неа гробови градени од камени плочи – тип циста, поставени во правец исток-запад. Над локалитетот конусно се издига височинка со доминантна положба, на која има многу кршен камен и друг градежен материјал, што упатува на можни траги од фортификација. (Ж.В., М.И.)

**Црков – Илинец**, средновековна некропола. На околу 500 m северно од селото, во реонот на големиот даб по површината се среќаваат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток -запад. (Ж.В., М.И.)

**Чифлик**, доцноантичка и средновековна населба. На околу 1 km источно од селото, во нивите на Турмиш и Сали Бакриоски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многуброен градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

## 13. КОЏАЏИК

**Аџи Чорме Мемети**, тумул од железното време. На околу 2 km северозападно од селото, на конусна височинка се наоѓа тумул со пречник од околу 8 m во основата. (Ж.В., М.И.)

**Ѓурумлук**, средновековна некропола. Североисточно од селото, на оддалеченост од околу 1 km се наоѓаат покривни плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Кале**, утврдена населба од хеленистичкото и римското време и средниот век. Се наоѓа северозападно од селото, на голема височинка што има доминантна положба над пространата територија на Жупа, со

можност за контрола на комуникациите во неа. На самиот врв, кој има стрмни карпи и зарамнето плато, постојат остатоци од утврдена населба. Одбранбениот бедем на калето е граден од големи камени блокови во сувоѕидица. До калето води пат послан со кршени камења – калдрма. По површината на тврдината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Во месноста Поткале, покрај патот што води за калето се гледаат гробни конструкции од камени плочи – тип циста.
Von Hahn J. G., 1967, 115; Томоски Т., 1968, 93; Томоски Т., 1972, 110; Битракова Грозданова В., 1980а, 199. (Ж.В., М.И.)

**Келица**, средновековна населба. На границата на атарите на селата Новак и Коџаџик се среќаваат грамади од кршен камен и покривни ќерамиди, како и фрагменти од керамички садови. (М.И.)

**Петко**, средновековна населба. На околу 1 km западно од селото, во нивата на И. Авени се наоѓаат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, тули и многу кршен камен. (Ж.В., М.И.)

## 14. КРИВЦИ

**Алакати**, средновековна некропола. Се наоѓа на околу 1 km јужно од селото, на десниот брег на поројницата Алакат, на десната страна на селскиот пат. Во нивата на Зике Крлиу, која е на блага падина, се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Ограѓе**, некропола од римското време и средновековна црква. Во непосредната близина на селото, од двете страни на патот за селото Баниште, во нивата на Оломан Казиу е откриен гроб граден од монолитни плочи од бигор во вид на саркофаг. Според кажувањето на сопственикот, во гробот имало повеќе прилози: стакло, керамички садови и предмети од бронза, кои не ги извадил. Во непосредната близина на раскрсницата каде што од асфалтниот пат за селото Баниште се издвојува патот за селото Кривци, се забележуваат остатоци од еднокорабна црква ѕидана од камен и тули. (Ж.В., М.И.)

**Опре**, средновековна некропола. На 100 m од куќата на Оломан Казиу, на десната страна од патот што води кон селото се гледаат покривни плочи од гробови со ориентација исток-запад. (М.И.)

## 15. МАЛ ПАПРАДНИК

**Баја Дол**, гроб од римското време. Во нивата на Амид Џемовски е откриен гроб – тип „на две води“, граден од тегули, без прилози. По површината на нивата се среќаваат фрагменти од тегули. (Ж.В., М.И.)

**Бутина – Гроб**, средновековна црква и некропола. На североисточниот крај на селото, лево од асфалтниот пат што води од Центар Жупа за Мал Папрадник има грамада од кршен камен, а делумно се насетуваат контури на темели од мала црква. Во непосредната близина се наоѓаат гробови градени од камени плочи – тип циста, со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Јамбол**, доцносредновековна црква. На 1 km јужно од Центар Жупа, по површините на нивите на Аџи Ајрадин, Џефер и Екрем Ајрадин се среќаваат кршен камен, фрагменти од покривни ќерамиди, а спорадично и фрагменти од керамички садови. (Ж.В., М.И.)

**Калуѓерица**, средновековна црква и некропола. На една мала височинка, издолжена во правец исток-запад, што е оддалечена јужно од селото околу 500 m и лежи на десниот брег на реката Вапчица, се гледаат остатоци од мала црква и гробни конструкции градени од камени плочи со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Купчеи Дрва**, средновековна црква и некропола. На околу 1 km југоисточно од селото, во нивата на Таир Асановски, на простор од 50 x 50 m се наоѓа грамада од градежен материјал, а околу неа гробни конструкции од камени плочи со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Рамниште**, средновековна некропола. На околу 1 km западно од селото, во нивата на Ирфан Мемедовски се среќаваат покривни плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В., М.И.)

**Цутина**, средновековна населба и некропола. На растојание од околу 2 km југозападно од селото, на десниот брег на Вапавска Река, во непосредната близина на нивите на Нуредин Намичовски се среќаваат грамади од градежен материјал: кршен камен, покривни ќерамиди, тули и др. Околу грамадите има покривни плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 16. МОГОРЧЕ

**Богородица**, средновековна црква. На околу 1 km источно од селото, на левиот брег на реката Белешница се гледаат остатоци од мала црква. (Ж.В., М.И.)

**Вранска Краста**, фортификација од доцноантичкото време. Во месноста каде што се граничат атарите на селата Могорче и Осој, на десниот брег на Мала Река и во непосредната близина на утоката на Белешница во Мала Река се издига висок рид со доминантна положба на кој се забележуваат ѕидови од фортификација. Ѕидовите се зачувани на јужната и југоисточната страна, а ѕидани се од кршен камен

и варов малтер. Фортификацијата го чувала патот што одел од Дебар за Кичево. (Ж.В., М.И.)

**Кошари**, некропола од римското време. Се наоѓа во нивата на Сулејман Алиоски, оддалечена околу 1 km северно од селото. На површината се гледаат траги од изгорена земја која е растресита и по боја црвеножолта. На неколку места има парчиња од изгорени човечки коски, како и фрагменти од тегули. Најверојатно се работи за оштетена некропола со гробови од типот „на две води", со кремирани покојници. (Ж.В., М.И.)

**Николица**, средновековна населба и некропола. На источниот раб на селото, на блага падина со ориентација север-југ се гледаат ѕидови од објекти од кршен камен и варов малтер. Во непосредната близина има гробови со конструкција од големи камени плочи, поставени во правец исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 17. ОСОЈ

**Крст – Св. Арангел**, средновековна црква и некропола. На околу 500 m југоисточно од селото, на десниот брег на Верски Дол се наоѓа мало црквиче посветено на св. Арангел. Во 1925 година, при проширувањето на црквичето биле откриени темели од постар објект, а околу нив гробови градени од камени плочи, поставени во правец исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 18. ОТИШАНИ

**Гробој**, средновековна некропола. На околу 500 m североисточно од селото, на блага падина што се спушта кон езерото се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (Ж.В., М.И.)

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. На околу 100 m од денешната џамија, западно од долното маало, покрај патот за пограничната караула се наоѓа мала црква и околу неа гробови градени од камени плочи, поставени во правец исток-запад. (М.И.)

## 19. ПАРЕШИ

**Бушаец – Парешки Костен**, средновековна некропола. На околу 500 m западно од селото, на левата страна од асфалтниот пат за селото Бајрамовци, во засечениот профил се гледаат гробови градени од грубо обработени камени плочи – тип циста, со ориентација исток-запад. Некрополата е откриена во 1971 година, при изградбата на патот, при што е уништена во голем дел. (Ж.В., М.И.)

**Парешко Поле**, средновековна населба. На околу 500 m западно од селото, во нивата на И. Исени, на десната страна од асфалтниот пат за селото Бајрамовци се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тули и покривни ќерамиди. Наместа се среќава и згура од топено железо. (Ж.В., М.И.)

## 20. РАЈЧИЦА

**Долни Раброец**, средновековна црква и некропола. Јужно од селото, на 500 m кон езерото се констатирани остатоци од објект граден од кршен камен и варов малтер, од кој темелите на северниот периметрален ѕид се забележуваат повпечатливо. Од источната страна на објектот се гледаат и камени плочи од гробни конструкции. Во нивата на Стрезо Топузовски се најдени гробови градени од камени плочи – тип циста, поставени во правец исток-запад. (Ж.В., М.И.)

## 21. СЕЛОКУЌИ

**Мерсуид**, средновековна некропола. Околу 200 m западно од селото, во близината на маалото Јожулија, Мукарем Хасан при обработувањето на земјата открил гробови градени од камени плочи. (М.И.)

**Мојсиева Црква**, средновековна црква и некропола. На западната периферија на селото, на источната падина на висок рид што доминира над околниот терен и долината на Црни Дрим се откриени гробови без гробна конструкција, покриени само со една камена плоча. Гробовите се со ориентација исток-запад. Исто така може да се видат и темелите на една мала еднокорабна црква градена од камен и варов малтер. (Ж.В., М.И.)

**Музлагица**, населба од неолитското време. На северната периферија на селото, во маалото Таранеш, на десниот брег на Поповска Река, по површината на нивите на Бајрам Арифи, Мустафа Коча, Џемаил Казуи и Елмаз Дука се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж, камени секири и кремени ножеви. Керамиката, врз основа на фактурата и орнаментите, покажува тесна врска со керамиката од неолитските населби во соседна Албанија и преку неа, особено импресо-орнаментите, со населбите од западната јадранска зона. (Ж.В., М.И.)

**Стара Црква**, некропола од доцноантичкото време. Среде село, во непосредната близина на селската чешма, на издолжен гребен со правец север-југ, во 1945/46 година, при нивелирањето на теренот за изградба на селското училиште биле откриени гробови градени од камени плочи – тип циста. Во гробовите не биле најдени предмети. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В., М.И.)

**Таранеш**, населба и некропола од римското и доцноантичкото време. На северната периферија на селото, во маалото Таранеш, помеѓу реките Црни Дрим и Поповска Река, на високо зарамнето плато со форма на неправилен триаголник кое благо се спушта кон реката се гледаат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и кршен камен. Во нивата на Бесим Мељами, во октомври 1982 година е извршено заштитно ископување при што е откриен гроб – тип циста, во кој како гробни

Таранеш, с. Селокуќи. – Крстовидна златна фибула, III-IV век

Таранеш, с. Селокуќи. – Стаклена чаша – дијатрета, III-IV век

прилози се најдени: златна крстовидна фибула, сребрена позлатена чинија, сребрен ѓум, прибор за пишување, коскени жетони за игра, чаша дијатрета, две вретенести фиоли, железна секира и други предмети од сребро. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.

Ивановски М., 1987а, 81-90. (Ж.В., М.И.)

**Шулон**, средновековна некропола. На источната периферија на селото, до куќата на Мустафа Мошку се откриени повеќе гробови градени од камени плочи со ориентација исток-запад. (М.И.)

## 22. СПАС

**Троја**, некропола од доцноантичкото време. На северозападната периферија на селото, на благо зарамнета тераса, при поставувањето на топли леи се откриени гробови – тип циста. По површината на теренот се гледаат фрагменти од камени плочи, делумно обработени, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови. (Ж.В., М.И.)

## 23. ХАМЕ

**Равен**, средновековна некропола. Источно од селото, високо во планината, при изведување на земјени работи биле откриени гробови градени од камени плочи – тип циста. (М.И.)

**Црква**, средновековна некропола. На југозападната периферија на селото, во непосредната близина на училиштето, по површината се наоѓаат камени плочи од гробни конструкции – тип циста. При изградбата на училиштето биле уништени повеќе гробови. (Ж.В., М.И.)

## 24. ЏЕПИШТЕ

**Извор**, некропола од римското време. Во непосредната близина на мотелот „Нов живот", што се наоѓа на десната страна од патот Дебар-Охрид, во 1967 година, при поставувањето на бандери за далноводот, на длабочина од 1 m се откриени гробови градени од тегули – тип „на две води". (Ж.В., М.И.)

**Манастирец – Св. Арангел**, средновековна црква. На околу 7 km југоисточно од селото, крај четирите чешми покрај асфалтниот пат Дебар-Струга има грамади од камења, ќерамиди и друг градежен материјал. На теренот се гледаат темелите од периметралните ѕидови и апсидата. На ова место селаните се собираат на денот Св. Арангел. (Ж.В., М.И.)

**Параспур**, населба од римското време. На источната периферија на селото, во нивите на Е. Рамановски и М. Селмановски, при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти и керамички цевки за водовод. По површината на теренот се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. (Ж.В., М.И.)

# X. ДЕЛЧЕВО

1. Бигла ... 124
2. Вирче ... 124
3. Вратиславци ... 125
4. Габрово ... 125
5. Град ... 125
6. Делчево ... 125
7. Драмче ... 125
8. Дулица ... 126
9. Ѕвегор ... 127
10. Илиево ... 128
11. Каменица ... 128
12. Киселица ... 128
13. Косово Дабје ... 129
14. Костин Дол ... 129
15. Косевица ... 129
16. Луковица ... 129
17. Моштица ... 130
18. Нов Истевник ... 130
19. Очипале ... 130
20. Разловци ... 130
21. Саса ... 131
22. Селник ... 131
23. Стамер ... 131
24. Стар Истевник ... 131
25. Тодоровци ... 132
26. Тработивиште ... 132
27. Турија ... 132
28. Црквенец ... 132
29. Чифлик ... 132

## 1. БИГЛА

**Крсто**, старохристијанска црква. На десната страна од стариот пат Делчево-Кочани, на висок рид со зарамнета површина се зачувани темели од црква околу која има градежен материјал: камења, варов малтер, делови од покривни ќерамиди.
Гарашанин М. и Д. 1959, 91. (А.К.)

**Могила**, могила од римското време. До Димчовско маало е зачувана голема могила што доминира над околниот терен. Има пречник во основата од 25 m и височина од 4-5 m. На неколку места е оштетена од диво копање. (А.К.)

**Могила – Ано**, могила од римското време. Непосредно до Бумбарско маало, покрај селскиот пат е зачувана могила со пречник од 25 m и височина од 4 m. На јужниот крај е оштетена со земјоделските работи. (А.К.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km северно од Шелтанско маало, на простор од 150 x 100 m се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. При орањето на нивите се откривани темели од ѕидови на повеќе објекти. (А.К.)

**Селиште**, населба и могила од римското време. Се наоѓа на левиот брег на Брегалница, непосредно до старото училиште. Овде, на поголем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во близината има една зачувана могила во која со диво копање биле откриени три гроба во кои била најдена и монета од Каракала. Могилата има пречник во основата од 15 m и височина од 2-3 m. (А.К.)

**Стара Река**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа во непосредната близина на шумската станица, на левиот брег на Стара Река. Откриени се неколку гробови градени од камени плочи. (А.К.)

## 2. ВИРЧЕ

**Големо Градиште**, населба од железното време. На 4 km од селото, на левата страна на патот Делчево-Тработивиште има висока чука со доминантна положба над целата околина. На врвот се зачувани остатоци од утврдена населба, а спорадично се среќаваат и фрагменти од керамички садови. (А.К.)

**Мало Градиште**, могила од римското време. На растојание од околу 1 km јужно од локалитетот Големо Градиште се издига ниска чука што личи на градиште. Всушност, се работи за голема, добро зачувана могила со пречник од 25 m во основата и височина од 5 m. (А.К.)

**Прекинато Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Во планинскиот предел, на околу 2,5 km источно од селото се издига висок рид што има доминантна положба. На врвот, кој е зарамнето плато со површина од 250 x 150 m, се зачувани остатоци од темели на одбранбен бедем, како и од темели на други објекти, а се среќаваат парчиња од покривни ќерамиди, кршен камен и друг градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

**Турски Гробишта**, могила од римското време. Среде гробиштата, кои се наоѓаат на југозападниот раб на селото, има мала могила, добро зачувана, со пречник од 12 m во основата и височина од 2,5 m. (А.К.)

**Црквиште**, старохристијанска црква. На источната страна на локалитетот Градиште се издига висок рид на кој се гледаат темели од еднокорабна црква со димензии од околу 20 x 30 m. (А.К.)

**Црквиште**, старохристијанска црква. Се наоѓа 2,5 km северно од селото, покрај патот Вирче-Град. Во оваа месност, позната кај мештаните под името Св. Врач, се гледаат урнатини од црква. (А.К.)

## 3. ВРАТИСЛАВЦИ

**Чука**, могила од римското време. Во непосредната близина на маалото Терзиите, на една пространа падина има голема могила, добро зачувана, со пречник во основата од 20 m и височина од 2 m. (А.К.)

## 4. ГАБРОВО

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На високиот рид што се издига на североисточната страна од селото, на зарамнетото плато се гледаат остатоци од темели на одбранбен ѕид. Во просторот што зафаќа површина од 120 x 80 m се среќава градежен материјал (камен, малтер и покривни ќерамиди) и фрагменти од питоси и керамички садови. (А.К.)

**Скокото**, населба од неолитското време. Лежи на ниска тераса што се наоѓа на источната страна на Габровска Река. Просторот зафаќа мала површина на која се среќаваат фрагменти од керамички садови. (А.К.)

**Црквиште**, средновековна црква. На околу 1 km источно од селото, од левата страна на долот се забележуваат темели од средновековна црква и множество градежен материјал. (А.К.)

## 5. ГРАД

**Градиште**, градиште од хеленистичкото и доцноантичкото време. На североисточниот раб на селото се издига висок рид со доминантна положба. На врвот има зарамнето плато, со простор од 200 x 300 m, на кое се забележуваат остатоци од одбранбен бедем и други помали објекти. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друг материјал. Најден е и голем број монети од римското и рановизантиското време, од кои едни се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. Со оглед на големината на градиштето и на временскиот континуитет, се претпоставува дека би можело да се идентификува со македонскиот антички град Армонија, што се наоѓал на трасата на патот Стоби – Пауталија. (А.К.)

**Калиште**, населба од доцноантичкото време. На околу 200 m западно од селото, во нивата на Илија Новчев има голем број фрагменти од керамички садови, питоси, како и тегули. При обработувањето на земјата биле откриени темели од стари градби градени од кршен камен и варов малтер. (А.К.)

**Селце**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km западно од селото и лево од главниот пат Делчево -Тработивиште, на терен што претставува пространа тераса се наоѓаат многу фрагменти од покривни ќерамиди, питоси и керамички садови. (А.К.)

## 6. ДЕЛЧЕВО

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Во непосредната близина на локалитетот Долно Градиште, односно на околу 2 km јужно од градот, на простор од 150 x 50 m има големи грамади од кршен камен и парчиња од покривни ќерамиди, питоси и керамички садови. Делумно се зачувани и остатоци од темелите на бедемот.
Mikul~i} I., TIR, 41. (А.К.)

**Долно Градиште**, населба од неолитското време. На 2 km јужно од Делчево, десно од стариот пат кон Тработивиште, по површината на една мала тераса има фрагменти од керамички садови, од неолитска населба. (А.К.)

**Кула**, средновековна кула. На неколку километри пред влезот во градот, на левата страна од патот Берово-Делчево постојат урнатини од кула.
Гарашанин М. и Д., 1959, 89. (В.С.)

**Могилка**, тумул од железното време. Се наоѓа на 600 m западно од ридот Чука, на десната страна на Делчевски Дол. Тумулот е мал, со димензии од 10 m во основата и височина од 1,5 m. (А.К.)

**Раново Село**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 5 km западно од градот, во нивата на С. Трајковски, како и во соседните ниви. По површината има многу парчиња од покривни ќерамиди, питоси и керамички садови. С. Трајковски нашол и повеќе монети од Јустинијан I и Проб кои се сопственост на Љупчо Трајковски од Делчево. (А.К.)

**Студена Чешма**, могила од римското време. Се наоѓа на околу 2 km северозападно од градот и десно од главниот пат Делчево-Каменица, во правецот на Драмче, на 15 m северно од Студена Чешма. Могилата е добро зачувана, со пречник од 30 m во основата и височина од 4 m.
Гарашанин М. и Д., 1959, 74; Mikul~i} I., TIR, 41. (А.К.)

**Чапаница**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на Ѓорѓи Валоженски, што се наоѓа на околу 4 km западно од Делчево, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Чука**, населба од неолитското време. Во нивата на П. Стојанов, која е на 1 km западно од градот, во непосредната близина на градскиот резервоар се среќава голем број фрагменти од керамички садови со груба фактура, рачно работени. (А.К.)

## 7. ДРАМЧЕ

**Берова Чешма**, населба од доцноантичкото време. На 3 km оддалеченост од локалитетот Градиште, во реонот на маалата Ваканица и Илиовци, на мала површина се среќаваат многубројни парчиња од

покривни ќерамиди. Биле ископани и неколку питоси. (А.К.)

**Врница**, некропола – тумули од железното време. На околу 1,5 km од селското училиште, покрај патот за Делчево има мало плато што се издига над месноста Мал Чифлик, на кое се наоѓаат 8 тумули со приближно исти димензии, и тоа: пречник во основата од околу 10 m и зачувана височина од 0,20 до 0,30 m. Овде Ефрем Георгиев откопал три мали керамички сатчиња. Тумулите се делумно оштетени.
Гарашанин М. и Д., 1959, 75. (А.К.)

**В'чковско Маало**, некропола од доцноантичкото време. Под ридот Чука, во дворот на Љ. В'чковски се откриени гробови правени од камени плочи. Видливи се контури на десетина гробови. (А.К.)

**Градиште**, населба од железното време. Спроти Дечанско маало, на десниот брег на Брегалница се издига висока чука која новиот пат Делчево-Каменица ја има пресечено. Остатоци од утврдувањето не се зачувани, меѓутоа, на самиот врв, како и во подножјето на северната страна, се среќаваат фрагменти од керамички садови. (А.К.)

**Градиште I**, градиште од доцноантичкото време. Помеѓу маалата Ваканица и Илиовци се издига висок рид со доминантна положба. На неговиот врв, што има пространо плато со димензии од 150 x 150 m се зачувани темели од одбранбен бедем. Во внатрешноста на тврдината се среќаваат многу парчиња од покривни ќерамиди, питоси и керамички садови. Видливи се и остатоци од неколку помали објекти.
Mikul~i} I., TIR, 47. (А.К.)

**Градиште II – Присој**, градиште од римското време. На левиот брег на Брегалница, на зарамнетото плато на високиот рид (кота 785 m) со површина од околу 100 x 50 m се гледа одбранбен бедем од кој се зачувани темелите. По површината и во неговото подножје се среќаваат многу фрагменти од керамички садови.
Гарашанин М. и Д., 1959, 80; Mikul~i} I., TIR, 47. (А.К.)

**Јазова Чука**, тумули од железното време. По стариот пат што води од Делчево кон Каменица, на 800 m пред Јазова Чука има 2 тумула кои се делумно оштетени. Едниот е со пречник од 20 m во основата и зачувана височина од околу 1 m, а вториот, кој е на околу 40 m јужно од првиот, има 12 m во пречникот на основата и околу 0,50 m височина.
Гарашанин М. и Д., 1959, 75. (А.К.)

## 8. ДУЛИЦА

**Бегов Даб**, старохристијанска базилика. На околу 400 m западно од утоката на Каменица во Брегалница, со ископувањата на Археолошкиот музеј од Скопје во 1968/1969 година се откриени остатоци од трикорабна базилика со по 4 столбови на стилобатите и трансепт. Широката апсида на источната страна е вовлечена во внатрешноста на градбата, што ја доближува до еден вид крстовидна. Во олтарниот дел е зачуван синтроносот со масивна платформа за централното седиште, а пред него платформа за чесната трпеза со форма на крст. Зачуваната основа од канцелот покажува дека олтарната преграда одела по ширината на централниот кораб. Базиликата има добро зачуван нартекс на западната страна, од кој преку трибелон се влегувало во наосот. На северната страна е откриен компартимент со банкини, а на западната ѕид што ја оградувал црквата. Презвитериумот со пастофориите и наосот се послани со замазнет малтер, а страничните кораби со печени тули. Најдена е богата декоративна архитектонска пластика. Базиликата е од крајот на V и почетокот на VI век. Непосредно до базиликата се откриени неколку гробови од некропола прекопана од порано. Покрај атриумот се истражени пет гроба со камени конструкции во кои биле најдени примероци од квалитетен накит кој типолошки, а и хронолошки, може да се поврзе со најстарите примероци на накит од големата некропола во Демир Капија, датирана во IX-X век.
Микулчиќ И., Керамидчиев А., 1966, 227; Микулчиќ И., Керамидчиев А., 1972, 161-171; Микулчиќ И.,1977, 181-191; Микулчиќ И., 1986а, 241. (Б.А.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 500 m западно од езерото Калиманци се издига висок рид со доминантна местоположба. На зарамнетиот врв со простор од 200 x 100 m се гледаат остатоци од големо утврдување. Во внатрешноста на тврдината има темели од десетина помали објекти, а по површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (А.К.)

**Калата**, градиште од доцноантичкото време. На утоката на Каменица во Брегалница се издига висока чука со зарамнет врв на кој има остатоци од бедеми. На површината се гледаат темели од повеќе објекти, а преку целиот простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. На околу 500 m северно се откриени повеќе гробови.
Микулчиќ И., 1977а, 181; Mikul~i} I., TIR, 67. (А.К.)

**Манастир**, населба од римското време, старохристијанска црква и некропола. На околу 1 km северозападно од браната на езерото Калиманци, на падина со простор од 300 x 150 m, што се спушта кон езерото, се среќава множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На горниот крај на локалитетот се зачувани темели од мала старохристијанска црква, а околу неа гробови градени од камени плочи. Некрополата е оштетена со изградбата на асфалтниот пат што поминува покрај езерото. (А.К.)




Бегов Даб, с. Дулица. – Старохристијанска базилика (И.М.)

**Селиште – Св. Илија**, населба од римското време, старохристијанска црква и некропола. Во непосредната близина на селското училиште, на простор од неколку хектари се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Поради интензивната обработка на земјата, локалитетот во голема мера е оштетен. Во непосредната близина на училиштето се зачувани темели од мала старохристијанска црква, а околу неа гробови. (А.К.)

**Ќерамидница**, старохристијанска црква. Се наоѓа на платото од ридот Калата што се издига на утоката на Каменица во Брегалница. Откриена е со заштитните ископувања во 1968/1969 година. Претставува еднокорабна црква со нартекс, трем и ограден двор од јужната страна, а има траги и од анекс. Од внатрешната страна на апсидата е зачуван синтронос со нагласено седиште на средината. Подот во апсидалниот простор е изведен од фин малтер. Меѓу градежниот материјал се најдени тегули и имбрекси сигнирани со букви.
Mukul~i} I., Keramid~iev A., 1968, 226; Mikul~i} I., 1977, 189. (Б.А.)

**Црква**, старохристијанска црква. На десниот брег на Каменица, на висок рид се зачувани темели од старохристијанска црква околу која има грамади од градежен материјал. (А.К.)

## 9. SВЕГОР

**Амам**, могила од римското време. На 2 km источно од селото, покрај патот што води кон бугарската граница е зачувана могила со пречник од 25 m во основата и височина од 4-5 m. (А.К.)

**Големо Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 4 km источно од селото, на висок рид со доминантна местоположба, на зарамнето плато со димензии од 200 x 100 m се гледаат остатоци од бедем и темели од помали објекти. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Илина Црква**, старохристијанска црква. Источно од локалитетот Мало Градиште, на еден повисок рид се зачувани траги од старохристијанска црква со димензии од 16 x 7 m. Околу неа се среќава градежен материјал, како и фрагменти од покривни ќерамиди и питоси.
Гарашанин М. и Д., 1959, 81. (А.К.)



Калата, с. Дулица. – Градиште од доцноантичкото време (И. М.)

**Мало Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 500 m источно од селото, на зарамнетото плато на врвот на ридот се гледаат остатоци од бедемот на градиштето, а во внатрешноста темели од помали објекти, покривни ќерамиди, керамички садови и питоси.
Mikul~i} I., TIR, 138. (А.К.)

**Петрова Могила**, населба од римското време. На 500 m јужно од Мало Градиште, по површината на нивите има множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Гарашанин М. и Д., 1959, 81; Mikul~i} I., TIR, 138. (А.К.)

## 10. ИЛИЕВО

**Боришко маало**, средновековна црква и некропола. На десниот брег на Брегалница, во непосредната близина на маалото се зачувани темели на црква од доцниот среден век која во голема мера, е оштетена. Со заштитните археолошки ископувања изведени во 1969 година се откриени фрагменти од фрескоживопис, а околу црквата повеќе гробови. (А.К.)

**Гробишта**, населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Брегалница, во близината на куќата на Ч. Стојменоски, на поголем простор се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (А.К.)

## 11. КАМЕНИЦА

**Говедарник**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на црквата, при изградбата на патот за црквата биле откриени повеќе гробови градени од камени плочи. (А.К.)

**Гробишта**, старохристијанска црква и некропола. Во атарот на Грчовско маало, кај денешните гробишта се откриени темели од мала старохристијанска црква покрај која има гробови градени од камени плочи. (А.К.)

**Попова Глава**, могила од доцноантичкото време. На десниот брег на реката Каменица е зачувана могила која има 12 m во основата и 2-3 m височина. (А.К.)

**Стари Гробишта**, средновековна некропола. На 1 km северно од селото и десно од асфалтниот пат, при изградбата на патот се откриени повеќе гробови. (А.К.)

**Црква**, могили од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 67. (Д.Г.)

**Чукарче**, тумул од железното време. Се наоѓа во непосредната близина на Грчовско маало. Добро е зачуван, со пречник од 12 m во основата и височина од 2 m. (А.К.)

## 12. КИСЕЛИЦА

**Богословец**, старохристијанска црква. Под маалото Лисичор се гледаат грамади од насобрани камења и урнатини од црква. Ѕидовите на црквата се градени од кршен камен и варов малтер. (А.К.)

**Дупките**, могила од римското време. Во селските ливади што се наоѓаат на просторот меѓу маалата Пијанци и Филевци има голема могила со пречник во основата од 30 m и височина од околу 5 m. (А.К.)
**Могилка**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, на простор од околу

100 x 50 m, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Пештера**, населба од неолитското време. Во непосредната близина на пештерите, кои се наоѓаат во атарот на селото, на простор од 50 x 50 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, главно со сива боја. (А.К.)

**Чукутин Дол**, могила од римското време. Непосредно до главниот пат што води кон селото Киселица е зачувана голема могила со пречник од 30 m во основата и височина до 6 m. При изградбата на патот делумно е оштетена. (А.К.)

## 13. КОСОВО ДАБЈЕ

**Дервен**, средновековно градиште. На левиот брег на Брегалница, на висок рид со зарамнет врв што зафаќа површина од 250 x 70 m се гледаат темели од одбранбен бедем. По површината се среќава множество градежен материјал. (А.К.)

**Драндовица**, старохристијанска црква. Под маалото Косово Дабје се гледаат грамади од градежен материјал и остатоци од мала црква. (А.К.)

**Могила – Дервен**, могила од римското време. На десниот брег на Брегалница, на местото на кое стариот пат Делчево-Кочани навлегува во клисурата на Брегалница, десно од селскиот пат што води кон селото Косово Дабје е зачувана могила со пречник од 30 m во основата и височина до 6 m. (А.К.)

## 14. КОСТИН ДОЛ

**Јачков Рид – Селиште**, населба од неолитското и римското време. Во непосредната близина на куќата на Тодор Јачков, на ниска чука, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и коскени орудија и фрагменти од дислоциран куќен лепеж. Најдено е и четвртесто тавче, со реципиент во едното ќоше, кое се чува во Заводот и музеј во Штип. Во подножјето на ридот, на поголем простор, исто така се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал.
Гарашанин М. и Д., 1959, 70; Mikul~i} I., TIR, 73. (А.К.)

**Селиште**, населба и могила од римското време и старохристијанска црква. Лежи југоисточно од Уменско маало, помеѓу долот на исток и суводолицата Лештар на запад. Се работи за гребен со ориентација северозапад-југоисток, што се спушта терасесто кон југ и југоисток и е широк околу 100 m. На местото блиску до куќата на Милан Васев, како и во нивата на Тодор Соколов се наоѓаат римски тули и фрагменти од питос. Во фурната на Милан Јанев е coѕидан венец од уста од питос со нејасни зграфити, додека кај сопственикот се чува помал сад од римското време. На највисоката точка на локалитетот се гледаат урнатини од старохристијанска црква. Могилата има пречник од 20 m во основата, а височина до 6 m.
Гарашанин М. и Д., 1959, 70; Mikul~i} I., TIR, 73. (А.К.)

**Чукар**, населба од неолитското и доцноантичкото време. Се наоѓа источно од античкиот локалитет Селиште, на малото плато ограничено со длабоки суводолици на кое е подигнато селското училиште. На површината се забележуваат фрагменти од керамички садови од римското време, а според кажувањето на мештаните, биле најдени теракота и фалус од печена земја, можеби од неолитското време.
Гарашанин М. и Д., 1959, 70, 83. (В.С.)

## 15. КОСЕВИЦА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Над Паровско маало, на висок рид со доминантна положба и зарамнето плато со димензии од 120 x 80 m се зачувани темели од утврдување градено од кршен камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Гробишта – Селиште**, населба од римското време, старохристијанска црква и некропола. Источно од училиштето и во близината на селските гробишта, на поголем простор се гледаат урнатини од црква, а по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Според кажувањето на мештаните, при обработувањето на земјата наидувале на темели од објекти.
Гарашанин М. и Д., 1959, 83. (А.К.)

**Кукли (Чукли)**, некропола – тумули од доцножелезното време. На 2 km јужно од селото, на десниот брег на Луковичка Река, на пространа тераса делумно се зачувани 6 тумула кои биле оштетени при пошумувањето. Во еден од тумулите е најдена сребрена монета од раноантичкиот период. Наодите се чуваат кај Стојан Димитров, службеник во училиштето.
Гарашанин М. и Д., 1959, 75. (А.К.)

## 16. ЛУКОВИЦА

**Ѓурѓина Ливада**, тумул од железното време, населба од римското време и старохристијанска црква. Источно од селото и во непосредната близина на стариот пат Каменица-Делчево, во нивата на Мане Стојменовски имало 2 тумула кои сопственикот, при нивелирањето на земјиштето за сеидба на ориз, во голема мера ги уништил. Притоа се најдени не-

колку керамички садови и повеќе метални предмети, како и бронзен меч со должина од 0,50 m, од типот „Erbenhein“. По површината на нивите, на поголем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. На јужниот крај на локалитетот се гледаат урнатини од старохристијанска црква. Мечот се чува во Музејот на Македонија.
Санев В., 1986, 80. (А.К.)

**Могили**, могили од римското време. На десниот брег на долот Луковица има 3 могили наредени во ред и оддалечени една од друга по 30 m. Во основата имаат пречник од приближно 25 m и делумно се оштетени. (А.К.)

## 17. МОШТИЦА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На левиот брег на Каменица, до утоката на долот Моштеница во реката, на зарамнето плато од 100 x 100 m се гледаат остатоци од темели на бедем граден од кршен камен и варов малтер. Според податоците од жителите, на овој простор биле откопани питоси и рановизантиски монети кои се чуваат кај селаните. (А.К.)

**Грамадје**, населба од доцноантичкото време, средновековна црква и некропола. До маалото Грамадје, на простор од околу 200 x 200 m, при обработувањето на земјата се откриени темели од повеќе објекти, а по површината има многу фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На долниот крај на локалитетот, во ливадата на Д. Николовски се откриени темели на мала црква која е сосема уништена, а околу неа гробови градени од камени плочи. Откриени се и неколку бронзени монети кои се чуваат кај сопственикот на ливадата. (А.К.)

**Кладенци**, населба од доцноантичкото време. На 3 km северно од Чаушко маало, во нивата на Б. Лазаров има грамади од насобрани камења. На локалитетот се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Павлин Дол**, населба од доцноантичкото време. Непосредно до истоименото маало, на простор од околу 100 x 100 m по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

**Полицеј**, населба од доцноантичкото време. На десниот брег на реката Моштеница, под маалото Село, на една пространа тераса се среќаваат многу фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)
**Равниште**, тумул од железното време. Се наоѓа на 1,5 km јужно од Чаушко маало, на пространо плато. Тумулот е добро зачуван, има пречник во основата од 18 m и височина од 1 m. (А.К.)

**Станков Дол**, тумули од железното време. Под истото Чаушко маало, во ливадата на Б. Стаменов има зачувани два тумула, едниот со пречник во основата од 12 m и височина од 2 m, а вториот со пречник од 10 m и височина од 2 m. (А.К.)

## 18. НОВ ИСТЕВНИК

**Ќерамидарка**, населба од доцноантичкото време. На левиот брег на долот Каракостовски Ендек, до утоката на реката Желевица, на голем простор има грамади од камења и фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 19. ОЧИПАЛЕ

**Врница**, могила од римското време. Во имотот на семејството Богданови, што се наоѓа во шумата и на левата страна од патот за Делчево се издига могила со пречник од 16 m во основата, оштетена на врвот од диви копања.
Гарашанин М. и Д., 1959, 76. (А.К.)

**Јурто**, населба од доцноантичкото време. На околу 2 km северно од Дуовско маало, на пространа тераса се гледаат темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (А.К.)

**Пресечен Камен – Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На местото на кое Брегалница ја напушта долината на Пијанец, на десниот брег се издига висок рид на чиј зарамнет врв, со простор од 250 x 80 m, се гледаат остатоци од бедем граден од камен и варов малтер. Во внатрешноста на градиштето има грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси, а биле откриени и повеќе монети кои се чуваат кај Драган Арсов, професор од селото. (А.К.)

**Топчин Могила**, могила од римското време. Во непосредната близина на Бумбарско маало има голема могила со пречник од 25 m во основата и зачувана височина од 2 m. Врвот на могилата е оштетен од диво копање. (А.К.)

**Чукарче**, старохристијанска црква и некропола. На 700 m источно од ридот Пресечен Камен, на мала тераса се зачувани остатоци од црква градена од камен и варов малтер. Околу неа се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (А.К.)

## 20. РАЗЛОВЦИ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, во пределот Конарник, на висок рид со зарамнет простор од 100 x 90 m се зачувани темели од утврдување. Во внатрешноста

на градиштето се гледаат темели од помали објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од питоси и покривни ќерамиди.
Mikul~i} I., TIR, 108. (А.К.)

**Грнчарица**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 108. (Д.Г.)

**Гробишта**, населба од доцноантичкото време, старохристијанска црква и некропола. На 2 km јужно од селото, на пространа тераса на левиот брег на Брегалница се гледаат остатоци од голема населба. На простор од 200 x 300 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. На горниот крај на локалитетот се забележуваат темели од мала црква околу која има гробови градени од камени плочи. (А.К.)

**Ошљан Град**, утврдена населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 108; Микулчиќ Г., 1987, 182. (Д.Г.)

**Селиште**, населба од римското време. Спроти селото, на ниска тераса на десниот брег на Брегалница, на простор од 400 x 400 m, по површината се среќава множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се и повеќе монети.
Гарашанин М. и Д., 1959, 85; Mikul~i} I., TIR, 108. (А.К.)

## 21. САСА

**Балташтица**, средновековна топилница. Високо во планинскиот предел, под врвот Руен и непосредно до изворите на Козја Река се присутни многубројни остатоци од топена оловна руда. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Лежи на 2 km од маалото Капетановци, на висок рид што има зарамнето плато. Зачувани се остатоци од мала утврдена населба со димензии од 80 x 50 m. (А.К.)

**Јагодинска Река**, средновековна топилница. Во непосредната близина на утоката на Јагодинска Река има остатоци од топена оловна руда. Биле откопани и неколку гробови. (А.К.)

**Конарник**, старохристијанска црква. Над Сараевско маало се наоѓаат темели од мала еднокорабна црквичка. (А.К.)

**Мадем**, средновековна топилница. Подолу од флотацијата на рудникот Саса, на растојание од околу 1 km, на левиот брег на Каменица има остатоци од топена оловна руда. (А.К.)

**Манастириште**, средновековна црква. Северно од флотацијата на рудникот, кај месноста Пешов Рид се наоѓаат остатоци од мала еднокорабна црквичка. (А.К.)

**Петрова Река**, средновековна топилница. Покрај долот Петрова Река, кој е притока на Каменица, се среќаваат остатоци од топена оловна руда. Како и кај другите топилници, и овде се зачувани урнатини од печка за топење. Месноста е позната и под името Селиште. (А.К.)

**Свиња Река**, средновековна топилница. Во непосредната близина на денешниот рудник, на двата брега на Свиња Река има остатоци од топена оловна руда. (А.К.)

**Ќеровица**, населба од доцноантичкото време. Под маалото Мршалевци, на простор од околу 300 x 200 m се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал. На теренот се откопани 5 големи питоси што се чуваат во куќата на Г. Апостолов. (А.К.)

## 22. СЕЛНИК

**Кадин Чифлик**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на маалото Терзиите се зачувани остатоци од мала населба. Покрај големиот број грамади од насобрани камења има и фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

## 23. СТАМЕР

**Кукул**, могила од римското време. Се наоѓа на 300 m од селото. Има пречник од 35 m во основата и височина од 3-4 m. Могилата е делумно оштетена од дивите копачи. (А.К.)

## 24. СТАР ИСТЕВНИК

**Браниград – Ѓурова Црква**, старохристијанска црква. На мала височинка оддалечена околу 1 km од селото се наоѓаат остатоци од темели на црквичка со димензии од 12 x 6 m. (А.К.)

**Грамаѓе**, населба од римското време и старохристијанска црква. По површината на една пространа тераса, што се наоѓа на околу 100 m лево од патот Делчево-Пехчево, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. На горниот крај на локалитетот се гледаат урнатини од црква. (А.К.)

**Даутов Чукар**, градиште од доцноантичкото време. На местото каде што од главниот пат Делчево-Пехчево се издвојува патот кон селото Истевник се издига висок рид со доминантна положба. Врвот на ридот е зарамнет простор со површина од околу 150 x 100 m на која се зачувани темели од бедем граден од кршен камен и варов малтер. На површината се среќаваат и фрагменти од керамички садови, тегули и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 25. ТОДОРОВЦИ

**Пресечник**, населба од железното време. На десниот брег на езерото Калиманци, на ниска чука со зарамнет врв се среќаваат фрагменти од керамички садови. (А.К.)

## 26. ТРАБОТИВИШТЕ

**Асанова Лака**, населба од доцноантичкото време. На 3 km источно од селото, од двете страни на долот Дапштица, на рамна површина од неколку декари можат да се најдат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Градиште**, градиште од римското време. На североисточниот крај на селото се издига височинка со елипсовидно зарамнето плато со димензии од 150 x 150 m, издолжено во правец север-северозапад–југ-југоисток. По неговиот раб се гледаат контурите на бедемот, кои се наместа раскопувани. По површината на теренот има римски тули, фрагменти од керамички садови, питоси и монети од II до VI век. На североисточниот крај има друго плато одвоено со длапка, на кое биле откриени водоводни цевки и еден натпис кој, според кажувањето, бил однесен во Скопје(?). Локалитетот е познат од порано во литературата, а И. Венедиков го идентификува со античкиот град Армонија.
Гарашанин М. и Д., 1959, 86. (А.К.)

**Градиште (Голак)**, градиште од доцноантичкото време. На јужните падини на Голак, до изворите на реката Лошана се издига висок рид со зарамнето плато на кое има остатоци од темели. Во внатрешноста на градиштето може да се сретнат фрагменти од питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Крастати Камен – Слатина**, населба од римското време. На една ниска тераса што лежи на околу 1 km јужно од селото, во нивата на П. Ивановски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Гарашанин М. и Д., 1959, 87. (А.К.)

**Широчица**, старохристијанска црква. На 2 km северозападно од селото и 150 m од стариот пат Работивиште-Делчево се зачувани остатоци од мала црквичка. (А.К.)

## 27. ТУРИЈА

**Шириниte**, населба од доцноантичкото време. Источно од маалото Црнгалка, на простор од околу 200 x 100 m се среќава голем број фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди, а биле најдени и доцноантички монети. (А.К.)

## 28. ЦРКВЕНЕЦ

**Бела Река**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на маалото Масларово, на простор од околу 100 x 100 m се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Ѓурѓева Црква**, населба од доцноантичкото време и средновековна црква со некропола. Во реонот на маалото Црквенец, во непосредната близина на истоимениот дол, на една мала површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Се гледаат и остатоци од темели на мала еднокорабна црквичка. (А.К.)

**Могила**, могила од римското време. На левиот брег на реката Киселица се наоѓа добро зачувана могила со пречник од 30 m во основата и височина од 5-6 m. (А.К.)

## 29. ЧИФЛИК

**Петрушевец**, некропола – могили од римското време. Јужно од населбата, во непосредната близина на зградата на земјоделското стопанство, до самата куќа на М. Димитров има 2 добро зачувани могили. Едната е со пречник од 20 m во основата и височина од 4-5 m, а другата, која е триесетина метри подалеку, има пречник од 15 m во основата и височина од 4 m. На околу 1 km источно од куќата на Димитров се наоѓа уште една могила со пречник од 20 m во основата и височина од 5 m. (А.К.)

# XI. ДЕМИР ХИСАР


1. Бабино ........ 134
2. Базерник ........ 134
3. Бараково ........ 134
4. Белче ........ 135
5. Боиште ........ 135
6. Брезово ........ 135
7. Вардино ........ 135
8. Вирово ........ 135
9. Големо Илино ........ 136
10. Граиште ........ 136
11. Демир Хисар ........ 136
12. Доленци ........ 137
13. Единаковци ........ 137
14. Жван ........ 137
15. Железнец ........ 138
16. Журче ........ 138
17. Загориче ........ 138

18. Зашле........138
19. Кутретино........139
20. Лесково........139
21. Мало Илино........139
22. Мренога........140
23. Мургашево........140
24. Ново Село........140
25. Обедник........140
26. Прибилци........141
27. Радово........141
28. Света........142
29. Сладуево........142
30. Слепче........142
31. Слоештица........142
32. Смилево........142
33. Сопотница........142
34. Стругово........142
35. Суво Грло........143
36. Суводол........143
37. Церово........143

## 1. БАБИНО

**Бојано Лозје – Лавци**, некропола од раноантичкото време. На 1 km источно од селото, во непосредната близина на раскрсницата на патот Битола-Кичево-село Бабино се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста, со богати прилози: шлем од бронза (грчко-илирски тип), двојни игли од бронза, мониста од стаклена паста, обетки од сребро и железни врвови од копја. Локалитетот е откриен во 1948 година при стрмењето на земјата за лозови насади од страна на Силјан Трајковски. Во 1952 година Археолошкиот музеј на Македонија извршил ископување. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола и во Музејот на Македонија во Скопје.
Mikul~i} I., 1966, 37; Гагиќ Г., 1980/81, 87. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Вртешка**, населба и топилница од доцноантичкото време. Западно од селото, на широко плато меѓу месностите Лозје, Нива и Сун, во нивата на Милан Спасеновски се гледаат остатоци од топена железна руда. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови. (А.К.)

**Дуковска Крастица**, топилница од доцноантичкото време. Во нивата на В. Парматовски, што се наоѓа северозападно од селото и високо во планинскиот масив, се откриени многубројни остатоци од топена железна руда. По површината има фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Црно Село**, средновековна населба и некропола. На мала висорамнина што доминира над околниот терен, оддалечена 1,5 km северозападно од селото, на површина од околу 2 хектара се среќаваат грамади од градежен материјал, а според кажувањето на мештаните, биле откриени гробови. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Гагиќ Г., 1980/81, 86. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 2. БАЗЕРНИК

**Дупки**, рудник од доцноантичкото време. На северозападниот раб на селото се откриени стари рударски јами. Геолошки истражувања за откривање на железна руда на ова место се вршени и во поново време. (А.К.)

**Св. Атанас**, средновековна црква и некропола. Околу 1300 m североисточно од селото, на ридот Белеица е подигната црквата Св. Атанас врз темелите на постара црква. Околу неа се забележуваат гробови градени од камени плочи.
Гагиќ Г., 1980/81, 87. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Селиште**, средновековна населба. На 1,5 km западно од селото, на левиот брег на Селска Река, во нивата на Томе Ласковски, што зафаќа површина од 1 хектар, се гледаат грамади од градежен материјал (кршен камен, тули, покривни ќерамиди).
Гагиќ Г., 1980/81, 87. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Средни Ливади**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 3 km јужно од селото, покрај малата рекичка, по површините на нивите има грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси, а во ливадата на Љубе Димовски е откриено големо количество згура од топено железо. (А.К.)

**Црквиште**, средновековна црква. На 800 m североисточно од селото се наоѓаат големи грамади од камен кои, според мештаните, претставуваат остатоци од црква.
Гагиќ Г., 1980/81, 87. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 3. БАРАКОВО

**Превалец**, средновековна некропола. На 1 km западно од селото по површината на нивите се наоѓаат грамади од камени плочи. Според исказите на мештаните, при обработувањето на земјата биле откриени керамички садови, узенгии и др.
Гагиќ Г., 1980/81, 87. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Старо Село**, средновековна населба и црква. На 1 km југоисточно од селото по површината на нивите се гледаат грамади од градежен материјал – остатоци од куќи и црква.
Гагиќ Г., 1980/81, 87. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Црквиште**, средновековна црква. На 1 km југоисточно од селото се гледаат остатоци од средновековна црква.
Гагиќ Г., 1980/81, 87. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 4. БЕЛЧЕ

**Гориче**, старохристијанска црква. Во дворното место на живинарската фарма на Ветеринарниот центар од Демир Хисар, која е на 1,5 km јужно од селото, се гледаат траги од објект обраснат во густа вегетација, поставен во правец исток-запад.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Зад Корија**, средновековна населба. На 600 m западно од селото, на површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, тули и друг градежен материјал. Овде е најден питос кој на венецот на устата има втиснати 5 крста. Сместена е во дворот на Стеван Николовски.
Гагиќ Г., 1980/81, 87. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Зарев Манастир**, средновековна црква. Се наоѓа на 2 km североисточно од селото, во непосредната близина на месноста Светец и на тешко пристапно место. По површината се гледаат остатоци од објект.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Стари Анови**, средновековна населба. На околу 100 m од селото, од левата страна на патот Битола-Кичево се зачувани траги од објект и два бунари за вода.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 5. БОИШТЕ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Југоисточно од селото, на една височинка со зарамнето плато (кота 1.102 m) се гледаат грамади од градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Атанас**, средновековна црква. Се наоѓа на околу 500-600 m од селото. Има мали димензии, а според кажувањето на мештаните, била подигната врз постари темели.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Петка**, средновековна црква. Се наоѓа на 1,5 km североисточно од селото и е подигната врз стари темели.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 6. БРЕЗОВО

**Габер – Калуѓери**, средновековна црква. На 1,5 km североисточно од селото се гледаат остатоци од срушен објект за кои мештаните сметаат дека се остатоци од манастирот Св. Преображение.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Каменец**, населба, некропола и топилница од доцноантичкото време. Се наоѓа источно од селото на околу 2 km, високо во планинскиот предел, а во непосредната близина на чешмата. Во ливадата на Спиро Лопатаровски се откриени остатоци од населба (фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди), како и голем број парчиња од топена железна руда. Според кажувањето на мештаните, во нивата на Алекса Мирчевски, која се граничи со споменатата ливада, биле откопани повеќе гробови градени од камени плочи, со гробни прилози од белезици, крстови, монети и др. кои не се зачувани.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (А.К.)

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. На околу 4,5 km северозападно од селото, кај месноста Суво Поле, десно од патот Битола-Кичево се гледаат остатоци од објект за кој мештаните сметаат дека е црква. При обработувањето на земјата биле откриени гробови градени од камени плочи. На површината можат да се сретнат фрагменти од питоси.
Гагиќ Г., 1980/81, 88. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 7. ВАРДИНО

**Горна Црква**, средновековна населба, црква и некропола. Лежи на околу 500 m источно од селото, на падините на селскиот рид. Видливи се остатоци од срушена црква околу која има гробови градени од камени плочи со ориентација исток-запад. Црквата има димензии од 15 x 8 m и е ѕидана од кршен камен и варов малтер. Во апсидата, на местото на чесната трпеза има дел од вертикално поставен мермерен столб. Локалитетот зафаќа површина од околу 1 хектар.
Гагиќ Г., 1980/81, 89. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)
**Плоча**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, во полето на десниот брег на Црна Река, обработувајќи ја земјата, мештаните нашле повеќе гробови.
Гагиќ Г., 1980/81, 89. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 8. ВИРОВО

**Гумниште**, средновековна населба и црква. Црквата Св. Петка, што се наоѓа 500 m североисточно од селото, е изградена врз темелите од постара црква. Според кажувањето на Петре – селскиот ковач, при копањето на темелите (во 1935 г.) биле најдени фрагменти од фрескоживопис. Околу црквата има множество градежен материјал, а во нејзината непосредна околина остатоци од повеќе објекти градени од кршен камен и кал. Исто така, констатирани се и гробови градени од камени плочи, поставени во правец исток–запад. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Долно Вирово**, средновековна неселба, црква и некропола. На околу 500 m југоисточно од селото, од десната страна на патот, на површина од неколку хектари се наоѓаат остатоци од темели на објекти, црква и гробови градени од камени плочи. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Богородица Пречиста**, средновековна црква. Високо во планината, на 3 km северозападно од селото се наоѓа мала еднокорабна црква околу која има траги од постар објект. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Штеуни**, рударски јами од доцноантичкото време. На десниот брег на Вировска Река, во самото село, поточно спроти куќата на Никодин Станковски, има стари рударски јами вкопани во карпа на 3 m над коритото на реката. Имаат отвор со форма на трапез со димензии од 1,70 m (висина) и 1,20 m (ширина). На 5 m внатре во јамата има остатоци од изгниени греди – потпирачи. Во непосредната близина се наоѓа уште една јама со приближно исти димензии на отворот. (А.К.)

## 9. ГОЛЕМО ИЛИНО

**Висои**, некропола од доцноантичкото време. Според кажувањето на мештаните, на 1,5 km северозападно од селото била откриена правоаголна гробница ѕидана од камен и варов малтер. Во неа немало остатоци од скелети ниту пак гробни прилози. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Градиште**, утврдена населба од хеленистичкото и доцноантичкото време. Се наоѓа на 1,2 km североисточно од селото, на висок рид што се издига над Илинска Река. На површината се гледаат остатоци од одбранбен ѕид – бедем, а во оградениот простор има фрагменти од доцноримски керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Најдени се и повеќе монети од IV-VI век (Константин I, Јустинијан I), како и предримски монети од Александар III, ковани во Пела. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Mikul~i} I., TIR, 57; Микулчиќ Г., 1987, 182. (Г.М.)

**Присои**, населба и некропола од доцноантичкото време. На оддалеченост од околу 2 km североисточно од селото, на површина од 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси, а според кажувањата на селаните, биле откриени гробови „на две води“ градени од тегули.
Гагиќ Г., 1980/81, 90. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Петка**, средновековна црква и некропола. На источниот крај на селото се наоѓа црквата Св. Петка, изградена во 1874 година, и тоа врз темелите на постара црква. Во нејзината непосредна близина има масивни плочи од гробни конструкции.
Гагиќ Г., 1980/81, 90. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Старо Село**, средновековна населба. На 3–4 km североисточно од селото, во непосредната близина на црквата Св. Илија, која била подигната врз стари темели, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Гагиќ Г., 1980/81, 90. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 10. ГРАИШТЕ

**Градиште**, градиште од раноантичкото и доцноантичкото време. Сместено е на висок конусен рид со зарамнето плато, опкружено од три страни со речни долини. Оградено е со три појаси од одбранбени ѕидови градени од камен без малтер, кои во вид на тераси опфаќаат простор од околу 10 хектари. По површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се повеќе од 200 монети од IV-II век пред н.е. Во западното подножје се откопани гробови со златен накит. На највисокото плато, остатоците од раноантичкото градиште, кои се на површина од околу 3 хектара, се опфатени со доцноантичкиот бедем ѕидан од кршен камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и монети. Во јужното подножје на ридот, над селското училиште е откопан поголем број гробови градени од камени плочи во кои меѓу прилозите имало и монети од IV век. Предложена е идентификација со деуриопскиот град BRYANION. Наодите се сместени во Музејот на Македонија во Скопје и во Заводот и музеј во Битола.
Mikul~i} I., 1966, 64; Mikul~i} I., TIR, 60; Микулчиќ Г., 1987, 182. (Г.М.)

**Превалец**, некропола од доцноантичкото време. На падините на Граишка Чука, што се наоѓа на 1,5 km северно од селото, мештаните нашле повеќе гробови градени од камени плочи. И денес на површината се среќаваат камени плочи од гробни конструкции.
Гагиќ Г., 1980/81, 91. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Петка**, средновековна црква. Се наоѓа на 1 km североисточно од селото. Има мали димензии и е зачувана во темелите.
Гагиќ Г., 1980/81, 91. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Црквиште**, старохристијанска црква. На 1 km северно од селото, на површина од 30 x 15 m се забележува грамада од градежен материјал (кршен камен и тегули). Местото се почитува како вакафско.
Гагиќ Г., 1980/81, 91. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 11. ДЕМИР ХИСАР

**Грнчарница**, утврдување – рефугиум од доцноантичкото време. На висок планински срт што се над-

виснува над долината на Црна Река, оддалечен 1,5 km источно од селото, има зарамнето плато на кое се наоѓаат остатоци од одбранбен ѕид. На површината се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и множество кршен камен. (Г.М.)

## 12. ДОЛЕНЦИ

**Стари Куќи**, средновековна населба.
Гагиќ Г., 1980/81, 91. (Д.Г.)

## 13. ЕДИНАКОВЦИ

**Во селото**, населба од доцноантичкото време. При изградбата на селските куќи биле откривани остатоци од објекти. Најдени се неколку питоси, повеќе монети, а во селските дворови се среќаваат и фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. Монетите се чуваат кај М. Најденовски. (А.К.)

**Стевано Лозје**, некропола од доцноантичкото време. На околу 100 m источно од селото биле најдени гробови градени од мермерни плочи.
Mikul~i} I., TIR, 51; Гагиќ Г., 1980/81, 92. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Црквиште**, старохристијанска црква и некропола. На околу 2 km јужно од селото се гледаат остатоци од објект ѕидан од кршен камен и варов малтер. Според кажувањата на мештаните, во неговата непосредна близина биле откриени повеќе гробови.
Mikul~i} I., TIR, 51. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

Во селото, с. Единаковци. – Постамент со грчки натпис

## 14. ЖВАН

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 138. (Д.Г.)

**Латинска Црква – Св. Димитрија**, средновековна црква. На 1 km североисточно од селото, десно од патот Битола-Кичево се наоѓа мала црквичка во која е зачуван натпис поставен над западниот влез од внатрешната страна, на кој е наведена изградбата на црквата во 1634 година. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Мајданиште**, населба и топилница од доцноантичкото време. На високиот врв Ставраково, што се издига над селата Жван и Сопотница, во местото каде си уште се копа руда се откриени многубројни остатоци од топена железна руда, фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друго. (А.К.)

**Манастир Св. Арангел**, средновековна црква и некропола. На 1,5 km северно од патот Битола-Кичево и на 1 km североисточно од локалитетот Градиште се наоѓа новиот манастир, подигнат врз стари темели. Околу него се расфрлени гробни плочи, а според кажувањето на мештаните, биле откопани повеќе гробови.
Гагиќ Г., 1980/81, 92. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Илија**, средновековна црква. На 1 km југоисточно од селото се наоѓа новата црква подигната на култно место, односно, според кажувањата на мештаните, врз темелите од постара црква – дрвена црква.
Гагиќ Г., 1980/81, 92. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Селиште – Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На блага височинка северно од патот Битола-Кичево, до основното училиште „Браќа Миладиновци" се гледаат остатоци од градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси и друго. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 15. ЖЕЛЕЗНЕЦ

**Во Гарон**, населба и топилница од доцноантичкото време. На околу 1,2 km јужно од селото, при обработувањето на земјата мештаните откриле многубројни остатоци од топена железна руда, фрагменти од керамички садови, питоси и др.
Гагиќ Г., 1980/81, 93. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Градиште**, утврдена населба од раноантичкото време, опидум од доцноантичкото време и средновековна тврдина. Се наоѓа во непосредната близина на селото, од левата страна на патот Битола–Кичево, на низок издолжен рид со стрмни падини кон составот на Црна Река и малата притока. Локалитетот е тешко пристапен, доминира над целиот предел и ја надгледува долината на Голема Река. Тврдината ги следи контурите на ридот и има елипсовидна форма со површина од околу 3 хектари. Одбранбениот бедем е цврст, граден од камен и варов малтер, и делумно е обновен во средновековието. На источната страна бедемот може да се следи во целост, а на одделни места јасно му се оцртува внатрешниот раб. На источната страна се гледаат остатоците од влезната порта, а на северниот агол се наоѓаат импозантни остатоци од кула. По површината на градиштето се забележуваат темели од повеќе објекти, фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, згура од топена железна руда, како и множество градежен материјал. Во непосредната близина на брегот на Црна Река се откриени повеќе гробови од доцноантичкото време.
Јиричек К., 1952, 207; Византијски извори, 1966. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Даркојца**, населба од доцноантичкото време. На околу 1,2 km северно од селото, по површините на нивите се гледаат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Спилје**, населба од доцноантичкото време. Сместена е на 1,3 km западно од селото. При обработувањето на земјата мештаните наидувале на остатоци од објекти градени од камен и варов малтер. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 16. ЖУРЧЕ

**Бачилиште**, сакрален објект и некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km северно од селото се откриени гробови, а видливи се и грамади од градежен материјал. Според исказите на мештаните, биле најдени кадилница и други материјали.
Гагиќ Г., 1980/81, 93. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Даблики**, населба и некропола од доцноантичкото време. Според кажувањето на мештаните, биле откопани неколку гробови градени од камени плочи поставени во правец исток-запад, темели од црква и од куќи. Денес на површината се гледаат парчиња од покривни ќерамиди. Локалитетот се наоѓа 1,5 km јужно од селото.
Гагиќ Г., 1980/81, 94. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Љубов Камен**, населба од неолитското време.
Гагиќ Г., 1980/81, 93. (Д.Г.)

**Мартинец**, средновековна населба. На 2 km во правецот на селото Острилци, при обработувањето на нивите мештаните наидувале на ѕидови градени од камен и кал, питоси и др. Во еден питос биле најдени стари пари. Постои предание дека на ова место се наоѓало некогашното село Журче. Монетите не се зачувани.
Гагиќ Г., 1980/81, 94. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Илија**, средновековна црква и некропола. На растојание од 500 m западно од селото се гледаат остатоци од срушена црква околу која има камени плочи од гробни конструкции.
Гагиќ Г., 1980/81, 94. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 17. ЗАГОРИЧЕ

**Калуѓерска Река**, средновековна црква. Помеѓу селата Загориче и Стругово, според кажувањето на мештаните, се наоѓале остатоци од манастирот Св. - Антониј. Топонимот на локалитетот упатува на можно постоење на сакрален објект.
Гагиќ Г., 1980/81, 94. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Куќиште**, населба од доцноантичкото време. На 300 m западно од селото, при обработувањето на земјата мештаните откривале остатоци од темели на куќи градени од камен и кал. По површината на нивите има фрагменти од керамички садови, питоси и др. Во дворот на Алексо Треневски се чува голем питос, како и повеќе парчиња од други питоси.
Гагиќ Г., 1980/81, 94. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 18. ЗАШЛЕ

**Дабовја**, населба и топилница од доцноантичкото време. На планинскиот срт помеѓу доловите Малински и Ралја, во горниот крај на нивата на Стојан Тутуревски се гледаат остатоци од топена железна

руда, фрагменти од питоси, покривни ќерамиди и множество градежен материјал (кршен камен). (А.К.)

**Јачмиште**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 1 km западно од месноста Караиче и 4 km западно од селото, во нивата на Старне Фидановски се среќаваат остатоци од топена железна руда и многу градежен материјал (камен и покривни ќерамиди). Биле најдени и повеќе римски монети кои се чуваат кај сопственикот на нивата. (А.К.)

**Кале – Град**, средновековна утврдена населба. Се наоѓа на 2 km источно од селото, на ритче високо околу 300 m и со извонредна стратегиска положба. Калето има форма на неправилен четириаголник со димензии: 100 m во правецот исток-запад и 50 m во правецот север-југ. Оградено е со два одбранбени ѕида широки околу 2 m. По површината има градежен материјал, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови. Откриени се делови од инсталација на водовод кој доаѓал од месноста Краста што е во непосредната близина.
Гагиќ Г., 1980/81, 94. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Караиче**, населба и топилница од доцноантичкото време. Во нивата на Крсте Поповски, што се наоѓа 3,5 km западно од селото, се среќаваат остатоци од топена железна руда, фрагменти од питоси, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (А.К.)

**Куќиште**, населба и топилница од доцноантичкото време. Во нивата на Стојан Трајановски и во соседните ниви, кои лежат на 500 m западно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и множество згура од топено железо.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (А.К.)

**На Куќишта – На Вирон**, некропола од доцноантичкото време. На околу 500 m западно од селото, во нивите на Спасеновци и Текаловци се откриени гробови градени од камени плочи. На теренот не се констатирани никакви остатоци.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Старо Кочиште**, средновековна населба. Во атарот на селото, на оддалеченост од околу 7-8 km јужно, според кажувањата на мештаните, се наоѓало старото село.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 19. КУТРЕТИНО

**Леска**, средновековна населба. Според зачуваната легенда, на ова место се наоѓала голема населба под името Лескоец или Леска или, како што мештаните ја нарекуваат уште, Старо Кутретино. Во неа имало многу богата црква што ја уништиле Турците. Столбовите и камените блокови биле однесени во селото Гопеш и вградени во тамошната црква.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Никола**, осамен наод од римското време. Во североисточниот агол на олтарниот дел на црквата, што е изградена во 1953 година, е вграден дел од мермерна плоча со релјефна претстава. Не е познато од каде бил донесен мермерот. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 20. ЛЕСКОВО

**Ѓурѓа**, средновековна црква. На 1 km западно од селото се гледаат грамади од градежен материјал. Според Јонче Талески, на тоа место се наоѓала стара црква посветена на св. Ѓорѓи.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Илиница**, средновековна црква. На 1,5 km источно од селото се гледаат урнатини од стара црквичка, посветена на св. Илија.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Манастириште**, средновековна црква. На околу 1,5 km јужно од селото, на границата со синорот на селото Боишта, десно од патот се гледаат грамади од градежен материјал од стара црква.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 21. МАЛО ИЛИНО

**Граишта**, топилница од доцноантичкото време. Во нивата на Миладин Димовски, што се наоѓа 3 km југозападно од селото, се среќаваат остатоци од топена железна руда. Откриени се големи дупки со кружна форма за кои се смета дека се окна од стари рударски копови. (А.К.)

**Калец**, топилница од доцноантичкото време. На 1,5 km источно од селото, на левиот брег на потокот Порека, во нивата на Коста Кочовски се среќава згура од топена железна руда. (А.К.)

**Св. Илија**, средновековна црква. Западно од селото, на мала височинка се наоѓала мала еднокорабна црквичка. При изградбата на новата црква бил употребуван стар градежен материјал (бигор и парчиња од делканици). (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Пречиста**, средновековна црква и некропола. Новата црква, изградена во 1979 година, што се наоѓа 1,5 km од селото, од левата страна на патот, е подигната врз стари темели. Во непосредната близина на црквата има камени плочи од гробни конструкции поставени во правец исток-запад. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 22. МРЕНОГА

**Бела Земја**, некропола од доцноантичкото време.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (Д.Г.)

**Боричино**, населба и некропола од римското време. На 500 m западно од селото и на 100 m од патот, на простор од околу 2 хектара, во нивите, а посебно во нивата на Ристо Трајановски има множество остатоци од населба и некропола. При орањето мештаните наидувале на темели од ѕидови на објекти. Војне Мирчевски овде откопал гроб со конструкција од камени плочи, во кој нашол керамички сад, белезици од бронза и прстен. На локалитетот е најдена и скулптура со мали димензии, која е однесена во Заводот и музеј во Битола. Наодите од гробот биле загубени.
Гагиќ Г., 1980/81, 95. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Грнчари**, населба со топилница и некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на 3 km источно од селото, на зарамнето плато. Во нивата на Ристо Маркоски има множество фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди, како и големо количество згура од топено железо, а во нејзиниот долен дел се откриени повеќе гробови. (А.К.)

**Калуѓерица**, осамен објект од римското време. На 1,8 km од селото и на околу 3 km од патот Битола-Кичево, Голема Река го има изместено своето корито при што е засечен брег висок 7 m. Во профилот на брегот се гледаат остатоци од ѕидана конструкција, тули и многу саѓи, што се наоѓаат на длабочина до 2,5 m под површината. Според трапезоидните тули се добива впечаток дека се работи за објект со лачна конструкција. Бидејќи на теренот се среќаваат и тули со кружен отвор за проток на воздух, би можело да се претпостави дека се работи за печка, во голем дел уништена од реката. Според кажувањето на мештаните, на локалитетот бил најден кантар кој е загубен.
Гагиќ Г., 1980/81, 96. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Средно Селиште**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 600 m југозападно од локалитетот Грнчари, во нивата на Стефан Тодоровски, што зафаќа површина од неколку декари, се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди, множество кршен камен и згура од топено железо. (А.К.)

## 23. МУРГАШЕВО

**Шути Манастир – Св. Тома**, средновековна црква. На околу 3 km североисточно од селото, во местото каде што се допираат атарите на селата Вардино и Мургашево, се гледаат урнатини од црква со основа во форма на триконхос и со димензии од 18 x 7,10 m. Ѕидовите, чија ширина изнесува 0,60 m, се зачувани наместа во висина и до 4 m. Црквата била живописана во фреско-техника. Околу неа има голем простор исполнет со грамади од градежен материјал што им припаѓа на урнатите конаци и другите помошни згради. Јужно од црквата има гроб покриен со две камени плочи, со ориентација исток-запад. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 24. НОВО СЕЛО

**Видрауци**, средновековна населба и некропола. Се наоѓа на 1 km јужно од селото, на десниот брег на реката Жаба. Според кажувањето на Ристо Андоновски, при обработувањето на земјата откривал темели ѕидани од кршен камен и кал, а исто така и гробови со конструкции од камени плочи, поставени во насока исток-запад. Во еден од нив бил најден керамички сад.
Гагиќ Г., 1980/81, 97. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Над селото**, средновековна населба, црква и некропола. Според преданијата, на 400 m западно од селото се наоѓало некогашното „Черкеско“ село. Што се однесува до Ново Село, тоа лежи во кругот на манастирот кој е на 300 m исто така западно од селото. Остатоците од манастирската црква се гледаат и имаат димензии од 10 x 5 m. Црквичката била градена од кршен камен и варов малтер. Околу неа се откриени гробови од камени плочи со ориентација исток–запад. Според кажувањето на мештаните, во гробовите биле наоѓани српови, керамички садови и други прилози кои денес не се зачувани.
Гагиќ Г., 1980/81, 97. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Над црквата Св. Арангел**, средновековна црква. На околу 100 m над црквата Св. Арангел се откриени темели од постара црква ѕидана со камен и варов малтер.
Гагиќ Г., 1980/81, 97. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Ракински Дол**, средновековна населба и некропола. Во нивата на Стојан Велјановски, која е на 1 km источно од селото, се откриени ѕидови од објекти и повеќе гробови градени од камени плочи.
Гагиќ Г., 1980/81, 96. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 25. ОБЕДНИК

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. Мештаните локалитетот го викаат уште „Куќата на Кралот“. Се наоѓа на околу 500 m северозападно од селото, на висок рид што доминира над околниот терен. На самиот врв, кој е зарамнет, се гледаат контури од одбранбен бедем ѕидан од камен и варов малтер, чија широчина од 1,90 m е зачувана на северозападната страна. По површината на калето има траги од ѕидови на други објекти, грамади од градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)
**Стара Корија – Манастириште**, средновековна црква. На 2,5 km северозападно од селото се откриени

ѕидови од објект граден од кршен камен со варов малтер. Судејќи според топонимот, може да се претпостави дека се работи за остатоци од сакрален објект. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Стари Лозја**, населба и топилница од доцноантичкото време. Во нивата на Трајан Тошевски и во околните ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, множество градежен материјал и згура од топена железна руда. Локалитетот се наоѓа на околу 1,5 km североисточно од селото. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Сува Река**, сакрален објект и некропола од доцноантичкото време. Во подножјето на тврдината на локалитетот Кале, при изградбата на патот за селото Боиште се откриени остатоци од црква и некропола. Зафатен е југозападниот дел на објектот, односно јужниот дел од нартексот. Заводот и музеј од Битола извршил заштитно ископување. По површината на теренот се среќаваат фрагменти од тегули, бигор и друг градежен материјал. Североисточно од црквата се откриени гробови од камени плочи – тип циста, а најдена е и надгробна стела од бел мермер со грчки натпис која се чува во селската продавница. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 26. ПРИБИЛЦИ

**Над селото – Стара Црква**, средновековна црква и некропола. На околу 100 m северно од селото, на благата падина на која е изграден денешниот резервоар за вода се наоѓа грамада од градежен материјал од црква. Околу неа се забележуваат камени плочи од гробни конструкции.
Гагиќ Г., 1980/81, 98. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Самоникојца**, топилница од доцноантичкото време. Во нивата на Коле Мирчески, што се наоѓа 1,5 km северно од селото, се среќаваат многубројни остатоци од топена железна руда.
Гагиќ Г., 1980/81, 98. (А.К.)

**Стара Раслојца**, средновековна населба. На 2 km северозападно од селото и на околу 200 m десно од патот што води за Ново Село, според кажувањето на мештаните, се наоѓало старото село Растојца, односно Раслојца. Во непосредната близина има минерална вода. При обиколка на теренот не се забележани никакви остатоци.
Гагиќ Г., 1980/81, 98. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Старо Село – Мала Маска**, средновековна населба и некропола. На просторот на сегашното село при изградбата на куќите биле откриени темели од објекти и гробови градени од камени плочи. Според мештаните, на тоа место се наоѓало старото село.
Гагиќ Г., 1980/81, 98. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

Сува Река, с. Обедник. – Надгробна стела

## 27. РАДОВО

**Грамаѓе**, населба со некропола и рудник од римското време. На 1,5 km северно од селото, во месноста Долна Ливада има рудник за мермер со разни бои (бела, сина, сива и розова). Околу него има траги од рударска населба на која упатуваат фрагментите од керамички садови, имбрекси и покривни ќерамиди што се видливи по површината. Во нивата на Јане Колески биле откопани повеќе гробови кои претставуваат дел од некропола.
Керамидчиев А., 1987, 118. (А.К.)

**Клаинец**, средновековна некропола. На околу 800 m северно од селото се гледаат контури на гробови градени од камени плочи. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Краста**, средновековна некропола. Во непосредната близина на локалитетот Манастириште се забележуваат контури на гробови градени од големи камени плочи, поставени во насока исток-запад. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Манастириште**, средновековна црква. Според кажувањето на мештаните, на околу 800 m западно од селото имало манастир со конаци. Местото и денес се почитува како вакафско. По површината на теренот има грамади од градежен материјал. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 28. СВЕТА

**Стари Гробишта – Црквиште**, средновековна црква и некропола. На околу 200 m југозападно од селото во 1970 година е изградена нова црква Св. Петка. Таа е подигната врз стари темели, кои се видливи, што ѝ припаѓале на некогашната црква Св. Пантелејмон. Околу црквата се откриени гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. Во сегашната црква се наоѓа чесна трпеза од мермерен блок со натпис посветен на жител од селото.
Гагиќ Г., 1980/81, 99. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Широка Леска**, средновековна населба и некропола. На 2 km југоисточно од селото, во густо обрасната месност се откриени темели од објекти и гробови. По површината се гледаат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Гагиќ Г., 1980/81, 99. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 29. СЛАДУЕВО

**Светец**, средновековна населба и некропола. Западно од селото, на левата страна од патот за Кичево, според кажувањата на Борис Дојчиновски и Танаско Трајчески, се наоѓало старото село. На теренот не се забележуваат никакви остатоци. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 30. СЛЕПЧЕ

**Горни Куќи**, средновековна населба. На 1.300 m западно од селото, во нивата на Владо Пупулчевски се гледаат грамади од градежен материјал, а според кажувањето на Јонче Дончевски, на овој локалитет биле најдени и питоси. Еден од питосите се чува во манастирот Св. Јован. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Грамаѓе**, населба од хеленистичкото време. На 200 m североисточно од селото се откриени темели од објекти, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а биле најдени и монети. Една монета на Филип II се чува во Заводот и музеј во Битола. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Добромирово**, средновековна црква и некропола. На 3 km северозападно од селото во 1970 година е изградена црквата Св. Богородица врз темелите од постара црква. Околу неа се констатирани гробови градени од камени плочи. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 31. СЛОЕШТИЦА

**Заврток**, населба од доцноантичкото време. На 1 km североисточно од селото и на околу 100 m од левата страна на патот што води за селото, во нивата на Селвиовци, што зафаќа површина од околу 0,5 хектара, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и множество градежен материјал. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 32. СМИЛЕВО

**Старо Село**, средновековна населба. На местото на Старо Село, според преданието, било лоцирано старото село Смилево. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 33. СОПОТНИЦА

**Бунариште**, средновековна населба. На 2 km западно од селото се гледаат остатоци од урнати објекти. На овој терен минувал патот што ги поврзувал Доленци, Брезово и Кичево. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Извор**, сакрален објект и некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km северозападно од селото се наоѓа грамада од градежен материјал (кршен камен, варов малтер). При копањето на каналот за водовод на овој локалитет е откриен гроб граден од камени плочи и во него е најден керамички сад кој денес не е зачуван. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Краиште**, средновековна црква и некропола. На околу 1,5 km јужно од селото се наоѓа грамада од градежен материјал. Според преданието, овде се наоѓала црква, а во непосредната близина биле откривани и гробови. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Црквиште**, сакрален објект од доцноантичкото време. На 1,5 km североисточно од „Царски мост“ на Црна Река, на теренот се забележува грамада од градежен материјал. Според преданието, мештаните сметаат дека е од срушена црква. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

## 34. СТРУГОВО

**Миљо Чешме – Пајнчари**, некропола од раноантичкото време. На 1,6 km северозападно од селото, на простор обраснат со дабова и лескова шума јасно се оцртуваат контурите на повеќе гробови. Според кажувањето на Стојан Огненоски од селото Стругово, во 1937 година овде биле извршени археолош-

ки ископувања од страна на Буда Борисављевиќ (?) и притоа биле откриени повеќе гробови во кои имало белезици, прстени, монети и керамички садови – пајнци. На теренот јасно се оцртуваат сондите иако местото е обраснато со џбунови од леска. Растојанието меѓу гробовите е 3-4 m, а нивните контури укажуваат на ориентација исток-запад. Еден од гробовите одново беше исчистен и можеше да се заклучи дека во 1937 година се ископувало само јадрото на гробот со цел да се извадат прилозите. Страните на гробот се формирани од крупни камења, рамно исклепани од внатрешната страна. Околу сондите има доста расфрлени камења од што се добива впечаток дека гробовите биле покриени со тумули од камен. Откриениот материјал, според кажувањето, бил однесен во Народниот музеј во Белград.
Гагиќ Г., 1980/81, 101. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

35. СУВО ГРЛО

**Горна Црква**, средновековна црква и некропола. На 300 m северозападно од селото, во непосредната близина на локалитетот Куќишта, во 1941 година е изградена црква посветена на св. Богородица. Црквата е изградена врз темелите од стара црква, градена од кршен камен и варов малтер, а на ѕидовите имало и фрескоживопис. Околу црквата биле откриени и гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

36. СУВОДОЛ

**Бачилиште**, средновековна населба. На 1 km источно од селото, според кажувањето, мештаните при обработувањето на земјата наидувале на темели од постари објекти. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Дуњи**, средновековна црква. На 1-2 km од селото и јужно од патот за селото Древеник, според кажувањето на мештаните, имало остатоци од стара црквичка. На теренот се оцртува грамада од градежен материјал. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Спаиска Чешма**, средновековна црква. Се наоѓа во непосредната близина на селото. Според верувањето кај мештаните, на ова место постоела стара црква. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Црква Св. Богородица**, старохристијанска базилика. Црквата Св. Богородица е изградена врз темелите на трикорабна базилика од која се зачувани северниот и јужниот периметрален ѕид. Околу црквата и внатре има повеќе мермерни блокови. Во чесната трпеза е вградена ара со натпис во четири реда. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

37. ЦЕРОВО

**Врагутница**, средновековна црква. На раскрсницата на патот Церово-Боиште, покрај Црна Река се забележува грамада од градежен материјал, односно остатоци од стара црква. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Крушје**, средновековна населба и црква. На 1,5 km западно од селото се откриени остатоци од темели на повеќе објекти, а тука е изградена и црквата Св. Илија, и тоа врз темелите на стара црква. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Св. Петка**, средновековна црква. На околу 500 m западно од селото се наоѓа малата црквичка Св. Петка изградена во поново време, и тоа врз стари темели. Ѕидана е од камен и кал, без апсида, со димензии во основата од 4,5 x 2,5 m. Околу неа по површината нема никакви археолошки траги. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

**Црквиште**, средновековна црква. На 1 km североисточно од селото, во нивата на Лазовци има грамада од градежен материјал што □ припаѓа на срушена црква. (Е.М., Т.Ј., Г.Ф.)

# XII. КАВАДАРЦИ


1. Бегниште ........ 144
2. Бојанчиште ........ 144
3. Бохула ........ 144
4. Брушани ........ 145
5. Ваташа ........ 145
6. Возарци ........ 145
7. Галиште ........ 146
8. Гарниково ........ 146
9. Глишиќ ........ 146
10. Горна Бошава ........ 147
11. Грбовец ........ 147
12. Дабниште ........ 147
13. Дебриште ........ 147
14. Добротино ........ 148
15. Драгожел ........ 148
16. Драдња ........ 148
17. Дреново ........ 148
18. Кавадарци ........ 150
19. Камен Дол ........ 151
20. Кесендре ........ 152
21. Клиново ........ 152
22. Конопиште ........ 152
23. Кошани ........ 153
24. Крњево ........ 153
25. Куманичево ........ 154
26. Мајден ........ 154
27. Манастирец ........ 154
28. Марена ........ 154
29. Моклиште ........ 154
30. Мрежичко ........ 155

31. Мрзен Ораовец .................................................... 155
32. Паликура ............................................................ 155
33. Праведник .......................................................... 156
34. Радња ................................................................. 156
35. Раец .................................................................... 156
36. Ресава ................................................................ 157
37. Рибарци .............................................................. 159
38. Рожден ................................................................ 159
39. Росоман .............................................................. 160
40. Сирково ............................................................... 161
41. Сопот .................................................................. 161
42. Страгово ............................................................. 161
43. Трстеник ............................................................. 161
44. Фариш ................................................................. 161
45. Чемерско ............................................................ 162
46. Шешково ............................................................ 162
47. Шивец ................................................................. 162

## 1. БЕГНИШТЕ

**Бела Тумба**, средновековна населба. На 3 km северозападно од селото се гледаат грамади од градежен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. (Ж.В.)

**Грамаѓе**, населба од римското време. Се наоѓа на 500 m северно од селото, на една стрмна падина што се спушта од север кон југ. Овде, во лозјата на Г. Јакимов и Д. Даскалов се наоѓаат фрагменти од архитектонска пластика од бел мермер и фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В.)

**Кула**, утврдување од доцноантичкото време и старохристијанска црква.
Лилчиќ В., 1989, 72. (Д.Г.)

**Марково Кале**, утврдена населба од римското време. Во јужниот дел на атарот на селото, на висок рид со извонредна положба, на зарамнето плато се гледаат остатоци од утврдена населба: градежен камен, фрагменти од тегули, имбрекси, а спорадично и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

**Мартиница**, населба од доцноантичкото време. На јужниот раб на селото, на блага падина што се спушта кон југ се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В.)

**Писан Камен**, некропола од доцноантичкото време. На 3 km северно од селото и на околу 1 km од Тиквешко Езеро, во нивата на Б. Клинчаров и во соседните ниви се откриени камени плочи од гробови – тип циста. Откриена е и една фрагментирана ара.
Радовановић В., 1924, 428; Вулић Н., Сп. LXXI, 130; Vuli} N., 1938a, 5-6. (Ж.В.)

**Почивало**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m североисточно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал: камен, тегули и имбрекси. (Ж.В.)

**Рамниште**, населба од римското време. На јужниот дел на бегнишкиот атар, по површините на нивите се гледаат грамади од градежен камен, фрагменти од тегули и имбрекси, како и множество фрагменти од керамички садови.
Vuli} N., 1938a, 6; Mikul~i} I., TIR, 23. (Ж.В.)

**Сува Гора**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во лозјето на ЗИК „Возарци“ се среќаваат фрагменти од керамички садови, како и множество градежен материјал. Откриена е и надгробна стела со старогрчки натпис. (Ж.В.)

**Црвено Брдо**, средновековна населба. На 1 km од селото, од десната страна на патот за Ресава се среќаваат грамади од градежен камен, фрагменти од покривни ќерамиди, а спорадично и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

**Чермец**, населба од доцноантичкото време. На 3 km југозападно од селото, над утоката на Каменица во Црна Река, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Радовановић В., 1924, 428. (Ж.В.)

## 2. БОЈАНЧИШТЕ

**Градиште**, утврдување од доцноантичкото време.
Лилчиќ В., 1988-89, 118-119. (Д.Г.)

**Лозата**, населба од доцноантичкото врме. На блага падина што се наоѓа 2 km западно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ж.В.)

**Св. Атанас**, населба и некропола од доцноантичкото време. Над североисточниот раб на селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од кршен камен. В. Радовановиќ известува за најдени надгробни стели со грчки натписи и огромна плоча со релјефна претстава на букранион.
Радовановић В., 1924, 419; Микулчиќ И., 1975б, 186, 197. (Ж.В.)

## 3. БОХУЛА

**Ограѓе**, населба од доцноантичкото време. Непосредно пред влезот во селото, на зарамнето плато со обработливи ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Проева Н., 1985, 123-128. (Ж.В.)

**Петрошница**, средновековен рудник. На 8 km јужно од селото, на левиот брег на реката Петрошница, при изградбата на шумскиот пат биле откриени ру-

дарски јами. Отсуството на остатоци од згура укажува на тоа дека рудата била носена на друго место за топење. (А.К.)

**Страната**, населба од доцноантичкото време. Северно од селото, во подножјето на планината, на десниот брег на Бохулска Река, во нивата на М. Ризов е откриено множество фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал. Еден питос се чува кај Ф. Николовски во селото Бохула. (Ж.В.)

## 4. БРУШАНИ

**Градиште**, утврдена населба од римското време. Се наоѓа на 1,5 km североисточно од селото, на извонредна локација. По целата површина на локалитетот се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси, а има и доста градежен материјал. Исто така се гледаат и темели од одбранбен бедем кој има полукружни зајакнувања на аглите. Во горниот дел на просторот се гледаат и темелите на внатрешниот бедем. Што се однесува до големината на градиштето, тоа зафаќа простор од околу 2,5 хектара.
Микулчиќ И., 1975б, 186-190; Mikul~i} I., TIR, 30. (Ж.В.)

**Овчаров Гроб**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km источно од селото, во нивата на Костадин Егеецот има фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал: камен, имбрекси, тегули, а спорадично се среќава и згура од топена руда.
Mikul~i} I., TIR, 30. (Ж.В.)

**Старо Село**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 4 km од селото, од десната страна на патот за Возарци, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Откриена е и надгробна стела со грчки натпис.
Вулић Н., Сп. LXXI, 110-111; Mikul~i} I., TIR, 31. (Ж.В.)

**Тиквеш**, населба – опидум од доцноантичкото време. Покрај патот за селото Ресава, на околу 1 km источно од селото, на површина од 300 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (тегули и имбрекси). Населбата е со извонредна местоположба и поглед кон долината на Црна Река.
Mikul~i} I., TIR, 30. (Ж.В.)

## 5. ВАТАША

**Амидеја**, населба од железното време. На источниот раб на селото, на десниот брег на реката Луда Мара се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура, рачно изработени. (Ж.В.)

**Грнеица**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m јужно од селото, на десниот брег на реката Луда Мара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В.)

**Калница**, населба и некропола од доцноантичкото време. Над источниот раб на селото, во нивите на П. Нанев, Ѓ. Трајков и Р. Дончев се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал (тегули и имбрекси). Откриена е надгробна стела со грчки натпис и питос кој се чува во дворот на Ј. Ристов.
Vuli} N., 1938a, 21. (Ж.В.)

**Паракелова Глава**, некропола од римското време. На 1,5 km кон селото Моклиште, помеѓу патот и реката Луда Мара, на десниот брег се гледаат гробни конструкции од типот „на две води", изведени со тегули. (Ж.В.)

**Сува Чешма**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2 km јужно од селото, на патот за селото Моклиште. На површината има фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал (камен, тегули и имбрекси). (Ж.В.)

**Чоралица**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, од левата страна на патот за селото Моклиште се гледаат грамади од градежен камен, тегули и имбрекси, а спорадично и фрагменти од керамички садови. Во горниот дел на локалитетот се откриени гробови од камени плочи – тип циста. (Ж.В.)

## 6. ВОЗАРЦИ

**Голема Страна**, некропола од доцноантичкото време. На левиот брег на Црна Река, од спротивната страна на локалитетот Кале, кај самиот влез во клисурата на Црна Река се гледаат делови од камени плочи од гробови – тип циста.
Радовановиќ В., 1924, 446. (Ж.В.)

**Гршниче**, некропола од доцноантичкото време. На левиот брег на Црна Река, покрај стариот пат Кавадарци-Прилеп, а сега Кавадарци-село Дреново, во профилот се гледаат гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ж.В.)

**Долно Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Црна Река, во непосредната близина на влезот во клисурата се откриени фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1975б, 198. (Ж.В.)

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Црна Река, на доминантен рид со извонредна местоположба и со поглед кон влезот во клисурата се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Населбата зафаќа површина од околу 100 x 90 m.
Микулчиќ И., 1975б, 198. (Ж.В.)

**Чаирче**, населба од доцноантичкото време. На јужниот раб на селото, на десниот брег на Црна Река се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (камен, тегули и имбрекси). (Ж.В.)

## 7. ГАЛИШТЕ

**Галиште**, депо на средновековни монети. Од околината на селото потекнуваат 50 бакарни скифати од XII-XIII век кои се чуваат во Народниот музеј во Велес. (Ј.К.)

**Градиште – Грамаѓето**, населба од доцноантичкото време и средниот век. На 3 km западно од селото, на површина од 150 x 100 m се среќаваат грамади од градежен материјал (камен, имбрекси и покривни ќерамиди). Исто така има и фрагменти од питоси и керамички садови. (Ж.В.)

**Караница**, средновековна фортификација. На 2 km од утоката на Галишка Река во Црна Река се среќаваат грамади од градежен камен кои упатуваат на фортификација чие значење треба да се гледа во контекстот на комуникацијата што врвела по текот на Црна Река. (Ж.В.)

**Равен**, средновековна фортификација. Се наоѓа на 4 km од селото, на височинка со стратегиска положба што се издига над левиот брег на Црна Река. На површината се среќаваат грамади од градежен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. Секако се работи за една од позначајните фортификации што го обезбедувала патот по текот на Црна Река. (Ж.В.)

**Ќелиите**, средновековна кула. На левиот брег од Галишка Река, непосредно до нејзината утока во Црна Река има остатоци од осамен објект – кула. (Ж.В.)

**Убче**, населба од доцноантичкото време. На 2 km југоисточно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и тегули. (Ж.В.)

**Црепиште**, депо на монети од доцноантичкото време. На 6 km северно од селото е откриено депо на бронзени монети што се чуваат во Музејот и галерија во Кавадарци. (Ж.В.)

**Црквиште**, утврдена населба – рефугиум од доцноантичкото време. Во реонот на локалитетот Караница, на околу 2 km од утоката на Галишка Река во Црна Река има грамади од кршен камен и фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В.)

## 8. ГАРНИКОВО

**Арамиска Пештера**, некропола од римското време. На границата меѓу атарите на селата Гарниково и Бојанчиште, на левиот брег на селската река, преку тесен и тешко видлив влез се влегува во мала пештера чии димензии не се точно дефинирани. На околу стотина метри од влезот се слуша бучава од рекичката која понира. Во предниот дел на пештерата се вршени погребувања на тој начин што покојниците биле ставани во издлабени места, како мали галерии. Интересен е фактот дека коските на покојниците се покриени со сталагмитска маса, со што се петрифицирани, односно трајно конзервирани. Најдени се 12 бронзени монети, 2 белезици и 1 прстен што се чуваат кај Боро Ребула, службеник на „ФЕНИ“ од Кавадарци. (Ж.В.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. Источно од селото, на десната страна од асфалтниот пат Кавадарци-Мрежичко, на една импозантна висина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен камен, тегули и имбрекси. (Ж.В.)

**Граѓа Нива**, населба од доцноантичкото време. Северно од селото, на границата со атарот на селото Дабниште, на голема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал од кршен камен, тегули и имбрекси. (Ж.В.)

**Дабјето**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во нивата на Трајко Дончев, која е на 1,5 km јужно од селото, се гледаат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. Има и фрагменти од камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В.)

## 9. ГЛИШИЌ

**Градиште**, утврдена населба од раноантичкото и римското време. Источно од селото, на висок рид со доминантна местоположба се гледаат остатоци од бедем кои укажуваат на постоење на голема утврдена населба. Во внатрешноста на населбата, во нивите на К. Настев, Б. Митревски, Г. Методиј, С. Јанев и други се наоѓаат фрагменти од керамички садови и други археолошки наоди. Исто така, речиси по целата површина има големи грамади од градежен материјал и фрагменти од архитектонска и скулптурална пластика. Наодите се чуваат во Музејот и галерија во Кавадарци.
Vuli} N., 1938a, 11; Вулић Н., Сп. LXXI, 142; Керамидчиев А., 1968; Mikul~i} I., TIR, 57. (Ж.В.)

**Грамада**, населба од неолитското и римското време. На 1 km јужно од селото, помеѓу патот и реката Луда Мара, по површините на лозјата се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал (камен, тегули, имбрекси). Еден питос се чува кај Герасим Кујунџиев. Во некогашното лозје на Кујунџиев има фрагменти од неолитска керамика и орудија од кремен и камен. (Б.Ј.)

**Танко Патче**, вила рустика од римското време. На северниот раб на селото, на десниот брег на Луда Мара се наоѓаат остатоци од осамен објект. По површината има фрагменти од тегули, имбрекси и кршен камен. (Ж.В.)

## 10. ГОРНА БОШАВА

**Градот**, населба и некропола од римското време. Југоисточно од селото, на доминантно плато се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Откриена е и камена плоча со грчки натпис.
Vuli} N., 1938a, 11; Вулић Н., Сп. LXXV, 38, 119; Mikul~i} I., TIR, 58. (Ж.В.)

Танко Патче, с. Глишиќ. – Мермерен стол од римското време

**Поглед**, некропола од римското време. Јужно од селото се најдени надгробни стели со грчки натписи, што упатува на постоење на помала некропола. Една од стелите се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Vuli} N., 1938a, 11; Вулић Н., Сп. LXXV, 38, 120-121; Mikul~i} I.,TIR, 58. (Ж.В.)

**Скалите**, утврдена населба од железното и доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, од северната страна се гледаат остатоци од камени скали што воделе кон врвот. По површината на теренот се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. На косите падини од северната страна на ридот исто така има фрагменти од керамички садови, со таа разлика што се со груба фактура и работени рачно. (Ж.В.)

## 11. ГРБОВЕЦ

**Преслап**, населба и некропола од римското време. Во непосредната близина на изворот на реката Дреновица се гледаат грамади од градежен камен, а спорадично и фрагменти од тегули. Откриени се надгробни стели со грчки натписи и монета од императорот Александар Север.
Радовановић В., 1924, 440-441; Микулчиќ И., 1975б, 192. (Ж.В.)

## 12. ДАБНИШТЕ

**Грамаѓе**, населба од римското време. На 500 m западно од селото, од десната страна на патот за Ресава, на една блага падина има фрагменти од керамички садови и грамади од градежен камен. Најдена е една профилирана ара со претстава на букранион. Арата се наоѓа пред портата на В. Пенков Мишев. (Ж.В.)

**Желковица**, некропола од римското време. Во лозјето на К. Мано, што се наоѓа 1 km северно од селото, е откриена надгробна стела со претстава на маж и жена со две деца. Откриени се и повеќе гробови. (Ж.В.)

**Куќиште**, населба и некропола од римското време. На 500 m источно од селото, во лозјето на Т. Ставрев се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. Откриена е надгробна стела со грчки натпис, како и повеќе гробови. (Ж.В.)

## 13. ДЕБРИШТЕ

**Извор**, рудник за мермер од римското и доцноантичкото време. На западниот раб на селото, од левата страна на долот се констатирани траги од стара експлоатација на мермер, и тоа на неколку места. На локалитетот има фрагменти од питоси. Рударски алатки не се најдени. Се претпоставува дека мермерот бил употребуван за изградба на објекти во Стоби.
Керамидчиев А., 1987, 116. (А.К.)

**Курилово**, рудник за мермер од римското време. На 2 km западно од селото, на еден висок рид има траги од долгогодишна експлоатација на мермер. На површината се среќаваат делови од колони и капители, незавршени и искршени. Изгледа дека од ова место биле вадени големи блокови кои биле грубо

обработувани, а потоа пренесувани во Стоби каде се вршела дефинитивна обработка.
Керамидчиев А., 1987, 115. (А.К.)

**Под селото**, рударска населба од римското време. Јужно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и остатоци од експлоатација на мермер. Тука е најден и еден натпис посветен на богот Зевс.
Вулић Н., Сп. LXXV, 124. (Ж.В.)

## 14. ДОБРОТИНО

**Атанасица**, населба од доцноантичкото време. Во синорот на селата Добротино и Шешково, на мала површина се среќаваат грамади од градежен камен и спорадично фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

## 15. ДРАГОЖЕЛ

**Ресава**, населба од доцноантичкото време. Десно од селскиот пат за Куманичево, на околу 4 km јужно од селото се гледаат грамади од градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 3 km јужно од селото, на една од терасите под ридот Сокол. На мала површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В.)

## 16. ДРАДЊА

**Варвара**, населба од римското време. На доминантна тераса, што се наоѓа над речното корито, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Радовановић В., 1924, 442. (Ж.В.)

**Градиште**, фортификација од доцноантичкото време. Над кањонот на реката Дреновица има зарамнето плато на кое се среќаваат грамади од градежен материјал што упатуваат на помала фортификациска единица.
Радовановић В., 1924, 442. (Ж.В.)

**Илимски Гробишта**, некропола од римското време. На западниот раб на селото, во профилот се гледаат конструкции на гробови „на две води“ од тегули.
Радовановић В., 1924, 442. (Ж.В.)

**Манастириште**, средновековна црква и некропола. Во реонот на пештерната црква Маркова Црква се среќаваат фрагменти од керамички плочи од гробни конструкции и грамади од градежен камен и покривни ќерамиди.
Радовановић В., 1924, 422. (Ж.В.)

**Стена**, средновековна црква. На 1 km западно од селото, во мала пештера се наоѓаат остатоци од фрески кои укажуваат на сакрален објект. (Ж.В.)

## 17. ДРЕНОВО

**Бекирова Чешма**, некропола од доцноантичкото време. Во реонот на локалитетот Врано Брдо, што се наоѓа на 800 m од селото се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста.
Микулчиќ И., 1971б, 281; Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Валевица**, сакрален објект и некропола од римското време. На 3 km северозападно од селото, на високо и доминантно плато се среќаваат фрагменти од архитектонска пластика: архитравна греда, делови од тимпанон и колони. Јужно од локалитетот се откриени гробови.
Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 54. (Ж.В.)

Градиште, с. Драдња. – Населба од доцноантичкото време (В.Л.)

**Врано Брдо**, утврдена населба – рефугиум од римското време. На 900 m источно од селото, на доминантен рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од бедем на утврдена населба. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Градиште – Деволград**, населба од раноантичкото и римското време. На 2,5 km од селото, на десниот брег на реката Раец, на висок рид со доминантна положба и пред влезот во Раечка Клисура се гледаат ѕидови, архитектонска пластика и многубројни фрагменти од керамички садови и бронзени монети кои укажуваат на поголема значајна населба. Локалитетот зафаќа површина од околу 10 хектара. Се претпоставува дека се работи за античкиот град Eu(da)riston. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија и во Музејот и галерија во Кавадарци.
Радовановић В., 1924, 444-445; Vuli} N., 1938а, 10; Папазоглу Ф., 1957, 243-244; Микулчиќ И., 1975б, 173-197; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1971б, 281; Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Ѓупски Рид**, населба од доцноримското време. На една мала површина на 2 km североисточно од селото се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Јачковец**, населба и некропола од римското време. На 2 km источно од селото, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови. Откриена е една надгробна стела со старогрчки натпис. Наодите се наоѓаат во музејот и галерија во Кавадарци. (Ж.В.)

**Картозов Рид**, вила рустика од римското време. Северно од селото, во нивите на Голуб Ѓорѓи, Трајко Цонев и други се откриени делови од архитектонска пластика (4 мермерни столпчиња). Од овој локалитет потекнуваат фрагмент од мермерна стела и мермерна плоча кои се вградени во селската чешма. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Колиби**, населба од доцноантичкото време. На 700 m источно од селото се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Мутичански Дол**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km југозападно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен материјал и архитектонска пластика.
Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Пенур**, некропола од доцноантичкото време. Источно од селото поројните води откриле гробови градени од камени плочи – тип циста.
Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Питранец**, вила рустика од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, по површините се среќаваат фрагменти од тегули, имбрекси и градежен материјал. Откриен е еден мермерен капител што се наоѓа во дворот на црквата Св. Богородица во Дреново. (Ж.В.)

Градиште – Деволград, с. Дреново. – Градот Еударист од античкото време (И.М.)

**Св. Богородица**, населба од римското време и средновековна некропола. Во непосредната близина на црквата Св. Богородица, на површина од околу 3 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На еден крај на локалитетот има фрагменти од архаични крстови и камени плочи од гробни конструкции.
Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

**Скала**, населба од римското време. На 2,5 km северозападно од селото, спроти локалитетот Градиште – Девол, на голема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 53. (Ж.В.)

## 18. КАВАДАРЦИ

**Бабин Дол**, населба и некропола од римското време. На 5 km источно од градот, во непосредната близина на зградата на ЗИК „Тиквеш“, во лозјето на Т. Мишов се откриени гробови „на две води“ градени од тегули. Откриена е монета од императорот

Август со претстава на Јанус на реверсот. По површината на останатите лозја има многу фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Монетата се чува кај Трајко Мишов од Кавадарци.
Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Бегова Падина**, населба од енеолитското време. Во нивата на Трајко Димов, што се наоѓа на околу 4 km источно од селото, на површина од 300 x 100 m се среќаваат многу фрагменти од керамички садови со фина и груба фактура и орудија од камен и кремен. Наодите се чуваат во Музејот и галерија во Кавадарци. (Ж.В.)

**Бел Град**, населба од доцноантичкото време. На 6 km источно од градот, во непосредната близина на зградата на ЗИК „Тиквеш“, особено во парцелите 37 и 38 се среќаваат фрагменти од керамички садови, архитектонска и скулптурална пластика. Откриени се гробови градени од камени плочи – тип циста.
Вулић Н., Сп. LXXV, 95-96; Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Гавалиница**, некропола од римското време. На источниот раб на градот се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста, и гробови „на две води“ од тегули. Исто така е откриена и стела со грчки натпис.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 136; Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Гумнињата**, некропола од римското време. На 2 km источно од градот е откриена надгробна стела со грчки натпис.
Вулић Н., Сп. LXXI, 162; Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Дисанско Мовче**, некропола од доцноантичкото време. На 3,5 km источно од градот се откриени повеќе камени плочи од гробови – тип циста. (Ж.В.)

**Желковец**, некропола од римското време. На источниот дел од атарот на градот е најдена стела со грчки натпис, што упатува на некропола. Стелата се чува во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXV, 87-88; Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Карамански Рид**, населба од римското време. На едно доминантно плато, на 2 km северозападно од населбата се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Ливадиште**, некропола од римското време. На 3 km југоисточно од градот се откриени 4 стели со грчки натписи кои упатуваат на постоење на некропола.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 160-163; Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Малинови Куќи**, населба и некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на 5 km североисточно од градот, на левиот брег на Овча Река. На површината има фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Констатирани се и камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В.)

**Манастир**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km југоисточно од градот, високо над Овча Река, во непосредната близина на чешмата се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. Според податоците добиени од Ц. Милчев Дисански, меѓу двете светски војни, во тогашниот музеј во Скопје оттука биле однесени надгробни стели со грчки натписи и друг археолошки материјал.
Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Овово – Мечкин Дол**, населба и некропола од римското време. Во нивите на Т. Донев, Ц. Милчев и други, што се наоѓаат 2 km источно од градот, се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Откриени се и камени плочи од гробни конструкции, како и надгробни стели со грчки натписи.
Vuli} N., 1938a, 14, 15; Mikul~i} I., TIR, 69. (Ж.В.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На 4 km североисточно од градот, на левиот брег на Овча Река, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен материјал. (Ж.В.)

**Ума**, населба од римското време. На западниот раб на градот, во нивата на Д. Мајсторов и во околните ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен камен. Овде е најдена мермерна плоча со релјефна претстава на носач на грозје и други фрагменти од архитектонска пластика. Плочата се чува кај сопственикот на нивата Мајсторов од Кавадарци. (Ж.В.)

**Црквиште**, некропола од доцноантичкото време. На 4,5 km источно од градот, во непосредната близина на чешмата се констатирани гробови од камени плочи – тип циста. (Ж.В.)

## 19. КАМЕН ДОЛ

**Грамаѓе**, населба од римското време. На 1 km јужно од селото, на блага падина со површина од 100 x 150 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен камен, а најдени се монети од Јустинијан I и други владетели. Видливи се и темели од повеќе објекти ѕидани со кршен камен и варов малтер.
Vuli} N., 1938a, 12; Микулчиќ Г., 1987, 183. (Ж.В.)

## 20. КЕСЕНДРЕ

**Грбавечка Кула**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2 km југоисточно од селото, на рид со зарамнето плато. На површината се гледаат грамади од градежен камен, а делумно и трасата на бедемот што ја опкружувал населбата.
Микулчиќ И., 1975б, 192-193. (Ж.В.)

**Црквиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km североисточно од селото, во непосредната близина на изворот се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал. Во западниот дел на локалитетот се откриени камени плочи од гробни конструкции – тип циста.
Вулић И., Сп. LXXV, 140; Микулчиќ И., 1975б, 185. (Ж.В.)

## 21. КЛИНОВО

**Бабина Нива**, средновековна населба. На југоисточниот раб на селото се наоѓаат грамади од градежен камен, фрагменти од питоси, а спорадично и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

**Градишта**, градиште од железното и римското време и средниот век. На 6 km од утоката на реката Блашница во Црна Река, високо над десниот брег има рид со извонредна местоположба на чие зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура и рачно работени, фрагменти од римска керамика, питоси и грамади од градежен камен. Градиштето ја обезбедувало комуникацијата кон централното подрачје на Тиквешијата и Мариовскиот базен. (Ж.В.)

**Градиштанска Црква**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km југоисточно од утоката на Блашница во Црна Река, на извонредно поволна местоположба, во непосредната близина на црквата се среќаваат грамади од градежен камен и фрагменти од керамички садови и питоси. Во олтарот на црквата се наоѓа ара поставена како носач на чесната трпеза, најдена на овој локалитет. (Ж.В.)

**Грозана**, средновековна фортификација. Преку реката Сушица, на ридот Старецот, кој е на околу 5 km западно од селото, се гледаат грамади од градежен камен и фрагменти од керамички садови и питоси кои упатуваат на остатоци од помала фортификација. (Ж.В.)

**Карпуза**, средновековна некропола. На 2,5 km југозападно од селото, на левиот брег на реката Сушица се забележуваат гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ж.В.)

**Катуништа**, населба и некропола од доцноантичкото време. Кај утоката на реката Блашница во Црна Река, на простор од 300 x 200 m се наоѓаат грамади од градежен камен, фрагменти од керамички садови и питоси. Откриен е и фрагмент од надгробна стела. (Ж.В.)

**Колиби**, средновековна фортификација. Преку реката Сушица, на ридот Стојанова Дупка, кој е на 7 km западно од селото, се среќаваат грамади од кршен камен и фрагменти од покривни ќерамиди, што упатуваат на помала фортификација. (Ж.В.)

**Крст**, некропола од доцноантичкото време. На северната периферија на локалитетот Катуништа, на десниот брег на реката Блашница се откриени гробови градени од тули – тип циста. (Ж.В.)

**Прекиот Пат**, населба од доцноантичкото време. На 3 km југоисточно од утоката на реката Блашница во Црна Река, во непосредната близина на локалитетот Градиштанска Црква има грамади од градежен камен, фрагменти од тегули, имбрекси и керамички садови. (Ж.В.)

**Самарџица**, средновековна населба. На 2 km западно од селото, преку реката Сушица и ридот Старецот се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, грамади од градежен камен и покривни ќерамиди. (Ж.В.)

**Стреј**, средновековна фортификација. Во непосредната близина на утоката на реката Сушица во Блашница, на околу 5 km североисточно од селото има височинка со фортификација, со површина од 170 x 100 m, на која се наоѓаат грамади од градежен камен кои на извесен начин ја означуваат трасата на бедемот. Фортификацијата е значајна со оглед на тоа што е лоцирана на крстопатот Тиквешија -Мариово. (Ж.В.)

**Тумба**, утврдена населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на левиот брег на реката Сушица, во непосредната близина на утоката во Црна Река, како и на споменикот на народниот херој Габерот. На простор од 300 x 200 m се среќаваат фрагменти од архитектонска пластика, а спорадично и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

**Черњец**, населба од доцноантичкото време. На 500 m североисточно од селото, во непосредната близина на селската црква се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ж.В.)

## 22. КОНОПИШТЕ

**Боздувник**, населба од доцноантичкото време.
Лилчиќ В., 1989, 73. (Д.Г.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Јужно од селото, на левиот брег на Стара Река, на висок рид со зарамнето плато има траги од утврдена населба. По површината се среќаваат фрагменти

од керамички садови, питоси и многу градежен материјал.
Радовановић В., 1924, 304-305. (Ж.В.)

**Кула – Градот**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на висок рид со поволна местоположба што се издига над десниот брег на реката Бошавица. На површината има грамади од градежен камен. (Ж.В.)

**Ливадите**, населба од доцноантичкото време. На границата со атарот на селото Витачево, во нивите на ЗИК „Тиквеш“ се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ж.В.)

**Равна Нива**, населба – рефугиум од доцноантичкото време. На 4 km северно од селото, на десниот брег на реката Бошавица, во нивата на А. Ѓошев се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси како и грамади од градежен камен.
Vuli} N., 1938, 16. (Ж.В.)

**Св. Илија – Марковица**, црква и некропола од старохристијанскиот период.
Лилчиќ В., 1989, 73. (Д.Г.)

## 23. КОШАНИ

**Белутрак**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на реката Каменица се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Откриени се и надгробни стели.
Микулчиќ И., 1975б, 194. (Ж.В.)

**Врчвата**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото и на 500 m северно од локалитетот Задрид се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1975б, 192. (Ж.В.)

**Задрид**, утврдена населба од доцноантичкото време. Веднаш над селото, на рид со доминантна положба се среќаваат грамади од градежен камен, фрагменти од тегули и имбрекси, а спорадично и од керамички садови.
Микулчиќ И., 1975б, 191. (Ж.В.)

## 24. КРЊЕВО

**Градиште**, населба од доцноантичкото време и сакрален објект.
Алексова Б., 1977, 48. (Д.Г.)

**Мечковец**, средновековна населба. На 1,5 km северно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен камен и покривни ќерамиди. (Ж.В.)

**Орнички**, населба – рефугиум од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1 km северно од селото. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Ж.В.)

**Пржалот**, средновековна некропола. Откриена е при обработувањето на земјата, и тоа источно од патот. Со ископувањата во 1975 година биле истражени повеќе словенски гробови со камени конструкции. Прибраните гробни прилози имаат аналогии во наодите од големата словенска некропола во Демир Капија од IX-X век.
Радовановић В., 1924, 310; Алексова Б., 1966, 52-53; Алексова Б., 1978, 29-41. (Б.А.)

**Св. Димитрија**, средновековна некропола. Спроти селото, на десниот брег на реката Бошава се наоѓаат камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В.)

**Црквиште Св. Атанас**, старохристијанска базилика. Се наоѓа на зарамнето плато западно од патот. Откриена е во 1975 година со археолошки ископувања, и тоа нејзиниот јужен дел. Била подигната во IV-V век, како култен објект покрај една ѕидана старохристијанска гробница. Црквата е трикорабна, со нартекс и егзонартекс. Средниот кораб на источната страна завршува со полукружна апсида. Канцелот од олтарната преграда е изведен од мермерни блокови, а подот во презвитериумот од мермерни плочки, во техниката opus sectile.
Алексова Б., 1978, 29-41; Алексова Б., 1977, 48-53; Алексова Б., 1995, 221, 222. (Б.А.)

Црквиште Св. Атанас, с. Крњево. – Старохристијанска базилика (Б.А.)

**Чешма**, населба од доцноантичкото време. Од десната страна на патот за селото Барово, на 500 m од мостот, на терен со поволна местоположба се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. (Ж.В.)

**Чешма II**, населба од доцноантичкото време. На 1 km од првиот мост на патот за селото Барово, од неговата десна страна се среќаваат фрагменти од

керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В.)

Керамидчиев А., 1976, 245. (А.К.)

## 25. КУМАНИЧЕВО

**Град**, утврдена населба со некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа северозападно од селото, на висок рид со доминантна положба. На зарамнетиот врв има фрагменти од керамички садови и грамади од градежен камен. Откриени се и гробови од камени плочи – тип циста.
Vuli} N., 1938a, 16; Микулчиќ И., 1975б, 194; Mikul~i} I., TIR, 76. (Ж.В.)

**Градот**, утврдена населба и некропола од доцноантичкото време. На 3 km југозападно од селото, на висок рид со доминантна положба се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и многу градежен камен. Откриени се и гробови од камени плочи – тип циста.
Микулчиќ И., 1975б, 194; Mikul~i} I., TIR, 76. (Ж.В.)

**Грамаѓе**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 500 m од селото, на импозантна површина се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (камен, тегули и имбрекси).
Микулчиќ И., 1975б, 194; Mikul~i} I., TIR, 76. (Ж.В.)

## 26. МАЈДЕН

**Алшар**, средновековен рудник. Се наоѓа на 500 m јужно од селото. На двете страни од Мајденска Река се откриени рударски копови и други остатоци од експлоатација на антимон, бакар и хром.
Керамидчиев А., 1976, 243. (А.К.)

**Богатица**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, во правецот на Димчев Рид се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Видливи се темели од ѕидови на повеќе објекти, а исто така и згура од топена руда. Во непосредната близина на локалитетот се откриени и три рударски јами.
Керамидчиев А., 1976, 243. (А.К.)

**Рудник**, рударска населба од доцноантичкото време. На западната периферија на селото се констатирани многубројни траги од населба и напуштени рударски окна.
Vuli} N., 1938a, 16; Микулчиќ И., 1967, 50-53; Микулчиќ И., 1975б, 194; Mikul~i} I., TIR, 83. (Ж.В.)

**Топлак**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 1,5 km северно од селото, на левиот брег на Мајденска Река се наоѓаат остатоци од топена железна руда насобрани на грамада. На спротивната страна на реката, на пространа тераса со благ пад има многу фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.

## 27. МАНАСТИРЕЦ

**Вршник**, населба од доцноантичкото време. Во лозјата на Ристо и Франго Ѓошеви, што се наоѓаат на левата страна од патот за Кавадарци, на 2 km источно од селото, се среќаваат фрагменти од архитектонска пластика (столб, капител и мено). Исто така има и множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Наодите се чуваат во Музејот и галерија во Кавадарци. (Ж.В.)

**Лаката**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото, на левиот брег на Црна Река, на простор од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал (камен, тегули и имбрекси). (Ж.В.)

**Манастирец**, некропола од римското време. На работ на селото се откриени камени плочи и тегули од гробни конструкции од типот циста и „на две води“. Во гробовите биле најдени повеќе монети (Максимијан и други). Најдена е и плоча од камен со грчки натпис. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Vuli} N., 1938a, 16-17; Mikul~i} I., TIR, 84; Микулчиќ Г., 1987, 183. (Ж.В.)

**Хусков Рид**, населба од бронзеното време. Над селото, од северната страна на патот, во профилот се гледа културен слој со фрагменти од керамички садови со фина и груба фактура. Наодите се чуваат во Музејот и галерија во Кавадарци.
Микулчиќ И., 1975б, 186. (Ж.В.)

## 28. МАРЕНА

**Сува Чешма**, неселба и некропола од доцноантичкото време. На 3 km југоисточно од селото, во нивата на В. Грабенаров и во соседните ниви, на простор од 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси, како и остатоци од некропола.
Vuli} N., 1938a, 16-17. (Ж.В.)

## 29. МОКЛИШТЕ

**Валенција**, некропола од доцноантичкото време. Во атарот на селото, според податоците на Н. Вулиќ, е најдена надгробна стела со грчки натпис, а според исказите на мештаните, откриени се гробови градени со камени плочи.
Вулић Н., Сп. LXXV, 168. (Ж.В.)
**Градиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На зарамнето плато што се наоѓа над десниот брег на реката Луда Мара, оддалечено 6–7 km

јужно од селото, се гледаат грамади од градежен материјал, тегули и имбрекси. Помеѓу населбата и брегот на реката се констатирани гробови од камени плочи – тип циста, а најдена е и надгробна плоча со грчки натпис. (Ж.В.)

**Грркови Садеви**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 5 km јужно од селото Ваташа, на десниот брег на реката Луда Мара се среќаваат грамади од градежен камен, тегули, имбрекси и фрагменти од керамички садови. Најдени се делови од архитектонска пластика, како и надгробни стели со грчки натписи. Наодите се чуваат во Музејот и галерија во Кавадарци.
Вулић Н., Сп. LXXI, 166-167; Vuli} N., 1938a, 17; Mikul~i} I., TIR, 87-88. (Ж.В.)

**Моклишко Кале**, градиште од железното и доцноантичкото време. Во непосредната близина на моклишкиот манастир Св. Никола, високо над левиот брег на реката Луда Мара, на височинка со извонредно поволна стратегиска положба и со поглед кон средишниот дел на Кавадаречката Котлина, се наоѓаат остатоци од фортификација. На простор од 250 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал (кршен камен, тегули, имбрекси), како и архитектонска пластика (база, капител). Наодите се чуваат во Музејот и галерија од Кавадарци.
Лилчиќ В., 1988/1989, 124. (Ж.В.)

## 30. МРЕЖИЧКО

**Власов Град**, утврдена населба од доцноантичкото време. На оддалеченост од 5,5 km од селото, на падините на Кожуф, на еден висок рид со зарамнет врв се гледаат грамади од градежен камен, фрагменти од керамички садови и питоси и згура од топена руда. И. Микулчиќ укажува и на најдени монети од III и IV век.
Vuli} N., 1938a, 17; Микулчиќ И., 1975б, 196; Mikul~i} I., TIR, 88. (Ж.В.)

## 31. МРЗЕН ОРАОВЕЦ

**Баток**, населба од римското време. На 3,5 km западно од селото, на мала површина се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен камен. Најдени се монети од бронза.
Mikul~i} I., TIR, 89. (Ж.В.)

**Марков Стап**, рудник за мермер од римското и доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, на еден висок рид, на повеќе места има траги од експлоатација и обработка на мермер. Најдени се повеќе фрагменти од мермерни столбови, делумно обработени. Се смета дека оттука се вадени и подготвувани архитектонски елементи кои биле носени и дообработувани во Стоби.
Микулчиќ И., 1975б, 185; Керамидчиев А., 1987, 113-115. (А.К.)

**Падарница**, утврдена населба од хеленистичкото и римското време. На висок рид со доминантна положба, што се наоѓа на 2 km југоисточно од селото, се забележуваат остатоци од помала утврдена населба. На површината има фрагменти од керамички садови, а најден е голем број монети, и тоа од македонските градови Тесалоника, Пела и Амфиполис; римски републикански монети и монети од императорите Домицијан, Теодосиј, Анастасиј и др.
Микулчиќ И., 1975б, 186; Mikul~i} I., TIR, 89; Микулчиќ Г., 1987, 183. (Ж.В.)

**Св. Илија**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во дворот на селската црква, како и во самата црква има повеќе примероци од мермерна архитектонска пластика, фрагменти од керамички садови, питоси и друг градежен материјал. Голем е и бројот на најдените надгробни стели со грчки и латински натписи.
Вулић Н., Сп. LXXV, 130-132; Микулчиќ И., 1975б, 185; Mikul~i} I., TIR, 89. (Ж.В.)

## 32. ПАЛИКУРА

**Гробот**, гробница од римското време.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 91; Петровић Ј., 1948, 47. (Д.Г.)

**Црквиште (Манастир) – Паликурска базилика**, ксенодохион, старохристијанска базилика и некропола од средниот век. Се наоѓа на 600 m северозападно од селото, на левиот брег на Црна Река, непосредно до мостот, а на 1,7 km јужно од Стоби. Базиликата е откриена со ископувањата во 1916 година, (видете V/13). Во 1976 година, во рамките на заштитните ископувања извршени поради изградбата на железничката пруга Градско-Шивец, на 50 m североисточно од базиликата е откриен римски објект, во супструкција од неколку редови ѕиданица, поставен во правец исток-запад. Пред западната фасада на објектот има правоаголен простор од 44,5 x 6,40 m, поделен со преградни ѕидови на три простории. Крај источната страна на објектот се откриени три стопи, а се претпоставува дека имало девет, што ѝ припаѓале на колонада од трем. Стопите имаат квадратна основа (1 x 1 m) и се ѕидани од камен песочник во хоризонтален слог и малтер, исто како и ѕидовите на објектот. Се претпоставува дека откриените остатоци можат да се сметаат како дел од архитектонски објект – ксенодохион. На местото од трасата на пругата се откриени и истражени 16 гроба, организирани околу еден сакрален објект од

Црквиште (Манастир), с. Паликура. – Староримска базилика (М.М., А.М.)

доцноантичкото време. Погребувањето било вршено во гробни дупки без конструкции и во гробови со примитивно поставени вертикални плочи од песочник. Се смета дека некрополата е настаната во XII век и имала семеен карактер. Меѓу гробните прилози (обетки, белезици од метал и стакло, прстени и друго) има и елементи од крајот на XI, како и од почетокот на XIII век.
Вајзман Џ., 1973, 89-90; Винчиќ Ж., Ивановски М., 1978, 106-107; Ивановски М., 1986, 97-104. (М.И.)

## 33. ПРАВЕДНИК

**Корита**, населба од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, на доминантна височинка се гледаат грамади од градежен камен, тегули и имбрекси, а спорадично и фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В.)

**Краставец**, населба од римското време. На 500 m источно од селото, на три тераси со површина од околу 100 x 100 m има множество фрагменти од керамички садови и градежен материјал (тегули, имбрекси и кршен камен). (Ж.В.)

**Полошко I**, населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Тиквешко Езеро, спроти манастирската црква Св. Ѓорѓи Полошки, на работ на иселеното село Полошко се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (Ж.В.)

**Полошко II**, населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Тиквешко Езеро, на 1 km јужно од иселеното село Полошко се наоѓаат грамади од градежен камен, тули и имбрекси. (Ж.В.)

**Полошки Манастир**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на манастирската црква Св. Ѓорѓи, на левиот брег на Тиквешко Езеро се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Микулчиќ И., 1975б, 193. (Ж.В.)

## 34. РАДЊА

**Под селото**, некропола од римското време.
Vuli} N., 1938a, 18; Mikul~i} I., TIR, 105. (Д.Г.)

## 35. РАЕЦ

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. Во подножјето на ридот Тисавец, северно од старите гробишта, на мала површина има фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1975б, 185. (Ж.В.)

**Стари Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селската црква се откриени фрагменти од надгробни стели со грчки натписи.
Радовановић В., 1924, 516. (Ж.В.)

**Тумбите**, населба од неолитското време. Од двете страни на патот Градско–Прилеп, на 20-тиот km, на простор од 100 x 100 m се наоѓаат фрагменти од керамички садови со фина и груба фактура, како и орудија од камен и кремен. (Ж.В.)

## 36. РЕСАВА

**Големи Лозја**, некропола од доцноантичкото време. На 500 m јужно од селото и на 400 m северно од локалитетот Градот се констатирани гробови „на две води“ градени од тегули и гробови од камени плочи – цисти.
Микулчиќ И., 1975б, 19; Mikul~i}.,TIR, 109. (Ж.В.)

**Градот – Тиквеш Град**, утврдена населба и некропола од раноантичкото време, римското време и средниот век. Се наоѓа западно од селото, на височинка која некогаш се издигала високо над коритото на Црна Река, а денес претставува остров во водите на акумулационото Тиквешко Езеро. Видливи се остатоци од масивни бедеми со повеќе фази на градба, а во внатрешноста темели од архитектонски објекти. На површината има множество фрагменти од керамички садови, предмети од метал, монети и друг археолошки материјал, што упатуваат на интензивно и долго живеење. На југозападниот дел на теренот се откриени повеќе гробови од камени плочи – тип циста. Наодите се чуваат во Музејот и галерија во Кавадарци и во Музејот на Македонија во Скопје.
Keramid~iev A., 1960, 106-110; Keramid~iev A., 1961v, 121-124; Keramid~iev A., Mikul~i} I., 1967, 185-186; Микулчиќ И., 1971б, 269-285. (Ж.В.)

Градот – Тиквеш Град, с. Ресава. – Населба од раноантичкото време и средниот век (И.М., В.Л.)

**Градевица**, некропола од доцноантичкото време. На источниот раб на селото, во нивата на Ч. Стојанов, во 1970 година е откриен гроб од камени плочи – тип циста. По површината на нивите има фрагменти од керамички садови. Откриени се и надгробни стели од црвеникав травертин со натписи на грчки јазик. Стелите се наоѓаат кај сопственикот на нивата Ч. Стојанов. (А.К.)

**Диво Бачило**, населба и некропола од римското време. На 1,5 km северно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал (тегули, имбрекси и кршен камен). Има и фрагментирани камени плочи од гробни конструкции.
Микулчиќ И., 1975а, 191. (Ж.В.)

**Ежовите Падини**, населба од доцноантичкото време. Во северниот дел на селскиот атар се гледаат грамади од градежен камен, тегули и имбрекси, како и фрагменти од керамички садови и питоси.
Микулчиќ И., 1975б, 108. (Ж.В.)

**Лака**, некропола од римското време. Во источниот дел на селскиот атар се среќаваат тегули од конструкции на гробови од типот „на две води“.
Mikul~i} I., TIR, 109. (Ж.В.)

**Манастир Тиквеш**, сакрален објект од доцноантичкото време. На 1 km југозападно од селото се среќаваат грамади од градежен камен кои упатуваат на сакрален објект, со што на извесен начин се потврдува локалното предание. Најдени биле и фрагменти од архитектонска пластика, подоцна пренесени во селото Ресава.
Радовановић В., 1924, 434; Mikul~i} I., TIR, 109. (Ж.В.)

**Подрид**, некропола од римското време. Во североисточниот дел на селскиот атар, на чуката со исто име се откриени гробови од помала некропола.
Микулчиќ И., 1975б, 190; Mikul~i} I., TIR, 108. (Ж.В.)

**Разбиеница**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал (тегули, имбрекси и кршен камен). Видливи се и темели од објекти.
Микулчиќ И., 1975б, 190; Mikul~i} I., TIR, 109. (Ж.В.)

**Стари Лозја**, некропола од доцноантичкото време. Источно од селото се откриени камени плочи од гробни конструкции – тип циста.
Mikul~i} I., TIR, 108. (Ж.В.)

**Ушите**, населба од доцноантичкото време. На една мала површина на 600 m јужно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 108. (Ж.В.)

**Црвениково Брдо**, населба од римското време. Лежи на 2 km југоисточно од селото, на еден мал простор. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал: тегули, имбрекси и кршен камен.
Mikul~i} I., TIR, 109. (Ж.В.)

**Чаковец**, населба од неолитското и некропола од римското време. Се наоѓа на околу 2 km источно од селото, од левата страна на патот за селото Дабниште, односно десно од Дабнишка Река. Претставува ридска височина чија јужна страна стрмно се спушта и има отворен поглед кон коритото на реката. На другите страни се надоврзува на слични височини меѓусебно поврзани или одвоени со суводолици. Всушност, Чаковец и неговата околина се дел од масивот на планината Кожуф што како гребен се спушта кон селото и Црна Река. На врвот има нерамно плато, издолжено во правец север-југ, со простор од околу 6 хектара на кој се среќаваат фрагменти од неолитска керамика од поголема населба. Во 1986 година Музејот на Македонија извршил пробно ископување при што во културниот слој од 2 m се констатирани два хоризонта на живеење. Според типолошките карактеристики кај керамиката, во постариот хоризонт понагласено се присутни елементи од постариот неолит на Пелагонија, а во помладиот хоризонт елементи од постариот неолит на источна Македонија. Во источниот дел на локалитетот се откриени надгробни стели и една урна. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Микулчиќ И., 1975б, 191; Mikul~i} I., TIR 109; Санев В., 1987, 39. (В.С.)

**Шакалица**, вила рустика од римското време. На југоисточниот раб од селото се среќаваат фрагменти од тегули, имбрекси и керамички садови.
Микулчиќ И., 1971б, 280; Микулчиќ И., 1975б, 190; Mikul~i} I., TIR, 109. (Ж.В.)

## 37. РИБАРЦИ

**Бела Земја**, населба од римското време. На 2 km источно од селото, во непосредната близина на местото Бунар, каде што се плантажите на ЗИК „Тиквеш“, се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (тегули, имбрекси и кршен камен). (Ж.В.)

**Грамаѓе**, населба од неолитското време. На 2 km источно од селото, во непосредната близина на чешмата, по површината на повеќе лозја можат да се сретнат фрагменти од керамички садови со фина црвена боја и фрагменти со груба фактура украсени во барботин-техника. Се наоѓаат и орудија од камен и кремен. (Ж.В.)

## 38. РОЖДЕН

**Арничко**, населба и некропола од доцноантичкото време. Западно, во непосредната близина на селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (тегули, имбрекси и кршен камен). Најдени се и камени плочи од гробни конструкции.
Микулчиќ И., 1975б, 194; Mikul~i} I., TIR, 110. (Ж.В.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На висок рид, што се издига на левиот брег на Мајденска Река, кај утоката во Крушка Река, на зарамнетиот врв што зафаќа простор од 150 x 100 m се наоѓаат остатоци од одбранбен бедем, граден од камен и варов малтер. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. На северниот крај на теренот се зачувани грамади од згура од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1976, 242; Mikul~i} I., TIR, 110; Микулчиќ Г., 1987, 183. (А.К.)

**Долевица**, населба и топилница од доцноантичкото време. Во планинскиот предел Прибош и до истоименото маало се наоѓаат грамади од топена железна руда. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Керамидчиев А., 1976, 243. (А.К.)

**Дупкарови Колиби**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 5 km западно од селото, по површините на селските ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На локалитетот има остатоци од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1976, 242. (А.К.)

**Ѓоновица**, населба и топилница од доцноантичкото време. Под ридот Тумба, 3,5 km западно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Во непосредната близина на колибата на Р. Шипендиев има остатоци од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1976, 242. (А.К.)

**Извор**, населба и топилница од доцноантичкото време. Во непосредната близина на месноста Манастир, оддалечена 2 km западно од селото, на простор од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Исто така има и остатоци од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1976, 242. (А.К.)

**Крушите**, населба и топилница од доцноантичкото време. На висок преслап под ридот Смилот, во нивата на Р. Частојанов има множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Исто така, присутни се и остатоци од топена железна руда. Откриени се делови од темели на печка за топење со кружна основа и со пречник од 2,5 m. На 200 m од локалитетот се наоѓа стара рударска јама која има отвор висок 2,5 m, а широк 0,70 m.
Керамидчиев А., 1976, 243. (А.К.)

**Манастир**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, по површинта на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, множество градежен материјал, а се гледаат и темели од објекти. Исто така има и грамади од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1976, 242. (А.К.)

**Пештерна Црква**, средновековен сакрален објект. Високо над локалитетот Св. Петар, на раскрсницата на планинските патишта за Мајден и Мрежичко се гледаат грамади од градежен камен и покривни ќерамиди. (Ж.В.)

**Плочите**, населба и топилница од доцноантичкото време. На јужниот раб на селото, во нивите на П. Окардов и К. Ајков се наоѓа множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Во изобилство има и остатоци од топена железна руда, а на едни места се забележуваат темели од објекти.
Керамидчиев А., 1976, 242. (А.К.)

**Рамниште**, населба и топилница од доцноантичкото време. Во нивата на А. Новиов, што се наоѓа 3 km западно од селото и под ридот Горнов Дол, како и во соседните ниви се среќава голем број фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На простор од 200 x 200 m има згура од топена железна руда, и тоа во големи количества.
Керамидчиев А., 1976, 242. (А.К.)

**Рачеви Плевни**, населба и топилница од доцноантичкото време. На левиот брег на Дабов Дол, во непосредната близина на Арничко Маало, поточно во нивата на С. Рамнов, има големо присуство на фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На долниот крај на нивата, кој е како мала тераса, има остатоци од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1976, 243. (А.К.)

**Рулевец**, населба и топилница од доцноантичкото време. Се наоѓа на 4 km западно од селото. По површината на нивите се среќава згура од топена железна руда. Исто така има множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Керамидчиев А., 1976, 242. (А.К.)

**Св. Петар**, средновековен сакрален објект. Во непосредната близина на крстопатот за селата ’Ржаново-Мајден-Мрежичко, веднаш над составот на реките се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и грамади од градежен камен. (Ж.В.)

**Сиви Кладенец**, топилница од доцноантичкото време. Во непосредната близина на денешниот рудник на „ФЕНИ“, во дворното место на Ј. Сакалиев, кое

претставува висока тераса, се среќаваат остатоци од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1976, 242. (А.К.)

**Чакови Колиби**, населба и топилница од доцноантичкото време. На западниот раб на маалото Прибош, високо во планинскиот предел се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и градежен камен. Исто така, присутно е и големо количество згура од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1976, 243. (А.К.)

## 39. РОСОМАН

**Савова Чешма**, населба од римското време. На површина од 150 x 100 m, на северниот раб на селото, на 200 m од селските гробишта и на двете страни на асфалтниот пат за Градско има множество фрагменти од керамички садови и градежен материјал (тегули, имбрекси и кршен камен). (Ж.В.)

**Селски гробишта**, старохристијанска базилика. Во северниот дел на селските гробишта се гледаат фрагменти од мермерна архитектонска пластика (стебла од столбови, архитравни греди и парапетни плочи).
Mikul~i} I., TIR, 110; Лилчиќ В., 1989, 78. (Ж.В.)

**Ќуровец**, населба од доцноантичкото време. На 500 m западно од селото, на простор од околу 1 хектар, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и градежен камен.
Josifovska B., TIR, 110. (Б.J.)

**Чешма**, осамен наод од римското време. На јужниот раб на селото, во непосредната близина на осумгодишното училиште е откриена масивна мермерна плоча со релјефна претстава на Тракиски коњаник. Плочата се чува во Музејот и галерија во Кавадарци. (Ж.В.)

## 40. СИРКОВО

**Поточе – Бавче**, осамен наод од римското време. Во 1947 година С. Несторов во потокот случајно нашол стела од бел мермер украсена со розети и со натпис на грчки јазик. Подоцна стелата била cosидана во селската чешма.
Јосифовска Б., 1953, 237. (Б.J.)

**Пржелка**, населба од римското време. Во непосредната близина на автопатот Градско-Прилеп, на простор од 100 x 70 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси, како и градежен камен. (Ж.В., С.С.)
**Сирките**, населба од доцноантичкото време. На 2 km североисточно од селото, на блага падина со површина од 200 x 150 m, што се спушта кон исток, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал (камен, тегули и имбрекси).
Соколовска В., 1987, 71. (Ж.В., С.С.)

**Струплива Чешма**, некропола од хеленистичкото и римското време. На југозападниот раб на селото, на една блага падина се констатирани гробови градени со камени плочи – тип циста. Најдена е и надгробна стела со грчки натпис што се чува во Музејот во Кавадарци.
Битракова Грозданова В., Дакиќ Д., 1991, 201–212. (Ж.В.)

**Табаница**, осамен наод од римското време. Во современата чешма, покрај патот што води за селото Росоман, бил вграден споменик од мермер со латински натпис, подигнат од страна на градот Стоби во чест на царот Хадријан. Во 1954 година споменикот е изваден и пренесен во лапидариумот на Археолошкиот Музеј на Македонија, односно во денешниот Музеј на Македонија во Скопје.
Сарија Б., 1929, 7; Јосифовска Б., 1961, 88. (Б.J.)

**Чернец**, населба од римското време. Помеѓу селото и автопатот Градско-Прилеп, на површина од 100 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ж.В.)

## 41. СОПОТ

**Вршник**, населба од доцноантичкото време. На западниот раб на селото, по површината на нивите можат да се најдат голем број фрагменти од керамички садови и градежен материјал (тегули, имбрекси и кршен камен). Исто така има и фрагменти од архитектонска пластика.
Vuli} N., 1938a, 19. (Ж.В.)

**Црквиче**, населба од доцноантичкото време. На границата со атарот на селото Курија се забележуваат остатоци од помала населба. Има множество градежен материјал и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

## 42. СТРАГОВО

**Падарница**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото, на висок рид со доминантна положба се среќаваат грамади од кршен камен и фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси и тегули, како и камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В.)

## 43. ТРСТЕНИК

**Макарија**, утврдена населба од римското време. На 1 km југозападно од селото, на висок рид со доминантна положба се среќаваат грамади од градежен камен, а се гледа и трасата на темелите од тврдината што ја заштитувала населбата. Спорадично има и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

**Сред село**, средновековна населба. Во средишниот дел на селото, по површината на дворовите и бавчите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ж.В.)

## 44. ФАРИШ

**Дабица**, некропола од римското време. Во непосредната близина на училиштето се откриени повеќе гробови од тегули од типот „на две води“ и една ара профилирана од сите страни која подоцна е поставена во олтарот на селската црква како база за чесната трпеза. (Ж.В.)

**Св. Богородица**, осамен наод од римското време. Во олтарот на селската црква се наоѓа делумно оштетена мермерна ара која служи како база за чесната трпеза. (Б.К., Л.К.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km југоисточно од селото, од левата страна на рекичката, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. (Б.К., Л.К.)

**Стража**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 2 km југоисточно од селото, на котата 441 и на околу 500 m југоисточно од локалитетот Селиште има масивен ѕид што го опкружува ридот. На зарамнетиот рид се наоѓаат остатоци од темели на градби и множество фрагменти од тегули, имбрекси и градежен камен. (Б.К., Л.К.)

## 45. ЧЕМЕРСКО

**Порта**, утврдена населба од римското време. На границата со атарот на селото Бохула, оддалечена 8 km јужно од селото, на рид со впечатливо поволна местоположба се забележуваат остатоци од фортификација (градежен камен, тегули и имбрекси), а спорадично и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

**Св. Врач – Гумниште**, некропола од римското време.
Радовановић В., 1924, 303; Vuli} N., 1938a, 7; Вулић Н., Сп. LXXV, 139. (Д.Г.)

## 46. ШЕШКОВО

**Градиште**, градиште од железното, раноантичкото и римското време. На утоката на Дреновица во Црна Река, на висок рид со зарамнет врв се среќаваат фрагменти од керамички садови, грамади од градежен камен, а наместа се гледа и трасата од темелите на бедемот.
Микулчиќ И., 1975б, 193. (Ж.В.)

**Киштино**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km југозападно од селото, на простор од 100 x 70 m се наоѓаат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. Констатирани се и камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (Ж.В.)

**Манастирот**, средновековен сакрален објект. На 2 km северозападно од селото се наоѓаат грамади од градежен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. (Ж.В.)

**Тумба**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1 km североисточно од селото, на простор од 150 x 100 m, од двете страни на селскиот пат што води од браната на Тиквешко Езеро кон селото Шешково се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. Во профилот се гледаат камени плочи од гробови – тип циста.
Микулчиќ И., 1975б, 192. (Ж.В.)

## 47. ШИВЕЦ

**Пашини Грамади**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во нивата на Т. Лазов, која е источно од селската црква, се наоѓаат грамади од градежен камен и множество фрагменти од керамички садови. Најдени се и делови од надгробни стели со грчки натписи.
Радовановић В., 1924, 447; Vuli} N., 1938a, 20. (Ж.В.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Во подножјето на Љубаш се среќаваат фрагменти од керамички садови, а најдени се и бронзени монети од Максимијан кои се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Ж.В.)

# XIII. КИЧЕВО


1. Арангел ..... 162
2. Атишта ..... 162
3. Бачишта ..... 162
4. Белица ..... 162
5. Бериково ..... 162
6. Бигор Доленци ..... 162
7. Брждани ..... 162
8. Велмевци ..... 163
9. Видрани ..... 163
10. Вранештица ..... 163

11. Грешница ........................................................ 164
12. Длапкин Дол ..................................................... 164
13. Другово ........................................................... 164
14. Дупјани ........................................................... 164
15. Жубрино .......................................................... 164
16. Зајас ................................................................ 164
17. Јудово .............................................................. 164
18. Карбуница ....................................................... 164
19. Кичево ............................................................. 165
20. Кладник ........................................................... 165
21. Кленоец ........................................................... 166
22. Кнежино .......................................................... 166
23. Козица ............................................................. 166
24. Козичино ......................................................... 166
25. Колари ............................................................. 166
26. Колибари ......................................................... 166
27. Лазоровци ........................................................ 166
28. Лешница .......................................................... 167
29. Лисичани ......................................................... 167
30. Мамудовци ...................................................... 167
31. Миокази ........................................................... 167
32. Орланци ........................................................... 169
33. Осломеј ............................................................ 169
34. Осој .................................................................. 169
35. Папрадиште ..................................................... 169
36. Подвис ............................................................. 169
37. Пополжани ...................................................... 170
38. Премка ............................................................. 170
39. Рабетино .......................................................... 170
40. Раштани ........................................................... 170
41. Светораче ........................................................ 170
42. Свињиште ....................................................... 170
43. Србица ............................................................. 170
44. Србјани ............................................................ 169
45. Стаорец ........................................................... 170
46. Стрелци ........................................................... 171
47. Тајмиште ......................................................... 171
48. Туин ................................................................. 171
49. Цер ................................................................... 171
50. Црвивци ........................................................... 171
51. Челопеци ......................................................... 171

## 1. АРАНГЕЛ

**Манастириште**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km јужно од селото, во нивата на Шефки Адиловски во 1958 година биле откриени две мермерни плочи. Во неговата и во соседните ниви по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 17. (Г.С.Д.)

**Меѓа – Манастириште**, старохристијанска базилика. На околу 600 m источно од локалитетот Манастириште, на една мала височинка се гледаат темели од поголем објект обраснат со вегетација. По површината има расфрлено фрагменти од тегули и градежен материјал. Според димензиите и ориентацијата (исток-запад), би можело да се претпостави дека се работи за старохристијанска базилика. (Г.С.Д., В.С.)

**Меркулија**, градиште од доцноантичкото време. Источно од селото се издига висок рид со доминантна положба. На врвот, кој има зарамнето плато, се гледаат темели од објекти, а на источната страна, каде теренот започнува да се спушта каскадно, има остатоци од одбранбена кула. По површината на платото и по падините се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Г.С.Д., В.С.)

**Старо Село**, средновековна црква и некропола. Во централниот дел на селото, на една мала височинка, особено покрај продавницата, има некропола со гробови подѕидани со камени плочи. На средината од некрополата има темели од мала еднокорабна црква со димензии од 6 x 4 m. (Г.С.Д., В.С.)

## 2. АТИШТА

**Арбанасинец**, населба и некропола од доцноантичкото време. На околу 1 km северозападно од селото, во нивите западно од црквата Св. Димитрија, крај патот за селото Вранештица, на површина од 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Според кажувањето на жителите, со земјоделските работи биле откривани гробни конструкции од камени и мермерни плочи.
Mikul~i} I., TIR, 19. (Г.С.Д.)

## 3. БАЧИШТА

**Римски Гробишта**, некропола од доцниот среден век. На околу 200 m северозападно од селото, на височинка што се издига над малата селска црква, од поројните води се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста, со ориентација исток-запад. (Г.С.Д., В.С.)

## 4. БЕЛИЦА

**Горно Село**, некропола од доцноантичкото време. На околу 800 m југоисточно од селото, во нивите на Антоние, Славе и Васил Сеткароски и Стојан Грозданоски, распослани на мала височинка што потсетува на могила, има грамади од камења насобрани при расчистувањето на нивите. Југоисточно од оваа месност се наоѓа слична могила на која се гледаат вкопани камења. На повеќе места на локалитетот има дупки копани од диви копачи.
Смиљанић Т., 1935, 339-384. (Г.С.Д., В.С.)

**Св. Александрија**, средновековна црква и некропола. Според исказите на Васил Штерјоски и Крсте Секулоски, денешната црква била подигната врз темелите на постара црква. Во 1912 година, при расчистувањето на просторот од источната страна на црквата бил откриен гроб во кој имало сребрени

монети што биле однесени од српскиот началник. (Г.С.Д.)

## 5. БЕРИКОВО

**Рајцажет**, рудник од доцниот среден век. Се наоѓа на 2 km северно од селото, на висок рид што има неколку преслапи. Непосредно под врвот теренот е прекопуван и се гледаат траги од рударски копови. Овде во поново време се изведувани геолошки истражувања. (Г.С.Д.)

## 6. БИГОР ДОЛЕНЦИ

**Св. Антониј**, населба од бронзеното време. Во атарот на селото, југоисточно од црквата Св. Антониј, покрај патот Кичево-Брод, по површината на една бигорна тераса се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и коска. (Г.С.Д.)

## 7. БРЖДАНИ

**Богородичина Краста**, тврдина од доцноантичкото време. Се наоѓа на висок рид меѓу селата Свињиште и Брждани, со добра прегледност над коритото на Бржданска Река и патот Кичево-Битола. На врвот има рамно плато, издолжено во правец исток-запад, кое на јужниот крај е карпесто и стрмно. Со исклучок на карпестиот дел, рабовите на платото ги следат остатоци од бедем широк од 1 до 1,5 m што наместа се наѕира. Целото плато е речиси прекопано од селаните, од потрагите по драгоцености и градежен камен. Така, во западниот крај се гледаат темели од објект со повеќе простории од кои една има димензии од 5 x 5 m, а приближно на средината темели (широки 0,70 m) од објект со габарит од 8 x 8 m, организиран во две еднакви простории, ѕидан од кршен камен и варов малтер. Во шутот покрај ѕидовите има и парчиња од градежни тули широки 15 и дебели 2 cm. Според сеќавањата на Цветан Мирчевски, во 1932 и 1933 година учениците од селото заедно со својот учител работеле на раскопувањето на темелите при што ваделе и парчиња малтер со траги од живопис. (Г.С.Д., В.С.)

Богородичина Краста, с. Брждани. – Доцноантичка тврдина

**Водици**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа на околу 300 m западно од селото, на блага падина во непосредната близина на изворот. На простор од 30 x 50 m се забележуваат расфрлени камени плочи, а на неколку места гробни конструкции од камени плочи. Во еден од диво прекопаните гробови е најдена леана бронзена обетка, од типот „гроздовидни“ обетки, од X-XII век. На едниот крај на теренот се гледаат остатоци од ѕидови на црква. Наодите се чуваат во Музејот во Кичево. (Г.С.Д.)

**Селиште**, населба со топилница и некропола од доцноантичкото време. На околу 1,5 km западно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал и згура од топена железна руда. Според кажувањето на мештаните, на теренот имало големи камени плочи од гробни конструкции.
Смиљанић Т., 1935, 339-485. (Г.С.Д., В.С.)

**Селце**, населба од доцноантичкото време. На околу 2 km северно од селото, во нивите на Цветан Пандоски, Цветан Мирчески и Денко Апостолоски се откривани темели од ѕидови на објекти, а на површината се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и множество градежен материјал. Податокот на Т. Смиљаниќ во врска со надгробна плоча со латински натпис можеби се однесува на локалитетот Селце.
Смиљанић Т., 1935, 339-485. (Г.С.Д., В.С.)

## 8. ВЕЛМЕВЦИ

**Беројци**, средновековен рудник. На 2 km североисточно од селото, во близината на новиот асфалтен пат Железнец-Белица се откриени остатоци од стар рудник. (Г.С.Д.)
**Меризим**, населба од доцноантичкото време.
Смиљанић Т., 1935, 339-485. (Д.Г.)

## 9. ВИДРАНИ

**Градиште**, некропола од доцноантичкото време. Непосредно до источниот крај на селото, покрај современиот пат Кичево-Битола, на брегот на Брежанска Река се гледаат гробови градени од камени плочи – тип циста. Според кажувањето, биле најдени и керамички садови.
Спасовска Димитриоска Г., 1989. (Г.С.Д.)

## 10. ВРАНЕШТИЦА

**Градиште**, средновековна населба и некропола. Се наоѓа на околу 1,5 km југоисточно од селото, покрај мала рекичка. Во нивата на Мите Бојоски со орањето бил најден питос што и денес се чува кај сопственикот. На површината се среќаваат грамади од кршен камен, покривни ќерамиди, како и камени плочи од гробни конструкции. (Г.С.Д.)

**Кале**, утврдување од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 4,5 km јужно од селото, високо во планината, во непосредната близина на стариот пат Кичево-Битола. Овде постојат три височинки именувани како Горно, Средно и Долно Кале. Според кажувањето на жителите, на една од нив се гледале ѕидови од утврдување, кои денес малку се забележуваат. Т. Смиљаниќ споменува дека на овој локалитет биле најдени старо оружје и големи керамички садови.
Смиљанић Т., 1935, 339-485. (Г.С.Д., В.С.)

**Св. Ѓорѓи**, црква и некропола од доцниот среден век. Црквата се наоѓа јужно од селото, на една мала височинка. Има правоаголна основа со мали димензии и покрив на две води од камени плочи, а на источната страна мала полукружна апсида. Внатре, ѕидните површини се покриени со фрескоживопис. Градена е во XVI-XVII век. Околу неа има некропола со гробови од камени плочи. (Г.С.Д.)

**Св. Илија**, црква и некропола од доцниот среден век. Непосредно до селото, од јужната страна, на мала височинка со зарамнето плато се наоѓа црквичката Св. Илија, подигната во XVII век. По обликот и димензиите е слична на црквичката Св. Ѓорѓи. Архитектурата и живописот се во мошне лоша состојба. Околу неа има некропола со гробови од камени плочи. (Г.С.Д.)

## 11. ГРЕШНИЦА

**Градиште**, рефугиум од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 60. (Д.Г.)

## 12. ДЛАПКИН ДОЛ

**Чукаре**, утврдена населба од железното, хеленистичкото, римското и доцноантичкото време. Се наоѓа во непосредната близина на селото, од неговата северна страна, на висок рид што се издига над железничкиот мост и коритото на Мала Река. На врвот, кој има зарамнето плато со површина од 200 x 150 m, се зачувани остатоци од населба со одбранбен бедем ѕидан од камен и варов малтер. На површината се присутни фрагменти од керамички садови, градежен материјал и згура од топена железна руда. Керамиката според фактурата, изработката, типологијата и украсувањето е од различни временски и културни епохи. Наодите се чуваат во Музејот во Кичево.
Смиљанић Т., 1935, 339-385; Спасовска Димитриоска Г., 1994, 49-56. (Г.С.Д.)

## 13. ДРУГОВО

**Римска Црква**, средновековна некропола. Во непосредната близина на црквата Св. Недела, од северната страна постои грамада од кршен камен долга 20 m, широка 5 m и висока 1,5 m. При изградбата на црквата, според кажувањето на Апостол Тодевски, од грамадата биле вадени камења при што биле откриени седум гроба во кои имало гробни прилози. Исти такви гробови биле откриени и покрај селскиот пат што поминува од западната страна на црквата и грамадата. (Г.С.Д., В.С. )

## 14. ДУПЈАНИ

**Латински Гробишта**, средновековна некропола. На околу 100 m јужно од селото, лево од патот се откриени повеќе гробови градени од камени плочи со ориентација исток-запад. (Г.С.Д., В.С. )

**Римски Гробишта**, средновековна некропола. Во селото, близу до куќата на Томе Сејоски и покрај селскиот пат се гледаат гробови градени од камени плочи – тип циста. (Г.С.Д., В.С.)

**Рудиње**, некропола од доцноантичкото време.
Смиљанић Т., 1935, 339-485. (Д.Г.)

## 15. ЖУБРИНО

**Бунаричек**, средновековна црква. На околу 700 m северозападно од селото, на блага падина што се спушта кон полето, по површината се забележуваат ровови од кои биле вадени камења од темелите на средновековна црква со димензии од 8 x 6 m, поставена во правецот исток-запад. (Г.С.Д., В.С.)

## 16. ЗАЈАС

**Железничка станица**, некропола од доцноантичкото време. Во 1969 година, при градењето на пругата

Скопје-Кичево, во близината на денешната железничка станица случајно бил откопан гроб ѕидан од тули, од средината на IV век. Меѓу гробните прилози се најдени и две големи амфори од стакло. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Битракова В., 1966, 95-97. (Г.С.Д.)

## 17. ЈУДОВО

**Кршојне**, средновековен рудник и топилница. На околу 3 km западно од селото, на десниот брег на долот се забележуваат остатоци од експлоатација на руда и множество згура од топена железна руда. (А.К.)

**Ливадиште**, некропола од доцноантичкото време.
Смиљанић Т., 1935, 339-485. (Д.Г.)

## 18. КАРБУНИЦА

**Каленско Плење**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km југоисточно од селото, во непосредната близина на раскрсницата за селата Србјани и Староец се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси и множество градежен материјал. (Г.С.Д., В.С.)

**Калојанска Црква**, средновековна црква и некропола. Во непосредната близина на селото, од неговата североисточна страна, лево од патот што води за Кичево се забележуваат остатоци од мала еднокорабна црква и околу неа гробови градени од камени плочи – тип циста, поставени во правец исток-запад. При изградбата на патот биле уништени повеќе гробови во кои имало монети. (Г.С.Д., В.С.)

**Крастица**, средновековна некропола. На околу 500 m под чешмата Јасиковец, на патот за селото Кладник, во 1976 година Страхил Наумоски открил гробови од камени плочи со ориентација исток-запад. (Г.С.Д., В.С.)

**Кржалица**, населба и некропола од хеленистичкото и доцноантичкото време. На околу 700 m североисточно од селото, во нивата на Кице Ристески и во околните ниви, при обработувањето на земјата се наидувало на темели ѕидани од кршен камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а наместа се забележуваат и гробни конструкции од камени плочи. Според кажувањето, во еден од гробовите биле најдени меч, копје и керамички садови.
Спасовска Димитриоска Г., 1987а, 81-82; Спасовска Димитриоска Г., 1989, 143-151. (Г.С.Д.)

**Св. Богородица**, средновековна црква. На околу 800 m под селото, на мала височинка обрасната со густа шума се забележуваат темели од мала еднокорабна црква која, според мештаните, била посветена на св. Богородица. (Г.С.Д., В.С.)

**Фрњомлака**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m јужно од селото, во нивата на Славе Таневски се откриени темели од ѕидови, а по површината се наоѓа множество фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. (Г.С.Д., В.С.)

## 19. КИЧЕВО

**Китино Кале**, утврдена населба од бронзеното и железното време и средниот век. На висок рид со две платоа, кој претставува најдоминантна точка во средишниот дел на градот, се гледаат остатоци од темели од бедем и кули. По површината има фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Најдени се и монети.
Спасовска Димитриоска Г., 1990, 103-118; Спасовска Димитриоска Г., 1994, 49-56. (Г.С.Д.)

**Китка**, депо на средновековни монети. Според податоците дадени од Блага Алексова, при обработувањето на земјата биле најдени 27 српски динари од XIV век што се чуваат во Музејот на Македонија.
Алексова Б., 1955, 17. (Г.С.Д.)

**Околината на Кичево**, депо на средновековни монети. Како што известува Б. Сарија, во 1921 година во околината на градот биле најдени сребрени средновековни монети од кои 303 динари од XIV век, 2 венецијански гроша и 41 српски фалсификат на венецијански грошеви. Монетите се чуваат во Народниот музеј во Белград
Сарија Б., 1925, 73-91; Алексова Б., 1955а, 17. (Г.С.Д.)

**Палатишта**, населба од римското време. Претставува мала височинка што доминира над околниот терен, оддалечена околу 700 m западно од ДК „Копачка“, од левата страна на патот Кичево-Охрид. По површината се гледаат грамади од градежен материјал, а околу нив и фрагменти од керамички садови. Оттука потекнуваат и мермерни плочи најдени во нивата на Дестан Митрески од селото Другово.
Спасовска Димитриоска Г., 1994, 49-56. (Г.С.Д., В.С.)

**Чука**, населба од бронзеното време. Се наоѓа на 1 km североисточно од селото, десно од патот за Осломеј. Претставува мала височинка на чија површина се среќаваат фрагменти од бронзеновременска керамика. (Г.С.Д.)

**Џума џамија – Султан Бајазит џамија**, средновековен објект. При изведувањето на земјените работи за изградба на шадрванот, во дворот на џамијата биле откриени фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал, што наведува на претпоставка дека во неговата непосредна близина се наоѓал средновековен објект.
Спасовска Димитриоска Г., 1993а, 252-263. (Г.С.Д.)

## 20. КЛАДНИК

**Ѓурѓејца**, населба и некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1,5 km североисточно од селото, на блага падина што се спушта кон југ. На простор од 50 x 100 m по површината се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. На северниот крај на теренот се откриени гробови градени од камени плочи. На локалитетот е подигнато спомен-обележје на борците од овој крај паднати во Илинденското востание.
Спасовска Димитриоска Г., 1989а, 43-50. (Г.С.Д.)

**Корита**, населба и некропола од римското време. На околу 2 km југозападно од селото, при обработувањето на нивите се откривани темели од објекти и гробови. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, а според кажувањето на мештаните, најдени се монети и бронзена статуетка на богот Меркур.
Спасовска Димитриоска Г., 1988, 133-138. (Г.С.Д.)

Корита, с. Кладник. – Богот Меркур, III-IV век

**Лакајца**, средновековна црква и некропола. На границата на атарите на селата Кладник и Козица, од десната страна на Козичка Река, непосредно до асфалтниот пат Кичево-Битола, според кажувањето на Стојан Ѓорчески, чија куќа се наоѓа во непосредната близина, на нивите се среќаваат фрагменти од градежни тули, а имало и темели од мала еднокорабна црква. При изградбата на патот Кичево-Битола се откриени и гробови градени од камени плочи. (Г.С.Д.)

## 21. КЛЕНОЕЦ

**Селиште**, средновековна црква и некропола. На околу 500 m источно од селото, на мала височинка со стрмни падини е изградена црква посветена на св. Богородица. Црквата е подигната врз темели од стара црква околу која имало гробови градени од камени плочи. (Г.С.Д., В.С..)

## 22. КНЕЖИНО

**Кнежински Манастир**, средновековна црква и некропола. На околу 1,5 km југозападно од селото се наоѓа мала црква со конак, посветена на св. Ѓорѓи. Изградена е во поново време, врз темели на постара црква од која на јужната и источната страна сè уште се назираат ѕидови. Околу црквата биле откриени гробови градени од камени плочи. Според историските записи, старата црква активно функционирала во времето на кралот Милутин.
Петковић В., 1950, 145; Спасовска Димитриоска Г., 1993а, 253-263; Спасовска Димитриоска Г., 1994, 49-56. (Г.С.Д., В.С.)

## 23. КОЗИЦА

**Голо Бртце**, населба од хеленистичкото и доцноантичкото време. Во атарот на селото, на висок издолжен рид што стрмно се спушта кон Беличка Река и современиот пат Кичево-Битола, на зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови, а биле најдени и бронзени монети. Исто така има многу остатоци од топена железна руда.
(Г.С.Д.)

## 24. КОЗИЧИНО

**Преображение**, некропола од доцноантичкото време.
Смиљанић Т., 1935, 339-485. (Д.Г.)

## 25. КОЛАРИ

**Црквиште**, средновековна некропола. На североисточниот раб на селото, со заштитните археолошки ископувања во 1966 година се откриени средновековна некропола и остатоци од мала црква. Гробовите се градени од големи камени плочи со ориентација исток-запад. Во гробовите не се најдени други наоди освен железни клинци. (Г.С.Д.)

## 26. КОЛИБАРИ

**Кокале**, средновековна некропола. Се наоѓа во близината на селото, на мала височинка, каде при обработувањето на земјата мештаните откриле повеќе гробови со конструкција од камени плочи. (Г.С. Д., В.С.)

**Римски Гробишта**, населба од доцноантичкото време. На околу 3 km од селото, во правецот на реката Сатеска и во непосредната близина на патот Кичево-Скопје, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Г.С.Д., В.С.)

## 27. ЛАЗОРОВЦИ

**Рашо Ливада**, депо на средновековни монети. Во нивата на Блаже Никодиноски во 1936 година е најдено депо на средновековни српски монети кои денес се чуваат кај Михајло Милососки од селото Лазоровци. (Г.С.Д., В.С.)

**Сретсело**, раносредновековна населба. Во централниот дел на селото мештаните откриле темели од објекти градени од камен и варов малтер, водоводни цевки и друг градежен материјал. Откриени се и фрагменти од питоси. (Г.С.Д., В.С.)

**Стар Задел – Еѓупски Дол**, депо на сребрени монети од римското време. При експлоатацијата на камен, Димо Милососки во 1961 година нашол повеќе сребрени монети од кои неговиот син зачувал само 7. Временски, монетите му припаѓаат на II-I век пред н.е. и се ковани во ковниците Дирахиум и Аполонија. Еден дел се чува и во Музејот во Кичево.
Спасовска Димитриоска Г., 1988, 133-138. (Г.С.Д., В.С.)

## 28. ЛЕШНИЦА

**Римски Гробишта**, средновековна некропола. Во непосредната близина на црквата Св. Кузман и Дамјан, при изградбата на патот што води кон селото, во 1946/47 година се откриени повеќе гробови, а дел од нив се гледаат и во профилот на засекот. Градени се од камени плочи, со ориентација исток-запад. (Г. С.Д., В.С.)

## 29. ЛИСИЧАНИ

**Задел**, средновековна црква. На околу 1,5 km западно од селото, на падините на планината се наоѓаат грамади од градежен материјал кој припаѓа на објект чии димензии не можат да се одредат. (Г.С.Д., В.С.)

**Крастица – Старо Село**, средновековна населба. На околу 2 km источно од селото, од десната страна на Велика Река и во подножјето на планината Баба Сач се забележуваат грамади од градежен материјал. Според Ј. Трифуноски, Крастица е старо село чие име се споменува во историските записи од втората половина на XV век.
Trifunoski J., 1975, 297-388. (Г.С.Д., В.С.)

**Сретсело**, некропола од железното време. При изградбата на индивидуалните станбени објекти, поставувањето на водоводот и други градежни работи мештаните откриле повеќе гробови градени од камени плочи. Според нивното кажување, во гробовите биле најдени керамички садови, метални предмети: игла, торквес, прстен и др. Предметите биле однесени во Белград од Живко Замаковиќ, тогашен учител во селото. (Г.С.Д., В.С.)

## 30. МАМУДОВЦИ

**Бара**, средновековна некропола. На околу 2 km од селото, високо во планината се откриени гробови градени од камени плочи. Мештаните местото го викаат уште и Римски Гробишта. (Г.С.Д., В.С.)

**Бигор**, населба од доцноантичкото време. На околу 200-300 m западно од селото, во нивата на Ахмед Муслиоски со орањето се откриени темели на ѕидови. По површината има градежен материјал, тегули и имбрекси, варов малтер, камен и фрагменти од керамички садови за секојдневна употреба. (Г.С.Д.)

## 31. МИОКАЗИ

**Градиште – Венец**, населба од неолитското, железното, хеленистичкото, римското и доцноантичкото време и средниот век. На околу 800 m југоисточно од селото се издига височинка издолжена во правец запад-исток. Од нејзината западна страна има помала височинка со правилна конусна форма наречена Крст, одвоена од градиштето со мал преслап. Северната страна на градиштето стрмно се спушта кон коритото на Рабетинска Река, над која, од спротивната страна, се издига високиот рид Кале. Што се однесува до источната и јужната страна, тие се поблаги и се спуштаат кон рамното поле низ кое минува патот Кичево-Брод, а малку подалеку од него е коритото на Велика Река. Градиштето е опкружено со масивен бедем широк 2 m, од кој се зачувани темелите, наместа високи 2 до 3 m. На бедемот има 12 кули со димензии од 6 x 6 m, распоредени на 20 до 30 m една од друга. Како засилување на безбедноста, на западниот крај, пред бедемот бил подигнат заштитен ѕид. Внатрешниот простор на

Градиште – Венец, с. Миокази. – Бедемите од населбата од V-VI век (М.М.)

градиштето има нерамна конфигурација, а на површината е присутно множество кршен камен, тегули, тули и друг градежен материјал. На одделни места се гледаат дури и темели од ѕидови на помали објекти. Во 1979 и 1981 година се вршени сондажни ископувања при што се откриени остатоци од сакрална градба – базилика од V-VI век, гробови од некропола од X-XI век, архитектонски остатоци од два доцноантички станбени објекта, како и неолитски артефакти. Подвижниот археолошки материјал откриен со овие работи недвосмислено покажува дека во градиштето се живеело долго, од доцниот неолит до средниот век. Наодите се чуваат во Музејот во Кичево.
Спасовска Димитриоска Г., 1987, 167-175; Спасовска Димитриоска Г., 1989a, 43-50. (Г.С.Д.)

**Дирек**, населба од римското време. Јужно од локалитетот Градиште – Венец, поточно од неговото подножје до патот Кичево-Брод, по површината на нивите се среќава множество градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друго. (Г.С.Д., В.С.)

**Зад Чука**, населба од римското време. При изградбата на патот Миокази - Св. Рача, во непосредната близина на бетонскиот мост биле откриени темели од објекти и тркалезни тули – суспензури од хипокауст. Димитрија Каранфилоски при орањето на нивата открил керамички сад во кој имало монети кои не се зачувани. (Г.С.Д., В.С.)

**Кале**, утврдена населба од римското време. На околу 1 km источно од селото, во непосредната близина на локалитетот Градиште, од левата страна на Рабетинска Река, на висок рид со зарамнето плато се гледаат темели од одбранбен бедем граден од камен и варов малтер. По површината се среќаваат грамади од градежен материјал. (Г.С.Д., В.С.)

**Крст**, некропола од римското време. На околу 250 m западно од локалитетот Градиште, на мала височинка, во нивата на Владо Ѓурчиноски во 1936/37 година неговиот татко при орање открил гроб со конструкција од монолитни камени плочи. Во гробот нашол керамички сад полн со пепел и јаглен. (Г.С.Д., В.С.)

**Топлец**, населба од доцноантичкото време. На околу 300 m северно од селото, во нивата на Живко Симоноски и во околните ниви при обработувањето на земјата мештаните наидувале на темели од објекти. Денес по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди, како и згура од топена железна руда. (Г.С.Д., В.С.)

## 32. ОРЛАНЦИ

**Рамниште**, средновековна населба. На околу 2,5 km северозападно од селото, на терен обраснат со шума се гледаат грамади од градежен материјал. Според кажувањето на мештаните, на ова место било старото село. (Г.С.Д., В.С.)

**Св. Ѓорѓи**, средновековна црква. Во непосредната близина на селото, од неговата северна страна се издига височинката Краста. На врвот се наоѓаат остатоци од темели на објект со димензии од 4 x 5 m, граден од делкани камења. Мештаните го сметаат за култно место и до ден-денес останала традицијата тука да се палат свеќи. (Г.С.Д., В.С.)

**Св. Никола**, средновековна црква. Во северниот дел на селото се наоѓа црквата Св. Никола, која е подигната врз темелите на стара црква. (Г.С.Д., В.С.)

## 33. ОСЛОМЕЈ

**Алексова Нива**, населба од доцноантичкото време. При изградбата на бараките за потребите на ТЕ „Осломеј“ работниците откриле питоси, керамички садови, водоводни керамички цевки и друго.
Смиљанић Т., 1935, 339-385; Проева Н., 1989, 77-84. (Г.С.Д., В.С.)

## 34. ОСОЈ

**Јачмиште**, доцносредновековна некропола. На околу 1 km западно од селото, при копање на канал за наводнување биле откриени и уништени 12 гроба градени од камени плочи, поставени во правецот исток-запад. Во еден од гробовите било најдено бронзено копче. (Г.С.Д., В.С.)

**Латинска Црква – Митрина Нива**, средновековна црква и некропола. На околу 2 km западно од селото, од десната страна на патот се откриени темели од стара црква. Наспроти нив, лево од патот се гледаат гробови градени од камени плочи. (Г.С.Д.)

**Миљо Костенче**, средновековна некропола. На источната страна на селото, во непосредната близина на некогашниот задружен дом, од левата страна на патот се гледаат гробни конструкции градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. Оваа месност мештаните ја нарекуваат уште и Римски Гробишта. (Г.С.Д.)

**Раздол**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на североисточната страна на селото, на блага падина под ритчето Белутрак. Во 1917 и 1918 година, обработувајќи ја својата нива, Миле Софрониевски открил повеќе гробови градени од камени плочи во кои имало коски од покојниците и керамички садови. (Г.С.Д., В.С. )

**Црквиште – Присој**, населба од доцноантичкото време. Западно од селото, во лозјето на Ристо Гавриловски се откриени камени плочи, фрагменти од питоси и керамички садови и множество градежен материјал. (Г.С.Д., В.С.)

## 35. ПАПРАДИШТЕ

**Добра Вода**, утврдена населба од доцноантичкото време. Над селото има висок рид со доминантна положба, кој мештаните го нарекуваат уште и Св. Пантелејмон. На зарамнетиот врв се наоѓаат грамади од градежен материјал и одвај забележливи темели од одбранбен бедем. (Г.С.Д., В.С. )

## 36. ПОДВИС

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото има голема височинка со стрмни страни, што се наоѓа источно од суводолицата Плевење и северно од патот Кичево-Охрид. Врвот ѝ е зарамнет, со површина од 50 x 25 m, опкружен со бедем чии темели можат прилично добро да се насетат. Според кажувањето на мештаните, до скоро време бедемот бил видлив на повеќе места. Денес во просторот на градиштето има множество фрагменти од питоси, покривни ќерамиди, купишта кршен камен и друг градежен материјал. На источната страна, во подножјето, во нивите на Санде Дамјаноски и Живко Китаноски се најдени два примерока од архитектонска декоративна пластика, поточно, капител и квадратен блок од мермер. Капителот е во облик на пресечена пирамида на која трите страни ѝ се украсени со орнамент во облик на лушпи од риба, додека на четвртата (челната) има четвртесто поле во кое се врежани буквите KOY, изведени во римска капитела. Што се однесува до блокот, на горната страна има врежано каналче за поврзување со олово, според што може да се претпостави дека имал функција на некаков постамент, можеби база на столб. По површината на нивите има доста фрагменти од тегули. Наодите се чуваат во Музејот во Кичево.
Спасовска Димитриоска Г., 1989а, 43-50; Спасовска Димитриоска Г., 1994, 49-56. (Г.С.Д., В.С.)

## 37. ПОПОЛЖАНИ

**Во селото**, населба од римското време. Кај задружниот дом, во дворовите на Диме Најденоски, Славе Наумоски и соседните, при копањето на бунари се наидувало на темели од ѕидови на објекти, питоси и голем број фрагменти од керамички садови. (Г.С.Д.)

## 38. ПРЕМКА

**Ледина**, средновековна некропола. На северозападниот крај на селото се откриени гробови од некропола градени од камени плочи – тип циста, со ориентација исток-запад. (Г.С.Д., В.С.)

**Печарица**, населба од доцноантичкото време. На околу 2,5 km источно од селото, во нивата на Петре Савевски со земјоделските работи биле откривани темели од објекти ѕидани од кршен камен и варов малтер. Денес овде се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен камен. Според исказите на сопственикот, биле најдени алатки од железо што не се зачувани. (Г.С.Д., В.С.)

**Трноец**, средновековна населба и некропола. Југоисточно од селото, зад високиот рид, во нивата на Петре Савевски се наоѓаат грамади од градежен материјал, а според исказите, сопственикот раскопал повеќе гробови градени од камени плочи. (Г.С. Д.)

**Чукле**, доцносредновековна црква и некропола. На еден рид што се наоѓа југоисточно од селото се гледаат остатоци од мала црквичка која мештаните ја викаат Св. Танасица. Околу неа има гробови градени од камени плочи, ориентирани во правец исток-запад. (Г.С.Д., В.С.)

## 39. РАБЕТИНО

**Спаса**, средновековна црква и некропола. Во непосредната близина на селото се гледаат грамади од кршен камен, како и аморфни плочи од гробови. Според мештаните, на ова место се наоѓале остатоци од манастир и некропола. (Г.С.Д., В.С.)

## 40. РАШТАНИ

**Дреноска Нива**, средновековна црква и некропола. Западно од селото, мештанинот Здраве Лазески, орајќи ја својата нива, открил темели од објект и околу нив гробови градени со камени плочи. Можеби се работи за темели од мала црквичка и некропола. (Г.С.Д., В.С.)

**Сина Вода**, средновековна населба и некропола. На околу 500 m североисточно од селото, на простор од 1 хектар, обраснат со дабова шума, има грамади од кршен камен, а наместа се гледаат темели од објекти. Во нивите што се непосредно до локалитетот, според кажувањето на Здраве Лазески, со орањето биле откривани гробови градени од камени плочи. (Г.С.Д., В.С.)

## 41. СВЕТОРАЧЕ

**Светораче**, средновековна некропола. На една мала височинка што се наоѓа во селото, во непосредната близина на резервоарот за вода мештаните откопале повеќе гробови градени од камени плочи во кои, покрај скелетите, имало и керамички садови.
Спасовска Димитриоска Г., 1993а, 253-264. (Г.С.Д., В.С.)

**Црква Св. Кузман и Дамјан**, доцносредновековна црква. Според податоците од мештаните, оваа црква, изградена во 1885 година, лежи врз темелите на постара црква. (Г.С.Д., В.С.)

## 42. СВИЊИШТЕ

**Селиште**, доцносредновековна црква и некропола. Во подножјето на ридот Букале, што се наоѓа на околу 3 km западно од селото, на простор обраснат со шума има грамади од камења. На околу 150 m источно од него има повисока тумба, наречена од мештаните Црквиште, на која се гледаат гробови од камени плочи и грамада од градежен материјал.
(Г.С.Д., В.С.)

## 43. СРБИЦА

**Маркулија**, утврдена населба од железното, хеленистичкото и римското време. На зарамнетиот врв на ридот што се наоѓа североисточно од селото, се гледаат остатоци од темели на одбранбен бедем, кои се подобро зачувани на источната страна. По површината на градиштето, а посебно на падините од сите страни се среќаваат фрагменти од керамички садови, временски и културно различни, фрагменти од питоси и множество градежен материјал. (Г.С.Д., В.С. )

**Црква**, средновековна црква и некропола. На јужниот крај на селото, во профилот на долот кој засекува зарамнета површина се гледаат камени конструкции од гробови. Според верувањето на мештаните, на ова место се наоѓале темелите на манастирската црква посветена на св. Маркулија. (Г.С.Д., В.С.)

## 44. СРБЈАНИ

**Баројца**, населба и некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 2 km југоисточно од селото, од десната страна на патот за селата Карбуница и Србјани, во просторот на воените магацини и нивата на мештанинот Шакиров. При изградбата на магацините биле откриени и уништени повеќе гро-

бови градени од камени плочи во кои имало керамички садови. На површината се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и множество градежен материјал. (Г.С.Д., В.С.)

## 45. СТАРОЕЦ

**Полицица**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km источно од селото, на блага падина што се спушта кон полето и коритото на реката Треска, во нивата на Вељо Димитриоски од Кичево се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и множество кршен камен. (Г.С.Д., В.С.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Западно од селото, на падините на планината Бука, на простор од околу 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (Г.С.Д., В.С.)

## 46. СТРЕЛЦИ

**Раковце**, средновековна црква и некропола. Во непосредната близина на селското училиште, при поставувањето на дворната ограда биле откриени темели од објект и околу него повеќе гробови градени од камени плочи. Веројатно се работи за остатоци од црква со некропола. (Г.С.Д., В.С.)

**Рид**, средновековна црква и некропола. Западно од селото, од спротивната страна на локалитетот Селиште, на простор од 20 x 10 m, што лежи на левиот брег на реката, се забележуваат темели, односно основа од објект и околу него камени плочи од гробни конструкции. (Г.С.Д., В.С.)

**Црква**, средновековна црква и некропола. На североисточниот крај на селото, на околу 200-300 m северно од новата џамија, по површината се забележуваат гробови од камени плочи со ориентација исток-запад. Во источниот дел на теренот има темели, дебели 0,50 m, од црква со димензии од 6 x 4 m.
Трифуноски Ј., 1975, 297-388. (Г.С.Д., В.С.)

## 47. ТАЈМИШТЕ

**Во селото**, рудник од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 123. (Д.Г.)

## 48. ТУИН

**Сретсело**, доцносредновековна црква и некропола. Во непосредната близина на селското училиште, од источната страна на Туинска Река се забележуваат остатоци од темели на црква со базиликален облик, со димензии од 15 x 8 m. Западно и јужно од неа има гробови градени од камени плочи. (Г.С.Д.)

## 49. ЦЕР

**Селиште**, доцносредновековна населба. Источно од локалитетот Црквиште, во нивата на Стојан Бојаџиоски со земјоделските работи се откривани темели од објекти. Во непосредната близина на теренот има напуштено рударско окно, што упатува на претпоставка дека се работи за мала рударска населба. (Г.С.Д.)

**Тареа Краста**, тврдина од доцноантичкото време.
Смиљанић Т., 1935, 339-385. (Г.С.Д.)

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. На околу 1,5 km југоисточно од селото, во нивата на Стојан Бојаџиоски, што лежи на мала височинка, во 1977 година биле копани темели за нова црква. Со работите биле откриени остатоци од ѕидови ѕидани од кршен камен и варов малтер, како и гробови со конструкции од камени плочи, поставени во правецот исток-запад. Во еден од гробовите била најдена железна статуетка (?). Сопственикот на нивата уште пред Втората светска војна со орањето откопал повеќе гробови со керамички прилози. (Г.С.Д., В.С.)

## 50. ЦРВИВЦИ

**Латинска Црква**, средновековна црква. На ридот Чука, обраснат со шума, што се наоѓа на северната страна на селото, има остатоци од темели на црква чии димензии не можат да се одредат. Овде во 1923 година мештаните ископале депо на српски сребрени монети со претстави на кралот Милутин и царот Урош.
Спасовска Димитриоска Г., 1994, 49-56. (Г.С.Д.)

**Кодракалангочит**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 500 m југозападно од селото и на околу 150 m од Зајаска Река. На благата падина под ридот Чука, што постепено се спушта кон полето, поточно во нивите на Хамиљ Бала, што зафаќаат простор од 3 декара, има множество фрагменти од керамички садови, орудија од кремен и куќен лепеж. Според фактурата, бојата и другите типолошки карактеристики на керамиката, населбата е среднонеолитска и културно блиска на велушко-породинската група од Пелагонија.
Санев В., 1976, 74. (Г.С.Д., В.С.)

## 51. ЧЕЛОПЕЦИ

**Грамада**, вила рустика од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, од источната страна, во северниот дел на блокот на стопанството

„Крушино“ се гледаат грамади од градежен материјал. Меѓу него се издвојуваат повеќе обработени парчиња од обичен камен и црвеникав мермер. Според кажувањето на мештаните, биле најдени и плочи со натписи. По површината има фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. (Г.С.Д., В.С.)

**Ограѓе**, некропола од доцноантичкото време. На излезот од селото, во 1974 година, при расчистувањето на патот за селото Светораче, во нивата на Стојмен Мицковски биле откриени и уништени неколку гробови градени од камени плочи. Во гробовите се најдени керамички садови кои не се зачувани. (Г.С.Д., В.С.)

**Св**. **Илија**, старохристијанска базилика и некропола. Северно, на ридот што благо се издига над селото, се наоѓа црквата Св. Илија изградена во 1861 година, а обновена во 1910 година. Црквата била подигната врз темелите на постар сакрален објект и некропола. Во нејзините ѕидови се вградени сполии од камена пластика. Така, еден коринтски капител, изработен од ситнозрнест мермер, свртен наопаку, служи како база на дрвен столб врз кој се потпира балконот во западниот дел на црквата; на јужниот влез се вградени две плочи од кои едната служи за праг, а другата за довратник. На плочата -довратник е зачуван дел од грчки натпис во 6 реда. Над влезот има ниша со вградени камени греди, од кои на една исто така има зачуван дел од грчки натпис. И на крајот, во олтарниот ѕид е вградена надгробна плоча со двојно профилирана рамка. Од присуството на овие плочи со натписи вградени во црквата би можело да се претпостави дека во непосредната близина, или на нејзината локација, се наоѓале постар објект и некропола од римското време.

Вулиќ Н., Сп. LXXI; Проева Н., 1989, 77-84; Спасовска Димитриоска Г., 1994, 49-56. (Г.С.Д., В.С.)

Св. Илија, с. Челопеци. – Довратник на влезот во црквата со грчки натпис

# XIV. КОЧАНИ


1. Бања ... 172
2. Безиково ... 173
3. Бели ... 173
4. Бурилчево ... 173
5. Видовиште ... 174
6. Вранинци ... 174
7. Врбица ... 175
8. Главовица ... 175
9. Горно Гратче ... 175
10. Долно Гратче ... 175
11. Жиганци ... 175
12. Зрновци ... 175
13. Јастребник ... 175
14. Кочани ... 175
15. Кучичино ... 177
16. Лепопелци ... 177
17. Лешки ... 177
18. Мородвис ... 177
19. Небојани ... 178
20. Нивичани ... 178
21. Новоселани ... 179
22. Оризари ... 179
23. Пантелеј ... 180
24. Пашаџиково ... 181
25. Полаки ... 181
26. Пресека ... 181
27. Припор ... 181
28. Рајчани ... 181
29. Соколарци ... 181
30. Спанчево ... 182
31. Теранци ... 182
32. Тркање ... 182
33. Цера ... 183
34. Чифлик ... 183


## 1. БАЊА

**Браница**, населба од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, на еден зарамнет простор од

30 x 30 m, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди.
Гарашанин М. и Д., 1959, 78. (А.К.)

**Во селото**, населба од доцноантичкото време. Во селото, особено покрај бањата се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Mikul~i} I., TIR, 20. (А.К.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На 500 m западно од селото, на еден зарамнет простор има повеќе грамади од насобрани камења и фрагменти од покривни ќерамиди. На површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

**Ткрањски Рид**, населба од доцноантичкото време. На границата на атарот со селото Тркање има низок рид на кој се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди, а откопани се и големи питоси.
Гарашанин М. и Д., 1959, 78. (А.К.)

**Турски Гробишта**, населба од доцноантичкото време. На 300 m јужно од селото, на пространа падина покрај потокот Сува Река, во нивите на Б. Левков и П. Алексов се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Низ средината на локалитетот минува патот Бања-Штип.
Гарашанин М. и Д., 1959, 78. (А.К.)

## 2. БЕЗИКОВО

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на маалото Чифлик, до куќата на Петруш Ангелов, на мала тераса издигната над долот се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква. Во непосредната близина на маалото Острици, на тераса оградена со високи ридови се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Спорадично има и остатоци од топена железна руда. На северниот крај на локалитетот се наоѓа црквата Св. Атанас која е изградена во поново време, врз темелите на старохристијанска црква. (А.К.)

**Чифлик**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква. Во непосредната близина на маалото Чифлик, на зарамнето плато со површина од 200 x 150 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди. На источниот крај на локалитетот се зачувани темели од старохристијанска црква чии димензии не можат да се одредат. (А.К.)

## 3. БЕЛИ

**Војновица**, населба со некропола од римското време. На 4 km од селото и околу 500 m северно од ридот Градиште, на површина од неколку декари се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди. На повеќе места низ нивите се откриени темели од објекти. На горниот крај на локалитетот биле откриени 30-тина гроба градени од камени плочи. Најдени се повеќе монети ковани во текот на II-VI век. Дел од нив се чуваат кај Т. Симонов од Кочани. (А.К.)
**Гноиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. Околу 1,5 km северно од селото, покрај патот што води кон Осогово се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди. На високо ритче што се издига над населбата се откриени гробови градени со камени плочи, со ориентација исток-запад. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото се издига висока чука на чиј врв има зарамнето плато со димензии од 220 x 100 m. Од заштитниот бедем се зачувани само делови од темелот, граден од камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди. Биле најдени и повеќе монети од III-IV век. (А.К.)

**Тодорица**, населба од неолитското и доцноантичкото време. На 1 km северозападно од селото, на зарамнетиот простор на чуката што се издига во непосредната близина на Тркањски и Бањски Дол, при обработувањето на нивите се откриени фрагменти од керамички садови, претежно со сива боја. Покрај нив се среќаваат и фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди од доцноантичкото време. Платото, со димензии од 150 x 80 m, било оградено со бедем од кој се зачувани темелите градени од кршен камен и варов малтер. (А.К.)

## 4. БУРИЛЧЕВО

**Грамади**, населба од римското време. На пространа тераса, што се издига над левиот брег на Брегалница, со орањето на нивите биле откриени темели од повеќе објекти. На површината се среќаваат грамади од камења, покривни ќерамиди и фрагменти од питоси. Според кажувањето на мештаните, биле најдени и повеќе монети. Еден керамички сад се чува во Музејот на Македонија. (А.К.)

**Манастир**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km јужно од селото, на зарамнето место што зафаќа простор од околу 100 x 200 m, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди.
Санев В., 1961, 73. (А.К.)

**Манастир**, населба од римското време. Се наоѓа на околу 150-200 m северно од Могила I на локалитетот Могила. На површината има делкани камени блокови, варов малтер и фрагменти од римска керамика од III-IV век. Најверојатно Манастир и Могила претставуваат една споменична целост.
Санев В.,1961, 74. (В.С.)

**Могила**, некропола – могили од римското време. Со рекогносцирањето во 1960 година, на овој локалитет В. Санев регистрирал две големи могили, кои подоцна (1985-87) мештаните ги уништиле до основата.
Санев В., 1961, 73. (В.С.)

**Нова Чешма**, населба и некропола од римското време. На влезот во селото, лево од денешната чешма има рамнина што благо се спушта кон долината на Брегалница. Во нивата на Костадин Михаилов, со земјоделските работи биле откривани темели од објекти ѕидани од камен и варов малтер. Оттука потекнуваат дел од стебло на столб, мермерен блок со релјефна претстава на коњаник (Тракиски коњаник) и капак од детски саркофаг од мермер. Релјефот е соѕидан во куќата на сопственикот на нивата, а капакот подоцна го откупил Музејот од Штип.
Санев В., 1961, 74. (В.С.)

**Пилаво**, населба од енеолитското време. На 2 km западно од селото, на мало зарамнето плато што се издига над левиот брег на Брегалница, со должина од 80 m и ширина од 40 m во правец север-југ, во 1987 година од Музејот на Македонија се извршени заштитни археолошки ископувања со кои е констатиран моќен културен слој од 2,20 m со два хоризонта на живеење. Во постариот хоризонт се откриени двојна полуземјанка, јама и многу фрагменти од керамички садови, а во помладиот дел од куќа градена од лепеж, добро зачувана полукалотеста печка и многу фрагменти од керамички садови, кремени и коскени орудија. Карактеристични се фрагментите од разновидните форми на керамички садови сликани во графитна техника, како и фрагментите од антропоморфни и зооморфни фигурини. Хронолошки и културно населбата покажува сличности со енеолитските населби од културната група Шуплевец-Бакарно Гумно во Пелагонија, односно културниот комплекс на населбите од Бубањ-Салкуца-Криводол. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. Со првите рекогносцирања (1960), на површината од преостанатиот дел на теренот се констатирани керамички фрагменти од железното и хеленистичкото време.
Санев В., 1961, 72; Настева И., 1989, 49. (И.Н.К.)

## 5. ВИДОВИШТЕ

**Во селото**, населба и некропола од римското време. Во селото, особено во непосредната близина на црквата се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Близу до управната зграда на задругата се откриени неколку гробови. (А.К.)

**Гарагаска**, населба од доцноантичкото време. На југозападниот раб на селото, на пространа тераса се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, питоси и покривни ќерамиди. Во нивата на К. Паунов е откриен и еден питос. (А.К.)
**Могили**, некропола – могили од римското време. Под селото, на неговиот североисточен раб се наоѓа голема могила со пречник од 20 m во основата и височина од 4 m, на чиј врв се вкопани неколку гробови од турското време. Во непосредната близина на могилата постоела уште една могила која, во 1977 година, со проширувањето на фудбалското игралиште е целосно уништена.
Керамидчиев А., 1964, 83. (А.К.)

**Трнавица**, могила од римското време. На 2 km западно од селото, на десната страна од селскиот пат Видовиште-Теранци има могила која е делумно оштетена, со пречник во основата од 20 m и зачувана височина од 2 m. (А.К.)

## 6. ВРАНИНЦИ

**Грамади**, населба и некропола од доцноантичкото време и старохристијанска црква. Во непосредната близина на истоименото маало, на поголем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Некрополата и старохристијанската црква се на највисокиот дел на чуката. На овој простор се забележуваат големи грамади од градежен материјал. (А.К.)

**Гробишта**, населба и некропола од доцноантичкото време и старохристијанска црква. Во непосредната близина на маалото Чучкарци, на пространа тераса со димензии од 200 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди, а биле најдени и неколку монети од IV век. Во средишниот дел на локалитетот се гледаат темели од старохристијанска црква околу која има повеќе гробови. Дел од монетите се чуваат кај Тодор Симов од Кочани. (А.К.)

**Селиште**, населба и некропола од доцноантичкото време и старохристијанска црква. Во непосредната близина на селското училиште, на површина од 200 x 200 m, во селските ниви се откриени темели од повеќе објекти. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На горниот крај на локалитетот има остатоци од старохристијанска црква, а до неа некропола од која се гледаат контурите на десетина гроба. (А.К.)

**Старо Село**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селското училиште се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерами-

ди. Во околните ниви има грамади од градежен материјал. (А.К.)

## 7. ВРБИЦА

**Под селото**, населба од доцноантичкото време. На јужниот и источниот раб на селото, по површината на селските ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Откриени се и повеќе монети, како и еден капител. (А.К.)

## 8. ГЛАВОВИЦА

**Преслап**, населба од доцноантичкото време. Северно од селото, во непосредната близина на Горно маало се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Според кажувањето на Ј. Стојанов, биле откопани десетина големи питоси. (А.К.)

## 9. ГОРНО ГРАТЧЕ

**Мировница**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 500 m јужно од маалото Граматаци, на простор од 120 x 80 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во непосредната близина има некропола од која се гледаат десетина гроба градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. (А.К.)

## 10. ДОЛНО ГРАТЧЕ

**Горно Градиште**, населба од доцноантичкото време. На 1 km источно од локалитетот Долно Градиште, на левата страна од утоката на Голема Река во езерото Гратче се издига голем рид со доминантна положба. На неговиот врв има зарамнет простор со димензии од 200 x 120 m, на кој се зачувани остатоци од бедем. На површината на градиштето се среќаваат фрагменти од питоси и покривни ќерамиди. За одбележување е фактот дека на многу мало растојание биле изградени две големи градишта, што е редок случај. (А.К.)

**Долно Градиште**, градиште од доцноантичкото време со некропола и старохристијанска црква. Кај утоката на Мала и Голема Река во езерото Гратче се издига стрмно висок рид на чиј врв има зарамнет простор со површина од 200 x 100 m, кој бил ограден со јак бедем. На површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На горниот крај на тврдината има темели од мала старохристијанска црква околу која биле откриени десетина гроба.
Керамидчиев А., 1964, 83-84. (А.К.)

## 11. ЖИГАНЦИ

**Богатиница**, населба од неолитското и доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, на пространа падина на левиот брег на Злетовска Река, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови со претежно сива боја, а се откриени и темели од објекти градени од кршен камен и варов малтер, како и неколку питоси. Според кажувањето на мештаните, бил најден и поголем број монети. (А.К.)

**Долчиница**, населба од доцноантичкото време. На 3 km источно од селото, на простор од 120 x 100 m, во нивата на Б. Лазаров се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 12. ЗРНОВЦИ

**Горномаалски Рид**, некропола од римското време. Во непосредната близина на Горно маало, на ниска чука со зарамнето плато се откриени десетина гроба градени од камени плочи. Според кажувањата на мештаните, во гробовите биле најдени повеќе искршени керамички садови. (А.К.)

**Патилово**, градиште од доцноантичкото време. Над селото Зрновци се издига висок рид со доминантна местоположба. На простор од 120 x 80 m се гледаат остатоци од темели на бедем граден од камен и варов малтер. На површината на градиштето има градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

## 13. ЈАСТРЕБНИК

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На десниот брег на Голема Река, во планинскиот предел, на висок рид со зарамнето плато, кој има површина од околу 50 x 60 m, се гледаат остатоци од мала тврдина. На површината има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Керамидчиев А., 1964, 84. (А.К.)

**Калуѓерица**, некропола од римското време. На десниот брег на Мала Река, на падина која стрмно се спушта кон реката се откриени десетина гроба градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. (А.К.)

## 14. КОЧАНИ

**Алељак**, некропола од железното време.
Георгиев З., 1976, 228-239. (Д.Г.)

**Бавчалак**, доцносредновековна некропола. На околу 2 km северно од градот, на левиот брег на Кочанска Река, во местото кај воденициите се забеле-

жуваат гробни конструкции од камени плочи со ориентација север-југ. Кај главата и нозете на покојникот има вертикално поставени камења. По површината на теренот се среќаваат фрагменти од глеѓосани керамички садови. (Ж.В.)

**Барутница**, населба од римското време. На левата страна на Кочанска Река, во непосредната близина на општинската зграда, како и на десната страна на реката, во близината на поштата, при изградбата на станбени објекти се откриени остатоци од повеќе градби, како и фрагменти од керамички садови, питоси и друг археолошки материјал.
Вулиħ Н., Сп. LXXVII, 71-73; Гарашанин М. и Д., 1959, 83. (А.К.)

**Влашки Ливади – Влашки Бунар**, доцносредновековна населба. На западниот раб на градот, во близината на бензинската пумпа, поточно во местото помеѓу железничката пруга и патот за Штип има фрагменти од покривни ќерамиди, црепни и керамички садови, а според укажувањето на А. Керамидчиев, имало индиции и за присуство на некропола. (Ж.В.)

**Горица**, населба од железното и римското време. Се простира на јужната и северната падина од ридот што се издига на јужната периферија на градот, во зоната на градските гробишта. Во 1982 година Републичкиот завод за заштита на споменициte на културата извршил сондажно ископување при што се откриени фрагменти од керамички садови. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Кочани.
Георгиев З., 1981, 74. (Ж.В.)

**Гропче**, средновековна некропола. Се наоѓа на 3 km североисточно од градот, на тромеѓата на атарите на Кочани, Оризари и Вранинци, од двете страни на патот што води за Полаки. Во 1984 година е извршено сондажно ископување (Ж. Винчиќ), при што се откриени повеќе гробови. Според начинот на погребувањето се издвојуваат три типа на гробови: без конструкции (слободно закопување), од камени плочи – тип циста, и гробови со венец од кршени камења. Сите се поставени во правец запад-исток. Од гробни прилози се најдени прстени, обетки, белезици од стаклена паста и тордирана бронзена жица и други предмети. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Кочани.
Мандиќ М., 1989, 231. (Л.В.)

**Кругот на касарните**, некропола од римското време. На ридот што се издига во средниот дел на градот, над левиот брег на Кочанска Река, во и околу кругот на старите касарни се наоѓа некропола од I-III век. Во 1982 година Републичкиот завод за заштита на споменициte на културата извршил сондажно ископување (Ж. Винчиќ). Биле откопани повеќе гробови со камени конструкции – цисти, како и гробни јами со кремирани покојници положени во урни. Во археолошката литература се споменуваат девет питоси и еден епиграфски споменик најдени многу порано. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Кочани.
Вулиħ Н., Сп. LXXVII, 71-73; Гарашанин М., И Д., 1959, 84. (Ж.В.)

**Раечки Рид**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km југоисточно од градот, до просторот предвиден за новите градски гробишта, во нивите на Пено Ристов и Ило Електричарот и во соседните ниви, на површината се среќава поголем број фрагменти од тегули и имбрекси и градежен камен, извадени со обработувањето на земјата. (Ж.В.)

**Стари Лозја – Лукобија**, некропола од римското време. На високиот истоимен рид што се издига на северозападната периферија на градот биле откопани гробови од тегули од типот „на две води“. (Ж.В.)

**Тикишински Лозја**, некропола од железното време. На западната периферија на Кочани, при изградбата на новата населба, во седумдесеттите години е откриена голема некропола која е речиси наполно уништена. Подоцна, во 1982 година, Републичкиот завод за заштита на споменициte на културата (Ж. Винчиќ) извршил заштитно ископување при што се откриени нови четири гроба градени од камени плочи и со инхумирани покојници. Наодите најдени со градежните работи се разнесени по збирките на приватните колекционери, а оние од ископувањето се чуваат во Музејската збирка во Кочани.
Георием З., 1981, 65-77. (А.К., Ж.В.)

**Трештена Скала**, осамен наод од бронзеното време. Според податокот добиен од Т. Симов, директор на Градската библиотека, на северозападната страна на периферијата на Кочани, во еден мал дол што ги собира водите од селото Бели е најдена камена секира со отвор за држалка. Секирата се чува кај Т. Симов. (А.К.)

**Цигански Рид**, средновековна некропола. Лежи во реонот на спомеником на незнајниот борец, оддалечен околу 500 m источно од зградата на Собранието на општината. Во 1982 година Републичкиот завод за заштита на споменициte на културата извршил ревизионо ископување (Ж. Винчиќ) при што се откриени 16 гроба без гробни конструкции – слободни закопувања, со разновидни прилози изработени од бронза (белезици, обични и тордирани, обетки, прстени и др.) од XII век. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Кочани.
Георгиев З., 1976, 238-239. (Ж.В.)

**Црница**, некропола од римското време. Во непосредната близина на бензинската пумпа, кај влезот во Кочани биле откриени и целосно уништени повеќе гробови. На површината на локалитетот се среќаваат фрагменти од керамички садови. (А.К.)

**Шилести Рид**, градиште и некропола од доцноантичкото време. На зарамнетото плато на Шилести

Рид се среќаваат остатоци од утврдена населба. Од бедемот се зачувани темелите градени од камен и варов малтер. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На највисокиот дел од ридот биле откриени и целосно уништени гробови во кои имало керамички садови и монети. Неколку монети се чуваат кај Т. Симов од Кочани. (А.К.)

## 15. КУЧИЧИНО

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 3 km јужно од селото се издига висок рид со доминантна местоположба. На врвот има зарамнет простор со димензии од 100 x 70 m, ограден со остатоци од бедем зачуван во темелите, граден од кршен камен и варов малтер. По површината на градиштето се гледаат траги од неколку помали објекти, како и множество фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Керамидчиев А., 1964, 85. (А.К.)

**Пресечник**, населба од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото, од двете страни на долот се среќава множество фрагменти од покривни ќерамиди, а во нивите биле откриени и темели од објекти. Пронајдени се и неколку монети. (А.К.)

## 16. ЛЕПОПЕЛЦИ

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На 500 m јужно од селото, на десната страна од патот што води за Новоселани, на простор од 200 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во нивите има и неколку грамади од кршен камен и варов малтер. (А.К.)

## 17. ЛЕШКИ

**Во селото**, населба и некропола од доцноантичкото време. На просторот на селото, при изградбата на куќите и обработувањето на дворните места биле откриени повеќе објекти. Денес на површината има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Пронајдени се и повеќе монети од III -VI век. Во непосредната близина на селското училиште биле откопани неколку гробови со камена конструкција. Поголем дел од монетите се чуваат кај Т. Симов од Кочани. (А.К.)

**Старо Село**, населба од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, на простор од 200 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 18. МОРОДВИС

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. Над јужната периферија на денешното село се издига висок и не сосема пристапен рид кој од источната и северната страна е ограничен со суводолица. Западната страна се спушта до Мородвишка Река, а на југ доста стрмно со еден длабок дол ридот е одделен од масивот на Плачковица. Со својата природна поставеност тој доминира над селото и над голем дел од Кочанско Поле. На локалитетот се констатирани остатоци од бедеми во неколку појаси од кои се највидливи бедемите на највисоките изохипси што веројатно го формираат акрополот. Во тие рамки постои правоаголна цистерна, а веднаш под неа се наоѓа современата црква посветена на св. Симеон, изградена врз темелите од постара црква. Западно од неа има зарамнето плато каде што во 1980 година археолошки е сондирано и под слојот на деструкција заедно со рановизантискиот керамички материјал е откриена и монета од Јустинијан I. По целата површина на градиштето се наоѓаат фрагментирани садови и монети временски вклопени од IV до XII-XIV век. Материјал од VII до X век не е констатиран. Во контекстот на Градиште се наоѓа и рановизантиска некропола што е лоцирана надвор од бедемите, односно на 50-70 m северно од десната страна на суводолицата.
Микулчиќ Г., 1987, 184; Томоски Т., 1978а, 93-94; Трајковски К., 1983, 133-142. (К.Т.)

**Гробјани Рид**, средновековен објект и некропола. Над јужната периферија од селото се издига рид на чиј врв е лоцирана современата некропола. Во подножјето на југозападната страна се констатирани остатоци од недефинирана архитектура од камен и кал, како и погребувања врамени и покриени со камени плочи. Подвижниот материјал се состои од фрагментирани керамички садови и монети карактеристични за XII-XIV век. (К.Т.)

**Црквиште – Моробиздон**, доцноантички и средновековен комплекс на повеќе локалитети. Во подножјето на планината Плачковица, 7 km јужно од Кочани е лоциран Моробиздон, на кој истражувањето започнало во 1980 година и сè уште трае. Населбата од V-VII век, со комплетно откриена репрезентативна црква со ѕидана гробница, е лоцирана во рамките на денешното село. Црквата ја краселе мермерен под, столбови и капители со старохристијански мотиви. Гробницата е интегрален дел од црквата од V век, архитектонски совршено изведена и полихромно декорирана, во техниката signinum. Населбата и утврдувањето престануваат да живеат во првите децении на VII век, а Словените интензивно го населуваат во IX век. Во периодот од X до XV век Моробиздон достигнува најголем економско-политички и културен просперитет и стану-

Црквиште – Моробиздон, с. Мородвис. – Црква од доцноантичкото време и средниот век

ва црковен центар на Брегалничкиот регион. Во времето на Самоиловата држава достигнува највисок степен на развојот и во рамките на Охридската архиепископија е седиште на епископ, чија катедрална црква е делумно откриена и истражена. Архитектонската концепција на црквата претставува пример на средновизантиската архитектонска школа и свои аналогии наоѓа во катедралните храмови на Каламбак кај Метеори, Мелник и охридската Св. Софија. Ентериерот е збогатен со изведба на под во техниката сектиле, црковен мебел од делкан камен и фрагментарно зачуван фрескоживопис. Над споменатата црква, на локалитетот Црквиште е откриена и црква од XIII век, со нов и помал архитектонски корпус. Во црквата и околу неа е откриена некропола од XII-XX век од која се истражени повеќе од 350 гробови. Во гробовите се најдени предмети од бронза, сребро, стакло, коска и текстил. Кон крајот на XII век овој дел од Македонија паѓа под власта на српската држава со што е означен и крајот на просперитетот на градот Моробиздон и Мородвишката епископија. Со одлука на црковниот собор, одржан во Скопје во 1347 година, седиштето на Мородвишката епископија е преместено во Злетово. Со овој акт и формално градот Моробиздон само маргинално учествува во историјата и уметноста на Македонија и централниот Балкан. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија и во Музејската збирка во Кочани.

Михајлов С., 1949, 1-22; Томоски Т., 1978a, 93-116; Алексова Б., 1984, 370-390; Трајковски К., 1987, 89-93. (К.Т.)

## 19. НЕБОЈАНИ

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на Мишино маало, во нивата на С. Атанасов се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Пронајдени се и неколку земјоделски алатки од железо. (А.К.)

## 20. НИВИЧАНИ

**Во селото**, населба од доцноантичкото време. На просторот на селото, речиси во сите дворови на селските куќи се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На јужниот крај на селото биле откопани и неколку гробови градени од големи камени плочи. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На северниот раб на селото, на висок рид со доминантна местоположба, на простор од 100 x 70 m се гледа-

ат остатоци од темели на бедем. Во внатрешноста на тврдината има зачувани темели од помали објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Пронајдени се и повеќе монети од III-IV век, од кои една се чува кај Т. Симов од Кочани. (А.К.)

**Дамјаница**, населба од неолитското време. На 3 km југоисточно од селото, покрај селскиот пат што води за селото Бели се издига ниска чука, позната уште и под името Гаџевица. На западната страна на чуката се среќаваат фрагменти од керамички садови со сива и црвена боја. (А.К.)

**Ѓурова Ливада**, населба од доцноантичкото време. Високо во планинскиот предел, под шумската станица се среќаваат грамади од кршен камен. Според кажувањето на мештаните, биле откриени темели од објекти. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

**Митров Дол**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. (А.К.)

## 21. НОВОСЕЛАНИ

**Авлија**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква. На источната периферија на селото, на простор од 300 x 300 m, на површината на селските ниви има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На источниот крај на локалитетот се гледаат темели од голема старохристијанска црква. До неа е пронајдено стебло од столб од камен со должина од 1,5 m и пречник од 0,50 m.
Алексова Б., 1983, 85-119. (А.К.)

## 22. ОРИЗАРИ

**Бела Црква**, доцносредновековна црква. Сместена - е североисточно од селото, на оддалеченост од неколку километри. Се смета дека била подигната врз темели од малку поголема црква. Како источен – апсидален ѕид е искористена карпата, во која се издлабени ниши и жлебови за прицврстување на покривната конструкција. Во нишите има зачуван малтер со траги од живопис.
Санев В., 1961, 79. (В.С.)

**Затселиште**, населба од железното и римското време. Се наоѓа на мала височинка на која, на северниот крај, лежи локалитетот Селиште. Според културната и хронолошката истородност на материјалот веројатно се работи за остатоци од иста населба**.**
Гарашанин М. и Д., 1959, 71, 84. (В.С.)

**Јаловец**, старохристијанска црква. На 2,5 km северозападно од селото, на еден низок рид се зачувани темели од голема еднокорабна црква со димензии од 18 x 7 m. (А.К.)

**Куново – Чуки (Турски Гробишта)**, некропола – тумули од железното и доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото и 250 m источно од Оризарска Река, на блага падина што се спушта кон оризовото поле и коритото на Брегалница, според кажувањето на мештаните, имало 5 тумби, а во непосредната близина и градиште. Во 1953 година, со првите археолошки рекогносцирања се регистрирани 3 добро зачувани могили. Во 1964 година, на северозападниот раб на Могила I биле откопани два гроба со скелетни погребувања, од кои во едниот биле најдени фибула и белезици од бронза од железното време, а во другиот повеќе монети од времето на Максимијан и Диоклецијан. Дел од нив биле откупени од Музејот во Штип. Во текот на 1965 година се извршени заштитни ископувања на дел од Могила III, во 1968 година, при изградбата на магистралниот пат Кочани-Берово речиси целосно е уништена Могила I, а во текот на 1986 и 1987 година Музејот на Македонија извршил заштитно ископување на зачуваниот дел од Могила II. Могилите зафаќале простор од околу 20 m во пречник и 3 m во височина. Подигнати се со погребувања од доцноантичкото време врз тумули од железното време (VII век). Во текот на средниот век биле користени за погребување, а исто така и многу подоцна. Наодите се чуваат во Музејот во Штип и во Музејот на Македонија во Скопје.
Грбић М., 1954, 115; Гарашанин М. и Д., 1959, 76, 84; Санев В., 1978, 7; Mitrevski D., 1986, 70; Митревски Д., 1990, 59-78. (В.С.)

Куново – Чуки, с. Оризари. – Могила III од железното и римското време (В.С.)

**Куново**, населба од римското време. Се наоѓа на десната страна на патот Кочани-Делчево, на мала тераса што се издига над оризовото поле во коритото на Брегалница и претставува продолжение на теренот на кој лежи локалитетот Куново – Чуки. На површината има фрагменти од атипична римска керамика, тегули и тули, а селаните откопале и неколку питоси со различни големини. Во 1966 година, при реконструкцијата и асфалтирањето на патот е подигната асфалтна база и сепарација, со што се направени големи оштетувања на површинскиот слој од населбата.
Гарашанин М. и Д., 1959, 84. (В.С.)

**Селиште**, населба од железното и римското време. Лежи јужно од селото, над Долно маало, на мала височинка што се спушта кон север. Северозападно од неа тече Оризарска Река, а на околу 100 m западно е локалитетот Куново – Чуки. Уште во првата половина на педесеттите години оттука е вадена земја што овозможило да се констатира културен слој дебел 1 m и во него да се забележат фрагменти од керамички садови карактеристични за железното време II, како и за III-IV век. Оттука потекнува и една бронзена држалка во облик на делфин, што се чува во Заводот и музеј во Штип.
Гарашанин М. и Д., 1959, 71. (В.С.)

**Сланец**, населба од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото и лево од патот за Истибања, на простор од 200 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Најдени се и неколку римски монети од кои една е кована во Филипополис во времето на Антониј Пиј. Монетата се чува кај Т. Симов од Кочани. (А.К.)

**Соколовско маало**, населба од доцноантичкото време. Покрај селскиот пат што води кон Соколовско маало и Вранински Воденици има мала височинка на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Санев В., 1961, 77. (А.К.)

**Топлак**, населба од неолитското време. Помеѓу селата Истибања и Оризари, на десниот брег на Брегалница се издига ниска чука на чиј зарамнет простор од околу 200 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови со сива и црвена боја. (А.К.)

**Цигански Рид**, населба од неолитското, железното и римското време. Се наоѓа на самиот влез во селото, непосредно пред раскрсницата каде што од асфалтниот пат Кочани-Делчево се одвојува патот за Оризари. Се работи за коса падина од левата страна на Оризарска Река, на која во нивата на Томе Игњатов и во другите ниви се забележува неолитска керамика слична на керамиката од Вршник (Таринци, Штип), фрагменти со фактура и орнаментика типични за железното време, како и фрагменти од керамички садови и питоси од римското време. Тука е најдено и едно вотивно сатче во облик на чашка од афион изработено од керамика што се чува во Заводот и музеј во Штип.
Гарашанин М. и Д., 1959, 71, 84. (В.С.)

**Црквиште – Крушарски Рид**, средновековна некропола. На северната страна на селото, до куќата на Р. Каранфилова, источно од патот до нивата на Ѓ. Стојков и западно до дворот на А. Атанасов се откриени повеќе гробови градени од камени плочи. При проширувањето на селскиот пат, земјоделецот Р. Иванов открил редок средновековен наод – депо, што се чува во Музејот на Македонија. На овој простор во 1959 година Народниот музеј од Штип извршил ископување со што се откриени повеќе гробови градени од камени плочи, со правец исток-запад. Во нив, покрај остатоци од скелетите, имало и многубројни археолошки наоди, претежно женски накит. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија.
Алексова Б., 1964а, 81-98; Поленаковиќ Р., 1965, 5 -18. (К.Т.)

Црквиште – Крушарски Рид, с. Оризари. – Златна обетка од XIV век

**Црна Црква**, средновековна црква со некропола. Се наоѓа на 2 km северно од маалото Витоша на Горно Оризари, на карпа испуштена над левиот брег на Оризарска Река. Се гледаат остатоци од темели на мала црквичка, со димензии од 7 x 12 m, и гробови распоредени јужно и западно од неа.
Санев В., 1961, 79. (В.С.)

## 23. ПАНТЕЛЕЈ

**Градиште**, населба од железното време. На 4 km западно од селото, во подножјето на една ниска чука се среќаваат фрагменти од груба керамика. На чу-

ката има остатоци од темели на одбранбен ѕид граден од големи камења.
Керамидчиев А., 1962, 53; Mikul~i} I., TIR, 98. (А.К.)

### 24. ПАШАЏИКОВО

**Бурија**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, на рамна падина се откриени неколку гробови. (А.К.)

### 25. ПОЛАКИ

**Св. Спас**, градиште од доцноантичкото време. На високиот рид што се издига кај утоката на долот Лиса во Беровска Река, има зарамнет врв со простор од 50 x 50 m на кој се зачувани темели од бедем граден од камен и варов малтер. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Биле најдени и неколку монети, меѓу кои една од времето на Грацијан (IV век). На локалитетот е подигната црквичката Св. Спас. (А.К.)

**Селиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1 km северно од маалото Долги Дол се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Според податоците добиени од Мино Атанасов, биле откриени повеќе гробови. (А.К.)

### 26. ПРЕСЕКА

**Самоклепец**, објект од доцноантичкото време. На околу 200 m источно од старата милиционерска станица се издига мала височинка наречена Самоклепец или Стара Црква, која претставува дел од планинскиот масив. На врвот има црква изградена во 1931 година, и тоа, според селаните, врз темели од постар објект. При изградбата биле најдени римски тули, покривни ќерамиди, два питоса и неколку монети. Еден од питосите сè уште лежи вкопан во олтарот на црквата.
Санев В., 1961, 76. (В.С.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На излезот од Соколовско маало, на патот кон Вранински Воденици, на една стрмна височинка се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Санев В., 1961, 77. (В.С.)

**Старо Село**, населба од доцноантичкото време. На падините од врвот Јарабар се наоѓаат остатоци од темели на градби, тули и, како што кажуваат мештаните, имало и гробови со конструкции од големи камени плочи. Многу години наназад оттаму се вадат тули за правење на фурни.
Санев В., 1961, 77. (В.С.)

### 27. ПРИПОР

**Припор**, населба од доцноантичкото време. На 3 km од Кочани, во планинскиот предел, околу куќите на Стое и Стефан Василеви и во соседните ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Стое Василев има два питоса што биле откриени во нивата до неговата куќа. (А.К.)

### 28. РАЈЧАНИ

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, на пространа рамнина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Биле пронајдени и повеќе монети кои не се зачувани. (А.К.)

### 29. СОКОЛАРЦИ

**Бошлиново**, некропола од доцноантичкото време. На северозападниот раб на селото, во непосредната близина на селскиот резервоар за вода, при копањето на водоводната каптажа биле откриени неколку гробови градени од камени плочи. (А.К.)

**Во селото**, населба и некропола од доцноантичкото време. Речиси во сите дворови на селските куќи се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Во дворот на училиштето биле откопани повеќе од 30 гробови градени од камени плочи. Во некои од гробовите имало монети од III-VI век кои не се зачувани. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото се издига висок рид на кој се зачувани остатоци од темели на бедем граден од кршен камен и варов малтер кој оградувал простор од околу 150 x 100 m. На површината има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во внатрешноста на тврдината се гледаат и темели од неколку објекти. (А.К.)

**Ливади**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, во нивата на Т. Данилов биле откопани неколку гробови. Според добиените податоци, во еден од гробовите била пронајдена монета од IV век. (А.К.)

**Манастир**, градиште од доцноантичкото време, старохристијанска црква и некропола. На 2 km северно од селото се издига висок рид што доминира над околината и на кој е изградена црквата Св. Ѓорѓија. На врвот на ридот, под црквата има зарамнет простор со димензии од 200 x 100 m, ограден со бедем од кој се зачувани темелите. Се гледаат остатоци и од темели на помали објекти. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди, а пронајдени се и монети. Исто

така се наоѓаат и остатоци од старохристијанска црква, а околу неа некропола. (А.К.)

30. СПАНЧЕВО

**Браница**, населба од римското време.
Гарашанин М. и Д., 1959, 86. (Д.Г.)

**Големенско маало**, некропола од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 118. (Д.Г.)

**Градиште**, рефугиум од доцноантичкото време. Лежи североисточно од Петков Дол, на мала височинка меѓу коритата на реките Киселица и Бањска Река. На површината има фрагменти од керамички садови и питоси, а исто така и тули со римска форма.
Гарашанин М. и Д., 1959, 86; Mikul~i} I., TIR, 118. (В.С.)

**Грамадски Рид**, градиште од доцноантичкото време. На 4 km северно од селото, на висок рид со доминантна местоположба и зарамнет врв со површина од околу 300 x 200 m се гледаат остатоци од бедем, зачуван само во темелите. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 118. (А.К.)

**Пат Спанчево – Бања**, некропола од железното време. Како што наведуваат М. и Д. Гарашанин, според собраните податоци, на патот помеѓу Спанчево и Бања, непосредно до Спанчевска Река биле откопани гробови и во нив биле најдени мониста од стаклена паста со вметнати жолти окца, кои, според долгнавестиот биконусен облик, можат да се определат како мониста од железното време. Неколку мониста се наоѓале кај Пеше Попов од Кочани.
Гарашанин М. и Д., 1959, 72. (В.С.)

**Петков Дол**, населба од неолитското и римското време. На околу 1,5 km северно од селото има блага падина што се спушта кон левиот брег на потокот Киселица. На источната страна теренот преминува во рид. Во издолжениот простор, чија површина изнесува 200 x 700 m, поточно во нивите на Санде Ивановски, Јорде Лазевски, Саве Давитков и на Земјоделската задруга се среќаваат фрагменти од неолитска (вршничка) керамика и остатоци од градежен материјал од римското време.
Гарашанин Д. и М., 1959, 71, 86; Mikul~i} I., TIR, 118. (В.С.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Јужно и западно од селото, во селските ниви и оризишта, на простор од 300 x 250 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Гарашанин Д. и М., 1959, 86; Mikul~i} I., TIR, 118. (А.К.)

31. ТЕРАНЦИ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 5 km источно од селото, во планинскиот предел на Плачковица се издига висок рид со зарамнето плато со димензии од 120 x 90 m, на кое има остатоци од темели на бедем. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Теранци**, вотивна плоча од римското време. Во првата половина на педесеттите години во Музејот во Штип е донесена релјефна плоча со претстава на Тракиски коњаник, од непознато наоѓалиште. Коњаникот со градниот дел е свртен en face, со подигната десна рака, и е наметнат со развиорена наметка. Коњот е во положба на галопирање, со подигнати предни нозе. Под нив има куче што го следи движењето на коњот, а пред нив стои адорантка во долга облека, со десната рака свиткана на градите. Димензии: ширина 31 cm, висина 26 cm, дебелина 6 cm.
Санев В., 1964, 103. (В.С.)

32. ТРКАЊЕ

**Главовец**, населба од неолитското време. На источниот раб на селото, на зарамнето плато, во селските ниви се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, претежно со сива боја. (А.К.)

**Горна Црква**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, лево од Тркањски Дол, на една висока тераса се откриени гробови градени од камени плочи. (А.К.)

**Господница**, населба од доцноантичкото време. На јужниот раб на селото, во селските ниви, на простор од околу 300 x 300 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Откриени се и темели од повеќе објекти. (А.К.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Северно од селото, во подножјето на ридот Сламонец, на простор од 200 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Страгата**, некропола од доцноантичкото време. На 5 km северно од селото, на границата со атарот на селото Бели, на пространата тераса што лежи лево од долот Дамјаница се гледаат контури на дваесетина гроба градени од камени плочи. (А.К.)

**Трлиште**, населба од доцноантичкото време. На 3 km северно од селото, на левиот брег на Тркањски Дол, на простор од 100 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

### 33. ЦЕРА

**Еленец**, населба од доцноантичкото време. Во пределот на Горна Цера, до селското училиште, во близината на манастирот Св. Богородица се издига висок рид со зарамнет врв. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Фрлавиште**, населба од доцноантичкото време. На јужното подножје на чуката – манастир, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во нивата на Р. Вучков е откопан голем питос. (А.К.)

### 34. ЧИФЛИК

**Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km источно од селото се гледаат конструкции од повеќе гробови од кои неколку биле отворени. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. (А.К.)

# XV. КРАТОВО


1. Вакуф ........ 183
2. Горно Кратово ........ 183
3. Емирица ........ 183
4. Железница ........ 183
5. Кнежево ........ 183
6. Коњух ........ 184
7. Кратово ........ 186
8. Нежилово ........ 187
9. Приковци ........ 187
10. Секулица ........ 187
11. Страцин ........ 187
12. Татомир ........ 188
13. Трновец ........ 188
14. Туралево ........ 191
15. Филиповци ........ 191
16. Шлегово ........ 192
17. Шопско Рударе ........ 192


### 1. ВАКУФ

**Чукарче**, старохристијанска црква. Кај утоката на реката Повишница во Крива Река се издига ниска чука која зафаќа простор од 50 x 50 m, оградена со ѕид од сувоѕидица. Во средишниот дел на просторот се гледаат темели од црква, а се среќаваат и фрагменти од покривни ќерамиди. Во близината на црквата биле откопани неколку гроба од камени плочи. (А.К.)

### 2. ГОРНО КРАТОВО

**Градиште – Чукар**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km од месноста Грамади се издига висок и тешко пристапен рид. На самиот врв има прилично добро зачувани остатоци од бедем што оградувал простор од 50 x 50 m, ѕидан од камен и варов малтер, широк 1,50 m. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на маалото Гарганци, на простор од 800 x 600 m се среќаваат градежен материјал, питоси и покривни ќерамиди. Во нивата на Н. Трајков се откопани три питоса, а во нивата на М. Танев е најдена минијатурна статуетка од бронза со претстава на богот Меркур. Статуетката се чува во Музејот на Македонија во Скопје. (А.К.)

### 3. ЕМИРИЦА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Во пределот на Лопен, до утоката на Модра Река во Злетовица се издига низок рид со зарамнет врв на кој се зачувани остатоци од мало градиште. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (А.К.)

### 4. ЖЕЛЕЗНИЦА

**Манастириште**, некропола од доцноантичкото време. На јужниот раб на селото, при проширувањето на патот што води за Кратово биле откриени и уништени неколку гроба. Во нив имало керамички садови и монети кои не се зачувани.
Керамидчиев А., 1966, 188. (А.К.)

**Равниште**, некропола од римското време во која се откриени 4 гроба.
Керамидчиев А., 1966, 118. (Д.Г.)

### 5. КНЕЖЕВО

**Куково Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На зарамнетото плато со простор од 100 x 80 m на високиот рид што се наоѓа на 1 km источно од селското училиште се гледаат остатоци од масивни темели на бедем ѕидан од камен и варов малтер. Речиси по целата површина има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Mikul~i} I., TIR, 71. (А.К.)

Грамади, с. Горно Кратово. – Богот Меркур, III-IV век

## 6. КОЊУХ

**Големо Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на висок рид покрај Крива Река, во близината на селото. На врвот има плато со безброј објекти исклепани во карпа – мали испоснички ќелии со траги од живопис, многу крстови и симболични знаци врежани до самите влезови. Населбата била расположена на главниот пат што водел од Куманово за Софија (Сердика). Во старохристијанскиот период претставувала голем црковен центар во провинцијата Дарданија, во Источен Илирик. Ова било посебно изразено со формирањето на архиепископијата Јустинијана прима од императорот Јустинијан I, со која се стремел црковните диецези да ги ослободи од големата власт на римскиот папа. По населувањето на

Големо Градиште, с. Коњух. – Населба од доцноантичкото време (И.М.)

Словените во овие области, Коњух и околината паѓаат под јурисдикција на епископијата на Брегалница, а подоцна, со повторното ширење на византиската власт, под епископијата во供Мородвис. Од средината на IX и во текот на X век овие територии биле зафатени со акцијата за покрстување, раководена од св. Климент, помогната од кнезовите Борис и Симеон. Старото име на градот не се среќава во изворите. На територијата на деспотот Драгаш, во 1373 година го наоѓаме под името Коњух, за кое се претпоставува дека било земено од словенската митологија.

*Црква мартириум*

Во подножјето на Големо Градиште уште во 1919 година бил откриен црковен објект кој има посебно значење за истражувањето на почетоците

и на развојот на црковната архитектура во Македонија. Забележен е од Н. Вулиќ и подоцна од С. Радојчиќ кој во 1952 година ги објавил неговите генерални податоци. Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата во 1989/90 година извел извесни ископувања заради податоци за изготвување на елаборат за конзервација. Конзерваторски мерки досега не се преземани, па објектот и понатаму е изложен на девастација од месното население.

Според основата и внатрешното уредување црквата им припаѓа на градбите со централно решение и со купола. Од надворешната страна има форма на правоаголник во кој централниот простор има впишана кружна основа и е опашан со ходник со потковична форма, поставен на масивно ѕидани столбови и меноа. Должината на црквата изнесува 23 m, а ширината од 7,50 до 14 m. Во олтарниот простор е формиран амбулакрум. Зачувани се основите на епископската катедра, а од страните делови од синтроносите. Има остатоци и од олтарната преграда, поставена на 6 столба. Подот во презвитериумот е обложен со мермерни плочки кои во техниката opus sectile формираат крст. Црквата имала раскошно изграден амвон од кој се најдени делови од архитектонската пластика од зелен песочник. На абакусот на еден од капителите има натпис ΔOMATRIRS кој се толкува како DOMUS MARTIRIS. Објектот како градски мартириум е датиран во времето на Јустинијан или по него, а може да се смести и на крајот од IV век. Црквата била посветена на големиот култ на евхаристијата, врз гроб или реликвии на некој голем маченик. Била определена како централна за поклонение на верниците од овој дел на Источен Илирик. Објектите со централно и октогонално решение од античкото време, со функција на мавзолеј, во старохристијанскиот период биле наменети за мартириуми, а подоцна за баптистериуми. Објектот под Големо Градиште бил долго и континуирано во употреба. Нашите истражувања укажуваат дека како старохристијански храм мартириум имал важна улога во времето на покрстувањето на Словените во IX-X век. Во подножјето на локалитетот, исто така, има остатоци од базиликална градба и една гробишна црква од XIV век, подигнати врз темели на постар црковен објект.
Иванов И., 1931; Вулић Н., XCVII, бр. 212-213; Радојчић Св., 1952, 148-169; Алексова Б., 1957, 7-46; Петров К., 1958, 31-45; Јосифовска Б., 1964а, 166; Mikul~i~ I., TIR, 71; Алексова Б., 1995, 228-233. (Б.А.)

Големо Градиште, с. Коњух. – Основа на кружната црква (С. Р.)

**К’шла**, некропола од железното и римското време. Се наоѓа на големо широко плато што се надвиснува над десниот брег на Крива Река. На североисточниот крај се надоврзува на повисоките ритчиња покрај коритото на реката. Поради загрозеноста со изградбата на железничката пруга Куманово-Деве Баир, во 1995 година Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата изврши заштитно ископување. Откриени се и истражени 54 гроба, од кои 8 од железното, а останатите од ранoримското време. Ранoримските гробови биле вкопани во тумул, речиси целосно уништен, од кој е откриен дел од заштитниот прстен изведен од речни бајки. Имаат конструкција од тегули на „две води“ и во нив се погребувани кремирани или инхумирани покојници. Од гробни прилози се најдени разни керамички садови, белезици, обетки, прстени, ѓердани и друго. Овие гробови ѝ припаѓаат на северната некропола на локалитетот Големо Градиште.
Радојчић С., 1952, 148; Јосифовска Б., 1964а, 166-170; Микулчиќ И., 1974а, 366-368; Mikul~i} I., TIR, 73. (М.И.)

## 7. КРАТОВО

**Дупка – Талашманци**, некропола од доцнохеленистичкото и римското време. На 3 km западно од Кратово, со трасирањето на патот за Скопје е пресечена некрополата на благата падина на десниот брег на Кратовска Река. Со ископувањата во 1990 година се откриени една доцнохеленистичка гробница издлабена во карпа и еден раноримски гроб.
Битракова Грозданова В., АП 1987, 81-82. (В.Б.Г.)

**Железница – Равниште**, некропола од римското време. Според податоците на А. Керамидчиев, локалитетот се наоѓа над селото, на високото плато каде што е подигната опитната станица за овоштарство. Во 1961 година овде бил уништен дел од некропола, поточно 4 гроба градени од големи ка-

мени плочи. На една од плочите, што подоцна била украдена, имало релјефна претстава и натпис. Во близината на некрополата бил откопан еден питос и уште неколку во местата Вук и Живолевски Рид, во реонот на селските лозја.
Керамидчиев А., 1966, 117. (В.С.)

**Кратово**, населба од доцнохеленистичкото и римското време. Се наоѓа на северниот дел на градот. На ридот кај гимназијата, со ископувањата изведувани во 1992 година се откриени делови од јужниот бедем на населбата и ретки фрагменти на хеленистичка керамика, како и многубројни остатоци од римски садови, питоси и римски монети од III-IV век. Откриена е и печка за печење на керамички садови. Ископувањата ги изведуваше В. Битракова Грозданова со колегите од Музејот на Македонија и Институтот за историја на уметноста со археологија.
Керамидчиев А., 1966, 115; Микулчиќ Г., 1987, 184. (В.Б.Г.)

**Кратово**, средновековна некропола. Во дворот на М. Манев пред Втората светска војна биле откриени гробови со камени конструкции, во кои се најдени богати прилози од злато и сребро што им припаѓале на покојници од видни семејства од XIV-XV век. Накитот е изработен во луксузните техники на филигран, ниело и емајл. Наодите се наоѓаат во Музејот на Македонија во Скопје.
Алексова Б., 1957, 7-45. (Б.А.)

## 8. НЕЖИЛОВО

**Ан 2 – Бари**, средновековна населба. Во планинскиот дел, на една височинка што се издига над селото се наоѓаат остатоци од населба, и тоа фрагменти од керамички садови и питоси. Населбата лежи покрај карванскиот пат кој од Бучин Ан (село Талашманци), по гребенот на Осогово, врвел кон исток. (А.К.)

**Три Кладенец**, средновековна топилница за оловна руда. Високо во планинскиот предел, на границата со селото Мушково се зачувани многу остатоци од топена оловна руда. (А.К.)

**Фурна**, населба и топилница од римското време. Во непосредната близина на Речно маало, на левиот брег на Нежиловски Дол, на поголем простор има остатоци од згура, градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови. (А.К.)

**Чукар**, градиште од доцноантичкото време. Источно од селото, на едено ниско расклонение, 2 km оддалечено од маалото Рекарци, на врвот има остатоци од мало утврдување што било оградено со бедем. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 9. ПРИКОВЦИ

**Лешки**, водовод од римското време. Се наоѓа во непосредната близина на Бигорска Чешма. Според податоците добиени од Т. Арсов, од ова место потекнуваат водоводни цевки – тубулуси од римски водовод. (Б.Ј.)

**Писан Камен**, средновековен сакрален објект. Во непосредната близина на селото, десно од патот што води за Кратово и од левата страна на потокот Длабок Дол, во карпата се издлабени 2 ниши во кои одвај се забележуваат остатоци од фрескоживопис. Местото се смета за свето. (Б.Ј.)

## 10. СЕКУЛИЦА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Високо во пределот на Црн Врв, на рид со зарамнето плато постоел одбранбен ѕид (сега ридот е уништен од рудникот Силекс) кој оградувал простор од 250 x 150 m. Уништени се многу објекти и еден резервоар за вода. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Биле откриени повеќе од 100 питоси, а биле пронајдени и две големи депоа со златни и бронзени византиски монети (фолеси) ковани во V и VI век. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Керамидчиев А., 1966, 119; Керамидчиев А., 1974б, 167-183; Микулчиќ Г., 1987, 184; Кондијанов Ј., 1990, 199-213; Ivani{evi} V., Kondijanov J., 1992, 77-99. (А.К.)

**Павлева Воденица**, населба од доцноантичкото време. Во подножјето на ридот Мало Градиште и на двете страни од Секулички Дол се откриени неколку питоси, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Среден Рид**, населба од доцноантичкото време. Помеѓу Липовски Дол и Секулички Дол, при обработувањето на земјата се откриени повеќе питоси, а по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 11. СТРАЦИН

**Вражиград**, градиште од доцноантичкото време. Северно од маалото Тасинци, на висока чука со зарамнет врв кој зафаќа простор од 120 x 60 m се среќаваат остатоци од утврдена населба. Зачувани се темели од бедемот граден од камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Видливи се и урнатини од неколку помали објекти. Еден питос се чува кај В. Константинов од Страцин.
Mikul~i} I., TIR, 127. (А.К.)

**Градиште**, градиште од железното време. Во непосредната близина на маалото Поповци, на ниска чука

што е оддалечена 1 km од главниот пат Куманово-Страцин, на зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови со сива боја и груба фактура. На неколку места се зачувани делови од бедем граден од сувоѕидица. (А.К.)

**Чука**, некропола – могила од римското време. Во непосредната близина на маалото Тасинци, под ридот Вражиград има ниска могила со пречник во основата од 8 m и височина од 2 m. Видливи се контурите на гробови градени од камени плочи (А.К.)

## 12. ТАТОМИР

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На 500 m од маалото Клисура, во нивите на К. Стојанов, кои зафаќаат површина од 150 x 100 m, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На 500 m источно од селското училиште, во нивите на В. Атанасов и Т. Богатинов биле откопани неколку питоси, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 13. ТРНОВЕЦ

**Блидеш**, населба од неолитското време и градиште од доцноантичкото време. Помеѓу доловите Блидеш и Забел се издига висока чука. На зарамнетиот врв, со простор од 200 x 150 m, се забележуваат фрагменти од сива и црвена неолитска керамика, фрагменти од покривни ќерамиди и питоси. Во доцноантичкото време била подигната населба заштитена со моќен бедем граден од камен и варов малтер кој денес е зачуван во темелите. Биле откопани неколку питоси што се чуваат кај мештанинот И. Давитков. (А.К.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. До утоката на Кратовска Река во Крива Река се издига висок рид со доминантна местоположба. На врвот има зарамнето плато со димензии од 150 x 100 m, кое било оградено со бедем граден од камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Видливи се темели од повеќе помали објекти.
Керамидчиев А., 1966, 120; Mikul~i} I.,TIR, 128. (А.К.)

Градиште, с. Трновец. – Населба од доцноантичкото време (В.Л.)

**Маркова Куќа**, средновековна ќелија. Според податоците добиени од Ѓорѓи Петковски од селото, кој денес живее во Куманово, во коритото на Крива Река и погоре од Кратовски мост има стрмна карпа што се издига над реката. Во карпата имало издлабена ќелија со два влеза и обликувано седало. Високо над карпата, во 1940 година жителите раскопале гроб ѕидан од камен и цврст бел малтер, во кој биле најдени само коски од умрениот. (В.С.)

**Челопек**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на маалото Колаконско, на десниот брег на Крива Река, до куќата на С. Трајковски, на простор од 200 x 200 m се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и

покривни ќерамиди. Биле откопани неколку питоси, а пронајдени се и римски монети, бронзени белезици, обетки и друго. Наодите се чуваат кај С. Трајковски. (А.К.)

## 14. ТУРАЛЕВО

**Спас**, средновековни објекти. Спроти селото има високо плато со обработливи ниви во кои, на еден мал простор, биле откриени темели од објекти ѕидани од камен и кал. Судејќи според начинот на ѕидањето и употребениот материјал, веројатно се работи за некакви средновековни објекти.
Керамидчиев А., 1966, 120. (В.С.)

**Црквеница**, населба од доцноантичкото време. На десната страна од Туралевски Дол, во нивите на М. и П. Трајчевски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 15. ФИЛИПОВЦИ

**Долно Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Помеѓу Туралевски Дол и Крива Река, на висок планински гребен се наоѓа долго и тесно плато со димензии од 150 x 70 m, на кое има остатоци од бедем што го оградувал градиштето. Зачувани се само темелите градени од камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината, на повеќе места се гледаат контури на помали објекти. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Градиштето е делумно оштетено со вадење на градежен материјал од бедемот и објектите. На јужното подножје на ридот, кај месноста Герани се откриени повеќе гробови во кои се пронајдени неколку керамички садови и неколку монети. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија.
Керамидчиев А., 1966, 120; Mikul~i} I., TIR, 54. (А.К.)

**Свети Илија**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква. На 1 km западно од Топанџиско маало, на висока и пространа падина се зачувани остатоци – темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На највисокото место на падината има остатоци од старохристијанска црква. (А.К.)

Долно Градиште, с. Филлиповци. – Населба од доцноантичкото време (В.Л.)

**До селото**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на Топанџиско маало, во селските лозја и ниви, особено во нивата на Д. Тасев, се откриени повеќе гробови. При рилањето на лозјата биле откриени и неколку епиграфски споменици на

латински јазик. Пронајдени се и повеќе монети од III и IV век (Луциј и Константин Велики). Наодите се чуваат во Музејот на Македонија.
Керамидчиев, 1966, 120; Керамидчиев А., 1973, 147-150; Mikul~i} I., TIR, 54. (А.К.)

## 16. ШЛЕГОВО

**Коленец**, населба од доцноантичкото време. Како што известува А. Керамидчиев, на северниот раб од селото, во нивите што зафаќаат простор од 200 x 200 m се среќаваат парчиња од тегули и тули, а наместа биле откривани темели од објекти. Биле откопани десетина питоси и неколку римски и византиски монти.
Керамидчиев А., 1966, 121. (В.С.)

**Кула – Здравичиј Камен**, градиште од доцноантичкото време. Северозападно од селото, на планинското расклонение што се спушта стрмно во коритото на Кратовска Река кај селото Железница се издига низок чукар кој има зарамнет простор со димензии од 70 x 50 m, што бил ограден со бедем граден од камен и варов малтер. Зачувани се само темелите, а во внатрешноста на градиштето има многу фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)



Кула – Здравичиј Камен, с. Шлегово. – Градиште од доцноантичкото време (В.Л.)

**Во селото**, населба и некропола од римското време. На северниот раб на селото Шлегово, во нивата на Б. Петров се откриени неколку капители, бази и колони, кои сопственикот на нивата ги однел дома и ги употребил при градењето на куќата. Овде бил најден и епиграфски споменик со грчки натпис од III век. По површината има фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди.
Керамидчиев А., 1973, 150-152. (А.К.)

## 17. ШОПСКО РУДАРЕ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Јужно од месноста Царева Чешма се издига висок рид со доминантна местоположба, на чиј врв има зарамнет простор со димензии од 150 x 100 m ограден со масивен бедем ѕидан од варов малтер и камен. Од бедемот се зачувани темелите, а на површината има градежен материјал и фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

**Кралица**, градиште од доцноантичкото време. Во атарот на маалото Петковци, на левиот брег на Крива Река се издига висок рид кој е тешко пристапен, со исклучок на јужната страна. На врвот има зарамнет простор на кој се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Одбранбениот ѕид што го оградувал градиштето е зачуван во темелите. (А.К.)

**Селиште**, населба од римското време. Во атарот на Чергинско маало, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. При орањето биле откриени и темели од објекти крај кои биле најдени неколку питоси. (А.К.)

**Трон – Пешта**, населба од неолитското и доцноантичкото време. На 1,5 km северно од маалото Цоцевци се издига висока карпа што доминира над околниот терен. На западната страна, под карпата се протега тераса со димензии од 70 x 60 m, на која има фрагменти од неолитски керамички садови со фина и груба фактура, со сива и црвеникава боја. Наоди се среќаваат и во подножјето на терасата, особено во нивите каде што се наоѓало подградието. Биле откопани неколку питоси и римски монети. (А.К.)

**Царева Чешма – Локва**, населба од неолитското, железното и доцноантичкото време. Помеѓу селата Шопско Рударе и Татомир се наоѓа месноста Царева Чешма која претставува тесна долина. Во непосредната близина на чешмата се издига ниска чука што доминира во долината. На површината на чуката се среќаваат фрагменти од керамички садови со фина и груба фактура и претежно со сива боја, карактеристични за неолитот и за железното време. Во доцноантичкото време теренот исто така бил користен, на што упатува големиот број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Населбата била оградена со масивен бедем, делумно зачуван во темелите. Според податоците од мештаните, најдени се неколку римски и рановизантиски монети кои се чуваат кај В. Поповски, учител во селото. (А.К.)

# XVI. КРИВА ПАЛАНКА

1. Б'с ........ 193
2. Ветуница ........ 193
3. Вржогрнци ........ 193
4. Габар ........ 193
5. Герман ........ 194
6. Длабочица ........ 194
7. Дубровница ........ 194
8. Дурачка Река ........ 194
9. Киселица ........ 194
10. Конопница ........ 195
11. Костур ........ 195
12. Кошари ........ 195
13. Крива Паланка ........ 195
14. Криви Камен ........ 195
15. Луке ........ 195
16. Љубинци ........ 195
17. Мала Црцорија ........ 196
18. Метежево ........ 196
19. Милутинце ........ 196
20. Мождивњак ........ 196
21. Нерав ........ 197
22. Огут ........ 197
23. Одрено ........ 197
24. Опила ........ 197
25. Отошница ........ 200
26. П'клиште ........ 200
27. Петралица ........ 200
28. Подржиконь ........ 201
29. Псача ........ 201
30. Радибуш ........ 201
31. Ранковце ........ 202
32. Станци ........ 202
33. Станча ........ 202

## 1. Б'С

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На југоисточните падини на месноста Калин Камен, во букова шума, на едно мало ритче со зарамнето елипсовидно плато се среќаваат остатоци од ѕидови и атипични фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Рударски Гробишта**, средновековна некропола. На 4 km од Крива Паланка, на десната страна од патот Крива Паланка-Калин Камен, на мала височинка со димензии од 50 x 50 m, на површината се гледаат камени конструкции од гробови. (Ц.К., Д.З.)

## 2. ВЕТУНИЦА

**Гробишта – Грамади**, некропола од доцноантичкото време. На просторот од денешните селски гробишта се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста. Во гробовите се најдени керамички садови кои не се зачувани. (Ц.К., Д.З.)

**Црвеница**, населба од доцноантичкото време. На 800 m јужно од селото, на зарамнето плато над Крива Река, во нивата на Д. Бошковски се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

## 3. ВРЖОГРНЦИ

**Блидеш**, населба од бронзеното, железното и доцноантичкото време. На околу 700 m јужно од селото, северно од патот Куманово-Крива Паланка, меѓу Блидешка Река и едно мало поточе се издига висок рид со стрмни падини. Во нивите што се на самиот врв, на површина од околу 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси, а се насетуваат и темели од објекти. Веројатно оттука потекнуваат неколкуте бронзени висулци во облик на латинската буква V од железното време што се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Георгиев З., 1992, 105-126. (Ц.К., Д.З.)

**Гробишта**, средновековна црква. Во селските гробишта се наоѓаат остатоци од црква градена со големи делкани блокови. (Ц.К., Д.З.)

**Мутавчина**, населба од доцноантичкото време. Во близината на селото, во нивата на Д. Алексовски се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и тегули. (Ц.К., Д.З.)

## 4. ГАБАР

**Кушинци**, средновековна некропола. На падина, во непосредната близина на Митовско маало се откриени гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ц.К., Д.З.)

**Ливаѓе**, средновековно градиште. На две ритчиња – чуки, се гледаат траги од ѕидови – бедем, а на површината има грамади од градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Манастирска Чука**, средновековна населба. Во Горно маало се среќаваат фрагменти од керамички садови, а постои и легенда дека Турците собирале камен за изградба на кулата–посматрачница на Китка. (Ц.К., Д.З.)

**Окатица**, средновековна населба. Јужно од патот Крива Паланка-Огут, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од атипична керамика. (Ц.К., Д.З.)

**Ораче**, средновековно градиште. Јужно од Габарски Чуки и 100 m северно од патот Крива Паланка-Огут, на една зарамнета височинка се среќаваат

фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, средновековна населба. Во непосредната близина на маалото Чиниклавица, според кажувањето на Т. Лековски, се откриени темели од ѕидови на објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Ц.К., Д.З.)

## 5. ГЕРМАН

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 1 km североисточно од локалитетот Црквиште, југоисточно од Станишков Дол, на зарамнето плато од 50 x 50 m има многу градежен материјал и фрагменти од керамички садови, питоси и тегули.
(Ц.К., Д.З.)

**Манастириште**, градиште од доцноантичкото време. На зарамнета тераса – плато со стрмни страни, се гледаат траги од одбранбен бедем граден од камен и варов малтер, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Русалиски Гробишта**, средновековна некропола. На зарамнето плато, на левата страна на патот од Герман за Пеклиште се откриени гробови со различна ориентација. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Во маалото Павлевци, на мало ритче со зарамнето плато се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови со фина и груба фактура и претежно со црвена боја. (Ц.К., Д.З.)

**Црквиште**, средновековна црква. Во нивата на С. Станисовски има остатоци од мала црква со апсида на источната страна и со димензии од 15 x 10 м.
(Ц.К., Д.З.)

## 6. ДЛАБОЧИЦА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 300 m јужно од куќата на С. Петков, на доминантен рид со зарамнето плато и стрмни страни, од северната страна, преку мал преслап поврзан со Кошарски Дол, на површината се среќаваат остатоци од темели – ѕидови и многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и тегули. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на куќата на С. Петков, во нивите, на површина од околу 3 хектари се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

## 7. ДУБРОВНИЦА

**Градина**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото мештаните откриле повеќе питоси, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Лучин Дол – Стар Хан**, депо на римски монети. Во дворот на училиштето, во 1956 година, при копањето на бунар се откриени 202 римски монети од III и IV век, ставени во керамички сад. Денес монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Ц.К., Д.З.)

**Стара Воденица**, водовод од римското време. Во непосредната близина на селото се откриени траги од водовод – керамички тубулуси и тегули. (Ц.К., Д.З.)

**Црква**, средновековна црква. При изградбата на денешната црква, во селото биле откриени темели од постара црква. (Ц.К., Д.З.)

**Ширина**, осамен наод од доцноантичкото време. На ова место, според кажувањето на мештаните, се откриени питоси од кои неколку се чуваат во селото. (Ц.К., Д.З.)

## 8. ДУРАЧКА РЕКА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Спроти Голомудово маало се наоѓа ритче со зарамнето плато, што доминира над Дурачка Река. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Се гледаат остатоци од бедем. (Ц.К., Д.З.)

**Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на маалото Метав, над клисурата на Дурачка Река се гледаат гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ц.К., Д.З.)

## 9. КИСЕЛИЦА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Над Киселичка Река, на висок рид кој со преслап е сврзан со планинскиот венец, на зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. Видливи се остатоци од разурнати градби и бунар за вода. По површината има множество градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Спроти локалитетот Градиште, од десната страна на Киселичка Река, на површина од 3 хектари се гледаат остатоци од разурнати објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (Ц.К., Д.З.).

**Собориште**, населба од доцноантичкото време. При копањето на темелите за трансформаторот биле

откопани повеќе питоси од кои еден се чува кај Д. Велиновски. (Ц.К., Д.З.)

**Црква**, средновековна црква со некропола. Помеѓу месностите Скоруша и Градиште се гледаат урнатини од стара црква, а околу црквата гробови градени од камени плочи. Според кажувањето на мештаните, во гробовите имало керамички садови и бронзен накит. (Ц.К., Д.З.)

## 10. КОНОПНИЦА

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 75. (Д.Г.)

**Подиште**, викус од доцноантичкото време. На десната страна од патот Куманово-Крива Паланка, на блага падина со површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Таван**, населба од доцноантичкото време. На десната страна од патот Куманово-Крива Паланка, на 300-400 m, на зарамнето плато се гледаат траги од објекти ѕидани од делкан камен поврзан со варов малтер. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и тегули. (Ц.К., Д.З.)

**Црквиште**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km североисточно од селото на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

## 11. КОСТУР

**Купишта**, средновековна топилница за руда. На 2 km јужно од маалото Варошани, на левиот брег на реката Тораница се зачувани многу остатоци од топена железна руда, што индицира многугодишна рударска експлоатација. Откриени се неколку топилници. На една од нив во 1978 година се извршени ископувања.
Керамидчиев А., 1975, 88. (А.К.)

**Рањева Нива**, средновековна топилница за руда. На десниот брег на Крива Река, во маалото Варошани, на јужниот крај се среќава многу згура од топена железна руда.
Керамидчиев А., 1975, 86-87. (А.К.)

**Цепен Камен**, средновековна топилница на руда. На 1 km јужно од маалото Варошани, на местото каде реката Тораница се влева во Крива Река се зачувани многу остатоци од топена железна руда, како и урнатини од 2 печки. При ископувањето, покрај двете топилници се откриени голем број на железни предмети.
Керамидчиев А., 1975, 88. (А.К.)

## 12. КОШАРИ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Над Дурачка Река, на висок рид со доминантна местоположба, чиј врв е зарамнет и зафаќа површина од 200 x 100 m, има добро зачувани остатоци од темелите на бедемот, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

## 13. КРИВА ПАЛАНКА

**Кале**, мал кастел од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 75. (Д.Г.)

## 14. КРИВИ КАМЕН

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Северно од Кончаревско маало, под ридот Брезовица, на зарамнето плато со доминантна местоположба над селата Радибуш, Осиче, Петралица и Криви Камен, на површина од 200 x 150 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.).

## 15. ЛУКЕ

**Аништа**, средновековна населба. На 800 m северно од селото, на десниот брег на Лучка Река се откриени питоси, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови. (Ц.К., Д.З.)

**Бојкова Нива**, населба и некропола од доцноантичкото време. С. Атанасовски, при изградбата на станбената куќа, открил огниште и питос. При обработувањето на нивата околу куќата е откриен гроб со камена конструкција – тип циста. По површината на нивата се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Ц.К., Д.З.)

**Злобрдо**, средновековна населба. По површината на локалитетот се среќаваат фрагменти од керамички садови и згура од топена руда. (Ц.К., Д.З.)

**Св. Петка – Остоица**, средновековна црква. Источно од селото се наоѓа црквата Св. Петка, изградена врз темелите на стара црква. Сполии од постарата црква се вѕидани во новата црква. (Ц.К., Д.З.)

**Топлак**, населба од доцноантичкото време. Во централниот дел на селото Лучка Река мештаните откриле повеќе питоси што ги чуваат во своите дворови. (Ц.К., Д.З.)

## 16. ЉУБИНЦИ

**Драки**, некропола од доцноантичкото време. На простор од 1,5 хектар обработливи ниви, К. Стефановски откопал 2 гроба што биле изѕидани од тули.

Во гробовите се откриени керамички садови, бронзена игла и железен предмет (нож или копје). Пронајдена е и златна игла. (Ц.К., Д.З.)

**Трлиште**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km јужно од селото, на голем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Црквиште – Црква Маријана**, населба и некропола од доцноантичкото време. На блага падина, 200-300 m северно од патот Куманово-Крива Паланка, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Северно од локалитетот, на околу 1,5 km се откриени водоводни цевки – тубулуси. С. Јордановски, во 1949 година, откопал гробови градени од камени плочи.
(Ц.К., Д.З.)

## 17. МАЛА ЦРЦОРИЈА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На висок рид над селото се наоѓаат урнатини од градиште што зафаќа простор од 30 x 40 m. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
(Ц.К., Д.З.)

**Опаљушка**, средновековна некропола. На исток од месноста Конопиште, на блага падина која зафаќа простор од 50 x 50 m се откриени повеќе гробови градени од камени плочи. Во еден од нив е најден керамички сад. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На мал рид со зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На северната страна на локалитетот се откриени повеќе гробови градени од камени плочи.
(Ц.К., Д.З.)

**Црквиште**, населба од доцноантичкото време. На 100 m јужно од локалитетот Опаљушка, селанецот Д. Ангелов при обработувањето на нивата открил повеќе питоси и темели од објекти. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

## 18. МЕТЕЖЕВО

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На висок рид, што се надвиснува над Огутска Река и има доминантна местоположба, на зарамнето плато обраснато со шума се гледаат траги од бедем, а по површината се среќаваат фрагменти од питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Николинско маало**, средновековна некропола. На благите тераси што се спуштаат од Шилески Рид се откриени гробови од камени плочи – тип циста. (Ц.К., Д.З.)

## 19. МИЛУТИНЦЕ

**Бреслики**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селското училиште, во нивата на К. Вучков, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На високо брдо што се издига над селото, покрај патот Скупи-Пауталија, на самото зарамнето плато се гледаат остатоци од бедем, темели и ѕидови. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. На западниот дел на градиштето има бунар опкружен со камени плочи поставени вертикално.
Josifovska B., TIR, 86. (Б.Ј.)

**Дубле**, населба од доцноантичкото време. На блага падина северно од селското училиште, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Лебаруша**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селото, во повеќе ниви што се поставени терасесто се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Падина**, населба од доцноантичкото време. На 900 m југозападно од селото, на блага падина со површина од 100 x 150 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
(Ц.К., Д.З.)

**Спротива**, населба од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, на неколку терасесто поставени падини по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

## 20. МОЖДИВЊАК

**Авлија**, осамен наод од доцноантичкото време. Јужно од селото, во нивата на Б. Цветановски е откриен питос што се наоѓа кај сопственикот на нивата. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Јужно од селото, на мало ритче со зарамнет врв, обраснато со багреми кое има доминантна местоположба над котлината, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Селаните имаат откриено повеќе питоси. Еден се чува кај Трајко Младеновски. (Ц.К., Д.З.)

**Дуќаниште**, населба од доцноантичкото време. На јужниот крај од селото, во нивата на Б. Младеновски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Опашуљка**, средновековна црква и некропола. На јужниот крај на селото, на мало ритче со зарамнето плато се откриени повеќе гробови градени од камени плочи – тип циста. Видливи се остатоци од темели на црква со мали димензии. (Ц.К., Д.З.)

**Црквиште**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селото, на левата страна од изворот на Мождивњачка Река, на ритче со зарамнето плато се среќаваат остатоци – темели на објекти, а по површината има фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

## 21. НЕРАВ

**Градиште – Чука**, градиште од доцноантичкото време. На две ниски ритчиња со преслап помеѓу нив, се гледаат остатоци од бедем граден од кршен камен и варов малтер, широк 2 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура, питоси и многу градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште I**, градиште од доцноантичкото време. Западно од месноста Остри Чуки, на висок рид со зарамнето плато што зафаќа површина од 300 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште II**, градиште од доцноантичкото време. Крај патот што води за Трговиште, над клисурата на Неравска Река, на зарамнет врв во непосредната близина на локалитетот Селиште се гледаат остатоци од ѕидови на утврдување, фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Грамади**, населба од римското време. На блага падина северно од Видин Дол, источно од Неравска Река и јужно од месноста Спас, на површина од 150 x 100 m, при орањето на нивите се откриени фрагменти од керамички садови со груба фактура и црвена боја. Се среќаваат и градежни материјали. (Ц.К., Д.З.)

**Кошари**, населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Неравска Река, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Мештанинот С. Милошевски нашол една чанковидна бронзена монета. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, градиште од доцноантичкото време. На зарамнето плато на мало ритче кое има доминантна местоположба над клисурата на Неравска Река, до патот што води за селото Трговиште се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Видливи се ѕидови од утврдување. (Ц.К., Д.З.)

## 22. ОГУТ

**Остри Чуки**, градиште од доцноантичкото време. Источно од месноста Змијарник, во непосредната близина на локалитетот Градиште, на височинка со зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал и бронзени монети. (Ц.К., Д.З.)

## 23. ОДРЕНО

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На висок рид со зарамнето плато, од исток заграден со Буин Дол, на површината се гледаат остатоци од ѕидови, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште – Падина**, населба од доцноантичкото време. На блага падина со површина од околу 3 хектара, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал (камен, покривни ќерамиди и друго). (Ц.К., Д.З.)

**Чукарче**, населба од доцноантичкото време. На рид со зарамнето плато, во непосредната близина на Мирашовци се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Местото се смета за вакафско. (Ц.К., Д.З.)

## 24. ОПИЛА

**Градеж**, населба од доцноантичкото време. На блага падина покрај Циганска Река, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на десниот брег на Крива Река, на висок рид што доминира над околината, со правец на протегање север-југ и димензии од околу 100 x 40 м. На северната страна се гледа вештачки направен ров, додека другите три страни се многу стрмни. Карактеристично за ридот, а со тоа и за самиот локалитет, е тоа што има структура од мека карпа во која се исклепани повеќе простории, скали, ниши и сл. Во подножјето на западната страна има остатоци од цистерна. Од утврдувањето потекнуваат повеќе монети од III и IV век кои се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, фрагменти од стакло, бронза, железо и друг археолошки материјал. Во контекстот на градиштето треба да се имаат предвид и локалитетите Чифлик, некропо-

ла од доцноантичкото време, и Чифличиште, населба од истото време, кои се наоѓаат во непосредната околина. Се претпоставува дека Градиште бил значаен населбински и фортификациски пункт што се наоѓал на комуникациите Стоби-Пауталија и Скупи-Пауталија.

Керамидчиев А., 1966, 118; Mikul~i}, I., TIR, 94; Крстевски Ц., Ивановски М., 1987, 129; Микулчиќ Г., 1987, 184. (Ц.К., Д.З.)

Градиште, с. Опила. – Населба и некрополи од VII век пред н.е. до VI век (РЗЗСК)

Градиште, с. Опила. – Доцноантичка и средновековна некропола (ископувања 1995)

**Мал Трг**, градиште од доцноантичкото време. На висок рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од ѕидови градени од камен со кал. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Пашина Падина**, населба од доцноантичкото време. Источно од селото, во нивата на Л. Георгиевски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Откриен е и праг од бел мермер. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на црквата Св. Никола, во нивата на С. Тодоровски се откриени ѕидови градени од кршен камен и варов малтер, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, стакло и згура од топена руда. (Ц.К., Д.З.)

**Чифлачиште**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1 km од јужниот раб на Бабунско маало, југозападно од локалитетот Чифлик, а непосредно под падините на Војсин Рид на десниот брег на Крива Река. Претставува тераса со приближни димензии од 200 x 100 m, на која се гледаат фрагменти од градежни тули и керамички садови, исфрлени на површината со перманентното орање. Во некои од нивите се забележуваат отпечатоци од темели на ѕидови од кои е изваден градежниот материјал. Повеќето од објектите имале профан карактер, а не се исклучува можноста за постоење и на сакрален објект. Во 1995 година, поради поставувањето на трасата на железничката пруга, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата изврши заштитно ископување. Откриени се остатоци од темели на објект со 5 простории со приближни димензии од 4 x 4 m, зачувани во висина од 0,40 до 0,80 m и широки 0,60 m, како и една печка за топење на метал. Периметралниот ѕид е масивно граден, широк 1,00 до 1,10 m и веројатно се работи за објект користен за економски цели, од времето на III-IV век. (Ц.К., М.И., Д.З.)

**Чифлик – Бабунци**, некропола од железното и доцноантичкото време и средниот век. Во маалото Бабунци, на десниот брег на Крива Река и во непосредната близина на локалитетот Градиште, при орањето на нивите и изградбата на куќи и други помошни објекти се откриени гробови градени од камени плочи, со богати наоди. Во 1984, 1985 и 1987 година Музејот на Македонија извршил заштитни археолошки ископувања со кои се откриени и истражени 57 гроба. Повеќето од гробовите се од типот циста, неколку со слободно вкопување и неколку од тегули – тип „на две води“. Гробните прилози ги сочинуваат: белезици, токи, обетки, прстени, алки и др. изработени од бронза, железо и сребро, како и неколку керамички садови. Во 1995 година, поради загрозеност од поставувањето на трасата на железничката пруга Куманово-Деве Баир, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата изврши заштитно ископување. Откриени се

нови 466 гроба, со приближно исти гробни конструкции, но со различна временска припадност. Кај средновековните гробови од X-XI век е карактеристично тоа што имаат обележувања со врежан крст, кое како појава засега е единствено во Македонија. Што се однесува до гробните прилози во гробовите од железното време (VIII-VII век пред н.е), најдени се керамички садови, белезици и висулци во облик на латинската буква V; во гробовите од втората половина на VI век обетки, прстени, фибули, токи, појасни гарнитури, крстови, оружје и монети; во средновековните гробови обетки, прстени украсувани со филигран, ѓердани, белезици и друг накит. Од сите овие ископувања, а и од самата опсервација на просторот, сосема е сигурно дека се работи за голема некропола (повеќе од 1000 гробови), со широк временски распон на погребување. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Крстевски Ц., Ивановски М., 1989, 129-130. (Ц.К., М.И., Д.З.)

## 25. ОТОШНИЦА

**Аниште**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северно од патот Куманово-Крива Паланка, на тераса над Блидешка Река, во нивата на С. Илиев од селото Ракотинце се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал: делкани камени блокови. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На мало ритче со зарамнето плато, што зафаќа површина од 100 x 130 m, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал од бедем. (Ц.К., Д.З.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. Јужно од патот Отошница-Ветуница, на левиот брег на Отошинска Река, во нивите на Ѓ. Тодоровски и ЗЗ „Малина" се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал: кршен камен, тегули и покривни ќерамиди. (Ц.К., Д.З.)

**Лиске**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, во нивата на Ј. Лазаревски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Могила**, некропола – могила од римското време. На 23-тиот километар од новиот пат Крива Паланка-Куманово, од неговата десна страна има могила која е делумно оштетена со изградбата на патот. Нејзините димензии се 36 x 25 m во основата и зачувана височина од 3,5-4 m. Со заштитните ископувања, извршени во 1988-90 година, од страна на Музејот на Македонија е истражена една половина од могилата при што се откриени 32 гроба, со кремирање и скелетно погребување, во кои се најдени керамички и стаклени садови, предмети од коска, железо, сребро, монети и друго од I до IV век. (Ц.К., Д.З.)

## 26. П'КЛИШТЕ

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Западно од месноста Бар и јужно од Побиен Камен, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

## 27. ПЕТРАЛИЦА

**Бошановце**, могила од римското време. Во месноста Бошановце има могила која со обработувањето на земјата е во голема мера зарамнета. Откриен е гроб – циста, во кој се најдени железен меч и бронзен накит. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Северозападно од селото, на висок рид со зарамнето плато се зачувани остатоци од бедем, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Откриени се и повеќе монети кои се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1953, 5. (Б.Ј.)

**Градиште I и II**, градиште од доцноантичкото време. На две ритчиња под Биљино, кои имаат зарамнети платоа, се гледаат остатоци од ѕидови, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште III**, градиште од доцноантичкото време. Кај утоката на Петраличка Река во Крива Река, на мало ритче со доминантна местоположба се гледаат траги од бедем, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Дубрава**, населба од доцноантичкото време. На 2-3 km оддалеченост од селото, на простор од околу 60 x 80 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Китка**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на месната канцеларија, на простор од 50 x 50 m е откриен гроб граден од камени плочи, во кој бил најден керамички сад. (Ц.К., Д.З.)

**Кутлев Крст – Тумба**, населба и некропола од доцноантичкото време. На една мала височинка, во нивата на Стојман Младеновски се откриени гробови со конструкција од камени плочи, како и повеќе питоси. По површината на нивата се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси.
Јосифовска Б., 1953, 5. (Б.Ј.)

**Паратлија**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото се откриени повеќе гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време и средновековна некропола. Северно од селото, од левата страна на селскиот поток и под локалитетот Градиште, на простор од 3 хектара, на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. Најдени се и повеќе монети. Од овој локалитет потекнува депо од фолеси од I и II тетрархија. Монетите ги нашол Ј. Давидов, во 1950 година, во еден керамички сад источно од црквата. Од депото, кое содржело повеќе од 400 монети, Музејот на Македонија откупил 374. На околу 100 m северно од црквичето посветено на св. Ѓорѓи, на една карпа се издлабени два крста, од кои едниот има форма слична на крстовите на хумските повелби или на босанските саркофази. Во нивата на К. Јосифов е откриена голема камена плоча на која има врежани крстови со различни форми и повеќе нејасни знаци.
Јосифовска Б., 1953, 4-5. (Б.Ј.)

## 28. ПОДРЖИКОЊ

**Грамадица**, населба од доцноантичкото време. Североисточно од месноста Ретки Буки, под локалитетот Гранџаница, на простор од околу 100 $m^2$ се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се и повеќе монети кои не се зачувани. (Ц.К., Д.З.)

**Китка**, средновековна некропола. Високо во планинскиот предел, во непосредната близина на Живкова Рупа и Миленове Падине, на простор од 80 x 30 m се откриени гробови градени од камени плочи. (Ц.К.)

**Ретки Буки**, средновековна рударска населба. На падините на планината на повеќе места се среќаваат остатоци од населба, згура од топено железо и огништа каде што бил правен дрвен јаглен. (Ц.К., Д.З.)

**Црквиште**, средновековна црква со некропола. На 3 km западно од селото се наоѓаат остатоци од црква со мали димензии. При обработувањето на нивите мештаните откопале повеќе гробови и големи камени крстови. Локалитетот и денес има доминантна местоположба и се смета за култно место. (Ц.К., Д.З.)

## 29. ПСАЧА

**Влашки Дол**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на Трајко Маринин, која зафаќа простор од над 1 хектар, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и многу градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 104. (Д.Г.)

**Долно Лозје**, некропола од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 104. (Д.Г.)

**Манастириште**, населба од доцноантичкото време. На 150 m јужно од Крива Река, на блага височинка што е пресечена со суводолица, селаните откриле повеќе темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 104. (Ц.К., Д.З.)

**Ровине**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 250 m северно од Крива Река и јужно од селото, на една мала височинка се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Во непосредната близина е откриена и некропола со гробови од камени плочи. На ова место, пред десетина години, В. Петковски нашол бронзена статуетка, која не е зачувана, и керамичка ламба – ефески тип, која се чува во Музејот на Македонија во Скопје. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, населба и некропола од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 104. (Д.Г.)

**Црквиште**, старохристијанска базилика.
Mikul~i} I., TIR, 104. (Д.Г.)

## 30. РАДИБУШ

**Авлија**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, од јужната страна, над Радибушка Река се наоѓа мал рид со зарамнето плато. На површината се гледаат остатоци од ѕидови и фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ц.К., Д.З.)

**Крстенце – Манастирче**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селото, помеѓу Радибушка и Германска Река, на мало ритче со зарамнето плато се наоѓаат остатоци – ѕидови од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. Мештаните наоѓале и бронзени монети кои не се зачувани. (Ц.К., Д.З.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селото, помеѓу Германска Река од исток и Крива Река од запад, на мала височинка со зарамнет врв се гледаат остатоци од ѕидови, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и тегули. (Ц.К., Д.З.)

### 31. РАНКОВЦЕ

**Мал Камлеш**, населба од неолитското, енеолитското и бронзеното време. На 200 m јужно од патот Куманово-Крива Паланка, на брегот на Крива Река, на голема површина (150 x 100 m), пресечена со изградбата на пругата во 1943 година, се среќаваат фрагменти од керамички садови. (Ц.К.)

### 32. СТАНЦИ

**Манастирска Дупка**, средновековен сакрален објект. На 2 km западно од селото се наоѓа мала пештера која има културен слој и остатоци од фреско-живопис. (Ц.К., Д.З.)

### 33. СТАНЧА

**Брекина**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на Ј. Павловски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули со врежани концентрични кругови. Најдени се и повеќе бронзени монети од кои нема зачувани. (Ц.К., Д.З.)

# XVII. КРУШЕВО


1. Алданци ... 202
2. Бучин ... 202
3. Врбоец ... 202
4. Горно Дивјаци ... 201
5. Долно Дивјаци ... 201
6. Житоше ... 201
7. Кочиште ... 201
8. Крушево ... 201
9. Локвени ... 202
10. Острилци ... 203
11. Пресил ... 203
12. Пуста Река ... 203
13. Растојца ... 203
14. Светомитрани ... 204
15. Турско Подвис ... 204


### 1. АЛДАНЦИ

**Градиште**, населба од римското време. На 2 km северно од селото, на мала височинка, по површината на нивите се среќаваат остатоци од објекти: фрагменти од мермерни архитектонски делови, тули, керамика, римски монети, питоси и др. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Кале**, утврдена населба од хеленистичкото време. На највисокиот дел од локалитетот, по површината се среќаваат грамади од кршен камен и варов малтер, а поретко фрагменти од керамички садови. Поголема концентрација на подвижни наоди има на јужниот дел. Најдени се и бронзени монети од градот Пела. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

### 2. БУЧИН

**Во селото**, осамен наод од римското време. Во дворот на Благоја Плитаровски се наоѓаат три стели од бел мермер. Донесени се од околината на селото, но не се знае точно од каде. (Б.Б., Б.К.)

**Даб**, осамен наод од римското време. Недалеку од селото е најдена една бронзена статуетка на Меркур, висока 5 cm. Статуетката се чува во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 1,5 до 2 km јужно од селото, на надморска височина од 842 m, на зарамнето плато се гледаат грамади од камен. По површината се среќаваат фрагменти од питоси и керамички садови. Најдени се и монети од Јустин II и Анастасиј, како и монети од IV век, кои се чуваат во Заводот и музеј во Битола.
Микулчиќ Г., Скопје 1987, 185. (Ц.К., Е.П.)

**Манастириште**, населба од хеленистичкото и римското време. На 2,5 km западно од селото, на левиот брег на Црна Река, на површина од 50 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (Ц.К., Е.П.)

**Рид**, населба од хеленистичкото време. На 1 km јужно од селото, на долга падина се гледаат темели од градби и градежен материјал, како и многубројни фрагменти од керамички садови. При обработката на земјата се најдени и повеќе монети, како и мермерни споменици со грчки натписи и релјефи. Предложена е идентификација со деуриопскиот град Alcomena. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Вулић Н., Сп. LXXI, 144; Mikul~i} I., TIR 13; Папазоглу Ф., 1970а, 308. (Б.Б., Б.К.)

### 3. ВРБОЕЦ

**Стари Дол**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1 km североисточно од селото, на левата страна од патот Кривогаштани-Крушево, на простор од 200 x 100 m, во нивата на Благоја Димовски при орањето се откриени тегули, фрагменти од керамички садови, камен и множество згура од топено железо. (Ц.К., Е.П.)

## 4. ГОРНО ДИВЈАЦИ

**Кошари**, средновековна црква со некропола. На 2 km јужно од селото, на зарамнето плато обраснато со дабова шума, кое зафаќа простор од околу 200 x 100 m, се гледаат урнатини од сакрален објект со можна некропола. (Ц.К., Е.П.)

**Лески**, доцносредновековна населба. На 1 km јужно од селото се гледаат остатоци од стари градби – сувоѕидици. Месноста е обрасната со дабова шума и зафаќа простор од 100 x 100 m. (Ц.К., Е.П.)

**Петров Гроб**, рудник од доцноантичкото време. Североисточно од локалитетот Кошари се откриени јами од стар рудник за бакар. (Ц.К., Е.П.)

**Стајколас – Црковно Коријче – Долно Млаче**, средновековна некропола. На 3 до 5 km северно од селото мештаните откриле повеќе гробови со камени конструкции. Неколку гроба се гледаат и во пресекот на патот. Наоди не се откриени. (Ц.К., Е.П.)

**Црквен Даб**, средновековна населба. На 500 m југозападно од селото мештаните при копањето откриле темели од објекти, а по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Локалитетот зафаќа површина од 200 x 100 m. (Ц.К., Е.П.)

## 5. ДОЛНО ДИВЈАЦИ

**Кале**, средновековно утврдување. Се наоѓа на околу 2,5 km западно од селото, на границата на атарите од селата Зашле и Долно Дивјаци. На висок рид со доста стрмни страни, кој има доминантна местоположба во однос на околината, на површина од 150 x 100 m се среќаваат грамади од градежен материјал. Се гледаат и ѕидови градени од камен со варов малтер. (Ц.К., Е.П.)

**Св. Недела**, осамен наод од раниот среден век. Во селската црква Св. Никола се вѕидани повеќе сполии големи и до 1 m, кои потекнуваат од постара црква. (Ц.К., Е.П.)

**Стари Куќи**, средновековна населба. На 2 km северозападно од селото се гледаат остатоци од стара населба што зафаќа простор од 100 x 100 m. (Ц.К., Е.П.)

## 6. ЖИТОШЕ

**Рид**, некропола од доцноантичкото време. Среде селото, во 1964 година, при изградбата на амбулантата, на површина од 70 x 50 m се откриени гробови градени од камени плочи, во кои немало прилози. (Ц.К., Е.П.)

**Црква**, средновековен сакрален објект и некропола. На 1 km источно од селото, во непосредната близина на селските гробишта, според кажувањето на мештаните, имало стара црква и гробишта. (Ц.К., Е.П.)

## 7. КОЧИШТЕ

**Грамаѓе – Зад Задел**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 300-500 m јужно од селото, на простор од 150 x 100 m, во нивите на Владо Богдановски, Ванчо Петревски, Миле Никодиновски и Коле Спировски се откриени ѕидови од објекти градени од кршен камен и варов малтер. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, а откриени се и гробови со конструкција од камени плочи, во кои биле најдени белезици од стаклена паста. (Ц.К., Е.П.)

**Манастириште**, сакрален објект од доцноантичкото време. На 1,5 km западно од селото се гледаат урнатини од стар објект кој зафаќа простор од 10 x 10 m. (Ц.К., Е.П.)

**Ќерамидница**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, на југоисточната страна, во нивата на Љубе Илиевски се среќава множество фрагменти од печени тули. Името на локалитетот зборува за можна работилница за подни и покривни тули и ќерамиди. (Ц.К., Е.П.)

## 8. КРУШЕВО

**Кале**, доцноантички и средновековен руднички кастел. Претставува висок планински рид (1.047 m надморска височина) оддалечен 1,8 km источно од градот. Околу него, под северното, источното и јужното подножје завива современиот автопат Прилеп-Крушево. Врвот на ридот е издолжен во насока исток-запад, со делумно отстапување кон северозапад-југоисток. Со тесно планинско седло е поврзан со планинскиот масив кон запад. На врвот има голема зарамнета површина што денес се користи како лозја и ливада. Во минатото врвот бил укрепен со цврст одбранбен ѕид во малтерна техника. Формата на укрепениот простор е неправилно издолжена и диктирана од конфигурацијата на релјефот. Укрепената површина изнесува 0,7 хектара. Северозападниот челен ѕид, свртен кон планинското седло, бил засилен со една моќна кула чии контури се особено маркантни. Нејзиниот план без ископувања не ни е познат. Веројатно имало уште најмалку две кули, и тоа на источниот крај на кастелот. Линијата на одбранбениот ѕид се следи мошне јасно, а особено е видлив на југоисточната страна и уште повеќе на северната страна каде што денес се издига над површината на земјата до околу 3-4 m. Тоа е цврстиот доцноантички малтерен opus incertum. Во внатрешноста на тврдината се гледаат контури на старите објекти. Особено се забележува

редица мали простории потпрени на северниот ѕид однатре. Површински наоди во тврдината: многу метални предмети, пред сè помали и поголеми железни клинови, еден врв од стрелка, мала алка со кука, дел од пинцета од железо, многу парчиња железна згура. Нема наоди на монети ниту пак други наоди за попрецизно датирање во доцната антика и средниот век. (В.Л.)

**Свето Преображение**, старохристијанска базилика и средновековна црква. На околу 15 km северозападно од градот, на јужните падини на Бушева Планина, на ридот Голоманица (кота 1.664) има зарамнето плато кое благо се спушта од исток кон запад, со извонреден поглед кон Прилепско Поле. Во 1984 година црковниот одбор од Крушево, преземајќи акција за изградба на нова црква, при расчистувањето на теренот открил темели од еднокорабна црква. Во 1987 година, при копањето на земја, на длабочина од 0,20 m се откриени темели од поголема црква. Во текот на јули 1988 година Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата од Скопје извршил заштитни истражувања при што е откриена голема трикорабна базилика во чиј централен кораб била подигната помала еднокорабна црква.
Ивановски М., 1990, 201-202. (М.И.)

Кале, Крушево. – Населба од доцноантичкото време и средниот век (В.Л.)

## 9. ЛОКВЕНИ

**Кале**, кастел и рефугиум од доцноантичкото време. На 1,5 km јужно од селото, на висок рид со зарамнет простор од 50 x 50 m, што доминира над околната рамнина (кота 909), се гледаат траги од одбранбен ѕид. По површината на калето се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и множество кршен камен. (Г.М.)

## 10. ОСТРИЛЦИ

**Јовкова Колиба**, средновековна некропола. На 1 km југозападно од селото, на простор од 100 x 50 m, по површината на нивите на Марко Ангеловски, Ристе Ристевски и Спиро Лозановски се откриени повеќе гробови градени од камени плочи. (Ц.К., Е.П.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km југоисточно од денешната црква Св. Ѓорѓи, на левата страна од асфалтниот пат за Крушево, на простор од 100 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (Ц.К., Е.П.)

**Старо Село**, населба од доцноантичкото време. На 3-4 km северно од селото, на мало ритче со зарамнето плато со површина од 150 x 200 m се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Исто така, по површината на локалитетот се забележува згура од топено железо. (Ц.К., Е.П.)

**Стипцарник**, населба, некропола, рудник и топилница од доцноантичкото време. На 2 km југоисточно од селото, на простор од 300 x 300 m се гледаат остатоци од објекти и топилници. На локалитетот се среќава множество згура од топено железо, а најдени се и повеќе бронзени чанковидни монети. Биле откриени и гробови градени од камени плочи со керамички садови. (Ц.К., Е.П.)

## 11. ПРЕСИЛ

**Ѓупски Гробишта**, средновековна некропола. На 500 m источно од селото, на простор од 100 x 50 m се откриени гробови градени од камени плочи. (Ц.К., Е.П.)

**Ограда**, некропола од доцноантичкото време. На источната периферија на селото, во нивата на Амдија Зекировски се откриени 4 гроба градени од камени плочи. Според кажувањето на сопственикот, во нивата биле најдени керамички садови кои не се зачувани. (Ц.К., Е.П.)

**Св. Богородица – Св. Ѓорѓи**, старохристијански сакрален објект. На 200 m југозападно од селото, на зарамнето плато се наоѓа црква подигната врз темелите на постара црква. Заводот и музеј од Прилеп во текот на 1967/68 година извршил заштитни археолошки истражувања. (Ц.К., Е.П.)

**Трска**, населба од доцноантичкото време. На 400 m источно од селото, на простор од 100 x 100 m, во нивите на Мурат Зекировски, Фадил Гуитовски и Трајан Ристовски се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (Ц.К., Е.П.)

**Штрбел**, водовод од доцноантичкото време. На 300 m јужно од селото, во нивата на Љубе Брдаровски од селото Ѓурчин се гледаат делови од стар водовод. (Ц.К., Е.П.)

## 12. ПУСТА РЕКА

**Долна Црква**, средновековна црква и некропола. На 500 m јужно од селото се гледаат урнатини од стара црква и околу неа гробови градени од камени плочи. (Ц.К., Е.П.)

**Крушка**, средновековна црква и некропола. На 4 km западно од селото, на границата со атарите на селата Пуста Река и Цер, на зарамнето плато со површина од 50 x 50 m, обраснато со дабова шума, се гледаат остатоци од црква и околу неа гробови градени од камени плочи. (Ц.К., Е.П.)

**Манастирче – Старо Лапово**, средновековна населба. На 5 km северозападно од селото, на границата со атарите на селата Пуста Река и Преглос (Бродско) се гледаат урнатини од објекти. (Ц.К., Е.П.)

## 13. РАСТОЈЦА

**Гумниште**, старохристијанска базилика. На 6 km североисточно од селото се гледаат остатоци од објект – базилика со големи димензии. (Ц.К., Е.П.)

**Кула**, средновековно утврдување. На 4 km источно од селото, на висок рид кој доминира над околината, со надморска височина од 939 m, на површината се гледа множество грамади од градежен материјал. Mikul~i} I., TIR, 107. (Ц.К., Е.П.)

**Млаки Грмаѓи**, средновековен рудник. На 1 km источно од селото, на простор од 20 x 30 m се гледаат згура и остатоци од топилница. Во непосредната близина се откриени и јами за експлоатација на руда. (Ц.К., Е.П.)

**Над Сопатот**, средновековна некропола. На 2 km североисточно од селото, на простор од 20 x 30 m се гледаат конструкции на гробови градени од камени плочи без покрив. Според кажувањето на мештаните, во гробовите биле откриени керамички садови. (Ц.К., Е.П.)

**Синонец**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, во нивите на Донче Јовевски и Симон Панаѓоски се откриени гробови градени од камени плочи. Според кажувањето, Д. Јовевски во повеќе гробови нашол керамички садови и бронзени белезици. Наодите не се зачувани. (Ц.К., Е.П.)

14. СВЕТОМИТРАНИ

**Манастириште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, на десната страна од патот за селото Милошево, на голем простор од 500 x 500 m се забележуваат траги од станбени објекти и грамади од градежен материјал. Според кажувањето на мештаните, биле откриени повеќе камени конструкции од гробови.
(Ц.К., Е.П.)

**Раичеица**, населба и некропола од раноантичкото и хеленистичкото време. На 700-800 m североисточно од селото, на простор од 200 x 100 m, во нивите на Крсте Тотески, Трајче Коларoски и Ѓоре Талески се забележуваат траги од градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови. Откриени се и повеќе гробови градени од камени плочи. (Ц.К., Е.П.)

15. ТУРСКО ПОДВИС

**Бавчи**, некропола од доцноантичкото време. На 500-700 m западно од селото, во нивата на Вангел Николовски се откриени гробови градени од камени плочи, во кои имало керамички садови. (Ц.К., Е.П.)

# XVIII. КУМАНОВО


1. Агино Село ... 204
2. Алгуња ... 205
3. Аљинце ... 205
4. Арбанашко ... 205
5. Бајловце ... 205
6. Бедиње ... 205
7. Белановце ... 205
8. Бељаковце ... 205
9. Биљановце ... 205
10. Вакав ... 206
11. Ваксинце ... 206
12. Винце ... 206
13. Виштица ... 206
14. Војник ... 206
15. Габреш ... 207
16. Горно Којнаре ... 207
17. Гошинце ... 207
18. Градиште ... 207
19. Дејловце ... 208
20. Длабочица ... 208
21. Д’лга ... 208
22. Добрача ... 208
23. Доброшане ... 208
24. Довезенце ... 208
25. Долно Којнаре ... 209
26. Драгоманце ... 209
27. Думановце ... 209
28. Живиње ... 209
29. Зубовце ... 209
30. Јачинце ... 209
31. Канарево ... 209
32. Карабичане ... 210
33. Клечовце ... 210
34. Коинце ... 210
35. Колицко ... 211
36. Куманово ... 211
37. Кучкарево ... 211
38. К’шање ... 211
39. Липково ... 211
40. Лојане ... 212
41. Лопате ... 212
42. Макреш ... 213
43. Матејче ... 214
44. Младо Нагоричане ... 214
45. Мургаш ... 217
46. Никуљане ... 217
47. Никуштак ... 217
48. Новосељане ... 218
49. Облавце ... 218
50. Опае ... 218
51. Орах ... 218
52. Орашац ... 218
53. Оризаре ... 219
54. Отља ... 219
55. Пезово ... 219
56. Пелинце ... 219
57. Проевце ... 220
58. Пузаљка ... 220
59. Пчиња ... 220
60. Режановце ... 222
61. Руѓинце ... 222
62. Скачковце ... 222
63. Слупчане ... 222
64. Сопот ... 222
65. Старо Нагоричане ... 223
66. Стрезовце ... 223
67. Стрновац ... 223
68. Студена Бара ... 223
69. Табановци ... 223
70. Тромеѓа ... 223
71. Умин Дол ... 223
72. Челопек ... 224
73. Черкезе ... 224
74. Четирце ... 224
75. Шупли Камен ... 224


1. АГИНО СЕЛО

**Мало Саранлија**, неселба од неолитското и римското време (викус). Помеѓу Агино Село и Романовце, на десната страна од Брзачка Река, во нивите на С. и Д. Михајловски и Ѓ. и А. Арсови има фрагменти од неолитски керамички садови работени рачно, остатоци од куќен лепеж, како и фрагменти од римска керамика. (Р.П., Ж.В.)

**Романовско поле**, населба од железното и римското време. На левата страна на Брезачка Река, во нивите на С. Тасевски, веднаш до патот што води од селото кон југоисток се среќаваат фрагменти од груба рачно работена керамика, како и керамика работена на колце. (Ж.В.)

## 2. АЛГУЊА

**Манастирче**, средновековен сакрален објект. На 500 m северно од селото има грамади од градежен камен и аморфни тегули, веројатно од сакрален објект, на што оди во прилог и самиот топоним. (Ж.В.)

**Селиште**, населба (викус) од римското време. На 500 m северно од селото има остатоци од тули, тегули и имбрекси. (З.Н.)

## 3. АЉИНЦЕ

**Коселица**, населба од римското време. На околу 1 km северно од селото, на левиот брег на реката Петрошница се наоѓаат фрагменти од тегули, имбрекси, тули и градежен камен. (З.Н.)

## 4. АРБАНАШКО

**Врбица**, средновековна некропола. На 500 m од маалото Врбица, во нивата на С. Пешовски се констатирани камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В.)

## 5. БАЈЛОВЦЕ

**Блатец**, средновековна населба и некропола. На левиот брег на суводолицата Стеванце, околу 1,5 km југозападно од селото, во нивите на Љ. и Д. Подарови спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Присуството на големи камени плочи упатува на постоење на некропола. (Ж.В.)

**Високо**, средновековно градиште. На западната страна, високо над селото, на едно зарамнето елипсовидно плато се гледаат остатоци од заштитен бедем речиси по целата негова должина. Во градиштето исто така се гледаат и остатоци од темели на објекти, а има фрагменти од керамички садови и множество расфрлен градежен материјал. (Ж.В.)

**Далјан Бозовиќ**, средновековна некропола. На 2 km североисточно од селото, во реонот на истоимeното маало, од левата страна на патот за Дејловце има остатоци од гробови градени од камени плочи – тип циста. (Ж.В.)

**Рамњанска Драка**, средновековна населба. На 200 m северно од Рудничко маало, веднаш крај патот за селото Бајловце, во нивата на Д. Димков се гледаат остатоци од градежен камен, покривни ќерамиди и фрагменти од керамички садови и питоси. (Ж.В.)

## 6. БЕДИЊЕ

**Градиште**, населба од железното време.
Грбић М., 1954, 111. (Д.Г.)

## 7. БЕЛАНОВЦЕ

**Белановце**, гроб од доцноантичкото време. Во реонот на селото се откриени гроб и стела со латински натпис од времето на Северите и Антонините.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 96, бр. 211; Mikul~i} I., TIR, 23. (З.Н.)

## 8. БЕЉАКОВЦЕ

**Еленец**, населба од римското време. Помеѓу селата Бељаковце и Довезенце, јужно од железничката станица е констатирано множество градежен камен и фрагменти од тегули и имбрекси. (З.Н.)

**Мало Градиште**, утврдена населба од римското време. На врвот на ридот што се издига до маалото Стаменковци има зарамнето плато со димензии од 100 x 50 m на кое зе забележуваат фрагменти од тегули, имбрекси и питоси. (З.Н.)

**Мидел**, средновековна црква со некропола. Во непосредната близина на маалото Калиманци се гледаат грамади од градежен камен и плочи. (Ж.В.)

**Св. Петка**, средновековен сакрален објект. Во непосредната близина на железничката станица се гледаат грамади од градежен камен од мал објект – црквичка. (Ж.В.)

## 9. БИЉАНОВЦЕ

**В'рла Страна**, средновековен сакрален објект. Се наоѓа на 500 m северно од селото и лево од патот за Доброшане. Се гледаат грамади од кршен камен и друг градежен материјал, можеби од сакрален објект. (Ж.В.)

**Дервен – Стамболиски Пат**, викус од римското време. На 500 m југоисточно од селото, од двете страни на патот за селото Пчиња, во нивата на С. Коцевски и во соседните ниви се забележуваат фрагменти од имбрекси, тегули, питоси и друга населбинска керамика. Има градежен камен и траги од темели, а на одделни места остатоци од супструкција на стар (римски) пат, можеби од патот од Скупи за Пауталија. Констатирани се човечки коски што иницира постоење на некропола. Најдени се не-

колку монети од III век, а кај селската чешма остатоци од хидроинсталации.
Кокиќ М., 1933, 1, 2; Mikul~i} I., 1971a, 470. (З.Н.)

**Кале – Врбица**, средновековно градиште. На 5 km источно од селото, на границата со атарите на селата Виштица и Сушица се наоѓа висок рид чија доминантна положба овозможува да се надгледува комуникацијата по долината на реката Пчиња. Видливи се остатоци од бедем, а на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и кршен камен. (Ж.В.)

**Краста**, сакрален објект – митреум од римското време. На околу 500 m југоисточно од селото, на патот за селото Доброшане во 1932 година се откриени остатоци од митреум вкопан во стрмна падина и со димензии од 10 x 5,5 m. Во моментот на ископувањето ѕидовите биле зачувани во височина до 1,20 m, а денес се наполно уништени. Во објектот се најдени релјефни икони од камен со претстава на Митра, кои имаат таква обработка што претставуваат врвно уметничко остварување меѓу сите досега откриени митраистички споменици.
Кокиќ М., 1933, 1, 2; Mikul~i} I., 1971a, 470; Mikul~i} I., TIR, 27. (З.Н.)

**Леска**, средновековна населба. На 1 km североисточно од селото има грамади од градежен камен и покривни ќерамиди, а спорадично се среќаваат и фрагменти од керамички садови. (Ж.В.)

## 10. ВАКАВ

**Боцеви Бресја**, населба од римското време. Се наоѓа на околу 600 m западно од селото. При копањето на канал за наводнување биле откриени многубројни керамички наоди од населба. (З.Н.)

## 11. ВАКСИНЦЕ

**Горубинце Црква**, населба од римското време. Во реонот на селото се среќаваат остатоци од градежен материјал од населба. (З.Н.)

## 12. ВИНЦЕ

**Дренче**, населба од доцноантичкото време. Во блокот на ЗИК „Куманово", на 100 m од левиот брег на Пчиња има големо количество на тегули, фрагменти од имбрекси и питоси, распослани на површина од половина хектар. (З.Н.)

**Јазбина**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на С. Трајковски има градежен материјал, фрагменти од градежна керамика, а биле ископани и питоси. Пред влезот во селото се констатирани темели од објекти. (З.Н.)

**Кале – Врбица**, средновековна тврдина. На околу 5 km југоисточно од селото, на границата со селото Сушица (Скопско) се гледаат остатоци од ѕидови на тврдина. (З.Н.)

**Леска**, средновековна населба. На околу 1 km североисточно од селото, во реонот на многубројни извори е констатирана мала средновековна населба потврдена со керамика, хидроинсталации и печки за вар. (З.Н.)

**Црквиште**, викус од доцноантичкото време и средновековна црква. Се наоѓа западно од селото, на околу 1 km југоисточно од левиот брег на Пчиња и лево од патот за Студена Бара. Констатирани се остатоци од темели на црква и керамички материјал распослан на простор од околу 3 хектара. Можеби се работи за средновековна населба со црква подигната врз доцноантички викус. (З.Н.)

## 13. ВИШТИЦА

**Резина**, средновековна населба. На западната периферија од селото, во нивата на Јакуб Шабани и во другите ниви, што сите заедно зафаќаат површина од 150 x 100 m, се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Ж.В.)

**Црква**, средновековна црква. На 1 km северно од селото има остатоци од помала црквичка од која се зачувани долните партии од ѕидовите, на кои се гледаат траги од фрескоживопис. Делови од архитектонска декоративна пластика од црквата се вградени во горната чешма. (Ж.В.)

## 14. ВОЈНИК

**Гробишта (Гробље)**, тумул од железното време и средновековна некропола. На околу 500 m јужно од селото се наоѓаат денешните гробишта, лоцирани на зарамнета тераса што се издига над коритото на реката Пчиња, од левата страна. Во 1964/65 година мештаните, правејќи простор за трпеза, потребна за погребните обичаи, уништиле тумул што бил подигнат на работ на терасата. Поточно, отстранет е насипот повеќе од половина и зарамнет е до нивото на теренот. Со овие работи, според исказите на учесниците, веднаш под површината биле уништени гробови со инхумирани покојници, директно закопани и без гробни конструкции, а во основата на централниот дел нашле керамичко сатче (урна) и украсни предмети од бронза (цевчиња од ѓердан и повеќе висулци во облик на двоен лабрис). Во 1966 година Музејот од Куманово извршил заштитно ископување на преостанатиот дел од тумулот што овозможило да се одредат неговите приближни димензии (пречник од околу 15 m и височина од 2 m), а истовремено и да се откријат десетина гроба со инхумирани покојници, директно закопани во наси-

пот на тумулот, со ориентација запад-исток, без гробни прилози. Од неколкуте фрагменти од керамички садови најдени во насипот е констатирано дека се работи за гробови од времето на доцното средновековие. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Куманово.
Гарашанин М., Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., 1971, 59. (В.С.)

**Петриково**, населба и некропола од римското време. Лежи на 500 m северно од селото, во реонот на Макрешки мост на реката Петрошница. Најдени се две надгробни стели од кои едната со латински (II в.), а другата со грчки натпис.
Вулиħ Н., Сп. XCVIII, 96 бр. 210; Соколовска В., 1966, 104-105; Mikul~i} I., TIR, 133. (З.Н.)

## 15. ГАБРЕШ

**Тумба**, населба од римското време. На левата страна од патот што води од Скачковце за Габреш, на 1 km северно од селото се среќаваат остатоци од градежен материјал. (З.Н.)

## 16. ГОРНО КОЈНАРЕ

**Градиште**, утврдена населба од железното и раноантичкото време.
Георгиев З., Скопје 1990/91, 97-99. (Д.Г.)

**Куп**, населба од римското време. На околу 500 m источно од селото се забележува големо количество градежен материјал и фрагменти од керамички предмети. (З.Н.)

**Мала Корија – Копитњак**, населба од предримското и римското време. Во близината на патот за Куманово и северно од патот за селото Четирце има поголем комплекс на кој се гледаат градежен материјал и многубројни фрагменти од керамички садови со различна временска и културна припадност. (З.Н.)

**Речица**, населба и некропола од римското време. Во дворот на ЗИК „Куманово“ и на запад од него, во просторот што се протега сè до патот Куманово -Табановце се констатирани гробови и многуброен градежен материјал. (З.Н.)

## 17. ГОШИНЦЕ

**Луксаре**, сакрален објект од средниот век. Во реонот на селото се констатирани остатоци од сакрален објект. Според преданието кај мештаните, овде имало манастир. (З.Н.)

## 18. ГРАДИШТЕ

**Градишки В’р**, енеолитска населба и утврдено градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1,5 km јужно од селото, десно од патот Куманово-Св. Николе, на висок рид со елипсовидно зарамнето плато, кој во извесна смисла претставува меѓа помеѓу Жегливо и Овче Поле. Во археолошката литература е познат под името Градиште, а кај мештаните уште и како Трница. По рабовите на платото се гледаат остатоци од одбранбен бедем широк од 1,80 до 2,50 m, наместа зачуван во висина повеќе од 0,50 m. Највисоката позиција на платото (акрополот) е издвоена со темели од два ѕида. По површината, која зафаќа простор од околу 6 хектара, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и расфрлен градежен материјал. Во 1988 година од страна на војската се копани ровови при што биле оштетени темели од повеќе објекти, а истовремено бил исфрлен многуброен археолошки материјал. Од подлабоките слоеви потекнува енеолитска керамика со типолошки сличности со керамиката од културната група Бубањ-Салкуца-Криводол. Керамиката од погорните слоеви има белези типични за III-IV век. Со оглед на стратегиската позиција на локалитетот и на неговата големина, Б. Ѓорѓиевски претпоставува дека можеби се работи за градската населба Анаусаро, оддалечена XII милји од Акве односно XXXV милји од Стоби, што се наоѓала на патот Скупи-Стоби, според Табула Појтингеријана. Градиштето зафаќа простор од околу 6 хектара.
Mikul~i} I., 1971a, 470; Б. Ѓорѓиевски, 1991, 211-219. (Б.Ѓ., Л.Т.)

**Лиска**, населба од римското време. На 2 km северно од селото, до патот Куманово-Св.Николе се среќаваат фрагменти од керамика и водоводни цевки. (З.Н.)

**Св. Ѓорѓи**, старохристијанска црква. На 1 km јужно од селото, во непосредната близина на средновековниот манастир се среќава поголем број делови од обработени блокови, столпчиња од олтарна преграда, бази од столбови, постаменти и друго, кои му припаѓаат на постар сакрален објект – базилика. (В.Л.)

**Трнци**, населба од римското време. На околу 1,5 km јужно од селото, на зарамнетото плато до манастирот Св. Ѓорѓи се наоѓаат фрагменти од имбрекси, тегули и населбинска керамика. (З.Н.)

**Ќерамидница**, средновековна населба. На левата страна од патот Куманово-Св. Николе, на околу 3 km северозападно од селото, по нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал. (Ж.В.)

**Чукаре**, некропола од римското време. На источната периферија на селото се откриени гробови од типот циста од помала некропола. (З.Н.)

## 19. ДЕЈЛОВЦЕ

**Лозја**, осамен наод од доцноантичкото време. На јужниот раб на селото, лево од патот за Бајловце, во нивата на Ј. Спасовски бил откопан питос. (Ж.В.)

## 20. ДЛАБОЧИЦА

**Длабочица**, средновековна населба. На 3 km источно од селото, од двете страни на долот Свињарник, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал. (Ж.В.)

## 21. Д'ЛГА

**Огражди**, населба од неолитското време. На источната периферија на селото, десно од патот за селото Колицко се констатирани фрагменти од населбинска керамика. (З.Н.)

## 22. ДОБРАЧА

**Горно Селиште**, средновековна населба. На 2 km источно од селото, во нивата на Н. Денковски и во соседните ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Ж.В.)

## 23. ДОБРОШАНЕ

**Аниште**, населба (викус) од доцноантичкото време. Во нивата на Ц. Славко, што лежи на околу 1 km североисточно од селото, се откриени фрагменти од градежна керамика и питоси. (З.Н.)

**Дервен**, населба од римското време. Се наоѓа на 500 m северозападно од селото, лево од патот за Биљановце. Во нивата на Б. Додевски, како и во соседните ниви се констатирани темели од објекти и фрагментиран керамички материјал. (З.Н.)

**Краста**, сакрален објект (митреум) од доцноантичкото време.
Кокиќ М., 1932, 2. (Д.Г.)

**Момина Бавча**, утврдена населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 3 km јужно од селото и на 8 km југоисточно од Куманово, десно од патот за Св. Николе. Лежи на тесен и зарамнет срт со правец на протегање северозапад-југоисток. Источната страна речиси вертикално му паѓа во коритото на реката Пчиња. На јужната и на западната страна теренот се спушта и се надоврзува на длабока поројна бразда. Пристапот до локалитетот е можен единствено од север, преку високиот рид Орловец, одделен со природно седло. Врвот на сртот е плато со форма на неправилен триаголник, со нерамна конфигурација. Според остатоците од архитектурата и површинските наоди може да се разграничи на акропол, населбински дел и предградие. Акрополот ги зафаќа највисоките позиции на ридот и неговата југоисточна падина и е ограден со масивен бедем. Од населбата е одделен со исто таков бедем на кој е фланкирана полукружна кула. Населбата се простира на сртот во должина од 210 m и приближна ширина од околу 70 m. На челната страна има широк одбранбен ѕид кој под агол од 90° се крши и продолжува како западен ѕид следејќи ја изохипсата на теренот. Западниот и источниот ѕид се на стрмна карпа, од која со ерозивните влијанија веројатно се лизнале надолу. Кај бочните ѕидови се забележуваат остатоци од контрафори. Пред челниот ѕид на населбата, на понизок терен има мало подградие, наместа широко до 40 m, заштитено со ѕид кој со краиштата е врзан за бедемот од населбата. Поради позицијата на теренот, пред сè поради неговата вовлеченост во клисурата на Пчиња, се добива впечаток дека утврдувањето имало функција на рефугиум. Меѓутоа, ако се има предвид неговата големина од околу 4 хектара, грижливо градената архитектура, како и организацијата на просторот, не се исклучува можноста да се работи за некоја помала непозната градска населба од доцноантичкото време. (Б.Ѓ., Л.Т.)

**Орловац**, фортификација од доцноантичкото време. На 3 km југоисточно од селото, високо над десниот брег на реката Пчиња се забележуваат остатоци од утврдување. На истиот простор селаните наоѓале питоси. (З.Н.)

## 24. ДОВЕЗЕНЦЕ

**Стара Црква**, праисториска населба, доцноантичко утврдување и црква со некропола од средниот век. Се наоѓа на 17 km источно од Куманово, на висока тераса над левиот брег на Крива Река, издолжена во правец запад-исток. Пристапна е од јужната страна преку седлото што ја поврзува со нејзиниот матичен рид Јеленац. Приближно на средината, на највисоките позиции на теренот има урнатини од еднокорабна црква со мали димензии, позната под името Св. Ѓорѓи. Околу неа наместа се распознаваат масивни плочи и вертикално поставени камени блокови, што упатува на присуство на некропола. Северно од црквата, по работ на платото се гледаат остатоци од одбранбен ѕид ѕидан од камен и варов малтер, во доцноримска техника. На површината има сосема мал број археолошки остатоци, и тоа главно фрагменти од градежна керамика. Од локалитетот потекнуваат 3 латински натписи од кои еден посветен на тракиското божество Збелтиурд, а најдени се и фрагменти од праисториски керамички садови.
Станојевиќ А., 1898, 130; Josifovska Dragojevi} B., 1982, 168. (Б.Ѓ., Л.Т.)

## 25. ДОЛНО КОЈНАРЕ

**Бело Брдо**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото се констатирани темели од објекти и фрагменти од керамички садови од помала населба. (З.Н.)

**Долно Којнаре**, депо на византиски монети. Среде селото, со земјоделските работи е откриено депо со 2.185 бронзени монети од XII век. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Б.А.)

**Јуручки Гробишта**, населба од римското време. Во дворот на Земјоделското училиште и во нивите на Исмет и Нургит Јаја на источната периферија од селото се констатирани остатаци од темели на објекти, фрагменти од тегули, питоси и еден фрагмент од стебло на столб. Според кажувањето на сопствениците на нивите, била најдена златна монета. (З.Н.)

**Мајоров Бунар**, вила рустика од римското време. Се наоѓа на околу 4 km јужно од селото и 200 m јужно од патот Куманово-Крива Паланка. Во нивата на Б. Стефановски се констатирани остатоци од темели и градежен материјал од поголем објект. (З.Н.)

## 26. ДРАГОМАНЦЕ

**Гарвани Камен**, средновековна некропола. На левиот брег на реката Пчиња, меѓу двете селски маала, во нивата на С. Антиќ се откопани камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В.)

**Гладница**, некропола од доцноантичкото време. Во селото, на левиот брег на Пчиња се гледаат гробови издлабени во карпа. Селаните од соседното село Пузаљка, во 1970 година раскопале повеќе гробови, оштетени од порано. И во нивата на Киро Крстевски биле откриени гробни конструкции во кои се најдени скелетни погребувања и гробни прилози (прстени). Некрополата се врзува за локалитетот Гладница во нивите на манастирот Прохор Пчински каде се среќаваат фрагменти од керамички садови, архитектонска пластика и градежен материјал. (З.Н.)

**Селиште**, населба од римското време. На 500 m северно од селото, во нивите на Т. и П. Антиќ се откриени повеќе питоси, а има и други елементи што упатуваат на помала рурална населба со некропола. (З.Н.)

## 27. ДУМАНОВЦЕ

**Градски Дол**, населба од римското време. На 6 km источно од селото, во нивата на семејството Будиловци има површински наоди од римското време. (З.Н.)

**Манастир Св. Богородица**, осамени наоди од римското време. Во урнатините на црквата, оддалечена околу 1,2 km јужно од селото, е најдена надгробна стела со латински натпис од II век посветен на M. Ulpius Timentis.
Вулић Н., LXXVII, 44 бр. 31; Mikul~i} I., TIR, 49. (З.Н.)

**Селиште**, викус од римското време. На 1 km источно од селото се констатирани фрагменти од градежен керамички материјал што иницира постоење на населба. (З.Н.)

## 28. ЖИВИЊЕ

**Островица**, осамени наоди од бронзеното време. Во блокот на задругата „Орашец“, оддалечен 5 km североисточно од селото, се најдени неколку питоси со праисториски карактеристики. (З.Н.)

**Св. Петка**, средновековна црква. На 500 m западно од селото се гледаат грамади од камен, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Ж.В.)

## 29. ЗУБОВЦЕ

**Гуштерица**, населба од римското време. Се наоѓа на околу 1 km северозападно од селото, на левиот брег на реката Пчиња. Во нивата на Геро Јовчевски се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и темели од објекти. (З.Н.)

**Смркови**, објект од доцноантичкото време. На околу 1 km јужно од селото, во нивата на Божин Митев и во соседните ниви се забележуваат траги од темели од објект и расфрлен градежен материјал. (З.Н.)

## 30. ЈАЧИНЦЕ

**Селиште**, средновековна населба. На западниот раб на селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал. (Ж.В.)

## 31. КАНАРЕВО

**Голо Брдо**, населба од железното и доцноантичкото време. На околу 0,5 km северозападно од маалото Мацанци и на околу 1 km западно од маалото Потевци, на десната страна на реката Петрошница се издига висок рид. Со исклучок на југоисточната страна, која е пристапна, другите три страни се многу стрмни и опкружени со коритото на реката. На највисокиот дел на ридот има зарамнето плато во облик на неправилен триаголник, кое паѓа кон северозапад. По југоисточниот раб на платото се наоѓа висок насип, подигнат од земја и локален ка-

мен, широк во основата 20 m, а пред него паралелно се протега длабоко ископан ров. По површината на платото се среќаваат фрагменти од керамички садови од железното време II, украсувани со врежани шрафирани триаголници, орнамент изведен со радла и сл. Има и фрагменти од керамички садови работени на колце од доцноантичкото време. Заедно со нив за одбележување се трагите од многубројни објекти чии основи се распознаваат по тоа што носачите на дрвената конструкција биле поставувани во лежишта издлабени во карпата.
Ѓорѓиевски Б, 1993, 51-68. (Б.Ѓ., Л.Т.)

**Орљак**, кастел од доцноантичкото време. На карпестиот рид висок 670 m, оддалечен од селото околу 1,5 km се гледаат остатоци од ѕидови на кружна фортификација, темели од објекти, издлабени дупки во карпата (лежишта на потпирачи на покривна конструкција), како и голем број фрагменти од керамички садови. (З.Н.)

## 32. КАРАБИЧАНЕ

**Кулица**, градиште од римското време. На северниот раб на селото, на висок рид (538 m) со доминантна положба се гледаат остатоци од одбранбен бедем, а по површината има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и градежен материјал. Во подножјето на ридот тече потокот Лиска.
Соколовска В.,1966, 104; Mikul~i} I.,TIR, 68. (Ж.В.)

**Маслинке**, средновековна црква. Во нивата на И. и С. Јовановиќ се гледаат грамади од градежен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. По традиција местото се смета за сакрално. (Ж.В.)

**Св. Троица**, средновековна црква и некропола. На јужниот раб на селото, во нивата на Д. Томиќ се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди, множество градежен материјал и големи камени плочи, што упатува на сакрален објект со некропола. (Ж.В.)

## 33. КЛЕЧОВЦЕ

**Јачински пат**, населба од римското време. На 200 m од селото, лево од патот за селото Јачинце, во нивите на Насе Петровски, Цане Радевски, како и во соседните ниви, се забележува градежен материјал. Откриени се и питоси. (З.Н.)

**Калиште**, населба од железното време. На околу 2 km североисточно од селото, а на 12,5 km источно од Куманово се издига висок рид што доминира над полето Рамниште (на источната страна), како и над утоката на Крива Река во Пчиња. Има плато во облик на неправилен триаголник кое стрмно паѓа кон северозапад, со висинска разлика од 35 m, на источната и југозападната страна заштитено со насип од



Калиште, с. Клечовце. – Населба од железното време

земја. Археолошки наоди на платото на Калиште нема, меѓутоа во поројните бразди што допираат до подножјето на ридот се среќаваат фрагменти од керамички садови, едни со орнаменти изведени со радла, сите од железното време II на Македонија.
Ѓорѓиевски Б., 1993, 51-68. (Б.Ѓ., Л.Т.)

**Клечовце**, осамен наод од римското време. На крајот од XIX век во реонот на селото била откриена мермерна ара (77 x 38 x 33 cm ), во горниот дел оштетена и со латински натписи на предната и на двете бочни страни. Арата ја подигнал некогашниот царски роб Аполонидес откако преминал на служба во пограничната станица Ламуд, со што го исполнил дадениот завет од времето кога бил контраскриптор во местото Визијанус, што веројатно се наоѓало во атарот на ова село.
Вулић Н., Сп. XXXIX, 86; Јосифовска Драгојевиќ Б., 1986. (З.Н.)

**Орловац – Рамниште**, тврдина од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1,5 km западно од селото и на 10 km источно од Куманово, на северозападните падини од ридот Орловац, кој се извишува околу 60 m над левиот брег на Пчиња. Локалитетот претставува „тумбарка“ на која се зачувани остатоци од одбранбен бедем граден од ситен камен. Бедемот затвора четвртеста основа. На секое ќоше има по една мала триаголна кула, а од надворешната страна на западниот ѕид остатоци од поголема четвртеста кула – набљудувачница. (Б.Ѓ., Л.Т.)

## 34. КОИНЦЕ

**Селиште**, средновековна населба. На западниот раб на селото, во непосредната близина на училиштето, во нивите на П. Стојчевски и Саре Илиевски се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен материјал и покривни ќерамиди. (Ж.В.)

**Студено Кладенче**, некропола од римското време. На 2 km северно од селото, во нивата на Стојче Крс-

тевски и во соседните ниви се наоѓани големи тегули што упатуваат на можни остатоци од некропола. (З.Н.)

## 35. КОЛИЦКО

**Трпеза – Ѕидини**, населба со некропола од римското време. На западната периферија на селото, во нивата на Михаил Спасовски, како и во соседните ниви, на површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, плочи и темели од објекти. Во нивата на Војо Арсов е најдена плоча со римски натпис. Што се однесува до конфигурацијата на теренот, тоа е зарамнето плато кое на едната страна преминува во блага падина. (З.Н.)

## 36. КУМАНОВО

**Бел Брег**, некропола од железното време. На околу 7 km југоисточно од градот, од десната страна на патот за Кумановска Бања, во 1972 година, при копање земја за градење гаража е откриен гроб во кој имало повеќе бронзени предмети и два фрагментирани керамички сада. Наодите се чуваат во Музејот во Куманово. На ова место уште пред Втората светска војна, при изградбата на патот биле најдени 30 разновидни предмети од бронза, веројатно од гробови.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 96-100 и 210-219; Гарашанин М., 1956, 29-41; Георгиев З., 1978, 70. (З.Н.)

**Куманово**, осамен наод од римското време. Пред Втората светска војна во зградата на општината Н. Вулиќ забележал фрагмент од вотивен релјеф од мермер на кој е претставен Тракиски коњаник.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 98, бр. 215. (З.Н.)

**Куманово**, осамен наод од римското време. Во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје се чува ара со посвета на Јупитер Долихен, која могу порано ја забележал Еванс пред црквата Св. Никола во Куманово и сметал дека потекнува од селото Лопате. Ј. Хаџи-Васиљевиќ е на мислење дека била најдена во селото Опае.
Хаџи-Васиљевић Ј., 1909; Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 215; Josifovska Dragojevi} B., 1982, 161. (З.Н.)

## 37. КУЧКАРЕВО

**Гробишта**, средновековна некропола. На јужниот раб на селото, крај селските гробишта се гледаат големи камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В.)

## 38. К'ШАЊЕ

**Илинден**, некропола од доцноантичкото време. На околу 2 km северно од селото се забележуваат остатоци што упатуваат на претпоставка за постоење на некропола. (З.Н.)

## 39. ЛИПКОВО

**Брана I**, населба од доцноантичкото време. На излезот од селото кон Липковско Езеро, на едно широко плато е констатиран керамички материјал. (З.Н.)

**Глаучица**, населба од железното и раноантичкото време. Лежи на 1,5 km северозападно од селото, на јужниот крај на еден планински гребен што се издига над левиот брег на Липковска Река, денес акумулационо езеро „Липково“. На врвот има плато со неправилна триаголна основа, кое се спушта кон југозапад. Платото е одделено од другиот дел на гребенот со длабок напречен ров. Од внатрешната страна на ровот се издига импозантна могила висока 10 m и со пречник во основата од 20 m. Јужно и западно од могилата, по рабовите на платото има траги од насип подигнат од камен, кои се губат во пониските делови на теренот. Поради падот на платото површинските слоеви се свлечени со ерозијата, а со тоа и археолошките остатоци. Така во југозападното подножје се најдени многубројни фрагменти од керамички садови со фактура, боја и орнаменти типични за железното време. Има и фрагменти од сива керамика работена на колце, од раноантичкото време.
Ѓорѓиевски Б., 1993, 51-68. (Б.Ѓ., Л.Т.)

Глаучица, с. Липково. – Населба од железното време (Б.Ѓ.)

**Кисела Вода**, населба од хеленистичкото и римското време и средновековна некропола. На 2 km југозападно од селото, во непосредната близина на чешмата, при реконструкцијата на патот се откриени неколку гроба во кои покојниците биле многу добро зачувани (мумифицирани), положени во издлабени дрва. Еден покојник се чува во Музејот на Судска медицина во Скопје. На површината се забележуваат и фрагменти од керамички садови од постара античка населба чија фортификација се наоѓа на врвот на ридот што се издига во непосредната близина. Од Кисела Вода потекнуваат ара и една база со латински натпис посветен на Митра од страна на свештеникот Епикадус.
Микулчиќ И., 1963, 54; Керамидчиев А., 1972. (Ж.В., З.Н.)

## 40. ЛОЈАНЕ

**Гури Крис**, рудник од римското време (?). Во пределот на Сува Гора, што се наоѓа на 2 km југозападно од селото, во близината на денешниот рудник има остатоци од стари рударски окна, можеби од римското време. (З.Н.)

**Лојане (среде село)**, некропола од доцноантичкото време. Во 1957 година во нивата на Бајрам Незири е откопан гроб во чија конструкција биле вградени два надгробни споменика со латински натписи од семеен карактер.
Соколовска В., 1966, 102; Mikul~i} I., TIR, 80. (В.Со.)

## 41. ЛОПАТЕ

**Амам**, населба од неолитското време. Во самото село, на просторот од стариот турски амам, кон десниот брег на Липковска Река се простираат траги од неолитска керамика. Со пробното сондажно ископување во 1978 година од страна на Музејот на Македонија е констатирана еднослојна населба со културен слој од 1,5 m. Според типолошките карактеристики на керамиката, која е претежно со монохромна темносива боја, како и според облиците на култната пластика, се работи за населба од доцниот неолит, блиска на населбите од културната група Ангелци-Зелениково II, односно винчанската културна група во јужното Поморавје, фазите Винча-Тордош I-II. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Санев В., 1980, 27. (В.С.)

Амам, с. Лопате. – Култна масичка од доцниот неолит



Дрезга, с. Лопате. – Надгробна стела од III-IV век

**Дрезга**, населба и некропола од римското време. Се наоѓа на 1 km северозападно од селото, на голем простор од десната страна на патот за селото Матејче. Локалитетот е познат во археолошката литература од многу одамна. Имено, Н. Вулиќ објавил повеќе камени споменици (капител, делови од натписи и ара посветена на Митра), М. Кокиќ објавил вотивен споменик посветен на Митра, со натпис во кој се споменува Станицата Ламуд, а и подоцна, со археолошките рекогносцирања за археолошката карта, овде и во селото Лопате се регистрирани нови археолошки наоди и градежен материјал. Со истражувачката интервенција на Музејот на Македонија, во 1979 година се откриени 6 гроба со инхумирани покојници, од типот циста, во чии конструкции биле вградени надгробни стели од II-IV век со латински натписи од приватен карактер. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје и во Народниот музеј во Куманово.
Кокиħ М., 1932, 1-9; Вулиħ Н., Сп. XCVIII, 217, 218; Соколовска В., 1966, 100; Mikul~i} I., 1971a, 470; Mikul~i} I., TIR, 80; Dragojevi} Josifovska B., 1982, бр. 221-226, 228; Петрова Е., 1987, 97-108; Петрова Е., 1990, 135-149. (Е.П.)

**Лопате**, некропола од римското време. Во самото село се најдени повеќе гробови од типот циста со разни прилози и надгробни стели со латински натписи. Една стела, што се наоѓа во куќата на В. Малиновски, има латински натпис посветен на либрариус што служел во IV Флавиева легија. Се работи за некропола што му припаѓала на населението од малата рурална населба од месноста Прибовце, а можеби и од полизмата на локалитетот Дрезга.
Вулиħ Н., Сп. LXXI, 86, бр. 200; Сп. LXXV, 47 бр. 155; Сп. LXXVII, 44 бр. 28-30 и Сп. XCVIII, бр. 214-218. (З.Н.)

**Прибовце**, населба од бронзеното и доцноантичкото време. Се наоѓа помеѓу селата Лопате и Бедиње, на простор од околу 800 m должина. На северната страна е опкружен со коритото на Липковска Река, на јужната со питомите ридски височинки и железничката пруга Скопје-Белград, а на останатите страни со последните селски куќи. По средината врви патот што ги поврзува селата од падините на Скопска Црна Гора со Куманово. Во 1978 година, во текот на градежните работи од страна на фабриката за рабни цевки „11 Октомври“, се вршени заштитни ископувања во организација на Археолошкиот музеј од Скопје. Со оглед на големината на просторот и на условите за ископување, биле истражени четири работни сектора, дислоцирани на места со поголема концентрација на археолошкиот материјал. Во сите сектори се откриени остатоци од големи објекти, со 10 до 15 простории различни по големината и организацијата, скудно зачувани во темелите, ѕидани со речен камен и кал и многу малку со варов малтер. Без оглед на тоа што габаритите не им се утврдени, според начинот на ѕидањето, распоредот и големината на просториите и најдените археолошки предмети (фрагменти од керамички садови, железни орудија, накит и монети), се работи за помала стопанска населба од IV век. Во Секторот II, близу до коритото на реката, под доцноантичките темели се најдени многубројни керамички и други предмети од населба од средното и доцното бронзено време. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Санев В., 1980, 34. (В.С.)

## 42. МАКРЕШ

**Градиште**, населба од енеолитското, железното и раноантичкото време.
Георгиев З., 1990-91, 91-101. (Д.Г.)

**Петрково**, некропола од римското време. Во непосредната близина на Макрешки мост на реката Петрошница се откриени надгробен споменик со латински натпис и дел од голем надгробен споменик од бел мермер со грчки натпис. Првиот се чува во Народниот музеј во Куманово, а вториот во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје.

Вулиќ Н., Сп. XCVIII, бр. 210; Соколовска В., 1966, 99. (Б.Ј.)

**Св. Јован**, средновековна некропола. На североисточниот раб на селото, помеѓу патот и реката се откриени камени плочи од гробни конструкции – тип циста. Камени плочи биле откриени и во 1942 година при изградбата на селскиот пат. (Ж.В.)

**Црквиште**, средновековна црква. На 500 m јужно од селото, на левиот брег на реката и јужно од патот Куманово-Крива Паланка се гледаат грамади од градежен материјал. Во прилог на постоењето на црква оди локалното народно предание, како и самиот топоним на местото. (Ж.В.)

## 43. МАТЕЈЧЕ

**Василево Градиште**, средновековно градиште. Над селото, до патот за манастирот Матејче се гледаат грамади од градежен материјал од помала утврдена населба. (Ж.В.)

**Селиште**, средновековна населба. Помеѓу селото и манастирот Матејче, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (Ж.В.)

## 44. МЛАДО НАГОРИЧАНЕ

**Градиште**, населба од железното време. На левиот брег на Пчиња, спроти локалитетот Бранчевица, јужно од селото Стрновац се издига височинка на која има многубројни фрагменти од керамички садови. (З.Н.)

**Грамада**, некропола од римското време. На околу 1 km источно од маалото Градиловци, во нивата на Бранко биле откриени гробови – цисти, од големи камени плочи. Според кажувањето на селаните, на една плоча имало натпис. Некрополата влегува во комплексот на локалитетот Костоперска Карпа. (З.Н.)

**Јумерово**, вила рустика од римското време. Во блокот на ЗИК „Куманово“, што се наоѓа на 1 km југоисточно од маалото Чукинци, има голем број ќерамиди, тегули и друг градежен материјал. Можеби се работи за остатоци од поголем објект. (З.Н.)

**Костоперска Карпа – Жеглиговски Камен**, повеќеслојна населба. Се наоѓа на 9 km североисточно од Куманово, од левата страна на патот Куманово -Крива Паланка. Во археолошката литература е познат уште како Св. Петка. Претставува висок рид од базалтна карпа со необичен облик што доминира над околниот терен. Во 1983 година со мали заштитни ископувања се откриени и истражени 6 гробни целости од првата половина на IV век пред н.е. Врз основа на овие податоци, а со цел да се приберат покомплетни стратиграфски податоци, во 1987 година се вршени нови ископувања. Резултатите од севкупните работи покажале дека се работи за голема населба со широк хронолошки и културен континуитет. Најдолго населување е присутно на највисокиот дел на карпата – акрополот, односно платото кое на извесен начин било природно заштитетно. Културните слоеви достигнуваат дебелина од преку 2 m. Најстарите остатоци потекнуваат од енеолитското време. Најмногубројни се фрагментите од керамички садови, квалитетно изработени, а има и алатки од камен и коска. На јужниот крај на терасата се откриени делови од садови со фактура и орнаментика карактеристични за железното време II.

Сондирањата и деталната опсервација покажале дека на акрополот има керамички остатоци од IV-III век пред н.е., кои по орнаментиката и формите претставуваат копии на хеленистичката керамика. Најмногубројни се остатоците од доцноантичкото време (IV-VI век). Заедно со фрагментите од садови и градежна керамика во централниот простор се откриени и остатоци на темели од објект со апсида (можеби базилика), како и остатоци од бедем. Околу овој објект се истражени 7 средновековни гроба. Културната хронологија на Костоперска Карпа завршува со времето на турското владеење, претставено преку фрагменти од жолто и зелено глеѓосани керамички садови.

Керамички наоди од хеленистичкото, а особено од доцноантичкото време се констатирани и на терасите во подножјето на Карпата, на простор од околу 9 хектара. Посебно археолошко откритие претставува подземниот објект издлабен во јужниот дел на Карпата. Се работи за објект со архитектонски ансамбл од една главна просторија со испусти што потсетуваат на клупи, неколку ходници и два резервоара, обезбеден со вертикални отвори за проветрување, кој според големиот број керамички наоди е датиран во V-VI век.

На 1 km западно од локалитетот е откриена некропола од која се истражени повеќе гробови и според наодите, датирана меѓу IV и VI век.
Вулиќ Н., Сп. XCVIII, 98-99; Микулчиќ И., 1986, 211-212; Mikul~i} I., TIR, K-34; Ѓеорѓиевски Б., 1989, 57-58. (Б.Ѓ.)

**На Брег**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 16 km од Куманово, пред мостот на реката Пчиња. Теренот претставува широка тераса што се издига на левата страна од коритото на реката, која со современиот асфалтен пат е поделена на две половини. Во 1986 година Музејот на Македонија од Скопје извршил сондажно ископување при што се констатирани остатоци од двослојна населба од средниот неолит. Постариот слој го карактеризираат монохромна сјајна керамика со црвена боја, сликана керамика со кафеава боја на црвена основа (пехари, амфори), садови со топчести облици и чинии со импресо-орнаменти. Што се однесува до по-

младиот слој, керамиката ги задржува истите об-лици и начин на украсување, со таа разлика што доминираат садовите со сива боја и биконусна профи-

Костоперска Карпа, с. Младо Нагоричане. – Населба од енеолитското време до средниот век (РЗЗСК)

Костоперска Карпа , с. Младо Нагоричане. – Поглед на населбата (РЗЗСК)

лација. Нему му припаѓаат и неколку фрагментирани жртвеници од типот „масички“ со мал кружен или четвртест реципиент. Остатоците од архитектура во двата слоја, односно хоризонта на живеење, се сосема мали. Резултатите од ова истражување го потврдуваат мислењето за постоење на остатоци од поголема населба што хронолошки и културно се вклопува во анзабегово-вршничката културна група, и тоа во фазите II-III. Наодите се чуваат во Музејот во Куманово.
Настева И., 1987, 44; Здравковски Д., 1988, 43-63. (И.Н.К.)

**Поканци – Селце**, средновековна населба. Во непосредната близина на селото Поканци се гледаат грамади од градежен камен, фрагменти од керамички садови, тегули и покривни ќерамиди. (Ж.В.)

**Среѓеница**, средновековна населба и некропола. На 3 km јужно од селото, северно од патот Куманово -Крива Паланка, во реонот на Вујовска Карпа има остатоци од објекти. На површината се гледаат грамади од градежен материјал, како и големи камени плочи од гробни конструкции. Биле откопани повеќе питоси од кои еден се чува во Народниот музеј во Куманово. (Ж.В.)

**Ќурчиска Карпа**, населба од праисториското време до средниот век. На околу 500 m јужно од патот Куманово-Крива Паланка, сметано од селските гробишта, се издига импозантна базалтна карпа, со плато издолжено кон исток. На површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови со различна временска и културна провиниенција, од праисторијата до средниот век. Населбата влегува во комплексот на локалитетот Костоперска Карпа. (З.Н.)

**Шантанов Камен**, средновековна населба. Во нивата на С. Младеновиќ, која лежи на десниот брег на Пчиња, оддалечена околу 1 km североисточно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Најдени се питоси, рачна мелница и наводно сабја. (Ж.В.)

## 45. МУРГАШ

**Витанова Башта**, средновековна црква и некропола. Во долот, непосредно до селската црква се откриени темели и градежен материјал од помала црква и околу неа големи камени плочи од гробни конструкции. (Ж.В.)

**Грамади – Мургашки Лозја**, населба од римското време. Се наоѓа на 1 km југоисточно од селото Косматец и 1 km од селото Мургаш, на двете страни на долот. На површината има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси, а биле најдени и монети. (Р.П.)

**Кула**, градиште од римското време. На 1 km од селото, на висок доминантен рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од фортификација. На површината има фрагменти од керамички садови и мноштво градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 89. (Р.П.)

## 46. НИКУЉАНЕ

**Глава – Извор**, средновековна населба. Во дворот на Д. Цветанов, како и во околните бавчи, кои се во непосредната близина на чешмата, се среќаваат фрагменти од керамички садови. Според кажувањето на мештаните, биле наоѓани чанковидни монети (XII-XIV). (Р.П.)

**Гумништа**, средновековна населба. На околу 500 m северно од селото Веселинци, во нивата на М. Трајковиќ е откопан питос, а по површината се забележуваат фрагменти од керамички садови и питоси. (Р.П.)

**Муртин Дол**, средновековна некропола. На 700 m западно од селото, крај патот биле откриени повеќе гробови од камени плочи – тип циста, во кои немало прилози.
Mikul~i} I.,TIR, 89. (Р.П.)

## 47. НИКУШТАК

**Баре**, средновековна населба. На 1 km северозападно од селото, преку ридот Липец, на неговите северозападни падини се гледаат остатоци од населба. (Р.П.)

**Гувишта**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северозападно од селото, во нивите на Н. Садику и Н. Азис се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. (Р.П.)

**Кодра Зулфи**, населба од неолитското време. На 1 km источно од селото, на левиот брег на долот, во нивата на И. Хирџа се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Р.П.)

**Путарница**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото, помеѓу реките Путарница и Воденичарска, на една стрмна височинка се констатирани многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Грбиќ М., 1954, 118; Mikul~i} I., TIR, 91. (Р.П.)

**Црква**, средновековна некропола. На 1,5 km северозападно од селото, во нивата на И. Емир се откриени гробови градени од камени плочи. (Р.П.)

**Чибук Чешма – Аништа**, населба од неолитското време. На 1 km југозападно од селото, во нивата на С. Муслим се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија. (Р.П.)

## 48. НОВОСЕЉАНЕ

**Жути Камен – Чилак**, населба од римското време. На 1,5 km северно од селото, во нивите на Т. Серафимовски и Ж. Лазаревски, од двете страни на патот се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Цервак – Црница**, населба од доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото, во нивите на ЗИК „Клечовци“ се констатирани темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Р.П.)

## 49. ОБЛАВЦЕ

**Живуша**, населба од средниот век. Во нивите што се наоѓаат на границата со селото Стрезовце, оддалечени 3 km јужно од селото, има градежен камен, тули и ќерамиди карактеристични за средниот век. (З.Н.)

**Селишта – Самари**, населба од доцноантичкото време. На 3 km јужно од селото, на селската утрина се констатирани фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. (Р.П.)

**Црепњарке**, населба од доцноантичкото време. Во нивите на Ј. и Б. Крстевски, од десната страна на селскиот дом се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. (Р.П.)

## 50. ОПАЕ

**Мало Опае**, некропола од доцноантичкото време. Во училишниот двор и околу него се откриени повеќе гробови со конструкција од тегули, тип „на две води“. (Р.П.)

**Папушина**, населба од римското време. Во непосредната близина на гробиштата, на околу 700 m северозападно од селото, според кажувањето на мештаните, уште пред војната биле откривани многубројни археолошки наоди, и тоа поден мозаик, хипокауст, како и керамички садови.
Соколовска В., 1966, 101. (Р.П.)

## 51. ОРАХ

**Аниште**, средновековна населба. На 250 m северозападно од Кучиште, во Долно маало, во бавчата на П. Стефановски се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Р.П.)

**Градиште**, градиште од римското време. Западно од маалото Сулевац се издига висок рид со зарамнето плато што има доминантна местоположба. На платото со површина од 300 x 200 m се среќаваат остатоци од фортификација, фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Во средишниот дел се констатирани ѕидови, веројатно од цистерна за вода. (Р.П.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km јужно од локалитетот Градиште, на површина од 500 x 400 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Според кажувањето на мештаните, биле најдени и бронзени монети. (Р.П.)

**Дрезга**, населба од неолитското време. Во реонот на Долно маало, десно од патот Куманово-Крива Паланка, на блага падина, во нивите на Т. Томовски и др. се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија. (Р.П.)

**Рајници**, населба од доцноантичкото време. На 250 m јужно од локалитетот Грамади се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Стубол**, населба од раноантичкото и хеленистичкото време. На 200 m југозападно од локалитетот Дрезга, на падините на една голема височинка се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба и фина фактура, со сива боја. Остатоците од фортификацијата се слабо видливи. (Р.П.)

## 52. ОРАШАЦ

**Буљабашица**, населба од римското време. На 3 km североисточно од селото, во подножјето на брдото Калиште има грамади од градежен камен, имбрекси и тегули.
Mikul~i} I., TIR, 94. (Р.П.)

**Вучева Варница**, некропола од доцноантичкото време. Во бавчата на В. Митричевски, крај патот за селото Орашац се откриени гробови со камена конструкција, а по површината на нивите има фрагменти од керамички садови. (Р.П.)

**Гробишта**, некропола од римското време. На 1 km југозападно од селото, на зарамнетото плато над црквените ниви се наоѓаат тегули и имбрекси. Според кажувањето на селаните, овде биле откриени гробови. (Р.П.)

**Јеѓупка**, населба од доцноантичкото време. Од левата страна на патот за селото Скачковце се откриени обработени блокови од камен, столб, тегули и многу фрагменти од керамички садови. (Р.П.)

**Калиште**, градиште од римското време. На 1,5 km источно од селото, високо во карпите, на мало зарамнето плато се констатирани остатоци од фортификација, а по површината се среќаваат грамади од кршен камен и тегули.
Mikul~i} I., 1971a, 470; Mikul~i} I., TIR, 94. (Р.П.)

**Коњарник**, населба од железното време. На 2,5 km западно од селото и 500 m источно од левиот брег на Пчиња, во нивата на Б. Дедеристов се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура. (Р.П.)

**Селиште**, населба од римското време. На јужната периферија на селото, во нивата на Ј. Макрешански се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Црквиште**, средновековен сакрален објект. На левиот брег на Пчиња, до патот за селото Орашац се наоѓа црква од поново време. На ова место се констатирани остатоци од постар сакрален објект. По површината има грамади од кршен камен и покривни ќерамиди. (Р.П.)

**Чајково – Дрезга**, населба од римското време. На 2 km јужно од селото, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

## 53. ОРИЗАРЕ

**Беловина**, некропола од римското време. Во реонот на селото, според кажувањето на С. Алити, се откриени гробови со камена конструкција – тип циста. (Р.П.)

## 54. ОТЉА

**Отљански Врби**, осамен наод од римското време. На 5 km источно од селото, при изградбата на каналот за наводнување е откриен споменик со претстава на коњаник и со латински натпис. Локалитетот е во близина на локалитетот Дрезга што лежи во атарот на селото Лопате.(Р.П.)

## 55. ПЕЗОВО

**Вукосија**, населба од бронзеното, раножелезното, хеленистичкото и доцноантичкото време. Се наоѓа на 1 km јужно од селото, на периферијата на Кумановско Поле, близу до седлото што го дели од Овче Поле, а на околу 2 km југозападно од современиот пат Куманово-Св. Николе. Претставува импозантен конусен рид, со коси страни и зарамнет врв од кој се простира извонреден поглед кон околниот терен. Северозападно од него има помал рид (понизок за 45-50 m) со кој е поврзан преку издолжено седло. На платото на Вукосија, кое не се обработува, се забележуваат остатоци на темели од повеќе правоаголни простории, ѕидани од необработен камен, и фрагменти од градежна керамика. Најголем број површински наоди – фрагменти од праисториски керамички садови се забележуваат во подножјето на ридот и најверојатно биле свлечени со ерозијата. Според фактурата и орнаментиката, едни се од бронзеното, а други од раножелезното време. Интересно е тоа што се среќаваат и фрагменти од сива керамика работена на колце која е од типот на локалната керамика од ранохеленистичкото време (V-IV век).
Ѓорѓиевски Б., 1993, 51-68. (Б.Ѓ., Л.Т.)

## 56. ПЕЛИНЦЕ

**Борова Чука**, средновековна некропола. На 4 km западно од селото мештаните откриле повеќе гробови градени од камени плочи – тип циста. (Р.П.)

**Градиште**, населба од бронзеното, железното и раноантичкото време. Се наоѓа на 18 km североисточно од Куманово, на десната страна од патот што води за врањанската област, во близината на утоката на Бистрица во Пчиња. Претставува висок рид со големо зарамнето плато и е едно од последните расклоненија на планината Козјак. Платото има неправилна трапезоидна форма, со димензии од 170 x 115 m. Природно е заштитено со стрмни, тешко пристапни страни со исклучок на источната која е седлесто вдлабена и поврзана со планинскиот масив. По рабовите на платото се наоѓаат остатоци од широк насип подигнат од камен и земја. Со извршените сондажни ископувања во 1989/90 година од страна на Народниот музеј од Куманово се констатирани траги од повеќеслојна населба. Најстариот слој, односно населба, според одликите на керамиката е од ранобронзеното време, а вториот, заедно со насипот е од железното време, и тоа од најраните фази сè до VI век пред н.е. Последниот слој, на кој му припаѓа скромен фонд керамички наоди, е од V-IV век пред н.е, кога практично и завршил животот на оваа населба. На локалитетот Градиште му припаѓа и секторот наречен Две Могили што се наоѓа северозападно на околу 400 m, на еден понизок гребен. Со истражувањата вршени во 1989, 1990 и 1994 година се најдени необични остатоци од ранобронзеното време. Според истражувачите, а врз основа на наодите и нивниот распоред, се смета дека е откриен објект без цврста архитектонска конструкција, со функција на светилиште, во кое по извршувањето на обредите биле оставани групи од керамички садови. Во средишниот дел на објектот има клада од камен и кал поставена врз карпестата подлога, прекриена со остатоци од горење, згура, ситни животински коски и фрагменти од садови. Меѓу зачуваните садови има повеќе облици (бокали, чашки, пехари, чинии и друго), со добра факту-

ра, на кои се забележуваат врежани орнаменти, траги од бела инкрустација, кои ги содржат основните карактеристики на керамиката од раното бронзено време. Најдени се неколку керамички алатки, тегови, камена секира и една женска статуетка од белутрак. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Куманово.
Соколовска В., 1966, 104; Георгиев З., 1990/91, 91 -101; Ѓорѓиевски Б., 1993, 51-68; Петрова Е., 1996. (Б.Ѓ., Л.Т.)

Градиште, с. Пелинце. – Керамички садови од бронзеното време

**Ковачевец**, населба од железното време. Во реонот на Ѓаково маало, во нивите на В. Антевски и Д. Симоновски се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура. (Р.П.)

**Нишинци**, населба од неолитското време (?). На околу 2 km западно од селото, во нивите на Душан и Владо Ѓеорѓиевски, што лежат на десниот брег на реката Пчиња, има фрагменти од праисториски керамички садови. (З.Н.)

**Св. Арангел**, средновековен сакрален објект. Западно од асфалтниот пат што води за манастирот Прохор Пчински се гледаат грамади од градежен материјал и остатоци од објект – мала еднокорабна црква. (Р.П.)

**Св. Никола**, средновековен сакрален објект. На 500 m северно од селото, лево од асфалтниот пат за манастирот Прохор Пчински се гледаат грамади од градежен материјал. (Р.П.)

## 57. ПРОЕВЦЕ

**Бања**, средновековна населба. Во непосредната близина на бањата, под селските гробишта се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Р.П.)

**Сред село**, средновековна населба и некропола. Во средишниот дел на селото, на мала височинка се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, како и големи камени плочи од гробни конструкции. (Р.П.)

## 58. ПУЗАЉКА

**Бели Брег**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северно од селото, во нивата на Н. Младенски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Лашац**, населба од римското време. На 500 m западно од селото, во нивите на Т. Антовски, К. и П. Мишевски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Стари Крст**, средновековен сакрален објект. На 600 m западно од селото се гледаат грамади од градежен камен и голем крст од камен. (Р.П.)

## 59. ПЧИЊА

**Белуш**, населба од римското време. На 1 km југозападно од селото, од левата страна на патот Долга-Нова Корија се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, како и градежен материјал. Откриена е и една монета од Хадријан. (Р.П.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2,5 km северно од селото, на висок рид со зарамнето плато, кое зафаќа површина од 250 x 100 m, се гледаат остатоци од фортификација. На југоисточниот дел на тврдината е зачуван ѕид од бедемот кој има дебелина од 1,70 m, граден од кршен камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината се гледаат ѕидови од повеќе објекти, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Грбић М., 1954, 124; Mikul~i} I., 1971a, 471; Mikul~i} I., TIR, 98. (Р.П.)

**Манастир**, средновековна утврдена населба и некропола. На 3 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато се констатирани остатоци од помала утврдена населба со некропола. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал.
Mikul~i} I., 1971a, 470; Mikul~i} I., TIR, 98. (Р.П.)

**Мијашки Рид**, некропола од железното време. На околу 500 m северозападно од селото, лево од патот Куманово-Пчиња се издига блага височинка на која во нивата на Ратко Трендевски е откриен гроб – циста, граден од делумно обработени камени плочи, поставен во правец североисток-југозапад, и во него се најдени нож и две копја од железо. Во 1988

Градиште, с. Пчиња. – Населба од доцноантичкото време (З.Г)

година од страна на Народниот музеј во Куманово е извршено пробно ископување. Со сондата поставена близу до гробот бил откриен дел од темел на сувоѕидица, граден од појадри камења, широк 0,85 m, чија функција не е дефинирана. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Куманово. (Б.Ѓ., Л.Т.)

**Св. Архангел**, некропола од римското време. На југоисточната периферија на селото, при изградбата на училиштето се откриени гробови градени од тегули – тип „на две води“. Дел од некрополата е уништен.
Mikul~i} I., 1971a, 470; Mikul~i} I., TIR, 98. (Р.П.)

**Селце**, средновековно градиште. На 2 km североисточно од селото, на висок рид што има доминантна местоположба, постојат остатоци од средновековна тврдина. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (Р.П.)

**Славиште – Гропче**, средновековна населба и некропола. На 3,5 km североисточно од селото, на десниот брег на Пчиња се откриени повеќе гробови градени од камени плочи, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал, што упатува на постоење на помала населба. (Р.П.)

**Стари Јаз**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото, на десниот брег на Пчиња се откриени гробови градени од тегули – тип „на две води“. (Р.П.)

**Црквиште**, населба од железното и римското време. На 500 m западно од селото, во нивите на П.

Величков се констатирани фрагменти од керамички садови и куќен лепеж.
Mikul~i} I., 1971a, 470. (Р.П.)

## 60. РЕЖАНОВЦЕ

**Градина**, утврдена населба од железното време. На 200 m од локалитетот Св. Јован, покрај патот за Куманово, во нивата Висока Градина се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура. Доминантната положба на локалитетот индицира постоење на утврдена населба. (Р.П.)

**Сред село**, населба од железното време. Во дворот на црквата, како и во центарот на селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура. (Р.П.)

## 61. РУЃИНЦЕ

**Веља Страна**, населба од железното време.
Георгиев З., 1992, 105-118. (Д.Г.)

**Градиште**, мала утврдена населба од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., 1971a, 470. (Д.Г.)

**Големо Рамниште**, средновековна населба. На границата на атарите меѓу селата Орах и Руѓинце, северно од патот Куманово-Крива Паланка се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Медведица**, средновековна населба. На 1,5 km североисточно од селото, на левата страна од патот Куманово-Крива Паланка, во селската утрина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. По еден питос во своите дворови чуваат Ж. Димитровски и Г. Тасковски. (Р.П.)

## 62. СКАЧКОВЦЕ

**Бела Вода**, средновековна населба и некропола. Во реонот на манастирчето Св. Јован, што се наоѓа на 2,5 km северозападно од селото и 500 m јужно од патот Куманово-Св. Николе, има грамади од градежен материјал. Според кажувањето на селаните, биле откриени повеќе гробови градени со камени плочи. (З.Н.)

**Брекче**, населба од железното време. На 1,5 km источно од селото и на 500 m јужно од патот Куманово-Св. Николе, на благо издигнато плато, во нивата на Н. Петрански се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура. (Р.П.)

**Варница**, населба од римското време. На 1 km северозападно од селото, во нивата на Г. Деспотов се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Според кажувањето на мештаните, била најдена и мермерна плоча со натпис, која е загубена. (Р.П.)

**Ѕидини**, населба од римското време. На 1,5 km северозападно од селото, крај патот за Св. Николе, во нивата на С. Стојков се откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Р.П.)

**Ливада**, населба од средниот век. На околу 2 km северозападно од селото, спроти локалитетот Ѕидини, на левиот брег на долот, во нивата на Б. Стојков се гледа културен слој со остатоци карактеристични за доцниот среден век.
(З.Н.)

**Селиште**, населба од железното време. На 500 m северно од селото, во нивата на Славко Бургански се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура. (Р.П.)

**Ќерамидница**, населба од римското време. На 500 m јужно од селото, во нивата на Н. Петрински се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

## 63. СЛУПЧАНЕ

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. На 1,5 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од фортификација, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Mikul~i} I., 1971a, 470; Mikul~i} I., TIR, 117. (Р.П.)

**Плачковица**, населба од римското време. На 3 km источно од селото, на површина од околу 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. При обработувањето на нивите биле откриени темели од повеќе објекти.
(Р.П.)

## 64. СОПОТ

**Голем Кладенец – Јуручки Гробишта**, средновековен сакрален објект и некропола. На 100 m источно од Горно маало се гледаат грамади од градежен материјал и камени плочи од конструкции на гробови. (Р.П.)

**Заптиски Кладенец**, населба од доцноантичкото време. На 500 m источно од селото Табановце, во атарот на селото Сопот, во нивата на М. Стефановска се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал. Откриен е и мермерен столб. (Р.П.)

## 65. СТАРО НАГОРИЧАНЕ

**Бранчевица**, населба од железното и римското време. На 2 km источно од селото, во близината на десниот брег на Пчиња, во нивите на Ц. Крстиќ и Т. Корка се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Манастир Св. Ѓорѓија**, осамен наод од римското време. Покрај јужниот ѕид на манастирот, во 1966 година, при изведувањето на конзерваторските работи е откриен каменен блок – меѓник, оштетен во горниот и долниот дел, со димензии од 96 x 38 x 16 cm. На блокот има латински натпис во кој се споменува „дарданската граница“. (Б.Ј.)

**Плошка**, средновековна некропола. Во реонот на маалото Попчевци, десно од патот за Старо Нагоричане се среќаваат фрагменти од керамички садови, а била најдена и белезица од стаклена паста. Според кажувањето на мештаните, тука биле откриени повеќе гробови градени од камени плочи. (Р.П.)

**Под селото**, населба од доцноантичкото време. Североисточно од селото, во селските ниви, помеѓу патот за селото и последните селски куќи се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

## 66. СТРЕЗОВЦЕ

**Калиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km југозападно од селото, кај утоката на Крива Река во Пчиња, на висок рид со зарамнето плато се среќаваат остатоци од фортификација. По површината на градиштето има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал.
Mikul~i} I., 1971a, 470; Mikul~i} I., TIR, 121. (Р.П.)

## 67. СТРНОВАЦ

**Смрковец**, средновековна населба. На 1 km североисточно од селото, во нивите на И. Петрушев и Т. Арсовски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Чуки**, населба од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото, од левата страна на долот, во нивата на Ц. Шабанов има остатоци од градежен материјал. (З.Н.)

## 68. СТУДЕНА БАРА

**Османов Дол**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km северно од селото, во нивата на С. Ристов, на површина од 100 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Св. Богородица**, осамен наод од римското време. Во малиот параклис на црквата е вградена надгробна стела со димензии од 205 x 74 x 22 cm, оштетена во горниот и долниот дел. Потеклото и времето кога е вградена не се познати. (З.Н.)

## 69. ТАБАНОВЦИ

**Бежине**, населба од римското време. На десниот брег на Табановачка Река, западно од Арсина Воденица, на голема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Р.П.)

**Падалиште**, населба од римското време. На 500 m од десната страна на патот Табановци-Куманово, во нивата на С. Христиќ се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Грбић М., 1954, 118. (Р.П.)

**Црквиште – Костурац**, средновековна населба. На 1 km јужно од селото, лево од патот Табановци-Куманово и на 800 m од автопатот, во нивата на Д. Петрушевски, на површина од 1 хектар се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Р.П.)

**Џабинка – Аништа**, средновековен објект. На 1 km северно од селото, во нивите источно од автопатот, на местото на урнатините на џамијата има и средновековен градежен материјал. (З.Н.)

## 70. ТРОМЕЃА

**Голо Брдо**, средновековна населба. На околу 2 km западно од селото, во нивите на Ј. Пантиќ и Љ. Јамчиќ се гледаат грамади од градежен камен и фрагменти од средновековна керамика. (З.Н.)

**Гробишта**, населба и некропола од средниот век. На падината што се наоѓа на 500 m југоисточно од селото, според кажувањето на мештаните, биле откриени темели и гробови. (З.Н.)

**Црно Поле**, праисториска населба. Во нивата на С. Мишиќ при обработувањето на земјата биле најдени питос и фрагменти од керамички садови со праисториска фактура. (З.Н.)

## 71. УМИН ДОЛ

**Ујаново Брдо**, средновековна населба. На 1 km јужно од селото, во блокот на ЗЗ „Слога“, на релативно голем простор се гледа расфрлен градежен материјал. (З.Н.)

### 72. ЧЕЛОПЕК

**Добросељане**, населба од римското време. Се наоѓа источно од селото, на десниот брег на реката Пчиња, во реонот на Драгомански мост. Во нивите на Д. Филиповски, Г. Стоевски и С. Цветановски, на површина од околу 50 декари се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Откриени се и повеќе питоси, водоводни цевки и монети. Според кажувањето на мештаните, била најдена оловна плоча тешка 20 kg. Во 1976 година, пред изградбата на фабриката за чевли „ЧИК", погон „Челопек", се извршени заштитни археолошки истражувања. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Соколовска В., 1966, 104; Mikul~i} I., TIR, 35. (Р.П.)

**Кула**, праисториска населба, кастел со некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1 km северно од селото и на околу 15 km североисточно од Куманово. Лежи речиси на средината од еден долг гребен што почнува од врвот Чука и завршува во долината на реката Пчиња. Покрај источниот крај поминува патот што ги поврзува Кумановската и Врањанската област. Кула претставува долга тераса, со мошне стрмни и речиси непристапни страни, со исклучок на источната која косо паѓа до реката. На површината се распознаваат остатоци од темели на бедем, а има и повеќе гробни конструкции разоткриени од ерозијата. Неколку гробови се прекопани од диви копачи. Според конструкциите и позицијата на гробовите, сосема е сигурно дека некрополата е од доцноантичкото време (IV-VI век) и му припаѓала на населението од кастелот. Приближно на средината од северниот раб на платото се најдени и фрагменти од атипична праисториска керамика. (Б.Ѓ., Л.Т.)

**Пузалка**, некропола од римското време. На 1 km источно од селото, на десниот брег на Пчиња, во профилот се гледаат гробни конструкции од камени плочи. Прилози не се најдени.
Mikul~i} I., TIR, 35. (Р.П.)

# III. БРОД


1. Белица ........ 224
2. Брод ........ 49
3. Горни Манастирец ........ 49
4. Дворци ........ 49
5. Девич ........ 50
6. Драгов Дол ........ 50
7. Здуње ........ 50
8. Зркле ........ 50
9. Ковче ........ 51
10. Косово ........ 51
11. Крапа ........ 51


**Св. Богородица**, средновековна некропола. На 2,5 km западно од селото, на самиот пат се откриени скелетни гробови без конструкции и прилози, веројатно средновековни. (З.Н.)

### 73. ЧЕРКЕЗЕ

**Гробишта**, средновековна населба. На периферијата на селото кон Куманово, во реонот на стариот пат Куманово-Скопје, при изградбата на зградата на Сојузот на возачите биле откриени темели од објекти и питос. (З.Н.)

### 74. ЧЕТИРЦЕ

**Матичански Згради**, населба од железното и римското време. На западната периферија на селото, во нивите на С. Деспотовиќ и С. Јакимовиќ се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура, питоси и градежен материјал. (Р.П.)

**Селиште – Четирски Рид**, населба од римското време. Југозападно, во реонот на селските гробишта има остатоци од градежен материјал, особено во нивите на В. Додиќ и П. Алексиќ. (З.Н.)

### 75. ШУПЛИ КАМЕН

**Горно маало**, населба од римското време. Во северниот крај на селото, во т.н. Горно маало се откриени градежен материјал и фрагменти од керамички садови. (З.Н.)

**Црвен Рид**, осамен објект од римското време. На 500 m северно од селото, во нивите на ЗИК „Куманово" се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал, можеби од вила рустика. (Р.П.)

**Џебеџиска Страна**, населба од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, во блокот на ЗИК „Куманово" се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Р.П.)


12. Латово ........ 51
13. Могилец ........ 51
14. Модриште ........ 51
15. Ореовец ........ 51
16. Пласница ........ 52
17. Самоков ........ 52
18. Слатина ........ 52
19. Тажево ........ 52
20. Томино Село ........ 52
21. Црешнево ........ 52


### 1. БЕЛИЦА

**Варница**, некропола од доцноантичкото време. На еден мал простор што се наоѓа 3 km јужно од селото се гледаат контури на десетина гробови градени од

камени плочи, поставени во правец исток-запад. Според кажувањето на Душан Врачаковски, во некој од отворените гробови пронашол монети кои ги чува и денес. (А.К.)

Кале, с. Белица. – Урнатини од бедемот на градиштето

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. На 4 km северно од селото, на високиот рид Столаватец, кој има зарамнет простор од 80 x 60 m, се гледаат остатоци од одбранбен бедем ѕидан од камен и варов малтер. Зачуван е само во темелите, а по површината на градиштето се среќаваат множество градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси. Кај Душан Врачаковски се наоѓаат монети откриени на овој локалитет. (А.К.)

**Кале – Миткороен**, утврдена населба од доцноантичкото време. Локалитетот претставува низок рид со зарамнето плато кое зафаќа простор од 100 x 80 m. Се наоѓа на 3 km јужно од селото. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и множество градежен материјал, а се забележуваат и темелите од одбранбениот бедем. Оттука потекнуваат и монети кои се наоѓаат кај Душан Врачаковски. (А.К.)

**Ридот**, населба од хеленистичкото и римското време, старохристијанска црква и некропола. На северната периферија на селото, на високо плато оградено со ридови, на простор од околу 300 x 200 m, по површината на нивите се наоѓаат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. На североисточниот крај од локалитетот се откриени некропола и темели од мала старохристијанска црква. Гробовите се градени од големи камени плочи и имаат ориентација исток-запад. Најдени се голем број монети од кои дваесетина се кај Душан Врачаковски. Две од монетите се ковани во времето на Александар Македонски, една во Пела, а останатите се од III-IV век. (А.К.)

## 2. БРОД

**Грамада**, населба и некропола од доцноантичкото време. На северниот раб на градот, каде што се проширува населбата, при изградбата на новите куќи се откриени темели од стари објекти. Се среќава голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На северниот крај од теренот се најдени гробови градени од камени плочи. (А.К.)

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. Јужно од зградата на Собранието на општината се издига низок рид со мала зарамнета површина која била оградена со бедем. На површината на ридот и во подножјето спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Кула – Барбарос**, утврдена населба – кастел од средниот век.
Mikul~i} I., TIR, 21. (Д.Г.)

**Рајчица**, старохристијанска базилика и раносредновековна некропола. Во северниот дел на градот, на левиот брег на реката Треска, кој е алувијална тераса (КП 544), при копање на темели за изградба на еден објект биле откриени два гроба. Во осумдесеттите години со заштитните археолошки интервенции се откриени уште 9 гроба од типот циста и поголем дел од апсида на базилика. Во еден од гробовите е најдена обетка во вид на кошничка. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија.
Ивановски М., 1987, 124. (М.И.)

## 3. ГОРНИ МАНАСТИРЕЦ

**Црква**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на училиштето, десно од патот што води кон селото Топлица се наоѓа црквата Св. Ѓорѓи. На мал простор по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Откриени се темели од стари објекти и неколку питоси. Некрополата е откриена во дворот на училиштето, а гробовите биле градени од големи имбрекси. Според жителите, биле наоѓани и монети. (А.К.)

## 4. ДВОРЦИ

**Росула – Еѓупски Кукишта**, населба од доцноантичкото време. На источната страна од селото се протега низок рид кој завршува до Голема Река. На врвот од ридот, на кој имало лозја и зафаќа површина од 200 x 100 m, се среќаваат многу фрагменти од покривни ќерамиди, а наместа и фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

## 5. ДЕВИЧ

**Девини Кули**, доцноантичко и средновековно градиште на околу 2 km јужно од селото, на висок рид кој завршува до Голема Река. На ова место реката прави голем завој и го оградува градиштето од три страни. На зарамнетиот врв се зачувани многу делови од одбранбен ѕид кој околу врвот оградувал простор со димензии од 150 x 80 m. Во внатрешнос-



Девини Кули, с. Девич. – Средновековна кула

та на тврдината има две кули од кои едната има зачувани ѕидови и до 5 m височина. Бедемот и кулите се градени од кршен камен и варов малтер и се дебели 1,5 m. Во горниот дел на тврдината има голем резервоар за вода. Во јужното подножје, до левиот брег на Голема Река е зачувана квадратна градба чии ѕидови се високи до 5 m. По површината на тврдината, како и на сите страни на падините, се среќаваат остатоци од градежен материјал, покривни ќерамиди, фрагменти од керамички садови, питоси. (М.И.)

**Дрење**, населба од римското време. На околу 500 m јужно од селото и десно од патот што води кон Девини Кули, на пространа тераса од 150 x 80 m има множество фрагменти од покривни ќерамиди, а наместа и фрагменти од керамички садови и питоси. Според кажувањето на жителите, при орањето на нивите откривале темели од објекти. (А.К.)

**Пешна**, доцноантичка гробница. Пред влезот во пештерата, во непосредната близина на селото Слатино е откриена гробница со свод од тули и страничен влез од западната страна.
Лилчиќ В., 1987, 149. (В.Л.)

## 6. ДРАГОВ ДОЛ

**Рамниште**, населба од доцноантичкото време. На 3 km источно од селото, на висок рид со зарамнето плато, по површината на нивите се среќаваат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. При обработувањето на земјата се најдени и неколку византиски монети кои ги чува Душан Врачаковски од селото Белица. (А.К.)

## 7. ЗДУЊЕ

**Боќевци**, црква и некропола од средниот век. На околу 3,5 до 4 km североисточно од селото, на десниот брег на реката Треска, на едно не многу високо плато се наоѓа мала гробишна црква со некропола околу неа. Со заштитните археолошки ископувања извршени во 1985 година е откриена еднокорабна црква со димензии од 2,50 x 2,20 m. Околу неа се истражени 7 гроба градени од камени плочи – тип циста. Според откриените наоди, црквата и некрополата биле во употреба од почетокот на XIV до XVI век. (М.И.)

**Градиште**, населба од доцноантичкото време. На западната падина од ридот Градец, веднаш до десниот брег на реката Треска, на тераса која благо се спушта кон запад се гледаат грамади од камења и темели од објекти градени од кршен камен и кал. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (М.И.)

**Подградец**, утврдена населба од доцноантичкото време и раниот среден век. На крајните западни падини на Сува Планина, под Црни Врв, каде реката Оча се влева во Треска, на висок рид, од сите страни тешко пристапен (со зарамнето плато), кој доминира над околината, се зачувани темели од одбранбен бедем. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и др. Во 1986 г., со заштитните археолошки ископувања се откриени 4 гробни целости со наоди што се датираат од крајот на V век. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Ивановски М., 1987, 123. (М.И.)

**Св. Недела**, црква и некропола од средниот век. На околу 4 km северно од селото, високо над левиот брег на реката Треска се наоѓаат остатоци од мала еднокорабна црква. Зачувани се јужниот и северниот дел на источниот ѕид, граден од кршен камен и добро обработен бигор. Северно од црквата се гледаат камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. Според преданието, црквата е наречена Св. Недела. (М.И.)

## 8. ЗРКЛЕ

**Ограда**, населба од доцноантичкото време. На левиот брег на Мала Река, во нивата на Милосав Видовски, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во долниот крај на нивата биле откопани два питоса. Исто така, сопственикот пронашол и повеќе моне-

ти. Питосите и монетите се чуваат кај сопственикот на нивата. (А.К.)

## 9. КОВЧЕ

**Грамадиште**, населба и некропола од римското време. На 2 km јужно од селото, на голема површина од високата тераса што се издига на левиот брег на Мала Река се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Видливи се и големи грамади од градежен материјал. На источниот крај на локалитетот се откриени неколку гробови градени од големи камени плочи, со различна ориентација. Најдени се и неколку монети кои се чуваат кај Темелко Јовановски од истото село. (А.К.)



Грамадиште, с. Ковче. – Гробови од римското време

## 10. КОСОВО

**Долно Падиште**, некропола од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, на мала тераса која лежи на левиот брег на Мала Река, при обработувањето на земјата се откриени гробови градени од камени плочи. (А.К.)

## 11. КРАПА

**Во селото**, некропола од римското време. На горниот крај на селото, во дворовите на А. Ристевски и В. Петровски се откриени неколку гробови градени од големи камени плочи. Според кажувањето на селаните, бил откопан еден надгробен споменик од мермер на кој имало претстава на четворица луѓе. Биле најдени и повеќе римски монети кои се чуваат кај сопствениците на куќите, а споменикот лежи на 1 km јужно од селото, во месноста Грамаѓе. (А.К.)

## 12. ЛАТОВО

**Гладница**, населба од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, на десниот брег на Голема Река, на тераса која зафаќа површина од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и множество градежен материјал. Селаните при обработувањето на земјата откриле темели од објекти. Неколку питоси се чуваат кај сопствениците на нивите. (А.К.)

**Латински Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. Во близината на локалитетот Гладница, на десниот брег на Голема Река, при обработувањето на земјата селаните откриле гробови градени од камени плочи. (А.К.)

## 13. МОГИЛЕЦ

**Тумба**, средновековна населба. На југозападната периферија на селото, на простор од 2–3 хектара се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди, питоси и градежен материјал. Селото се споменува во хрисовулот на крал Стефан Душан од 1335 година под името Могилица. (А.К.)

## 14. МОДРИШТЕ

**Во селото**, населба и некропола од доцноантичкото време. При изградбата на селските куќи се откриени темели од стари објекти и повеќе питоси. Некрополата е констатирана на источната периферија на селото, каде што се откриени неколку гробови градени од големи камени плочи. Исто така, во селото се пронајдени и повеќе монети кои се чуваат кај жителите. (А.К.)

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2 km од селото, на еден висок рид на десниот брег на Голема Река, кој стрмно се спушта кон речното корито. На зарамнетиот врв, со простор од 100 x 50 m, се гледаат темели од бедем граден од камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и множество друг градежен материјал. (А.К.)

**Падиште**, населба од доцноантичкото време. Источно од селото, на високо зарамнето плато, кое зафаќа поголема површина, се гледаат темели од објекти и многу грамади од кршен камен. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Неколку питоси се чуваат кај сопствениците на нивите. (А.К.)

**Црква Св. Богородица**, црква од средниот век.
Јовановић С. П., 1928, 277. (Д.Г.)

## 15. ОРЕОВЕЦ

**Мал Рид**, црква и некропола од средниот век.
Mikul~i} I., TIR, 94. (Д.Г.)

16. ПЛАСНИЦА

**Црква**, средновековна црква изградена во 1484 г. Петковиќ В., 1950, 225. (Д.Г.)

17. САМОКОВ

**Во селото**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во северниот дел на селото, по улиците и во дворните места на куќите има множество фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Според кажувањето на жителите, тука биле откриени и гробови во кои се најдени керамички садови, како и римски и рановизантиски монети. Неколку монети се чуваат кај учителот Златевски. (А.К.)

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото се издига висок рид со доминантна местоположба. На врвот со зарамнет простор, кој зафаќа површина од 100 x 80 m, се гледаат темели од одбранбен бедем граден од кршен камен и варов малтер. (А.К.)

18. СЛАТИНА

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. На десната страна на Слатинска Река, на местото каде таа се влева во Голема Река се издига висок рид со зарамнет врв кој зафаќа простор од 150 x 80 m, на кој има остатоци од јак одбранбен бедем и две кули. По површината на тврдината се забележуваат темели од објекти и множество фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и градежен материјал. Ѕидовите од бедемот на неколку места се зачувани во височина од 1 m. Два питоса, откопани од градиштето, се чуваат во селското училиште. (А.К.)

**Под Градиште**, некропола од доцноантичкото време. При изградбата на патот, непосредно покрај левиот брег на реката Слатина е откриена засводена гробница, ѕидана од камен, бигор и тули, а од внатрешната страна убаво малтерисана, во која имало четири скелети поставени во правецот југоисток-северозапад. Од гробни прилози се најдени еден добро зачуван керамички сад и сребрена обетка од типот „со кошничка“. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Лилчиќ В., 1987, 149. (Б.Б., Б.К.)

19. ТАЖЕВО

**Брчка**, неселба и некропола од римското време. На десниот брег на реката, на пространа тераса која зафаќа простор од 250 x 150 m се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Видливи се и грамади од градежен материјал, а биле најдени и два питоса. На горниот крај на локалитетот се откопани неколку гробови. (А.К.)

20. ТОМИНО СЕЛО

**Старо Село**, некропола од доцноантичкото време. На местото меѓу Томино Село и Сушица по површината се среќаваат грамади од градежен материјал. Според кажувањето на жителите, на ова место се најдени монети кои се сопственост на Душан Врачаковски. (А.К.)

21. ЦРЕШНЕВО

**Брест**, населба и некропола од римското време. Во непосредната близина на маалото Старовци се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, ќерамиди, а при обработувањето на земјата жителите откриле темели од објекти. На највисоката точка на локалитетот има урнатини од црква, а околу неа делови од капители, колони, бази и др. Откопани се повеќе питоси и монети кои се наоѓаат кај П. Јовановски. (А.К.)

**Камен Дол**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селската црква и во околните ниви, на голема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и градежен материјал. Некрополата е откриена на западната периферија на селото, а гробовите се градени од камени плочи. Пронајдени се питоси и неколку римски и рановизантиски монети кои се сопственост на Душан Врачаковски од селото Белица. (А.К.)

**Минојца**, некропола од римското време. На 500 m од маалото Старовци, на површина од 3–4 декари, при обработувањето на земјата биле откриени гробови и во нив керамички садови. (А.К.)

# XIX. НЕГОТИНО


1. Барово ........ 225
2. Бесвица ........ 225
3. Бистренци ........ 225
4. Брусник ........ 225
5. Вешје ........ 226
6. Војшанци ........ 226
7. Горни Дисан ........ 226
8. Демир Капија ........ 226
9. Долни Дисан ........ 231
10. Драчевица ........ 232
11. Дрен ........ 232

12. Дуброво ..... 233
13. Иберли ..... 233
14. Калањево ..... 233
15. Клисура ..... 233
16. Копришница ..... 233
17. Корешница ..... 233
18. Кошарка ..... 234
19. Криволак ..... 234
20. Курија ..... 235
21. Липа ..... 235
22. Неготино ..... 235
23. Пепелиште ..... 235
24. Прждево ..... 235
25. Стрмашево ..... 236
26. Тремник ..... 236
27. Црвени Брегови ..... 237
28. Челевец ..... 237
29. Чифлик ..... 237

## 1. БАРОВО

**Грамаѓе – Дабје**, храм и некропола од римското време. На околу 1 km јужно од селото има грамада од градежен камен и многубројна архитектонска пластика. На теренот се среќаваат и делови од мермерни плочи со релјефни престави на жртвеник, машки и женски бисти, орел и др. Неколку фрагменти од мермерни статуи биле најдени многу порано.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 54, бр. 108; Радовановић В., 1924, 318; Mikul~i} I., TIR, 22; Лилчиќ В., 1987а, 138. (М.И.)

**Гробана**, некропола од римското време.
Вулић Н., Сп. LXXV, 35, бр. 98-100; Mikul~i} I., TIR, 23. (Д.Г.)

**Дабот**, некропола од доцноантичкото време.
Вулић Н., Сп. LXXV, 35, бр. 101-103; Mikul~i} I., TIR, 22. (Д.Г.)

**Ридот**, населба и некропола од римското време.
Лилчиќ В., 1987а, 135-148. (Д.Г.)

## 2. БЕСВИЦА

**Барака**, рудник од римското време.
Вулић Н., Сп. LXXV, 106, 107; Вулић Н., Сп. CXVIII, 113. (Д.Г.)

**Клунот**, населба од римското време. На 5 km јужно од селото, на релативно мала површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (М.И.)

**Криви Дабец**, населба од доцноантичкото време. Во нивите што се наоѓаат на 4 km јужно од селото, од левата страна на патот за селото Барово се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (М.И.)

## 3. БИСТРЕНЦИ

**Дубљани**, населба од римското време. На просторот на денешната населба, крај левиот брег на Вардар, во непосредната близина на католичката црква се откриени фрагменти од керамички садови, питоси и една плоча од мермер на која е релјефно претставено машко лице на средна возраст. Плочата се наоѓа кај Ј. Трајков од селото.
Vuli} N., 1938a, 10. (М.И.)

**Корминиш**, некропола од доцноантичкото време. На 5 km јужно од селото, во непосредната близина на левиот брег на Вардар, на една флувијална тераса има фрагменти од тегули, имбрекси и големи камени плочи од гробни конструкции. (М.И.)

**Ограѓе – Св**. **Петка**, црква со некропола од старохристијанското време. На околу 800 m југозападно од селото, во непосредната близина на селските гробишта и новоизградената црква, на мала површина има фрагменти од мермерни столбови и архитравни греди кои веројатно му припаѓаат на некаков сакрален објект. Според исказите на мештаните, при изградбата на црквата биле откриени и отворени повеќе гробови градени од камени плочи во кои имало керамички садови и ѓердани од стаклена паста. Во 1990, 1991 и 1994 година Музејот на Македонија изврши ископувања. Во нивата на Васил Камчев (к. п. 809) се откриени 39 гроба со трапезоидни конструкции од обични камени плочи или без конструкции, со поставени камења во пределот на главата и нозете. Некрополата е во редови, правилно поставени во правец запад-исток. Меѓу откриените гробни прилози најзастапени се белезиците од метал и стаклена паста (тордирани, плетени), а има мониста од стакло сликани со бели орнаменти, прстени, обетки и друг накит. Материјалот од ископувањата се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Блажевска Л., 1995, 189-207. (М.И., Л.Б.)
**Рудина**, населба и некропола од римското време. На 500 m северозападно од селото, на плато со издолжена форма се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Под платото е откриен гроб од типот циста, со повеќе прилози. Мештанинот Н. Петров на овој локалитет нашол монети, белезици и прстени. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (М.И.)

## 4. БРУСНИК

**Рамно Поле**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северно од селото, по површината на нивите на В. Крстев, М. Манев и соседните ниви има повеќе грамади од камен, фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. (М.И.)

**Турски Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 150 m северозападно од

селото, веднаш под патот што води за селото Пештерница. Овде мештаните ваделе големи камени плочи од гробови од типот циста. Исти плочи биле извадени и во дворот на М. Крстев. Што се однесува до гробните прилози, биле најдени бронзени предмети и стаклени мониста. (М.И.)

## 5. ВЕШЈЕ

**Јагнила**, вила рустика од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, на две помали тераси има доста добро обработен градежен камен. С. Кулева и А. Ристова, при орање во своите ниви, извадиле неколку питоси. Исто така, била најдена монета искована во времето на Фаустина Постарата.
Керамидчиев А., 1961, 114. (М.И.)

**Кочање**, населба од римското време. На 3 km северно од селото има високо, речиси зарамнето ритче, на чија голема површина се гледаат фрагменти од керамика. При орањето е ваден градежен камен, а на неколку места се забележуваат траси од темели на ѕидови. Б. Камчев во својата нива открил два питоса кои ги пренел во селото.
Керамидчиев А., 1961, 114. (М.И.)

**Лишови Дабја**, црква и некропола од старохристијанското време. На 2 km јужно од селото има висок рид на чиј врв се зачувани темели од црква. На источната страна од црквата се констатирани гробови, а најдена е и една надгробна стела од мермер со грчки натпис од кој се дознава дека споменикот бил подигнат од синот на Диоскурид. (А.К.)

**Прибошовец – Рамниште**, фортификација од средниот век. Од десната страна на патот што води од селото Вешје за селото Прждево, на 3 km североисточно од селото се наоѓа правоаголен објект со димензии од 50 x 70 m, во кој има расфрлен градежен камен и фрагменти од питоси. (М.И.)
**Ракита Црква**, некропола од римското време.
Вулић Н., Сп. LXXV, 118. (Д.Г.)

**Ракита Чешма**, населба од римското и доцноантичкото време.
Вулић Н., Сп. LXXV, 115; Vuli} N., 1938a, 22. (Д.Г.)

**Романовец – Св. Недела**, храм од римското време.
Вулић Н., Сп. LXXV, 117; Vuli} N., 1938a, 22; Лилчиќ В., 1987a, 135-148. (Д.Г.)

**Чешма**, населба и топилница од римското време. Среде село, околу чешмата, во соседните бавчи и дворови се среќаваат остатоци од топена железна руда. Случајно се најдени и повеќе монети од кои едни се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (А.К.)

## 6. ВОЈШАНЦИ

**Градиште**, утврдена населба од хеленистичкото и римското време.
Микулчиќ И., 1984, 132. (Д.Г.)

**Маркова Нога**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km источно од селото, на десната страна од долот наречен Солена Река се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (М.И.)

**Утрина**, населба и некропола од раноантичкото време. Во непосредната близина на селото, на источниот раб кој претставува дел од левиот брег на Брусничка Река, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, меѓу кои преовладува импортираната грчка керамика. Во подножјето на јужната страна на платото има гробови од камени плочи – тип циста.
Vuli} N., 1938a, 22-23; Mikul~i} I., TIR, 133; Микулчиќ И., 1984, 132. (М.И.)

## 7. ГОРНИ ДИСАН

**Влашки Пат**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. На источната страна, веднаш над селото, на десниот брег на Дисанска Река, на една височинка со зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и множество градежен материјал. (М.И.)

**Градот**, опидум од доцноантичкото време. Јужно од селото на околу 2,5 km има висок рид со стрмни вертикални карпи, кој доминира над околниот терен. На самиот врв се наоѓа простор од 4,5 хектара, опкружен со остатоци од одбранбен бедем и кули. Во внатрешноста на градиштето има остатоци од темели на големи градби (цистерни), а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и расфрлен градежен материјал. Најдени се монети од Јустинијан I и Јустин II.
Микулчиќ Г., 1987, 185. (Г.М.)
**Локвите**, некропола од римското време. На 1,5 km североисточно од селото, во нивата на С. Донев се откриени гробови. Најдена е римска надгробна стела која е сместена во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје. (М.И.)

## 8. ДЕМИР КАПИЈА

**Автопат**, храм од раноантичкото и римското време. Се наоѓа северозападно од Демир Капија, покрај железничката пруга Скопје-Гевгелија. Со работите на автопатот, на местото каде што е изграден пропустот-клучка биле откриени остатоци од помала градба. Во неа, на простор од 4 $m^2$ се најдени релјефи, статуети, фрагменти од керамика и друго. Релјефите и статуетите се од композиција на диоскури во друштво на божици (Артемида). Се претпоставува дека се работи за светилиште посветено

на диоскурите. Според наодите, локалитетот временски е датиран од IV век пред н.е. до II век од н.е. Соколовска В., 1974, 167; Mikul~i} I., TIR, 41; Соколовска В., 1987, 83. (М.И.)

**Бандера – Бошавица**, храм и некропола од римското време. На утоката на Бошава во Вардар се откриени делови од архитектонска декоративна пластика, од монументален објект. Се работи за базиси од столбови (јонски тип), делови од архитравни греди со венец, еден јонски капител, како и неколку натписи од II и III век. Најдени се и гробови „на две води“ со конструкции од тегули во кои покојниците биле инхумирани и кремирани.
Микулчиќ И., 1988/89, 65-88. (М.И.)

**Бандерица**, некропола и ѕидан водовод од римското време. Се наоѓа во Клисурско маало, на околу 1 km југоисточно од центарот на Демир Капија и претставува југоисточна периферија на античката населба Манастир – Варници. На северната страна се наоѓаат реките Бошава и Вардар. На ова место се откопани гробови од II-IV век, како и делови од римски водовод ѕидан со камен, тули и варов малтер.
Микулчиќ И., 1988/89, 65-88. (М.И.)

**Болница**, некропола од раноантичкото време и депо на средновековни монети. Уште во 1938 година, при изградбата на болницата бил ископан гроб со камена кострукција во кој, во керамичко сатче, биле најдени 20 монети – српски средновековни динари од XIV век. Монетите се приватна сопственост на М. Матиќ. Многу подоцна, со истражувањата во 1974/75 година, во дворот на оваа болница се откриени повеќе гробови со наоди што се чуваат во Музејот на Македонија.
Алексова Б., 1955а, 18-19; Микулчиќ И., 1988/89, 65-87; Соколовска В., 1978, 93-112. (Д.Г., Б.А.)

**Будур Чифлик**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во 1947 година е откриен гроб од камени плочи со димензии од 1,92 x 0,66 x 0,64 m, поставен во правец север-југ. Од внатрешната страна гробот бил обложен со мермерни плочи, дното му било послано со поголема мермерна плоча, а бил затворен со обична плоча од камен. Внатре, од гробни прилози имало богати предмети од злато и сребро, меѓу кои една белезица од злато и листови од гагат со аметист на средината. Многу подоцна, во 1964 година, на овој локалитет, при изградбата на индивидуални станбени куќи, се откриени темели од објекти за живеење со повеќе простории. Темели од вакви објекти се констатирани од двете страни на реката Дошница.
Вучковић Тодоровић Д., 1961, 244; Алексова Б., 1966, 16, 17. (Б.А.)

**Градина**, населба од бронзеното и некропола од римското време. Се наоѓа зад некогашните индустриски објекти-варници, од каде почнуваат да се издигаат масивите на Демиркаписката Клисура. Во 1947/1948 година Археолошкиот музеј на Македонија, под раководство на Ј. Корошец, извршил ископувања. Веднаш под површината на земјата биле откриени објекти, под нив римски гробови, а под гробовите остатоци од куќа и фрагменти од керамички садови од бронзеното време.
Ј. Корошец, 1956, 91-101. (М.И.)

**Демир Капија – Stenae – Просек**

Магистралниот пат по долината на Вардар, преку Подунавјето, ја поврзувал Средна Европа со Егејот и со земјите на Медитеранот. Најтесниот пат на реката Вардар, која јужно од реката Бошава се пробива низ карпестиот терен, формира клисура долга 10 km, позната под името Демир Капија, што во превод од турски јазик значи Железна Врата. Нејзиниот најтесен дел е на северниот крај, каде варовитите карпи се издигаат во височина од 100 до 220 m.

Старата градска населба, што се наоѓала на овие простори, имала посебено значајна стратегиска и воена позиција во минатите епохи. На ова упатува и присуството на цел систем на утврдувања на камените масиви од двете страни на Вардар, меѓу кои најистакнати се Марков Град и Кале – Стрезов Град од левата страна и Рамниште од десната страна на реката. Од сите нив се зачувани остатоци од бедеми. Внатрешната тврдина – акрополот на Марков Град, е изградена од големи квадери од варовник, без малтер. Наодите од керамика од класичното и хеленистичкото време и неколкуте хеленистички монети укажуваат дека таа била користена многу векови пред римската доминација. Иако подигната во архајскиот период, техниката на ѕидањето и самиот карактер на тврдината имаат пајонски белег. Многу подоцна бил подигнат доцноантичкиот ѕид, ѕидан од камен и малтер, поставен од надворешната страна, на кој се гледаат остатоци од 4 кули.

Демир Капија. – Култна икона на диоскури од ранoримското време

Источно од Марков Град, на највисоката варовничка карпа (220 m) има остатоци од главната и најголемата тврдина со сложена архитектонска и градителска структура, позната под името Кале – Стрезов Град. Се укажува на тоа дека главната тврдина, долга 450 m и со правец на протегање север-југ, имала два акропола. Според карактерот и особеностите на ѕидовите нејзиното градење се става во јустинијанскиот период, а наменичавите поправки во средновековниот период.

Демир Капија. – Портрет од III век

На спротивната јужна страна, на брегот наречен Рамниште, исто така има остатоци од утврдување, зачувани во должина од 120 m. Под неа, на падината наречена Манастир се гледаат остатоци од антички пат долг 20 m.

Во раната антика на ова место бил чуван преминот од Македонската држава во Пајонија. Подоцна, со изградбата на новите тврдини и целиот одбранбен систем, тоа имало задача да ги штити земјите на Егејот и Тесалоника од нападите што доаѓале од север. Стратегиското значење на Демир Капија останува и низ целиот среден век, како главна заштита од воените пробиви и инвазии од север.

Името на населбата, што се споменува на натписите како полис, сè уште не е откриено. На Појтингерова карта, на XI римски милји од Антигонеја се наоѓа местото Stenae, што на старогрчки значи теснина, клисура, карпа. Со истото значење се и средновековното име Просек, како и турското име Демир Капија (Железна Врата). Името Stenae ја означува само клисурата, а не и името на градот. Се помислува дека овде би можел да се лоцира неидентификуваниот град Алмана.

Во средниот век, во времето на владеењето на Стефан Дечански (1196-1228), во градот Просек се споменува името на заповедникот на Струмица, архонтот Добромир Хрс. Подоцна, околу 1328 година, градот го зазале Србите. Според F. Babinger, градот паѓа под турска власт во 1385 година.

На извесни траги од стара населба кај Демир Капија укажале H. Barth и J. G. Hahn. Први археолошки истражувања извршил Dr. Hald, а Н. Вулиќ врз основа на прибраните антички натписи укажува на повеќе антички населби во Повардарјето. При изградбата на железничката пруга и пробивањето на патот по долината на Вардар во 1938-40 година, на просторот пред тунелот е откриен богат археолошки материјал.

Со археолошките ископувања извршени 1947 -1952 година е откриена некропола со богата содржина. Истражувањата на Црквиште во 1952-1954 година и подоцна, во седумдесеттите години, дале мошне значајни податоци за следењето на континуитетот на животот на овие простори низ минатите епохи.

Почетоците на населбата пред клисурата на Просек се лоцираат уште во архајскиот период. Својот растеж го доживува кон крајот на V век пред н.е., како и во хеленистичкото време. Во оваа пајонска населба наодите од атички керамички производи и накит од скапоцени метали, донесени од градовите на Егејот, укажуваат на повисоко формиран општествен степен, проследен со културно издигање, забележува В. Соколовска. Овој подем градот го задржува во времето кога Пајонија постои како самостојна држава.

Археолошкиот материјал најден во гробовите го претставува атичка керамика во црвенофигурален стил и потекнува од крајот на V и IV век

Демир Капија. – Археолошкиот комплекс со градовите Stenae и Просек (И.М.)

пред н.е, односно од времето кога таа достигнува голема распространетост во медитеранските земји. Наодите се наменети за широка потрошувачка, но има примероци што претставуваат врвни производи. Така треба да се спомене хидријата што му се припишува на сликарот Медијас кој работел во Атина на преминот од V во IV век пред н.е.

Се претпоставува дека античките Грци овде формирале своја колонија која не била голема. По заземањето на Македонија од Римјаните, населбата се раширила кон Бошава, на отворени рамни терени. Последните истражувања покажале дека средновековната населба се наоѓала на најголемата централна тврдина Стрезов Град – Кале.

Hahn J. G., 1876, 239; Радојчић Н., 1909, 259; Miller., 1916, 573; Hald Dr., 1917, 49, 51, 52; Стојановић А., 1923, 295; Кацаров Г., 1921, 3; Кацаров Г., 1922; Vuli} N., 1938a; Папазоглу Ф., 1957, 242; Корошец Ј., 1958, 90; Тодоровић Вучковић Д., 1961, 229-269; Петровић Н., 1961, 217-227; Соколовска В., 1973/74, 183; Соколовска В., 1978, 93; Соколовска В., 1986, 47-51; Пашиќ Р., 1975, 155; Микулчиќ И., 1982, 132; Микулчиќ И., 1988/89, 65-87; Чаусидис Н., 1987, 171-196; Петрова Е., 1991, 48. (Б.А.)

**Клисура**, населба од раноантичкото време.
Микулчиќ И., 1988/89, 65-88. (Д.Г.)

**Кула на Пострелец**, утврдување од хеленистичкото и доцноантичкото време.
Микулчиќ И., 1988/89, 65-88. (Д.Г.)

**Манастир**, населба од праисториското до доцноантичкото време, старохристијанска и средновековна некропола. Претставува пресечен рид од десната страна на Вардар, пред самиот влез во клисурата. Зарамнувањето на ридот е извршено во 1938 година, при трасирањето на патот. Со археолошките ископувања од 1948 до 1954 година се откриени многубројни остатоци од различна временска и културна припадност, и тоа од праисторијата до средниот век. Откриени се старохристијански гробни структури и остатоци од градби. Во ѕиданите гробници, над главата на покојникот имало насликани крстови. Подоцна, со истражувањата на В. Лилчиќ е утврдено дека се работи за старохристијанска трикорабна базилика со нартекс, односно за гробишна базилика изградена на доцноантичка некропола, во една ареа мартирум каде што биле концентрирани гробови на христијани.
Алексова Б., 1955, 221; Алексова Б., 1966, 18, 19; Микулчиќ И., 1988/89, 65-88; Лилчиќ В., 1989, 69-79. (Б.А.)

Манастир, Демир Капија. – Старохристијанска базилика

**Манастир – Варници**, населба и некропола од римското време, базилика и некропола од доцноантичкото време и средновековна црква со некропола. На 2 km источно од центарот на Демир Капија, во Клисурско маало, над десниот брег на Вардар и над стариот магистрален пат се издига стрмен рид. На него се наоѓа месноста Манастир на која се откриени најстарите траги од живеење, од почетокот на антиката. Во периодот 1948-1954 година Археолошкиот музеј вршел ископувања и притоа открил остатоци од профана архитектура од римското време, ѕидани гробници од V-VI век, како и 30 гроба од средниот век. Откопан е и поголем дел од старохристијанска базилика, чиј централен дел бил во употреба и во средниот век. Најдени се византиски монети од XII-XIII век и камена икона со претстава на светителот Јован Претеча. Во северозападното подножје на ридот се наоѓа месноста Варници во која се откриени гробови од римското време.
Микулчиќ И., 1988/89, 65-88. (М.И.)

**Некропола 1**, некропола од железното време. Истражување е извршено во 1948 година.
Ј. Корошец, 1956, 103. (Д.Г.)

**Некропола 2 – Будур Чифлик**, некропола од железното време. Ископување е извршено во 1948 година.
Ј. Корошец, 1956, 105. (Д.Г.)

**Рамниште**, утврдена населба од железното и хеленистичкото време. Се наоѓа јужно од месноста Манастир на околу 500 m воздушна линија, на елипсовидно плато на највисокиот рид Рамниште. По изохипсата на платото можат да се следат остатоци од урнатини, најверојатно од бедем граден од неправилно кршен камен во сувоѕидица. Само на едно место во северниот крај може да се види дел од лицето на ѕидот и неговата ширина која изнесува 3 m.
Микулчиќ И., 1982а, 127-132. (М.И.)

**Римски пат**, остатоци од пат од римското време. На северниот крај од секторот Манастир е зачуван дел од пат во должина од 20 m. Доаѓајќи од северозапад, од северната страна патот ја заобиколувал старата населба пробивајќи се кон изохипсите на најблиското седло, преку карпа која го претставува лицето на клисурата од јужната страна. Конструкцијата на патот одговара на карпестиот состав на теренот. Оттука не било потребно, ниту пак можно, да се прави подлога на патот. Единствени податоци за конструкцијата на патот се зачуваните всечени траги од колски тркала, широки 10 cm и длабоки до 12 cm, поставени на растојание од 125 cm. Изгледа дека патот бил во тесна врска со најстарата населба на локалитетот Манастир. (М.И.)

**Црквиште**, старохристијанска базилика со некропола и средновековна црква со некропола. На десната страна на стариот магистрален пат Велес-Гевгелија, со систематските археолошки истражувања

и ископувања извршени во 1952-1954 и во 1956 година се откриени темели од старохристијанска трикорабна базилика со нартекс и компартименти од северната страна. Наосот бил одделен од страничните кораби со колони и на источната страна завршува со полукружна апсида. Траги од синтронос или остатоци од канцел-преграда не се констатирани, зашто над централниот кораб е изградена подоцнежна еднокорабна црква. Објектот е подигнат на старо паганско култно место. Во нартексот на базиликата се најдени старохристијански гробови со прилози од керамички садови и една бронзена фибула со позлата, на која е врежан Христовиот монограм. Источно од апсидата е откриена голема гробница. Еднокорабната црква е подигната врз старохристијанската базилика во времето на населувањето на Словените, а околу неа е оформена некропола која се шири на североисточната страна. Од оваа доста голема некропола, која била долго време во употреба, се откриени и истражени 502 гроба. Конструкцијата на гробовите е од камени плочи, а има и гробови во кои покојниците биле директно закопани во земјата. Ориентацијата на гробовите е запад-исток. Гробните прилози ги сочинуваат накит, стрелки, јадици и керамички садови. Според карактеристиките на наодите, оваа некропола се датира во IX-X век, а гробовите на работ на некрополата, како и во самата црква, во времето на развиениот среден век, поточно од XIII-XIV век. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Алексова Б., 1966. (Б.А.)

Црквиште, Демир Капија. – Старохристијанска базилика

## 9. ДОЛНИ ДИСАН

**Барите – Кочеви Грамади**, храм и некропола од римското време. На 2 km источно од селото, во нивите што некогаш им припаѓале на И. и В. Јанчеви, а сега се сопственост на ЗК „Венец“, биле откриени монети на Каракала. Во 1994 година, при подготвувањето на теренот за лозов насад се откриени десетина надгробни споменици и делови од монументален објект. (М.И.)

**Белград**, населба, храм и некропола од римското време. На 3,5-4 km западно од селото, при обработувањето на земјата се откриени фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На лозовите површини на агрокомбинатот „Тиквеш“ од Кавадарци, парцела 25А, со длабокото орање е откриена и делумно оштетена некропола што се простира на површина долга 80-100 m и широка 40 m. Во средиштето на парцелата се извадени тегули од гробови „на две води“, како и дваесетина надгробни споменици. Се работи за гробови со кремирани покојници од I до IV век. Понастрана од нив се извадени плочи од гробови од типот циста. Што се однесува до населбата, таа се наоѓала на малите височинки околу јужниот раб на плантажите.
Mikul~i} I., TIR, 69. (М.И.)

**Голема Страна**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km јужно и југоисточно од селото, помеѓу Влашки и Прждевски Дол, во должина од речиси 1 km се простираат низи од издолжени ритчиња. На благите падини се среќаваат помали групи од градежен камен, како и фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. На неколку места постојат индиции за присуство на темели од профани објекти. (М.И.)

**Грамади**, населба од хеленистичкото, римското и доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото, на една блага падина, со обработувањето на земјата на површината се исфрлени фрагменти од керамички садови, мермерни плочи со натписи и голем број хеленистички, римски и доцноантички монети. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Vuli} N., 1938a, 12; Mikul~i} I., TIR, 45; Микулчиќ Г., 1987, 185. (Г.М.)

**Двата Гроба**, вила рустика и некропола од римското време. На околу 1 km југоисточно од селото од двете страни на патот за селото Вешје, по површината можат да се видат обработени плочи од гробови од типот циста. На северозападната страна на локалитетот се наоѓа траса на ѕид, на одделни места висок 1,50 m, широк околу 2,50 m. Овде е најдена и една стела со грчки натпис која денес се чува кај Диме Стојанов од истото село. (М.И.)

**Змијавец**, палеонтолошко наоѓалиште. Во големиот ракав на Змијавец, кој е на 500 m источно од селото, се наоѓа доста висок и рамно засечен профил од водите на потокот. Со ерозијата, на ова место се откриени череп од мастодонт и делови од долна вилица на риноцерус, заедно со пикерниска фауна (долен плиоцен). (М.И.)

**Такрагина Чешма**, населба од доцноантичкото време. На северниот раб на селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (М.И.)

**Тополичка Чешма**, храм и некропола од римското време. На 2 km југозападно од селото, на едно зарамнето плато е откриен гроб од типот циста. Исто така се откриени надгробна стела и монета на Пробус. Во поблиската околина на теренот има расфрлена мермерна архитектонска пластика, архитравни греди, мермерни блокови и др.
Проева Н., 1985, 123-128. (М.И.)

**Ќофкарец**, осамен наод од римското време. Во нивата на М. Осман, која лежи крај патот за селото Тремник, во 1952 година е најдена надгробна плоча со грчки натпис. Плочата се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1953, 230. (Б.Ј.)

Ќофкарец, с. Долни Дисан. – Надгробен споменик, ранохадријановскиот период

## 10. ДРАЧЕВИЦА

**Падарница**, населба и некропола од доцноантичкото време. На северниот раб на селото при обработувањето на земјата се најдени камени плочи од гробни конструкции. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Vuli} N., 1938а, 11. (М.И.)

## 11. ДРЕН

**Браова Нива**, населба од доцноантичкото време. На границата помеѓу атарите на селата Дрен и Копришница, по површината на нивите се наоѓа расфрлен градежен камен кој има едно лице добро мазнето. Во една нива бил ископан питос и пренесен во селото Дрен. (М.И.)

**Буеви Ниви**, населба од неолитското време. Се наоѓа близу до селото, на 200 m од неговата источна страна, на една издолжена и зарамнета височинка. По целата површина има фрагменти од неолитска керамика, меѓу кои доминираат фрагментите со барботин-орнаменти. Најголема концентрација на керамика се забележува во централниот дел на платото, во нивата на Вано Станоев. (М.И.)

**Бука**, некропола од римското време. На 2-3 km источно од селото, Најдо Ангелов во својата нива открил гроб од тегули – „на две води“. Според исказите на сопственикот, во гробот имало ситни коски и предмети од стакло, веројатно унгвентариуми. (М.И.)

**Голем Змеовец**, светилиште од римското време. На 3 km североисточно од селото, во варовничките карпи се наоѓа пештера која служела како светилиште во античкиот период и подоцна. Во неа се најдени повеќе монети.
Микулчиќ Г., 1987, 185. (Г.М.)

**Калуѓерска Чука**, средновековна црква. На околу 7 km источно од селото доминира висок рид познат уште под името Комитска Чука. Иако теренот е обраснат со ниска флора, се распознава траса од темел на апсида, од која на западната страна има голема грамада камења – урнатини од преостанатите ѕидови на објектот, измешани со парчиња од покривни ќерамиди. (М.И.)

**Колнеш**, рударска населба од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото има висок рид што доминира над селото. Целата површина му е прекриена со згура од топена руда, грамади од градежен камен и парчиња од варов малтер. (М.И.)

**Лути Камен**, топилница од доцноантичкото време. На 4 km западно од селото, високо во планинскиот предел и на десниот брег на реката Дошница, на простор од 22 x 30 m има голема грамада од камен

во која се наоѓа згура од топена бакарна руда. (А.К.)

**Оризари**, населба и некропола од средниот век. На десниот брег на реката Дошница, на границата меѓу селата Дрен и Чифлик, на простор од 300 x 500 m се наоѓаат фрагменти од керамички садови, грамади од градежен камен, а делумно и темели од објекти. При изградбата на патот Дрен-Чифлик бил откопан гроб со камени плочи, тип циста. (М. И.)

**Црквиште**, викус од доцноантичкото време.
Радовановић В., 1924, 286; ТВА, 1987. (Д.Г.)

## 12. ДУБРОВО

**Платуња**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1,5 km северозападно од селото, од десната страна на стариот пат за Неготино. По површината на нивите има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и грамади од камења.
Vuli} N., 1938a, 10. (М.И.)

## 13. ИБЕРЛИ

**Даутлак**, средновековна населба и некропола. Околу 1,5 km југоисточно од селото, на десниот брег на Иберлиска Река се констатирани гробни конструкции со ориентација исток-запад. Во близината на некрополата спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (М.И.)

**Самандере**, населба од доцноантичкото време. На една височинка со зарамнет врв, што се издига на западниот раб на селото, се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (М.И.)

## 14. КАЛАЊЕВО

**Градиште**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2,5 km југоисточно од селото, на висок рид со кота 948 m, до синорот со селото Липа. На самото плато, кое е зарамнето и со поголеми димензии, се среќаваат градежен материјал и фрагменти од керамички садови и питоси. Констатирани се големи камени плочи, грубо обработени, од гробови – тип циста. (М.И.)

**Падината**, средновековна населба и некропола. На западната страна на селото, во месноста Никлеово се констатирани гробни конструкции од камени плочи, грамади од камења и фрагменти од керамички садови и тегули. (М.И.)

**Чичан Тарла**, населба од доцноантичкото време. На околу 7 km североисточно од селото, на десниот брег на долот Долни Промет, кој претставува блага тераса што се спушта кон реката, се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. (М.И.)

## 15. КЛИСУРА

**Маркова Чешма – Св. Јован**, населба од неолитското време. Зад превојот на стариот пат за Демир Капија, кој лежи на 2,5 km североисточно од селото, во непосредната близина на чешмата се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. (М.И.)

**Старо Село**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km југоисточно од селото, на левата страна од селскиот пат, на поголема површина во нивите на Р. Јакимов и И. Каранфилов има фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси.
Радовановић В., 1924, 281. (М.И.)

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. На југозападниот раб на селото, по површината се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и градежен материјал. Во непосредната близина има камени плочи од конструкции на гробови. (М.И.)

**Чукајлица**, населба и некропола од хеленистичкото и римското време. На 1,5 km северно од селото има неколку височинки. На платото од најголемата височинка јасно се забележуваат траги од акропол, чија населба лежи во подножјето. Речиси по целата површина се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. На источниот раб од населбата е откриен гроб „на две води“ со конструкција од тегули.
Vuli} N., 1938a, 16; Радовановић В., 1924, 282. (М.И.)

## 16. КОПРИШНИЦА

**Рупова Нива**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на Д. Тасев, што се наоѓа на 2,5 km западно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, а бил најден и еден питос.
Vuli} N., 1938a, 16; Mikul~i} I., TIR, 73. (М.И.)

## 17. КОРЕШНИЦА

**Ашичка Река**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 600 m јужно од селото, на тераса што се наоѓа на левиот брег на Вардар има камени плочи од гробови со конструкции од типот циста. Не се исклучува можноста оваа некропола да ѝ припаѓала на населбата што е во непосредната близина, и тоа од двете страни на патот што води од новиот мост на Вардар за селото. Овде, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, имбрекси, градежен материјал, како и делови од декоративна архитектонска пластика.

Vuli} N., 1938a, 16. (М.И.)

**Забрњик**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km југоисточно од селото, на левиот брег на реката Вардар се наоѓаат грамади од градежен материјал. На платото се забележуваат остатоци од темели на повеќе објекти, особено апсидалниот дел на еден поголем објект, поставен во правец исток-запад. Во непосредната близина се констатирани гробови – тип циста. На површината на теренот се присутни фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. (М.И.)

**Копанец**, некропола од римското време. Лежи на околу 800 m југозападно од селото, на левиот брег на реката Вардар. Во лозјето на Велик Даматов се најдени камени плочи од гробови со конструкции од типот циста. Според исказите на сопственикот на нивата, во неколку гроба биле најдени белезици од стаклена паста, керамички садови, прстени и др. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (М.И.)

**Крстевите**, средновековна некропола. На една тераса на десниот брег на Вардар се забележуваат камени конструкции на гробови од типот циста. Од некрополата потекнува една белезица од стаклена паста што се чува во Народниот музеј во Неготино. (М.И.)

**Кула – Јуручки Камен**, утврдување од хеленистичкото време и средниот век. На левиот брег на Вардар, над самиот раб на кањонот од Човечка Река, околу 700-800 m северно од локалитетот Марков Град има остатоци од тврдина. На оваа непристапна височина се гледаат остатоци од средновековни бедеми, градени во цврст малтерен опус, зајакнати со четвртести кули изградени врз бедеми од хеленистичкото време. Северно од нив има остатоци од уште една поголема тврдина, поставена на врвот на ридот Јуручки Камен чија источна страна оди по должината на кањонот на реката, која исто така е подигната врз постара тврдина (хеленистичка). Ѕидана е масивно во сувоѕидица и зафаќа простор со димензии од 260 x 50 m. Во 1971 година во тврдината се вршени археолошки сондажни истражувања при што во една од кулите е откриен средновековен гроб.

Микулчиќ И., 1988/89, 65-88; Манева Е., 1992. (М.И.)

**Маркови Кули**, утврдување од хеленистичкото и доцноантичкото време и средниот век. На околу 200 m над коритото на Вардар се издига висок рид на чиј врв има остатоци од сувоѕидица што опкружува простор од 1 хектар. Од перманентната ерозија културните слоеви се оштетени во голема мера.

Микулчиќ Г., 1987, 186. (Г.М.)

**Црквиште**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km југоисточно од селото, на левиот брег на реката Вардар има мала зарамнета тераса на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен материјал, како и делови од стебла на столбови, архитравни греди и друга архитектонска камена пластика. (М.И.)

## 18. КОШАРКА

**Асан Гроб**, средновековна некропола. На околу 4 km северозападно од селото, во непосредната близина на Крумова Чешма на патот за селото Конче се констатирани гробови. (М.И.)

**Кошарашка Лака**, средновековна населба и некропола. На 4 km јужно од селото при обработувањето на земјата се откриени питоси, а во непосредната близина и еден гроб од камени плочи. На површината има фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (М.И.)

## 19. КРИВОЛАК

**Брест**, населба и некропола од доцноантичкото време. На околу 3 km северно од селото, во близината на левиот брег на реката Вардар, на една блага падина се констатирани гробови со камена конструкција од типот циста. Во близината на гробовите, односно некрополата, се среќаваат фрагменти од керамички садови и многуброен градежен материјал. (М.И.)

**Гробишта**, средновековна некропола. На западниот раб, веднаш кај влезот во селото, во 1972 година при изградбата на асфалтниот пат е уништен дел од некропола. Во профилите од засеците на патот се гледаат гробови со конструкција од камени плочи, поставени во правец запад-исток. Кај мештаните се чуваат повеќе археолошки предмети најдени во гробовите. (М.И.)

**Тошова Лака**, населба и некропола од доцноантичкото време. На просторот помеѓу железничката пруга и асфалтниот пат, што се наоѓа на десниот брег на Вардар и на јужниот раб од селото, се најдени гробови од камени плочи, со ориентација исток-запад. Во близината на лозјето на М. Стево се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал и делови од архитектонска пластика. (М.И.)

**Чифлик**, населба од доцноантичкото време. На околу 3,5 km северно од селото, на една блага падина што се спушта кон коритото на реката Вардар се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (М.И.)

## 20. КУРИЈА

**Влакно**, населба од неолитското и бронзеното време. На оддалеченост од 1 km јужно од селото, на десниот брег на Куријачка Река има рид со доминантна положба. На неговата западна падина, која благо се спушта кон коритото на реката, при изградбата на далноводот се најдени остатоци од двослојна праисториска населба. На површината има фрагменти од керамички садови со црна и црвена монохромна боја, орнаменти изведени во импресотехника, како и орудија од камен и кремен. Наодите се чуваат во Музејот во Неготино. (М.И.)

**Доброглед**, населба и некропола од римското време. На југоисточниот раб на селото, на блага падина што лежи на северната страна на Куријачко Брдо се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Ископан е еден целосно зачуван питос кој е сместен во Музејот во Неготино. Непосредно до теренот се констатирани гробови градени од камени плочи, поставени во правец исток-запад. (М.И.)

**Луда Мара**, населба од римското време. Во нивата на Д. Трајков оддалечена 1 km југоисточно од железничката станица Кукуречани, расположена на просторот помеѓу автопатот и пругата, се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. Во 1979 година сопственикот откопал питос кој денес се чува во Музејот во Неготино. (М.И.)

**Манастириште**, населба од римското време. Во непосредната близина на воденицата што се наоѓа на 1 km северно од селото, по површините на нивите се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (М.И.)

**Оградиште**, населба од римското време. На североисточниот раб од селото, од десната страна на стариот пат Неготино-Курија, во нивата на М. Штерјова и во лозјето на Б. Николов се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал и делови од архитектонска пластика. (М.И.)

## 21. ЛИПА

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 4 km јужно од селото, лево од патот што води за селото Бистренци има висок рид со доминантна положба. На врвот, кој претставува зарамнето плато, се гледаат остатоци од одбранбен бедем што го опкружуваат. (М.И.)

**Корминиш – Црквиче**, средновековна црква. На зарамнетото плато на ридот што доминира над околниот терен, оддалечен 1 km северно од селото, има остатоци од мала средновековна црквичка. (М.И.)

**Стара Липа**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа на 3,5 km северно од селото, на терен што претставува мала котлина. На површината лежат урнатини од објект поставен во правец исток-запад, а во непосредната близина аморфни плочи од гробни конструкции, поставени во правец запад-исток. (М.И.)

## 22. НЕГОТИНО

**Градиште**, утврдена населба од хеленистичкото, римското и доцноантичкото време. Се наоѓа на 2 km северно од градот, на тераса што се издига покрај левиот брег на Вардар. На зарамнетото плато има остатоци од одбранбен бедем кој опкружува простор од околу 2 хектара. На површината се присутни многубројни фрагменти од керамички садови и друг археолошки материјал со различна временска и културна припадност. Површинските наоди се чуваат во Народниот музеј во Велес и во Музејот во Неготино.
Микулчиќ Г., 1987, 186; Петрова Е., 1991, 48. (Г.М.)

Градиште, Неготино. – Населба од хеленистичкото до доцноантичкото време (И.М)

**Криво Мовче (Расадник)**, населба од римското и доцноантичкото време. На околу 1,5 km западно од градот, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (М.И.)

## 23. ПЕПЕЛИШТЕ

**Белата Земја – Трнче**, населба од неолитското време, населба со некропола од римското време и средновековна некропола. На 2 km југозападно од селото, непосредно до коритото на реката Вардар, од двете страни на каналот за наводнување, во нивите на ЗИК „Повардарје“ има фрагменти од неолитска керамика, куќен лепеж и орудија од камен и кремен. Во истиот комплекс, до нивата на С. Ивановски се констатирани гробови со конструкции од камени плочи – тип циста, а по површината фрагменти од керамички садови премачкани со убав фирнајс, фрагменти од питоси, разновиден градежен материјал и делови од архитектонска пластика. На микролокацијата Стреа во 1989 и 1990 година Народниот музеј од Неготино и Институтот за истражување на старословенската култура од Прилеп извршиле ископувања при што се истражени и документирани 100 гроба од типот циста, со мошне богат гробен инвентар. Некрополата егзистирала од крајот на X до крајот на XI век. (Ж.В., М.И.)

## 24. ПРЖДЕВО

**Богдашна Глава**, градиште од железното време. На 2 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато, кое има правоаголен облик, се среќаваат фрагменти од керамички садови, рачно работени и со груба фактура. (М.И.)

**Илинци – Свррачка**, населба од римското време. На левиот брег на Вешка Река, на околу 3 km од селото Вешје, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Најдена е писцина со натпис која се чува во еден од селските дворови. (М.И.)

**Слатина**, средновековен сакрален објект. Покрај Вардар се наоѓаат грамади од градежен материјал. Каменот е делумно обработен, а плочите се од песочник и личат на покривни плочи. Според преданието кај мештаните, овде се наоѓал сакрален објект – манастир. (М.И.)

## 25. СТРМАШЕВО

**Челопек**, базилика од старохристијанското време.
Лилчиќ В., 1989, 75. (Д.Г.)

## 26. ТРЕМНИК

**Анска Чешма**, некропола од римското време. На источниот раб на селото биле раскопани гробови од камени плочи – тип циста, во кои имало монети, две ламби, садови од керамика, како и една стаклена чашка.
Вулић Н., Сп. LXXI, 98, бр. 231-237. (М.И.)

**Белогурија**, населба и некропола од римското време. Се наоѓа 1 km северозападно од селото, во нивите по чија површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. Според кажувањето на мештаните, била најдена плоча со релјефна претстава на коњаник, веројатно Тракиски коњаник. На неколку места по работ на локалитетот се гледаат гробови со камена конструкција – тип циста.
Петрова Е., 1991. (М.И.)

**Бунарје**, градиште од доцноантичкото време. На 1,5 km југозападно од селото, на блага падина што се наоѓа на десниот брег на реката Поројница, отворена кон запад, се гледаат остатоци од одбранбен бедем што зафаќа простор од 100 x 100 m. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Во западниот дел на градиштето се наоѓа бунар. (М.И.)

**Градиште**, населба од бронзеното време. На околу 1 km северно од селото, на височинка со зарамнето пространо плато се среќаваат фрагменти од керамички садови претежно со груба фактура. (М.И.)

**Јака Чешма – Црквар**, некропола од римското време и средниот век. Се наоѓа на југоисточната периферија на селото, на простор со големо сакрално значење. Во 1981 година Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата извршил истражување и документирање на 10 гроба со конструкции од камени плочи – тип циста. Само во 4 гроба биле најдени прилози карактеристични за XIV век. (М.И.)

**Лесково Чешмиче – Камено**, населба од доцноантичкото време и средниот век. На околу 2 km западно од селото, на простор од 300 x 200 m се наоѓаат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови со различна фактура, питоси, тегули и имбрекси. (М.И.)

**Романов Гроб**, некропола од римското време. На околу 200 m од селската чешма, која е во непосредната близина на селото, се констатирани повеќе гробови градени од камени плочи. (М.И.)

**Студена Чешма**, населба од римското време. На 3 km западно од селото, на простор од 300 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, а при одронот на земјата се откриени делови од два столба од камен. (М.И.)
**Црквиште**, старохристијанска црква. Во непосредната близина на селото, јужно од гробиштата, на најистакнатиот дел од височинката се гледаат остатоци од ѕидови и архитектонска пластика.
Mikul~i} I.,TIR, 127; Лилчиќ В., 1985, 73-82. (М.И.)

**Чаир – Градиште**, утврдена населба и некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km северно од селото

има висок рид со зарамнето плато на кое по површината се гледаат остатоци од одбранбен бедем, фрагменти од керамички садови и питоси, како и градежен материјал. На јужниот крај на локалитетот се констатирани гробови. (М.И.)

Чаир – Градиште, с. Тремник. – Населба
од доцноантичкото време (И.М.)

**Шесте Куќи**, некропола од железното време. Се наоѓа на околу 1 km западно од селото, веднаш покрај патот што води за селото Долни Дисан. При подготвувањето на нивата за лозов насад Н. Василев открил и раскопал еден гроб со конструкција од големи монолитни плочи во кој нашол висулец – амулет со кружна форма, чешел, двојна секира и салталеони изработени од бронза. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Неготино.
Георгиев З., 1987, 117-134. (Д.Г.)

## 27. ЦРВЕНИ БРЕГОВИ

**Ѓорева Ливада**, населба од неолитското време. На 2,5 km западно од селото, на простор од 350 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, претежно монохромно црни, со мазнета површина. (М.И.)

**Керамитчето**, средновековна населба. На 10 km југоисточно од селото, покрај Вардар, со обработувањето на земјата се открива градежен материјал. (М.И.)

**Кокнгеди**, некропола од доцноантичкото време. На 2 km северозападно од селото, по површината на нивите има фрагменти од тегули. Откриени се гробови со гробни конструкции од тегули – тип „на две води“, како и со големи камени плочи – тип циста. (М.И.)

**Лепава**, средновековна населба. Се наоѓа на 4,5 km западно од селото. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (М.И.)

**Фармата**, населба од доцноантичкото време. На 300 m северозападно од селото, на мала површина се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (М.И.)

## 28. ЧЕЛЕВЕЦ

**Каингеди**, некропола од доцноантичкото време. На 2 km северозападно од селото се среќаваат тегули од гробови со конструкции „на две води“, како и камени плочи од гробови – цисти. (М.И.)

**Кале**, опидум од доцноантичкото време. Источно од процепот на Челевечка Река и северно од Вардар има висок гребен од варовник со многу стрмни, вертикално засечени падини, на кој се протегаат остатоци од одбранбен бедем со должина од 700 m кој затвора три целости. Во самиот акропол, на површината се забележува множество од разновиден археолошки материјал. Најдени се и бронзени монети.
Микулчиќ Г., 1987, 186. (Г.М.)

**Керамитчето**, средновековна населба. На левиот брег на Вардар, по површините на нивите има фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (М.И.)

**Пештерата**, утврдена населба од доцноантичкото време. На десниот брег на Челевечка Река, високо на ридот Камен, кој лежи северозападно од селото, се наоѓаат остатоци од утврдена населба. На површината има фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (М.И.)

## 29. ЧИФЛИК

**Грамаѓе**, рудник од римското време – експлоатација на злато.
Vuli} N., 1938a, 9. (Д.Г.)
**Илинов Рид**, населба од римското време. Се наоѓа на околу 2 km југоисточно од селото и претставува планинска месност. На простор од околу 300 x 300 m има градежен материјал и голем број фрагменти од керамички садови, со хронолошки распон од почетокот до крајот на римското време.
Керамидчиев А., 1961, 113. (Д.Г.)

**Оризарски Гробишта – Воденица**, некропола од римското време. На јужната периферија од селото се откриени повеќе гробови со богати гробни прилози, како и надгробни стели.
Vuli} N., 1938a, 7; Вучковић Тодоровић Д., 1961, 243; Mikul~i} I., TIR, 31. (Д.Г.)

**Оризарско Поле – Старо Село – Модра Стена – Бесвичко Поле**, населба од римското време. На источната периферија на селото, во просторот на набroените локации, кои зафаќаат површина од неколку хектари, како и во самото село, има остатоци од поголема населба. Констатирани се темели од големи и мали објекти од кои со орањето биле откриени столбови, капители и друг конструктивен материјал од мермер, како и римски вази. Дел од овие масивни наоди се пренесени во кругот на болницата во Демир Капија. Во 1954 година во самото село се откриени остатоци од темели на четвртест објект со зачувана бања со хипокауст. Кај денешната црква се најдени споменици со натписи меѓу кои и еден на кој се споменува името Јуменион. Откриени се и остатоци од темели на поголема вила. Крај патот за Демир Капија исто така има остатоци од населба, и тоа од II-III век. Најдено е и депо на римски денари од I-III век.
Папазоглу Ф., 1957, 242; Вучковић Тодоровић Д., 1961, 241-243; Mikul~i} I., TIR, 31. (М.И.)

# XX. ОХРИД


1. Арбиново ... 238
2. Белчишта ... 238
3. Ботун ... 239
4. Брежани ... 239
5. Вапила ... 239
6. Велгошти ... 239
7. Велестово ... 240
8. Велмеј ... 241
9. Волино ... 244
10. Врбјани ... 244
11. Годивје ... 244
12. Горенци ... 245
13. Горно Лакочереј ... 246
14. Горно Средорече ... 247
15. Долно Лакочереј ... 247
16. Елшани ... 247
17. Злести ... 248
18. Издеглавје ... 248
19. Коњско ... 248
20. Косел ... 249
21. Куратица ... 249
22. Лактиње ... 249
23. Лескоец ... 250
24. Лешани ... 250
25. Ливоишта ... 251
26. Љубаништа ... 251
27. Мешеишта ... 252
28. Мраморец ... 253
29. Ново Село ... 253
30. Оздолени ... 253
31. Опеница ... 253
32. Орман ... 254
33. Оровник ... 254
34. Охрид ... 255
35. Песочани ... 273
36. Пештани ... 274
37. Плаќе ... 274
38. Подмолје ... 274
39. Рамне ... 274
40. Расино ... 275
41. Речица ... 275
42. Свиништа ... 276
43. Сирула ... 276
44. Скребатно ... 276
45. Слатино ... 276
46. Сливово ... 277
47. Сошани ... 277
48. Требеништа ... 277
49. Трпејца ... 278
50. Турје ... 279
51. Црвена Вода ... 279
52. Шипокно ... 279


## 1. АРБИНОВО

**Добра Вода**, црква од старохристијанското време. Се наоѓа на околу 1 km југозападно од селото. Во 1935/1936 година случајно се откриени темели од поголема сакрална градба. По површината се забележуваат многубројни фрагменти од градбена керамика. (В.М., П.К.)

## 2. БЕЛЧИШТА

**Катуништа (Косарко Нива)**, средновековна населба и црква со некропола. На околу 2 km североисточно од селото, кон планината Сини Вирој, при обработувањето на земјиштето биле откривани остатоци од градби ѕидани од камен и кал, огништа, железни предмети – орудија и др. Во нивата на Б. Јованоски од истото село се откриени остатоци од мала еднокорабна црква со полукружна апсида градена од камен, бигор, тули и варов малтер. Во внатрешноста на градбата се најдени и гробови градени од камени плочи, без гробни прилози.
Маленко В., 1983, 137; Кузман П., Маленко В., 1992, 91. (В.М., П.К.)

**Св. Атанасија**, средновековна црква. На околу 1 km источно од селото, јужно од патот Белчишта-Средорече и десно од коритото на Белчишка Река се забележуваат урнатини од мала еднокорабна црква.

Според површинските остатоци, била градена од камен, бигор, тули и варов малтер, а според резултатите од една мала археолошка интервенција (1988 год.) и откривањето на фрагменти од живопис, внатрешноста на црквата била живописана.
Маленко В., 1983, 136; Кузман П., Маленко В., 1992, 90. (В.М., П.К.)

**Св. Василиј**, црква од развиеното средновековие. Се наоѓа на околу 1 km источно од селото, северно од патот Белчишта-Средорече и во непосредната близина (200-300 m) на локалитетите Св. Атанасија и Св. Јован. На просторот обраснат со бујна вегетација се забележуваат урнатини и остатоци од мала црковна градба со крстообразна основа. Меѓу вообичаениот градежен материјал доминира бигорот. Овој локалитет, заедно со споменатите два, е најверојатно интегрален дел од топонимот „Селиште“, можеби поголема средновековна рурална населба од која по површината, сега засадена со житни и други земјоделски култури, не се забележуваат никакви археолошки показатели.
Маленко В., 1983, 136-137; Кузман П., Маленко В., 1992, 90. (В.М., П.К.)

**Св. Јован (Кај Смрекана)**, средновековна црква и некропола. На највисоката падина од каменитиот рид Орешка Краста, која лежи на околу 1,2 km источно од селото и 200 m североисточно од локалитетот Св. Атанасија, се забележуваат урнатини од мала еднокорабна црква градена од камен, бигор, тули и варов малтер. Околу црквата има гробни конструкции од камени плочи, со ориентација исток-запад.
Маленко В., 1983, 136; Кузман П., Маленко В., 1992, 90. (В.М., П.К.)

## 3. БОТУН

**Задел**, населба со некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа во селото, на околу 500 m северозападно од куќата на С. Мицески. Во дворот од куќата, како и на просторот во непосредната околина, при изведбата на разни земјени работи се откривани фрагменти од керамички садови, бронзени фибули од типот „Т“ и др. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

**Манастирче**, црква од раниот среден век. На брегот на околу 1 km западно од селото, на патот за Бела Вода, лежат урнатини од сакрална градба. Според околностите, може да се работи за црква со трихонхална архитектонска основа.
Кузман П., Маленко В., 1992, 90. (В.М., П.К.)

**Св. Богородица**, средновековна црква. На една падина во подножјето на планината, оддалечена 2 km југозападно од селото, десно од реката Сатеска и од патот Кичево-Охрид се забележуваат остатоци од еднокорабна црквичка. Остатоците се потврдени во 1990 година, при интервенциите за нејзиното обновување.
Кузман П., Маленко В., 1992, 90. (В.М., П.К.)

## 4. БРЕЖАНИ

**Брежанско Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. Се издига на околу 2 km воздушна линија југозападно од селото. На зарамнетиот шумски терен, со надморска височина од 1.279 m, се забележуваат остатоци од бедем што се протега во правец исток-запад (девијација југоисток-северозапад) граден од камен со средни димензии и варов малтер. (В.М., П.К.)

**Во селото**, населба од неолитското време. Во селото, близу до селската црква се најдени ножиња од кремен и една камена секира, што иницира постоење на населба. (В.М., П.К.)

**Градиште – Кула**, населба од железното и хеленистичкото време. На околу 2 km источно од селото, на падините на Плаќенска Планина, на пат за селото Плаќе се наоѓа зарамнето плато оградено со тврдински ѕидови во сувоѕидица од кршен камен. Градиштето има одлична стратегиска позиција, со поглед кон Средорече. На површината се наоѓаат фрагменти од керамички садови. (В.Б.Г.)
**Широко Гариште**, топилница од римското време. На 3 km јужно од селото, на висока тераса што лежи на левиот брег на Плацка Река, во нивите на П. Стојаноски и Р. Танески се среќаваат голем број остатоци (згура) од топена железна руда. (А.К.)

## 5. ВАПИЛА

**Манастириште**, средновековна црква. На 2,5 km северозападно од селото, на падините од планинскиот предел Широк Камен се гледаат остатоци од разурната црква. (В.М., П.К.)

**Умалиште**, депо на монети од римското време. На левата страна на долината што лежи во подножјето на планината Умалиште, оддалечена околу 1,5 km југозападно од селото, а 700-800 m југозападно од Ливоишка Река, случајно е откриено депо на римски монети. Тоа иницира можност на овој простор да бил сместен логор. (В.М., П.К.)

## 6. ВЕЛГОШТИ

**Зад Кула**, средновековна населба. На околу 400 m источно од Кале, до самиот пат Охрид-Велгошти-Ресен има мала висорамнина на која се среќаваат основи од градби. Во пошумениот северен дел се гледа една четвртеста градба со димензии од 18 x 18 m, чии ѕидови се широки 1,70 m. (В.М., П.К.)

**Кале**, тврдина од доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на источниот крај на Петринско Поле, непосредно до патот Охрид-Велгошти-Ресен, на превојот на планината Петрино. Претставува висок доминантен рид со зарамнет врв на кој има остатоци од утврдување, со површина од 100 m (север-југ) и 30 m (исток-запад). Ѕидовите се широки 1,25 m, ѕидани од кршен камен и хидростатичен малтер. Надвор од бедемот има два широки рова на растојание од 10 до 15 m. Во внатрешноста на тврдината се забележуваат темели на ѕидови од повеќе објекти градени од камен и варов малтер, а во западниот крај има објект со ѕид зачуван 2 m во височина. Освен остатоци од архитектура, на површината има фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, питоси и расфрлен градежен материјал. Се претпоставува дека на ова место била станицата Brucida, подигната покрај патот Via Egnatia.
Папазоглу Ф., 1957, 195; Josifovska Dragojevi} B., TIR, 30. (В.М., П.К.)

**Котелица – Св. Никола**, средновековна црква и некропола. На седлестиот дел на ридот Олмец, помеѓу високиот рид Кутлишта и источната падина што продолжува кон Петринска Планина, има црквичка посветена на Св. Никола, изградена врз темелите на постара црква. Околу црквата има некропола делумно уништена со обработувањето на земјата. (В.М., П.К.)

**Мантица – Бозоица**, средновековна црква и некропола. На околу 800 m североисточно од селото, лево од патот што води кон Петрино и Ресен, во близината на црквата Св. Илија има мала капела посветена на св. Илија. Источно од капелата биле откриени 3 гроба градени од камени плочи, со ориентација исток-запад, за кои се претпоставува дека се дел од раносредновековна некропола. Во еден од гробовите е најдена сребрена обетка која денес се чува во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1957, 81; Лахтов В., 1961, 37. (В.М., П.К.)

**На Лазој**, некропола од римското време. На околу 500 m југоисточно од селото, лево од патот за селото Рамне, во нивата на Трајан Костески биле откриени 9 гроба, осум градени од големи тегули „на две води“, еден ѕидан од камен.
Mikul~i} I., TIR, 130. (В.М., П.К.)

**Олмец – Кулиште**, утврдена населба од железното време. Југоисточно од селото и источно од манастирската црква Св. Петка се издига висок рид кој е дел од Петринска Планина. На јужната, северната и западната страна се спушта кон Велгошко Поле. На зарамнетиот простор на врвот има остатоци од четвртеста кула-набљудувачница, со надворешни димензии од 10 x 10 m, од која се зачувани северниот и јужниот ѕид, широки во основата по 1 m. По површината на теренот се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 130. (В.М., П.К.)

**Св. Димитрија**, средновековна црква. На околу 500 m југозападно од селото, десно од патот за Охрид има мала капела со икона на св. Димитрија. Според преданијата, на ова место некогаш имало стара црква посветена на истиот светец. (В.М., П.К.)

**Св. Илија**, средновековна црква и некропола. На зарамнета тераса лево од патот за селото Петрино, оддалечена 1 km североисточно од селото, се наоѓа црквата Св. Илија подигната во 1937 година врз темелите на постара црква. Непосредно околу неа се гледаат конструкции од гробови. При изградбата на селскиот водовод биле откриени гробови од камени плочи. (В.М., П.К.)

**Турски Гробишта**, средновековна некропола. При изградбата на куќите на жителите Петруш Мургоски, Андреја Крлески, Кире Ртулоски и Трајан Кочески биле откриени гробови градени од камени плочи. На 200-300 m источно од ова место се наоѓа локалитетот Џамија – Стара Св. Петка. (В.М., П.К.)

**Чурила**, средновековна некропола. Во лозјата што се наоѓаат во непосредната близина на селото, од северозападната страна, во 1950 година С. Ѓоршески открил гроб во кој имало монети. (В.М., П.К.)

**Џамијата**, средновековна црква. Во просторот на долниот дел од селото, јужно од Светапеткина Река, според кажувањето на свештеникот Л. Трпеноски, постоела црква што била урната од Турците и претворена во џамија. Едно крило од царските двери на црквата било зачувано и денес се наоѓа во манастирската црква Св. Петка во близината на селото. (В.М., П.К.)

## 7. ВЕЛЕСТОВО

**Богородица Пречиста**, средновековна црква и некропола. Во југоисточниот дел на селото, веднаш зад продавницата се наоѓа еднокорабна црква изградена на почетокот на XV век, која и денес се користи. Околу неа се денешните гробишта. На истиот простор се и гробовите од старата некропола, која полека исчезнува поради копањето на нови гробови.
Николовски А., Ќорнаков Д., Балабанов К., 1961, 211-212; Суботић Г., 1980, 61-69. (В.М., П.К.)

**Велестово**, депо на монети. Во Заводот и музеј во Охрид се чуваат 510 бакарни скифати од XII-XIII век, случајно откриени. (J.К.)

**Кромидишта**, средновековна црква и некропола. На зарамнета површина што лежи на 100 m лево од патот Охрид-Св. Наум, на јужната падина од долината

се раскопани темели од мала еднокорабна црква, и тоа од страна на диви копачи. Западно од неа се распознаваат и гробовите од некрополата. (В.М., П.К.)

**Рача**, населба од доцноантичкото време и средновековна некропола. Се наоѓа на 2 km југоисточно од Охрид, лево од патот за Св. Наум, во долината што се протега кон исток, во правецот на селото Велестово. Овде, во бавчата на Симон Земески се откриени остатоци од градба ѕидана од кршен камен и варов малтер, а по површината има фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. Во источниот крај на локалитетот, со обработувањето на земјата селанецот Петар Ралев открил гробови градени од камени плочи, во кои нашол коски и неколку монети. (В.М., П.К.)

**Селиште**, средновековна црква и некропола. На околу 1,5 km југоисточно од селото има зарамнета површина од околу 15 хектара. На нејзиниот северен крај, од диви копачи – трагачи по злато, случајно се откриени темели на стара црква градена од камен и варов малтер, а околу неа стари гробови. (В.М., П.К.)

**Стара Рача**, средновековна црква. Во непосредната близина на селото, од западната страна, каде што почнува да се формира потокот-суводолица Рача, се гледаат остатоци од темели на мала црква која, според кажувањето на жителите, била посветена на Благовец. (В.М., П.К.)

## 8. ВЕЛМЕЈ

**Бучишта**, населба со некропола од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. Се наоѓа на околу 3 km северозападно од селото, на просторот во близината на крстосницата од меѓуселските патишта Горно Велмеј-Горно Средорече-Оздолени. Претставува издолжена тераса која кон запад постепено се спушта кон Средоречко Поле. Северозападно од оваа позиција на локалитетот се издига планината Зластрана, северно е Пашина Горица, а источно врвот Попски Лазој. По површината се среќаваат купишта камења, фрагменти од градбена керамика и керамички садови од античкото и доцноантичкото време, па и од раниот среден век. По средината на теренот, во правец североисток-југозапад, од поројниците е создаден трап во кој и денес се забележуваат остатоци од ѕидови кои формираат четвртеста просторија (дел од терми, хипокауст – според В. Лахтов) и многуброен керамички градбен материјал (тули со дебелина до 5 cm). Околу 20 m јужно од оваа просторија, во трапот се забележуваат остатоци од уште еден ѕид во правец исток-запад. На околу 100 m источно од трапот се наоѓа мало бунарче – денес чешмиче во чија близина, северно, на просторот од нивата на Велјан Нечески од истото село е регистрирана некропола. Гробови со ориентација север-југ се регистрирани и во нивите на сожителот Јонче Пашоски. Во еден од гробовите биле најдени железни предмети (клешти, длета и др., според В. Лахтов). Во непосредната близина се наоѓа и месноста Црница каде што на просторот од нивата на Војне Николоски се констатирани урнатини од старохристијанска црковна градба со поголеми димензии. Сето тоа зборува за моќна доцноантичка населба со значајни јавни и сакрални градби. (В.М., П.К.)

**Велмешко Градиште**, утврдена населба од бронзеното време. Се наоѓа на 1,8 km воздушна линија североисточно од селото, на неколку стотици метри јужно од Селце. Односниот простор има два рида со седлест дел меѓу нив, со надморска височина од 1.294 m. На западната страна се забележуваат остатоци од тврдинска сувоѕидица во должина од 70-80 m. Површински наоди недостигаат најверојатно поради големата обраснатост со вегетација. (В.М., П.К.)

**Вишин Дол**, утврдена населба и топилница од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото има висок рид со зарамнет врв на кој се зачувани остатоци од темели на бедем, а на површината има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Во подножјето на ридот, во нивата на М. Неделкоски, освен фрагменти од керамика, се среќава и згура од топена железна руда. (А.К.)

**Гладница**, населба од доцноантичкото време. На околу 2 km источно од селото, лево од патот за селото Брежани, по површината на самиот Гладнички трап се среќаваат камења кои служеле за градење. Западно од трапот, на просторот од Илоски нивје се забележуваат две издолжени грамади од камења (должина околу 30 m и ширина околу 3-4 m) со присуство на фрагменти од градбена керамика. При обработувањето на земјата биле откривани бронзени и железни предмети и монети од доцноантичкиот период. (В.М., П.К.)

**Горица**, населба од развиеното средновековие. Се наоѓа на околу 2 km западно од селото, на потегот меѓу Гркополе и Велмеј. Ова е всушност најсеверната од трите „горици“ – тумби што се протегаат на овој простор. Најсеверната има зарамнет врв кој, според остатоците на групации камења по рабовите, сигурно бил утврден во форма на неправилен круг со пречник од околу 50 m. По површината наместа се среќаваат фрагменти од средновековни керамички садови. (В.М., П.К.)

**Горни Јаворец**, топилница од доцноантичкото време. На 4 km источно од селото, во ливадата на Ј. Темјановски, која лежи на десниот брег на реката Јаворец, се забележуваат остатоци од топена железна руда. (А.К.)

**Горнополско Градиште**, утврдена населба од раниот среден век. На околу 2,5 km воздушна линија југоисточно од селото, лево од меѓуселскиот пат Велмеј-Брежани и западно од Јаоречка Долина има висок рид со надморска височина од 1018 m. На зарамнетиот врв на ридот се гледаат остатоци од бедем (особено на северната и источната страна) граден од камен и варов малтер, широк 1,25 m, а во внатрешноста има остатоци од основи на градби и растурен градежен материјал. Во североисточниот дел од градиштето се раскопани остатоци од христијански сакрален објект со димензии од 9,50 x 5,50 m. Во близината се забележува и една четвртеста просторија (резервоар за вода?) изделкана во карпа, со димензии од 3,5 x 3,5 m. По целиот простор од градиштето и по стрмните источни и јужни падини се среќаваат фрагменти од средновековна керамика, тули и покривни ќерамиди. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1957, 83; Лахтов В., 1961, 52; Почуча Кузман Н., 1988, 142; Кузман П., Маленко В., 1992, 92. (В.М., П.К.)

**Грамаѓе**, некропола од железното време. Се наоѓа на 1,5 km југоисточно од селото, во југоисточното подножје на Пејков Рид, лево од меѓуселскиот пат Велмеј-Брежани за околу 800 m, а од десната страна на Суви Дол. Во нивата на Серафим и Јордан Божиноски е констатирана некропола. При обработувањето биле откривани групации на камења и фрагментирана керамика, кои се депонирани по западниот раб на Суви Дол и западната меѓа на нивата каде што и денес можат да се забележат. Во близината на овој простор, во нивата на Петре и Чедомир Илчески бил откриен гроб со конструкција од бигорни плочи, во кој била најдена тока за ремен. (В.М., П.К.)

**Иванова Ливада – Икона**, раносредновековна црква и некропола. Во јужниот дел на именуваната нива, која лежи лево од патот Велмеј-Лешани, на 1 km југозападно од селото се наоѓа зарамнета височинка формирана од урнатини на црковна градба. На нејзината средина стои бигорна плоча со димензии: 1,37 x 0,745 (0,685) x 0,11 m. Во горниот дел е вдлабена полукружна ниша (0,23 x 0,18 x 0,03 m), покрај која лево и десно е вдлабен натпис во три реда со старословенски букви (во транскрипција: ПРИЛ... РИСТО ГОРГИО...). Своевремено плочата била дел од надгробна кострукција. Наоколу се забележуваат остатоци од основата на градбата.
Кузман П., Маленко В., 1992, 91. (В.М., П.К.)

**Икона – Блато**, раносредновековна некропола. Се наоѓа на 1,2 km југоисточно од селото, десно од меѓуселскиот пат Велмеј-Брежани, југоисточно од Кутлина. Претставува заоблена тумба, обрасната со борова шума, со зарамнето плато на чија средина стои исправена плоча од бигор со димензии од 1,75 x 0,80 x 0,20 m. На средината од плочата што е свртена кон запад има изделкан рамнокрак крст со должина и ширина од 0,23 m, а на другата, свртена кон исток, во горната половина има издлабена четвртеста ниша со димензии од 0,26 x 0,22 x 0,07 cm. Плочата овде е секундарно употребена, а сигурно била дел од гробна конструкција. Претпоставката е дека на тумбата всушност се протега некропола која веројатно била врзана за населбата на локалитетот Кутлина. (В.М., П.К.)

**Калуѓерица**, раносредновековна некропола. Се наоѓа северозападно од селото, на падините на ридот што се издига на околу 500 m над горниот пат за селото Средорече. Падините се оголени под атмосферското влијание, така што своевремено се забележувале гробови градени од бигорен камен. Некои од нив биле диво раскопани, а дел од наодите се откупени за Народниот музеј во Охрид. Јордан и Стефан Јолуш и Коле Габелоски во своите ниви при земјоделските работи наидувале на човечки коски, а други жители наоѓале археолошки материјал (монети и др.). (В.М., П.К.)

**Кутлина**, населба од неолитското, енеолитското, бронзеното и железното време и раносредновековна некропола. Се наоѓа 1 km југоисточно (повеќе јужно) од селото, десно од меѓуселскиот пат Велмеј -Брежани (40 km северно од Охрид). Претставува елипсовидна височинка – тумба, со правец на протегање исток-запад и е една од неколкуте тумби што се простираат југоисточно од селото. Околу нив има мочуришен терен со слаби извори на кисела вода, а јужно паралелно со нивното протегање тече Велмешко-средоречка Река. Тумбата Кутлина е речиси целосно раскопана заради експлоатација на травертин со кој обилува целиот терен, и покрај тоа што уште од 1953 година е ставена под Законот за заштита на спомениците на културата. Со теренска проспекција, рекогносцирања и микроистражувачки археолошки зафати е констатирано дека се работи за комплексен локалитет каде што се живеело и погребувало во времето на праисторијата и во раниот среден век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Пашиќ Р., 1957, 115; Лахтов В., 1957, 82; Лахтов В., 1961, 39. (В.М., П.К.)

**Манастириште**, средновековен сакрален комплекс. На околу 4 km воздушна линија источно од селото, околу 2 km североисточно од локалитетот Писан Камен и на околу 50 m лево од Јаоречка Река има зарамнет простор со димензии од 100 x 30 m. На средината се забележува грамада од камења со димензии од 20 x 10 m, а западната страна обилува со купишта камења кои иницираат постоење на урнат ограден ѕид. Околностите зборуваат за манастирски комплекс.
Кузман П., Маленко В., 1992, 92. (В.М., П.К.)

**Оџа Бавча**, раносредновековна некропола. Во северозападниот крај на селото, при копањето на теме-

ли за згради за селската задруга, во 1950 година биле откриени и уништени повеќе гробни конструкции со ориентација исток-запад. Учесниците во акцијата наоѓале стаклени белезици, бронзени прстени и др. (според В. Лахтов). Овие констатации се главно потврдени со површински белези и сведочења на повеќе жители од селото. (В.М., П.К.)

**Пашина Горица**, некропола од доцноантичкото време. Се издига северно од локалитетот Бучишта, северно од меѓуселскиот пат Гркополе-Оздолени, а десно од патот Средоречe-Сошани. На падината од горицата, спроти Бучишта, како и во профилот на трапот што поминува покрај нејзиното јужно подножје, се забележуваат остатоци од нарушени гробни конструкции. (В.М., П.К.)

**Петте Дабје**, некропола од римското и доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1 km југоисточно од селото, лево од меѓуселскиот пат Велмеј-Брежани, на простор кој формира блага падина, а целиот претворен во обработливиниви и лозја. Во нивата на Соте Галабоски при орањето се откриени повеќе археолошки предмети (железни ножеви, делови од узди, белезици, бронзени обетки, стаклени садови и керамички фрагменти) кои припаѓале на некропола со долг континуитет на егзистирање. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

**Пештера Јаорец**, засолниште од палеолитското време. Се наоѓа на околу 3,5 km воздушна линија источно од селото, десно од Јаоречка Река, во југозападното подножје на Илинска Планина. Влезот има калотест облик (ширина 5 m и висина 7 m). Внатрешноста се расчленува во ходници од кои првиот е долг околу 35 m. Со палеонтолошките истражувања се констатирани остатоци од 30 примероци на пештерска мечка (Ursus Spelaeus), со временска припадност на горниот плеистоцен. Според досегашните сознанија, се претпоставува дека најверојатно пештерата била населена од палеолитски ловци, а подоцна, во другите археолошки периоди, била користена како засолниште. Ова последново е констатирано врз основа на подебелите слоеви од пепел и фрагментирана керамика.
Гарески Р., 1970; Malez M., 1979, 411, 413; Кузман П., 1993, 15. (В.М., П.К.)

**Писан Камен**, некропола од железното време. Се наоѓа на околу 3,5 km југоисточно од селото, десно покрај Јаоречка Река и на околу 300 m јужно од локалитетот Пештера Јаорец. Врз основа на еден случаен наод – златна спирална белезица со завршоци во облик на змиски глави, од жител на селото Брежани, се претпоставува дека има траги од некропола. (В.М., П.К.)

**Попов Дол**, некропола од доцноантичкото време и раниот среден век. Се наоѓа на околу 300 m северозападно од селото, западно од локалитетот Калуѓерица, над горниот меѓуселски пат Велмеј-Средоречe. На западната страна на ридот (нива на Ило Пашоски, според В. Лахтов) биле откриени повеќе гробови градени од бигорен камен. По површината се среќаваат фрагменти од доцноантички и раносредновековни керамички садови. Овие гробови и гробовите од локалитетот Калуѓерица најверојатно ѝ припаѓаат на иста населба која би требало да се наоѓа во непосредната близина. (В.М., П.К.)

**Селиште Јаорец**, населба од развиениот и доцниот среден век. Се наоѓа на околу 3 km југоисточно од селото, заграден со местата со топонимите Бачилишта (исток), Јаоречка Река (запад), Козица (север) и долината Завој (југ). Зарамнетиот терен на ридестиот простор денес е запуштен и обраснат. На две места се забележуваат грамади од камења, а на едно место ѕид.
Кузман П., Маленко В., 1992, 92. (В.М., П.К.)

**Селце**, населба од развиеното средновековие. На просторот на превојот меѓу Велмешкото Градиште јужно и планината Близна северно, оддалечен 2 km воздушна линија североисточно од селото, се забележуваат повеќе грамади камења и урнатини од ѕидови. (В.М., П.К.)

**Скала**, раносредновековна населба и некропола. Претставува ритче оддалечено околу 5 km јужно од селото, кое се издига јужно од патот Лешани-Брежани. На падината северно и западно од овој пат се забележуваат групи од бигорни камења кои најверојатно претставуваат гробови. По површината има фрагментирана средновековна керамика и фрагменти од железна згура. Во северозападниот крај на долината Скала, на околу 100 m западно од споменатиот пат се забележуваат остатоци од растурена гробница со ориентација исток-запад, долга 3 m, широка 2 m и со ширина на зачуваниот ѕид 0,60 m. На околу 30-40 m источно од гробницата површината обилува со градбена и покривна керамика. Скала денес се идентификува и со локалитетот Српница. (В.М., П.К.)

**Скала**, топилница од доцноантичкото време. На една ниска тераса оддалечена околу 3 km источно од селото, во непосредната близина на изворот Суви Дол има големо количество згура од топена железна руда со хемиски состав: Fe 52,81. (А.К.)

**Средна Горица**, ранословенска некропола. Се наоѓа на 2,2 km западно од селото, на потегот меѓу Горно - Поле и Велмеј, на средната од трите „горици“ – тумби, што се протегаат на овој простор. Според В. Лахтов, по западната падина се забележувале остатоци од поголем број растурени гробни конструкции од бигорни камени плочи, со ориентација исток -запад. Од сопственикот на нивата (Злате Наумоски од Велмеј) во 1953 година било откупено керамичко сатче со временска припадност на доцната антика. При копањето на една мала контролна сонда во

1957 година В. Лахтов открил разурнат гроб и во него златен прстен. Денес просторот е обраснат со трева, а од гробните конструкции нема видливи траги.
Лахтов В., 1961, 53. (В.М., П.К.)

**Црквиште**, раносредновековна црква и некропола. Лежи во месноста Крапчин Дол, меѓу Огранџо Ливада и Алибеџица, десно од патот за селото Брежани, на околу 3,5 km воздушна линија југоисточно од селото. Овде веројатно била подигната црква која подоцна е пресечена со пороите на трапот што се спушта од месноста Слива. На левата страна од трапот се забележуваат поголеми камења во групи, а самиот простор изгледа како вештачки создадена тумбичка – грамада. Јужно од оваа грамада се забележуваат гробни конструкции од камени плочи и поситни камења. Во нивата на Давид Атанаскоски од Велмеј, недалеку југоисточно од овој простор е раскопан гроб и е откриена сребрена обетка од X -XII век. (В.М., П.К.)

**Шивлица**, раносредновековна црква. На околу 100 m северозападно од селото, северно од локалитетот Попов Дол, над горниот меѓуселски пат Велмеј-Средорече има пошумена ридеста падина на која се наоѓаат остатоци од урната црква. Се забележуваат купишта од градежен материјал, со правец на протегање север-југ (девијација североисток-југозапад), а со вкупни димензии од 20 x 6 m. Апсидалната ознака се наоѓа во источниот дел од јужната половина на урнатината. Ова најверојатно е во врска со населбата и гробиштата од Попов Дол и Калуѓерица.
Кузман П., Маленко В., 1992, 91. (В.М., П.К.)

## 9. ВОЛИНО

**Св. Климент**, некропола од римското време. Во северозападниот дел на селото, во дворот на Никола Спироски и во непосредната околина, на крајот на минатиот век биле откриени две надгробни плочи со грчки натписи, кои подоцна од страна на Н. Вулиќ биле пренесени во Археолошкиот музеј во Скопје. Во дворот на сопственикот се гледаат мермерни плочи, фрагменти од керамички садови, обработен бигор и друго. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид и во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, 255-256. (В.М., П.К.)

**Св. Никола**, средновековна црква и некропола. Денешната црква Св. Никола се наоѓа во југоисточниот дел на селото, на околу 60-70 m лево од патот за селото Требеништа. Според податоците на В. Лахтов, била изградена врз темели на постара црква (XIV век) околу која се простирала некропола. При копањето на дупки за правење на базен за фрлање на крстот, јужно од црквата бил откопан гроб од кој камењата и коските биле расфрлени по површината. (В.М., П.К.)

**Стари Гробишта**, раносредновековна некропола. Се наоѓа на североисточниот крај на селото, на почетокот од каналот на реката Сатеска. При вршење на ископи биле откривани и уништувани гробови со гробни прилози од бронза и стакло, меѓу кои имало и два прстена со временска припадност на XII век (според В. Лахтов). (В.М., П.К.)

## 10. ВРБЈАНИ

**Нивишта**, средновековна населба со некропола. Се наоѓа на околу 1 km северно од селото, на брегот југоисточно од денешната црква Св. Петка, и претставува простор со обработливи ниви. Наместа по површината се забележуваат фрагменти од керамички садови, а до неодамна постоеле и темели од станбени објекти. Сопствениците на нивите наоѓале разновидни предмети од железо и сребро. (В.М., П.К.)

**Црквиште – Петрчани**, средновековна црква со некропола. Се наоѓа на околу 3 km источно од селото. Во централниот и источниот крај на теренот се забележуваат гробни конструкции од поголеми камени плочи и остатоци од темели на мал црковен објект граден од кршен камен, бигор и малтер.
Кузман П., Маленко В., 1992, 95. (В.М., П.К.)

## 11. ГОДИВЈЕ

**Војо**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 5 km западно од селото, на местото каде што Годивска Река свртува кон југозапад. Месноста го носи називот Долно Војо и е обрасната со густа шума. По површината од двете страни на патот што води кон Горно Војо се забележуваат урнатини од градби, како и фрагменти од керамички садови. Според преданието, жителите од оваа населба го населиле селото Годивје. (В.М., П.К.)

**Горица**, средновековни цркви. Локалитетот – тумба, се наоѓа на околу 3 km југоисточно од селото и десно од меѓуселскиот пат Годивје-Сливово. Во централниот дел на зарамнетиот врв се забележуваат урнатини од две цркви. Според особеностите, едната е без можности за дефинирање на формата, но е постара, а другата, градена подоцна, има форма на еднокорабна градба со полукружна апсида. Во близината се забележуваат гробни конструкции со ориентација запад-исток. Според постарите жители од селото, црквите биле посветени на св. Вартоломеј.
Кузман П., Маленко В., 1992, 94. (В.М., П.К.)

**Кула**, опидум од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1,5 km југозападно од селото, на западниот доминантен врв од изолжениот рид што се протега јужно од селото, меѓу Годивска Река на север и ре-

ката Жмерница на југ. Споменатиот врв претстава утврдено место со остатоци од бедем граден од кршен камен и варов малтер. По површината се забележуваат фрагменти од градбена и садова керамика.
Mikul~i} I., TIR, 57; Mikul~i} I., 1986, 115. (В.М., П.К.)

**Св. Спас – Црквиште**, средновековна сакрална градба. На околу 1 km десно од патот за селото Врбјани постојат индиции што упатуваат на триконхална сакрална градба. На теренот доминираат високи многулетни дабје.
Кузман П., Маленко В., 1992, 94. (В.М., П.К.)

**Трумени Гумења**, средновековна црква. Се наоѓа на североисточниот крај од селото. На местото на основното училиште и во неговиот двор, при градењето на училиштето биле откриени остатоци од мала црквичка и повеќе гробни конструкции со ориентација исток-запад.
Кузман П., Маленко В., 1992, 94. (В.М., П.К.)
**Черенец**, населба од неолитското време. Тоа е тумба што се наоѓа околу 1 km источно од селото. По зарамнетата површина на врвот од тумбата се забележуваат фрагменти од куќен лепеж и од керамички садови, ножиња и други орудија од кремен.
Пашиќ Р., 1957, 115-121. (В.М., П.К.)

## 12. ГОРЕНЦИ

**Горенци**, вила рустика од римското време. На 1 km југозападно од селото и североисточно од некрополата Требеништа биле констатирани остатоци од градба со систем за затоплување.
Вулић Н., Сп. LXXVII, 89. (В.М., П.К.)

**Пуст Манастир**, раносредновековна црква. Се наоѓа околу 1 km источно од селото, на средината на западните височини на Вишовска Планина. На мало зарамнето плато се забележуваат остатоци од мала сакрална градба – групации на камења, бигор и фрагменти од покривни ќерамиди. Според преданието кај жителите, на овој простор се наоѓал голем манастирски комплекс уште пред доаѓањето на Турците. (В.М., П.К.)

**Тигари**, населба од римското време. На 1 km северно од селото, под патот што води за Требенишко Кале, во нивите на фамилиите Јајовски и Асеновски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (В.М., П.К.)

**Требеништа – Сува Чешма**, **Три Чељусти**, **Вртуљка**, некропола од железното време. На трите локации што лежат на околу 1,5 km јужно од селото Требеништа, а на околу 200 m источно од северниот крај на пистата на Охридскиот аеродром е откриен голем број гробови од т.н. некропола Требеништа. Со археолошките ископувања од 1918 година, па со прекин до 1972 година се откриени вкупно 56 гробни конструкции, меѓу кои првите 13 гроба се исклучително богати со многубројни прилози и се наречени „кнежевски“, а останатите имаат поскромен гробен инвентар и се назначени како „сиромашни“. Со најновите археолошки ископувања е констатирано дека во некрополата се вршени погребувања од крајот на VII до крајот на IV век или до крајот на III век пред н.е., со акцент на крајот на VI и на почетокот на V век пред н.е., од кога потек-

Требеништа – Сува Чешма – Три Чељусти – Вртуљка, с. Горенци. – Некропола од VII-IV век пред н.е.

нуваат „кнежевските“ гробови. Повеќе гробови биле откриени во текот на воените операции и при изградбата на патот Охрид-Кичево од страна на бугарските војници во пролетта на 1918 година, потоа при ископувањето во 1918 година под раководство на К. Шкорпил. Ископувањата од 1930 до 1934 година се под раководство на Н. Вулиќ, ископувањата во 1953/54 од страна на В. Лахтов и Ј. Кастелиц и во 1972 година под раководство на В. Маленко. Наодите од ископувањата се чуваат во Археолошкиот музеј во Софија, во Народниот музеј во Белград и во Заводот и музеј во Охрид.
Filow B., Schkorpil K., 1927; Васић М., 1928; Вулић Н., 1932; Вулић Н., Сп. LXXVI, 1-31; Филов Б., 1932/33, 365-370; Филов Б., 1934, 428; Вулић Н., Сп. XCVIII, 269; Koro{ec J., 1953, 91-101; Popovi} Lj., 1956; Лахтов В., Кастелиц Ј., 1957, 5-58; Маленко В., 1975, 133-153; Кузман П., 1985. (В.М., П.К.)

## 13. ГОРНО ЛАКОЧЕРЕЈ

**Горица**, населба и некропола од римското време. На тумбата што се спушта кон полето, оддалечена 500 m североисточно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен материјал и друго. Видливи се и темели од градби ѕидани од кршен камен и варов малтер. На западната страна на тумбата селаните откриле гробови градени од тегули – тип „на две води“. (В.М., П.К.)

**Полица**, средновековна населба. На 1 km северозападно од селото, на крајната тумба од месноста Ќерија, на зарамнето плато, порано обработувано а денес пошумено, се гледаат остатоци од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. По површината на платото се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (В.М., П.К.)

**Салоко Ливада**, средновековна некропола. Во нивата на Ѓоре, Никола и Пере Костоски, кои се на 250 m северно од селото и 800 m југозападно од локалитетот Горица, се откриени камени плочи од гробни конструкции, како и фрагменти од керамички садови. (В.М., П.К.)

**Ќерија – Долчиња**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km северозападно од селото има тумба што доминира над околината. Во нејзиниот средиштен дел има зарамнета површина на која К. Сандре-

ски со земјоделските работи открил темели од објекти. (В.М., П.К.)

## 14. ГОРНО СРЕДОРЕЧЕ

**Зластрана**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 500 m североисточно од селото, на простор кој претставува блага падина во јужното подножје на планината Зластрана, зафаќајќи го всушност северниот дел од Средоречко Поле кое е заградено со планински масиви. На површина од 3800 $m^2$ е констатирана населба од раниот неолит. Во 1988 година Заводот и музеј од Охрид извршил помали археолошки истражувања.
Пашиќ Р., 1957, 115; Кузман П., 1990, 35-50. (В.М., П.К.)

**Св. Богородица**, црква и некропола од развиеното средновековие. Се наоѓа на 500 m северно од селото. Селската црква, изградена во 1936 година, е подигната врз темелите од постара црковна градба. Околу неа се забележуваат средновековни гробни конструкции од камени плочи со ориентација исток-запад. (В.М., П.К.)

## 15. ДОЛНО ЛАКОЧЕРЕЈ

**Баник**, некропола од римското време. На падината во западниот дел на селото се откриени гробови со ориентација исток-запад. Во гробовите, според кажувањето, жителите наоѓале стаклени садови. (В.М., П.К.)

**Василички Гробишта**, раносредновековна некропола. Се наоѓа на околу 200-300 m северно од лакочерејското Градиште (на раскрсницата од старите меѓуселски патишта). На просторот се забележуваат поголеми камени плочи со ориентација исток-запад кои секако претставуваат словенски гробишта. (В.М., П.К.)

**Градиште**, населба од бронзеното време. На 2 km западно од селото има тумба со доминантна положба. На нејзиниот зарамнет дел, кој има елипсовиден облик, развлечен во правец исток-запад, при копањето на ровови се исфрлени на површината фрагменти од керамички садови и орудија од камен и коска.
Грбић М., 1954, 112. (В.М., П.К.)

**Дујгас**, населба од римското време. Во лозјето на Ј. Грозданоски, кое лежи на околу 100 m североисточно од селото, се откриени делови од хипокауст кои упатуваат на постоење на терми. Во лозјето на К. Маноски се откриени остатоци од градби, а по површината има грамади од камења, фрагменти од питоси и керамички садови. (В.М., П.К.)

**Лак – Предикамница**, населба од римското време. На влезот од селото, непосредно покрај патот Охрид-Долно Лакочереј, до мостот на Коселска Река случајно е откриена женска статуа од бел мермер, висока 0,80 m, која денес се чува во Музејот на Македонија во Скопје. Исто така, од овој локалитет потекнуваат мермерна база и мермерно стебло од столб кои се наоѓаат во дворот на селската црква Св. Недела.
Вулић Н., Сп. LXXI, 107, бр. 258. (В.М., П.К.)

Лак – Предикамница, с. Долно Лакочереј. – Девојче со гулаб, надгробна статуа од III век

**Св. Недела**, населба и некропола од римското време. Во непосредната близина на црквата, во бавчата на В. Тодороски се откриени ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. При копањето на темелите на црквата биле откриени повеќе гробови. На јужната фасада е вградена камена плоча со натпис.
Вулић Н., Сп. LXXI, 107, бр. 257. (В.М., П.К.)

## 16. ЕЛШАНИ

**Елшани**, некропола од доцноантичкото време. На 9 km од Охрид кон Св. Наум, од левата страна на патот, под селото, при копањето на каналот за водовод во нивата на Томе Павлески биле откриени по-

веќе гробови градени од тегули – тип „на две води“. (В.М., П.К.)

**Купејнца**, населба од доцноантичкото време. На 8,5 km од Охрид кон Св. Наум, од левата страна на патот, а југоисточно од автокампот Елешец, на локациите 31, 32 и 33 се констатирани архитектонски остатоци најверојатно од сакрален објект. Ѕидовите се градени од кршен камен и варов малтер. На површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички градежен материјал. (В.М., П.К.)

## 17. ЗЛЕСТИ

**Градиште**, населба од бронзеното време. На 2 km источно од селото има висок рид со доминантна положба на кој се среќаваат фрагменти од керамички садови, рачно изработени и со груба фактура. (В.М., П.К.)

**Св. Богородица Пречиста – Раштани**, старохристијанска базилика и средновековна црква со некропола. На околу 2 km југозападно од селото и на околу 400 m десно од патот кон селото Ботун има блага падина на која се гледаат урнатини од црква која жителите ја викаат Св. Богородица Пречиста. Црквата е триконхална, со нартекс и егзонартекс, како и со две помали простории – анекси, кои се наоѓаат северозападно од северната и југозападно од јужната конха. Најголемата должина на црквата е 17 m, а ширината 9 m. Градена е од кршен камен и варов малтер, на одделни места со тули. Ширината на ѕидовите изнесува 0,90 m, а најголемата зачуваност е 2 m, и тоа на северниот анекс. По ѕидовите во внатрешноста на црквата се сместени повеќе мермерни меноа, бази со орнаменти, фрагменти од столбови, мермерен праг, сите употребени како сполии. Меѓу нив има и една ара со натпис што е нечитлив. Овие податоци укажуваат дека оваа црква е подигната врз темели од старохристијанска базилика. Југозападно од неа се гледаат големи камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Коцо Д., 1966, 93; Миљковиќ Пепек П., 1985, 67. (В.М., П.К.)

**Св. Никола**, средновековна црква со некропола. Се наоѓа во селото, северно веднаш до црквата Св. Ѓорѓија. Денешната црква е изградена врз темели од постара градба, која му припаѓала на старото село Лески. Во непосредната близина, при изградбата на трансформатор се откриени поголеми камени плочи – гробни конструкции.
Кузман П., Маленко В., 1992, 81. (В.М., П.К.)

**Страишта**, утврдена населба од железното време. Се наоѓа на околу 700 m северозападно од селото. Претставува издолжен рид во положба североисток-југозапад, со надморска височина од 894 m. На врвот е зарамнет, а околу зарамнетото плато се забележуваат остатоци од сувоѕидица со ширина од 1,80 m која формира елипсовидно утврдување. По површината има фрагменти од праисториски керамички садови.
Маленко В., 1983, 135-136. (В.М., П.К.)

## 18. ИЗДЕГЛАВЈЕ

**Зглавиница – Старо Село**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа на околу 2 km северозападно од селото. Ја зафаќа падината на нискиот гребен што се спушта кон левиот брег на реката Сатеска. Во северозападниот дел се наоѓаат остатоците од двоконхалната црква Св. Никола, а во јужниот дел на локалитетот се протега некрополата. Во бугарската и во македонската литература се идентификува со Главеница, Светиклиментовото второ дејносно место.
Томовски К., 1954, 23; Миятев К., 1962, 5-6; Кузман П., Маленко В., 1992, 93. (В.М., П.К.)

**Манастириште**, средновековна црква. Се наоѓа во западниот дел на селото. На просторот се забележуваат урнатини од средновековна црква, градена од обработени и аморфни камења во комбинација со фрагменти од градбена керамика. Околностите зборуваат дека црквата била обновувана во доцниот среден век.
Грбић М., 1954, 124; Кузман П., Маленко В., 1992, 93. (В.М., П.К.)

**Св. Димитрија**, средновековна црква и некропола. Денешната црквичка Св. Димитрија се наоѓа на околу 3 km северозападно од селото, на десната страна на реката Сатеска. Подигната е во 1928 година врз темелите од постара црква од која во новата се употребени две меноа. Северно од црквата, а источно од денешните гробишта, се зачувани стари гробови.
Томовски К., 1954, 23; Кузман П., Маленко В., 1992, 81. (В.М., П.К.)

## 19. КОЊСКО

**Градиште**, утврдена населба од хеленистичкото време. На околу 1,5 km северозападно од селото, а источно од хотелот Метропол има доминантен висок рид со зарамнето плато на кое се забележуваат остатоци од тврдина. (В.М., П.К.)

**Мало Коњско**, средновековна населба. Во нивите што се наоѓаат на северниот крај на селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (В.М., П.К.)

## 20. КОСЕЛ

**Горна Горица**, средновековна некропола. Западно од селото, на границата со атарите на селата Вапила и Горно Лакочереј се наоѓаат нивите на М. Милевски од селото Вапила. Во 1959 година, при садењето на лозја се откриени повеќе гробови градени од камени плочи и со ориентација исток-запад. Во нив биле најдени стаклени белезици и други прилози кои се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1961а, 47. (В.М., П.К.)

**Градиште**, утврдена населба од бронзеното време. Североисточно од селото, над селските куќи, од десната страна на патот за Ресен се издига рид со зарамнет врв на кој по рабовите можат да се следат траги од утврдување. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура, рачно изработени.
Грбић М., 1954, 113. (В.М., П.К.)

**Св. Илија**, средновековна црква и некропола. Североисточно од селото, спроти коселското Градиште има мал рид на кој се наоѓа капела посветена на св. Илија. Била подигната врз темели од постар сакрален објект. Околу капелата има гробови од камени плочи со ориентација запад-исток. (В.М., П.К.)

**Св. Јован**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа североисточно од селото, на десниот брег на Коселска Река. При обработувањето на нивите биле откриени и растурени повеќе гробови, како и остатоци од градба. Најверојатно се работи за остатоци од црква по која локалитетот го носи името. Од гробовите потекнуваат три стаклени и една бронзена белезица, кои денес се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1957, 78-80; Лахтов В., 1961, 47; Бабиќ Б., 1974, 28, 46, 51. (В.М., П.К.)

**Сред село**, некропола од хеленистичкото време. На северозападниот дел од селото, во дворот и непосредно околу куќата на Климе Аполески биле откриени повеќе гробови со богати прилози. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1959, 43. (В.М., П.К.)

**Црквата**, средновековна некропола. Во центарот на селото, од десната страна на патот за Ресен, при изградбата на патот, на длабочина од 1 m биле откриени темели од станбени објекти со огништа. Бил најден и средновековен накит. (В.М., П.К.)

## 21. КУРАТИЦА

**Горно Село – Св. Богородица**, средновековна црква и некропола. На 1 km североисточно од селото, покрај патот за Мазатор има капела градена од камен и кал. Во непосредната близина се гледаат темели од стара еднокорабна црква и околу неа остатоци од камени плочи од гробови со ориентација исток -запад. (В.М., П.К.)

**Кулишта**, утврдена населба од доцноантичкото време. Помеѓу третиот и четвртиот километар покрај патот Прентов мост-Куратица се издига висок рид со зарамнет врв, издолжен во правец север-југ и со површина од 150 x 200 m. По рабовите на платото се забележуваат остатоци од темели на бедем граден од обработен и кршен камен врзан со варов малтер, а во неговата внатрешност темели од помали градби. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Според кажувањето на жителите, биле наоѓани монети кои на едната страна ги имале буквите „М“ и „К“. (В.М., П.К.)

**Манастириште**, средновековна црква. На 2,5 km западно од селото се наоѓа мала тумба со зарамнет врв, со површина од 35 x 15 m, на кој се гледаат остатоци од сакрален објект. (В.М., П.К.)

**Трно Селиште – Аноите**, средновековна населба. На околу 2 km северозападно од селото има простор со површина од 200 x 80 m на кој има грамади од градежен материјал, а се забележуваат и темели од ѕидови градени од камен и варов малтер. (В.М., П.К.)

**Ќуле – Градиште**, средновековна кула. На зарамнетото плато од ридот што се издига источно од селото и североисточно од локалитетот Кулишта се гледаат остатоци од урнати ѕидови кои во основата формираат полукруг. Најверојатно станува збор за осамен утврден објект – кула за набљудување. (В.М., П.К.)

## 22. ЛАКТИЊЕ

**Градиште**, опидум од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 2 km јужно од селото и северно од патот што води кон планината Зајгазица. Се простира на зарамнета падина по чија површина се забележуваат остатоци од тврдински ѕид и фрагменти од градбена и садова керамика.
Mikul~i} I., 1986, 115. (В.М., П.К.)

**Манастир**, средновековна населба и црква. Се наоѓа на околу 8 km западно од селото и 3 km источно од Радомирска Река, преку врвот Славеј, на мала падина која денес е обрасната со густа вегетација. На просторот се забележуваат урнатини од градба – црква со крстовидна основа. Северно од овој простор, теренот упатува на постоење на мала населба.
Кузман П., Маленко В., 1992, 93-94. (В.М., П.К.)

**Мега**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 3 km југозападно од селото и лево од патот за планината Зајгазица. На просторот обраснат со шума се забележуваат урнатини од градби градени од камен и кал, фрагменти од керамички садови и згура од топено железо. (В.М., П.К.)

## 23. ЛЕСКОЕЦ

**Белио**, средновековна населба. На 1,5 km источно од селото, во нивата на семејството Бакрески се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и ѕидови од објекти. (В.М., П.К.)

**Горица**, населба од неолитското, бронзеното и доцноантичкото време и средновековна некропола. На околу 5 km североисточно од Охрид, од десната страна на патот за Ресен има мал рид со зарамнета површина од 500 x 150 m на која се среќаваат фрагменти од керамички садови со различна временска припадност. Со вадењето на камен варовник, од кој се пече вар, селаните откопале повеќе гробови во кои нашле накит од бронза. Во североисточниот крај на тумбата, биле откопани други гробови со конструкции од камени плочи, а во еден бил најден бронзен крст. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1961а, 57-62. (В.М., П.К.)

**Лелешница**, некропола од доцноантичкото време. На северозападниот крај на селото, во нивите и бавчите, а денес и варници, на длабочина од 1,5 m е откриен гроб граден од мермерни плочи. Во него имало два черепа и коски од долни екстремитети, а од прилози една мала бронзена монета. На овој простор мештанинот Наум Базгалоски нашол керамички сад – грне со три држалки. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

**Св. Никола**, средновековна црква и некропола. Во стариот дел на селото, во подножјето на планината Петрино е зачувана еднокорабна црквичка од XV век и околу неа некропола. (В.М., П.К.)

**Св. Петкина Нива**, некропола од римското време. На околу 3 km североисточно од селото, во непосредната близина на раскрсницата Лескоец-Стар Лескоец-Велгошти, со земјоделските работи селаните откопале и уништиле повеќе гробови. Во еден гроб биле најдени два керамички сада и една бронзена монета. Еден од садовите се чува во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

**Св. Спас – Вознесение**, средновековна црква и некропола. На североисточниот крај од старото село Лескоец, а на околу 3,5 km североисточно од Охрид има еднокорабна градба со правоаголна основа, пространа апсида и полукружен свод, подигната во 1426 година. Околу неа се простира некропола со гробови градени од камени плочи, со ориентација запад-исток.
Кораћ В., 1951, 217-220; Љубинковић Р., 1951, 193-216; Суботић Г., 1980, 93-104; Николовски А., Ќорнаков Д., Балабанов К., 1980, 275. Грозданов Ц., 1983; Грозданов Ц., 1990. (В.М., П.К.)

**Сред село**, населба од неолитското време. Во старото село Лескоец, кое денес е целосно напуштено, во 1954 година селанецот Димко Козалевски при орањето на нивата нашол поголема стрелка од кремен, која на задната страна била аглесто проширена. (В.М., П.К.)

## 24. ЛЕШАНИ

**Градиште**, утврдена населба од бронзеното време. Се наоѓа на 2 km (воздушна линија) североисточно од селото, на доминантниот потег од планината што се протега меѓу Лешани и Велмеј во правец североисток-југозапад. На зарамнетиот врв се забележуваат повеќе грамади од камен, како и остатоци од два ѕида терасесто поставени, кои формираат елипсовиден простор. На јужната страна од зарамнетото плато се забележуваат остатоци од ѕид со ширина од 1,70 m. Површината на теренот е карпеста како последица на излоканоста од атмосферските влијанија. Ретко се среќаваат фрагменти од керамика. (В.М., П.К.)

**Думејнчка Горица**, населба од неолитското време. Се наоѓа северозападно од селото, на околу 500-700 m југозападно од крстосницата Лешани-Велмеј-Гркополе. Претставува издолжен рид на чиј зарамнет седлест дел, на просторот од неколкуте ниви на жителите од селото има фрагменти од неолитска керамика. (В.М., П.К.)

**Св. Атанасиј**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа на околу 300 m северно над селото, на зарамнетото плато од ридот. На простор од 8 x 8 m се насира основа од сакрална градба. Јужно од овој простор се забележуваат поголеми камени плочи кои претставуваат средновековни словенски гробови. На средината на просторот денес стои обележје „икона“ изградена од камени плочи, најверојатно извадени од гробните конструкции.
Кузман П., Маленко В., 1992, 91. (В.М., П.К.)

**Св. Богородица**, средновековна црква. Се наоѓа во југозападниот дел од селото. Оваа денешна мала еднокорабна црквичка е изградена врз темели од постара црква околу која се простирала некропола.
Кузман П., Маленко В., 1992, 81. (В.М., П.К.)

**Св. Петар**, раносредновековна црква и некропола. Се наоѓа на околу 100 m источно од селото, на северното подножје на планината Чуки. На зарамнетиот простор од ледината се наоѓаат урнатини од мала еднокорабна црква со тристрана апсида и две простории западно од апсидата. Вкупната должина изнесува 13 m, а ширината 6 m. Во олтарниот простор има иконостас од камени плочи на кои се врежани натписи со старомакедонски букви. Во средината од западниот ѕид се забележува влез во црквата, а сличен влез е забележлив и во средината од ѕи-

дот што ги дели двете простории од црквата. Ширината на ѕидовите изнесува 0,70 m. Западно и северно од остатоците на црквата се забележуваат четвртести конструкции од камени плочи што претставуваат гробови. Во 1975 година Заводот и музеј од Охрид извршил заштитно ископување.
Кузман П., Маленко В., 1992, 91. (В.М., П.К.)

**Сисвети**, средновековна црква и некропола. Манастирскиот комплекс Сисвети се наоѓа на околу 500 m југозападно од селото, на зарамнетиот рид што се протега во подножјето на поголемиот планински масив Јанчеица. Старата манастирска црква Сисвети (Сите Светци) претставува мал еднокорабен храм со повеќестрана апсида од надворешната страна, однатре живописан со фрески од XV век (1452 година). Ѕидовите на црквата со околу 1 m се наоѓаат вкопани во земјата. На површината на теренот, западно од градбата во продолжението, се забележува основа од ѕид. Постојат и индиции за гробови на просторот во непосредната околина.
Николовски А., Ќорнаков Д., Балабанов К., 1980, 276; Суботиќ Г., 1980, 69-75. (В.М., П.К.)

## 25. ЛИВОИШТА

**Старо Село – Црквиште**, средновековна црква и некропола. На околу 3 km северозападно од селото се гледаат остатоци од градба кои се простираат на површина од 20 x 20 m. Во источниот дел на урнатините, кои претставуваат грамада од камења, се забележува апсидална основа што индицира остатоци од сакрален објект. Југоисточно од овие урнатини, на зарамнет простор, при изградбата на патот биле откриени и растурени повеќе гробови. (В.М., П.К.)

## 26. ЉУБАНИШТА

**Бучила**, населба од неолитското време и некропола од римското време. Југозападно од манастирскиот комплекс Св. Наум, во непосредната близина на албанската караула, во просторот на воениот камп, подигнат во поново време, и на околу 20 m јужно од новата караула на АРМ е откриен ѕид од објект, а покрај него гробови градени од покрупни камења, со ориентација исток-запад. Од овој дел на локалитетот потекнува надгробен споменик – база од мермер со грчки натпис. Исто така, во непосредната близина биле откриени гробови без гробни конструкции и во нив најдени железни копја и керамички садови. Во близината на езерскиот брег се најдени фрагменти од неолитска керамика и орудија од камен и кремен (ножиња и стругалки). Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1956, 166-171. (В.М., П.К.)

**Градиште – Вилиците**, утврдена населба од хеленистичкото време. Во непосредната близина на македонско-албанската граница, на околу 3 km јужно од селото и 1 km од караулата на АРМ, на падините на планината Галичица се издига висок рид на кој има остатоци од утврдена населба. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и многуброен градежен материјал. (В.М., П.К.)

**Раица – Манастири**, старохристијанска базилика. На зарамнетата површина во западното подножје на ридот на која се наоѓа селото, по површината на бавчите се гледаат остатоци од урнатини на два објекта. Во 1971 година, од страна на Заводот и музеј во Охрид се извршени заштитни ископувања при што се откриени делови од темели на базилика (дел од апсидата, јужната конха, дел од ѕидот на нартексот и засводена гробница). (В.М., П.К.)

**Св. Атанасија**, некропола од римското време и средновековна црква. На околу 500 m југоисточно од манастирот Св. Наум во 1928-1930 година е изградена малата црквичка Св. Атанасија, врз темели од постара градба. Покрај неа случајно биле откриени и уништени гробови. Гробните прилози не се зачувани, со исклучок на еден бронзен сад кој денес се чува во Заводот и Музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

**Св. Богородица**, средновековна црква. На околу 500 m источно од манастирот Св. Наум, од северната страна на патот Љубаништа-Св. Наум се наоѓаат остатоци од црква со димензии од 20 x 15 m. На површината се среќаваат фрагменти од фрескоживопис. (В.М., П.К.)

**Св. Илија**, средновековна црква и некропола. На околу 3 km јужно од селото, во јужните делови под планината Галичица, а во непосредната близина на караулата Љубаништа се наоѓаат остатоци од стара црква. Околу неа биле откопани гробови. Од овој локалитет потекнува бронзен прстен со врежани човечки фигури на главата кој се чува во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1961, 50. (В.М., П.К.)

**Св. Наум**, средновековна црква. Под темелите на денешната црква Св. Наум, која се наоѓа на 30 km јужно од Охрид, на брегот на езерото и во близината на македонско-албанската граница, се констатирани остатоци од старата црква Св. Архангел Михаил со триконхална основа, што била подигната од Наум Охридски во 896 година. Оттука потекнуваат две бронзени белезици и две сребрени обетки кои се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Коцо Д., 1858, 56-80; Коцо Д., 1966, 91-100; Грозданов Ц., 1995. (В.М., П.К.)

**Св. Никола – Селски гробишта**, средновековна црква и некропола. Во северозападниот дел на селските гробишта се зачувани остатоци од сакрална градба која жителите ја викаат Св. Никола. Црквата зафаќа простор од 15 x 8 m. На источниот крај се гледа апсидата. Ѕидовите се малку подобро зачувани во олтарниот дел и се градени од кршен камен, бигор и

варов малтер. Околу црквата има гробови со конструкции од камени плочи. (В.М., П.К.)

**Св. Петка**, средновековна црква и некропола. Помеѓу изворот Св. Петка, што се наоѓа на западниот трап од езерцето формирано од изворските води на реката Дрим и источниот ограден ѕид од манастирот Св. Наум, покрај патот што води за караулата се наоѓала црквата Св. Петка и околу неа некропола. При изведувањето на земјоделските работи биле откриени гробови и во нив најдени керамички садови. (В.М., П.К.)

**Стара Колиба – Ќошот**, населба од римското време. Југозападно од селото, на просторот помеѓу реката Чарава и западната граница на овоштарникот на земјоделската задруга, на површина од околу 5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, множество градежен материјал, а се забележуваат и темели од објекти. (В.М., П.К.)

**Турски Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. Југозападно од селото, на просторот каде што се изградени новите викендички и во околината се среќаваат фрагменти од керамички садови и биле откриени гробови градени од големи тегули. Гробните прилози не се зачувани, со исклучок на една крстовидна фибула која се чува во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

## 27. МЕШЕИШТА

**Горно Поле**, населба од доцноантичкото време. Северно од селото, на западното подножје од ридот Св. Илија, се откриени темели од градби ѕидани од камен и варов малтер. Од овој локалитет потекнуваат железни алатки кои се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Кузман П., 1987, 26. (В.М., П.К.)

**Горно Црквиште – На Мартинец**, средновековна црква. Се наоѓа на мала ридска издаденост помеѓу Самаречки Дол (на север) и Мартинец (на југ), на околу 200 m источно од куќата на Д. Бујароски. На просторот прекопан со војнички ровови се наоѓаат остатоци од средновековна црква, кои се во форма на купишта камења, ѕидни форми, фрагменти од градежни тули и бигорен камен.
Кузман П., 1987, 27. (В.М., П.К.)

**Зад Лозја**, доцносредновековна населба. Се наоѓа на околу 1,2 km југозападно од селото и на 400 m северозападно од локалитетот Радеш, на просторот од патот Охрид-Кичево и околу него. Теренот обилува со многубројни фрагменти од керамика.
Кузман П., 1987, 27. (В.М., П.К.)

**Криви Загони – Лозишта**, некропола од доцноантичкото време. На околу 400 m западно од селото и од магистралниот пат Охрид-Кичево, на меѓата од нивите на Мицко и Јонче Тупанчески, при изведувањето на земјоделските работи биле откриени гробови градени од тегули – тип „на две води“. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Кузман П., 1987, 26. (В.М., П.К.)

**Редеш**, населба од доцноантичкото време. На околу 1,2 km јужно од селото со земјоделските работи селаните откриле повеќе питоси. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и градежен материјал.
Кузман П., 1987, 26. (В.М., П.К.)

**Св. Илија**, населба од железното време и средновековна црква. На 1 km североисточно од селото има висок рид кој доминира над околината. На врвот има зарамнето плато на кое се среќаваат фрагменти од керамички садови. На источниот крај од платото се наоѓа црквата Св. Илија подигната врз темели на постар сакрален објект од развиениот среден век.
Кузман П., 1987, 25. (В.М., П.К.)

**Селиште Ивани**, средновековна црква и некропола. На околу 4,5 km источно од селото, на јужниот брег на Иванин Дол, а на западниот крај на просторот ограден со борова шума, се гледаат остатоци од сакрална градба. Околу неа има масивни плочи од гробни конструкции.
Кузман П., 1987, 27. (В.М., П.К.)

**Црвени Брегови**, раносредновековна црква и некропола. Се наоѓа на околу 1,5 km северно од селото и на околу 500 m источно од патот Охрид-Кичево. Во 1933 година, при пошумувањето на ридскиот простор биле откривани питоси и човечки коски.
Кузман П., 1987, 26. (В.М., П.К.)

**Црква Св. Петар**, доцносредновековна црква и некропола. Се наоѓа во селскиот црковен простор. Црквата е изградена во 1902 година врз темели на постара црковна градба. Доказ за тоа се постојните стари гробови околу неа.
Кузман П., 1987, 27. (В.М., П.К.)

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа на околу 400 m јужно од последните куќи на селото и околу 800 m источно од патот Охрид-Кичево. Во просторот обраснат со вегетација се наоѓаат остатоци од еднокорабна црква со индиции за некропола јужно од неа.
Кузман П., 1987, 27. (В.М., П.К.)

**Чешмите – Магда**, населба и некропола од доцноантичкото време. Источно и југоисточно од двете селски чешми, во западната половина на селските гробишта и во непосредната близина на куќите на Богдан Крцкоски, Сидор Тупанчески и Димко Кос-

тоски, при копањето на темели во 1957 година биле откриени повеќе гробови градени од тегули – тип „на две води“. Исто така се откриени и остатоци од темели на објекти градени од кршен камен и варов малтер. На локалитетот се најдени монети, а денес по површината се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Кузман П., 1987, 25. (В.М., П.К.)

## 28. МРАМОРЕЦ

**Градиште – Кутлиња**, населба (рефугиум) од доцноантичкото време. Кутлиња е доминантен рид што се издига на околу 2 km југозападно од селото. Врвот му е зарамнет, а околу него се забележуваат остатоци од тврдински ѕид. Под врвот се простира зарамнета површина со две плитки котлинки една до друга, во правец југоисток-северозапад. По површината се забележуваат фрагменти од градбена и садова керамика.
Mikul~i} I., 1986, 115. (В.М., П.К.)

**Мрамор**, средновековна некропола. Се наоѓа на околу 2 km источно од селото. Просторот претставува седлест премин на патот кон селото Белица, Кичевско. На површината се забележуваат старословенски гробови градени од камени плочи и бигор. Најверојатно ѝ припаѓале на населбата во непосредната близина западно од нив, која денес го носи називот Селиште. (В.М., П.К.)

**Рупи**, топилница од доцноантичкото време. На 3 km југоисточно од селото, на една пространа падина високо во планинскиот предел се среќава множество згура од топена железна руда, фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 88. (А.К.)

## 29. НОВО СЕЛО

**Лаишта**, гробница од римското време. Се наоѓа на околу 2 km југозападно од селото и на околу 50 m од магистралниот пат Охрид-Кичево. Претставува елипсовидна тумба со правец на протегање југ-север. Во нејзиниот југоисточен дел случајно е откриен архитектонски објект поставен во правец исток -запад. Најверојатно претставува ѕидана гробница со сводеста конструкција. Ѕидовите се градени од тули и малтер во комбинација со бигорни камења. Внатрешниот дел од гробницата е малтерисан. Во источниот дел има отвор со димензии од 0,60 x 0,88 m. (В.М., П.К.)

**Црква**, средновековна црква со некропола. На околу 800 m десно од патот за селото Пом, на површината од просторот се забележуваат старословенски гробови. Конфигурацијата на теренот укажува на постоење на мала црква.
Кузман П., Маленко В., 1992, 92. (В.М., П.К.)

**Црква – Бело Гумно**, средновековна црква. Се наоѓа на околу 3 km северозападно од селото. Во северниот дел од просторот се забележуваат урнатини од градби меѓу кои најзабележливата е градена од поголеми блокови на кршен камен и е со ориентација исток-запад. Се претпоставува дека се работи за остатоци од црква.
Кузман П., Маленко В., 1992, 92. (В.М., П.К.)

## 30. ОЗДОЛЕНИ

**Селиште – На Брестон**, средновековна населба и некропола. Се наоѓа на околу 2 km западно од селото, меѓу селските патишта Оздолени-Издеглавје и Слатино-Издеглавје. На целиот простор од падината се забележуваат фрагментирана садова керамика и траги од старословенски гробишта. (В.М., П.К.)

## 31. ОПЕНИЦА

**Горно Село**, средновековна населба. Во нивите на североисточниот крај од селото се забележуваат грамади од кршен камен, како и фрагменти од керамички садови. Оттука потекнува еден бронзен прстен што се чува во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1961, 51; Бабиќ Б., 1974, 39. (В.М., П.К.)

**Лажиште – Вилипец**, населба од римското време. На 2 km северозападно од селото, лево од патот Охрид-Ресен има блага падина на која во нивата на Т. Груески се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Пред Втората светска војна била откопана ара со грчки натпис, на сите четири страни украсена со гирланди од лаврови листа обесени на овнешки глави, поставени на горниот дел од арата. Арата се наоѓа во селската црква Св. Никола.
Вулић Н., Сп. LXXV, 179. (В.М., П.К.)

**Мадем**, топилница од доцноантичкото време. На местото каде што Стари Дол се влева во Опеничка Река, на десниот брег под Прентов мост се наоѓаат остатоци од топена железна руда.
Mikul~i} I., TIR, 94. (А.К.)

**Релејца**, рударски јами од римското време. На околу 2 km источно од селото, во непосредната близина на патот што води за Прентов мост, во периодот 1927-1929 година е извршена експлоатација на рудникот за сребро, злато, бакар и никел. Во текот на работите биле откриени стари окна и во нив биле најдени рударски алатки и друга опрема, кои не се зачувани. По површината на теренот има фрагменти од керамички садови и питоси.
Lisi~ar P., 1953, 251; Mikul~i} I., TIR, 94. (В.М., П.К.)

**Старечки Дол**, рудник и топилница од римското време. Се наоѓаат северно од селото, на 14-тиот километар на патот Охрид-Ресен, на околу 150 m се-

верно од влезот во долот. На десниот брег се забележуваат рударски окна кои во периодот 1935-1938 година биле испитувани од страна на една англиска експедиција. Најдени се рударски алатки кои веројатно биле однесени во Англија. Подоцна, во 1952 година, се вршени истражувања и од страна на Геолошкиот завод на Македонија при што бил најден рударски чекан.
Lisi~ar P., 1953, 251. (В.М., П.К.)

**Требишки Рид**, средновековна населба и некропола. На околу 3 km северозападно од селото има зарамнет простор кој стрмно се спушта кон патот Охрид-Ресен. По површината се среќаваат грамади од градежен материјал, а во нивата на Миле Спироски биле откриени гробови со конструкција од камени плочи. Од овој локалитет потекнува една бронзена белезица што се чува во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1957, 80. (В.М., П.К.)

**Црвејнца**, населба од неолитското време, некропола од хеленистичкото време и средниот век. Се наоѓа северно од селото, на левата страна на патот Охрид-Ресен, на почетокот на 20-тиот километар, а во непосредната близина на Прентов мост. На почетокот на 1956 година, со работите на мостот, во брегот биле откриени гробови од хеленистичка и средновековна некропола. Во истата година Музејот од Охрид извршил сондажни, а во 1957-1959 систематски ископувања. Со овие работи биле откриени и истражени 143 гроба од кои 83 од хеленистичкото време и 60 од раниот среден век. Во долните слоеви се најдени фрагменти од керамички садови, орудија од кремен и коска кои упатуваат на траги од неолитска населба. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1957a, 144; Лахтов В., 1961, 40; Bitrakova V., 1967a, 383-392; Маленко В., 1985, 289; Bitrakova Grozdanova V., 1987, 53, 68-74. (В.М., П.К.)

## 32. ОРМАН

**Маалски Рид**, населба и некропола од римското време. Се наоѓа на околу 300 m југоисточно од селото, на повисок рид што се издига над Косечка Река. Ридот се протега во правец североисток-југозапад, во должина од 300-400 m. По површината на горниот дел се среќаваат голем број фрагменти од покривни ќерамиди и грамади од градежен материјал. Во нивата на Круме Станоески се откриени темели од објект ѕидан од кршен камен, тули и варов малтер. Во 1938 година биле откопани 4 гроба ѕидани од тули и варов малтер, а еден со мермерни плочи. Во нив биле најдени прстени, бронзени белезици, стаклени балсамарии, керамички садови, златен накит и друго, кои подоцна биле продадени на разни колекционери и установи. (В.М., П.К.)

**Орман**, населба од неолитското време и некропола од римското време. Лево од патот при влегувањето во селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен од неолитска населба. При копањето на темелите за куќата на Димитриј Трајаноски биле откриени и уништени повеќе гробови. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

**Чекоштина**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2 km западно од Охрид, во јужниот дел на ридот што лежи југозападно од селото. При изградбата на патот за селото и копањето на темели за викендичка биле откриени гробови од тегули – тип „на две води“. (В.М., П.К.)

## 33. ОРОВНИК

**Оровник**, населба и некропола од хеленистичкото и римското време. Во централниот дел на селото, западно од селската црква, во дворот на Трајан Секулоски се откриени темели од објекти ѕидани од камен и варов малтер, како и повеќе гробови градени, исто така, од кршен камен и варов малтер, а некои од тули. По површината се среќава множество фрагменти од керамички садови. Источно од црквата, во дворот на Крсте Митески, во 1962 година бил откриен гроб од камени плочи во кој се најдени бронзена монета од Аврелијан (275) и една мермерна птица со природна големина. Во источниот дел на селото, во дворното место на Бранко Мојсоски, при изградбата на гаража се откриени остатоци од римски терми, на кои во 1981 година се извршени археолошки истражувања. Северозападно од селото на неколку места се откриени керамички цевки од водовод кој водел кон термите. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

Оровник, с. Оровник. – Римски терми

**Под црквата**, некропола од железното време. Западно од селската црква, на просторот на куќата и дворот на Трајан Секулоски се откриени повеќе гробни конструкции од кршен камен, а некои од тули. По површината на дворот има фрагменти од керамички садови карактеристични за железното време. (В.М., П.К.)

**Тројани**, некропола од римското време. На околу 2,5 km источно од селото, во пазувите на Вишовска Планина, во јужното подножје на Тројанска Чука и непосредно покрај стариот пат за селото Долно Лакочереј се откриени повеќе гробови. (В.М., П.К.)

## 34. ОХРИД

**Античка фурна**, осамен наод од доцноантичкото време. На 5-тиот километар од левата страна на патот Охрид-Св. Наум е откриена фурна за печење тули. Има четвртеста форма и е составена од два дела. Горниот е четвртест и служел за поставување на непечени тули, а долниот е дводелен, со сводести окна што служеле за загревање на горниот дел. Фурната е случајно откриена во 1969 година, при изградбата на асфалтниот пат, а во 1972 година е конзервирана. (В.М., П.К.)

**Видобишта**, гробница од римското време. Се наоѓа во североисточното предградие на Охрид, на улицата „Марко Цепенков" бр. 140. Откриена е случајно, во 1979 година, а систематски е истражувана во 1990 и 1993 година. Гробницата е семејна, со сводеста конструкција, со комора и преткомора, а градена е од обработени камени блокови, кршен камен и бигор, тули и варов малтер. Целиот габарит на гробницата изнесува 12 x 8 m. Внатрешноста на комората е малтерисана, а во долните делови е обработена во штукатура и украсена со ромбоидни полиња. Во комората се констатирани вкупно 10 гробови поставени различно, а во преткомората 1 гроб поставен во правец исток-запад. Гробницата била делумно ограбена, а во преостанатите гробни целости е откриен богат археолошки материјал од злато, скапоцени камења, бронза, стакло и керамика. Карактеристиките на теренот и случајните наоди зборуваат и за други градби во непосредната близина на овој објект: вила рустика, терми, други гробници и др. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

**Горица**, некропола од римското време и средновековна црква со некропола. На полуостровот кој е дел од источниот брег на езерото, оддалечен околу 2 km југоисточно од градот, уште во 1925 година, при изградбата на касарните биле откриени ара со грчки натпис, темели од триконхална црква и некропола околу неа.
Вулић Н., Сп. LXXVII, 50-51; Коцо Д., 1966, 91-100.
(В.М., П.К.)

**Горно Трново**, населба од римското време. Се наоѓа во Охридско Поле, североисточно од градот, на околу 2 km североисточно од приградската населба „Радоица Новичиќ". При обработувањето на нивите и лозјата (особено во лозјето на Климе Млекарот од Охрид, според В. Лахтов) е откривана фрагментирана садова керамика (питоси и др.), како и купишта од камења и фрагменти од градбена керамика. Највероjатно се работи за помала населба. (В.М., П.К.)

**Гумништа – Инвалидско одморалиште**, населба и некропола од римското време. На 4 km од градот, десно од патот Охрид-Св. Наум и западно од пештерната црква Св. Стефан, при изградбата на хотелот се откриени остатоци од објект, огништа и фрагменти од керамички садови. Во текот на Втората светска војна биле откриени два гроба од тегули – тип „на две води". Денес по површината на нивите и лозјата се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (В.М., П.К.)

**Долно Трново**, населба од неолитското време. Се наоѓа непосредно до северното предградие на Охрид „Радоица Новичиќ", на околу 6 km северно од стариот дел на Охрид и Охридската крепост, северозападно од новите хотели на фабриката „ХТД". Во јужниот дел на теренот е констатирана населба подигната на мала висорамнина. Просторот е засаден со житни култури и лозја, а по површината обилува со фрагменти од куќен лепеж и фрагментирана садова керамика од времето на постариот неолит. Во 1987 година е извршено сондажно ископување. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Кузман П., Симоска Д., Китаноски Б., 1989, 38-39.
(В.М., П.К.)

**Козлук**, населба од римското време. Се наоѓа на 1 km западно од градот, во непосредната близина на крстосницата Охрид-Кичево-Скопје. Со заштитните археолошки истражувања во 1974, 1982 и 1983 година е откриена монументална градба – раскошна вила со терма. Објектот има три апсидални делови, повеќе големи простории и остатоци од хипокауст во северниот крај. Во повеќе простории се констатирани површини од подни мозаици. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Маленко В., 1976, 219; Маленко В., Кузман П., 1988.
(В.М., П.К.)

**Охрид – Lichnidos**, антички град (Λυχνιδός, Λιχνιτός, Lychnidus, Lygnidus, Lygnido). Бил формиран на ридот што се издига на североисточниот брег од Охридско Езеро. На урнатините на овој град се развил средновековниот Охрид, врз чии темели и покрај чии градби егзистира и современиот Охрид. Исключително поволната географска положба, заедно со останатите привлечни природни околности, овозможила континуиран живот на овој

простор, од времето на мугрите на човечката цивилизација, преку праисториските и историските епохи до денес. Ридот е всушност полуостров кој по својата конфигурација има два дела: едниот, повисокиот, го зафаќа западниот простор и го носи називот Горни Сарај и Високо Кале, а другиот, понискиот, го зафаќа источниот дел и го носи името Дебој. Меѓу нив е формирана долина, седлест премин кој благо се проширува и се спушта кон југ, до брегот на езерото.

Врз основа на досегашните археолошки сознанија и на законитостите што ги следат развојните процеси на старите населби, сега со сигурност можеме да констатираме дека на Горни Сарај, просторот од повисокиот дел од ридот, во внатрешноста од цитаделата на охридската тврдина, како и на терасите јужно и источно од овој дел, постоела населба уште од неолитскиот период која сигурно егзистирала континуирано во бронзеното и во железното време, од која се развиле градската населба и античкиот град Лихнидос. Оваа констатација директно ја потврдуваат подвижните археолошки наоди откривани при сондажните и систематските археолошки истражувања на овој терен, вршени во времето од 1952 година од страна на Народниот музеј и Заводот за заштита на спомениците на културата во Охрид.

Бидејќи се регистрирани и други населби од неолитското, бронзеното и железното време во поблиската и подалечната околина на овој рид, тоа значи дека оваа област била интензивно населувана уште од најраните времиња, при што не можела да биде незабележана исклучителната местоположба за населување и живеење на примамливиот простор на кој се развивале античката градска населба и градот Лихнидос. Недостигаат археолошки податоци за времето на настанокот на градот. При недостиг на такви директни археолошки поткрепи и пишани документи, улогата во тој поглед ја одиграле легендите. Настанокот на моќниот град се поврзува со легендата за Феничанецот Кадмо. Прогонет од Теба во Беотија, тој пребегал кај Енхелејците и таму, заедно со својата жена Хармонија, основал династија. Станува основач и на Лихнид, а името Λυχνιδός се доведува во врска со зборот Λυχνος што значи „светилка“ (според еден епиграм на Христодор од Египет, V-VI век).

Како најстаро население се посочуваат Бригијците (или Фригијците) и Енхелејците. Бригијците во историските извори се споменуваат како жители на повеќе места во Илирија и во Македонија. Кон крајот на VI век во јужноилирската територија, во внатрешноста, живеат Енхелејците како соседи на епирското племе Хаонците (според Хекатеј). Енхелејците највероајтно не биле Илири, според сведоштвата што се среќаваат кај историчарите Херодот и Аполодор. Аполодор, на пример, вели дека Кадмејците стигнале кај Енхелејците, кои биле во војна со Илирите. Илирите, во раните етапи на своето минато, биле само едно племе под тој назив, а Енхелејците веројатно биле нивни најблиски соседи, што подоцна довело до тоа да бидат опфатени со името на етничката група која изразито посилно се репродуцирала. Енхелејскиот елемент, според некои со тракиска провениенција, бил присутен на овој простор пред Илирите, според што е и логично основањето на градот Лихнидос од страна на овој етнички супстрат, во времето на праисториските хронолошки околности на овој дел од Балканскиот Полуостров. Со оваа констатација се доведува во врска и податокот на Полибиј (II век од н.е.) за постоењето на населбата Enchelanai близу до Охридско Езеро. Името на ова племе во грцизиран облик, ’Εγχελεις се поврзува со именката ’Εγχιλυς, што значи „јагула“ или змија, а кое пак се доведува во врска со богатството на Лихнидско Езеро со јагули, исто како и Копајско Езеро во Беотија, од каде што дошол Кадмо.

Во овој простор подоцна во изворите (Хекатеј) се споменуваат Сасаретите кои обично се идентификуваат со Дасаретите, во чии рамки главно влегле и ослабените Енхелејци.

Историските извори најнапред го споменуваат Лихнидско Езеро во еден податок на Диодор кој вели дека македонскиот крал Филип II, во времето на првата војна со Илирите во 358 година, по победата над Бардилис, ги поместил границите на својата држава на запад до Лихнидско Езеро. Значи, кон средината на IV век пред н.е. за прв пат се споменува Лихнидско Езеро, што не значи дека постоело езерото, а не постоел градот Лихнидос. Поновите археолошки истражувања, со својата тридимензионална уверливост, укажуваат на непобитниот факт за постоење на моќна населба кон крајот на IV век пред н.е. Оваа населба егзистирала сигурно на просторот на Горни Сарај со Високо Кале и во нивното источно подножје, зашто на локалитетот Дебој, зарамнето плато источно од Високо Кале, на пониский дел од ридот, во 1978 година е откриена голема и доста богата хеленистичко-римска некропола со временски распон на погребување од крајот на IV век пред н.е. до периодот на раното христијанство кога на еден дел од овој простор е подигната старохристијанска трикорабна базилика со раскошни мозаични подови. Над тој хоризонт беа констатирани и средновековни гробни конструкции, па и гробови од неодамнешната историја на градот, а сето тоа зборува дека оваа некропола всушност ја поткрепува целокупната историја од формирањето на предурбаната населба па сè до најновото време.

Пишаните извори понатаму велат дека во 335 година пред н.е. Александар Македонски ја потчинил цела Илирија, што значи дека Лихнидос и Лихнидската област останале во рамките на македонската држава.

Во втората половина на III век пред н.е. Лихнидската област највероајтно била во составот на македонската држава за што особено зборува го-

лемиот проток на археолошки податоци од македонско-хеленистичка провениенција. Тоа е времето кога Римјаните се појавуваат на балканската историска сцена. Римските легии во налетот против главниот непријател на Балканот, Македонија, навлегувале главно преку Јужна Илирија, со што овие територии биле зафатени во вителот на римско -македонските војни. Судбината на Лихнидската област незаобиколно е поврзана со овие настани. Во 217 година првпат се споменуваат Дасаретија и областа околу Лихнидско Езеро во контекст од кој произлегува дека Лихнидската област во тоа време не влегувала во рамките на дасаретската територија. Еден од судбинските настани се случил во 209 година пред н.е. кога македонскиот крал Филип V, кој се наоѓал во Тесалија, војувајќи против антимакедонската коалиција, добил вест дека *„некој Еропос го зазел Лихнидос откако го поткупил командантот на посадата на тврдината ...“* (Liv. XXVIII, 32, 9). Овој податок има двојно значење: градот Лихнидос првпат се споменува во изворите и градот Лихнидос бил утврден уште во III век пред н.е.

Во времето на римско-македонските војни градот главно е во рацете на римските конзули, а областите Дасаретија и Лихнитида (Лихнидската област) во разни околности имаат различни статуси. Изворите кажуваат дека во 199 година пред н.е. Лихнидос со сигурност паднал под римска власт. Во 197 година, по битката кај Киноскефале меѓу Римјаните и Македонците, градот му бил отстапен на римскиот сојузник, илирскиот крал Плеврат.

Во времето на Третата македонска војна (197-168) Лихнидос станува главна римска база во внатрешноста на Илирија. Во 170 година Лихнидос првпат се споменува во непосредна врска со Дасаретија и се нарекува „дасаретски“ (ad Luchnidum Dassaretiorum), кога римскиот војсководец Апиј Клавдиј со 12-илјадна војска логорил кај ова место за да може оттаму да го напаѓа пенестинскиот град Ускана. Овој податок кажува за тоа дека во римското време Лихнидос бил главен град на Дасаретија.

Последното споменување на Лихнидос во историските извори на претцарскиот римски период е од 168 година пред н.е., кога се наведува одлуката на римскиот сенат со која преторот Луциј Aниций треба да го наследи Апиј Клавдиј „во провинцијата Илирик кај Лихнид“ (in provinciam Illyricum circa Luchnidum). Овој податок кажува за тоа дека во тоа време Лихнидос бил седиште на римскиот претор во Илирик, во времето кога сè уште не била организирана цивилната власт. Во 148 година Македонија е претворена во провинција. Во рамките на таа провинција Дасаретија со Лихнитида го задржала својот статус на „слободна“ заедница.

Целиот овој период (III-II век), во кој Лихнидос е споменуван во античките извори, е осветлен од археолошки аспект со кој, покрај другото, и конечно е расчистена научната дилема за тоа каде точно се наоѓал овој познат антички град. Како што е веќе познато од литературата, накои научници позицијата на Лихнидос ја утврдувале на југозападното крајбрежје на Охридско Езеро (W.M. Leake), други сметале дека се наоѓа на половина пат меѓу

Охрид. – Дионис со менади и сатир, крај на I век пред н.е.

Охрид. – Кентауромахија, римско време

Охрид. – Портрет на момче, I век

Охрид. – Детаљ од гробница, III и IV век

Струга и Охрид (G. Zippel, M. Fluss), трети дека хеленистичкиот Лихнидос всушност е во рамките на „киклопските“ ѕидини кај Св. Еразмо (П. Лисичар), четврти кај селото Лин (Албанија) на западното крајбрежје на Охридско Езеро (G. Fiaccodori) итн. Дека денешниот Охрид лежи на стариот Лихнидос (хеленистичкиот и римскиот) се имаат определено поголем број проучувачи врз основа на разни претпоставки, околности и податоци. Така, на пример, J. Hahn таа констатација најмногу ја поткрепува со исклучително поволната географска положба; Th. Tafel врз основа на резултатите до кои дошол со исцрпната студија за Via Egnatia; L. Heuzey врз основа на всиданите епиграфски споменици во тврдината или најдени во внатрешноста на утврдениот простор; М. Димица врз основа на проучувањата на миљоказите од 217 година од новата ера на кои се појавува името на градот (откриени во Охрид и Струга); Ф. Папазоглу врз основа на широката анализа што произлегува од античките извори, епиграфските споменици и податоците што ги обезбедуваат итинерариумите; во поново време оваа констатација со прилози и археолошка граѓа ја поткрепуваат В. Битракова Грозданова, В. Маленко – П. Кузман и други.

Археолошките сознанија во поново време нудат сè почесто корекции на некои претпоставки што произлегуваат од еднострани проучувања од причина што и не можело да биде поинаку поради сиромаштвото со разнородна граѓа. Така, на пример, претпоставките и заклучоците за припадноста на Лихнидската област на илирското кралство во текот на III век, кои од своите анализи ги извлекува Ф. Папазоглу, веќе не се доволно убедливи зашто, според В. Битракова Грозданова, интензивното присуство на грчки производи и на монети на македонски владетели откривани во целиот регион, укажува и насочува кон поинаков заклучок.

Археолошките податоци сè уште скромно но доволно ги поткрепуваат речиси сите три фази од развојот на градската населба и градот Лихнидос, предурбаната фаза, протоурбаната фаза и урбаната фаза. Предурбаната населба би била сместена на западниот брег од Варош, на терасите од Горни Сарај и Високо Кале. Во протоурбаната фаза населбата се шири кон југ зафаќајќи го и просторот на Плаошник (Имарет) и кон исток до хеленистичката гробница од македонски тип на улицата „Браќа Миладиновци“. Со изградбата на античкиот театар кон крајот на хеленистичкиот период градот Лихнидос веќе влегува во урбаната фаза од својот развој (В. Битракова Грозданова). Според наведениот автор, „поголемиот дел од утврдувањето на градот во хеленистичкиот период се поклопува со ѕидините кои се обновувани во доцната антика на потегот северно од Високо Кале и Горни Сарај и на југозападната страна“.

Охрид. – Урбаниот развој на Лихнид (В.Б.Г., В.П.)

Во еден краток временски период меѓу Втората и Третата македонска војна (околу 170 година) градот Лихнидос со својата поширока регија се одделил од државата на Генциј и добил независен статус под римски протекторат. Археолошките податоци го потврдуваат тој краток период со ковањето на единствената позната лихнидска монета со претстава на македонски штит на аверсот и задниот дел на лаѓа со натпис Luchnidiôn на реверсот, што пак зборува за политичката припадност на Лихнидос на македонската држава во времето кога градот ковал сопствена пара (K. Regling).

Во доцнорепубликанскиот и раноцарскиот римски период Лихнидос, како и многу други провинциски градови, уживајќи го „римскиот мир“, бил исклучен од историските настани во царството. Во изворите не се споменува, освен патем, при описот на Via Egnatia од страна на Страбон и од страна на географот Птоломеј за тоа дека е дасаретски град. Тоа е всушност времето кога градот е во постојан подем во секој поглед. Бил составен дел на провинцијата Македонија. Исклучително поволна позиција за комуникација со целиот тогашен цивилизиран свет му овозможувала значајната римска патна магистрала Via Egnatia која го сврзувала овој град со западниот и источниот дел на Римското Царство.

Наспроти отсуството на податоци за Лихнидос во античките извори за овој период, евидентирани се и проучени поголем број епиграфски споменици со какви обилува централното градско подрачје, а во последново време драгоцени сознанија овозможуваат и другите археолошки откритија. Епиграфските споменици најдени во Охрид (освен во старохристијанските базилики, вградени како сполии во тврдината, во ѕидовите од црквата Св. Софија и на други места) не биле поставувани од името на лихниѓаните, туку од името на Дасаретите, што зборува за тоа дека Лихнидос навистина бил седиште на дасаретската заедница и на нејзините управни органи. Епиграфскиот материјал содржи податоци од различен карактер: надгробни споменици, почесни плочи, царски натписи и др., кои сите заедно всушност зборуваат за силната хеленизација на Лихнидос и Лихнидската област. Речиси сите се презентирани на грчки јазик, со исклучок на два милјоказа кои се на латински (освен делот со назначеното растојание кое е пак на грчки јазик), една посвета на Јупитер за спасување на царот Галиен и еден надгробен споменик на царски евокат – странец кого смртта го затекнала во Лихнидос. Воспоставената хеленска традиција зборува за тоа дека во тоа време градот имал автономен статус на град–полис и бил административен центар на Дасаретија со повисок степен на развиен градски живот во сите сфери. Некаде на почетокот на II век од новата ера е адаптиран театарот и приспособен за изведување на амфитеатрални игри и забави во римски стил. Веројатно јужно од него се изградени и ста-

дион, повеќе храмови и други јавни градби. Археолошките истражувања упатуваат и на фактот дека во ова време, со издвојувањето на аристократскиот слој, имаме вообичаена појава на раскошни градби на богати лихниѓани понастрана од јадрото на градот, во случајов во рамничарскиот дел и во предградијата на денешен Охрид. Поткрепа за ова е, на пример, археолошкиот локалитет Козлук, северозападно од Охрид, каде во 1974 и 1982/83 година е откриена монументална архитектонска градба вила рустика (со бањи и други простории) со раскошни мозаични подови и со хронолошка припадност на III-IV век. Богатата семејна гробница „Видобишта", откриена во 1990 година во североисточното предградие, ја поткрепува горната претпоставка и укажува на тоа дека со сигурност припаѓала на едно богато романизирано лихнидско семејство кое ги погребувало во неа своите мртви во времето од средината на III век до средината на IV век.

Во времето на доцната антика (IV-VI век) Лихнидос и Лихнидската област се дел од новоформираната римска провинција Нов Епир, во која влегуваат и сите други јужноилирски територии од диецезата Македонија. Името на градот се споменува на почетокот на IV век како станица на Via Egnatia во два итинерариума и во Tabula Peutingeriana. Од епиграфските споменици се познати само два од овој период: едниот е натпис на една плоча од црвеникав мермер вѕидана во црквата Св. Софија, со посвета на провинцискиот наместник Флавиј Хигин на цезарот Констанциј (или на цезарот Констанс) од 333 година (или 335); и вториот, кој е врежан на ара од бел мермер, посветен на царот Констанциј II и цезарот Констанциј Гал од 351-354 година. Карактеристично за овие натписи е тоа што се врежани на стари споменици така што поранешните натписи се изредирани и преку нив се изведени новите. Од друга страна, оваа констатација е контрадикторна со подемот на градот во црковната смисла. Имено, со појавата и официјализирањето на христијанството се запоставуваат и замираат елементите што го карактеризираат паганството, а оживуваат оние што ја величаат сакралноста на новата монотеистичка религија. Така во IV и V век градот Лихнидос најчесто се споменува како епископско седиште. Првото споменување на Лихнидската епископија е во актите на црковниот собор во Сердика од 343 година каде што меѓу потписниците се појавува и Dionysius de Macedonia de Lihnido (Le Quien). Натаму, на Четвртиот вселенски собор во Халкедон, кој се одржал во 451 година, е регистрирано присуството на лихнидскиот епископ Антониј. Овој учествувал и на т.н. Іразбојничкив собор во Ефес во 449 година. На крајот на V век и на почетокот на VI век лихнидски епископ бил Лаврентиј, а во 519 година е осведочен епископот Теодорит. Важно е да се спомене дека лихнидскиот епископски двор за сето ова време потпаѓа под јурисдикција на папската столица во Рим, а епископите во сите христијански препирки жестоко ја бранеле папската верска политика.

Тоа што Лихнидос во овој период е епископско седиште особено се одразило во урбанизацијата на градот со здобивање на нов глобален изглед во архитектонската смисла. Имено, со археолошките ископувања досега се констатирани седум базилики во стариот дел на Охрид (што сигурно не е и конечен број), со временска припадност на IV, V и на почетокот на VI век и со такви архитектонско-декоративни одлики кои неминовно укажуваат на силен подем и сјај на Лихнидос во оваа насока. Кон ова треба да се додаде и археолошкиот наод од ул. „Илинденска" (Попарница) во југоисточното подножје на повисокиот дел од ридот во 1980 година, кој всушност претставува една раскошна архитектонска градба со ѕидни мозаични партии и за кој се претпоставува дека станува збор за епископски двор.

Просторно градот во ова време е проширен и кон источниот, понискиот дел од ридот, каде што, како што е веќе споменато, на локалитетот Дебој е откриена трикорабна старохристијанска базилика која, хронолошки и симболично, на некој начин претставува мост (во стратиграфската смисла) или премин на античкиот Лихнидос во средновековниот Охрид. Истовремено, во овој доцноантичко-старохристијански период Римското Царство пред и по поделбата на Источно и Западно (395), било потресувано од наездата на варварските народи. Кон крајот на IV век Лихнидос веројатно првпат (ако се исклучат 60-тите години на III век, кога Готите поминале преку Епир и Македонија) бил цел на германските племиња, а во 447 година можеби на хунските орди на Атила. Во 478 година прочуениот готски војсководец Теодорик, по разурнувањето на Стоби и по заобиколувањето на Хераклеја (која ја поштедил поради подароците што ги добил од владиката), со својата војска му се настрвил на Лихнидос, но не можел да го заземе „затоа што градот лежел на утврдено место и изобилувал со храна и извори меѓу ѕидините" (Malch, frg. 18, 128). Дека градот бил под тешка опсада на Готите (која траела и во 479 година) потврдуваат и археолошките ископувања извршени кај северниот дел од тврдината (месноста Дебој) во 1964 година кога покрај самиот тврдински ѕид од внатрешната страна се откриени групни погребувања во четвртести јами и множество гробови од тегули со доцноантичка хронолошка припадност, на чии покојници се откривани фрагменти од кородирано железо забивано во пределот на стомакот и бутните коски. Меѓу овие гробови е голем процентот на детски погребувања, без правила, како и другите, во ориентацијата. Сето ова укажува на една исклучително хаотична состојба кај населението во заштитениот град – издржување на опсада.

Немирните времиња и честите закани од варварските војски во овој период ги терале првенците на градот да ја обновуваат тврдината. Поголемиот дел од денес видливите ѕидини, особено на северната и западната страна, се изградени врз темели поставени уште во III век пред н.е., додека некои пар-

тии на северната и на источната страна се подигнати најдоцна во IV век од новата ера, кога во рамките на утврдениот дел од градот влегол и просторот од местото Дебој. Доцноантичкиот начин на градење е регистриран на некои места на тврдината по оштетувањата настанати во фасадните доградби на средновековието.

Во изворите Лихнидос за последен пат се споменува со веста за неговото разурнување кое, според Прокопиј, се случило во времето на големите катастрофи што го погодиле Римското Царство... кога се случиле земјотреси кои за миг ги уништиле Антиохија и Селеукија во Сирија..., Лихнид во Епир и Коринт – „стари и густо населени места“ (Proc. Anecd. 18, 42). Според овој извор, тоа се случило на 29 – 30 мај 526 година, во времето на владеењето на царот Јустин I. Оттогаш градот Лихнидос засекогаш исчезнува од историските извори.

Користејќи ги фундаментите и зачуваноста на знаменитата тврдина, врз темелите од уништениот Лихнидос израснал нов град – средновековниот Охрид.

Dimitsas M., 1874, 605-629; Dimitsas M., 1896, 361-329; Paulys R., 1927, 2111-2115; Lisi~ar P., 1953, 245-261; Папазоглу Ф., 1957, 224-230; Lisi~ar P., 1959, 231-233;

Ул. „Климентска“, – Остатоци од доцноантичка градба

Лахтов В., 1963; Битракова Грозданова В., 1975; Kati~i} R., 1977, 5-80; Маленко В., 1978, 339-348; Маленко В., 1981, 17-28; Битракова Грозданова В., 1985, 125-172; Папазоглу Ф., 1985, 61-124; Битракова Грозданова В., 1987; Соколовска В., 1987; Маленко В., Кузман П., 1988, 89-116; Маленко В., 1989, 3-22; Битракова Грозданова В., 1989, 249-265; Проева Н., 1991, 194-198; Соколовска В., 1993, 7-13. (П. К.)

*Старохристијанско време*

Во охридскиот регион старохристијанското време се презентира со многубројните археолошки споменици откриени во градот и околу езерскиот брег. Во урбаното јадро на Лихнидос се истражувани три објекта, а се констатирани уште девет: поликонхалната црква, базиликата на улица „Илинденска“, базиликата кај Дебој, базиликата под Св. Софија, базиликата под црквата Св. Климент Пантелејмон, базиликата кај античкиот театар, кружната црква со мозаици кај Чобанови, базиликата на улица „Боро Шаин - Христо Узунов“, доцноантичката куќа на улица „Климентска“.

*Поликонхалната црква* е најмонументалната градба од V век во Лихнид, каде црковните великодостојници ја изведувале светата литургија. Сместена на најдоминантниот простор во градот (северно од Климентовата црква), му давала печат на времето. Таа припаѓа на црквите со двоен четворолист кои во Медитеранот се познати како пространи и ретки градби од V и VI век (димензии: 39 x 43 m). Оваа црква, седиште на лихнидските епископи, била раскошно декорирана со позлатена декоративна пластика, со мозаични ансамбли изведени од мермер, стаклена паста со палета на полихромија и позлата. Просторниот атриум со цистерна, нартексот, катехуменеумот, крстилницата, анексите и четирилисниот наос ја сочинуваат последната архитектонска фаза на градбата која служела за одвивање на нормалниот евхаристичен култ.

Една од најзначајните иконографски теми е претставата на Рајските реки во вид на човечки глави придружени со натписи и илустрација на Фонтаната на животот, и изведени во крстилницата и во северниот анекс. Судејќи според стилот на декоративната пластика и мозаиците и развојните архитектонски промени, крајната фаза во формирањето на оваа катедрална црква се одвивала во текот на втората половина на V век (истражувачи: Димче Коцо, Васил Лахтов, Вера Битракова Грозданова, Владо Маленко).

*Базиликата на улица „Илинденска“*, подигната југоисточно од античкиот театар, е трикорабна базилика со нартекс. Централниот кораб и нартексот биле декорирани со геометриска мозаична декорација (истражувач Васил Лахтов).

Плаошник. – Ктиторски натпис од Поликонхалната црква

Плаошник. – Рајската река Геон во крстилницата на Поликонхалната црква

*Базиликата кај Дебој* е сместена во пониским от источен рид од лихнидската тврдина, источно од црквата Богородица Перивлепта, откриена во 1978 година. Таа е трикорабна, со атриум, нартекс и бочни анекси. Издвоени се две градежни фази потврдени со архитектонското преуредување и со откриените подни мозаици во два слоја, со различни типолошки и стилски особености (истражувања од Владо Маленко).

Базиликите надвор од градот се сите трикорабни, пространи и украсени со мозаични подови.

*Базиликата кај Св. Еразмо*, откриена во 1974 година, се наоѓа на 7 km од Охрид на патот за Струга, во близината на средновековната црква посветена на св. Еразмо. Покрај трикорабниот наос, има простран атриум, нартекс, бочни анекси и крстилница. Нартексот и наосот се покриени со мозаици со геометриска орнаментика и животински претстави. Олтарниот простор е поплочен со мозаик во opus sectile, единствено тука застапен во охридскиот регион. Според стилот на мозаиците, може да се датира кон средината на V век (истражувач Владо Маленко).

Плаошник. – Мозаикот во наосот на Поликонхалната црква

*Базиликата кај Студенчишта* е откриена во 1954 година, поставена на падините на Петринска Планина, 3 km источно од античкиот Лихнид (димензии: 29 x 73,50 m). Со прекини истражувања се вршени сè до 1971 година. Таа е трикорабна, со нартекс, двоен атриум, бочни анекси, катехуменеум и крстилница. Користејќи го теренот, сите простории се каскадно поставувани од исток кон запад. Од декоративна пластика се откриени фрагменти од олтарната преграда. Наосот, нартексот и катехуменеумот се покриени со стилизирани геометриско-флорални елементи и животински претстави со евхаристично значење. Бочните кораби, северниот анекс и крстилницата се покриени со керамички плочи. Според декоративната пластика и мозаичната декорација, базиликата е датирана кон крајот на V или на почетокот на VI век (истражувачи: Васил Лахтов, Вера Битракова).

Плаошник. – Мозаик од наосот на Поликонхалната црква

Вулиќ Н., Сп. LXXI, бр. 589; Коцо Д., 1961, 16-33; Коцо Д., 1967, 257-267; Битракова Грозданова В., 1970, 103-165; Битракова Грозданова В., 1975; Маленко В., 1976, 219-234; Маленко В., 1977, 125-141; Bitrakova Grozdanova V., 1976, 127-137; Malenko V., 1977, 45-51; [onje A., 1981, 265-276; Bitrakova Grozdanova V., 1986, 107-120; Bitrakova Grozdanova V., 1986a, 121-134; Цветковиќ Томашевиќ Г., 1977; Assimakopoulou Atzaka P. 1984, 406-436; Маленко В., 1989, 3-23; Битракова Грозданова В., 1989в; Bitrakova Grozdanova V., 1994a; Bitrakova Grozdanova V., 1995.
(В.Б.Г)

*Охрид и околината низ средновековието*

Од крајот на VI и почетокот на VII век, над остатоците од доцната антика продолжува живеењето и развојот на градот, во променети општествени, економски и културни услови со новиот етнос Словените – Березитите. Охрид, возобновувајќи се на придобивките од доцноантичките традиции на Лихнид, во поглед на материјалната, а особено на духовната култура, низ средновековието израснува во црковен, културен, административен и занаетчиско-стопански центар, не само во регионот туку и во поширокото балканско подрачје.

Досегашните истражувања покажаа постоење на одредени јасно издиференцирани целости што се врзуваат за културно-историски епохи од развојот на градот и околината. Од овие целости посебно место заземаат археолошките локалитети во чија комплексност влегуваат и раносредновековните културни хоризонти што со своите содржини ја надополнуваат историската слика, отворајќи нова димензија во проучувањето и разјаснувањето на досега статично поставените историски постулати од доселувањето и стабилизацијата на Словените (Березитите), па сè до XIV век. Се разбира, ќе биде потребно да се потенцираат местата на совпаѓање на археолошките сознанија со историските податоци – врската на материјалната култура со пишаните извори со цел барем некои од историските моменти, преку допирните точки во една научна логичност, да најдат одраз и да бидат поткрепени со резултатите од археолошките ископувања.

Од археолошко-конзерваторските зафати во охридската тврдина, посебно за одбележување се добиените научни сознанија од просторите на акрополот, разновидните порти и кули, кои ги претставуваат најзначајните пунктови во приодот на истражувачките потфати, како и во одредувањето на хронолошката детерминација. Покрај јасно издиференцираните остатоци од македонско-хеленистичкиот, римскиот и доцноантичкиот период, присутни се низа преградувања, доградувања и надградувања што им припаѓаат на средновековието и на турскиот период. Врз основа на стратиграфските показатели и на одликите на градбените состојби и интервенции од поголем или помал обем, се одредуваат некои градбени зафати и опсади на градот (опсадата на Готите, Самоиловиот период и по него, турскиот период и завршно со Џеладин-бег).

Од неколкуте систематски археолошки истражувања (поликонхалната базилика и античкиот театар) и многубројните инцидентни откривања на остатоци од профана и сакрална архитектура, делови на комуникации, водоводни и канализациони инсталации на повеќе места во утврденото градско јадро и околу него, е надополнета претставата за најбитните елементи на Охрид во средновековието како урбанизиран град. Оваа станбена архитектура со повисок степен на градежништво е секако одраз на неговата градска оформеност, со гардски целости и со развиен економски, културен и духовен живот. Систематските истражувања во оваа сфера се отежнати, а во некои случаи и оневозможени, од причини што всушност имаат две крајности: или слоевите на земјата се дебели или пак и денес присутните градби се испреплетени со конгломерат од специфичности.

Според досега откриеното од профана архитектура, без разлика на временската припадност, во поглед на начинот на градењето постојат видливи и јасно издиференцирани стилски разлики според употребениот градбен материјал и според особеностите и начините на градењето. Раносредновековната профана архитектура е сведок на две социјални спротивности. За тоа од една страна зборуваат пораскошните градби кај кои доцноантичките и воопшто античките градбени материјали се употребувани на некој начин како декорација и украс, а од друга страна посиромашните и поскромни градби, каде што едноставниот начин на градење, заедно со сиромашниот регистер на градбени материјали, е одраз и одлика на посиромашниот слој на населението.

Местото и улогата на Лихнид во доцноантичкиот – старохристијански период како духовен и културен центар, е изразено со присуството на 18 монументални старохристијански базилики, од кои најголем број е лоциран во самиот град и во неговата непосредна крајбрежна околина, како и со моќта на лихнидската епископија, со што излегува надвор од своите регионални граници. Одраз на тие духовни и културни традиции од доцната антика се остатоците од духовната и материјалната култура во раното средновековие и потоа низ целото средновековие.

Зачеток на организирањето на христијанската црква по словенизацијата на охридското подрачје се чини дека е присутен уште од самиот крај на VIII или од почетокот на IX век, на што упатуваат идеалната хоризонтална стратиграфија на раносредновековната некропола на базиликата Св. Еразмо и вертикалната стратиграфија на средновековната некропола кај селото Радолишта, Струшко, како и градењето на сакрални средновековни објекти во втората половина на VIII и IX век, па и низ целото средновековие. На тоа упатуваат и епархиските списоци од VII и VIII век во кои на третото место од вкупно осумте епископи при митрополијата во Драч стои епископот лихнидски, податок не без значење ако се земе предвид издигнувањето на Охрид како црковен центар. И во 879 година овој град е седиште на епархија. Тогаш се споменува охридскиот митрополит Гаврил, што од друга страна укажува на тоа дека во овој регион духовништвото не престанало да живее. Триконхалните цркви присутни на овие простори се зачетоци на средновековната сакрална архитектура. Во времето на мисионерската дејност во Охрид и Охридско на словенскиот прос-

ветител и прв словенски епископ св. Климент и на неговиот соработник-собрат св. Наум, се изградени неколку цркви со манастирски комплекси, посебно важни за ширењето на словенската богослужба во териториите на Македонија. Во развојот на младата држава на македонските Словени, Охрид е во центарот на најважните воено-политички настани. По Преспа, Охрид станува седиште на Самоиловото царство, каде Самоил имал свој двор, и голем црковен центар.

Од посебно значење за развојот и сјајот во духовното и светото живеење не само на регионалните балкански простори туку и пошироко е постоењето и опстојувањето на Охридската архиепископија.

Со конзерваторските зафати во црквата Света Софија на сводот од олтарот и централниот свод – до просторот од првобитната купола беа откриени над две илјади керамички садови. Овој наод спаѓа меѓу позначајните репрезенти и засега е единствен како по богатството на форми така и по бројноста на населбинската и градбената грнчарија. Разните форми со посебни типови и варијанти се основа за типолошка и хронолошка класификација на овој производ во периодот од X до XIV век. На овој наод го надоврзуваме и наодот што заслужува внимание, а тоа се покривните ќерамиди со врежани орнаменти и со натписи – сигнатури на дародавецот или мајсторот што ги посветува на храмот на Богородица.

Во Охрид како значаен центар низ средновековниот период, секако видно место заземале и разновидните занаетчиски работилници. Со растењето на економската моќ и со културното издигање на духовните и световните феудалци, како и на останатото население, со што потребите стануваат поголеми, а барањата и вкусовите поискристализирани, занаетчиството, особено филигранството, се развива и цути. Неговите врвни дострели се евидентирани со изработката на црковни предмети, крстови реликвијари, разни пехари, како и опкови на икони. Со перманентната потреба за украсување и лична сопственост низ животот и смртта, накитот всушност станува најзастапениот производ во работилниците за обработка на метал.

Од многуте регистрирани локалитети на охридското подрачје, средновековната збирка содржи наоди од некрополи и објекти според кои е направен следниот распоред во просторот:

– врз и околу урнатините на старохристијанските базилики: Поликонхалната црква на Плаошник, Дебој, Охрид; Св. Еразмо, с. Радолишта, Струшко;

– во слободен простор со сè уште неубицирана населба или сакрален објект во Црвејнца кај Прентов мост, с. Опеница;

– во и околу средновековните сакрални објекти во оградените дворни места на Св. Пантелејмон – Климентова црква, Богородица Пантанаса – Пандонос, Св. Богородица Перивлепта, Св. Константин и Елена, Св. Никола Болнички, Св. Јован Богослов – Канео, Старата чаршија, на локацијата од стоковната куќа „Билјана“, „Асан Аго“, околу срушената џамија „Али Хасан“, Св. Наум, Св. Јован во с. Косел;

– на слободни простори – локации: Лабино – Охрид, околу акрополот и тврдината, како и на просторите од реоните Месокрасто и Кошишта; над селото Оровник и во селото Коњско.

Благодарејќи на резултатите добиени од откриените раносредновековни некрополи, како во поглед на бројноста и разновидноста на предметите од материјалната култура така и во поглед на јасно издиференцираната хоризонтална и вертикална стратиграфија на гробовите, материјалната средновековна култура во охридскиот регион типолошки и хронолошки може да се подели на две групи, и тоа:

I – материјали врзани за миграционите движења во времето на преселбата на народите и самото населување на овие територии во периодот од VI-VII век, откриени во некрополите на базиликите од Св. Еразмо и во селото Радолишта, како и на локалитетите над селото Оровник и во селото Коњско.

II – материјали врзани за периодот на стабилизацијата на Словените и нивниот развој од IX до XIV век, откриени и присутни на сите останати досега регистрирани локалитети.

Материјалите од првата група се распространети во југозападниот дел од Балканскиот Полуостров, и тоа од крајот на VI до VIII век, а ги претставуваат лачни и плочести фибули, разни видови лунулести наушници, торквеси, ѓердани од стаклена паста, разни висулци за појас, керамички садови, ножеви, огнила, алатки и др. Разните интерпретации на овие материјали секако укажуваат на нивната недоволна проученост. Според најновите сознанија од археолошките и антрополошките истражувања на некрополите од охридскиот регион со јасно издиференцираните стратиграфски слоеви, овој материјал најверојатно има словенско-аланско потекло или е во тесна врска со некои други влијанија од племињата што биле во сојуз со Словените во времето на преселбата на народите (Аварите, Гепидите, Хуните, Кутригурите, а можеби и Сарматите – Јазигите).

Материјалот од втората група е застапен со поразновидни форми и со множество прстени, белезици, обетки, наушници, копчиња, ѓердани од стаклена паста, керамички садови, оружје и орудија, и присутен е на сите набележани локалитети. Во евидентираниот накит од охридскиот регион се разликуваат полуксузно изработени предмети, како и пообични.

Останува за блиска иднина овој богат фонд на раносредновековната материјална оставина од охридското поднебје, низ анализа и типолошко-хронолошка класификација и презентација, да го заземе своето место во комплексот на раносредновековната култура во Југоисточна Европа.

Лахтов В., 1957; Алексова Б., 1960; Лахтов В., 1961; Aleksova B., 1966; Љубинковић М., 1966; Коцо Д., 1967; Острогорски Г., 1970; Ковачевић Ј., 1972; Бабиќ Б., 1974; Jovanovi}  S., 1974; Панов Б., 1978; Ро-

povi} V., 1978; Маленко В., 1985; Манева Е., 1992. (В.М.)

*Триконхалните цркви во Климентовото време*

Првите словенски споменици од религиозната архитектура во Македонија се манастирите Св. Пантелејмон во Охрид и Св. Арангел на јужниот брег на Охридско Езеро, подигнати од учениците на Кирил и Методија – Климент и Наум. Овие манастири не се најстарите христијански архитектонски споменици во Охрид. Доста базилики и други цркви биле изградени во Охрид и во неговата непосредна околина и пред Климент и Наум. Судејќи по литературните податоци што ги имаме за овој период и најновите резултати од археолошките испитувања што се извршени особено последниве години, во Охрид имало христијански цркви почнувајќи од доцноримскиот, односно старохристијанскиот или рановизантискиот период наваму. Големиот број на досега откриени рановизантиски базилики во Охрид (4) и во неговата околина (3), со раскошни мозаици (фрагментарно зачувани речиси кај сите базилики), укажува на важната улога што овој град ја имал како епископски центар уште од признавањето на христијанската религија за слободна (со Миланскиот едикт 313). Димензиите на скоро откриената рановизантиска базилика на локалитетот Имарет, недалеку од цитаделата на градот, укажуваат колку интензивен црковен, а во врска со него секако и политички живот постоел во Охрид во овој период.

До скоро постоеше огромен вакуум во нашите знаења за историскиот развиток на Охрид од доаѓањето на Словените, па речиси до Климент, зашто историските извори се до таа мера скудни што не даваат дури ни можности за сериозни претпоставки. Меѓутоа, со археолошките проучувања на споменатата рановизантиска базилика на локалитетот Имарет се фрла извесна светлина и на историјата на Охрид од VI век наваму. Во оваа базилика беа најдени огништа на подот по целиот наос со кружни форми, облепени со хоросан малтер, огништа на импровизирани живеалишта, веројатно колиби, чиј под го претставувале раскошните мозаици на урнатата базилика. Тргнувајќи од податоците што ги наоѓаме кај Прокопија, според кои Лихнидос тешко настрадал од земјотресот во VI век (кога настрадале Скупи, Стоби, Хераклеја Линкестис и други македонски градови) и нашите познавања за времето на населувањето на Словените на Балканот, сообразени со најдената положба на споменатата базилика и откриените огништа, може да се постави во дадените услови само една сериозна претпоставка во однос на луѓето што се населиле над урнатата базилика. Тоа е дека Словените го населиле разурнатиот Лихнидос уште во VI век и оттогаш до денес живеат во него како негови граѓани.

Со претходната хипотеза може да се објасни во голема мера и недостигот на извори што се однесуваат на животот на Охрид за еден подолг период, сè додека Словените не се издигнале до таа мера што го словенизирале дури и стариот назив на градот и Лихнидос го претвориле во Ахрида, како што се споменува овој град во актите на Цариградскиот црковен собор од 879 година. Во овој словенски Охрид, во кој, се разбира, се служела служба на грчки јазик и се ширела грчката култура и писменост од Грци и грчки воспитаници, дошле Климент и Наум да го шират словенското писмо, да ги постават темелите на словенската култура, да подигнат манастири што станале стожери на македонската и словенската писменост.

Црквите што ги подигнале Климент и Наум во своите манастири се триконхоси. Ѕидање на триконхоси во манастирите било вообичаено во христијанската црква од IV век наваму. Триконхоси биле источните делови на многу ранохристијански базилики (на пример, на базиликата на Божјиот гроб во Ерусалим), повеќе мартириуми и многубројни цркви по целата територија на Римското Царство. Затоа не е чудно тоа што и црквите на првите словенски манастири биле триконхоси. Меѓутоа, значајно е да се одбележи дека во Охрид и пред Климент имало триконхоси, зашто Климент ја подигнал црквата Св. Пантелејмон како обнова на еден разурнат триконхос. Овој триконхос, меѓутоа, сообразно со резултатите од археолошките испитувања извршени околу порано откопаните остатоци од Климентовата црква, бил подигнат над една изгорена старохристијанска базилика. Овие факти наложуваат да се постави прашањето: дали овој урнат претклиментов триконхос не бил црква на еден манастир во самиот Охрид на кој порано му припаѓала старохристијанската базилика. И дали бугарскиот кнез Борис не му го подарил на Климент тој опустен манастир (заедно со неговиот имот) и со тоа овозможил врз темелите на една претсловенска култура да се гради словенската? Ова прашање е неразделно и од прашањето зошто Наум ја подигнал својата црква со речиси идентичен план со Климентовата кога од положбата на теренот се гледа дека формите што ги има Наумовата црква се повеќе желба да се копира Климентовата црква, макар делумно, и фиктивно, отколку да се користат можностите што ги дава теренот сообразени со функцијата на објектот. Оваа мисла ја поткрепува и фактот што во непосредната околина на Охрид досега се откриени уште два триконхоса (кај Горица и кај селото Злести) и трет кај Издеглавје, што во науката се датираат во IX-X век и секако со право индиректно се поврзуваат со Климентовиот триконхос. По сè изгледа дека постоела одредена раководна мисла при определувањето на формите на црквите подигнати во времето на Климент или непосредно по него. Климент бил прв словенски учител во Кутмичевица, прв словенски епископ. Неговиот манастир бил прв словенски манастир во Македонија и тој бил симболот на просветата и напредокот. Затоа неговата

црква можела да служи и како образец при ѕидањето на цркви, во прв ред на манастири.

Археолошките проучувања ги открија не само првобитните форми на црквите на Климент и Наум, туку и промените што се вршеле низ вековите. Овие промени во извесни периоди имале таков карактер што во голема мерка го измениле првобитниот изглед на црквата, особено на Наумовата, која по уривањето, во турскиот период, го добила, со постојани доѕидувања, денешниот изглед. Меѓутоа, треба да нагласиме дека при сите обновувања и доѕидувања (со исклучок на последното) триконхосот на Климентовата црква бил почитуван.

Одбележавме дека Климент обновил еден триконхос најден во урнатини, изѕидан над изгорена старохристијанска базилика во непосредната близина на старохристијанската базилика (четириконхална) со споменатите огништа. При обновувањето на триконхосот тој, по сè изгледа, не го обновил и неговиот нартекс, чија форма може да се претполага врз основа на извесни податоци што ги дадоа последните проучувања на Климентовата црква во текот на 1965 година. Северниот влез на Климентовиот триконхос, меѓутоа, укажува дека Климент при обновувањето на триконхосот, од неговата западна страна морал да постави најмалку трем, на чие место подоцна, односно уште во текот на својот живот ја изѕидал, или поточно ја доѕидал, втората црква во која го поставил и својот гроб во југоисточниот дел (во пронаосот, како што стои во опширното Климентово житие, секако сметајќи го триконхосот за наос). И како што не ни е познат западниот изглед на Климентовата црква исто така непознат ни е целосниот изглед на неговата втора црква. Од последната ги знаеме само димензиите, ѕидовите и влезот од нејзиниот западен дел во источниот трибилон (откриен во 1965 година). Диспозицијата на останатите ѕидни маси може само да се претполага, иако како логично треба да се смета дека и оваа црква имала купола, односно била крстообразна (според нејзината основа), без оглед на фактот што досега не се најдени остатоци од столпци, односно бази за колони што се едновремено ѕидани во втората Климентова црква, односно што се поврзуваат со првиот под на Климентовата црква.

Непознато е зошто и кога Климентовите цркви биле разурнати и манастирот опустен. Судејќи по остатоците на живописот, тие биле обновени веројатно во XIII век и проширени подоцна со нови доѕидувања. Изгледа дека прво биле доѕидани од север и југ параклиси, потоа од север и запад егзонартекс и на крајот, како последно доѕидување и проширување на манастирската црква (односно цркви), од југ егзонартексот бил проширен и пред неговиот западен влез, а до самиот егзонартекс била подигната камбанарија. Овие доѕидувања, сообразно со стилот на фреските од кои беа најдени многубројни фрагменти, биле извршени веројатно во XIV век, на што укажува и камбанаријата која пред XIV век во Македонија не е констатирана. Од обновувањата извршени во текот на XIII век се зачувани три базиси, повеќе фрагменти од фрески и фрагменти од последниот мозаичен под. Во врска со овие обновувања се и промените што се извршени на Климентовиот гроб, кога била заѕидана јужната ниша над гробот и изградена источната. Секако со нив или со временски блиски интервенции на црквите се поврзани и двете ктиторски композиции на кои, освен ликот на Климента како патрон на црквата, се претставени и уште неидентификувани личности меѓу кои е и Кесар Дука.

Иако немаме никакви археолошки податоци за просторот што го заземал манастирот заедно со манастирските згради (кои, тргнувајќи од аналогијата, секако се делеле на згради за живеење и згради за манастирска економија – првите можеле да бидат јужно од црквата, а вторите северно), врз основа на димензиите на манастирската црква што ги имала до доаѓањето на Турците, односно до нејзиното претворање во џамија, овој манастир бил еден од најзначајните не само по својата историска улога, туку и по својата положба и изглед. Тој бил вистинскиот симбол на градот на Климента, зашто, изграден на стариот Плаошник, денешен Имарет, доминирал над градот и езерото.

Историјата на Климентовиот манастир од доаѓањето на Турците наваму ни е исто така слабо позната. Со археолошките проучувања беше установено дека Климентовите цркви, заедно со другите цркви во Охрид (Св. Софија, Св. Ѓорѓија, Св. Недела), биле претворени во џамии. Тогаш фреските биле варосани. Но танкиот слој вар најден на фреските во Климентовите цркви укажува на краткиот временски интервал од нивното претворање во џамии до нивното уривање.

Многу позначаен е, меѓутоа, еден друг податок што ни го дадоа археолошките ископувања од 1965 година. Меѓу апсидата на старохристијанската базилика и апсидата на Климентовиот триконхос, во слојот од турскиот период беа откриени остатоци од една доста голема, секако олтарна апсида. Овој факт, заедно со гробовите на калуѓери најдени над урнатите ѕидови од камбанаријата и егзонартексот од манастирската црква укажува на една неочекувана констатација, имено дека врз урнатините на Климентовата црква (односно цркви), претворена во џамија, била изградена друга црква или, со други зборови, во турскиот период бил обновен Климентовиот манастир. Кога и под какви услови е извршено ова невообичаено обновување на манастирот ќе покажат натамошните проучувања на резултатите од археолошките испитувања извршени во текот на 1965 година. Во втората половина од XVI век или на почетокот на XVII век и оваа црква била разурната и врз неа била изградена џамијата на Султан Мухамед, чии остатоци се зачувани до денес. Во врска со градењето на оваа џамија е секако и формирањето на турската населба во Имарет, која пред XVI век, според сите укажувања, не посто-

ела (турски гробови се констатирани само во горните слоеви од насипот околу џамијата).

И историјата на Наумовиот манастир и неговата црква ни е позната повеќе од резултатите од археолошките испитувања отколку врз основа на пишани извори. Само врз основа на археолошките испитувања дознаваме дека Наумовата црква била разурната и во турскиот период, веројатно истовремено со Климентовата црква (XVI-XVII век) била обновена. Кон оваа обновена крстообразна црква, прво бескуполна, бил доѕидан трибилонот што од северната и јужната страна на западната конха на црквата формирал простории од кои во јужното бил гробот на св. Наум. Подоцна, по додавањето на нартексот западно од трибилонот, биле извршени измени и на јужната просторија во смисла на проширување во капела, чија купола, од трите сегашни куполи на црквата, ако не е најстара, тогаш сигурно е најрустична. Куполите на наосот и нартексот биле изградени кога бил изведен вториот слој живопис во нартексот кој оди преку столпците во аглите на нартексот што со помошта на арки ја носат куполата. Првиот слој живопис во нартексот оди зад столпците, доказ дека куполата над нартексот (што е идентична со куполата над наосот) не е градена едновремено со нартексот. Овие архитектонски промени на црквата на св. Наум толку логично и обмислено се поврзуваат во една целост што само со детални археолошки проучувања можеше да се потврди постоењето на старите средновековни традиции во Охридскиот крај, толку евидентни на оваа црква што доведоа до недоразбирања помеѓу доста наши и странски научници во однос на датирањето на сегашната црква на манастирот Св. Наум. Зашто никој не можеше да претполага дека сегашната црква на манастирот Св. Наум е подигната во турскиот период ниту дека нема никакви остатоци над земја од првобитната Наумова црква што ја подигнал Наум и во која бил погребан во 910 година, шест години пред смртта на Климент.

Коцо Д., 1948, 129-180; Коцо Д., 1958, 56-80; Коцо Д., 1961, 15-33; Коцо Д., 1967а, 245-255; Коцо Д., 1974, 152-156. (Д.К.)

(Текстот за Триконхалните цркви во Климентовото време се објавува според изданието Словенска писменост, Охрид 1966, зашто авторот акад. Димче Коцо почина во текот на подготовките на Археолошката карта.)

**Антички театар**. Театар од хеленистичкото и римското време. Се наоѓа во стариот дел на Охрид, Варош, во источното подножје на повисокиот западен рид на градот (Горни Сарај, Високо Кале). Претпоставки за неговото постоење се изнесени во првата половина на овој век (Н. П. Кондаков, Н. Вулиќ, Ѓ. Бошковиќ), а ин ситу е констатиран во 1960 година (В. Лахтов). Објектот се простира на површина од околу 4000 m². Досега со ископување е откриен средишниот дел со епитеатронот и југозападниот дел од театронот со 9 реда седишта, а со сондажни истражувања се констатирани парадосите (влезовите) и театарската зграда, како и оркестрата со почесните седишта (постарата фаза на театарот) и постоењето и протегањето на арената со ортостатниот ѕид (помладата фаза на театарот). Во истражениот простор, покрај периметрални ѕидови, се откриени и повеќе остатоци на градби од времето на доцната антика и средниот век.

Кондаковъ П. Н., 1909, 240-241; Бошковић Ђ., 1933, 309; Вулић Н., Сп. XCVIII, 123; Lahtov V., 1962, 198; Битракова Грозданова В., 1975а, 63-68; Маленко В., 1979, кат. бр. 5, 62, 145, 146, 165, 173, 178, 185, 257, 281, 601, 611; Маленко В., 1981, 17-28. (В.М., П.К.)

**Дебој**, некропола од хеленистичкото и римското време и од средниот век и старохристијанска базилика. Го зафаќа јужниот простор на зарамнетото плато на источниот рид од стариот дел на Охрид, источно од комплексот „Св. Климент" и северно-североисточно од црквата Св. Константин и Елена. Овде е откриена централната некропола на Лихнид и на средновековниот Охрид. Досега се откриени вкупно 180 гроба. На просторот се констатирани и остатоци од старохристијанска базилика со мозаични подови.

Маленко В., 1980, кат. бр. 343, 368, 369, 371-376, 385-387, 393-406, 411-415, 539-549; Маленко В., 1984, 111. (В.М., П.К.)

Охрид. – Антички театар

**Карабегомала**, храм од хеленистичкото време. Се наоѓа во рамнинскиот дел на градот, источно од охридскиот рид. На просторот меѓу улиците „Димитар Влахов“ и „Даме Груев“, во близината на зградата на Собранието на општината Охрид, со заштитните ископувања во 1967 година се откриени остатоци од храм посветен на божицата Изида, градба со две простории и подвижни наоди: две статуети од мермер и други фрагменти од мермерна пластика.
Маленко В., 1976а, 169-187; Маленко В., 1974, 33-34.
(В.М., П.К.)

**Комплекс „Попарница“**, осамени наоди од римското време, старохристијански и раносредновековни сакрални објекти. Го зафаќа седлестиот простор меѓу двата рида, односно ул. „Илинденска“ и нејзината непосредна околина лево и десно, на потегот од Горна порта до црквата Св. Софија. На овој простор се евидентирани остатоци од повеќе старохристијански и помали или поголеми раносредновековни словенски цркви, епиграфски споменици и друга фрагментирана мермерна пластика, остатоци од стара римска улица во близината на Горна порта, како и световни или сакрални објекти украсени со ѕидни мозаици (Манчевци).
Dimitsas M. I., 1896, 376; Маленко В., 1978, 340.
(В. М., П.К.)

**Комплекс „Св. Климент“**, објекти и црква од старохристијанското време. Се наоѓа на западниот дел од зарамнетото плато на источниот рид во стариот дел на Охрид. Го зафаќа просторот од црквата Св. Богородица Перивлептос (денешната Св. Климент) и непосред ната околина од сите четири страни. Во внатрешноста на црквата (нартексот и надворешната припрата) се констатирани остатоци од првобитниот трем и основа од постара градба, најверојатно старохристијанска црква. Јужно и источно се констатирани остатоци од други градби, подвижни наоди и гробни конструкции од средниот век. Археолошки ископувања се вршени во 1960 г. од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и Народниот музеј од Охрид.

Дебој. – Од ископувањето на некрополата и старохристијанската базилика

Кондаковъ П. Н., 1909, 247; Mesesnel F., 1934, 38-43; Снъгаровъ Ив., 1943, 23-29; Николовски А., Ќорнаков Д., Балабанов К., 1971, 183-190. (В.М., П.К.)

**Комплекс „Св. Пантелејмон“ (Плаошник, Имарет)**, старохристијански и средновековни цркви. Се наоѓаат на зарамнетото плато од јужниот простор на повисокиот западен рид од градот, јужно од цитаделата на Самоиловата тврдина и североисточно над стрмната падина што се издига над црквата Св. Јован Канео. На овој простор се наоѓа Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон“, основан од св. Климент во 893 година или непосредно потоа, простор познат како Прв словенски универзитет и средиште на Охридската книжевна школа. Овде се откриени остатоци од две цркви изградени од св. Климент, непосредно една до друга. Првата св. Климентова црква, посветена на св. Пантелејмон, била триконхална, а втората имала неправилна правоаголна основа. Триконхосот бил подигнат врз темелите од стара разурната триконхална црква, а оваа врз темелите од една изгорена трикорабна старохристијанска базилика. Во непосредната близина северно од св. Климентовата црква се откриени остатоци од монументална старохристијанска поликонхална црковна градба, на чии мозаични подови во наосот се откриени огништа со кружна форма што им припаѓале на импровизирани живеалишта на првото словенско население што живеело на овој простор. Климентовата црква била доградувана во XIII и XIV век. Во XV век била претворена во џамија, во XVI век повторно обновена, во првата половина на XVII век повторно е урната, а врз темелите е изградена султан Мухамедовата џамија, чии ѕидови и денес се зачувани. Во внатрешноста на Климентовата црква се наоѓа гробот на св. Климент, а околу црквите се откриени и поголем број гробови на калуѓери. Систематски истражувања на Плаошник се вршени во 1943 г. (Д. Коцо) во 1960-1961 г. (Д. Коцо, Б. Лахтов) и во 1965 г., а доистражувања и конзервација од 1967 до 1990 година (Заводот и музеј од Охрид, В. Маленко).

Коцо Д., 1948, 129-184; Коцо Д., 1966, 91-100; Николовски А., Ќорнаков Д., Балабанов К., 1971, 172-174. (В.М., П.К.)

**Комплекс „Св. Софија“**, се наоѓа на јужниот простор меѓу двата рида, близу до езерото, меѓу денешните значајни улични комуникации во стариот дел на градот: „Илинденска“ и „Самоилова“ и „Коста Абраш“. Комплексот ги подразбира археолошките остатоци во рамките на катедралната црква Св. Софија и нејзината непосредна околина од сите четири страни, вклучувајќи го главниот објект со архитектонски показатели од хронолошките фази – римска, доцноантичка и раносредновековна, и придружните објекти северно и јужно, гробни конструкции и остатоци од еден крак на охридската тврдина што е евидентиран југоисточно покрај црквата. Комплексот е истражуван археолошки во 1951 г.

Плаошник. – Крстилницата на Поликонхалната црква

(Р. и М. Ќоровиќ Љубинковиќ), 1971 г. (В. Маленко), 1984/1985 г. (М. Петровски и В. Маленко) и геомеханички е сондиран во 1985 г. (Б. Чипан и В. Маленко). Во 1948 година, во текот на конзерваторските работи на црквата, на 20 cm под подот во средината на егзонартексот се откриени 18 сребрени српски динари од XIV век (Б. Алексова). Резултатите од археолошките истражувања до излегувањето на ова издание, не се објавени.
Кондаковъ П. Н., 1909, 242-250; Mesesnel F., 1934, 30-36; Сньгаровъ И., 1943, 16-23; Коцо Д., 1949, 341-358; Aleksova B., 1955a, 20-21; Bo{kovi} \., Tomovski K., 1961, 76-84; Николовски А., Ќорнаков Д., Балабанов К., 1971, 175-179; Маленко В., 1980, кат. бр. 763-767, 785, 786. (В.М., П.К.)

**Комплекс „Св. Спас“,** осамен наод од римското време, старохристијанска и средновековна црква со некропола. Се наоѓа во стариот дел на градот, на просторот на јужната падина на понискиот источен рид, јужно од ул. „Климентска“ (денес ул. „Словенски универзитет“), на потегот меѓу куќите од семејствата на С. Алексова и Б. Чипан. Овде се откриени мермерна ара со латински натпис, остатоци од старохристијанска црква со вкопани раносредновековни гробови во источниот дел, како и остатоци од раносредновековна црква. Сондажно археолошко ископување е вршено во 1962 година (Народен музеј – Охрид, В. Лахтов).
Вулић Н., Сп. LXXV, 57, бр. 174. (В.М., П.К.)

**Комплекс „Стара чаршија“**, некропола од железното време до раниот среден век. Се наоѓа во источното подножје од понискиот источен рид на Охрид. На просторот од денешната ул. „Св. Климент Охридски“, како и лево и десно од неа, од Чинарот на север до Плоштадот кај езерото на југ, Долна порта на југозапад и Домот на културата „Григор Прличев“ на југоисток, се констатирани археолошки наоди, и тоа: во близината на Чинарот засводена гробница и светилиште; јужно од него, кај книжарницата на „Нова Македонија“, македонско-хеленистички гробови; кај стоковната куќа „Билјана“ – гробови од железното време, македонско-хеленистички и римски, како и античка фурна; на околу 100 m југозападно од Чинарот, кај куќата од семејството на Љубен Чекреџи – исто така гробови од мекедонско-хеленистичкото и римското време; кај комплексот „Амам“ – доцноантички хоризонти и гробови, а на просторот од Плоштадот и Домот на културата „Г. Прличев“ – остатоци од црквата Св. Димитрија и раносредновековни гробни конструкции. На овој комплекс се вршени заштитни ископу-

вања во 1971 година (Народен музеј – Охрид) и во 1976 година (Завод и музеј – Охрид).
Лахтов В., 1961, 46; Маленко В., 1978, 341-324; Маленко В., 1980, кат. бр. 378, 388, 392. (В.М., П.К.)

Комплекс „Стара чаршија“. – Керамичка фурна од античкото време

**Кошишта**, некропола од хеленистичкото и римското време и раниот среден век. Локалитетот се протега на падината од охридскиот рид северно и североисточно од тврдината и локалитетот Дебој. При изградбата и проширувањето на патната комуникација Кошишта-Горна порта-Имарет и при копањето на темели за индивидуални станбени згради е констатирана некропола со скелетни погребувања и правоаголни ѕидани и засводени гробни конструкции.
Маленко В., 1978, 341. (В.М., П.К.)

**Лабино**, археолошки остатоци од бронзеното време до раниот среден век. Локалитетот ја зафаќа западната падина од повисокиот западен рид на Охрид, југозападно од цитаделата на Самоиловата тврдина од комплексот „Св. Пантелејмон“ на исток до стрмниот брег на Охридско Езеро на запад. На овој простор е констатирана фрагментирана керамика и откриени се метални археолошки предмети од праисторискиот период (бронзеното и железното време), античкиот и средновековниот период, гробни конструкции од римскиот и раносредновековниот период и остатоци од станбени згради од раното средновековие.
Грбић М., 1954, 112, 119, 125; Лахтов В., 1957, 59; Лахтов В., 1961, 36, 39-41, 44-46, 49-53; Маленко В., 1985, 290; Манева Е., 1992, 177-180. (В.М., П.К.)

**Панзир**, населба и некропола од доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на околу 3-4 km југоисточно од градот, на југоисточната падина од полуостровот Горица, во близината на езерскиот брег. Во овоштарникот на Боро Фортомар биле откриени остатоци од темели градени од кршен камен и варов малтер, како и надгробна плоча со грчки натпис. Во непосредната близина, на површина од околу 100 m се најдени повеќе гробови, а на местото на одморалиштето „Орце Николов“ темели од објекти, исто така градени од кршен камен и варов малтер. Денес на целиот простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси.
Грбић М., 1954, 119; Лахтов В., 1956, 167; Mikul~i} I., TIR, 82. (В.М., П.К.)

**Самоилова тврдина**, тврдина од хеленистичкото и доцноантичкото време и средниот век. Ги заштитува југозападните позиции на двата рида. На највисокиот зарамнет дел од западниот рид се наоѓа цитаделата која има пресечена елипсовидна форма и е поделена на два дела со ѕид по средината во правец исток-запад. На југоисточната страна се наоѓа импозантен влез заграден со две кули. На овој дел од просторот на западниот рид се наоѓале и тврдината и античкиот Лихнидос. Тврдинскиот ѕид кон запад продолжува до местото Лабино, а потоа, според зачуваните остатоци на извесни делови, свива кон југозапад сè до најстрмните карпести делови на брегот од езерото, кои претставуваат всушност природна заштита на утврдениот град. Од цитаделата кон исток, по северната изохипса на двата рида, тврдинскиот ѕид се протега кон месноста Дебој, највисокото плато од источниот рид, од каде свива кон југ до брегот на езерото. Еден крак од ѕидот кон југ ги сече улиците „Самоилова“ и „Коста Абраш“ и поминува јужно од црквата Св. Софија, завршувајќи кај куќата на семејството Грдановци на брегот на езерото, од каде понатаму, кон Канео, започнуваат стрмните карпести простори, односно природната заштита на утврдениот град. Остатоци од тврдинскиот ѕид се забележани на стрмната падина над населбата Канео, на пристапниот простор североисточно од неа. Ѕидовите во централниот дел (цитаделата) се зачувани во височина од 10 до 16 m. Тврдината има вкупно 18 силни одбранбени кули и четири порти: Железна порта, Горна порта, Челна порта и Долна порта. На остатоците од крепосните ѕидови се забележуваат повеќе градбени интервенции од времето на доцната антика (opus mixtum), преку средниот век сè до времето на Џеладин-бег

Св. Еразмо. – Старохристијанска базилика со детали од подните мозаици

(XIX век). Тврдината е истражувана со археолошки ископувања во 1956, 1964 (сондажни) и 1994-1996 година (систематски) од Филозофскиот факултет во Скопје и Заводот и музеј во Охрид.
Mesesnel F., 1934, 20, 37-38, 49-50; Сньгаровъ Ив., 1943, 40-42; Дероко А., 1950, 194-195, 204-205; Lisi~ar P., 1953, 245-261; Lisi~ar P., 1959, 231-233; Мавродинов Н., 1959, 259-260; Bo{kovi} \., Tomovski K., 1961, 74-75; Николовски А., Ќорнаков Д., Балабанов К., 1971, 172; Битракова Грозданова В., 1986, 255, 259-262. (В.М., П.К.)

**Св. Еразмо**, старохристијанска базилика и некропола. Се наоѓа на 5-тиот километар од Охрид кон Струга, во јужното подножје на Габовски Рид и во непосредната близина на црквата Св. Еразмо од XIII век. Овде, во некогашните ниви на Ѓорше Китразов од Охрид со систематските археолошки истражувања во 1974 и 1975 година од страна на Заводот и музеј во Охрид, се откриени остатоци од темели на трикорабна базилика и раносредновековна некропола од која се истражени 124 гробни целости, во кои погребувањата започнуваат од крајот на VI и комбинирано течат до XII век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Unverzagt W., 1934, 19-21; Лахтов В., 1957, 81; Маленко В., 1976, 221-236; Маленко В., 1977, 125-141; Маленко В., 1985, 228-289; Маленко В., Кузман П., 1988, 94-97. (В.М., П.К.)

**Св. Еразмо – Кулишта,** утврдена населба од раноантичкото и хеленистичкото време. На 5-тиот километар од Охрид кон Струга, на највисоките коти од Габовски Рид, кој се издига во непосредната близина на северниот брег на езерото, се гледаат остатоци од утврдување. Во северозападниот дел ѕидовите се зачувани во висина до 2 m и се широки 2,80 m. Тврдината е градена од масивни, добро обработени блокови од камен.



Св. Еразмо – Кулишта. – Утврдена населба од раноантичкото време (W.U)

Unverzagt W., 1934, 19-21; Lisi~ar P., 1953, 260; Lisi~ar P., 1959, 231-233; Маленко В., Кузман П., 1988, 21. (В.М., П.К.)
Алексова Б., 1955а, 20-21. (Б. А.)

**Св. Стефан – Горица**, депо на средновековни монети. Во 1948 година, при копањето на темели за изградба на Синдикалното одморалиште се најдени византиски монети од XII век. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Алексова Б., 1955а, 19. (Б.А.)

**Студенчишта**, старохристијанска базилика и некропола. Источно од градот, во непосредната близина на Билјанини Извори, лево од патот Охрид-Св. Наум и источно од бензинската пумпа „Билјанини Извори" се откриени остатоци од базилика со подни мозаици, нартекс и атриум, а јужно од неа гробови од некропола со камени конструкции.
Лахтов В., 1957а, 145-146; Коцо Д., 161, 16; Битракова Грозданова В., 1975; Mikul~i} I., TIR, 82. (В.М., П.К.)

**Хермелеја**, населба од римското време. Се наоѓа на 3-от километар од Охрид кон Струга и на околу 800 m северно од брегот на Охридско Езеро. Во долината што служи за стрелиште и јужно покрај магистралниот пат во 1974 година Заводот и музеј од Охрид извршил археолошко заштитно ископување. Откриени се темели од повеќе градби и во нив многубројни фрагменти од керамички садови, монети и други предмети.
Маленко В., 1976, 220; Шапкарев А.К., 1976, 556; Маленко В., Кузман П., 1988, 89-116. (В.М., П.К.)

## 35. ПЕСОЧАНИ

**Кула**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на околу 500 m источно од селото, на левиот брег на реката Сатеска, северно и североисточно од Новоселско и Песочанско Поле. Претставува особено доминантен рид кој на североисточната страна е поврзан со ред пониски ритчиња означени со заедничкото име Габер. Зарамнетиот дел бил утврден со тврдински ѕид, најверојатно од времето на доцната антика па сè до развиениот среден век. По површината се забележуваат грамади од камења кои се од урнати градби градени од кршен камен, тули и варов малтер. Има и податоци за ѕидови градени од камен и кал. Присутна е и фрагментирана садова и градбена керамика. Во југоисточното подножје на ридот се забележуваат остатоци од други градби. Се претпоставува дека на овој локалитет бил подигнат стариот средновековен град Дебрец.
Mikul~i} I., 1986, 115. (В.М., П.К.)

**Манастириште**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа на околу 1 km североисточно од селото и околу 200 m источно од старата жлезничка пруга

Охрид-Кичево. Во северниот дел на просторот се забележуваат остатоци од сакрална градба со ориентација исток-запад од раниот и развиениот среден век. На целиот простор, исто така, се забележуваат траги од средновековни гробишта.
Кузман П., Маленко В., 1992, 92. (В.М., П.К.)

## 36. ПЕШТАНИ

**Градиште**, утврден логор – каструм од римското време. Се наоѓа на 2,5 km југозападно од селото, на брегот на Охридско Езеро. Всушност, тоа е мал полуостров на кој денес делумно е распослан модерниот автокамп. По површината на зарамнетото плато од најнискиот врв, особено на југоисточната страна, се забележуваат основите на темели од одбранбениот бедем, граден од кршен камен и варов малтер. Ширината на ѕидовите изнесува 1,80 m. Во внатрешноста на тврдината се гледаат остатоци од кули и помали објекти, фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 100. (В.М., П.К.)

**Старо Село**, средновековна населба. По површината на нивите и лозјата, кои се на североисточниот крај на селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал. На одделни места се препознаваат остатоци од основи на објекти. Постои легенда дека на ова место било старото село Пештани. (В.М., П.К.)

**Црквиште**, средновековна црква. На јужниот крај на селото, источно од патот Охрид-Св. Наум се наоѓа црквата Св. Врачи која била подигната врз остатоци од стара црква, за која се претпоставува дека била посветена на св. Богородица Одигитрија. (В.М., П.К.)

**Џамиште**, средновековна црква. Веднаш до новоизградената трафостаница во центарот на селото се наоѓаат остатоци од џамија. Според кажувањето на жителите, џамијата била подигната врз темели на црква посветена на св. Никола. (В.М., П.К.)

## 37. ПЛАЌЕ

**Св. Недела**, средновековна црква. На мала тумба оддалечена 1 km јужно од селото се забележуваат остатоци од средновековна црква. (В.М., П.К.)

## 38. ПОДМОЛЈЕ

**Корија – Манастириште**, средновековна црква. Се наоѓа на околу 1 km источно од селото. На северната падина од долот се гледаат остатоци од сакрална градба (исток-запад околу 30 m; север-југ околу 10 m). Забележливи се и неколку простории. Ѕидовите се широки 0,90 m и се зачувани во височина од 0,10 до 0,30 m. На просторот од купиштата камења има фрагменти од покривни ќерамиди и бигорен камен. Околу целиот простор се забележуваат остатоци од ограден ѕид изведен во сувоѕидица. Југозападно за околу 50 m на спротивната падина, на јужниот срт од долот се наоѓаат остатоци од четвртеста градба за која се претпоставува дека била камбанарија. Најверојатно се работи за мал манастирски комплекс од развиениот среден век. (В.М., П.К.)

**Селиште**, средновековна населба, црква и некропола. Се наоѓа на 1 km североисточно од локалитетот Корија – Манастириште (околу 2 km од селото Подмолје) и 2,5 km југоисточно од селото Оровник. Претставува блага котлина заградена од сите страни со брегови. По површината се забележуваат купишта од градежни камења меѓу кои и два бунари за вода. На крајниот југозападен дел од котлината постојат остатоци од еднокорабна црква чии ѕидови се широки 0,90 m, ѕидани од кршен камен. Според кажувањето на жителите од Подмолје, овде биле наоѓани и фрагменти од живопис. Јужно од црквата се протега некропола. (В.М., П.К.)

**Чешма**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа во самото село, источно од патот Охрид-Кичево -Скопје, во близината на селската чешма. Северно од чешмата се наоѓа црквата Св. Константин и Елена која е подигната врз темели од постара црква околу која (особено јужно) се протега средновековна некропола. Според В. Лахтов, гробни конструкции се забележувале покрај самата чешма и биле поставени во правец исток-запад. (В.М., П.К.)

## 39. РАМНЕ

**Кумбаревци**, средновековна црква и некропола. Кај самиот влез во селото, на просторот од првата куќа заедно со дворот на фамилијата Кумбаревци, при копањето на темели биле откриени повеќе гробови градени од камени плочи и без гробни прилози. Според кажувањето на Методија Ристески, биле откриени ѕидови од основа на мала црквичка. (В.М., П.К.)

**Макла**, средновековна некропола. На околу 3 km североисточно од селото, лево од патот што води кон планината Летница, на просторот кој селаните го викаат уште Турски Гробишта, со земјоделските работи бил откриен гроб ѕидан од делкан бигор. Во непосредната близина биле откриени и повеќе гробови од камени плочи со ориентација исток-запад. (В.М., П.К.)

**Манастири**, средновековна црква и некропола. На зарамнетата површина на ридот што се издига над селото, југоисточно за околу 200 m се гледаат остатоци од основа на поголема црква, со димензии од 25 x 15 m. По површината се среќаваат фрагменти

од керамички садови и друг градежен материјал кој укажува на можност да била подигната од урнатини од старохристијанска базилика. Источно од неа се откриени гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. Од литературата е познато дека „Болоњскиот псалтир“, кој потекнува од XIII век, бил напишан во селото Рамне.
Jagi} V., 1907; Ивановъ É., 1931, 51-52; Георгиевски М., 1979, 31. (В.М., П.К.)

**Рамненски Лозја**, населба и некропола од римското време. На околу 1 km северно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, а во лозјето на Круме Ристески биле откриени гробови во кои имало керамички садови. (В.М., П.К.)

**Св. Атанасија**, средновековна црква. При изградбата на црквата во подножјето на Рамненски Лозја, кои се на околу 1 km северно од селото, се откриени темели од постара црква. Најверојатно нејзе ѝ припаѓа основата од ѕидот, широк 0,80 m, што се наоѓа во непосредната близина од источната страна. (В.М., П.К.)

**Св. Варвара**, средновековна црква и некропола. Западно од селото, во бавчите на фамилијата Чипоини, кои се наоѓаат во Рамненско Поле, биле откриени темели од стара црква и околу неа гробови. (В.М., П.К.)

**Св. Врачи**, средновековна црква и некропола. На југозападниот крај на селото, десно од патот за Студенчишта, во непосредната близина на селското училиште биле откриени повеќе гробови со ориентација запад-исток, градени од камени плочи, како и основа од темели на мала црква посветена на св. Врачи. Според кажувањето на учителот Стамен Шока од Охрид, во гробовите биле најдени накит и други предмети кои ги предал во Музејот на Македонија во Скопје. (В.М., П.К.)

**Св. Илија**, средновековна црква. На источниот крај на селото до 1907 година се гледале остатоци од стара црква посветена на св. Илија. Подоцна врз нејзините темели е изградена новата црква, која го задржала името на патронот. (В.М., П.К.)

**Туше Варница**, средновековна населба. На околу 1 km источно од електричната централа се забележуваат остатоци од ѕидови на објекти. Во југозападниот дел на нивата на Илија Велјаноски, по површината има многу фрагменти од покривни ќерамиди. На овој дел е најден и врв од железна стрела. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

## 40. РАСИНО

**Чешма**, средновековна населба. На околу 1 km јужно од селото, на десната страна од Расинска Река, во нивата на Мице Стојанов со земјоделските работи биле откриени темели од ѕидови градени од камен, тули и варов малтер. Денес по површината се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди. Во непосредната близина на овој простор, во нивата на Стојан Јакимоски биле откопани питоси. (В.М., П.К.)

## 41. РЕЧИЦА

**Задружни штали**, некропола од железното и римското време. На западниот крај од селото, при копањето на темели за задружните штали и при нивелирањето на просторот пред нив, во 1952 година биле откриени и растурени повеќе гробови. Делумно е зачувана само една гробна целост составена од сребрена ромбоидна плочка, бронзен шлем, врв од копје и двојна игла од бронзена жица.
Лахтов В., 1965, 48-78. (В.М., П.К.)

**Ковче – Падина**, средновековна црква и некропола. На околу 5 km западно од селото и на 1,5 km десно од реката Грдејца, на просторот обраснат со дрвја се забележуваат остатоци од градба, односно купишта од градежен материјал. Според кажувањата на жителите, овде се наоѓала црквата од старото село Полчани кое се наоѓа на околу 800 m западно. Југозападно од остатоците на црквата се забележуваат камени плочи од гробни конструкции. (В.М., П.К.)

**Лозишта**, депо на бронзен накит од железното време. На околу 1 km северозападно од селото, во нивата на Танаско Митрески во 1955 година со земјоделските работи било откриено депо од 46 разни предмети (белезици, прстени, украсни петлици и др.). Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Кузман П., 1983, 109-126. (В.М., П.К.)

**Манастириште – Св. Недела**, средновековна црква. На околу 3 km јужно од селото и на околу 500 m десно од Коселска Река се наоѓа блага падина што се спушта од север кон југ. На површина од 50 x 50 m се забележуваат грамади од кршен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. Топонимот и карактеристиките на теренот упатуваат на тоа дека овде се наоѓала сакрална градба. (В.М., П.К.)

**Полчани**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 6 km западно од селото, на помала тумба обрасната со дабова шума. На површината се забележуваат остатоци од градби, односно грамади од камења и друг градежен материјал. (В.М., П.К.)

## 42. СВИНИШТА

**Дабје**, средновековна црква. Во западното подножје на селото, на околу 50 m од последната куќа и десно од патот Прентов мост-Свиништа се гледаат грамади од кршен камен, бигор и фрагменти од покривни ќерамиди распослани на простор од 30 x 30 m. (В.М., П.К.)

**Долиште**, населба и топилница од доцноантичкото време. На западниот раб на селото, во непосредната близина на плевната на П. Смилески, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал и остатоци од топена железна руда. Во атарот на селото се регистрирани стари рударски окна кај месноста Дувло, до изворите на Свинишка Река. (А.К.)

**Манастириште**, раносредновековна црква. На 3 km јужно од селото по површините на нивите се среќаваат остатоци од градба. Просторот е раскопуван од диви копачи при што е откриен ѕид со правец исток-запад, граден од покрупни камења и од поситни плочести камења врзувани со варов малтер. Зачуван е во височина од 1,10 m и е широк 0,70-0,80 m. По површината се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и обработен бигор. (В.М., П.К.)

**Пирчишта**, населба од неолитското време и средновековна тврдина. На околу 4 km југозападно од селото и северно од Прентов мост има рид со зарамнет врв на кој се наоѓаат остатоци од утврдување со површина од 35 x 25 m. Ѕидовите се привидно широки и не може да им се одреди точната ширина. На површината има многу фрагменти од покривни ќерамиди, кршен камен и варов малтер, а на одделни места и дупки од диви копачи. На југоисточната падина од ридот се среќаваат фрагменти од керамички садови од неолитското време. (В.М., П.К.)

## 43. СИРУЛА

**Горна Црква**, средновековна црква и некропола. На околу 1,5 km северозападно од селото има тумба насадена со борова шума која доминира над околниот терен. На неа се наоѓаат остатоци од темели на црква со димензии од 16 x 7 m. Ширината на ѕидовите изнесува 0,85 m, а ѕидани се од кршен камен и кал. Околу црквата се гледаат гробни конструкции градени со камења, покриени со монолитни плочи, поставени во правец исток-запад. (В.М., П.К.)

**Св. Никола**, средновековна црква. На сртот што се наоѓа на 2 km северозападно од селото, по кој минува патот Мешеишта-Сирула, и на околу 200 m западно од локалитетот Горна Црква се гледаат остатоци од градежен материјал од сакрален објект. Според кажувањето на жителите, на овој простор постоела селска црква посветена на св. Никола. (В.М., П.К.)

## 44. СКРЕБАТНО

**Кулишта**, средновековна кула. На околу 800 m северно од селото се наоѓа прилично висок рид што доминира над околниот терен, опкружен со планини и пристапен само од источната страна, покрај планината Бигла. На врвот се гледаат остатоци од темели на мала кула – набљудувачница, со димензии од 8 m (исток-запад) и 5 m (север-југ). Кулата е подигната покрај комуникацијата наречена „Друмје“ која во средниот век го поврзувала Охрид со Битола. (В.М., П.К.)

## 45. СЛАТИНО

**Бањи – Бигори**, населба од римското време. Се наоѓа на 700 m западно од селото, во близината на Слатинско Езеро, на јужната падина од висорамнината, јужно од денешната ограда на црквата Св. Јован „Бигорски“. На површината се забележуваат основи од ѕидови (исток-запад) градени од бигор. Не ретко се среќаваат фрагментирани и цели печени тули со поголеми димензии. Од овој локалитет потекнува и едно мермерно торзо – женска статуа, како и еден капител кој најверојатно му припаѓал на соседниот локалитет Св. Јован „Бигорски“. Евидентиран е и податок дека во близината бил откриен хипокауст (според кажувањата на мештаните, В. Лахтов). (В.М., П.К.)

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време и раниот среден век. Се наоѓа на околу 1,5 km источно од селото, со мала девијација кон север. Претставува доминантен рид со надморска височина од 1.358 m. Има елипсовидна форма. Остатоци од крепосни ѕидови се забележуваат на север, исток и југ. По површината на теренот се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди.
Mikul~i} I., 1986, 115. (В.М., П.К.)

**Избичани**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 4,5-5 km источно од селото, на терасест простор во јужното подножје на планината Рушинци. Овде се простирала средновековната населба Избичани. (В.М., П.К.)

**Калуѓероец**, средновековен сакрален објект. Се наоѓа на околу 800 m југоисточно (повеќе јужно) од селото, на исклучително стрмна падина. На централното место падината е поблага, со богати бигорни пунктови – грамади од камења, кои зборуваат за постоење на сакрален објект, можеби и помал манастирски комплекс од развиениот среден век.
Кузман П., Маленко В., 1992, 93. (В.М., П.К.)

**Преслоп**, раносредновековна некропола. Се наоѓа на околу 2 km источно од селото и на околу 100 m северно од Слатинско Градиште. Претставува превој на северното подножје, блага падина на која се забележуваат остатоци од старословенски гробиш-

та со ориентација исток-запад. Овие гробови би можеле да имаат врска со средновековното население од локалитетот Градиште. (В.М., П.К.)

**Св. Јован Бигорски**, раносредновековна црква. На околу 800 m западно од селото, на мала висорамнина источно покрај Слатинско Езеро се наоѓа новата црква Св. Јован изградена врз темели од постара истоимена црква. Всушност станува збор за дамнешен манастирски комплекс за чија судбина постојат повеќе варијанти од едно исто предание кое овој црковен комплекс го поврзува со манастирот Св. Јован Бигорски кај Дебар.
Марјановић Ч., 1924, 23-24, 26-27; Кузман П., Маленко В., 1992, 81. (В.М., П.К.)

**Селце**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 1 km северно од селото, на надморска височина од околу 850 m. Карактеристиките покажуваат дека станува збор за типично средновековно словенско селиште кое континуирано продолжува да егзистира во денешното село Слатино. На еден мал срт во средишниот дел на локалитетот се забележуваат основи од помала градба – црквичка во чија северна половина и денес стои стар гроб со ориентација исток-запад, изграден од бигорни плочи.
Кузман П., Маленко В., 1992, 93. (В.М., П.К.)

## 46. СЛИВОВО

**Брце**, раносредновековна црква со некропола. Се наоѓа на околу 2 km југозападно од селото, од двете страни на патот Сливово-Врбјани. Површината обилува со фрагментирана садова и градбена керамика со припадност на средниот век. Во северниот дел своевремено биле раскопувани гробови меѓу кои се издигала средновековна словенска црква.
Кузман П., Маленко В., 1992, 94. (В.М., П.К.)

**Горица**, раносредновековна црква. Локалитетот претставува тумба и се наоѓа на околу 3,5 km западно од селото. Според конфигурацијата на теренот и површинските наоди, овде секако постоела црковна градба, можеби во рамките на манастирски комплекс. Според преданието на жителите од селото, црквата била посветена на Преображение.
Грбић М., 1954, 124; Кузман П., Маленко В., 1992, 94. (В.М., П.К.)

**Еленишта**, средновековна населба. Локалитетот се наоѓа на просторот меѓу патот Охрид-Кичево и Врбјанска Река, на 10 km од Пресека кон Охрид. Денес целата површина се обработува, а при обработувањето се среќаваат фрагменти од средновековна садова керамика. Овде постоело селиште, подоцна уништено од Турците. На доминантната тумба спроти Еленишта се наоѓаат урнатините од црквата Св. Никола.
Кузман П., Маленко В., 1992, 94-95. (В.М., П.К.)

**Јаковски Куќи**, раносредновековна населба. Се наоѓа на околу 2 km западно од селото и на околу 0,5 km северно од патот за Брце. Теренот е котлина со падини од околните ридови. На површината се забележуваат фрагменти од садова керамика. Ова е особено изразено на источната падина на ридот Оралиште. Во нивите на браќата Герасимови има траги од гробишта градени од камени плочи. (В.М., П.К.)

**Ковачница**, средновековна топилница и ковачница. Се наоѓа на околу 1,5 km западно од селото, северно покрај патот за Брце, над патот за ливадите од Јаковски Куќи. По површината имало горена земја измешана со згура од железна руда, а биле најдени два фрагмента од мал железен нож и еден врв од стрела (според В. Лахтов). Претпоставката е дека овде имало некаква ковачница која работела за потребите на населбата од локалитетот Јаковски Куќи. (В.М., П.К.)

## 47. СОШАНИ

**Држилец**, раносредновековна црква. Се наоѓа на околу 2 km западно од селото. На тој простор се забележуваат остатоци од црковна градба со ориентација исток-запад, а градена од камен, бигор, тули и малтер.
Кузман П., Маленко В., 1992, 93. (В.М., П.К.)

## 48. ТРЕБЕНИШТА

**Алистрати**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа на околу 2,5 km источно од селото и источно од Требенишко Кале. На почетокот од долот, во самото подножје од десната страна има урнатини од црква која мештаните ја нарекуваат Св. Наум. Градбата најверојатно претставувала еднокорабна црква од која е најзачувана основата од апсидалниот дел. На просторот се присутни многубројни фрагменти од покривни ќерамиди (дебелина 2 cm). Западно од урнатините се забележуваат поголеми камени плочи кои всушност претставуваат гробови. Со овој назив е означен еден дол што се протега јужно од меѓуселскиот пат Требеништа-Ливоишта, во правец југ-север. (В.М., П.К.)

**Бароец**, раносредновековна некропола. Се наоѓа на околу 2 km источно од селото, во источното подножје на Требенишко Кале, и околу 250 m јужно од меѓуселскиот пат за Ливоишта. На просторот се протега некропола со гробови покриени со поголеми камени плочи, ориентирани во правец запад-исток. (В.М., П.К.)
**Дере – Кај Чешмата**, населба од бронзеното време. Во северозападниот дел на селото, лево од патот Охрид-Кичево, веднаш до некогашната чешма, по

површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови. При копањето на земјата за изработка на тули, на длабочина од 0,80 m е откриена јама во која е најдена фрагментирана камена секира со отвор за држалка на средината. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (В.М., П.К.)

**Забрдо**, населба од железното време, населба и некропола од хеленистичкото и римското време и населба од раниот среден век. Лежи на мала висорамнина испресечена со суводолици, оддалечена околу 1,5 km североисточно од селото. Од источната страна се граничи со планинскиот венец, а од запад со Требенишко Поле. По површината на висорамнината се среќаваат фрагменти од керамички садови од железното, хеленистичкото и римското време. Во западниот дел на локалитетот се откриени гробови од некропола.
Грбиќ М., 1954, 112-114. (В.М., П.К.)

**Св. Мартинија**, старохристијански сакрален објект. На источниот крај на селото, десно од патот Требеништа-Ливоишта, непосредно до местото каде што е изграден резервоарот за вода се наоѓаат остатоци од објект. Ѕидовите се градени од кршен камен и варов малтер, во ширина од 0,90 m. Во јужниот ѕид од чешмата е вградено мермерно мено високо 0,48 m и широко 0,37 m. (В.М., П.К.)

**Требенишко Кале**, утврдена населба од бронзеното, железното, хеленистичкото и римското време. На југоисточната страна над селото се издига висок рид со надморска височина од 1.080 m, со кој практично завршува Вишовска Планина. Врвот му е зарамнет и на него се гледаат остатоци од ѕидови на тврдина, градена од кршен камен и варов малтер, на кои се распознаваат неколку фази на градба и интервенции. По целата површина на населбата се забележуваат фрагменти од керамички садови од различна временска и културна провениенција. Оние во средиштето се од неолитското, бронзеното и железното време, а оние по падините од јужната и западната страна од хеленистичкото и римското време. На пониският дел од јужната падина се наоѓа некропола на која со ископувањата во 1953/54 година биле откриени и истражени 17 гробни целости, а на повисокиот дел од истата падина била констатирана римска некропола. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1959, 11-78; Rendi} Mio~evi} D., 1989, 192; Битракова Грозданова В., 1990а, 119-126. (В.М., П.К.)

**Црква**, раносредновековна некропола. Во близината на селската црква, при изведување на земјени работи, на длабочина од 0,60 m се откривани гробови. Во еден од нив била најдена белезица од стаклена паста. Белезицата се чува во Заводот и музеј во Охрид.
Лахтов В., 1961, 47. (В.М., П.К.)

**Црквиште**, средновековна црква. Се наоѓа на околу 3 km источно од селото, јужно од меѓуселскиот пат Требеништа-Ливоишта, на долгунесто ритче што се спушта како јазик во котлината по која поминува споменатиот пат. На простор од 18 x 14 m е откриена градба, најверојатно сакрален објект од развиениот среден век. На просторот е присутна покривна и градежна керамика. (В.М., П.К.)

## 49. ТРПЕЈЦА

**Глајшо – Селиште**, средновековна населба. Се наоѓа североисточно од селото, од левата страна на патот Охрид-Галичица-Преспа, на пространа рамнина во западното подножје на врвот Црн Камен на планината Галичица. Рамнината е долга 1 km (север-југ), а широка 700 m (исток-запад). Во северниот дел на рамнината се гледаат грамади од кршен камен кои индицираат постоење на остатоци од градби. Овде се наоѓа новата црква Св. Спас, која, според кажувањата на жителите, била изградена врз темели од постара црква. (В.М., П.К.)

**Градиште – Осој**, средновековна тврдина. Југоисточно од селото, на источниот брег на Охридско Езеро се издига ридот Осој, со надморска височина од 1006 m. На јужната падина на врвот се гледаат остатоци од тврдина. Утврдувањето е изведено со два паралелни ѕида, оддалечени еден од друг околу 40 m. Ширината на ѕидовите варира од 1,50 до 2,40 m. На неколку места од внатрешниот (горниот) ѕид се наоѓаат остатоци од кули. (В.М., П.К.)

**Заум**, осамени наоди од старохристијанското време и средновековна населба. Во црквата Св. Богородица Заумска, која се наоѓа во југозападното подножје на ридот Осој, на источниот брег на Охридско Езеро и помеѓу селата Трпејца и Љубаништа, се вградени делови од архитектонска декоративна пластика. Имено, два капитела украсени со акантусови лисја се поставени на олтарните столбови, а импост-капители од бел мермер на западните столбови. Во 1960 година во дворот на црквата случајно бил откопан импост-капител од бел мермер. При копањето на дупки за садење овошни дрвја, во северниот крај на дворот биле откриени остатоци од куќи – земјанки, речиси со кружна форма во основата. (В.М., П.К.)

**Кале**, населба од доцноантичкото време. На југозападната страна од селото се наоѓа гребен со зарамнета површина, кој на запад стрмно се спушта кон Охридско Езеро. Овде, според кажувањата на жителите, при обработувањето на земјата биле откриени разни предмети (накит) од сребро и бронза. Мештанинот Геле Трајкоски пронашол неколку сребрени и бронзени монети. Денес на површината се

среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (В.М., П.К.)

**Црна Пеш – Крстон Заб**, населба од неолитското време. На околу 700 m јужно од селото, на источниот брег на Охридско Езеро, во подножјето на ридот Осој што се спушта стрмно кон езерските води се наоѓа пештера. Пештерата има мал и низок влез, долг околу 3 m, кој кон внатрешната страна се шири во сала со димензии од 10 x 5 m. Просторот на влезот е раскопан од диви копачи и притоа биле откриени фрагменти од керамички садови од неолитското време. (В.М., П.К.)

### 50. ТУРЈЕ

**Радеица – Странана**, раносредновековна населба. Се наоѓа во западниот дел од селото, спроти селската црква Св. Богородица. По површината од нивите и ливадите се забележуваат фрагменти од садова керамика. Најверојатно се работи за мала старословенска населба. (В.М., П.К.)

### 51. ЦРВЕНА ВОДА

**Старо Село**, средновековна населба со црква и некропола. Се наоѓа на околу 3 km северозападно од селото, по патот за Малесија. Локалитетот претставува напуштено село во кое се идентификуваат урнатини од две цркви, како и обележја на селските гробишта.
Кузман П., Маленко В., 1992, 92. (В.М., П.К.)

### 52. ШИПОКНО

**Нивата од Васил Бучкоски**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа во непосредната близина на селото, од западната страна. Овде со обработувањето на земјата биле откриени три гроба градени од тегули – тип „на две води“. (В.М., П.К.)

# XXI. ПРИЛЕП


1. Алинци ... 280
2. Бела Црква ... 281
3. Беловодица ... 281
4. Бело Поле ... 281
5. Беровци ... 282
6. Бешиште ... 282
7. Бонче ... 282
8. Боротино ... 282
9. Браилово ... 282
10. Варош ... 283
11. Вепрчани ... 289
12. Веселчани ... 290
13. Витолиште ... 290
14. Воѓани ... 292
15. Волково ... 292
16. Вранче ... 292
17. Врбјани ... 292
18. Врпско ... 293
19. Галичани ... 293
20. Годивје ... 293
21. Големо Коњари ... 293
22. Голем Радобил ... 293
23. Големо Мраморани ... 293
24. Горно Село ... 293
25. Гостиражни ... 294
26. Гудјаково ... 294
27. Дабница ... 294
28. Дебреште ... 294
29. Десово ... 297
30. Долгаец ... 298
31. Долнени ... 298
32. Дрен ... 298
33. Дреновци ... 298
34. Дуње ... 299
35. Дупјачани ... 299
36. Забрчани ... 300
37. Загорани ... 300
38. Заполжани ... 300
39. Зрзе ... 300
40. Кадино Село ... 301
41. Кален ... 301
42. Кокре ... 301
43. Кривогаштани ... 302
44. Крушеани ... 302
45. Крушевица ... 302
46. Кутлешево ... 303
47. Лажани ... 303
48. Леништа ... 303
49. Лопатица ... 303
50. Мажучиште ... 303
51. Мал Радобил ... 303
52. Мало Мраморани ... 303
53. Мало Рувци ... 303
54. Манастир ... 304
55. Мелница ... 304
56. Небрегово ... 305
57. Никодин ... 305
58. Новоселани ... 305
59. Обршани ... 306
60. Ореовец ... 306
61. Пашино Рувци ... 306
62. Пештани ... 306
63. Плетвар ... 307
64. Подмол ... 307
65. Полчиште ... 307
66. Прилеп ... 308
67. Прилепец ... 310

68. Присад ........ 310
69. Ракле ........ 311
70. Рилево ........ 311
71. Секирци ........ 311
72. Селце ........ 311
73. Сенокос ........ 312
74. Славеј ........ 312
75. Слепче ........ 312
76. Свети Тодоре ........ 313
77. Смолани ........ 313
78. Старо Лагово ........ 313
79. Стровија ........ 313
80. Топлица ........ 313
81. Тополчани ........ 314
82. Трескавец ........ 314
83. Тројаци ........ 314
84. Тројкрсти ........ 315
85. Царевиќ ........ 315
86. Црнилиште ........ 316
87. Чаниште ........ 316
88. Чепигово ........ 316
89. Чумово ........ 319
90. Штавица ........ 319

## 1. АЛИНЦИ

**Бостаништа**, некропола од римското време. На 500 m југоисточно од патот Прилеп-Битола, мерено од полициската станица, биле откриени 14 гроба со остатоци од кремирани покојници. Во гробовите имало прилози од стаклени и керамички садови и накит од бронза (фибули, токи и друго). Исто така се најдени и монети.
Вулиħ Н., Сп. LXXI, 140; Бабиќ Б., 1971, 67. (Б.Б., Б.К.)

**Црквиште**, осамен наод од римското време. На околу 1,3 km од селото, во селските гробишта има мала црквичка во која се вградени неколку камени сполии (ара, база и оштетена надгробна плоча со релјефна претстава на три фигури што стојат).
Вулиħ Н., Сп. LXXI, 140. (Б.Б., Б.К.)

## 2. БЕЛА ЦРКВА

**Св. Богородица**, осамен наод од хеленистичкото време. Во селската црква се вѕидани повеќе мермерни плочи со натписи, наколку стели со релјефи и делови од архитектонска пластика. Исто така, во дворот на црквата се забележуваат остатоци од антички градби.
Вулиħ Н., LXXI, 140; Папазоглу Ф., 1957, 221; Mikul~i} I., 1966, 68. (Б.Б., Б.К.)

## 3. БЕЛОВОДИЦА

**Грамадина**, некропола од римското време. Јужно од селото, во ливадата на Јован Ристов е откопана надгробна стела, а исто така и други материјали кои се вѕидани како сполии во селската црква и во училиштето. Најверојатно оттука потекнува уште една стела со натпис што се наоѓа во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулиħ Н., LXXI, 142; Вулиħ Н., Сп. XCVIII, 164. (Б.Б., Б.К.)

**Селиште**, некропола од римското време. На 2 km северозападно од селото, непосредно крај старата траса на патот Прилеп-Скопје се најдени гробови од мермерни плочи и во нив монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 4. БЕЛО ПОЛЕ

**Висои**, населба од бронзеното и доцноантичкото време. На 1,5 km западно од селото се издига тумба на чија површина се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. На околу 100 m јужно се забележуваат остатоци од темели на објекти, а има делови од архитектонска пластика и фрагменти од керамички садови. Најдени се монети од Констанциј II.
Китаноски Б., 1961, 46. (Б.Б., Б.К.)

**До селото**, населба од римското време. Помеѓу селото и селската црква Св. Никола, во подножјето на ридот Манастириште се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Vuli} N., 1937, 12. (Б.Б., Б.К.)

**Ѓеракарница**, населба од римското време. На околу 500 m јужно од селото има траги од градежен материјал и фрагменти од керамички садови. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 24. (Б.Б., Б.К.)

**Манастириште**, средновековна црква. Јужно од селото, на височинка со истото име се гледаат остатоци од светилиште, и тоа темели од ѕидови и многу градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 24. (Б.Б., Б.К.)

**Марков Чардак**, населба од хеленистичкото и доцноантичкото време и средниот век. Над самото село се издига висок рид на кој се забележуваат остатоци од градби од подолг временски период, и тоа темели од ѕидови на бедем, цистерни и помали објекти издлабени во карпа. На површината има многубројни фрагменти од керамички садови, теракоти и други ситни наоди, како и материјални траги од времето на старите Словени. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Бабиќ Б., 1971, 62; Mikul~i} I., TIR, 24. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Никола**, осамен наод од римското време. Во црквата што се наоѓа југоисточно од селото се вградени повеќе антички сполии, и тоа: две бази, плоча со натпис и повеќе делови од архитектонска пластика. (Б.Б., Б.К.)

**Чачорица,** населба од римското време. На 500 m западно од селото се среќаваат остатоци од градежен материјал и фрагменти од керамички садови, тегули и други ситни предмети.
Mikul~i} I., TIR, 24. (Б.Б., Б.К.)

## 5. БЕРОВЦИ

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во влезот на селската црква е вѕидана надгробна плоча од мермер со грчки натпис во 6 реда.
Вулиќ Н., Сп. LXXI, 144. (Б.Б., Б.К.)

## 6. БЕШИШТЕ

**Горни Лозја**, населба од римското време. На 3 km југозападно од селото, од двете страни на патот за селото Зович, во ливадата на Борис Лешков биле откопани 8 питоси. До северозападната страна на ливадата има две корита издлабени во карпа, со правоаголна форма, оддалечени едно од друго 0,30 m и меѓусебно поврзани, веројатно наменети за гмечење на грозје. По површината се гледаат грамади од градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Огради**, средновековна населба. Југоисточно од селото и источно од локалитетот Турчија, на едно поголемо зарамнето плато се гледаат грамади од градежен материјал, делови од темели на ѕидови, згура од топено железо, како и фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б., 1986, 120; Кепеска Л., 1995, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Турчија**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото, од неговата југоисточна страна има мала височинка на чија површина се гледаат гробни конструкции од плочи поставени вертикално или како покриви. Ориентацијата на гробовите е запад-исток, со помали или поголеми отстапувања кон север и југ. Некрополата се следи до самите куќи од современата селска населба.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б, 1986, 120; Кепеска Л., 1995, 13. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 7. БОНЧЕ

**Спаница**, осамени наоди од хеленистичкото и доцноантичкото време. Во близината на селото се најдени монети на Александар Македонски и Јован II Комнен. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Кепески К., 1987, 41. (Б.Б., Б.К.)

**Старо Бонче**, некропола од хеленистичкото и римското време. Јужно од селото, во нивата на Ј. Благоја биле откриени гробови во кои се најдени монети од Александар Македонски и од други македонски владетели, како и римски бронзени монети.
Кепески К., 1987, 41. (Б.Б., Б.К.)

**Црквиште**, населба од хеленистичкото и римското време. Во непосредната близина на селото се најдени мермерна ара со грчки натпис, тркалезни тули, исто така со грчки натпис, антички монети и помали бронзени статуетки. На површината има остатоци од темели на објекти и многу градежен материјал. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Вулиќ Н., Сп. XCVIII, 19; Mikul~i} I., TIR, 28. (Б.Б., Б.К.)

## 8. БОРОТИНО

**Петков Вир**, населба од римското време. На околу 300 m северозападно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во припратата на селската црква се чува мермерна статуа без глава и дел од градите.
Вулиќ Н., Сп. LXXI, 144. (Б.Б., Б.К.)

**Тумба**, населба од бронзеното време. На околу 1 km северно од селото има тумба која со изградбата на патот Боротино-Славеј е пресечена на два дела. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и друг материјал од бронзеното време. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

## 9. БРАИЛОВО

**Бојоица**, некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, од неговата западна страна и на околу 50 m десно од патот што оди за селото Слепче е најдена надгробна стела од гранит, на која во горниот дел е претставена женска глава во плиток релјеф, а под неа едикула со грчки натпис во 4 реда.
Mikul~i} I., TIR, 29. (Б.Б., Б.К.)

**Манастир Св. Илија**, базилика од старохристијанското време. На околу 400 m под котата 757, оддалечена 1 km јужно од селото, се гледаат остатоци од базилика од која се откриени голем број импост-капители, столбови, меноа и делови од олтарната преграда. Базиликата е трикорабна, со полукружна апсида и катехумениум на западната страна.
Mikul~i} I., TIR, 29; Лилчиќ В., 1984, 90. (Б.Б., Б.К.)

**Петочна Вода**, некропола од хеленистичкото и римското време. На една блага падина, оддалечена 1,5 km северно од селото, селаните откопале повеќе гробови со камени конструкции во кои починатите биле кремирани, а од прилози нашле керамички садови, монети и друго. Од оваа некропола потекну-

ваат три монети од мекедонскиот период кои се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 29; Кепески К., 1987, 41. (Б.Б., Б.К.)

**Селски гробишта**, некропола од доцноантичкото време. На местото на сегашните гробишта биле откриени гробови со камени конструкции. Најдени се неколку стели со релјефни претстави, саркофаг и делови од архитектонска пластика, сите изработени од мермер, потоа тули и друг градежен материјал. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 29. (Б.Б., Б.К.)

**Тумба**, некропола од римското и доцноантичкото време.
Керамидчиев А., 1961а, 46; Mikul~i} I., TIR, 29. (Б.Б., Б.К.)

## 10. ВАРОШ

**Бревчина**, населба од римското време. На 1 km југозападно од селото, во нивата на Т. Тодор и во околните ниви што лежат покрај патот за селото Шилево се откриени темели од ѕидови ѕидани од камен и кал и голем број фрагменти од тегули и имбрекси. Исто така има и фрагменти од керамички садови. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Заград**, некропола од железното време. На 1 km северозападно од Варош, во југозападниот дел на локалитетот, во ровините по дожд биле наоѓани бронзени фибули со ѕвездести проширувања на лакот и плочеста триаголна нога. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., 1961, 48. (Б.Б., Б.К.)

**Кабања**, населба од римското време. Во подножјето на Маркови Кули, недалеку од каменот наречен Кабања, од неговата источна страна, на длабочина од 3-4 m се откриени остатоци од населба, фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, монети и друго. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 130. (Б.Б., Б.К.)

**Калдрма**, некропола од железното и хеленистичкото време. На 1 km североисточно од Институтот за тутун, на 150 m од патот Варош-Горно Село е откриена некропола од која сопственикот на нивата Трајан Петрески делумно откопал три гроба. Подоцна се откопани и истражени уште гробови. Гробовите се градени од камени плочи или камења. Погребувањето било вршено со кремирање, со исклучок на еден гроб. Најдени се повеќе различни гробни прилози, и тоа керамички садови, бронзени фибули и белезици, златни висулци, железни ножеви и копја и друго. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., 1969а, 69; Китаноски Б., 1975, 89. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Куќата на Ѓошеви**, депо од бронзеното и железното време. При изградбата на индивидуалната станбена зграда на улицата „Борка Лопач“ бр. 3б се откриени повеќе големи керамички садови, искршени и групирани во три купови поставени блиску еден до друг. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., 1980, 21; Китаноски Б., 1980а, 33. (Б.Б., Б.К.)

**Куќата на М. Мантов**, некропола од бронзеното време. При изградбата на индивидуалните згради на улицата „Нил Армстронг“, и тоа на М. Мантов (бр. 3), Воислав Главчев (бр. 19) и Стојан Чубриков (бр. 21), е откриен дел од некропола. Поточно, откриени се 4 гроба – цисти, оградени со камени плочи или само обележени со помали камења, во кои починатите биле положени во згрчена положба. Од гробни прилози се најдени 10 помали керамички садови, кои се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., 1978, 33. (Б.Б., Б.К.)

**Манастир Св. Архангел Михаил**, осамен наод од римското време. Пред манастирскиот влез се наоѓа дел од тимпанон со релјефна палмета. Во ѕидот на конакот има мала мермерна плоча со релјефна претстава на Тракиски коњаник. Мермерните столбови што го носат тремот на црквата исто така се од антички потекло.
Vuli} N., 1937, 29. (Б.Б., Б.К.)

**Маркови Кули,** северно од Прилеп, над неговото предградие Варош, во гранитно-планинскиот комплекс е сместен локалитет со културни слоеви од доцниот неолит до XIX век.

Во природната целост формирана од четири врвови (Чардак, Крупник, Тапанче и Гребник), со неколку тераси, удолнини и седла, се наоѓаат остатоци од ѕидови и кули од еден исклучително голем тврдински комплекс. Според некои истражувања, Маркови Кули се вбројуваат, по просторот што го заземаат, меѓу петте најголеми тврдини на Балканскиот Полуостров. Тврдината е организирана во три одбранбени појаси. Главниот дел се наоѓал на врвот Чардак и на неговите придружни дворови B и C. Подоцна на овој дел е додаден дворот D. Вториот појас го опфаќа дворот E, таканаречен Сред Кули, со врвот Крупник во источниот агол и делови од врвовите Гребник и Тапанче на јужната страна. Трет појас претставува дворот F, наречен Рамниште, со делови од врвовите Гребник и Тапанче на северната страна. Овој комплекс од три појаса е дефинитивно доформен во доцниот среден век и во турскиот период. Главната тврдинска порта се наоѓа во дворот E на северозападната страна. Составена е од надворешен средновековен дел, со траги од фрески, и внатрешен дел од времето на турската окупација. Портата за добитокот и за работа се наоѓала во северниот агол на првиот појас, под еден гранитен масив. Останатите порти ги поврзувале внатрешните меѓупростори. Несомнено барем една од портите

морала да биде и во ѕидовите на третиот појас кон Прилеп. Снабдувањето со вода, според досегашните истражувања, се вршело со изворска вода од две цистерни кај ѕидовите на вториот одбранбен бедем, односно во Кула 2 и кај објектот 29 западно од неа. Во дворот В е откриена цистерна за собирање на атмосферска вода. Најголемата цистерна се наоѓа во Кула 1 во југоисточниот ѕид од третиот појас. Таа се полнела од прелевањето на водата од Кула 2. Изгледа дека со вода од оваа цистерна делумно се снабдувало и подградието

Маркови Кули, Варош. – Статуа на император, II век

Маркови Кули, Варош, – Средновековниот град

на Прилеп, во источниот дел на денешното подградие Варош. Кулите од тврдината се со различен облик, главно во основата квадратни, правоаголни, кружни, овални, капкообразни и неправилни. Денес познатата тврдина со максимален опсег, со ниски ѕидови и срелници во нив, е изградена во времето на византискиот цар Андроник II.

Во времето на латинското царство (1204-1261) тврдината ја опфаќала височинката на Чардак и дворовите B и C. Портите на оваа тврдина се наоѓале во северниот дел на дворот C (гореспоменато) и главната во западниот дел на дворот B, покрај сегашната овална кула (бр. 34). Таа порта е заѕидана во последните децении на XIII век, кога низ кулата 34 е пробиен премин кон дворот D. Од видните средновековни градежни објекти ги издвојуваме резиденцијата и станот на командантот на градот, под врвот Чардак, во дворот A (објект 16). На една пониска тераса, западно од резиденцијата, во горниот дел на дворот B се наоѓа поголема правоаголна зграда со траги од последната градежна интервенција во XVI-XVII век. На границата од дворовите B и C со влез од првиот појас наоѓаме поголема повеќекатна кула (бр. 11). Поголеми делови од економски простории, штали и работилници наоѓаме во дворот C. Најрепрезентативниот градежен објект, со сложена основа, од типот палата, се наоѓа североисточно од Главната порта. Изградена е во X век. На западните јужни тераси наоѓаме остатоци од феудални дворци. На пунктовите 56 и 86 има една феудална дворска целост составена од станбена и економска зграда, коњушница, ковачница и придворна црква од времето на XII-XIV век. Првото подградие на тврдината го наоѓаме во склопот на третиот одбранбен појас, на локалитетот Рамниште. Во тој дел е откриена еднокорабна црква со пирг на југоисточниот агол. Временски, последниот регистриран објект од поголем формат се наоѓа во дворот B. Тој објект служел за сместување на овчарите, козите и овците и за изработка на млечни производи. Потекнува од XIX век.

Маркови Кули, Варош. – План на средновековниот град

Последната тврдинска фаза со надѕидани и проширени ѕидови потекнува од времето на кралевите Волкашин и Марко. Меѓу репрезентите на градежните објекти на тврдината треба да се смести и комплексот на манастирот Св. Архангел Михаил. Под црквениот под, на еден ѕид на северната страна е откриена композиција од втората половина на XII век. Источно од него, на површината на некогаш вертикално поставената карпа се најдени особено квалитетни фрески од средината на XI век. Под западниот дел на сегашната црква се пронајдени делови од некаква профана градба. Траги од постари градби се пронајдени и во темелите на сегашниот западен конак. Очигледно е дека овој комплекс претставувал двор на византискиот намесник во Прилеп во XI-XIV век. Привремено закалуѓерениот византиски намесник Јован Велики Хартуларij од крајот на XIII век, го претвора дворецот во манастир. По неговата смрт овој комплекс повторно станува дворец. Како дворец им служи на кралевите Волкашин и Марко.

Од средниот век потекнуваат и сликите на карпите под врвот Чардак и дворот А. Најстарите остатоци од тврдината, со траги од градење, разурнувања и обновување, потекнуваат од римско-македонските војни во III-II век пред н.е. а пронајдени се во североисточниот ѕид на дворот С. Најстари културни слоеви од разни времиња досега се откриени на врвот Чардак, во дворовите В и С под палатата кај Главната порта. Покрај малобројните фрагменти од керамички садови од доцнонеолитското време се пронајдени и остатоци од бронзеното и од железното време. Мошне е богат хеленистичкиот слој со многубројни фрагменти од керамички садови и градежна керамика. Од тоа време мошне е репрезентативен системот од канали и јами за цедење на грозје и филтрирање на гроздов сок во дворот В. Тука се наоѓаат и места со отвори во карпа за врзување на четириножни животни со кои го донесувале грозјето. Евидентно е отсуството на наоди од царскиот римски период. Недалеку, под западниот ѕид на третиот одбранбен појас е регистриран ред гробови издлабени во карпа, од VI век. Многубројни се трагите од куќи во карпите на Маркови Кули, во облик на длабнатини – издлабени лежишта за дрвени диреци, четвртести греди и колци од плет. Покрај овие објекти често се наоѓаат јами за жито, остатоци од печки, корита за перење, за месење на леб и за други потреби, негативи на рачни мелници, дибеци, мали системи за цедење на гроздов сок и друго. Тие остатоци им припаѓаат на куќи од разни времиња и се разликуваат по формата и употребата на дрвената граѓа. Трагите од кружни вдлабнувања за дрвени диреци и колци од плет упатуваат на словенски жители од IX-X век. Од подоцнежни времиња се куќите со четвртести греди во комбинација со ѕидови со и без кршен камен (XII-XIV век). Траги од дрвени куќи има од предантичкото и претсловенското време. Се издвојуваат куќи со цоклиња издлабени во карпи и печки со форма на јами. Овие објекти се без хронолошка поткрепа на теренот и тешко е временски да се определат. За словенскиот период IX-XI век се врзуваат големата некропола во југоисточната страна на Маркови Кули и општествено-политичкиот центар со трон од камен под седлото на Маркови Кули, во близината на зооглифот Слон. На археолошкиот комплекс Маркови Кули треба да му се придодаде и локалитетот Поткули на југоисточната страна на Маркови Кули, каде што денес се наоѓаат цистерните на прилепскиот водовод. Овде се пронајдени многубројни фрагменти од керамички садови, одреден број предмети од метал, јами за складирање на жито и бунари, од праисторијата до турската окупација, како и дел од некрополата од XII-XIII век. Посебно се значајни откритијата на многубројните големи јами за складирање на жито од доцниот XIII и од првата половина на XIV век, што зборува за тоа дека во тие времиња на овој простор се наоѓал градскиот магацин за жито. Од истите времиња има и сегмент од солидно граден пат од камени плочи, широк 2,30 m, над кој е пронајдена калдрма од турскиот период. На ова место во втората половина на XIV век биле извршувани смртните казни со черечење, што било познато во пенологијата на редица европски земји во средниот век, па и подоцна. Делови од черечени тела се пронајдени во in situ положба на коските. По доаѓањето на Турците на ова место (1395) било организирано јадро за металургија, за производство на железо и боени метали. Куќите се во облик на крушообразни земјанки. Во тие земјанки се наоѓаат фрагменти од керамички садови од турскиот период. Тој облик на станбен објект нема аналогија во нашите простори во поранешните периоди. Очигледно е дека потекнуваат од исток. Познато е дека во системот на турските воени формации, како металурзи биле ангажирани Цигани, па така ова место би бил првиот случај на подигање на циганска населба во нашата земја.
Heisenberg A., 1903; Дероко А., 1954/55, 83-101; Византиски извори, 1966; Бабиќ Б., 1971б; Babi} B., 1972а, 21-38; Бабиќ Б., 1974; Babi} B., 1980/1981, 167-170; Бабиќ Б., 1984, 120-135; Polak T., 1985, 45; Polak T., 1985а, 8-18; Szczechowski B., 1985, 39-44; Babi} B., 1985, 5-7; Babi} B., Cnotliwy E., 1985, 22-38; Бабиќ Б., 1986; Мандиќ М., 1986; Polak T., 1987; Rogosz R., 1990; Cnotliwy E., 1990; Cnotliwy E., 1990а; Baranski M., 1990; Pazdur F.M., 1990; Битракова Грозданова В., 1991, 162-168. (Б.Б.)

**Мечкина Дупка**, некропола од хеленистичкото време. Во подножјето на западната падина на Маркови Кули, од каде погледот се шири кон Институтот за тутун, се наоѓа дводелна „македонска“ гробница, издлабена во карпа, откриена пред многу години.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 191. (Б.Б., Б.К.)

**Падарница**, некропола од римското време. Во нивата на Кире Србиновски, што се наоѓа меѓу гробиштата и патот Прилеп-Кичево, биле откриени гробови градени од големи тегули и надгробни стели во секундарна употреба. Наодите се уништени.
Babi} B., 1961b, 99. (Б.Б., Б.К.)

**Под Кули**, некропола од хеленистичкото време. Пред влезот во Варош, од десната страна на патот Прилеп-Брод, во 1968 година при ископувањето од страна на Народниот музеј од Прилеп е откриена некропола со гробови од камени плочи – тип циста, во која се најдени керамички садови, накит и монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Kepeski K., 1972, 82; Кепески К., 1975, 155. (Б.Б., Б.К.)

**Попадин Дол**, некропола од железното време. На 1 km северно од Институтот за тутун, во лозјето на Трајко Слабакоски, со ископувањето во 1959 година се откриени два гроба од типот циста, со конструкција од камени плочи. Во едниот гроб се најдени две бронзени лачни фибули, шест бронзени белезици, две бронзени спирални белезици, дел од прстен и три мониста, додека другиот бил празен.
Китаноски Б., 1961а, 209. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Атанас**, осамен наод од римското време и средновековна населба со некропола. Во темелите на црквата се вградени поголем број антички сполии од мермер, и тоа делови од архитравни греди, столбови и друго. Со археолошките ископувања околу црквата се откриени повеќе слоеви на живеење од населба, од XII-XIV век. Во долниот слој има траги од дрвени куќи, четвртести во основата. Над него, во средниот слој, се наоѓаат остатоци од куќи ѕидани од кршен камен и кал, јами за чување на жито, работилници за топење на железна руда, како и работилници за изработка на предмети од железо и керамика. Овде се најдени предмети за секојдневна употреба (орудија, оружје, монети и друго). Во последниот слој има гробови од крајот на средновековието и турскиот период.
Бабиќ Б., 1971а, 185; Бабиќ Б., 1971б, 9; Манева Е., 1992. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Варвара**, средновековна црква. Во непосредната близина на црквата Св. Атанас, поточно на околу 150 m северозападно од неа, со ископувањето во 1964 година од страна на Музејот во Прилеп се откриени остатоци од црквата Св. Варвара. Црквата се споменува во повелбата на кралот Стефан Душан како црква на манастирот Трескавец и била уште тогаш урната. Во 1964 година се вршени археолошки ископувања од Народниот музеј во Прилеп.
Бабић Б., 1969, 11-15. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Врач**, средновековна црква. Во југоисточниот дел на Варош, во близината на патот Прилеп-Кичево и на околу 80 m југозападно од црквата Св. Петар, според податоците од населението, се наоѓала црквата Св. Врач, која се споменува во повелбата на кралот Стефан Душан. Со ископувањето во 1955 година не се констатирани остатоци од црква.
Бабић Б., 1969, 11-15. (Б.Б.,Б.К.)

**Св. Димитрија**, осамен наод од римското време. Во ѕидовите на црквата и покрај нив се наоѓаат повеќе антички сполии од мермер: делови од архитравни греди, столбови, тимпанони и мермерна ара со грчки натпис.
Сариа Б., 1925а, 108; Babi} B., 1972, 125. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Ѓорѓија**, средновековна црква. Во 1965 година со ископувањето што го вршел Музејот од Прилеп, во сондата 31 биле откриени остатоци од црква. Според најдените фрагменти од фрески, црквата била живописана кон средината на XIII век. И таа се споменува во повелбата на кралот Стефан Душан од 1335 година.
Бабић Б., 1969, 11-15. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Јован**, осамен наод од римското време и средновековна црква со некропола. На околу 500 m северозападно од населбата, непосредно до училишната ограда, при сондажните ископувања извршени во 1960 година се откриени темели од црква и неколку гробови од XIII-XIV век, во кои се најдени прстени, белезици и обетки. Исто така, биле најдени и повеќе мермерни фрагменти од античка декоративна пластика. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Никола**, осамени наоди од римското време и средновековна црква со некропола. Во црквата и во нејзиниот двор има поголем број антички лапиди од мермер, и тоа: импост-капител, мено, ара со релјеф како база на чесната трпеза, дел од ара со претставени гирланди и глава од овен вградена во десниот довратник. Со ископувањето и конзерваторските работи во 1960 година биле откриени неколку мермерни плочи со грчки натписи, ари со релјефни претстави и грчки натписи, а во дворот биле откопани 170 гроба, датирани од XII до почетокот на XIX век, со голем број прилози од разновиден накит, стаклени садови и византиски и српски монети. Исто така се откриени и делови од станбени објекти од старословенска населба. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Милюковъ П.Н., 1899, 125; Сариа Б., 1925а, 105-107. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Петар**, осамен наод од римското време. Во северниот ѕид на црквата е всидан дел од надгробна плоча на која во горниот дел се гледа розета и под неа шест човечки фигури што стојат, релјефно претставени. Пред црквата лежи горен дел од поголема ара која на предната страна има делумно зачуван релјеф на кој се претставени двајца мажи и една жена простум, а десно од нив жена што седи. Во ѕидовите на црквата се вградени уште неколку делови од архитектонска пластика.

Сариа Б., 1925а, 105. (Б.Б., Б.К.)

**Св. Харалампија**, осамен наод од римското време и средновековна црква. Во 1960 година, со археолошките ископувања во источниот раб од населбата се откриени остатоци од темели на црква во кои е вградена поголема ара од мермер. Според откриените фрагменти од фрески, црквата е датирана во третата четвртина на XIV век.
Бабић Б., 1969. (Б.Б., Б.К.)

**Светец**, некропола од бронзеното време. Во непосредната близина на манастирот Св. Архангел Михаил, од десната страна на патот кога се слегува кон Варош, под карпата со фреската на св. Архангел е откриен гроб со урна во која се наоѓале остатоци од кремирана жена.
Китаноски Б., 1981, 31; Китаноски Б., 1987, 32. (Б.Б., Б.К.)

**Сивастоец**, средновековна некропола. Во непосредната близина на населбата, до последните куќи во источниот дел е откриена поголема средновековна некропола. Во 1955 година од страна на жителите биле откопани повеќе гробови во неколку слоеви, со монети и накит, од XI и XIV век. Најстарите гробови биле издлабени во карпа. (Б.Б., Б.К.)

**Слон**, населба од бронзеното време. Во подножјето на Маркови Кули, од југоисточната страна, а во непосредната близина на природната карпа во облик на слон се гледаат многубројни фрагменти од керамички садови. Во 1965 година се извршени пробни ископувања од помал обем. Материјалот се чува во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., 1972, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Ташачица**, населба и некропола од доцноантичкото време и средновековна населба. Западно од Маркови Кули, во подножјето на ридот близу до чешмата и до патот Прилеп-Горно Село, по површината на нивите се забележува множество фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Присутни се и остатоци од античка терма.
Babi} B., 1961b, 99; Babi} B., 1965, 133. (Б.Б., Б.К.)

**Црква 13**, осамен наод од римското време и средновековна црква со некропола. Во средиштето на населбата, околу 120 m југоисточно од црквата Св. Никола, во 1965 година во дворот на Ристе Рокановски биле извршени ископувања при што се откриени остатоци од темели на црква и повеќе гробови, како и антички сполии од мермер.
Бабић Б., 1969, 11-15. (Б.Б., Б.К.)

**Црква 14**, средновековна црква. Во подножјето на Маркови Кули, на околу 150 m северозападно од црквата Св. Петар, со ископувањето во 1965 година се откриени остатоци од црква од кои делумно бил зачуван северниот ѕид во должина од околу 6 m и височина од 0,50 m. Најверојатно црквата била подигната во XIII век.
Бабић Б., 1969, 11-15. (Б.Б., Б.К.)

**Црква 15**, средновековна црква. Во подножјето на Маркови Кули, на околу 180 m северно од црквата Св. Петар, со ископувањето во 1965 година биле откриени остатоци од темели на црква градена од камен, тули и варов малтер.
Бабић Б., 1969, 11-15. (Б.Б., Б.К.)

**Црква 16**, средновековна црква и некропола. Во подножјето на Маркови Кули, на околу 100 m северозападно од црквата Св. Харалампија, со ископувањето во 1965 година се откриени остатоци од темели на црква и околу неа гробови.
Бабић Б., 1969, 11-15. (Б.Б., Б.К.)

## 11. ВЕПРЧАНИ

**Вирои**, средновековна населба. На 1 km источно од селото, десно од локалитетот Чукарките, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, а биле најдени повеќе византиски монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Градиште**, некропола од железното време. На половина пат меѓу селата Вепрчани и Дуње има зарамнето плато над реката на кое се гледаат конструкции на 5 гроба од типот циста распоредени во форма на потковица. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Завир – Среден Брег**, населба од римското време. На околу 300 m јужно од селото, на зарамнето плато се гледаат две корита поврзани со канал за истекување долг 15 и широк 10 cm, кои веројатно служеле за гмечење на грозје.

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во селската црква се наоѓаат столб со натпис и други антички сполии кои најверојатно биле донесени од наоѓалиштата што се недалеку од селото.
Вулић Н., Сп. LXXI, 145. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Солишта – Пазалка**, некропола од хеленистичкото и римското време. Во непосредната близина на селото, од североисточната страна, на природна височинка која благо се спушта во правецот на селото, има две корита издлабени во карпа, долги од 1,80 до 2 m и широки по 0,50 m. Веројатно се работи за гробни конструкции. (Б.К., Л.К., К.К.)
**Црква Св. Димитрија**, средновековна црква. На 100 m источно од селото има неправилна вештачка височинка која, според жителите, настанала од урнатините на постара црква. На површината се гледаат грамади од градежен материјал (кршен камен и покривни ќерамиди). (Б.К., Л.К., К.К.)

## 12. ВЕСЕЛЧАНИ

**Горник**, некропола од доцноантичкото време. На околу 350 m југозападно од селската црква се гледаат голем број гробови. (Б.Б., Б.К.)

**Старо Село**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m јужно од селото по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

## 13. ВИТОЛИШТЕ

**Бојков Дол**, населба од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од работ на селото, на десниот брег на реката Сидорка има мала површина на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси, а се забележуваат и темели од објекти.
Mikul~i} I., TIR, 132. (Г.М.)

**Влајкова Чешма**, населба од римското време. Во Моклишки Дол, кој се наоѓа на околу 1 km јужно од селото, и на двете страни од патот за селото Полчиште има остатоци од поголема населба. Присутни се фрагменти од керамички садови, градежен материјал, монети и една мермерна статуа на граѓанин, а во непосредната близина постаменти и други архитектонски елементи.
Mikul~i} I., TIR, 132. (Г.М.)

**Вртко Ливада**, населба од доцноантичкото време. На 3 km од југоисточната страна на селото, на десниот брег на горниот тек на реката Сидорка има блага падина на која се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал од помала населба.
Микулчиќ И., 1967, 46-53; Mikul~i} I., TIR, 133. (Г.М.)

**Горе Река – Пртева Ливада**, населба од римското време. На 2 km источно од селото по површината се среќава множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Според Трајко Шиклоски, овде биле откопани 4 питоса. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Гробишта Св. Илија**, некропола од римското време. Околу старата црква Св. Илија и селските гробишта, кои се наоѓаат на северниот раб од селото, селаните на неколкупати откопале гробови и притоа нашле надгробни стели од мермер кои денес се наоѓаат покрај црквата. Овде се гледа и голема доцноантичка гробница со вградена стела од II или од почетокот на III век.
Mikul~i} I., TIR, 132. (Г.М.)

**Ѓерек**, населба од римското време. На 2,5 km североисточно од селото, на мала површина од северозападната страна на Ковачевска Тумба се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, градежен материјал и згура од топена руда.
Mikul~i} I., TIR, 132. (Г.М.)

**Заградничка Чука**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 2 km североисточно од селото, над составот на Заградичка и Церовечка Река има доминантна чука со издолжено плато на врвот, на кое има остатоци од моќен одбранбен бедем ѕидан од камен и варов малтер. По површината на платото, кое зафаќа простор од 1,5 хектар, се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, покривни ќерамиди, монети и други ситни наоди.
Микулчиќ И., 1967, 46; Mikul~i} I., TIR, 132. (Г.М.)

**Задна Река – Грмајте**, населба со некропола од доцноантичкото време и некропола од средниот век. Се наоѓа на околу 1,2 km северно од селото, на благи терасести падини од двете страни на коритото на Задна Река. За неа, како археолошки локалитет, има податоци кај повеќе автори од постаро и поново време. Во периодот од 1983 до 1990 година, од страна на Заводот и музеј во Прилеп се вршени истражувања при што се констатирани остатоци од доцноантичка населба со некропола, како и средновековна некропола. Од населбата се откриени темели од ѕидови на поголем станбен објект, ѕидани од камен и кал, со лоша техника на поврзување и големи отстапувања од основниот правец. Објектот бил покриен со дрвена конструкција врз која биле поставени тегули и имбрекси и најверојатно настрадал во пожар. Од доцноантичката некропола се откриени 4 гроба со контрукции од големи лискунови плочи – цисти, и од тегули „на две води“. Според монетите и другите наоди населбата и некрополата егзистирале од почетокот на II век до првите децении на V век. Подоцна, на просторот од населбата и некрополата била формирана словенска некропола со гробови во редови, која се проширила на двата брега на Задна Река. Со поместувањето на коритото поголем дел од некрополата е уништен. Најзачувани се гробовите на левиот брег на кој се истражени 47 гроба со ориентација исток-запад. Како гробни конструкции се издвојуваат камари од поголеми и помали камења или плочи, делумно оградени јами, јами со делумно оградени надолжни страни со штици, и гробови директно вкопани во земјата и без оградување. Гробниот инвентар го сочинуваат предмети што служеле за лично украсување на покојниците, како што се обетки, наушници, прстени од бронза и белезици од бронза и стакло. Некрополата ѝ припаѓала на селска населба чија локација сѐ уште не е утврдена. Според гробните наоди, таа се развивала во X-XI век, а згаснала на крајот од XII век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Кацаров Г., 1922, 6; Кацаров Г., 1924; Филов Б., 1921-1922, 223; Vuli} N., 1937, 49; Микулчиќ И., 1967, 46; Керамидчиев А., 1978, 114; Кепеска Л., Кепески К., 1989, 218; Кепеска Л., Кепески К., 1990, 181; Кепеска Л., 1995. (Л.К.)

Задна Река – Грмајте, с. Витолиште. – Доцноантичка архитектура и средновековни гробови

**Каравашчина**, населба од доцноантичкото време. На 3 km југоисточно од селото, длабоко во расклонениjата на планината Козјак, на едно помало плато се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал.
Микулчиќ И., 1967, 46-53; Mikul~i} I., TIR, 133. (Г.М.)

**Ковачево**, населба од доцноантичкото време. На една пространа падина што се наоѓа на 3 km источно од селото се забележуваат траги од рударска населба (покривни ќерамиди, фрагменти од питоси, керамички садови, како и остатоци од топена железна руда).
Mikul~i} I., TIR, 133; Керамидчиев А., 1978, 117-118. (А.К.)

**Лачникот**, некропола од римското време. На 1,5 km северно од селото, во нивата на П. Гогоски се откриени повеќе гробови.
Vuli} N., 1937, 49. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Лигораса**, населба од доцноантичкото време. На околу 2,8 km североисточно од селото и источно од локалитетот Ѓерек, на падините на Коваческа Тумба има мала површина на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал, а се гледаат и темели од објекти.
Mikul~i} I., TIR, 133. (Г.М.)

**Моклиште**, населба од римското време. На 1 km јужно од работ на селото, од двете страни на патот за селото Полчиште, во широкиот Моклишки Дол, во повеќе ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, згура од топена руда и темели од повеќе објекти градени од камен и варов малтер.
Mikul~i} I., TIR, 132. (Г.М.)

**Полените**, населба од римското време. На јужните падини на Коваческа Тумба, оддалечена 2,5 km источно од селото, на една мала планинска површина се среќава многу голем број фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, згура од топена железна руда, а има и темели од објекти.
Микулчиќ И., 1967, 46-53; Mikul~i} I., TIR, 133. (Г.М.)

**Пртева Ливада**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1,2 km југоисточно од селото, во долината на реката Сидорка, и на околу 400-500 m североисточно од локалитетот Бојков Дол. На една мала површина има фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 132. (Г.М.)

**Св. Петка – Голем Даб**, населба од доцноантичкото време и раниот среден век. Се наоѓа на околу 800 m северозападно од селото, на една рамнина во чија близина има повеќевековен даб, од левата страна на патот за селото Живово. На површината се гледаат фрагменти од тули, покривни ќерамиди и остатоци од градба градена од приделкани камени блокови и варов малтер.
Кацаров Г., 1921, 280; Vuli} N., 1937, 49; Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б., 1986, 122; Кепеска Л., 1995, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Св. Харалампија**, некропола од римското време. Во дворот на селското училиште и непосредно до старата црква, пред Втората светска војна селаните откриле гробница издлабена во карпа, во која имало тројца покојници и богати прилози кои денес не се зачувани.
Микулчиќ И., 1967, 46-53; Mikul~i} I., TIR, 132. (Г.М.)

**Сињак**, населба од доцноантичкото време. На околу 2,5 km североисточно од селото, на една мала површина на Столовски Рид се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1967, 46; Mikul~i} I., TIR, 133. (Г.М.)

**Царичина Нива**, населба од неолитското и римското време. На 1,7 km северно од селото има природно зарамнета тумба на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, дислоциран куќен лепеж и орудија од камен и кремен, а на падините кон Злачка Река се гледаат траги од антички објекти. Откриен е и еден поголем профилиран камен со грчки натпис во 9 реда.
Кацаров Г., 1922, 6; Филов Б., 1921/22, 223; Микулчиќ И., 1967, 46-53; Керамидчиев А., 1978, 114. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црква Св. Атанас**, осамен наод од римското време. Во селската црква Св. Атанас, градена во 1862 година, во олтарот се наоѓа ара поставена како чесна трпеза. Во тремот се чуваат два фрагмента од мермерни стели од кои на едниот има релјефна претстава на маж и жена и под нив грчки текст, на другиот претстава на машка фигура. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црквиште – Урвич**, населба од средниот век. Се наоѓа на висок рид со стрмни падини, оддалечен 1,5 km од јужната страна на селото. На самиот врв, кој претставува големо зарамнето плато, како и во неговото подножје, се среќаваат многубројни фрагменти од средновековна керамика, како и расфрлени камења, што најверојатно потекнуваат од разурнати објекти. Според кажувањето на мештаните имало олтар од црква, а тука се наоѓало и старото село.
Кепески Л. и К., Китаноски Б., 1986, 122; Кепеска Л., 1995, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Шупливец**, населба од римското време. На 250 m јужно од селското училиште има блага тераса што се спушта кон природниот пат за селото, на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал.
Микулчиќ И., 1967, 47. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 14. ВОЃАНИ

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во селската црква се чува надгробна плоча од бел мермер, на која во горниот дел е претставена кола што ја влечат четири коњи. Под релјефот има грчки натпис во четири реда. Исто така, во црквата се наоѓа и ара од бел мермер која на едната страна има релјефна претстава на коњ.
Вулић Н., Сп. LXXI, 146. (Б.Б., Б.К.)

**Тумба**, населба од бронзеното време. Во непосредната близина на селото има вештачка височинка – тумба на која се среќаваат фрагменти од керамика од бронзеното време и парчиња од куќен лепеж.
Vuli} N., 1937, 49. (Б.Б., Б.К.)

## 15. ВОЛКОВО

**Голема Нива – Зереица**, населба од енеолитското време. Во непосредната близина на селото, во нивата на Д. Ристо се среќаваат фрагменти од керамички садови, а сопственикот нашол и предмети од бронза. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Петочна Вода**, депо на монети од хеленистичкото и римското време. Во 1959 година близу до селото, при копање на канал е откриено депо од 25 монети ставени во помал сад. Според селаните, меѓу нив имало и монети од македонските кралеви и градови. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Кепески К., 1987, 41. (Б.Б., Б.К.)

**Селски гробишта**, осамен наод од римското време. На селските гробишта се наоѓаат повеќе фрагменти од мермерни споменици, и тоа: од ара со релјефно претставена биста и дел од надгробна стела украсена со розета и лисја од палма.
Vuli} N., 1937, 40. (Б.Б., Б.К.)

## 16. ВРАНЧЕ

**Аджина Бара,** населба од римското време и средниот век. На 1 km североисточно од селото, покрај мочуришниот терен се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Горна Корија**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 800 m северозападно од селото и 400 m лево од патот за Бело Поле, на една поголема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, покривни ќерамиди, делови од воденични камења и надгробни стели од мермер и камен. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Длабока Бара**, населба од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, а на 500 m источно од патот за селото Кривогаштани има мала тумба на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Русоица**, населба од доцноантичкото време. На околу 600 m југоисточно од селото, на десната страна од патот за селото Заполчани се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Стари Лозја**, населба од енеолитското и римското време. На околу 600 m западно од селото, на една поголема површина се среќаваат фрагменти од енеолитска керамика, како и фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, тули и парчиња згура од топена руда од римското време.
Китаноски Б., 1961, 43. (Б.Б., Б.К.)

**Тумба**, населба од доцноантичкото време. На околу 2,2 km југоисточно од селото, на една мала височинка (кота 601) има множество фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Никола**, осамен наод од римското време. Пред влезот во црквата, од западната страна се наоѓаат повеќе антички споменици од мермер, и тоа надгробни стели, делови од стебла на столбови и друго. (Б.Б., Б.К.)

## 17. ВРБЈАНИ

**Крушеанска Чука**, населба од енеолитското време. На 1 km јужно од селото или 2,2 km северно од селото Крушеани, во местото што се вика Мало Блато покрај старото и новото корито на рекичката Блато има мала тумба на која се наоѓа можество фрагменти од керамички садови и куќен лепеж. Во 1979 година е извршено ископување. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Попадица – Девет Слогови**, населба од енеолитското време. На 1,5 km северозападно од селото, источно од локалитетот Чука – Ливаѓе и 1 km северозападно од патот Прилеп-Битола се издига благо развлечена тумба на која се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Тумба**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km источно од селото, лево од патот Славеј-Србјани има мала височинка на која има фрагменти од керамички садови и градежен материјал распослани на површина од 500 м$^2$. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Чука – Ливаѓе**, населба од римското време. На 2 km северозападно од селото има поголема издолжена тумба, висока околу 2 m, на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Чукарче Момироско**, некропола од железното време. На околу 600 m од јужната страна на селото, а на левата страна од патот за селото Обршани се издига мала тумба на која нема археолошки траги по површината. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Чукарче Цветкоско**, населба од римското време. Претставува голема развлечена тумба што се наоѓа на 150 m јужно од селото, од десната страна на патот за селото Обршани. На површината се забележуваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и градежен материјал. Била најдена и една бронзена монета. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Чукарчиња**, тумули од железното време. На 1 km западно од селото и на 500 m југоисточно од современиот пат Прилеп-Крушево има два тумула со пречник во основата од околу 30 m и зачувана височина од 1,5 m, оддалечени еден од друг околу 400 m. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 18. ВРПСКО

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На ридот со зарамнет врв, што се издига во непосредната близина на селото се гледаат остатоци од бедем граден од кршен камен и варов малтер. Во внатрешниот простор на тврдината се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди, кршен камен, а спорадично и фрагменти од питоси. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црквиште – Гробишта**, средновековна црква. Во селските гробишта има остатоци од две постари еднокорабни цркви градени една врз друга. Постарата црква потекнува од XIV век, а поновата од XVII век. Во 1968 година врз темелите на овие две цркви е подигната нова црква. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 19. ГАЛИЧАНИ

**Галичанска Рудина**, храм од римското време.
Бабиќ Б., 1961, 33. (Д.Г.)

**Црква Св. Атанас**, осамени наоди од римското време. Во селската црква има неколку антички споменици од мермер најдени во селото и на локалитетот Галичанска Рудина, и тоа: вотивна плоча со претстава на Тракиски коњаник, делови од стебла на столбови, архитравни греди и бази. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Бабиќ Б., 1961, 33; Mikul}i} I., TIR, 55. (Б.Б., Б.К.)

## 20. ГОДИВЈЕ

**Црква Св. Атанас**, осамен наод од римското време. Во оваа црква, изградена во втората половина на XIX век, во олтарот се наоѓа ара која служи како чесна трпеза, а во дворот дел од мермерен столб и фрагменти од други архитектонски елементи. (Б.Б., Б.К.)

## 21. ГОЛЕМО КОЊАРИ

**Црква Св. Троица**, осамен наод од доцноантичкото време. Северно од црквата и тремот кој служи како трпезарија се наоѓа старохристијански капител со крст на предната страна, релјефно обработен, и дел од мермерен столб профилиран на крајот, а во олтарот на црквата една преградна плоча е поставена врз античка база од мермер. (Б.Б., Б.К.)

## 22. ГОЛЕМ РАДОБИЛ

**Селска црква**, осамен наод од доцноантичкото време. Во црквата се чуваат три надгробни стели. На едната се претставени две жени, маж и дете и коњаник во калканот, на втората пет фигури што стојат, а на третата тројца мажи и една жена.
Вулиќ Н., Сп. LXXI, 177. (Б.Б., Б.К.)

## 23. ГОЛЕМО МРАМОРАНИ

**Гробишта**, осамени наоди од римското време. Во делумно урнатата селска црква се наоѓаат повеќе антички сполии од мермер: делови од столбови, архитравни греди и тимпанон од надгробен споменик. (Б.Б., Б.К.)

## 24. ГОРНО СЕЛО

**Асаница**, некропола од римското време. Според податоците од жителите, на овој локалитет, кој е во близината на селото, биле најдени римски монети, делови од накит и статуетка со претстава на Мер-

кур, сите изработени од бронза. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Vuli} N., 1937, 26. (Б.Б., Б.К.)

**Бревчина**, населба од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, во подножјето на ридот Сурун се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. Најдени се и монети. (Б.Б., Б.К.)

**Бучалиште**, населба од доцноантичкото време. Североисточно од селото, непосредно до црквата се среќаваат фрагменти од груба и фина керамика. Селаните нашле и сребрени монети. (Б.Б., Б.К.)

**Грамаѓе**, утврдување од хеленистичкото време. На 1,5 km југозападно од селото и западно од Златов Врв се наоѓаат остатоци од ѕидови на утврдување.
Кепески К., 1971, 49; Бабиќ Б., 1981, 24. (Б.Б., Б.К.)

**Ризоец**, некропола од римското време. На околу 300 m северно од селото е откриен гроб со богати прилози (садови од керамика и бронза) кои се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Сурун**, некропола од хеленистичкото време. Во подножјето на ридот Сурун, оддалечен околу 500 m северно од селото, се откриени 5 „македонски“ гробници издлабени во карпа, со кремирани покојници. Сите се со подолг ходник, претсобје и гробна просторија. Од гробни прилози биле најдени фрагменти од керамички садови и метални предмети.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 192; Aleksova B., 1959v, 67. (Б.Б., Б.К.)

## 25. ГОСТИРАЖНИ

**Црква Св. Атанас**, осамен наод од римското време. Пред влезот во црквата, од левата страна се наоѓаат два блока од мермер, веројатно делови од ара. Според кажувањето на селаните, блоковите биле донесени од локалитетот Палези. (Б.Б., Б.К.)

## 26. ГУДЈАКОВО

**Во селото**, осамен наод од доцноантичкото време. Во селото има антички споменик со релјеф и натпис за кој не се знае од каде е донесен.
Vuli} N., 1937, 27. (Б.Б., Б.К.)

**Градишка Тумба**, утврдена населба од доцноантичкото време. Околу 1,5 km југоисточно од селото, на мала височинка што се спушта кон коритото на Црна Река се наоѓаат остатоци од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. На површината има фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси, а биле најдени и монети.
Бабиќ Б., 1971, 70. (Б.Б., Б.К.)

**Козјаник**, населба од доцноантичкото време. На зарамнетото плато што се наоѓа меѓу Средни Грамади и Писарник има траги од објект. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. (Б.Б., Б.К.)

**Папрадишки Рид**, населба од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, на едно зарамнето плато се гледаат траги од ѕидови и грамади од кршен камен, голем број фрагменти од разни типови на тегули и имбрекси. Поретко се среќаваат и фрагменти од керамички садови и питоси. (Б.Б., Б.К.)

**Писаник**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km југоисточно од селото, на една поголема површина има множество фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси, а се гледаат и темели од објекти. (Б.Б., Б.К.)

**Солишка Падина**, населба од доцноантичкото време. На границата на атарите меѓу селата Гудјаково и Галиште, во непосредната близина на Црна Река се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. (Б.Б., Б.К.)

**Средна Грамада**, населба од доцноантичкото време. На една мала висорамнина, оддалечена 500 m јужно од селото, се евидентирани темели од објект граден од кршен камен и варов малтер. На неколку пати селаните откопувале питоси од кои два се чуваат во куќите на Боге и Стојан Стојаноски. (Б.Б., Б.К.)

**Трнка – Анови**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото, покрај патот Гудјаково-Врпско, на еден голем простор во подножјето на планината Трнка се гледаат грамади од кршен камен и множество тегули и имбрекси. (Б.Б., Б.К.)

**Црнелица**, населба од доцноантичкото време. На околу 1,5 km југоисточно од селото, во подножјето на Градишка Тумба се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и тули. Во куќата на Д. Најдоски од селото има два питоса откриени на овој локалитет. (Б.Б., Б.К.)

## 27. ДАБНИЦА

**Караташ**, некропола од римското време. Во непосредната близина на селото биле најдени неколку надгробни стели со грчки натписи, како и повеќе гробови. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, 148; Бабиќ Б., 1971, 67. (Б.Б., Б.К.)

## 28. ДЕБРЕШТЕ

**Бачилиште**, населба од римското време. На неколку стотици метри источно од локалитетот Градиште, на десната страна од патот Прилеп-Кичево, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од

керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Горна Црква**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква. На околу 400 m западно од селото, на поголема површина во подножјето на Лениште има фрагменти од керамички садови и питоси. Во горниот дел на локалитетот се наоѓа мала височинка на која се констатирани остатоци од црква. Откопани се повеќе мермерни сполии кои се наоѓаат кај жителите Мехмед Максутоски и Синадин Стефаноски. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Градиште**, населба од неолитското време до средниот век (XIV). Се наоѓа под селото Дебреште, на околу 26 km северно од Прилеп и западно крај патот Прилеп-Македонски Брод. Ги опфаќа културните слоеви од преминот од IV во III век пред н.е. па сè до XIV век. Поточно, регистрирани се остатоци од населби од доцнонеолитското, бронзеното, железното, хеленистичкото, римското и доцноантичкото време, сè до XII-XIII век.

Праисториските периоди обилуваат со голем број фрагменти од керамички садови, а се среќаваат и антропоморфни фигурини. Многу е богат населбинскиот слој од III-II век пред н.е. Одлично е регистриран и слојот на куќите со правоаголни основи и фундаменти на ѕидови од кршен камен, кои продолжувале во горниот дел со плет. Четирите сребрени монети со имиња на магистрати, најдени во една од куќите на овој слој исполнет со траги од пожар, упатуваат на настаните од 143 година пред н.е., кога било задушено востанието на Псевдо-Филип, а истовремено биле уништени повеќе македонски населби на овој простор од страна на римските казнени експедиции. Остатоците од пожар во овој слој ги наоѓаме на целиот локалитет. Траги од слични куќи уништени во пожар, со идентичен керамички материјал од ова време наоѓаме и во Варош, предградието на Прилеп. Од керамичкиот материјал посебно се издвојуваат мегарските чашки од странско и од домашно производство. Во овој слој, како и во сите подоцнежни антички слоеви, доста е богата појавата на керамички градежен материјал. Сè до доцниот V век од н.е. има многубројни објекти за живеење и јавни работи изградени од кршен камен врзан со варов малтер, а во некои случаи и од кал. Се издвојуваат остатоци од згради чии ѕидови од внатрешната страна имаат фини премази од кал кои се украсени со линеарни композитни орнаменти и веројатно потекнуваат од III век. Во овие слоеви има многубројни фрагменти од керамички садови од кои посебно се издвојуваат примероци од тера-сигилата која потекнува од разни простори на Римската Империја. Од VI век наоѓаме изобилство фрагменти од грнци употребувани во кујна, изработени на грнчарско колце. Овие садови за средновековниот период до X век претставуваат основни примероци, како по техниката на изработката и технолошката подготовка на материјалот така и по облиците. Во слојот од овој век е најден и одреден број добро зачувани предмети од железо и бронза, меѓу кои се издвојуваат една секира, фрагменти од меч, кантар и тока за појас. Згради од ова време се наоѓаат и во подградието, источно од тврдината. Има цврсти градби покрај самата тврдина, а малку понаисток од нив овални градби-куќи од плет.

По големата преселба на Словените, на овие простори на крајот од VI век се присутни припадниците на словенското племе Брсјаци кои организирале своја населба и овде, во средишниот простор на локалитетот. Досега целосно е откопан долен дел од словенска куќа, од кругот на прашко-пенковската култура. Тоа е тип на куќа полуземјанка со правоаголна основа и со покрив на две води кој со долниот раб лежел на земјата. Источниот и западниот ѕид биле изработени од плет, влезот се наоѓал на западниот ѕид, а во југоисточниот агол имало масивна печка од кршен камен. Во нив имало и јами за складирање на жито. Станбени градби со ѕидови од кршен камен главно се среќаваат во XI век и подоцна. Слојот на овие куќи го следат множество фрагменти од црепни, а на одделни места над него и остатоци од работилници за топење на железна руда и за изработка на предмети од железо.

Значајни сведоштва за животот на овој локалитет се делумно истражените некрополи. Југоисточно од источната порта на тврдината има некропола со гробови од хеленистичкото, хеленистичко-римското време и од IV век од н.е. Од римското време има гробови и североисточно од оваа порта. Некропола од VII и евентуално од VIII век има западно од западната порта на тврдината, на локалитетот Млака. Некропола од VI век има во составот на христијанскиот сакрален комплекс што се состои од трикорабна базилика со синтронос и тронос, баптистериум и мартириум. Гробовите во голем дел се опљачкани. Меѓу пронајдените прилози се издвојуваат неколку златни копчиња за облека и предмети за китење – накит.

Во составот на овие старохристијански објекти се наоѓа и некропола која може да се датира доста широко, и тоа од IX до XI век, со накит карактеристичен за овие времиња. Северозападно од нив има некропола од XII и XIII век, со многубројни примероци на накит од бронза и бакар. Во рамките на некрополата се пронајдени остатоци од мала крстообразна црква со припрата на западната страна. Во црквата има мермерни сполии од античкото време кои имаат грчки натписи. Сполии со градбена намена се најдени и на други места внатре во тврдината. Слоевите по X век ги придружуваат многубројни фрагменти од керамички садови за кујна од кои се издвојуваат грнците со лентеста држалка и речиси вертикални венци од устинката, со или без канелури. Меѓу керамичкиот материјал исто така се издвојуваат и одреден број примероци од глеѓосани садови со орнаменти изведени во сликање или графито-техника.

Во овој комплекс од слоеви посебно е значајна тврдината. Последната фаза на тврдината потекнува од времето на Јустинијан I. Во времето на своето функционирање, од западната, северозападната и југозападната страна била опколена со вода. Нејзините ѕидови се од кршен камен и варов малтер, со дебелина што варира од 1,60 до 3,20 m. Најдебели се ѕидовите на оние страни каде што водата не била пречка за напаѓачите. Основата на тврдината е неправилна и зависела од формата на височинката на која била подигната, како и од нејзината висина над водата. Има пет кружни кули и три петоаголни. Портите се наоѓаат на источната (Porta principalis) и западната страна (Porta dekumana). Источната порта од надворешната страна ја означувале две од трите споменати петоаголни кули, а западната една кула од северната страна. Оваа западна порта се чини дека од јужната страна имала постара кружна кула.

Градиште, с. Дебриште. – План на населбата

Линијата на декумана, на чии краишта се наоѓале портите, најверојатно била целосно изменета со проектот на Јустинијановиот архитект. Тоа е особено впечатливо на западната страна каде се гледа како порано да имало порта, доколку воопшто постоела на таа страна, посеверно од сегашната. Во прилог на тоа оди и наодот од веќе споменатата куќа од претпоставениот III век, со фини премачкувања на ѕидовите од кал, на самата траса на декумана од Јустинијановото време.

Најраната тврдина потекнува од времето на Првата македонска војна (215-205). Во истото време било и првото разорување на тврдината. Новата фаза на изградба и разорување се поврзува со Втората македонска војна (200-197) и третата фаза на изградбата со Третата македонска војна (171-168). Не е одвишно да се каже дека токму од оваа тврди-

на, со одбраната на северната македонска граница раководел Персеј, син на кралот Филип V. Траги од уништување има и од втората половина на III век и од крајот на V век. Се чини дека тврдината во последните децении на V век била надвор од својата основна функција, на што особено укажува откритието на голема масивна зграда – fortalicium, со дебели ѕидови од кршен камен и варов малтер што ја изградиле источните Готи во времето на својот престој во Пелагонија, за што сведочат и други наоди во битолскиот и во прилепскиот крај. Тврдината ја губи својата основна функција на одбрана во последните децении на VI век. Сè до XIV век овој локалитет имал населбински карактер, а од тоа време па натаму се користи исклучиво за земјоделство.
Н. Вулић, Сп. LXXI, 150-151; Бабиќ Б., 1965, 62-64; Бабиќ Б., 1965а, 6; Бабиќ Б., 1971б; Babi} B., 1972a, 21-38; Kaletyn T., 1972, 84-87; Бабиќ Б., Hensel W., Rauhutowa J., 1976, 251-263; Бабиќ Б., 1978, 205-215; Бабиќ Б., Хензел В., Раухут Ј., 1979, 141-149; Бабиќ Б., 1984, 120-135. (Б.Б.)

**Загориче**, средновековна населба и црква. На 1,5 km од селото и исто толку источно од селото Кошино, во подножјето на Караџова Нива има фрагменти од керамички садови, питоси, црепни и згура од топена руда. На еден мал простор од 20 m², обраснат со ниска вегетација, има грамада од кршен камен, бигор и фрагменти од средновековни покривни ќерамиди. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Кале – Градиште**, полигонален кастел со кули од доцноантичкото време.
Вулић Н., Сп. LXXI, 150-151; Mikul~i} I., TIR, 40. (Д.Г.)

**Млака**, средновековна некропола. На околу 250 m западно од локалитетот Градиште, преку малата рекичка кон селото Дебреште, се откриени повеќе гробови со конструкции од валчести камења, временски датирани во VIII и IX век. Во нив е најден накит од сребро и бронза. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Бабиќ Б., 1981, 31. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Селска џамија**, осамен наод од римското време. Во дворот на џамијата се наоѓа фрагментирана мермерна ара со грчки натпис. (Б.Б., Б.К.)

## 29. ДЕСОВО

**Брчки**, населба од римското време. На околу 2 km североисточно од селото, на една блага падина под котата 893 се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Mikul~i} I., TIR, 42. (Б.Б., Б.К.)

**Горно Поле**, некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km североисточно од селото, покрај патот за селото Габровник е откриена некропола со гробови од камени плочи – тип циста.
Mikul~i} I., TIR, 42. (Б.Б., Б.К.)

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. На околу 4 km северно од селото, под врвот Леска, на површина од 30 m² се гледаат траги од ѕидови. И на повисокиот крај на локалитетот, исто така, има темели, и тоа од поголем објект кој се простира на околу 1.000 m². По површината на теренот се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал, а најдени се и византиски монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Бабиќ Б., 1981, 30; Микулчиќ Г., 1987, 186. (Б.Б., Б.К.)

**Киш**, некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km југозападно од селото, непосредно до железничката пруга селаните откриле повеќе гробови. Оттука потекнува надгробна стела со релјефна претстава на две женски, машка и детска фигура, а во калканот орел, која се наоѓа во дворот на Демир Цингароски.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 166; Mikul~i} I., TIR, 42. (Б.Б., Б.К.)

**Клетовник**, доцноантичка и средновековна некропола. Се наоѓа на околу 4,5 km североисточно од селото, на превојот под врвот Дервен, покрај патот за селото Габровник. Со ерозијата на земјата се откриени повеќе гробови. Во непосредната близина има остатоци од средновековна населба и некропола. Пред селската црква Св. Троица има надгробна стела со релјефна претстава на три човечки фигури, донесена од овој локалитет.
Vuli} N., 1937, 24; Mikul~i} I., TIR, 42. (Б.Б., Б.К.)

**Ламбичица**, населба од неолитското време. На околу 2 km североисточно од селото, покрај патот за селото Дервен, по површината се забележуваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен.
Китаноски Б., 1961, 40. (Б.Б., Б.К.)

**Рамниште**, фурна од римското време. На растојание од околу 3 km североисточно од селото, покрај патот Дупјачани-Габровник е откриена добро зачувана фурна за печење на градежна керамика, градена од тули, камен и кал, со две огништа во долниот дел.
Mikul~i} I., TIR, 42. (Б.Б., Б.К.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На западната падина на Дервен, што се наоѓа на 4 km североисточно од селото, има множество градежен материјал, а се констатирани и остатоци од темели на објект. (Б.Б., Б.К.)

**Цркварско – Чаир**, населба од доцноантичкото време. На околу 3 km југозападно од селото, под железничката линија се констатирани остатоци од населба. На површина од околу 2 хектара има фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и други ситни наоди. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., 42. (Б.Б., Б.К.)

## 30. **ДОЛГАЕЦ**

**Манастириште**, средновековна црква. На 2 km северно од селото, во планинскиот дел се гледаат темели од црква градена од кршен камен и варов малтер, како и фрагменти од покривни ќерамиди. (Б.Б., Б.К.)

**Мезиница – Грамадиште**, населба и некропола од римското време. На околу 2 km јужно од селото и 400 m западно од патот Костинци-Долгаец се наоѓаат остатоци од темели од објекти градени од кршен камен и варов малтер, како и множество фрагменти од покривни ќерамиди. На овој простор жителите откриле гробови градени од камени плочи – тип циста. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

Тумба, населба од неолитското време. На околу 3 km јужно од селото и на 600 m југозападно од патот за селото Костинци се наоѓа сосема мала височинка – тумба, што зафаќа површина од околу 1,5 хектар. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, орудија од кремен и камен, како и парчиња од куќен лепеж.
Китаноски Б., 1961, 46. (Б.Б., Б.К.)

## 31. ДОЛНЕНИ

**Бостаниште – Три Бари**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km северозападно од селото и на 300 m од патот за селото Сарандиново, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (Б.Б., Б.К.)

**Крапска Бара**, населба од доцноантичкото време. На 3 km северозападно од селото и северозападно од патот за селото Пешталево, јужно од котата 623, на простор од неколку хектари се констатирани ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (Б.Б., Б.К.)

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Пред селската црква се наоѓа надгробна плоча од бел мермер, со венец на горниот крај и едикула во која релјефно се претставени маж, дете и две жени.
Вулић Н., Сп. LXXI, 151. (Б.Б., Б.К.)

**Селски гробишта**, населба од римското време. На гробиштата и непосредно околу нив се откриени поверќе питоси, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

## 32. ДРЕН

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото, во непосредната близина на манастирот Св. Илија се гледаат остатоци од градба ѕидана од кршен и приделкан камен со варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. Во манастирот како чесна трпеза служела мермерна ара со две едикули од кои едната има три бисти, а другата две, сите релјефно обработени. Арата е пренесена во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 48. (Б.Б., Б.К.)

**Џиџево**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km североисточно од селото, на поголемо плато се гледаат грамади од кршен камен и фрагменти од тегули и имбрекси.
Mikul~i} I., TIR, 48. (Б.Б., Б.К.)

**Кркулка**, населба од римското време. На 2 km југоисточно од селото, на површина од околу 200 $м^2$ се среќаваат траги од објекти градени од кршен камен и варов малтер. По површината има грамади од градежен материјал, фрагменти од тегули, имбрекси и друго.
Mikul~i} I., TIR, 48. (Б.Б., Б.К.)

**Селиште**, населба од римското време. На 300 m југоисточно од селото, на падините на Говедарник и од двете страни на патот за селото Гудјаково, на поголема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и многу градежен материјал. Од овој локалитет во црквата Св. Никола е донесена мермерна биста без глава. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 47. (Б.Б., Б.К.)

**Торово Трло**, населба од доцноантичкото време. На 4,5 km источно од селото, на една блага падина се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и грамади од кршен камен.
Mikul~i} I., TIR, 48. (Б.Б., Б.К.)

## 33. ДРЕНОВЦИ

**Градиште**, утврдена населба од римското време. Во подножјето на јужната страна на врвот Љута, кој се наоѓа северозападно од селото, на околу 1 km во воздушна линија се гледаат остатоци од ѕидови ѕидани од кршен камен и варов малтер.
Mikul~i} I., TIR, 48. (Б.Б., Б.К.)

**Мрамор**, населба од доцноантичкото време. На околу 2 km југозападно од селото и источно од патот за селото Дупјачани се наоѓаат многубројни остатоци од темели на објекти, а по површината фрагменти од керамички садови, имбрекси и мермерни елементи од архитектонска пластика. Најдени се и монети. Изгледа дека населбата се простирала и на соседните локалитети Браилово, Лечиште и Бувало. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 48. (Б.Б., Б.К.)

## 34. ДУЊЕ

**Баево Трло**, некропола од римското време. На 2 km јужно од селото, покрај патот што води за рудникот за фелдспат Белуче е откриен гроб – циста, со конструкција од камени плочи и со ориентација исток -запад. Веројатно оттука потекнуваат двете надгробни плочи со натписи, едната вградена во ѕидовите, а другата во подот на селската црква, што подоцна биле пренесени во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, 153; Vuli} N., 1937, 25; Mikul~i} I., TIR, 47. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Грамаѓе – Голем Дол**, населба од римското време. На 3 km северно од селото, од левата страна на патот за Лигураса, на две помали тераси има грамади од градежен материјал и ѕидови од објекти, а по површината множество фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Дејчин Гроб**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m североисточно од селото, на едно зарамнето плато покрај патот за Лигураса се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)
**Малево Село – Лигураса**, населба од римското време. Се наоѓа на 5 km северно од селото, на блага падина десно од патот Прилеп-Дуње. По површината се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. Според преданието кај жителите, тука било старото село. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Прчинога**, населба од неолитското и доцноантичкото време. На околу 700 m западно од селото, во рамнината покрај Дуњска Река, на една блага падина поретко се среќаваат фрагменти од праисториска керамика и камени орудија, за разлика од доцноантичките кои се во голем број. Исто така, големо е присуството на градежни материјали (кршен камен, тегули и сл.).
Китаноски Б., 1961, 47. (Б.Б., Б.К.)

**Трпчева Црква**, населба, црква и некропола од средниот век. Се наоѓа на просторот помеѓу селата Кален и Дуње, односно 2 km југоисточно од селото Кален или 2 km југозападно од селото Дуње, а на околу 300 m лево од современиот пат Прилеп-Витолиште. Овде, на поголема површина се гледаат остатоци од разурнати градби меѓу кои централното место го зафаќа мал сакрален објект со полукружна апсида и ѕидови од кршен камен и варов малтер, зачувани до 1 m висина. Во непосредната близина на овој објект, на површина од околу 300 x 500 m се гледаат остатоци од други градби. Во 1985/86 година мештаните самоиницијативно изградиле црква од камен и кал врз темелите на сакралната градба. Околу објектот има некропола од која се истражени 40 гробни целости. Констатирано е дека се работи за еднослојна некропола на редови чии гробови се издлабени во ронлива карпа, а конструкциите им се изведени со делумно или целосно оградување од внатрешната страна на длабнатината, а има и гробови без оградување. Гробниот инвентар е богат и главно

Трпчева Црква, с. Дуње. – Средновековна некропола

се состои од предмети за украсување кои укажуваат дека почетоците на погребувањето се на крајот на IX и на почетокот на X век, а некрополата била употребувана и преку целиот XI век.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б., 1986, 117; Кепеска Л., 1992, 245-252; Кепеска Л., 1995, 13. (Л.К.)

## 35. ДУПЈАЧАНИ

**Гробишта**, некропола од римското време. Во нивата на Милисав Стоески, што се наоѓа на североисточниот крај на селото, се откриени два гроба, а на површината има поголем број надгробни плочи.
Mikul~i} I., TIR, 49. (Б.Б., Б.К.)

**Гробишта I**, некропола од римското време. На неколку стотици метри југоисточно од селото, во урнатините на малата гробишна црква се наоѓаат четвртеста урна без капак, украсена со гирланди и букраниони, една ара од мермер и повеќе фрагменти од мермерна пластика.

Вулиħ Н., Сп. LXXI, 148; Mikul~i} I., TIR, 49. (Б.Б., Б.К.)

**Лозја**, населба од римското време. На 600 m од селото, на југозападната падина од Сурун се наоѓаат фрагменти од керамички садови, тегули, покривни ќерамиди и друг градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 47. (Б.Б., Б.К.)

**Петро Ливада**, населба и некропола од римското време. На 1 km северозападно од селото и јужно од патот за селото Десово има поголем простор на кој се наоѓаат темели од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер, фрагменти од керамички садови, пирамидални тегови од земја и многу градежен материјал. Откриени се и гробови со конструкции од камени плочи.
Mikul~i} I., TIR, 47. (Б.Б., Б.К.)

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Од надворешната страна на селската црква, лево од влезот е вѕидана надгробна стела со релјефна претстава. На средината има олтар на кој стои мала фигура, а лево и десно од него маж и жена. Натписот е оштетен и не се чита.
Вулиħ Н., Сп. LXXI, 148. (Б.Б., Б.К.)

**Сурун**, населба од римското време. Се наоѓа на 1,2 km источно од селото, на северната падина на Сурун. На површината има фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и неколку фрагменти од архитектонски елементи од мермер, а се гледаат и остатоци од темели на објекти градени од кршен камен и варов малтер.
Mikul~i} I., TIR, 50. (Б.Б., Б.К.)

## 36. ЗАБРЧАНИ

**Забрчки Рид**, некропола од доцноантичкото време. На 1,2 km југоисточно од селото, над патот за Горно Село селаните откопале 9 гроба од камени плочи – тип циста, а во исфрлената земја се најдени неколку фрагменти од керамички садови. (Б.Б., Б.К.)

**Лозје**, населба од доцноантичкото време. На една блага падина што се наоѓа на 1 km југозападно од селото се забележуваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Мартинец**, населба од доцноантичкото време. На 1 km југозападно од селото, помеѓу патот Забрчани-Мраморани и Дупјачани–Сенокос се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Шалдашица**, осамен наод од римското време. На околу 2 km северозападно од селото, помеѓу патот за Долнени и железничката пруга Прилеп-Скопје биле наоѓани монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

## 37. ЗАГОРАНИ

**Кај чешмата**, монета од хеленистичкото време. Во нивата на Д. Мицкоски е најдена златна монета на Филип II која се чува во Заводот и музеј во Прилеп.
Кепески К., 1987, 41. (Б.Б., Б.К.)

**Попоица**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на Богоја Санкоски, што се наоѓа источно од неговата куќа, се среќаваат остатоци од темели на објекти градени од кршен камен и приделкани гранитни блокови, како и фрагменти од тегули и имбрекси.
Vuli} N., 1937, 51; Mikul~i} I., TIR, 135. (Б.Б., Б.К.)

**Тумба**, населба од неолитското време. Недалеку од селото има мала височинка на која се наоѓаат фрагменти од неолитска керамика.
Vuli} N., 1937, 51. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Латинска**, осамени наоди од римското време и средновековна црква. Во непосредната близина на селото, од неговата западна страна се наоѓа полуразурната црква од XIII-XIV век. Во неа и околу неа има антички сполии од мермер (делови од столбови, бази и делови од надгробни плочи). Оттука потекнува едно женско торзо што се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулиħ Н., Сп. LXXI, 154; Mikul~i} I., TIR, 135. (Б.Б., Б.К.)

## 38. ЗАПОЛЖАНИ

**Лозја**, населба од неолитското време. Недалеку од селото, на северната страна, во близината на патот за селото Кутлешево се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. (Б.Б., Б.К.)

**Ореова Бара**, населба од неолитското време. Во непосредната близина на селото по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од кремен и камен. (Б.Б., Б.К.)

**Шаторица**, населба од доцноантичкото време. На 3 km источно од селото, во нивите на ЗИК „Прилеп", кои се на блага височинка, во непосредната близина на некогашниот бунар се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

## 39. ЗРЗЕ

**Долна Црква**, осамени наоди од римското време. Помеѓу гробовите од сегашната селска некропола се наоѓаат ара од бел мермер и неколку фрагментирани колони од мермер. (Б.Б., Б.К.)

**Манастир Зрзе**, базилика од старохристијанското време. На околу 150 m северозападно од манастирот

се наоѓаат остатоци од базилика од која се гледа дел од апсидата. (Б.Б., Б.К.)

**Стари гробишта**, сакрален објект од римското време. Помеѓу старите гробови на денешните селски гробишта се гледаат остатоци од ѕидови од античка градба. Во непосредната близина се наоѓа четвртеста база од мермер со стопа за столб во горниот дел, фрагмент од надгробна плоча од бел мермер со траги од грчки натпис, капител од мермер, мермерна стопа од столб и повеќе фрагменти од други столбови.
Вулић Н., Сп. LXXI, 393; Mikul~i} I., TIR, 137. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Никола**, осамен наод од римското време. Во ѕидовите на црквата се вѕидани надгробна стела од бел мермер, релјефно обработена, и горен дел од мермерна плоча со претстава на човечка глава и дел од човечко торзо. Надгробната стела има калкан и четвртесто поле. Во калканот се претставени две фигури што стојат и меѓу нив сад, а во четвртестото поле шест фигури исто така простум. Под нив има два коњаника свртени еден кон друг. На плочата се гледаат и траги од грчки натпис.
Вулић Н., Сп. LXXI, 391, 394. (Б.Б., Б.К.)

## 40. КАДИНО СЕЛО

**Божиница**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото се гледаат темели од објекти градени од кршен камен и варов малтер, а по површината фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. Најдени се и повеќе бронзени монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Богородица**, осамени наоди од доцноантичкото време. На гробиштата покрај црквата се наоѓаат обработени блокови од мермер. На неколку од нив има траги од профилација. (Б.Б., Б.К.)

## 41. КАЛЕН

**Грамаѓе**, населба и некропола од римското време. На 500 m северно од селото, лево од патот за селото Кокре се констатирани траги од некропола. Имено, најдени се фрагменти од мермерни плочи со релјефни претстави и натписи. Во околните ниви има фрагменти од керамички садови и грамади од кршен камен.
Вулић Н., Сп. LXXI, 156; Вулић Н., Сп. XCVIII, 169. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Катун**, средновековна населба. На околу 200 m западно од селото и 50 m лево од патот за селото Кокре има природна височинка на чија површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, расфрлени камења и камени плочи. Најголемата концентрација на остатоците е на простор од околу 100 x 50 m, издолжен во правец исток-запад. Оттука потекнува камена мелница која се чува во куќата на Божин Бошевски.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б., 1986, 116; Кепеска Л., 1995, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Маркови Кули**, тврдина од доцноантичкото време и средниот век. На доминантна карпеста височина со зарамнето плато, што се наоѓа на 1 km североисточно од селото, се гледаат остатоци од разурнати градби. Од северозападната страна тврдината е заштитена со дебели бедемски ѕидови широки околу 1,50 m, а од југоисточната со стрмни карпи. Вдлабнатите кружни отвори во карпите упатуваат на лежишта од конструкции на градби. Тврдината има две нивоа. Била изградена и користена во рановизантискиот период, а обновена во средниот век.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б., 1986, 116; Кепеска Л., 1995, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Темник – Отспроти**, некропола од хеленистичкото време. На 200 m источно од селото и 900 m десно од Кокречка Река, на една природна височинка во самата карпа се вдлабени три гроба со ориентација исток-запад и север-југ. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Трпчева Црква**, средновековна населба и црква. На 2 km југоисточно од селото и на околу 300 m лево од патот Прилеп-Витолиште се гледаат остатоци од сакрален објект со полукружна апсида ѕидана од кршен камен и варов малтер. Од северната и јужната страна има по еден анекс, ѕидан исто така од кршен камен и варов малтер. На неколку места во ѕидот се гледаат архитектонски елементи од мермер употребени како сполии. Околу објектот, на површина од 300 x 150 m има остатоци од темели и многу градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црква Св. Спас**, осамени наоди од римското време. Во западниот ѕид на селската црква, од надворешната страна се вградени 4 мермерни сполии, а во источниот три сполии. Чесната трпеза во олтарот е направена од мермерна плоча. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црквиште**, старохристијанска црква. На 600 m северно од селото се наоѓаат остатоци од помала градба, ѕидана од кршен камен и варов малтер, од која источниот ѕид е зачуван во должина од 4,60 m, а јужниот од 5,5 m. Во непосредната близина има грамада од кршен камен и приделкани камења и дел од обработена мермерна плоча. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 42. КОКРЕ

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 1,5 km источно од селото, на едно зарамнето плато се среќаваат остатоци од утврдена населба, и тоа грамади од кршен камен и фрагменти од керамички садови.

Mikul~i} I., TIR, 72. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m источно од селото и 500 m западно од локалитетот Градиште, на една блага падина што се спушта кон Кокрешка Река се гледаат грамади од кршен камен, а спорадично има и фрагменти од керамички садови.
Кепески К., Кепеска Л., Китаноски Б., 1986, 122. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Корита**, средновековна некропола. На 500 m јужно од селото, на една мала височинка има 4 корита вдлабени во карпа. Трите корита се меѓусебно поврзани со кружни отвори. Откриени се гробови во секундарна употреба, со ориентација исток-запад. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Спасица**, светилиште од римското време. На околу 200 m источно од последните куќи на селото, на левиот брег на Кокрешка Река се наоѓа новоизградено манастирче Св. Спас во кое се вградени антички мермерни сполии, и тоа во јужниот ѕид. Околу него има рсфрлени повеќе парчиња од мермер и архитектонска пластика и една фрагментирана стела, исто така од мермер. Конфигурацијата на теренот упатува на можно постоење на светилиште. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црква Св. Архангел**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото, на околу 100 m источно од последните селски куќи се наоѓа денешната црква, подигната во 1866 година. Покрај источната ограда на гробиштата, на површина од 100 $m^2$ се констатирани гробни конструкции од вертикално поставени камени плочи од постара некропола. Гробовите формираат редови со ориентација запад -исток.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски К., 1986, 115; Кепеска Л., 1995, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 43. КРИВОГАШТАНИ

**Крајни Ѕид**, осамен наод од римското време. Во непосредната близина на селото, во нивата на Блаже Комисиоски се најдени статуета од бронза со оловен постамент и монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Vuli} N., 1937, 28. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Димитрија**, осамен наод од римското време. Во црквата се чува мермерна надгробна плоча со рељефна претстава на две машки и две женски бисти. Горе има калкан со палмета и акротерија, а во едикулата претстава на коњаник, дете што стои на ара и десно од него жена. Под нив има грчки натпис во 10 реда.
Вулић Н., Сп. LXXI, 157. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Никола**, осамен наод од римското време. Во црквата се чува надгробна стела од мермер со рељефна претстава во две полиња. Во горниот дел лево има две мали фигури на постамент, а десно три фигури што лежат и десно од нив жена што седи. Во долното поле стојат три фигури.
Вулић Н., Сп. 157; Vuli} N., 1937, 28. (Б.Б., Б.К.)

## 44. КРУШЕАНИ

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Од надворешната страна на црквата е ѕидана надгробна плоча со рељефна претстава на жена што стои меѓу два коњаника. Над рељефот има оштетен грчки натпис.
Вулић Н., Сп. LXXI, 158; Vuli} N., 1937, 28. (Б.Б., Б.К.)

## 45. КРУШЕВИЦА

**Бабо – Калдрма**, населба и некропола од римското време. На околу 1 km јужно од селото, на една блага височинка со зарамнето плато се гледаат големи грамади од кршен камен, градежна керамика и фрагменти од керамички садови, претежно со убава црвена боја. Во непосредната близина на теренот се наоѓаат корита вдлабени во карпа, кои веројатно биле гробови. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Градиште**, рефугиум од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, од југозападната страна, на блага височинка се среќаваат разурнати ѕидови и фрагменти од ќерамиди, а спорадично и од керамички садови.
Mikul~i} I., TIR, 76. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Грамаѓе – Букло**, населба од римското време. На 2 km јужно од селото, на блага височинка има грамади од кршен камен, расфрлен градежен материјал и фрагменти од керамички садови. (Б.К., Л.К., К.К.)

**До селото**, некропола од римското време. Во непосредната близина на селото, во нивите што се наоѓаат помеѓу локалитетот Страгата и патот за селото Чаништа има остатоци од некропола. Така, во нивата на Р. Учкоски уште пред Втората светска војна биле откопани надгробна стела, статуетка од бронза со претстава на богот Меркур, ламби и други наоди. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје и во Заводот и музеј во Прилеп.
Вулић Н., Сп. LXXI, 57; Vuli} N., 1937, 28. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Каве**, населба и некропола од хеленистичкото и римското време. На 2,5 km западно од селото, на површините околу котата 1.472 се среќаваат остатоци од разурнати ѕидови, грамади од камен и еден затрупан бунар. На истиот простор има голема концентрација на гробови – корита издлабени во карпа. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Манастир Св. Недела**, сакрален објект од старохристијанското време. Источно од селото, во непос-

редната близина на патот за селото Чаништа се наоѓа новата црква која, според кажувањето на жителите, била изградена врз темелите на постара црква. Во олтарот, кај чесната трпеза има профилирана база од мермер. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Падарница**, тумул од железното време. На оддалеченост од околу 2,5 km јужно од селото, покрај патот за селото Чаништа има мал тумул со неправилна основа од 8 x 5 m и зачувана височина од 1-1,5 m, ограден со камени плочи на работ од основата и на врвот. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Страгата**, тумул од железното време. Непосредно до селото, од источната страна се издига тумул висок 2-3 m и со пречник во основата од 15 m, кој во средишниот дел е оштетен од диво копање. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црква Св. Архангел**, осамен наод од римското време. Во самата црква се наоѓа дел од мермерно столпче со елипсовиден пресек, а во дворот делумно оштетена надгробна стела од мермер, со релјефна претстава на жена и дете. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црквиште**, сакрален објект од старохристијанското време. На 3 km североисточно од селото, од левата страна на патот за селото Чаништа има мала височинка со зарамнето плато, со простор од 10 x 10 m, на која се гледаат делови од ѕидови на објект граден од кршен камен и варов малтер, од кои најдобро се зачувани оние во северозападниот агол. Околу објектот има расфрлени камени плочи, а во непосредната близина е најдена ара изработена од локален камен. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 46. КУТЛЕШЕВО

**Петочна Вода**, населба од римското време. На 150 m јужно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, тули, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Присој**, населба од неолитското време. На околу 500 m југозападно од селото и исто толку западно од патот за селото Заполжани, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и куќен лепеж.
Китаноски Б., 1961, 44. (Б.Б., Б.К.)

## 47. ЛАЖАНИ

Чука, населба од неолитското време.
Китаноски Б., 1989, 47. (Д.Г.)

## 48. ЛЕНИШТА

**Заполошка Река**, депо на монети од римското време. Во непосредната близина на селото, Јордан Јошески нашол 13 римски монети од бронза (Аврелијан, Максимијан, Комод, Проб и Фаустина). Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

## 49. ЛОПАТИЦА

**Неделска Вода**, осамен наод од старохристијанското време. Во нивата на Ѓорѓија Јовановски, што лежи недалеку од селото, биле откопани питос и крст од бронза, од палестинско потекло. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

## 50. МАЖУЧИШТЕ

**Бањски Дол**, депо на римски монети. Во непосредната близина на селото, во местото Бањски Дол се најдени римски монети што се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Тумба – сред село**, населба од римското време. Во центарот на селото, на десната страна од патот за Брод, а јужно од задружниот дом се наоѓаат урнатини од објекти, архитектонски делови од мермер и плочи со релјефни претстави, исто така од мермер. (Б.Б., Б.К.)

## 51. МАЛ РАДОБИЛ

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во дворот на црквата се чува фрагментирана плоча од мермер со грчки натпис.
Вулиќ Н., Сп. LXXI, 177. (Б.Б., Б.К.)

## 52. МАЛО МРАМОРАНИ

**Црква Св. Атанас**, осамен наод од римското време. Во ѕидовите на полуурнатата црква, како и околу неа, се наоѓаат голем број антички мермерни сполии (делови од стебла на столбови, стопи и дел од женска статуа). (Б.Б., Б.К.)

## 53. МАЛО РУВЦИ

**Друм**, осамен наод од римското време. Источно од современиот пат Прилеп-Битола, во непосредната близина на управната зграда на стопанството „Мирче Ацев" работниците откопале голем питос кој се наоѓа во дворот на споменатото стопанство. (Б.Б., Б.К.)

**Црква**, осамен наод од римското време. Во олтарот на селската црква, како база на чесната трпеза служи дел од мермерен столб кој на едната страна има релјефна претстава на коњаник, а на спротивната женска фигура што стои. Околу црквата има фрагментирана плоча од бел мермер со релјефно претставена розета и ара од мермер која на челната

страна има гирланда и две бисти, исто така релјефно претставени.
Вулиħ Н., Сп. LXXI, 179; Вулиħ Н., 1937, 29; Mikul~i} I., TIR, 84. (Б.Б., Б.К.)

## 54. МАНАСТИР

**Грамаѓе – Белило**, некропола од римското време. На околу 200 m источно од селото, во профилот на површинскиот коп на рудникот се гледаат група камења. Според кажувањето на работниците, порано биле откриени неколку питоси и еден гроб со конструкција од камени плочи, во кој биле најдени монети. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Камен Крст – Присој**, некропола од римското време. На 500 m северозападно од селото, во левиот профил од засекот на патот се гледа оштетен гроб со конструкција од големи камени плочи – тип циста. На блага падина над патот има покривни плочи од гробни конструкции, како и фрагменти од керамички садови. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Камено Корито**, осамен наод од римското време. На околу 200 m југозападно од селото, на десниот брег на Црна Река, во карпите има издлабено корито за гмечење грозје. Обликот му е правоаголен, со димензии од 2,80 x 2,45 x 0,50 m. На западната и на јужната страна има отвори – канали, а на источната отвор со пречник од 0,10 m кој води во полукружен базен со пречник од 1,5 m. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Манастир Св. Никола**, средновековна црква и некропола. Во непосредната близина на селото, од јужната страна се наоѓа манастирската црква Св. Никола, која е трикорабна базилика и со две фази на градба. Постарата црква била подигната во 1095 година, а поновата (сегашната) во 1266 година и живописана во 1271 година. Пред влезот, како и во црквата, има мермерни сполии од римското време, а на просторот околу неа и средновековна некропола. Во текот на конзерваторските работи на црквата се преземени и археолошки ископувања во северниот дел на манастирскиот двор каде што се откриени 12 гроба со конструкции од камени плочи или делумно оградени со камен. Според горбните прилози, некрополата била употребувана во XIV-XV век.
Коцо Д., Миљковиќ П., 1958; Бабиќ Б., 1981, 33; Китаноски Б., 1986, 115; Кепеска Л., 1995, 13. (Л.К.)

**Маркови Кули – Градок**, средновековна тврдина и црква. Кај утоката на Лесничка Река во Црна Река, на еден висок рид со зарамнето плато наречен Градок има остатоци од бедем широк околу 2 m, граден од поголеми и помали приделкани камења. На југоисточниот крај на ридот се гледаат остатоци од трикорабна базилика, со димензии од 15 x 8 m, ѕидана од приделкан камен, тули и варов малтер, од која апсидата и делови од бочните ѕидови се делумно зачувани. На десетина метри југозападно од неа се

Маркови Кули – Градок, с. Манастир.
– Старохристијанска базилика (Н.Ч.)

гледаат остатоци од мала црквичка, градена од истиот материјал и во истата техника. По целата површина на тврдината има остатоци од градби, фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б., 1986, 118; Кепеска Л., 1995, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Плевење**, некропола од доцноантичкото време. На околу 100 m северозападно од селото, во нивите е откриен гроб од камени плочи – тип циста, поставен во правец североисток-северозапад. Гробни конструкции од камен, фрагменти од керамички садови и питоси има речиси по целата површина на теренот. (Б.Б., Б.К.)

## 55. МЕЛНИЦА

**Садевите**, населба од доцноантичкото време. Во местото каде Полчишки Дол се влева во Витолишка Река, на една пространа тераса што зафаќа површина од неколку хектари има голем број фрагменти од керамички садови, питоси, згура од топена железна руда и градежен материјал. На горниот крај на теренот има остатоци од темели на тврдина. На локалитетот се најдени повеќе византиски монети.
Vuli} N., 1937, 31; Mikul~i} I., TIR, 85; Керамидчиев А., 1978, 119-120. (А.К.)

**Стојанов Шопур**, средновековна населба со некропола. Во месноста Отин, оддалечена 4,5 km северно од селото, има природна височинка со пад кон северозапад, на која се гледаат конструкции од гробови

градени од камени плочи, со мали отстапувања во ориентацијата запад-исток. Северно од гробовите има грамади од кршен камен, фрагменти од керамички садови, питоси и згура од топено железо.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б., 1986, 119; Кепеска Л., 1995, 13. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црква Св. Димитрија**, осамен наод од римското време. Во црквата има фрагменти од антички столб, а од надворешната страна на западниот ѕид е вградена плоча од камен со грчки натпис во 7 вертикални редови. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 56. НЕБРЕГОВО

**Гробиште**, осамени наоди од римското време. На 600 m југозападно од селото, во полуурнатата црква и напуштените гробишта се наоѓаат неколку антички сполии од мермер, и тоа: дел од капак од детски саркофаг на две води и пирамидално парче на чии страни релјефно е претставен сот од пчели. (Б.Б., Б.К.)

**Дрениче**, населба од доцноантичкото време. На околу 1,5 km југоисточно од селото и на околу 200 m источно од патот за Прилеп се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и монети.
Микулчиќ Г., 1987, 187. (Б.Б., Б.К.)

**Круши**, населба од римското време. На 800 m југозападно од селото, во нивата на Ј. Црвенкоски е откриен поголем број тули, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди.
Mikul~i} I., TIR, 90. (Б.Б., Б.К.)

**Латинска Црква**, старохристијанска црква и некропола. На 1 km јужно од селото се откриени урнатини од темели на објект – црква во која има повеќе блокови од мермер. Југоисточно од црквата со орањето селаните откриле гробови поставени во правец запад-исток.
Mikul~i} I., TIR, 90. (Б.Б., Б.К.)

**Лечиште**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 2 km западно од селото, а северно од патот за селото Дупјачани. По површината има фрагменти од керамички садови со сива и црвеникава боја и орудија од камен и кремен.
Китаноски Б., 1961, 45. (Б.Б., Б.К.)

**Манастириште**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. На околу 2 km североисточно од селото, на една поголема површина се наоѓаат фрагменти од керамички садови и многуброен градежен материјал. Во нивата на Драган Нешкоски се откриени остатоци од базилика градена од кршен камен и варов малтер. Најдени се и два јонски импост-капители украсени со крстови и птици во плиток релјеф.
Mikul~i} I., TIR, 90; Лилчиќ В., 1984, 98. (Б.Б., Б.К.)

**Орман – Буков Дол**, тврдина, мал кастел од римското време. На околу 3,5 km североисточно од селото се наоѓаат остатоци од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер.
Mikul~i} I., TIR, 90. (Б.Б., Б.К.)

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во јужниот ѕид од надворешната страна на црквата е всидана мермерна плоча со релјефна претстава на Атина и Херкул. Пред црквата се наоѓа фрагментиран столб.
Вулић Н., Сп. LXXI, 163. (Б.Б., Б.К.)

## 57. НИКОДИН

**Антои Грамади**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото, во плантажните лозја на ЗИК „Прилеп“, со рилањето на земјата се откриени неколку надгробни споменици од мермер и песочник. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Бресје**, осамени наоди од римското време. На 1,5 km источно од селото, во урнатата црква што се наоѓа во близината на патот за селото Фариш има неколку антички сполии од мермер. Се работи за надгробни стели и парчиња од архитектонска пластика.
Mikul~i} I., TIR, 91. (Б.Б., Б.К.)

**Глоговица**, некропола од римското време. На 1 km источно од селото е најдена надгробна стела со релјеф и без натпис, како и монети на Хадријан и Антониј Пиј.
Vuli} N., 1937, 33; Mikul~i} I., TIR, 91. (Б.Б., Б.К.)

**Кутра**, населба од римското време. На една блага височинка, оддалечена 1 km југоисточно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди.
Mikul~i} I., TIR, 91. (Б.Б., Б.К.)

**Нерезиње**, некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km северозападно од селото, покрај патот за селото Извор се откриени гробови од камени плочи.
Mikul~i} I., TIR, 91. (Б.Б., Б.К.)

## 58. НОВОСЕЛАНИ

**Св. Ѓорѓија**, осамени наоди од римското време. Во дворот на црквата се наоѓа голем број обработени мермерни блокови, како и неколку фрагменти од надгробни стели. (Б.Б., Б.К.)

**Слатина**, населба од доцноантичкото време. На еден помал простор што се наоѓа 1,5 km североисточно од селото и на околу 400 m североисточно од

патот Прилеп-Кичево има множество градежен материјал (камен, тегули, тули). (Б.Б., Б.К.)

**Стари Лозја**, населба од римското време. На 1 km од селото, на блага падина близу до патот Бело Поле-Мажучиште се откриени остатоци од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. По површината има фрагменти од покривни ќерамиди, тули и керамички садови. (Б.Б., Б.К.)

## 59. ОБРШАНИ

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во дворот на црквата се чува оштетена мермерна плоча на која има релјефна претстава на две бисти.
Вулић Н., Сп. LXXI, 164. (Б.Б., Б.К.)

## 60. ОРЕОВЕЦ

**Далов Гроб**, некропола од римското време. На просторот помеѓу селото и црквата е откриена надгробна плоча која има калкан, а под него во двојната едикула се претставени по две фигури во два реда. Под нив има грчки натпис во 6 реда.
Вулић Н., Сп. LXXI, 164. (Б.Б., Б.К.)

**Леково**, депо на римски монети. Западно од селото, во нивата на Гане Трајкоски се најдени повеќе бронзени монети кои се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Лозја**, некропола од римското време. Недалеку од селото, во нивата на Јордан Илиески е најдена надгробна стела од мермер со претстава на воин. (Б.Б., Б.К.)

**Ореовечка Река**, населба од римското време. Непосредно под селото, на десниот брег на Ореовечка Река, во нивата на Коста Богески се наоѓаат делови од архитектонски елементи (бази, столбови и архитравни греди од мермер). Најден е и еден јонски капител со волути. (Б.Б., Б.К.)

**Пештерица**, населба од неолитското и римското време. На околу 2 km југозападно од селото, во непосредната близина на местото каде Ореовечка Река се влева во Присатска Река, на зарамнето плато има траги од населување. Со ископувањата во 1964 и 1976 година се откриени фрагменти од керамички садови, орудија од камен и коска, како и остатоци од живеалишта од населба од постариот неолит. Во непосредната близина се најдени и остатоци од антички објекти градени од кршен камен и варов малтер, како и каптажа за водовод. По површината има делови од мермерна архитектонска пластика. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Сариа Б., 1925а, 110; Вулић Н., Сп. LXXI, 169; Babi} В., 1965а, 131-133; Кепески К., 1976, 143; Китаноски Б., 1978а, 155. (Б.Б., Б.К.)

**Црквиште – Бачкова Нива**, населба од доцноантичкото време. На поголема површина се гледаат урнатини од објекти, градежен материјал (тули, ќерамиди, кршен камен) и фрагменти од керамички садови.
Вулић Н., Сп. LXXI, 136. (Б.Б., Б.К.)

## 61. ПАШИНО РУВЦИ

**Селиште – Могилани**, населба од римското време. На 1,5 km североисточно од селото, а на околу 600 m западно од реката Блато и во близината на лаката има поголема површина на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и кршен камен. (Б.Б., Б.К.)

**Селска црква**, осамени наоди од римското време. Во црквата и во нејзиниот двор се наоѓаат повеќе споменици од мермер, и тоа: фрагментирана надгробна стела со грчки и латински натпис која на средината има претстава на коњаник и пред него дрво; женска статуа од бел мермер без глава, висока 1,35 m, и капител украсен со волути и акантус.
Вулић Н., Сп. LXXI, 179. (Б.Б., Б.К.)

**Тумба – Чаир**, населба од бронзеното време. На 2,5 km јужно од селото има мала тумба (кота 595) на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж и орудија од камен.
Китаноски Б., 1961, 44. (Б.Б., Б.К.)

## 62. ПЕШТАНИ

**Валјето**, осамен наод од римското време. На 1 km јужно од селото, западно од локалитетот Грмот, а источно од локалитетот Пештани има две корита со правоаголна форма, издлабени во карпа. Коритата се поврзани со каналче. Ориентација исток-запад. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Грамаѓе**, населба од римското време. На 500 m северно од селото има долгунест рид на кој, во горниот дел, се гледаат остатоци од градби, односно грамади од кршен камен, покривни ќерамиди и фрагменти од керамички садови. Оттука во 1964 година селаните пренеле неколку мермерни споменици во училиштето во селото Дуње.
(Б.К., Л.К., К.К.)

**Грмот**, населба и некропола од римското време. На 1 km јужно од селото има природна височинка што се спушта терасесто кон селото, на која има расфрлени камења, фрагменти од покривни ќерамиди и керамички садови. На пониската тераса се среќаваат поголеми покривни плочи од гробови. Во чешмата е вграден поголем мермерен блок, а во нејзината непосредна близина се наоѓа дел од мено. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Пештера**, населба од римското време. На околу 1 km југозападно од селото, на падините на една мала височинка, кои се спуштаат кон селото, се наоѓаат остатоци од темели на ѕидови, кршен камен, фрагменти од покривни ќерамиди и керамички садови, а има и еден столб изработен од локален камен. На највисокиот дел од теренот, опкружен со гранитни карпи, во 1950 година е подигнато мало манастирче. Од овој локалитет потекнува една вотивна плоча со претстава на Херакле што се чува во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Рипниш**, осамен наод од римското време. На околу 100 m од црквата Св. Ѓорѓија, што се наоѓа на северозападната страна од селото, има две корита издлабени во карпа. Едното е правоаголно а другото со квадратна основа. Коритата се поврзани со кружен отвор со пречник од 0,13 m. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црква Св. Ѓорѓија**, осамени наоди од римското време. Во ѕидовите на црквата има вградени повеќе мермерни сполии, и тоа: во јужниот ѕид плоча со грчки натпис, плоча со профилирано поле и грчки натпис и ара со релјефна претстава на коњаник и жена; во југоисточниот и југозападниот агол има база за столб и профилиран блок со грчки натпис. Пред западниот влез стои мермерна база и на неа мала ара, а пред југозападното ќоше исправен столб. Во ѕитчето што се потпира на црквата има две фрагментирани мермерни стели кои се доста излижани. На едната се претставени маж и жена, а на другата двајца мажи.
Вулиќ Н., Сп. LXXI, 167. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Црквиште**, светилиште од римското време. На околу 500 m северозападно од селото има блага природна височинка на која се наоѓаат повеќе камења од градби, како и елементи од архитектонска пластика, и тоа профилирана мермерна база поставена на четвртест мермерен блок на кој има грчки натпис, фрагмент од мермерен столб и мермерна база делумно оштетена. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 63. ПЛЕТВАР

**Барички Дол**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на Трајан Данески, што се наоѓа на 500 m јужно од селото, покрај патот Прилеп-Градско, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Плетвар**, осамен наод од римското време. На мермерниот масив над селото има врежан натпис посветен на Zevs Agoraios.
Вулиќ Н., Сп. LXXI, 170; Mari} R., 1933, 35, 47; Heire L., Daumet H., 1876, 226-227; Düll Z., 1977, 111-112. (Б.Б., Б.К.)

**Селиште**, осамен наод од римското време. Во нивата на Милан Мурџески, која е недалеку од селото, е најдена мала вотивна плочка од мермер со претстава на Тракиски коњаник. Наодот се чува кај сопственикот на нивата. (Б.Б., Б.К.)

**Чашка**, осамен наод од римското време. На 1 km северно од селото, при изградбата на новата траса на патот за Градско, работницита нашле вотивна плочка од мермер со релјефна претстава на две афронтирани змии и меѓу нив кантарос поставен на постамент на кој има некаков плод. Наодот се чува во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 64. ПОДМОЛ

**Кутлиште**, осамен наод од римското време. На околу 50 m од куќата на Благоја Талески е најдена теракота која претставува женска фигура и монети од Јулиј Цезар. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Павла Чука**, населба од римското време. На 2,5 km источно од селото, по површината на нивите се среќава множество фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и тули. На ова место биле најдени и повеќе монети од сребро и бронза од времето на Хадријан. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Vuli} N., 1937, 36; Mikul~i} I., TIR, 102. (Б.Б., Б.К.)

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во тремот на селската црква се наоѓа ара од мермер на која има грчки натпис во 9 реда.
Vuli} N., 1937, 36. (Б.Б., Б.К.)

**Училиште**, населба од хеленистичкото време. На просторот од училиштето и околу него, по површината се гледаат темели од објекти, фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, тули и питоси. Најдени се и повеќе обработени плочи од мермер.
Vuli} N., 1937, 36. (Б.Б., Б.К.)

## 65. ПОЛЧИШТЕ

**Во селото**, викус со храм и некропола од раноантичкото време.
Вулиќ Н., Сп. LXXI, 421; Mikul~i} I., TIR, 85. (Д.Г.)

**Јолева Ограда**, населба и топилница од доцноантичкото време. На висок рид што се наоѓа на источната страна од селото се гледаат грамади од камења насобрани при чистењето на нивите, фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и остатоци од железна руда.
Керамидчиев А., 1978, 118-119. (А.К.)

**Тамбурџиева Нива**, утврдена населба од римското време. На околу 50 m северно од селото, на зарам-

нето плато има множество градежен материјал, фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и рачни мелници. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 66. ПРИЛЕП

**Али Чаир**, населба од неолитското и римското време. При изградбата на новата населба Али Чаир, на улицата „Душко Наумовски“ бр. 12, со ископувањата во 1968 и 1972 година е утврден културен слој со еден хоризонт на живеење, поточно, остатоци од населба од доцниот неолит. На околу 100 m северно, на местото каде што се наоѓа Зоолошката градина, исто така при градење на станбени згради се откриени темели од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер, како и множество фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и архитектонски елементи од мермер. Во непосредната близина се најдени и две плочки од мермер со релјефна претстава на божиците Венера и Минерва. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., 1969, 19; Кепески К., 1979, 55. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Баба**, тврдина и депо на монети од доцноантичкото време. Во непосредната близина на карпата што се вика Баба, оддалечена 5 km североисточно од градот, а на левата страна од патот Прилеп-Велес преку Бабуна се откриени масивни ѕидови градени од крупен камен. По површината има грамади од кршен камен и покривни ќерамиди. Најдено е депо на монети од 51 фолиси и полуфолиси, сите од VI век. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Кепески К., 1977, 181; Микулчиќ Г., 1987, 187; Лилчиќ В., Миткоски А., 1995, 147. (Б.К., Л.К., К.К.)

Баба, Прилеп. – Населба од доцноантичкото време (В.Л.)

**Бакалица**, некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km северозападно од железничката станица во Прилеп и на околу 120 m јужно од патот Варош-Мало Коњари, во 1961 година е извршено ископување. Откриени се повеќе гробови со кремирани покојници. Постарите имаат конструкции ѕидани од кршен камен и плочи, а поновите од тегули поставени на две води. Најдени се садови од керамика и стакло, бронзени фибули, монети и др.
Babi} B., 1961a, 97. (Б.Б., Б.К.)

**Болница – Учителско училиште**, населба од неолитското, некропола од железното и осамен наод од римското време. На местото на денешната болница, некогашното Учителско училиште, постоела голема тумба – неолитска населба, која е уништена. Во 1925 година биле откриени 4 гроба градени од камени плочи – тип циста, во кои имало керамички садови, дел од копје, меч и фибула од бронза. Во ѕидот на оградата на болницата се вградени мермерни бази украсени со гирланди и буканиони. Наодите не се зачувани.
Кокић М., 1926, 494; Трухелка Ћ., 1929a, 59; Вулић Н., Сп. LXXI, 172. (Б.Б., Б.К.)

**Бончеица**, населба и некропола од доцноантичкото време. Неколку стотици метри јужно од булеварот „Маршал Тито“, со копањето на темели за станбена зграда се откриени доцноантички објект, неколку питоси и многубројни фрагменти од керамички садови. Во непосредната близина се откриени гробови со конструкција од тегули „на две води“. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 104. (Б.Б., Б.К.)

**Долно Садово**, населба од неолитското време. На 4 km јужно од градот, покрај железничката линија Прилеп-Битола, во нивата на Орде Паноски по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени алатки, како и дислоциран куќен лепеж.
Китаноски Б., 1961, 43. (Б.Б., Б.К.)

**Илино**, средновековна некропола. Во непосредната близина на градот, во месноста наречена Шаторов Камен, на зарамнето плато со површина од 200 x 50 m се гледаат 6 гробни конструкции кои биле откопани од жителите. Гробовите се градени од камени плочи, а како прилози биле најдени белезици од тордирана бакарна жица и друго. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Каменица**, населба од енеолитското време. На околу 2 km североисточно од последните куќи на градот и на околу 500 m северно од патот Прилеп-Велес преку Бабуна, на блага падина што се спушта од Кукул, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени орудија и дислоциран куќен лепеж.
Китаноски Б., 1961, 46. (Б.Б., Б.К.)

**Караташ**, некропола од римското време. На околу 500 m северозападно од касарната, во лозјето на Ѓорѓи Ивановски при орањето биле уништени неколку гробови во кои се најдени керамички садови и еден постамент за стела. Од овој локалитет потекнуваат стела со грчки натпис во 8 реда и релјефна претстава на жена, која се чува во Музејот на Македонија во Скопје, и фрагментирана мермерна стела со приказ на девојка која во раката држи птица и венец, која сега се наоѓа во Заводот и музеј во Битола.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 175. (Б.Б., Б.К.)

**Касарни**, некропола од железното време. Во непосредната близина на касарните, од јужната страна е откриен гроб граден од камени плочи. Во гробот се најдени еден керамички сад и два висулци со форма на очила. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б. 1976, 122. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Кладенец**, случајни наоди – монети од римското време. На околу 1 km северно од градот, на левата страна од превојот Зеленик-Маркови Кули се најдени повеќе римски монети кои се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
(Б.Б., Б.К.)

**Крклари**, некропола од хеленистичкото време. На 500 m северно од последните куќи на градот, во подножјето на седлото Зеленик, пред Втората светска војна Никола Вулиќ открил две гробници издлабени во карпа, од типот „македонски“ гробници со тесен ходник, засводено предворје и гробна комора. Во 1958/59 година, на стотина метри јужно од горенаведените гробници беа откриени уште 4 гробници од истиот тип. Во нив се најдени остатоци од кремирани скелети, теракоти, керамички садови и друго. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Vuli} N., 1937, 36; Aleksova B., 1959v, 67; Mikul~i} I., 1966, 75; Бабиќ Б., 1981, 25. (Б.Б., Б.К.)

**Кукул**, населба од римското време. На околу 2 km североисточно од последните куќи на градот, во подножјето на височината Кукул по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, монети и множество градежен материјал. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Лилчиќ В., Миткоски А., 1995, 147. (Б.Б., Б.К.)

**Куршумли-ан**, осамени наоди од римското време. Во центарот на градот, во непосредната близина на Домот на АРМ е зачуван речиси целиот западен ѕид од турскиот ан, изграден во XV век. Околу него во паркот се сместени делови од антички мермерни архитектонски споменици кои се извадени од анот.
Бабиќ Б., 1971б, 14. (Б.Б., Б.К.)

**Параклис**, осамен наод од римското време. Во дворот на црквата Св. Кирил и Методиј се наоѓаат три надгробни стели од мермер, од кои една е фрагментирана и има грчки натпис во четири реда. На сите три плочи има претстави на човечки фигури што стојат.
Вулић Н., Сп. LXXI, 170. (Б.Б., Б.К.)
**Поводеници**, случаен наод од римското време. На 1,5 km југоисточно од касарните, а на 400 m североисточно од градскиот базен, во 1961 година, при копањето на дупки за расадникот, работниците откриле два поголеми питоса што се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Силос**, некропола од римското време. Во непосредната близина на железничката станица, кај стариот силос за жито, при изградбата на неговиот втор дел биле откриени конструкции од камени плочи и тегули. Најдена е бронзена статуетка на Херакле. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Тополка – Шилево**, некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km јужно од Институтот за тутун, во непосредната близина на железничката пруга Прилеп-Скопје, при орањето на нивите е откриен гроб со кремиран покојник. Во него се најдени два сада од керамика, две лампи, фрагменти од стаклени

садови и една римска монета од бронза. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Тражица**, фурна од римското време. Во новото корито на Ореовечка Река, во непосредната близина на фабриката „Партизанка“ се откриени неколку фурни за печење на градежна керамика. (Б.Б., Б.К.)

## 67. ПРИЛЕПЕЦ

**Безистен**, населба од бронзеното време, населба со некропола од хеленистичкото и римското време. На едно плато што се наоѓа на 1 km југозападно од селото, со ерозијата на земјата се откриени повеќе камени секири со отвор за држалка, фрагменти од керамички садови и бронзени предмети. Исто така се најдени надгробни стели, македонски и римски монети, темели од објекти и делови од мозаични подови. Во 1928 година Н. Вулиќ откопал помала гробница градена од кршен камен и варов малтер, и во неа саркофаг. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп и во Музејот на Македонија во Скопје.
Vuli} N., 1937, 39; Mikul~i} I., TIR, 99. (Б.Б., Б.К.)

**Глува Долна**, светилиште од римското време. На околу 1 km северозападно од селото Чумово, според кажувањето на селаните, на врвот на ридот постоела црква. На површината се гледа градежен материјал (кршен камен, покривни ќерамиди), како и поголем, грубо обработен мермерен блок. Во непосредната близина има неколку блокови од обработен бигор. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Камберица**, населба од доцноантичкото време. На околу 50 m од левата страна на долот што ги дели селата Прилепец и Волково, во нивата на Васил Талески се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Биле откриени керамички цевки за водовод. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Корита**, населба од хеленистичкото и римското време. Во непосредната близина на селскиот пат што води за Волково, западно од локалитетот Безистен, а источно од локалитетот Камберица, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Констатирани се и две корита издлабени во гранитна карпа, чија намена не може да се одреди. Во Музејот во Прилеп се донесени неколку македонски и римски монети најдени на овој локалитет.
Кепески К., 1987, 41. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Марков Ѕид**, тврдина и некропола од хеленистичкото и римското време. На околу 1 km источно од селото, на падините на Селечка Планина се наоѓаат остатоци од ѕидови на тврдина и издлабени корита – гробови во карпи. Најдени се македонски и римски монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 99. (Б.Б., Б.К.)

**Маркова Стапалка**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km пред селото, во нивата на Пере Дељо, што се наоѓа на десната страна од патот, се откриени 4 гроба – цисти, градени од големи камени плочи. (Б.К., Л.К., К.К.)

Прилепец. – Сребрени тетрадрахми од македонски и пајонски кралеви

## 68. ПРИСАД

**Радин Дол**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 7 km северно од Прилеп, во непосредната близина на вештачкото езеро, на една зарамнета височинка што доминира над околниот терен. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, артефакти од камен и кремен и делови од куќен лепеж. Со заштитното ископување извршено во 1976 година е констатирана еднослојна населба која ѝ припаѓа на велушко–породинската културна група во Пелагонија. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., Симоска Д., Тодоровиќ Ј., 1987, 7-31. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Сивец**, некропола од железното време и рудник за мермер од хеленистичкото и римското време. На површина од неколку хектари, северно и северозападно од патот Прилеп-Велес, помеѓу планините Кукул и Сивец, каде што се вади мермер од античкото време до денес, се откриени 4 гроба од камени плочи – тип циста, во кои умрените биле положени во згрчена положба. Од гробни прилози се најдени меч од бронза, прстен, тегови и предмети од коска. Во голем број кратери (антички копови) се најдени полуобработени архитектонски делови, железни длета, остатоци од рударска ковачница, вотивна икона од мермер со претстава на Херакле и друго. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.

Kitanoski B., 1971a, 105; Керамидчиев А., 1987, 111. (Б.Б., Б.К.)

## 69. РАКЛЕ

**Аништа**, населба од римското време. На околу 4 km југоисточно од селото, помеѓу реката Церешевиќ и автопатот Прилеп-Градско, поточно, близу до местото каде селскиот пат излегува на автопатот, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и тули. (Б.Б., Б.К.)

**Венци**, населба од римското време. На 4 km југоисточно од селото и јужно од патот Ракле-автопат има блага падина на која се среќаваат остатоци од градба. Еден ѕид е зачуван во должина од 15 m, граден од кршен камен и варов малтер. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Б.Б., Б.К.)

**Грамаѓе**, населба од римското време. На 2 km југоисточно од селото, во непосредната близина на раскрсницата на патот Ракле-Топлица и Ракле-Голем Радобил, на блага височинка со површина од околу 1 хектар се среќаваат купишта од кршен камен, фрагменти од тегули, имбрекси, питоси и множество керамички садови.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Б.Б., Б.К.)

**Желкоец**, осамени наоди од римското време. На околу 2 km источно од селото се наоѓаат остатоци од мала еднокорабна црква, веројатно изградена во XVIII век. Во наосот на црквата и во другите ѕидови се вградени голем дел архитектонски елементи од мермер: архитравни греди, бази и горен дел од надгробна плоча на која е претставена женска фигура во плиток релјеф. (Б.Б., Б.К.)

**Кутлине**, населба од неолитското и римското време. На околу 3 km југоисточно од селото се наоѓа висорамнина со површина од неколку хектари, на која има фрагменти од груба и црвено мазнета керамика, како и орудија од камен и кремен. Исто така се среќаваат и фрагменти од керамички садови, како и множество друг градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Б.Б., Б.К.)

**Маркови Круши**, населба од римското време. На 1 km југоисточно од селото, во нивите се наоѓаат грамади од кршен камен, фрагменти од тегули, имбрекси и керамички садови. Биле откриени повеќе цели питоси.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Б.Б., Б.К.)

**Рамниште**, населба од римското време. На 600 m јужно од селото, под патот за селото Топлица се наоѓаат две благи падини одвоени со вододел, на чии површини се забележуваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал.
Miku~i} I., TIR, 106. (Б.Б., Б.К.)

**Ридот**, населба од неолитското време. Во непосредната близина на селото, од источната страна, во нивите на Б. Темелкоски, Ц. Стојчески, Ѓ. Насески и други се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. (Б.Б., Б.К.)

**Старо Гумно**, населба од неолитското и римското време. На околу 2 km југоисточно од селото, на простор од околу 1 хектар се среќаваат фрагменти од тегули, имбрекси и грамади од кршен камен. Во нивата на Б. Темелкоски има фрагменти од фина и груба неолитска керамика, меѓу кои доминираат деловите од големи садови со тунелести држалки. (Б.Б., Б.К.)

**Улица**, населба од римското време. На 600 m југоисточно од селото и јужно од патот Ракле-автопат, по површината на нивите има фрагменти од керамички садови, имбрекси, тегули, тули и друг градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Б.Б., Б.К.)

**Чаршија**, старохристијанска базилика. На 4 km источно од селото, на блага падина што се наоѓа во непосредната близина на автопатот Прилеп-Градско се гледа ѕид долг 20 m, граден од кршен камен и варов малтер. На источната страна има голема полукружна апсида. Околу објектот се гледаат фрагменти од тегули, имбрекси и тули.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Б.Б., Б.К.)

**Черењет**, населба од римското време. На една доминантна височинка, што се наоѓа на 2,5 km источно од селото, по површината има грамади од кршен камен, фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси.
Mikul~i} I., TIR, 106. (Б.Б., Б.К.)

## 70. РИЛЕВО

**Дол**, случајни наоди – монети од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото се најдени повеќе бронзени монети од IV век, кои се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

## 71. СЕКИРЦИ

**Селска црква**, осамен наод од римското време. Во ѕидовите на селската црква се вградени две мермерни плочи со натписи.
Вулић Н., Сп. LXCVIII, 378, 279. (Б.Б., Б.К.)

## 72. СЕЛЦЕ

**Суви Ливади**, населба и депо на монети од римското и доцноантичкото време.
Грбић М., 1929, 51; Керамидчиев А., 1961б, 53; Mikul~i} I., TIR, 113; Микулчиќ Г., 1987, 187. (Д.Г.)

## 73. СЕНОКОС

**Ашкулица**, населба од доцноантичкото време. На 100 m југоисточно од селото се гледаат темели од градба градена од кршен камен и варов малтер, а наоколу, по површината се гледаат фрагменти од керамички садови, тегули и питоси. (Б.Б., Б.К.)

**Бела Чешма**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km југоисточно од селото, помеѓу железничката пруга и патот Мажучиште-Сенокос се среќаваат остатоци од објекти од кршен камен и варов малтер, а има и многу фрагменти од керамички садови и питоси. (Б.Б., Б.К.)

**Могила**, населба од неолитското време. На 2 km од селото, покрај патот Прилеп-Кичево, во непосредната близина на живинарската фарма, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба и фина фактура, претежно со сива боја. Исто така, има орудија од камен и кремен и голем број животински коски.
Китаноски Б., 1971, 20. (Б.Б., Б.К.)

**Пуста Црква**, населба од римското време. На околу 250 m југозападно од црквата се наоѓаат остатоци од античка градба, и тоа кршен камен, варов малтер, фрагменти од тегули, имбрекси и керамички садови. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Атанас**, осамени наоди од римското време. Во ѕидот на црквата, од надворешната страна е вѕидана надгробна плоча од мермер со грчки натпис. Во црквата се чува плоча од мермер во облик на медаљон со релјефна претстава на три бисти, а во припратата има две стебла од столбови и дел од архитравна греда од мермер.
Vuli} N., 1937, 41, 42; Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 380, 382. (Б.Б., Б.К.)

## 74. СЛАВЕЈ

**Врбјанска Чука**, населба од неолитското време и средновековни јами. Се наоѓа на 2 km источно од селото, во кругот на ЗИК „Прилеп“, погон во селото Славеј. Се работи за тумба делумно оштетена со изградбата на некогашниот живинарник. Во 1979 и 1981 година Заводот и музеј од Прилеп извршил ископување при што е откриена населба од времето на велушко-породинската културна група, со голем број артефакти од керамика, камен, кремен и коска и култен објект – жртвеник, со димензии од 12 x 9 m, со систем од повеќе правоаголни касети со разни димензии, градени од глина и кал. Откриени се и повеќе кружни јами со фрагменти од средновековна керамика и црепни, кои најверојатно служеле како силоси за чување на жито. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., 1989, 47. (Б.Б., Б.К.)

## 75. СЛЕПЧЕ

**Бара**, некропола од римското време. Помеѓу селото и железничката пруга е најдена надгробна стела од мермер со релјефно претставена биста на жена.
Mikul~i} I., TIR, 116. (Б.Б., Б.К.)

**Два Даба**, населба од римското време. На неколку стотици метри северозападно од манастирот Слепче се наоѓаат остатоци од темели на објект граден од кршен камен и варов малтер. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, имбрекси и воденични камења. Покрај тоа, најдени се монети и една бронзена статуетка со претстава на богот Меркур. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 116. (Б.Б., Б.К.)

**Ѓупско Кале**, тврдина од доцнохеленистичкото време. На височинката што се наоѓа 1,2 km југоисточно од селото, а источно од врвот Соколички Камен, се гледаат остатоци од мала тврдина. Просторот, голем околу 1 хектар, е опколен со одбранбен бедем граден од кршен камен без варов малтер. Во неговата внатрешност, по површината се гледаат грамади од градежен материјал и голем број фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и покривни ќерамиди. Кај Милан Бошкоски од селото се чуваат повеќе антички монети најдени на овој локалитет, меѓу кои една од македонскиот крал Персеј (178-168) и една со портрет на Јанус на аверсот, искована во Тесалоника.
Лилчиќ В., 1984, 94. (Б.Л.)

**Крст**, некропола од римското време. На границата со атарот на селото Браилово, покрај патот за Браилово се најдени надгробни стели од мермер со релјефни претстави.
Mikul~i} I., TIR, 116. (Б.Б., Б.К.)

**Манастириште**, населба од римското време. Покрај патот за селото Црнилиште, на тромеѓата меѓу атарите на селата Слепче, Црнилиште и Костинци се гледаат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Селиште – Црквиште**, населба од римското време и старохристијанска базилика. На 2 km северно од селото по површината на нивите се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови, имбрекси и градежен материјал, а се насетуваат и темели од објекти. Во непосредната близина е локалитетот Црквиште каде што се најдени делови од мермерна архитектонска пластика.
Mikul~i} I., TIR, 116. (Б.Б., Б.К.)

**Селска црква**, осамени наоди од римското време. Во селската црква се наоѓаат неколку антички сполии од мермер, и тоа: плоча со релјефна претстава на две жени, коринтски капител, торзо од статуа, го-

лема ара и мермерна плоча со претстава на Тракиски коњаник.
Vuli} N., 1937, 42. (Б.Б., Б.К.)

**Стара Река**, осамен наод – монети од римското време. На ова место биле најдени повеќе римски монети што се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Старо Гумно**, некропола од римското време. Југозападно од манастирот Слепче, во манастирската нива со површина од половина декар се откриени неколку гробови градени од камени плочи, со ориентација север-југ.
Mikul~i} I., TIR, 116. (Б.Б., Б.К.)

## 76. СВЕТИ ТОДОРЕ

**Манастир**, осамени наоди од римското време. Во урнатините на една средновековна црквичка, што се наоѓа на 1 km југозападно од селото, има голем број антички сполии од мермер, и тоа: бази, столбови, делови од архитравна греда, како и една фрагментирана стела со релјефна претстава на 4 фигури. (Б.Б., Б.К.)

**Над Чаир**, населба од неолитското време. Недалеку од селото, по површината на нивите се наоѓаат голем број орудија од камен и кремен, со разни облици и големини. (Б.Б., Б.К.)

## 77. СМОЛАНИ

**Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, а на стотина метри од локалитетот Лозја се констатирани гробови градени со камени плочи, со ориентација запад-исток. (Б.Б., Б.К.)

**Изгорено Трло**, населба од римското време. На една висорамнина оддалечена 1 km југозападно од селото се наоѓа множество фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси, како и друг градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Крушкова Нива**, населба од неолитското време. На околу 1 km североисточно од селото се наоѓа една помала височинка на чија површина се среќаваат неолитски артефакти од керамика, камен и кремен. (Б.Б., Б.К.)

**Лозја**, населба од римското време. На околу 1 km западно од селото, на едно поголемо плато се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал, а се забележуваат и остатоци од темели на повеќе градби. (Б.Б., Б.К.)

**Селиште**, населба од римското време. На 700 m североисточно од селото, над патот за селото Царевиќ, на површина од неколку хектари има голем број фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и тули, а била најдена и монета од Аврелијан. Монетата се чува во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Суркова Страга**, населба од римското време. На 2 km североисточно од селото, на една мала површина се наоѓаат остатоци од темели на градба, фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, и имбрекси. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Димитрија**, осамен наод од римското време. Пред влезот во црквата се наоѓа античка база од мермер, со едноставно профилиран венец во горниот дел. (Б.Б., Б.К.)

## 78. СТАРО ЛАГОВО

**Ѓупско Маало**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, имбрекси и многу градежен материјал. Најдена е скулптурална вотивна претстава на змија, многу убаво изработена од бронза, која се чува во Заводот и музеј во Прилеп.
Кепески К., 1980, 91, кат. бр. 506. (Б.Б., Б.К.)

## 79. СТРОВИЈА

**Ѓерамидница**, населба од римското време. На 2 km јужно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси и градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Петочница**, депо на средновековни монети. На 1,5 km североисточно од селото, во непосредната близина на некогашното поило, има падина што се спушта кон железничката пруга, на која се најдени 103 монети и два фрагмента од керамичкиот сад во кој биле ставени. Монетите се византиски, од XI век, исковани од сребро, рамни, со исклучок на неколку примерока кои се чанковидни. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Кепески К., 1978, 159. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 80. ТОПЛИЦА

**Градиште**, осамен наод од римското време. На 1 km североисточно од селото, Ордан Војчески открил питос висок 1 m кој се наоѓа во неговиот двор. (Б.Б., Б.К.)

**Грамаѓе**, населба од римското време. На една блага падина што се наоѓа на 1 km источно од селото, на местото каде што се делат патиштата Топлица-Ракле и Топлица-Радобил, по површината на нивите се забележуваат фрагменти од керамички садови и имбрекси. Биле најдени и монети од IV век кои се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Дукова Вода**, населба од римското време. Непосредно до северозападниот крај на селото, на една блага височинка се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Канда**, осамен наод од римското време. Непосредно до селото, под патот за селото Топлица, во својата нива Данаил Темелкоски нашол камена секира со жлеб, долга 17 cm. Наодот се чува во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Река**, населба од римското време. На 3 km југоисточно од селото, под падината Курилово, што се наоѓа меѓу Царевишка Река и патот Прилеп-Градско, се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси, а најдени се и монети од императорот Валенс. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Никола**, осамени наоди од римското време. Во олтарот на црквата како чесна трпеза служи мермерна ара која на челната страна има три бисти и коњаник претставени во плиток релјеф. Во припратата како база на столб е поставена надгробна стела од бел мермер со едикула во која има 4 фигури обработени исто така во плиток релјеф. Покрај нив има фрагмент од уште една стела на која во едикулата оддесно налево се гледаат две фигури без глави, во стоечка положба, и трета зачувана во долниот дел. Под фигурите има поле со грчки натпис во 5 реда. (Б.Б., Б.К.)

**Чардак**, населба од римското време. На околу 3 km југоисточно од селото, на падините на Курилово се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси и друг градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

## 81. ТОПОЛЧАНИ

**Крива Врба**, населба од римското време. Во нивата на Петар Шуплиноски се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, а се гледаат и темели од ѕидови на објект. (Б.Б., Б.К.)

**Чука**, населба од неолитското време и средновековни јами. На 300 m југозападно од селото, на самата траса на старата железничка пруга Прилеп-Битола има ниска тумба на која во 1958 и 1975 година се извршени ископувања. Откриени се остатоци од населба со множество фрагменти од керамички садови украсувани со барботин, импресо и сликање со бела боја врз црвена основа, која временски и културно му припаѓа на средниот неолит во Пелагонија, односно на велушко-породинската културна група. Исто така, веднаш под хумусниот слој биле откриени две јами, едната со пречник од 1,45 m, а другата од 1,80 m, во кои се најдени фрагменти од средновековна керамика.
Китаноски Б., 1961, 44; Китаноски Б., 1977, 27; Китаноски Б., Симоска Д., Тодоровиќ Ј., 1978, 9. (Б.Б., Б.К.)

**Џаферица**, осамен наод – монети од римското време. Недалеку од селото, при обработувањето на нивите биле најдени монети од Констанциј II. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

## 82. ТРЕСКАВЕЦ

**Бунар**, населба од доцноантичкото време. На околу 100 m северно од манастирот Трескавец, со пробните ископувања од 1959 година се откриени остатоци од темели на ѕидови градени од камен и варов малтер. Денес на површината има фрагменти од керамички садови и имбрекси. (Б.Б., Б.К.)

**Гробови во карпа**, некропола од римското време. На околу 300 m североисточно од манастирот Трескавец се наоѓаат неколку гроба издлабени во карпа со правоаголен облик и со ориентација запад-исток.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 193-194. (Б.Б., Б.К.)

**Гумење**, некропола од хеленистичкото и римското време. На околу 300 m јужно од манастирот Трескавец има поголемо плато со површина од 1 хектар. Во 1959 година е извршено ископување со кое биле откриени гробови со погребувања од IV век пред н.е. до доцноримското време. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Mikul~i} I., TIR, 72. (Б.Б., Б.К.)

**Златоврв**, населба од хеленистичкото време, утврдена населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. Се наоѓа во југоисточниот дел под врвот на Трескавец каде се гледаат остатоци од ѕидови градени од камен и варов малтер, со различна временска припадност.
Vuli} N., 1937, 45; Папазоглу Ф., 1957, 233; Mikul~i} I., 1966, 71; Mikul~i} I., TIR, 72. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Богородица**, осамени наоди од римското време. Во западната фасада на манастирската црква има вградена биста од мермер, а во другите ѕидови мермерни архитектонски делови од старохристијанска базилика. Слични делови се наоѓаат и во дворот на црквата. (Б.Б., Б.К.)

## 83. ТРОЈАЦИ

**Василички Гробишта**, некропола од римското време. На 1 km североисточно од селото, покрај патот за селото Топлица се откриени гробови со ориентација исток-запад. Најдена е мермерна стела висока 1,20 m, со едикула во горниот дел во која се претставени три бисти изработени во плиток релјеф. (Б.Б., Б.К.)

**Грамаѓе**, населба од римското време. На 1,5 km северно од селото, на простор со површина од повеќе хектари се констатирани темели од стари објекти градени од камен и варов малтер, а се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и делови од воденични камења, расфрлени по површината. (Б.Б., Б.К.)

**Дебел Рид**, осамен наод – монети од римското време. Во подножјето на Мал Козјак, оддалечено 2 km северозападно од селото, жителите нашле повеќе монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Ѓорѓовица**, населба од римското време. Во непосредната близина на селото, од северната страна, помеѓу планинскиот пат за селото Топлица и долината со пештери, на простор од неколку хектари се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и тули. (Б.Б., Б.К.)

**Манастирче**, населба од римското време. На околу 500 m југоисточно од селото, покрај патот за селото Царевиќ, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. (Б.Б., Б.К.)

**Ракида**, некропола од железното време. На околу 500 m југоисточно од селото, покрај патот за селото Царевиќ, во нивата на Ј. Милан е откриен гроб од камени плочи во кој била најдена голема лачна фибула со две петличести задебелувања, без игла.
Kitanoski B., 1971a, 109. (Б.Б., Б.К.)

**Ридот**, населба од неолитското време. Се наоѓа на високо плато од југоисточната страна на селото, над десниот брег на селската река. На простор од околу 1 хектар се забележува голем број фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. (Б.Б., Б.К.)

**Солишта**, осамен наод – монети од доцноантичкото време. На источните падини од Мал Козјак, оддалечени 4 km северозападно од селото, се најдени повеќе монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Ѓорѓија**, осамени наоди од римското време. Во селската црква има вградени повеќе делови од антички сполии од мермер и камен (столбови и делови од архитравни греди). (Б.Б., Б.К.)

**Црквиче**, осамен наод од римското време. Во една мала црквичка во селото се наоѓа долна половина од надгробна стела. На горниот крај се зачувани четири чифта стапала, веројатно од фигури што стојат. Под нив има едикула без натпис. Помеѓу едикулата и клинот за прицврстување, лево и десно, се наоѓа по една мала полукружна конха во кои има по една биста. (Б.Б., Б.К.)

## 84. ТРОЈКРСТИ

**Црква Св. Дух**, осамени наоди од римското време. Во ѕидовите на црквата и припратата, како и внатре во неа, има повеќе антички сполии од мермер (столбови, делови од надгробни стели, капители и други фрагменти).
Vuli} N., 1937, 46; Nikolajevi} Stojkovi} I., 1957, 35. (Б.Б., Б.К.)

## 85. ЦАРЕВИЌ

**Алиева Тумба**, населба од римското време. На околу 1 km северозападно од селото, на една издолжена падина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси и тегули.
Mikul~i} I., TIR, 33. (Б.Б., Б.К.)

**Балтови Ниви**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km југозападно од селото, по нивите се забележуваат грамади од кршен камен и друг градежен материјал. (Б.Б., Б.К.)

**Бунарите**, населба од римското време. На една висорамнина со површина од неколку хектари, оддалечена 1 km западно од селото, на неколку места се гледаат темели од објекти градени од кршен камен и варов малтер, а има и фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси.
Mikul~i} I., TIR, 33. (Б.Б., Б.К.)

**Глава**, населба од римското време. На 2 km западно од селото, во близината на автопатот Прилеп-Градско, под котата 629, на еден мал простор со орање биле откопани повеќе питоси.
Mikul~i} I., TIR, 34. (Б.Б., Б.К.)

**Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. Јужно од локалитетот Старо Село се откриени гробови градени од камени плочи, со ориентација запад -исток. На површината се наоѓа оштетена стела од мермер со две едикули во кои има неколку фигури што стојат и два коња, обработени во плиток релјеф.
Mikul~i} I., TIR, 33. (Б.Б., Б.К.)

**Римски Габер**, некропола од римското време. Во непосредната близина на селото се најдени повеќе плочи од мермер со грчки натписи, како и еден горен дел од надгробна плоча со релјефно претставена биста. Наодот се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Vuli} N., 1937, 22; Mikul~i} I., TIR, 33. (Б.Б., Б.К.)

**Стара Црква**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 800 m северозападно од селото, покрај патот за Царев Даб, на површина од неколку стотици квадратни метри се наоѓаат повеќе грамади

од кршен камен, фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. Покрај патот од западната страна, во непосредната близина на локалитетот е откриена некропола на која е евидентиран дел од надгробна стела.
Вулић Н., Сп. LXXV, 202; Mikul~i} I., TIR, 33. (Б.Б., Б.К.)

**Старо Село**, населба од римското време. На 2 km југоисточно од селото, под врвот Бланово има блага падина со поголема површина на која се гледаат остатоци од стари градби од кршен камен и варов малтер, фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси.
Mikul~i} I., TIR, 34. (Б.Б., Б.К.)

**Страчина Ливада**, населба од доцноантичкото време. Околу 800 m северозападно од селото, во непосредната близина на Страчина Чешма, жителите откриле повеќе помали и поголеми питоси.
Mikul~i} I., TIR, 33. (Б.Б., Б.К.)

**Црква Св. Димитрија**, осамени наоди од римското време. Во црквата, како и пред неа, се наоѓаат мермерни сполии (ара, дел од столб и сл.). (Б.Б., Б.К.)

**Чешма Св. Недела**, населба од римското време. На 1,5 km северно од селото и во непосредната близина на чешмата се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. Во ѕидот на чешмата е вграден капител од мермер.
Mikul~i} I., TIR, 33. (Б.Б., Б.К.)

## 86. ЦРНИЛИШТЕ

**Бирипте**, населба од римското време. На 1 km од селото, во нивата на Богдан Мирчески, што се наоѓа покрај патот за селото Долгаец, има фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и метални предмети. (Б.Б., Б.К.)

**Криви Стогови**, осамен наод од римското време. Во непосредната близина на селото, од северната страна се наоѓаат гробиштата на семејството Пироски. На еден од гробовите има античка надгробна плоча со грчки натпис, на кој, на крајот, е забележена годината која тешко се чита. Плочата била најдена во нивата на Рамзија Мусоски, во близината на турските гробишта. (Б.Б., Б.К.)

**Ограда**, населба од римското време. На околу 150 m источно од селото, на десната страна од селската река водата открила 6 големи питоси. (Б.Б., Б.К.)

**Палези**, населба од римското време. На местото каде што селскиот пат Слепче-Црнилиште и железничката пруга Прилеп-Скопје формираат остар агол, има површина од неколку хектари обработлива земја на која се гледаат темели од големи градби. Се среќаваат стопи од мермер, капители, столбови, делови од архитравни греди, надгробни плочи со претстави на фигури, како и други поситни предмети. Наодите се чуваат кај Емрула Асаноски и Илија Трајаноски од селото. (Б.Б., Б.К.)

## 87. ЧАНИШТЕ

**Бара**, тумул од железното време. Се наоѓа на 400 m североисточно од селото. Според кажувањето на селаните, пред триесетина години биле откриени гробови. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Богданова Нива**, населба од доцноантичкото време. На 2 km североисточно од селото, од левата страна на Црна Река има поголема обработлива површина на која се наоѓа голем број фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, питоси и друг градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Св. Петка**, средновековна црква. На околу 200 m јужно од селото е изградена нова црква која, според исказите на жителите, лежи вез темели на стара црква. (Б.К., Л.К., К.К.)
**Убава Глава**, средновековна тврдина. Се наоѓа на околу 1 km североисточно од селото, на надморска височина од 756 m. На површината има остатоци од бедемски ѕидови градени од кршен камен и обработен камен од локално потекло, широки околу 1,5 m. Во североисточниот дел се гледа дека тврдината имала три појаса и терасесто се спуштала по падините на ритчето. Централната градба се наоѓа на врвот од главата на зарамнетото плато.
Кепеска Л., Кепески К., Китаноски Б., 1986, 120; Кепеска Л., 1995, 12. (Б.К., Л.К., К.К.)

## 88. ЧЕПИГОВО

**Бакарно Гумно**, населба од енеолитското и бронзеното време. На околу 500 m југозападно од селото има осамена височинка што доминира над рамнината на Пелагонија, на која се среќаваат остатоци од населба. Со ископувањето во 1959 година, извршено од Народниот музеј од Прилеп, се откриени четвртести надземни куќи, множество фрагменти од керамички садови, пластика, коскени и камени орудија, кои упатуваат на преодниот период од неолитот во бронзеното време, односно на енеолитското време, како и на почетоците на бронзеното време. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Китаноски Б., 1960, 55; Vuli} N., 1937, 10. (Б.Б., Б.К.)

**Бедем – Styberra (Стибера)**, градска населба од хеленистичкото и римското време.

На 16 km западно од Прилеп, над утоката на реката Блато во Црна Река, на јужните падини на ридот кој со својата елипсовидна форма се протега околу 1,5 km во правец север-југ, се наоѓаат оста-

тоци од градот Стибера. За ваквата негова локација зборуваат и пишаните антички извори, од кои најстар спомен на градот се наоѓа кај Полибиј. Подетални податоци за постоењето и убикацијата на Стибера дава Т. Ливиј, наспоменувајќи дека војските на римскиот конзул Сулпициј, во времето на борбите со Филип V, во 200 година пред н.е., напуштајќи го Линк, тргнале на север и дошле до Стибера, каде што се снабдиле со жито. Дека Стибера била во рамнина кажува и податокот на истиот автор за Персеј, кој, во 169 година пред н.е., на својот поход против Илирите поминал низ Стибера, при што неколку дена собирал жито, а потоа се упатил накај Пенестите. Третиот антички извор е Страбон, кој вели дека градот Стибера лежи на реката Еригон и

Бедем – Styberra, с. Чепигово. – Од откривањето на гимназионот (1957)

Стибера, с. Чепигово. – Биста на Филоксен, прва половина на II век

Стибера, с. Чепигово. – Статуа од типот Голема Херкуланка од антонинскиот период

му припаѓа на племето Деуриопи. Од старите итинерариуми се дознава дека Стибера лежи на патот Стоби-Хераклеја; во Табула Појтингеријана станицата Стибера е испуштена по грешка, меѓутоа кај географот Равенацки таа е забележена како Истубера, и тоа по следниот редослед: Еристион, Церамиј, Истубера, Хераклеја. Наведените податоци зборуваат во прилог на тоа дека Стибера се наоѓа во североисточниот дел на Пелагонија, кај утоката на реката Блато во Црна Река, и тоа во атарот на селото Чепигово, што беше потврдено во 1953 година со пронаоѓањето на почесниот епиграфски споменик што советот и народот на Стибера му го подигнале на еден свој заслужен граѓанин. Први пробни археолошки ископувања на локалитетот извршил Н. Вулиќ, во 1924 година, при што е констатирано постоење на голема античка населба. Подетални и посигурни податоци за постоењето на градот се добиени со археолошките ископувања изведени во 1953 година од страна на Археолошкиот музеј од Скопје. Со овие ископувања е откриен дел од градскиот бедем граден од кршен камен, сувоѕидица, широки до 3 метри, како и еден од влезовите во градот (сектор А). На вториот пункт (сектор В) бил откриен обновениот храм на божицата Тихе – заштитница на градот. Станува збор за templum in antis, со димензии од 10 x 10 m, со централна ниша во источниот ѕид и дародавни мермерни натписи вградени во внатрешната страна на храмот. Ѕидовите се градени од кршен камен и варов малтер, имаат ширина од 1,76 m, а од внатрешната страна се украсени со мермерна пластика. На третата локација (сектор С) бил откриен комплекс од ѕидови кои обградуваат простории на јавна зграда, т.е. гимназион. Во него се откриени неколку статуи на заслужни граѓани на Стибера, бисти и др., како и доста фрагменти од архитектонска пластика од мермер. Подвижниот, како и неподвижниот археолошки материјал откриен при овие ископувања му припаѓа главно на II и III век од н.е. Во последниве неколку години се вршени мали заштитни ископувања, како и конзерваторски интервенции во секторите В и С. Во текот на подготовките за конзервација на влезот во храмот е откриена помала просторија од неговата западна страна која најверојатно е подигната по уривањето на храмот. Во секторот С е дооткриена правоаголна просторија, мошне лошо зачувана, чиј северен ѕид бил откриен уште во 1953 година. Всушност, откриени се само темелите, без никакви преградни ѕидови или влез. Од досега открие-

ните објекти, како и од подвижниот археолошки материјал, со сигурност може да се потврди дека на овој локалитет се наоѓал античкиот град Стибера, кој егзистирал од 200 година пред н.е. до втората половина на III век од н.е. Бил изграден според примерот на старите грчки градови, за што сведочат откриените архитектонски градби, како и податоците од епиграфските споменици. Стибера го доживеала својот процут во II век од н.е. За нејзиното страдање, раководителот на ископувањата од 1953 година смета дека настанало поради голем земјотрес или пак поради уривачките походи на Готите во втората половина на III век. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје и во Заводот и музеј во Прилеп.
Вулиќ Н., 1934, 38; Вулиќ Н., LXXI, 502; Папазоглу Ф., 1957, 23; Vu~kovi}-Todorovi} D., 1963, 59; Papazoglu F., 1974, 278-279; Соколовска В., 1987, 33. (К.К.)




Бедем – Styberra, с. Чепигово, – План на градот (Д.В., И.М.)

## 89. ЧУМОВО

**Вирои**, населба од доцноантичкото време. На 1 km североисточно од селото Старо Лагово, десно од патот што води од Прилеп за селото Штавица, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Табачица**, населба од раноантичкото и римското време. Во непосредната близина на селото од северната страна се најдени повеќе грчки и римски монети, како и една бронзена статуетка на богот Меркур. Видливи се остатоци од темели на објекти, како и фрагменти од керамички садови и имбрекси. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Vuli} N., 1937, 24. (Б.Б., Б.К.)

## 90. ШТАВИЦА

**Браненица**, населба од римското време. На 1,5 km западно од селото, на мала височинка од десната страна на долот, при обработувањето на нивите биле откриени мермерни споменици кои сега се пренесени во селската црква. (Б.К., Л.К., К.К.)

**Полатица**, осамени наоди – монети од раноантичкото време. На локалитетот се најдени грчки и македонски бронзени монети. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

**Цуцул**, осамени наоди – монети од римското време. Во непосредната близина на селото, во нивата на Тоде Милески се најдени сребрени монети од Септимиј Север. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. (Б.Б., Б.К.)

# XXII. ПРОБИШТИП

1. Гајранци....321
2. Горно Барбарево....321
3. Горни Стубол....321
4. Гризилевци....321
5. Гујновци....321
6. Добрево....321
7. Дренок....322
8. Древено....322
9. Зеленград....322
10. Злетово....322
11. Јамиште....322
12. Куково....323
13. Лезово....323
14. Лесново....323
15. Петришино....323
16. Пишица....323
17. Плешанци....323
18. Ратавица....323
19. Стрмош....324
20. Трипатанци....324
21. Трооло....324
22. Шталковица....324

## 1. ГАЈРАНЦИ

**Калиште**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на Т. Тодоров и во околните ниви, оддалечени околу 2 km југозападно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови. Сопственикот открил два питоса кои и денес ги чува дома. (А.К.)

## 2. ГОРНО БАРБАРЕВО

**Грамада**, градиште од доцноантичкото време. На 2,5 km северно од селото, на висок рид (кота 850 m), кој доминира над долината на Крива Река, има остатоци од бедем, наместа зачуван до 0,50 m во височина, кој оградувал простор од 200 x 120 m. Бедемот бил ѕидан од камен и варов малтер и е широк 1,50 m. Во внатрешноста на градиштето и околу него се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди, а биле најдени и повеќе монети кои ги откупил Музејот на Македонија од Скопје.
Керамидчиев А., 1974а, 153; Микулчиќ Г., 1987, 187. (А.К.)

## 3. ГОРНИ СТУБОЛ

**Трикладенец**, населба од доцноантичкото време. На 3 km западно од селото, на тромеѓата помеѓу селата Секулица, Горни Стубол и Барбарево, мештаните изградиле три кладенци, по еден за секое село. Околу нив, на прилично голема површина се среќава голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Според кажувањето, биле откривани остатоци од темели на ѕидови и притоа биле најдени повеќе бронзени монети. (А.К.)

## 4. ГРИЗИЛЕВЦИ

**Долно Градиште**, утврдување од доцноантичкото време и средниот век.
Josifovska B., TIR, 60. (Д.Г.)

**Згури**, населба, рудник и топилница од доцноантичкото време. Лежи на 2 km западно од селото, на пространа падина низ која поминува патот Пробиштип-Кратово. На површината се среќаваат остатоци од топена оловна и сребрена руда, а пред околу 30 години биле откриени темели од десетина топилници. Во северниот дел на локалитетот се среќаваат фрагменти од керамички садови, а се забележуваат и остатоци од темели на неколку помали објекти. Биле најдени и монети меѓу кои и една златна, со претстава на Анастасиј. Дел од монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Mikul~i} I., TIR, 60; Керамидчиев А., 1974, 122-124: Микулчиќ Г., 1987, 187. (А.К.)

**Златица – Плавица**, рудник од римското време. На околу 2 km југозападно од селото, помеѓу реките Плавица и Киселица, под високиот рид Плавица е откриена рударска јама. На 20 m од влезот во јамата, на двата профила се издлабени по една релјефна претстава. На едната е Херакле, а на другата рудар со чекан и клин.
Josifovska B., TIR, 60. (А.К.)

**Преслап**, населба од доцноантичкото време. Во нивите оддалечени 1 km северно од селото има множество фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Селаните откопале два питоса и еден епиграфски споменик со грчки натпис. Споменикот се чува во селото. (А.К.)

## 5. ГУЈНОВЦИ

**Црквиште**, населба, некропола и црква од старохристијанското време и средниот век.
Керамидчиев А., 1962, 59; Mikul~i} I.,TIR, 61. (Д.Г.)

## 6. ДОБРЕВО

**Манастир**, некропола од доцноантичкото време. На северниот раб на селото, во близината на управната зграда на рудниците, во времето на проширувањето на патот биле откриени околу 10 гроба. Според добиените податоци од непосредните учесници, во гробовите имало керамички садови и монети. Во селото Добрево постои стара рударска традиција

која почнува уште од римското време. Била експлоатирана оловна и сребрена руда. (А.К.)

**Пешула**, градиште од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото има висок рид што се издига од левата страна на Добревски Дол. На неговиот врв, кој е зарамнето плато со простор од 100 x 100 m, се зачувани делови од темел на бедем граден од кршен камен и варов малтер. Во тврдината, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди, а биле најдени и монети од VI век.
Керамидчиев А., 1962, 49, 58; Микулчиќ Г., 1987, 187. (А.К.)

## 7. ДРЕНОК

**Бурилчевски Рид**, населба од доцноримското време. Се наоѓа на 2 km северно од селото, на поголем дел од просторот што е сопственост на земјоделската задруга од Пробиштип. При обработувањето на земјата биле откриени темели од повеќе објекти, а на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал (камен, покривни ќерамиди и сл.). Најдена е и една добро зачувана надгробна стела која е сместена во дворот на гимназијата во Пробиштип. (А.К.)

**Градиште**, опидум од доцноантичкото време. На северозападниот крај од селото има висок рид со зарамнето плато кој доминира над околниот простор. По површината на платото се гледаат остатоци од темели на одбранбен ѕид, како и фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. Најдени се и монети од Јустинијан I.
Керамидчиев А., 1962, 50, 58; Mikul~i} I., TIR, 48; Микулчиќ Г., 1987, 187. (А.К.)

**Мијалница**, населба и некропола од римското и доцноантичкото време.
Керамидчиев А., 1962, 51. (Д.Г.)

## 8. ДРЕВЕНО

**Пешник**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, на една мала височинка со зарамнето плато, со површина од 150 x 200 m, се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, а најдени се и монети од VI век.
Микулчиќ Г., 1987, 187. (Г.М.)

## 9. ЗЕЛЕНГРАД

**Воденичиште**, топилница од римското време. До изворите на Зеленградска Река, високо во планинскиот предел има рударска јама. Околу неа, на простор од 30 x 20 m се присутни многубројни остатоци од згура во која има голем процент на бакарна руда. По површината на локалитетот се среќаваат и фрагменти од питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Јарапечка Нива**, населба од римското време.
Керамидчиев А., 1962, 52. (Д.Г.)

**Самарска Чука – Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. Претставува висок рид со доминантна местоположба што се издига на јужниот раб на селото. На зарамнетото плато на врвот се гледаат остатоци од темели на одбранбен бедем кој опкружува простор од 200 x 100 m. Во внатрешноста на тврдината се забележуваат темели од повеќе мали објекти, а има множество градежен материјал и фрагменти од керамички садови. Најдени се и монети од Јустинијан I.
Керамидчиев А., 1962, 51, 58; Mikul~i} I., TIR, 135; Микулчиќ Г., 1987, 188. (Г.М.)

## 10. ЗЛЕТОВО

**Балджар**, утврдување од римското и доцноантичкото време.
Керамидчиев А., 1962, 52. (Д.Г.)

**Долна Марена**, населба од доцноантичкото време. На 3 km североисточно од селото, во долината на Злетовска Река, на една мала површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се и монети од Јустинијан I.
Керамидчиев А., 1962, 59; Mikul~i} I., TIR, 137; Микулчиќ Г., 1987, 188. (Г.М.)

**Сува Долина**, наоди од палеолитското време. Кај мостот на Злетовска Река, преку кој поминува патот Пробиштип-Злетово, во 1980 година се најдени артефакти од различни петрографски материјали меѓу кои преовладуваат црвеникаво-сиви јадра од кремен и јадра од силицизирани боксити. Р. Гравски издвојува три артефакти (два од јаспис и еден од силицизиран боксит) и врз основа на начинот на обработката, формата и големината типолошки ги определува како орудија од фазите мустериен и ашел на помладиот палеолит.
Кузман П., 1995, 17. (Љ.Ш.К.)

**Туралевци**, утврдена населба и некропола од доцноантичкото време.
Керамидчиев А., 1962, 53-59. (Д.Г.)

## 11. ЈАМИШТЕ

**Во селото**, рударски јами од римското време. Во дворното место на Н. Велков се откриени две рударски јами со кружни окна. Во близината на јамите се забележуваат покривни ќерамиди и фрагменти од питоси. (А.К.)

**Гарваница**, населба од доцноримското време. Северно од селото има рид што се издига високо над Злетовска Река. На зарамнетото плато на врвот, со површина од 150 x 100 m, се гледаат темели од објекти, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови и питоси. Најден е и голем број монети од VI век и постари.
Микулчиќ Г., 1987, 188. (Г.М.)

## 12. КУКОВО

**Грамадиште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На еден мал простор во селските ниви, оддалечени 1 km северно од селото, се наоѓаат остатоци од градежен материјал и фрагменти од питоси. На северниот крај на локалитетот се констатирани неколку гробови со конструкции од камени плочи. (А.К.)

**Мошевица**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2 km северно од селото, на патот за селото Пуздерци. Во нивите на К. Јанев и С. Арсов се откопани неколку питоси, а на површината се забележуваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (А.К.)

## 13. ЛЕЗОВО

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1,5 km северозападно од селото, на еден висок рид со доминантна местоположба. На врвот, кој претставува зарамнето плато, се гледаат остатоци од одбранбен бедем. Во внатрешноста на градиштето има темели од повеќе мали објекти. Најдени се и монети од Јустинијан I.
Mikul~i} I., TIR, 79; Микулчиќ Г., 1987, 188. (Г.М.)

**Колиби**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km источно од селото, на една пространа висорамнина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, насобрани на неколку грамади. (А.К.)

**Орлов Камен**, населба од доцноантичкото време. На една пространа тераса на десниот брег на реката Белошица, оддалечена 2,5 km западно од селото, се забележуваат остатоци од кршен камен, покривни ќерамиди, питоси и фрагменти од керамички садови. (А.К.)

## 14. ЛЕСНОВО

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Во планинскиот предел Коњарево, оддалечен 4 km северно од селото, на еден зарамнет простор се наоѓаат остатоци од утврдување со приближни димензии од 110 x 100 m. Всушност, зачувани се темелите од бедемот чија дебелина изнесува 1,5 m, кои се градени од кршен камен и варов малтер. Во внатрешниот простор на градиштето се забележуваат остатоци од повеќе објекти, а на површината има голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Најдени се и повеќе бронзени монети од кои неколку се чуваат во Заводот и Музеј во Штип. (А.К.)

## 15. ПЕТРИШИНО

**Под селото**, некропола од римското време. На источната периферија на селото, покрај патот што води кон реката Киселица, се гледаат повеќе гробни конструкции. Во 1963 година била откриена надгробна стела која се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Керамидчиев А., 1965, 109-115. (А.К.)

## 16. ПИШИЦА

**Жгандово**, населба од доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото, во пределот Гранчарица, во нивата на С. Јованов се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
(А.К.)

## 17. ПЛЕШАНЦИ

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква.
Керамидчиев А., 1966, 119. (Д.Г.)

## 18. РАТАВИЦА

**Во селото**, населба од неолитското време. На источната периферија на селото, до продавницата што се наоѓа на десниот брег на Злетовска Река, се откриени фрагменти од керамички садови, главно со сива боја. (А.К.)

**Градиште**, опидум од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото, на висок рид со доминантна местоположба и зарамнето плато се гледаат темели од одбранбен бедем. На јужната падина се најдени фрагменти од капители, столбови и друго. Најдени се и монети од VI век.
Керамидчиев А., 1962, 54; Микулчиќ Г., 1987, 188.
(Г.М.)

**Долно Градиште**, некропола од доцноантичкото време. На северозападната страна на високиот рид Драчко Градиште се издига ниска чука во чие подножје, на левиот брег на Злетовска Река, при изградбата на браната за водоснабдување на Пробиштип и рудниците на Злетово е откриена некропола. Гробовите биле градени од камени плочи. Според кажувањата, на неколку плочи имало натписи

со латински букви и релјефи. Плочите не се зачувани. (А.К.)

### 19. СТРМОШ

**Преслап**, старохристијанска црква. На 3 km источно од селото, кај утоката на реката Киселица и Дупка Река се зачувани темели од старохристијанска црква, а околу неа градежен материјал. (А.К.)

### 20. ТРИПАТАНЦИ

**Селиште**, средновековна населба. На 1,5 km јужно од селото, на левиот брег на Злетовска Река, на една ниска тераса има видливи темели од повеќе помали објекти, а на површината се забележува мал број покривни ќерамиди. (А.К.)

### 21. ТРООЛО

**Во селото**, населба од доцноантичкото време. Во средишниот дел на селото, на празниот простор покрај селската продавница и чешмата има голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Видливи се и темели од објекти. (А.К.)

**Св. Спас**, некропола од доцноантичкото време. Околу 500 m источно од селото е откриена некропола со гробови од камени плочи, со ориентација исток-запад. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

### 22. ШТАЛКОВИЦА

**Бели Брегови**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km западно од куќата на Б. Јованов е откриена некропола која е делумно уништена. Гробовите се градени од големи камени плочи, со ориентација исток-запад. (А.К.)

**Градиште**, градиште и могили од доцноантичкото време. Во граничниот премин кон Кочанска општина, на висок и осамен рид што доминира над околината се зачувани темели од утврдување кое оградува простор од 200 x 200 m. Во внатрешноста на градиштето има грамади од камења и многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На северното подножје, во селските ниви се наоѓаат две могили оддалечени една од друга 30 m. Едната могила има димензии од 12 m во основата и 2,5 m височина, а другата 10 m во основата и 1,5 m зачувана височина.
Керамидчиев А., 1962, 61; Керамидчиев А., 1974а, 159; Микулчиќ Г., 1987, 188. (А.К.)

**Стари Град**, утврдување од доцноантичкото време и средниот век.
Керамидчиев А., 1962, 61. (Д.Г.)

# XXIII. РАДОВИШ


1. Али Коч ... 324
2. Бучим ... 325
3. Воиславци ... 325
4. Габревци ... 325
5. Гарван ... 325
6. Горна Враштица ... 325
7. Дамјан ... 325
8. Дедино ... 327
9. Долни Липовик ... 327
10. Долни Радеш ... 327
11. Загорци ... 327
12. Злеово ... 327
13. Инево ... 327
14. Јаргулица ... 328
15. Калаузлија ... 328
16. Калуѓерица ... 328
17. Караџалар ... 328
18. Козбунар ... 328
19. Конче ... 328
20. Коџалија ... 329
21. Лубница ... 329
22. Ораовица ... 330
23. Погулево ... 330
24. Подареш ... 330
25. Радовиш ... 330
26. Ракитец ... 331
27. Раклиш ... 331
28. Скоруша ... 331
29. Смиланци ... 331
30. Сулдурци ... 331
31. Тополница ... 331
32. Чешмемале ... 332
33. Шаинташ ... 332
34. Шипковица ... 332
35. Штурово ... 332


### 1. АЛИ КОЧ

**Бабин Камен**, некропола од железното време. На 500 m јужно од селото се издига тумул кој е оштетен и со орањето речиси израмнет со нивото на околниот простор. (М.И.)

**Каратарла**, средновековна населба. Се наоѓа на 1,5 km југозападно од селото, на една голема површина на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен материјал, а биле откопани и уништени два питоса. (М.И.)

**Кожа**, тумул од железното време. На 500 m југозападно од селото, во месноста Каратарла има тумул со пречник во основата од 8 m и висина од 2 m. (М.И.)

**Чаирлар**, населба од доцноантичкото време. Во нивата на Зубер Јашар, што се наоѓа на 2 km североисточно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси, а има и грамади градежен камен. (М.И.)

**Чатал Таш**, некропола од железното време. На 2 km јужно од селото, на левата страна од патот се наоѓа тумул кој е делумно оштетен со градежните работи на патот. (М.И.)

## 2. БУЧИМ

**Бунарџик**, средновековна населба. На 1 km југоисточно од селото се среќаваат фрагменти од населбинска керамика и градежен материјал. (М.И.)

**Воденичарски Пат**, тумул од железното време. Јужно од селото, на границата меѓу атарите на селата Бучим и Дамјан се наоѓа тумул кој е прилично оштетен, со пречник во основата од околу 10 m и височина од 1 m. (М.И.)

**Грамада**, некропола од железното време. На 1 km западно од селото, на десната страна од патот за селото Шопур има повисоко зарамнето плато на кое се наоѓа тумул со пречник во основата од 10 m и височина од 2 m. (М.И.)

**Клисекајси**, средновековна некропола. На 100 m северозападно од селото се наоѓаат аморфни камени плочи што прилегаат на гробни конструкции. (М.И.)

**Падарница**, тумул од железното време. На 1 km југоисточно од селото, од левата страна на патот за локалитетот Воденичарски Пат има тумул кој е делумно оштетен, со пречник во основата од околу 3 m и височина од 1,5 m. (М.И.)

**Тумбарка**, тумул од железното време. На околу 100 m југоисточно од селото се наоѓа тумул висок 1,5 m. (М.И.)

## 3. ВОИСЛАВЦИ

**Добри Дол**, средновековна некропола. На десниот брег од големиот и длабок Вечи Дол, со ерозијата од поројните води се откриени гробови со камена конструкција. Постојат индиции и за остатоци од сакрален објект. (М.И.)

**Прелози**, средновековна населба. На 1 km западно од селото, на површина од 50 x 50 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (М.И.)

**Ракишин Пат**, средновековна населба. На 2 km северозападно од селото, по површината на обработливата земја се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (М.И.)

## 4. ГАБРЕВЦИ

**Илиница – Еленица**, средновековна населба. На 1 km северозападно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси, а при обработувањето на земјиштето се наоѓани и монети. Има мали индиции и за постоење на населба од железното време. (М.И.)

**Мавровица**, средновековна некропола. Помеѓу локалитетите Илиница и Селиште, на десниот брег на Габровска Река има остатоци од гробни покривни плочи, грубо обработени. (М.И.)

**Манастир**, могила од римското време. На 1,5 km југоисточно од селото се наоѓа могила со пречник во основата од 25 m и височина од 5 m. (М.И.)

**Манастириште**, некропола од железното време. На 500 m југоисточно од селото се наоѓа тумул со помали димензии. (М.И.)

## 5. ГАРВАН

**Градиште**, средновековна населба . На околу 500 m северозападно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (М.И.)

**Долна Бара**, викус од доцноантичкото време и средновековна населба. На 1 km североисточно од селото, во koријата Осојница, на една благa височинка со површина од 200 x 100 m се наоѓа градежен материјал, парчиња од тегули и имбрекси. (М.И.)

## 6. ГОРНА ВРАШТИЦА

**Манастир – Илиница**, средновековен сакрален објект. На 500 m северозападно од селото се среќаваат ќерамиди и друг градежен материјал. Според преданијата, на ова место се наоѓал манастир со име Св. Илија. (М.И.)

## 7. ДАМЈАН

**Грамади**, населба од доцноантичкото време и средниот век. На околу 500 m североисточно од селото се среќаваат фрагменти од населбинска керамика, питоси и посебно згура од топено железо. На североисточниот крај на теренот има тумул. Можеби се работи за остатоци од викус. (М.И.)

**Јасен**, населба од доцниот среден век. На околу 7-8 km северозападно од селото, на десната страна од патот Радовиш-Штип, во непосредната близина на

задружната штала се гледаат грамади од градежен материјал и фрагменти од керамички садови. (М.И.)

**Канли Чаир – Бојковци**, населба од неолитското време. Се наоѓа северозападно од селото, во долината на реката Тополница, опкружена со рудните масиви на Дамјан и Бучим. Се работи за поголем простор сместен помеѓу магистралниот пат Штип -Радовиш-Струмица и десниот брег на реката, кој со мал дел навлегува и во атарот на селото Бучим. Во 1987 и 1988 година Музејот на Македонија извршил заштитни ископувања со кои е констатирана повеќеслојна неолитска населба со остатоци од три хоризонти на живеење. Според типолошките карактеристики на археолошките наоди, првите два хоризонта се од времето на раниот и средниот неолит и ѝ припаѓаат на културната група Анзабегово - Вршник. Третиот хоризонт претставува нова културна појава што тесно се врзува за доцниот неолит, и тоа за културната група Ангелци-Зелениково II. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Санев В., 1989а, 36; Санев В., 1995, 33. (В.С.)

Канли Чаир – Бојковци, с. Дамјан. – Антропоморфна претстава на керамички сад од средниот неолит

**Маденска Река**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на рудникот Дамјан, на мала тераса крај потокот Маденска Река се констатирани остатоци од топена руда, а има и фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

**Марчово**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во близината на рудникот Дамјан, на околу 2 km западно од селото, на простор кој зафаќа 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, имбрекси и згура. Видливи се и гробни конструкции од камени плочи. (М.И.)

**Ограѓе**, населба од доцноантичкото време и средниот век. Непосредно до селото, од западната страна се среќаваат фрагменти од керамички садови и згура од топена железна руда. На северозападниот крај на теренот има два тумула. (М.И.)

**Османова Ритка**, средновековен сакрален објект. На 1 km југоисточно од селото се наоѓаат остатоци од црква. (М.И.)

**Падарница**, тумул од железното време. На 200 m северозападно од селото се наоѓа тумул оштетен на северната и северозападната страна, така што зачуваниот дел од основата изнесува 10 m. (М.И.)

**Стар Манастир**, утврдена рударска населба од железното и доцноримското време. Лежи на падините од ридот кој на север се спушта до коритото на Тополничка Река. На источниот крај минува полскиот пат за селото Дамјан, а на западниот се коповите и објектите на рудникот „Дамјан“. Се работи за мало плато, вештачки зарамнето, со извонреден поглед кон влезот во Радовишко Поле од клисурата Пилав Тепе, на кое се гледаат остатоци од бедем на мала населба – кастел, со простор од околу 60 x 40 m. На површината има фрагменти од доцноримска керамика, питоси и тегули, а на падините се среќаваат фрагменти од керамика од железното време, по фактурата слична на керамиката од Криви Дол во Радање (Штип). При увидот во 1987 година е констатирано дека од притисокот на тежината од јаловината, нафрлена од рударските копови, настанало лизгање на теренот кое на населбата ѝ нанело катастрофални оштетувања. Поточно, челниот бедем е прекинат на неколку места и е поместен од вертикалната и хоризонталната оска речиси по целата должина. На средината и на јужниот ќош, надворешното лице на бедемот е оголено во висина и до 2 m, така што сосема добро се гледа начинот на ѕидањето, изведено од делкани блокови, кршен камен и варов малтер. Постои опасност населбата да биде уништена во најблиско време.
Гарашанин М. и Д., 1959, 70. (В.С.)

**Сурим Врчва**, средновековен сакрален објект. На 5 km југозападно од селото се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (М.И.)

**Турски Гробишта**, доцноантичка некропола. На околу 600 m северно од селото, во непосредната близина на локалитетот Грамади се гледаат конструкции од гробови. (М.И.)

**Црквиште**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото, од неговата јужна страна, во реонот на гробиштата има една мала височинка на која се забележуваат аморфни камени плочи од гробни конструкции. (М.И.)

## 8. ДЕДИНО

**Белуово – Бедва**, средновековна населба. На 200 m западно од селото, на површина од 300 x 150 m се

среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (М.И.)

**Мезар**, населба од доцноантичкото време. На 3 km северозападно од селото, по површината на нивите се наоѓаат фрагменти од тегули, имбрекси, питоси и керамички садови, потоа згура и кршен камен. (М.И.)

**Сув Дол**, населба од неолитското време. На 2,5 km северно од селото, десно од асфалтниот пат за Радовиш, на простор од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од куќен лепеж и керамички садови. Најдени се две секири од камен и голем број орудија од кремен. (М.И.)

**Црквиште**, средновековна населба. На 2 km северозападно од селото, на простор од 200 x 100 m се наоѓаат остатоци од населбинска керамика, питоси и градежен материјал. (М.И.)

## 9. ДОЛНИ ЛИПОВИК

**Црквиште – Иленица (Еленица)**, населба од неолитското време и средновековен сакрален објект. На една помала височинка оддалечена 400-500 m југозападно од селото се гледаат остатоци од неолитска населба, а на највисокиот дел темели од апсида на поголем сакрален објект – црква. (М.И.)

## 10. ДОЛНИ РАДЕШ

**Ајушова Бавча**, населба од железното време. Се наоѓа на 1 km северно од селото, на левиот брег на Крива Лакавица. На површината има фрагменти од населбинска керамика и згура од топена железна руда. (М.И.)

**Ѓуров Дол**, тумул од железното време. На 1 km југоисточно од селото, кај составот на Радешка Река и Ѓуров Дол се наоѓа тумул со мали димензии, делумно обраснат во шума. (М.И.)

**Трескавец**, средновековна некропола. Во непосредната близина на локалитетот Ханче – Ан, на едно косо плато се гледаат гробни конструкции со ориентација исток-запад. (М.И.)

**Ханче – Ан**, средновековна некропола. На десниот брег на Крива Лакавица, 1 km северно од селото се гледаат остатоци од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. (М.И.)

## 11. ЗАГОРЦИ

**Манастир**, населба од железното време и средновековен сакрален објект. На 200-300 m југоисточно од селото, на една височинка крај селската река обраснатата со дабови се гледаат темели од средновековен сакрален објект. На благите тераси околу височинката спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови од железното време. (М.И.)

## 12. ЗЛЕОВО

**Желков Рид**, средновековна населба. На 1 km северозападно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од камен. (М.И.)

**Кочишо**, доцноантичка и средновековна населба. На околу 1,5 km северно од селото, од двете страни на Кочишка Река се наоѓаат грамади од кршен камен и фрагменти од керамички садови. (М.И.)

**Сред село**, средновековен сакрален објект и некропола. На десниот брег на селската река се забележуваат гробни конструкции, а според традицијата мештаните укажуваат на постоење на сакрален објект. (М.И.)

**Сушејски Порој**, градиште од доцноантичкото време. Високо во планинскиот предел, на едно зарамнето плато со простор од 400 x 200 m, сместено меѓу два длабоки дола, се наоѓаат остатоци од бедем. Влезот во градиштето бил на источната страна, каде се зачувани остатоци од главната порта. На целиот простор се гледаат темели од помали објекти, фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 13. ИНЕВО

**Голема Тумба**, тумул од железното време. На околу 1,5 km источно од селото се наоѓа делумно оштетен тумул. (М.И.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. Во обработливата површина на 2 km јужно од селото се наоѓаат повеќе грамади од населбински камења, фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, питоси и друго. (М.И.)

**Мала Тумба**, тумул од железното време. Се наоѓа на 1 km североисточно од селото, северно од локалитетот Меѓите. (М.И.)

**Меѓите**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 500 m источно од селото, на простор од 200 x 400 m се среќаваат грамади од насобрани камења, фрагменти од керамички садови и питоси. На западниот крај на теренот се гледаат гробни конструкции од големи камени плочи со ориентација исток-запад. (М.И.)

**Селиште**, населба од римското време. На 200 m западно од селото, на левата и десната страна од селскиот пат за Горовска Чешма се среќаваат фраг-

менти од населбинска керамика, тегули, имбрекси и питоси. (М.И.)

**Селиште II**, средновековна црква и некропола. На 300 m западно од селото се гледаат остатоци од ѕидови на еднокорабна црква, од кои западниот ѕид со влезот и јужниот ѕид се во височина од 3 до 4 m. Апсидалниот дел бил подоцна изѕидан. На внатрешната страна има траги од фрескоживопис. Југозападно од црквата е констатирана некропола, делумно уништена. (М.И.)

## 14. ЈАРГУЛИЦА

**Восанци**, средновековна населба. На 4,5 km јужно од селото, на левиот брег на Восанска Река, на 500 m десно од патот Радовиш-Струмица се најдени питоси. На теренот се гледаат фрагменти од керамички садови, грамади од кршен камен и згура од топена руда. (М.И.)

**Симитли**, населба од доцноантичкото време. Во селските ниви оддалечени 1 km југоисточно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и тегули. Во нивата на М. Донев биле најдени рановизантиски монети. (А.К.)

## 15. КАЛУЗЛИЈА

**Бабаше**, средновековна некропола. На 300-500 m југозападно од селото се среќаваат камени плочи кои укажуваат на постоење на некропола. (М.И.)

**Манастир**, средновековна населба. На 1,5 km источно од селото, на границата со селата Калаузлија и Ораовица се гледаат грамади од кршен камен и фрагменти од покривни ќерамиди. (М.И.)

**Чаир**, средновековна населба. На околу 200 m северно од селото има зарамнето плато на кое се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (М.И.)

## 16. КАЛУЃЕРИЦА

**Кала**, градиште од доцноантичкото време. На зарамнетото плато од високиот рид, што се наоѓа на 2 km западно од селото, се забележуваат темели од бедем кој опкружува простор од 140 x 100 m. (А.К.)

**Манастир**, населба од доцноантичкото време. На површина од 150 x 100 m, што се наоѓа 5 km јужно од селото и на левиот брег на Манастирска Река, се среќаваат грамади од кршен камен и населбинска керамика. (М.И.)

**Тумба I**, могила од римското време. На 400 m северно од селото има блага височинка на која се наоѓа делумно оштетена могила со пречник во основата од 25 m и височина од 3 m. (М.И.)

**Тумба II**, тумул од железното време. Се наоѓа на зарамнето плато во близината на северниот раб на селото. (М.И.)

## 17. КАРАЏАЛАР

**Асарлак**, средновековна населба. На околу 3-4 km северно од селото, на една височинка со доминантна положба и прегледност кон селото Ораовица има градежен материјал од камен, тули и покривни ќерамиди. (М.И.)

## 18. КОЗБУНАР

**Градиште**, средновековен сакрален објект. На 5 km југозападно од селото, на впечатливо место се зачувани остатоци од темели. (М.И.)

**Јурго**, средновековна населба. На 4 km североисточно од селото, на простор од 150 x 50 m се наоѓаат грамади од камен и имбрекси. (М.И.)

**На Друм**, некропола – тумули од железното време. На 1 km од селото, од левата страна на патот за Плачковица се наоѓаат мали тумули со пречник во основата од околу 2 m, делумно оштетени со земјоделските работи. (М.И.)

## 19. КОНЧЕ

**Баровска Воденица**, тумул од римското време. На 2 km северно од селото, на 70 m од десната страна на асфалтниот пат Конче-Радовиш се наоѓа тумул со пречник во основата од 15 m и височина од 3 m. На едната страна е оштетен со изградбата на селскиот пат. (М.И.)

**Денчина Чука**, могили од римското време. На 4-5 km североисточно од селото, во реонот на локалитетот Костадинци се наоѓаат две могили со пречник во основата од 30 m и височина од 5 m. (М.И.)

Денчина Чука, с. Конче. – Могила од римското време

**Дерновец**, населба од железното време. На околу 500 m северозападно од селото, на простор од 200 x 150 m се среќаваат фрагменти од керамички садови со груба фактура. (М.И.)

**Корешевец**, некропола – могили од римското време. На левиот брег на поројницата Корешевец, 2 km североисточно од селото се наоѓаат две могили, од кои едната е обрасната со шума. Поголемата могила има пречник во основата од 30 m и височина од 5 m. (М.И.)

Корешевец, с. Конче. – Могила од римското време

**Костадинци**, населба од доцноантичкото време. На простор од 200 x 100 m, што се наоѓа на околу 5 km североисточно од селото, има множество фрагменти од керамички садови, питоси, имбрекси и градежен материјал. Најверојатно на населбата ѝ припаѓаат и могилите од локалитетот Денчина Чука. Според селската легенда, се работи за остатоци од старото село Конче, подигнато од цар Константин, напуштено поради чума. (М.И.)

**Лаката**, населба од доцноантичкото време. Северозападно од могилите на локалитетот Корешевец, на простор од 150 x 100 m се забележуваат остатоци од темели и фрагменти од градежен материјал. (М.И.)

**Пршово**, могила од римското време. На 4 km северно од селото, околу 200 m над левата страна на асфалтниот пат Конче-Радовиш се издига могила со пречник во основата од 20 m и височина од 5 m. (М.И.)

**Чуј Петел**, случаен наод од римското време. На 3 km северно од селото, на зарамнето плато од левата страна на патот Конче-Радовиш е откриен фрагмент од релјефна претстава на Тракиски коњаник. (М.И.)

Пршово, с. Конче. – Могила од римското време

## 20. КОЏАЛИЈА

**Баждалан – Марашарди**, некропола – могили од римското време. На едно повисоко зарамнето плато, оддалечено 1 km југозападно од селото, се наоѓаат 3 могили со пречник во основата од 15 m кои се делумно оштетени. (М.И.)

**Кирсалам**, средновековен сакрален објект. На 4,5 km североисточно од селото, на една висока чука има остатоци од објект. (М.И.)

## 21. ЛУБНИЦА

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. На 3,5 km северозападно од селото, на површина од 500 x 300 m се гледаат остатоци од повеќе грамади од кршен камен, фрагменти од тегули, питоси и керамички садови. Најдени се еден капител и дел од столб. (М.И.)

**Лубница**, населба од доцноантичкото време. На 3 km западно од селото, над левата страна од патот за селото Скоруша, на простор од 100 x 50 m се среќаваат тегули, имбрекси, фрагменти од керамички садови и кршен камен. (М.И.)

## 22. ОРАОВИЦА

**Велика Чука – Тумба**, населба од бронзеното и доцноантичкото време. На 500 m од излезот на селото, од левата страна на патот за Радовиш се издига голема височинка, со пречник во основата од околу 150 m и висина од околу 10 m. Има зарамнето плато на кое се наоѓаат урнатини од црква и неколку гробови од поново време. Со исклучок на западната страна, која е блага и пристапна, другите се стрмни и се спуштаат кон коритото на селската река. На источното подножје лежат денешните гробишта, а на самиот врв има урнатини од старата гробишна

црква. Според обликот и димензиите Велика Чука личи на праисториските населби од Пелагонија, така што, покрај остатоците од бронзеното време, треба да се очекуваат и остатоци од постари населби.
Гарашанин М. и Д., 1959, 76. (М.И., В.С.)

**Градиште**, градиште од римското време. На 1,5 km од селото се гледаат темели од ѕидови и фрагменти од керамички садови и питоси.
Mikul~i} I., TIR, 94. (М.И.)

**Дива Топола – Крива Врба**, населба од неолитското време. На 2,5 km југоисточно од селото, на составот на Радовишка и Ораовичка Река, на површина од 400 x 300 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и кремени орудија, според кои населбата е определена во времето на културната група Анзабегово-Вршник (IV). (М.И.)

**Манастир Св. Ѓорѓи**, средновековен сакрален објект. На 2,5 km северно од селото, во дворот на сегашната црква се гледаат темели и ѕидови зачувани до висина од 80 cm, кои веројатно припаѓале на една стара манастирска црква од XIV век. На јужниот ѕид се видливи сосема мали траги од фрескоживопис. (М.И.)

**Римски Гробишта**, средновековна некропола. Северно, веднаш до селото, во непосредната близина на сегашните гробишта се откриени гробови – тип циста. (М.И.)

**Троло**, неолитска населба. На 1,5 km јужно од селото, на левиот брег на Ораовичка Река, на површина од 200 x 150 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и кремени орудија. (М.И.)

**Црвен Брег**, населба од бронзеното и доцноантичкото време. На 300 m оддалеченост од западната периферија на селото, во селските ниви се среќаваат грамади од насобрани камења, фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

## 23. ПОГУЛЕВО

**Чурлово Лозје**, населба – топилница од доцноантичкото време. На 800 m западно од селото, до самиот селски пат што води кон планината има остатоци од топена железна руда. (А.К.)

## 24. ПОДАРЕШ

**Градини**, населба од римското време. На 500 m јужно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. (М.И.)
**Градиште**, средновековна утврдена населба. На 3 km северозападно од селото, на левиот брег на Ступничка Река, на висок рид што доминира над околината се наоѓаат остатоци од утврдена населба. (М.И.)

**Гробишта**, средновековен сакрален објект и некропола. Во непосредната близина на селските гробишта се наоѓаат остатоци од сакрален објект, а околу него некропола со гробови од типот циста. (М.И.)

**Калата**, средновековно кале. На 5,5 km северозападно од селото, на патот за Берово, високо на ридот се наоѓаат остатоци од бедем. (М.И.)

**Клешан**, населба – викус од римското време. На 1,5 km источно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. (М.И.)

**Тулуко**, населба од доцноантичкото време. На јужната периферија на селото, во селските ниви, на простор од околу 200 x 100 m, особено во нивата на Борис Тодоров се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

**Црквиште**, средновековна некропола. На 1 km северно од селото, на составот на Црквичка Река и Плавија се наоѓа некропола со гробови од типот циста и остатоци од сакрален објект. (М.И.)

## 25. РАДОВИШ

**Градска Корија**, тумул од железното време. На 4 km северозападно од Радовиш се наоѓа тумул со пречник во основата од 8 m и височина од 2,5 m, опкружен со кршен камен. (М.И.)

**Исарот – Кале**, средновековно кале. На 3 km северозападно од Радовиш, на десниот брег на Радовишка Река, високо на ридот има остатоци од средновековна фортификација – кале. Дебелината на ѕидовите изнесува околу 2,5 m. (М.И.)

**Кукленица**, средновековна населба. На југоисточната периферија на градот, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (М.И.)

**Турски Гробишта – Теќето**, средновековна некропола. Кај влезот во Радовиш, кај т.н. Симоновска барака, од двете страни на патот, во реонот на расадникот се откриени гробови – тип циста. (М.И.)

## 26. РАКИТЕЦ

**Пасаралица**, средновековна населба. Веднаш до селото, на околу 150 m од северозападната страна, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен камен. (М.И.)

## 27. РАКЛИШ

**Јазо**, населба од доцноантичкото време. На југозападната периферија на селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, а најдени се и еден прстен, еден капител и монета од императорот Гордијан. (М.И.)

Јазо, с. Раклиш. – Капител од доцноантичкото време

**Казаница**, вила рустика од римското време. На границата помеѓу селата Раклиш и Ораовица има остатоци од темели, кршен камен, питоси, тегули и фрагменти од керамички садови кои укажуваат на постоење на осамен полски имот. (М.И.)

**Крст – Жешка Вода**, населба – викус од римското време. На 250 m источно од селото, од двете страни на асфалтниот пат за селото Ораовица се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и монети, а најдена е и минијатурна бронзена статуета на Хермес. (М.И.)

**Скрдо**, вила рустика од римското време. На 2 km североисточно од селото, при обработувањето на земјиштето се откриени ѕидови ѕидани од камен со варов малтер и фрагмент од мермерен столб. (М.И.)

## 28. СКОРУША

**Белата Лоза**, населба од бронзеното време. На 1,5 km западно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и камени секири. (М.И.)

**Водна Пољана**, средновековна населба. На 1 km југоисточно од селото се гледаат остатоци од питоси, имбрекси и грамади од кршен камен. (М.И.)

## 29. СМИЛАНЦИ

**Преслап – Чуј Петел**, средновековна населба. На 3 km јужно од селото се среќаваат остатоци од населбинска керамика и грамади од кршен камен. (М.И.)

## 30. СУЛДУРЦИ

**Гошева Корија**, населба од доцноантичкото време. На југозападната периферија на селото, на двете страни од поројот, на површина од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од кршен камен. (М.И.)

**Ридот – Колибите**, средновековна населба. На 400 m јужно од селото, на десната страна од селскиот поток, на едно зарамнето плато со површина од 200 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и кршен камен. (М.И.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на западната периферија, над селото, на една пространа падина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 31. ТОПОЛНИЦА

**Добицила**, некропола – могила од римското време. На околу 500 m јужно од селото се наоѓа могила со пречник во основата од околу десетина метри и зачувана височина од 5 m. (М.И.)

**Кавакли**, средновековна населба. На 1,5 km југоисточно од селото, во близината на турските гробишта се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од кршен камен. (М.И.)

**Мемеделар**, средновековна населба. На јужната периферија на селото, од десната страна на езерцето Бабадере, на површина од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови. (М.И.)

**Саримеше**, тумул од железното време. На 1,5 km југоисточно од селото, на зарамнето плато се наоѓа тумул со пречник во основата од 5 m и височина од 1 m. (М.И.)

## 32. ЧЕШМЕМАЛЕ

**Чешмемале**, средновековен сакрален објект и некропола. На границата на атарите на напуштените села Чешмемале и Козбунар, а северно од селото Калаузлија се наоѓаат грамади од камен и расфрлени грубо обработени плочи од средновековна некропола и сакрален објект. (М.И.)

### 33. ШАИНТАШ

**Гробишта**, средновековна некропола. На 1 km северозападно од селото се наоѓаат аморфни плочи од некропола. (М.И.)

### 34. ШИПКОВИЦА

**Гробишта**, могила од римското време. На 100 m североисточно од селото, кај сегашните селски гробишта се наоѓа тумул со пречник во основата од 10 m и височина од околу 4 m. (М.И.)

**Шипковица**, средновековна населба. На 200 m североисточно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови и кршен камен. (М.И.)

**Широка Лазина**, средновековна населба. На 200 m североисточно од селото се среќаваат грамади од кршен камен. (М.И.)

### 35. ШТУРОВО

**Курешњак**, средновековна населба. На 5 km северозападно од селото, на зарамнето плато со површина од 100 x 50 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (М.И.)

**Мезарл'к**, средновековна некропола. На 250 m западно од селото се наоѓа некропола со гробови од типот циста и со ориентација исток-запад. (М.И.)

**На Ридот**, средновековна некропола. На ридот над селото се наоѓаат гробови – тип циста, со ориентација исток-запад. (М.И.)

## XXIV. РЕСЕН


1. Асамати ... 332
2. Болно ... 333
3. Брајчино ... 333
4. Волкодери ... 333
5. Горна Бела Црква ... 333
6. Горно Крушје ... 333
7. Грнчари ... 334
8. Долна Бела Црква ... 334
9. Долно Дупени ... 334
10. Евла ... 335
11. Езерани ... 335
12. Златари ... 335
13. Избишта ... 335
14. Јанковец ... 335
15. Козјак ... 335
16. Коњско ... 336
17. Крани ... 337
18. Кривени ... 337
19. Курбиново ... 338
20. Лавци ... 339
21. Лева Река ... 339
22. Лескоец ... 339
23. Љубојно ... 339
24. Наколец ... 339
25. Отешево ... 340
26. Петрино ... 340
27. Подмочани ... 340
28. Покрвеник ... 340
29. Прељубје ... 341
30. Претор ... 341
31. Рајца ... 342
32. Ресен ... 342
33. Сливница ... 342
34. Сопотско ... 342
35. Стење ... 343
36. Штрбово ... 343
37. Шурленци ... 343


### 1. АСАМАТИ

**Асамати**, осамен наод од римското време. Покрај западниот ѕид на селската црква се наоѓа постамент од надгробна плоча со оштетен натпис, нечитлив. Плочата била донесена многу одамна, така што наоѓалиштето не е познато. Во бавчата на Фазлија Ајруловски, непосредно до селото биле откопани питоси.
Вулиќ Н. Сп. LXXI. (С.С., В.С.)

**Мисурица**, населба и некропола од римското време. На 1 km северно од селото, во рамнината крај езерскиот брег, на блага височинка што се издига над околниот терен и зафаќа површина од околу 4 хектара, при обработувањето на земјата мештаните наидувале на темели од објекти, а по површината се гледаат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и множество градежен материјал. Во нивата на Јонче Ристески од селото Рајца во 1935 година бил откриен гроб граден од тули и покриен со монолитна камена плоча. Во гробот немало прилози. (С.С., В.С.)

**Прекоп**, населба од хеленистичкото време. На 2 km северно од селото и во правецот на селото Езерани, на самото езерско крајбрежје, на простор од 100 x 100 m по површината се гледаат остатоци од градби кои со едниот дел навлегуваат во водата на езерото. Објектите се откриени случајно, при опаѓањето на нивото на езерото. Најверојатно се работи за рибарски населби. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен. (Б.П.)

**Ружин Гроб**, тумул од железното време. Се наоѓа на 1,5 km северно од селото, во непосредната близина на езерскиот брег. Тумулот има пречник во осно-

вата од 15-20 m и зачувана височина од 1,5 m. Западната половина му е оштетена во Втората светска војна, со изградбата на бункер. Во 1976 година Музејската збирка од Ресен изврши пробни сондажни ископувања, при што се откриени два гроба со секундарно погребување. Гробовите биле градени од камен, а имале под од тегули. Гробни прилози не се најдени. (С.С., В.С.)

**Св. Архангел**, осамен објект од доцноантичкото време. На околу 200 m јужно од црквата, на езерскиот брег, по смалувањето на нивото на водата се гледаат остатоци – темели на три ѕида, паралелно поставени, со 4 m растојание помеѓу нив, во правец исток-запад, градени од речен камен. На западната страна ѕидовите навлегуваат во езерото, така што формата и димензиите на објектот не можат да се определат. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (С.С., В.С.)

**Св. Недела**, населба од бронзеното време. На околу 500 m северно од селото и 100 m јужно од раскрсницата на патот Макази-Претор се наоѓа блага височинка – тумба, која е доста развлечена од интензивните земјоделски работи. Во нивите на Мефаил Таипи во 1978-80 година е извршено заштитно археолошко ископување при што се откриени остатоци од куќа, градена од дрвена граѓа и кал, од крајот на бронзеното време. Подвижниот археолошки материјал го претставуваат множество керамички садови за секојдневна употреба, со различни димензии и форми, скромно украсени со вдлабнатини од прсти. Најдени се орудија од коска и камен, како и тегови и прешлени од земја. Неколкуте групи од фрагментирани керамички садови асоцираат на грнчарска работилница. Средниот дел на куќата е уништен со вкопувањето на подоцнежен објект, со ѕидови дебели 1 m сувоѕидица, поставени во правец исток-запад, организирани во облик на буквата П. Функцијата и временската припадност на овој објект не можеле да се определат. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен. (В.С.)

## 2. БОЛНО

**Глабок Дол**, осамен наод од доцноантичкото време. На 500 m северно од селото, од десната страна на патот што води кон локалитетот Селиште, во 1975 година Н. Котески откопал два питоса. (С.С., В.С.)

**Катуниште**, населба од римското време. На 1 km западно од селото, на мала височинка од левата страна на патот Ресен-Болно, а непосредно до раскрсницата на патот Евла-Петрино, на површина од 2-3 хектара, при обработувањето на земјата мештаните откриле темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Селиште**, средновековна населба и топилница. На 2 km северно од селото, на врвот од една мала височинка обрасната со густа шума, во непосредната близина на составот на реките Манастирска и Илинска се гледаат темели од објекти, наместа добро зачувани, ѕидани од камен и кал. По површината се среќаваат и фрагменти од топена железна руда – згура. (С.С., В.С.)

## 3. БРАЈЧИНО

**Кула**, средновековна тврдина. На 1 km источно од селото, на една голема височинка со зарамнето плато, по површината се гледаат грамади од градежен материјал и контурите од одбранбениот бедем на тврдината. (С.С., В.С.)

**Св. Атанас**, средновековна некропола. Во непосредната близина на црквата Св. Атанас, при изградбата на патот кон релејната станица биле оштетени неколку гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. (С.С., В.С.)

## 4. ВОЛКОДЕРИ

**Умишта**, населба од римското време. На 1 km југозападно од селото, на блага падина која се спушта кон полето, во нивата на Панде Котевски, при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти, а по површината на нивата се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.С., В.С.)

## 5. ГОРНА БЕЛА ЦРКВА

**Гумниште**, средновековна црква. На југоисточниот дел на селото, покрај патот што води за селото Долна Бела Црква, според кажувањето на мештаните, имало мала црква од која се зачувани само контурите на темелите, со приближни димензии од 10 m должина и 8 m ширина, со ориентација исток-запад. (С.С., В.С.)

## 6. ГОРНО КРУШЈЕ

**Гумење**, населба од доцноантичкото време. Северно од селото, во непосредната близина на локалитетот Св. Спас има издолжено плато што се надоврзува на ридот Крушичка Краста. Според кажувањето на мештаните, при обработувањето на земјата наидувале на ѕидови од објекти. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Св. Спас**, старохристијанска црква и некропола. На околу 300 m северно од селото, од десната страна на патот Ресен-Охрид, на јужниот крај на платото од една мала височинка, која на северната страна се надоврзува на ридот Крушичка Краста, во 1968 го-

дина се изградени нова црква Св. Спас, помошна зграда и ограден ѕид. При копањето на темелите за црквата, според кажувањето на мештаните, биле откриени темели од објект ѕидани од камен и хоросан малтер, подни тули и широки ќерамиди. Исто така, откриле и повеќе гробови градени од камени плочи. Во Музејската збирка во Ресен се чуваат тегули на кои има врежано претстави на птици. (С.С., В.С.)

**Старо Село – Св. Никола**, средновековна населба, црква и некропола. Околу 500-600 m северозападно од селото, на неколку мали каскадно распоредени тераси, според кажувањето, мештаните при обработувањето на земјата наидувале на темели од објекти градени од камен и кал. На југоисточниот крај се откриени остатоци од мала црква посветена на св. Никола. Нејзините димензии изнесуваат 5,90 x 4,30 m. Околу црквата се гледаат гробови градени од камени плочи. (С.С., В.С.)

## 7. ГРНЧАРИ

**Св. Атанас**, осамен наод од римското време. Од страна на Народниот музеј од Охрид од црквата Св. Атанас е земена мермерна плоча со претстава на Тракиски коњаник.
Cermanovi} Kuzmanovi} A., 1963, 64; Проева Н., 1986а, 64. (Б.П.)

**Св. Илија**, средновековна црква. На просторот помеѓу населбата Скочивир и црквата Св. Илија се гледаат урнатини од мала еднокорабна црква. (С.С., В.С.)

**Скочино**, средновековна населба, црква и некропола. На околу 2 km источно од селото, на поголем простор се гледаат грамади од градежен материјал, а по површината се среќаваат фрагменти од питоси и покривни ќерамиди. На највисокиот дел од локалитетот се зачувани остатоци од средновековна црква посветена на св. Никола. Околу црквата се забележуваат гробови градени од камени плочи. Во 1978 година се изведени заштитни ископувања. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен. (Б.П.)

## 8. ДОЛНА БЕЛА ЦРКВА

**Копачница**, населба од доцноантичкото време. На 1.200 m североисточно од селото, од левата страна на патот Макази-Асамати, во нивите на П. Миоски и А. Рахманоски, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Кременица**, населба од неолитското време. На околу 1 km североисточно од селото, од левата страна на патот Макази-Асамати, непосредно до раскрсницата каде што се спојува со патот за Долна Бела Црква, во нивата на М. Крушаровски и во соседните ниви, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, кремени орудија и камени секири. Неколку фрагменти имаат орнаменти изведени во импресо-техника.
Пашиќ Р., 1957, 115. (Б.П.)

**Св. Елена и Константин**, осамен наод од римското време. Во олтарот на црквата Св. Елена и Константин како чесна трпеза е поставена профилирана ара со грчки натпис.
Проева Н., 1986, 53. (Б.П.)

## 9. ДОЛНО ДУПЕНИ

**Герамидница**, населба од доцноантичкото време. На 500 m јужно од селото, од десната страна на патот што води кон грчката граница, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Гробишта – Св. Никола**, средновековна црква со некропола. На околу 1.500 m источно од селото, во подножјето на Баба, на издолжен гребен со зарамнето плато се откриени гробови градени од камени плочи. Во средишниот дел на платото се гледаат остатоци од црква со мали димензии. (С.С., В.С.)

**Долно Дупени**, населба од доцноантичкото време. Во дворот на Славе Калаџиески и во околните дворишта, на поголема површина при копањето на темели за нови куќи биле откриени фрагменти од керамички садови и друг археолошки материјал кој не е зачуван. (С.С., В.С.)

**Маркова Нога**, населба од хеленистичкото и доцноантичкото време. Во непосредната близина на граничниот премин покрај езерскиот брег, со повлекувањето на водите на езерото се откриени објекти градени од камени блокови, слични на градбите од локалитетот Анче кај селото Крани. Источно од оваа групација на објекти, на повисока тераса се среќаваат фрагменти од керамички садови, тули, покривни ќерамиди. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен.
Битракова Грозданова В., 1990, 132. (Б.П.)

**Рот**, некропола од доцноантичкото време. Според кажувањето на мештаните, во нивата на Крсте Калаџиески била откриена гробница ѕидана од камен и варов малтер, во која биле најдени златни белезици. Гробницата е уништена, а наодите не се зачувани. (С.С., В.С.)

## 10. ЕВЛА

**Исток**, средновековна црква. На околу 7-8 km од селото, во подножјето на врвот Исток, во месностите Долни и Горни Колиби се гледаат остатоци од разурнати цркви, распостранети од левата и десната

страна на Источка Река. Црквичката во Горни Колиби била посветена на св. Богородица, а во Долни Колиби на св. Петка. (С.С., В.С.)

**Кале**, средновековна утврдена населба. На 5 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато што се издига над Кошарска Река и Источка Река, на поголем тешко пристапен простор се гледаат остатоци од утврдена населба. Откриени се ѕидови на повеќе објекти ѕидани од камен и варов малтер. Професор Т. Томоски го идентификувал локалитетот Кале со населбата Василица, позната во записите од XI век.
Томоски Т., 1971, 208. (С.С., В.С.)

**Ливадица**, осамен наод од доцноантичкото време. Во бавчата на Д. Петрески при обработувањето на земјата се откриени неколку помали питоси.
(С.С., В.С.)

**Св. Спас**, средновековна црква. Југозападно од селото, на десниот брег на Елечка Река, на мало зарамнето плато се наоѓаат остатоци од урнатини на мала црквичка, позната кај мештаните под името Св. Спас. (С.С., В.С.)

## 11. ЕЗЕРАНИ

**Грмада**, населба од хеленистичкото време и црква од средниот век. На 2 km јужно од селото, покрај брегот на Преспанско Езеро, на простор од 100 x 250 m по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. Се гледаат остатоци од објекти градени од монолитни блокови, сувоѕидица, како и остатоци од сакрален објект – црква. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен.
Битракова Грозданова В., 1990, 131. (Б.П.)

## 12. ЗЛАТАРИ

**Далечна Црква**, средновековна црква и некропола. На источната периферија на селото, кај селските гробишта, според кажувањето на мештаните, постоеле постари гробови градени од камени плочи. Исто така, биле откриени и темели од црква со мали димензии, ѕидана од камен и кал. (С.С., В.С.)

**Слатина**, населба од доцноантичкото време. На десната страна од патот за Ресен, на 2,5-3 km јужно од селото, на блага падина што се спушта кон запад, при обработувањето на нивите мештаните откриле темели од објекти ѕидани од кршен камен и кал. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и водоводни цевки. Н. Митрески, при орање на нивата, открил питос во кој имало земјоделски алатки. Наодите се загубени. (С.С., В.С.)

## 13. ИЗБИШТА

**Гимбабица**, некропола од хеленистичкото време. Северно од селото, при реконструкцијата на патот Ресен-Охрид, во 1953 година се откриени неколку гробови. Во гробовите биле најдени два целосно зачувани кантароса и една чинија. Кантаросите се со црн фирнајс, а чинијата со окер боја. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Битракова Грозданова В., 1987, 40. (Б.П.)

**Јамиште**, пат од римското време. Северозападно од селото, во нивата на Трајан Трајкоски се откриени камени плочи редени една до друга. Најверојатно се работи за остатоци од античкиот пат Via Egnatia.
(С.С., В.С.)

## 14. ЈАНКОВЕЦ

**Св. Атанасија**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото, на југоисточната страна се гледаат остатоци од гробови покриени со камени плочи од кои некои се долги и до 3 м. (Б.П.)

## 15. КОЗЈАК

**Горна Маала**, населба и некропола од римското време и средниот век. На околу 1 km источно од селото и 1 km јужно од месноста Макази, на голема површина, што зафаќа простор од 100 m во должина и околу 300 m во ширина, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Во југоисточниот дел, од левата страна на патот Макази-Асамати, во 1956 година Нури Редиери, обработувајќи го лозјето, открил и уништил повеќе гробови. Откриени се и темели од повеќе објекти, а во северозападниот дел остатоци од античкиот пат Via Egnatia. Се претпоставува дека во оваа месност била патната станица Скиртијана, помеѓу Хераклеја и Лихнид. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид и во Музејската збирка во Ресен.
Папазоглу Ф., 1957, 195; Vuli} N., 1938а, 9-15. (Б.П.)

**Гробишта**, средновековна некропола. Покрај реката во селото се гледаат остатоци од гробни конструкции градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. (С.С., В.С.)

**Козјак**, осамен наод од римското време. Во куќата на Благоја Котлароски од Ресен се наоѓа вотивна мермерна плоча која била донесена од селото Козјак, од непознат локалитет. На плочата е претставен Аполон кој во десната рака држи тирс, а во левата надолу спружена рака држи нејасен предмет – сад? Под раката му седи четириножно животно – пантер? Димензиите на плочата изнесуваат 36 x 31 x 5 cm. (Б.П.)

## 16. КОЊСКО

**Бљудо**, средновековна населба, црква и некропола. Северно од селото, на мала височинка што се извишува над езерото, при обработувањето на земјата мештаните наидувале на темели од објекти. По по-

вршината се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и грамади од кршен камен. Видливи се и темели од помала црква во чија непосредна близина се откриени камени плочи од гробни конструкции. (С.С., В.С.)

**Голем Град – Остров**, населба од неолитското, хеленистичкото и римското време, некропола од римското време и средниот век. Се наоѓа во југозападниот дел на Преспанско Езеро, на граничната тромеѓа со Грција и Албанија. Има површина од 18 хектара и претставува природна тврдина со висина од 30 m над нивото на езерската вода. Уште во 1898 година П. Н. Миљуков го посетил островот и ги регистрирал фреските во црквите Св. Петар и Св. Димитрија, денес урната. Ископувања се изведени во 1967/68 година, потоа од 1980 до 1990 година, при што се откриени неолитски артефакти, темели од станбени објекти од хеленистичкото и римското време, основи од две старохристијански еднокорабни цркви, една црква од средниот век (Св. Димитрија), една цистерна од римското време и 102 гроба од римскиот и средновековниот период (II до XIV век) без прекин. Ѕидовите на црквите биле прекриени со фрески, а подовите спорадично со мозаици. Накитот од гробовите е изработуван од бронза, сребро, јантар, стаклена паста и злато. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен.
Милюковъ Н. П., 1899, 36-73; Иванов ’., 1910; Bitrakova Grozdanova V., 1986, 107-120; Битракова Грозданова В., 1987, 51, 71, 90, 139; Битракова Грозданова В., 1988, 193-199; Битракова Грозданова В., 1989, 29-43; Здравковски Д.,1989a, 89-91; Битракова Грозданова В., 1989a, 101-133; Грозданов Ц., 1990, 125-131; Bitrakova Grozdanova V., 1990, 72-72; Bitrakova Grozdanova V., 1994, 218-222. (В.Б.Г., Б.П.)

Голем Град. – Старохристијанска базилика со детаљ од мозаикот во наосот

Голем Град. – Сребрени обетки од X-XI век

**Коњско**, депо на средновековни монети. Во 1953 година Народниот музеј од Охрид откупил 660 бакарни монети.
Размоска Бачева Д., 1987, 221. (Б.П.)

**Старо Село**, средновековна црква и некропола. Јужно од селото, во непосредната близина на езерскиот брег се откриени гробови градени од камени плочи. Според кажувањето на мештаните, при понизок водостој се појавувале и темели од објект, можеби од црква. (С.С., В.С.)

## 17. КРАНИ

**Анче**, рибарска населба од хеленистичкото време. На околу 500 m северно од автокампот на летувалиштето Крани, со опаѓањето на нивото на Преспанско Езеро, во 1989 година, на површина од околу 300 x 100 m се појавиле повеќе пунктови со остатоци од објекти. Откриени се 25 простории градени од кршен камен во сувоѕидица, со дебелина од 70 cm и зачуван само еден дел од ѕидот. Со заштитните археолошки ископувања се истражени два хоризонта на живеење, од кои едниот е жолт песок – нанос, а вториот слој е песок и глина, сива боја, во кој има фрагменти од керамички садови. Дебелината на овој слој изнесува 10-20 cm. Поради појавата на вода

не е можно понатаму да се следи. Другата група градби ја сочинуваат 12 кружни јами изградени од големи камени блокови, сувоѕидица. При ископувањето на овие јами не се наиде на културен слој. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен.
Битракова Грозданова В., 1990, 127. (Б.П.)

**Кобел**, населба од доцноантичкото време. На 500 m од селото, од двете страни на патот кон езерото, во нивите на Славе Дудумоски при обработувањето на земјата се откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Св. Илија**, средновековна црква и некропола. На јужната страна од селото се издига тераса која благо се спушта кон запад и доминира над околниот терен. На западниот крај на терасата се гледаат остатоци од некропола и црква што била посветена на св. Илија. Конструкцијата на гробовите е од камени плочи, а ориентацијата им е исток-запад. (С.С., В.С.)

**Св. Никола**, средновековна црква и некропола. На 1 km јужно од селото, околу црквата Св. Никола, која била изградена врз темели од постара црква, се наоѓаат гробови градени од камени плочи. (С.С., В.С.)

## 18. КРИВЕНИ

**Старо Кривени**, осамен наод од римското време. Според кажувањето на Ѓорѓи Ињоски од Старо Кривени, северно од селото, при обработувањето на земјата биле откопани неколку питоси. (С.С., В.С.)

**Чешино**, населба од доцноантичкото време. Источно од селото, во подножјето на високиот Гричи Рид, при обработувањето на земјата мештаните наидувале на темели од објекти ѕидани од кршен камен и кал, камења за рачно мелење, а по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.С., В.С.)

## 19. КУРБИНОВО

**Каштино**, населба и топилница од доцноантичкото време. На 1,5 km источно од селото, во нивата на Панде Савевски се зачувани голем број остатоци од топена железна руда. Во непосредната близина е месноста Корија каде по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Кула**, средновековна тврдина. На 2 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато, познат уште и под името Кулишта, се гледаат грамади од кршен камен и покривни ќерамиди. Видливи се и контурите на одбранбен бедем, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. (С.С., В.С.)

**Кули**, населба од хеленистичкото време. На околу 600 m југоисточно од селото, покрај патот за црквата Св. Ѓорѓи, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегови со различна форма и друго. Во 1967 година се извршени заштитни археолошки ископувања при што се откриени темели од објекти, слабо зачувани, и тоа како еден ред ѕидарија. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен.
Битракова Грозданова В., 1988, 189. (Б.П.)

**Курбиново**, населба од римското и доцноантичкото време. Во селото и во непосредната околина се откриени повеќе објекти градени од камен и варов малтер, имбрекси, тегули. При изградбата на плевна, Јонче Спироски нашол мермерна глава која сега се чува во Народниот музеј во Белград. На повеќе места се откриени питоси, монети и друг археолошки материјал. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен.
Грбић М., 1958, 65; Соколовска В., 1987. (С.С., В.С.)

**Рајчинец**, средновековна населба. На 1 km североисточно од селото, на мала зарамнета површина се наоѓаат грамади од кршен камен, а наместа се среќаваат и фрагменти од керамички садови и питоси.
Mikul~i} I., TIR, 76. (С.С., В.С.)

Курбиново. – Портрет од I век пред н.е.

**Рекиње**, топилница од доцноантичкото време. На околу 3 km источно од селото, во подножјето на Пелистер и во непосредната близина на изворот на малата река се гледаат грамади згура од топена железна руда.
Mikul~i} I., TIR, 76. (А.К.)

**Св. Атанасија**, средновековна црква. На 1 km источно од селото, од десната страна на патот има остатоци од средновековна црква со димензии од 7,60 x 5 м. Дебелината на ѕидовите, градени од кршен камен и варов малтер, изнесува 0,80 m. (С.С., В.С.)

**Св. Ѓорѓи**, средновековна некропола. На 3 km источно од селото се наоѓа црквата Св. Ѓорѓи, изградена во XII век. При изведувањето на конзерваторските работи на црквата, во 1953 и 1980 година, се извршени и археолошки истражувања во неа и околу неа. Откриени се гробови во кои како прилози имало сребрени обетки од типот „Курбиново“, прстени, а во еден детски гроб керамичка чашка. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен.
Лахтов В., 1957, 83; Алексова Б., 1961, 91. (Б.П.)

**Св. Крстовден**, базилика од старохристијанското време. Во селската црква Св. Крстовден се вградени повеќе сполии (импост-капители со претстава на два гулаба и крст). Архитектонска пластика се среќава и на повеќе места во селото и околу селото.

Освен тоа, на овој простор се откриени и остатоци од мозаични подови кои укажуваат на постоење на остатоци од базилика. Сондажни археолошки истражувања се извршени во текот на 1970-72 година од страна на Археолошкиот музеј на Македонија.
Алексова Б., 1976, 26; Алексова Б., 1983в, 63. (Б.П.)

## 20. ЛАВЦИ

**Андонови Градини**, населба од римското време. На североисточниот крај на селото, на блага падина што се спушта кон рекичката Плаича, при обработувањето на земјата мештаните наидувале на ѕидови од објекти. На долниот крај, во непосредната близина на селскиот пат, В. Ангеловски во 1965 година случајно открил керамички сад со 100 бронзени монети од кои зачувал само 25. (С.С., В.С.)

**Стара Црква – Св. Дух**, средновековна црква и некропола. На западниот раб на селото се издига висок рид со зарамнето плато на кое се забележуваат остатоци од ѕидови од објект со мали димензии. Околу него се гледаат гробови градени од камени плочи. Локалитетот е обраснат со дабова шума. (С.С., В.С.)

**Трансформатор**, средновековна населба. Во 1973 година, при изградбата на трансформаторот што се наоѓа на западниот крај на селото биле откриени ѕидови од објекти градени од камен и кал. (С.С., В.С.)

**Тумба**, населба од доцноантичкото време. На тромеѓата на селата Лавци, Прељубје и Дрмени, на мала височинка со зарамнето плато, во нивата на Сандре З., при обработувањето на земјата биле откриени темели од објекти. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и друго. (С.С., В.С.)

## 21. ЛЕВА РЕКА

**Горна Црква**, осамени наоди од доцноантичкото време. Северно од селото, на десниот брег на малата селска река и во непосредната близина на црквата Св. Никола, во 1960 година, при копање на земја за правење тули биле откриени два питоса кои не се зачувани. (С.С., В.С.)

**Старо Село**, средновековна населба, црква и некропола. На 3,5-4 km североисточно од селото, на едно зарамнето плато се забележуваат темели од објекти, урнатини од црквичка со мали димензии и околу неа гробови градени од камени плочи, со ориентација запад-исток. (С.С., В.С.)

## 22. ЛЕСКОЕЦ

**Нива на Цветко Стојановски**, осамен наод од доцноантичкото време. Во нивата што се наоѓа на 1 km од селото, на патот за селото Стење, бил откопан питос. (С.С., В.С.)

## 23. ЉУБОЈНО

**Граишта**, некропола од римското време. На 1 km од селото, покрај патот за селото Брајчино, при обработувањето на земјата мештаните раскопале повеќе гробови во кои биле најдени керамички садови.
Битракова Грозданова В., 1988, 187. (С.С., В.С.)

**Кула**, утврдена населба со некропола од доцноантичкото време. На околу 1 km северно од селото се издига висок рид кој доминира над околниот терен. На зарамнетото плато јасно се распознаваат темели од одбранбен бедем, а на површината има грамади од градежен камен, тули и варов малтер. Остатоците од ѕидовите на тврдината биле оштетени во периодот 1936-1940 година кога селаните масовно ваделе камен за изградба на своите куќи. Во нивата на П. Пашаликовски биле откопани гробови со конструкции од камени плочи во кои имало керамички садови. (С.С., В.С.)

**Куќишта**, средновековна населба. Западно од селото, во нивите на К. Колев и П. Пашаликовски, со орањето биле откривани остатоци од темели ѕидани со кршен камен и кал. (С.С., В.С.)

**Присој**, населба од римското време. Во лозјето на К. Калајџиски, што се наоѓа на 1 km североисточно од селото, се откриени темели од објекти, суспензури од хипокауст, како и повеќе питоси од кои еден се чува во Заводот и Музеј во Охрид.
Битракова Грозданова В., 1988, 187. (С.С., В.С.)

**Рудина**, неселба од римското време. На 1, 5 km западно од селото, на десната страна од патот Макази-Маркова Нога, во нивата на С. Јанчевски биле откриени темели од објекти. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, суспензури од хипокауст и множество градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 80. (С.С., В.С.)

**Св. Димитрија**, средновековна црква и некропола. На околу 150 m западно од селото, од левата страна на патот што води кон селската утрина се гледаат остатоци од мала црквичка околу која има гробови со конструкции од камени плочи. (С.С., В.С.)

## 24. НАКОЛЕЦ

**Леска**, населба од римското време. На 1 km источно од селото, покрај патот за Љубојно, во бавчата на Гоце Калајџиевски, со обработувањето на земјата

биле откриени остатоци од темели на објекти со подови од камени плочи и фрагмент од стебло на столб. Дел од градежниот материјал е однесен и употребен во градбата на селските куќи. Една мермерна плоча со натпис е вградена во скалите од куќата на сопственикот на бавчата. Денес по површината на локалитетот се забележуваат фрагменти од керамички садови.
Битракова Грозданова В., 1988, 187. (С.С., В.С.)

**Метилец**, населба од доцнохеленистичкото време. Покрај езерскиот брег помеѓу селата Наколец и Штрбово, на простор од околу 33 x 100 m се забележуваат остатоци од темели на градби градени од монолитни камења и фрагменти од керамички садови. Наодите се слични на остатоците од објектите откриени во 1989 година со повлекувањето на езерската вода, и тоа на повеќе места на преспанското крајбрежје.
Битракова Грозданова В., 1990, 132. (Б.П.)

## 25. ОТЕШЕВО

**Камара**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на хотелот „Југославија“, при изградбата на спортското игралиште биле откриени и делумно уништени остатоци од темели на објект, градени од камен и варов малтер, и повеќе питоси. Денес на површината се забележуваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Пирк**, населба од хеленистичкото време. На 1 km северно од туристичката населба, над месноста Сирхан се издига гребен со зарамнето плато на кое се среќаваат фрагменти од керамички садови. Платото било прекопано со ровови во Првата светска војна.
Битракова Грозданова В., 1988, 187. (С.С., В.С.)

**Св. Атанас**, средновековна црква со некропола. На 500 m јужно од селото се гледаат остатоци од ѕидови на урната црква и околу неа гробови со конструкции од камени плочи.
Битракова Грозданова В., 1988, 187. (С.С., В.С.)

**Сирхан**, осамен наод од римското време. При изградбата на тунелот за летувалиштето, во 1948 година е најдена надгробна стела со семејна претстава (фигури на маж, жена и дете), која се чува во Музејската збирка во Ресен.
Проева Н., 1986а, 67. (Б.П.)

## 26. ПЕТРИНО

**Кале**, утврдена населба од римското време и средниот век. На околу 8-9 km западно од селото, високо во Петринска Планина има височинка со зарамнето плато, со површина од 150 x 40 m, на која се гледаат остатоци од одбранбен ѕид, широк 1 m, ѕидан од кршен камен и варов малтер. На површината, освен градежен материјал, има и фрагменти од керамички садови. Со оглед на близината на патот Via Egnatia, Т. Томоски претпоставува дека Кале би можела да биде патната станица Брикида.
Томоски Т., 1979, 49-79. (С.С., В.С.)

**Старо Село**, средновековна црква со некропола. На 2 km северозападно од селото, од десната страна на патот Ресен-Охрид има мало ритче со зарамнето плато на кое се гледаат остатоци од мала црквичка и гробови градени од камени плочи. (С.С., В.С.)

## 27. ПОДМОЧАНИ

**Арапски Гробишта**, населба со топилница од доцноантичкото време. Во подножјето на Пелистер, на 2 km североисточно од селото, на простор од неколку декари се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен материјал и згура од топена железна руда. (С.С., В.С.)

**Горици**, населба од римското време. Северно од селото, на две височинки што доминираат над околниот терен се среќаваат остатоци од населба, поточно, фрагменти од керамички садови, тегули и грамади од градежен материјал. Локалитетот е познат уште под топонимите Корија и Сто Куќи.
Томоски Т., 1979, 56. (Б.П.)

**Горно Дрмче**, осамен наод од доцноантичкото време. Во нивата на Ѓорѓи Кромитчиески биле откриени повеќе питоси. (С.С., В.С.)

**Грнчарско Селиште**, средновековна црква. На 2 km западно од селото, а исто толку и од селото Грнчари, според кажувањето на мештаните, на едниот крај од ливадите, обраснат со капини, имало остатоци од темели на мала црквичка. (С.С., В.С.)

**Киреjца**, населба од доцноантичкото време. На 1 km од селото, во правецот на селото Рајца, по површината на нивите се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал.
Битракова Грозданова В., 1988, 187. (С.С., В.С.)

**Св. Ѓорѓи**, некропола од римското време. На 500 m југозападно од селото, во правецот на езерскиот брег, според кажувањата на мештаните, при изградбата на црквата Св. Ѓорѓи биле откопани и уништени повеќе гробови со конструкции од камени плочи. Зачувана е надгробна стела со релјефно претставени бисти на маж и жена и коњаник, како и еден мал импост-капител. (С.С., В.С.)

## 28. ПОКРВЕНИК

**Арапски Гробишта**, средновековна некропола. Во непосредната близина на училиштето и на просто-

рот помеѓу новата и старата селска населба се забележуваат контури од камени конструкции на гробови. (С.С., В.С.)

**Висои**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика со некропола. На повеќе места во атарот на селото се откриени остатоци од населба. Покрај самиот пат што води за Старо Село, во лозјата и овоштарниците се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал расфрлен по површината. (Б.П.)

**Св. Атанас**, старохристијанска базилика. Во просторот меѓу старата и новата населба се наоѓа малата црквичка Св. Атанас. При копањето на темели за нова црква мештаните откриле остатоци од постар објект. Со археолошките ископувања извршени од Музејската збирка во Ресен е констатирано дека се работи за трикорабна базилика со нартекс, анекс-просторија на северната страна на нартексот и три простории на јужната страна, од кои едната е крстилница со кружна писцина. Подот во олтарниот простор е од малтер, а во наосот од плочи и печена земја. Покрај темелите од ѕидовите се најдени фрагменти од стебла на столбови, меноа, бази и два капитела.
Битракова Грозданова В., 1986, 107-120; Битракова Грозданова В., Пупалески Б., 1989, 29. (Б.П.)

## 29. ПРЕЉУБЈЕ

**Прељупски Рид**, населба од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, во лозјето на Мите Печаноски од селото Долно Петрово бил откриен питос. Во околнитениви се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (С.С., В.С.)

## 30. ПРЕТОР

**Копачките**, некропола од доцноантичкото време. Во нивата на Кире Илиески, со археолошкото сондажно истражување во 1965 година биле откриени два гроба, едниот од типот „на две води" граден од тегули, а другиот ѕидан од камен и варов малтер, поставени во правец југоисток-северозапад. Во гробот со камена конструкција се најдени керамички сад, чашка и една белезица.
Битракова В., 1967, 118; Битракова Грозданова В., 1988, 188. (Б.П.)

**Кулине**, населба од бронзеното, хеленистичкото и римското време и средниот век. На 1 km источно од селото има рид со зарамнето плато на кое се наоѓаат фрагменти од керамички садови и друг археолошки материјал од населби со различна временска и културна припадност. (Б.П.)

**Летувалиште**, населба од доцноантичкото време. Со изградбата на туристички објекти, како и со интензивното садење на овоштарници во околината на селото, особено во нивите на Ефтим Митрески, В. Котески, Б. Тотевски и соседните, биле откривани темели од објекти, градени од камен и варов малтер, а во некои од нив мозаични подови. Денес на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Битракова Грозданова В., 1988, 189. (Б.П.)

**Ливаѓе**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, од јужната страна, со сондажното археолошко истражување извршено во 1973 година е откриен голем број археолошки предмети, и тоа фрагменти од керамички садови, питоси, тегови и градежен материјал. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен. (Б.П.)

**Ливатчиња**, вила рустика од римското време. На имотот на Ефтим Митрески, што се наоѓа на источната страна на селото, со сондажното археолошко истражување извршено во 1972 година се откриени остатоци од објект со хипокауст, како и археолошки материјали: фрагменти од керамички садови, тегови, суспензури, тубули и друго. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен.
Битракова Грозданова В., 1988, 189. (Б.П.)

**Петрино**, населба од доцноантичкото време. Југозападно од училиштето „Мите Богоевски", при копањето на септичка јама е констатиран културен слој во кој се најдени фрагменти од керамички садови и друг археолошки материјал. (Б.П.)

**Претор**, населба од доцноантичкото време. Источно од селото, на просторот што се наоѓа до атарот на селото Курбиново, особено во имотите на Алекса Босилков и Стојан Костовски, со ископувањата во 1967, 1972 и 1974 година се откриени темели од објекти ѕидани од камен и варов малтер, наместа зачувани во височина и до 0,50 m. Со обработувањето на земјата темелите се во голема мера оштетени така што на објектите не може да им се одредат плановите на основите. Во два објекта има остатоци од системи за затоплување – хипокаусти изведени од кружни керамички плочки. Откриен е и под со мозаик. Од овој локалитет потекнуваат повеќе случајни наоди од кои посебно се издвојуваат една бронзена плочка со претстава на ориентално божество и една апликација од држалка на сад со претстава на човечка маска. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Ресен и во Заводот и музеј во Охрид. Името на селото е во тесна етимолошка врска со латинските имиња Претории и Преториј.
Битракова В., 1967, 118; Антољак С., 1985, 522-523; Битракова Грозданова В., 1988, 191. (Б.П.)

**Св. Арангел**, осамен наод од римското време. Во црквата се наоѓаат две мермерни ари без претстави и натписи. Слична ара има и во црквата Св. Калуѓери – Метох, која се наоѓа јужно од селото. (Б.П.)

**Св. Атанасија**, средновековна црква. Со сондажното археолошко истражување во 1972 година се откриени темели од еднокорабна црква со полукружна апсида, ѕидана од камен и варов малтер. (С.С., В.С.)

**Св. Богородица**, средновековна црква со некропола. Во 1960 година, при изградбата на одморалиштето на Тутунскиот комбинат од Прилеп биле откриени темели од црква и околу неа гробови од камени плочи. (С.С., В.С.)

**Св. Недела**, средновековна црква. Со сондажното археолошко ископување извршено во 1972 година се откриени остатоци од еднокорабна црква со полукружна основа, градена од кршен камен и кал. Во темелите биле најдени византиски монети од XI-XII век. (С.С., В.С.)

**Св. Петка**, средновековна црква со некропола. Во 1959 година, при изградбата на зградата на Стопанската банка биле откриени темели од црква и околу неа повеќе гробови. (С.С., В.С.)

## 31. РАЈЦА

**Али Коч – Скочино**, населба и некропола од римското време. На околу 500 m западно од селото во правецот на езерото, во нивите на Панде Божиноски и Јонче Камбев, како и во соседните ниви, со земјоделските работи биле откривани остатоци од темели на објекти и гробови со конструкции од тегули и имбрекси – тип „на две води“. Денес на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Селиште**, средновековна црква со некропола. На околу 1 km источно од селото се наоѓаат урнатини од средновековна црква и околу неа гробови од камени плочи. (С.С., В.С.)

## 32. РЕСЕН

**Св. Ѓорѓи**, осамен наод од римското време. Во црквата Св. Ѓорѓи се наоѓаат две надгробни плочи од мермер. Едната е вградена во подот со натписот свртена нагоре, а другата во западниот ѕид од надворешната страна. Оваа стела е со две полиња во кои релјефно се претставени бисти на маж и жена. Наодите биле донесени од атарот на селото Козјак.
Вулић Н., Сп. LXXI, 524; Проева Н., 1986, 53. (Б.П.)

## 33. СЛИВНИЦА

**Крш Полена**, вила рустика од римското време. На 1,5 km западно од селото и на 500 m од езерскиот брег, во бавчата на Никола Нечовски биле откриени темели од објект со повеќе простории и хипокауст. (С.С., В.С.)

**Кула**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 500 m северно од селото има висок рид со доминантна положба на чие зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Сливница**, населба од римското време. Во текот на изградбата на селските куќи (на Цветко Наумовски, Јован Бошковски и други) биле откривани остатоци од темели на повеќе објекти. Денес на површината може да се видат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Шуица**, средновековна црква и некропола. На растојание од околу 3 km југоисточно од селото се наоѓаат урнатини од мала црквичка и околу неа гробови со конструкции од камени плочи. Според темелот на северниот ѕид, кој јасно се оцртува, должината на црквичката изнесувала 7 m. (С.С., В.С.)

## 34. СОПОТСКО

**Бела Црква**, депо на средновековни монети. Во нивата на С. Стојчески, која е оддалечена 2 km северно од селото, со земјоделските работи во 1961 година биле откриени 427 бакарни скифати од XII-XIII век. Во оваа нива во 1955 година било најдено уште поголемо депо од 2.400 монети. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје и во Заводот и музеј во Охрид.
Керамидчиев А., 1978а, 158. (С.С., В.С.)

**Јане Дол**, осамен наод од доцноантичкото време. Во нивата на Тасе Крстевски, што се наоѓа во непосредната близина на Јане Дол, биле откопани три питоса. (С.С., В.С.)

**Св. Никола**, осамен наод од римското време, средновековна црква со некропола. При изградбата на новата црква Св. Никола, која се наоѓа 1 km јужно од селото, биле откриени темели од постара црква. Во олтарниот дел на црквата е најдена мермерна плоча со грчки натпис во 36 реда, од кои подобро се зачувани последните неколку реда. Освен неа, се најдени уште 3 поголеми плочи, а по должината на темелите бронзени монети – скифати. Западно и јужно од новата црква се гледаат монолитни камени плочи од гробни конструкции. Плочата со натпис се чува во Музејската збирка во Ресен, а останатите три се пред влезот на црквата.
Проева Н., 1986, 59. (Б.П.)

**Трно Нива**, населба од римското време. На 2 km југоисточно од селото, лево од патот за селото Козјак се наоѓаат нивите на Јордан Венцов и Крсте Тасевски со површина од неколку хектари, во кои се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.С., В.С.)

### 35. СТЕЊЕ

**Кула**, средновековна тврдина. На 1 km југозападно од летувалиштето Царина има висок рид со зарамнето плато на кое се забележуваат остатоци од средновековна тврдина. (Б.П.)

**Лозјата**, населба од неолитското време. По површините на селските лозја, кои лежат 2 km западно од селото, се забележуваат фрагменти од керамички садови и голем број орудија од камен и кремен. (Б.П.)

**Певчиња (Градиште – Варници)**, населба и некропола од римското време. На брегот на езерото, на околу 500 m југоисточно од селото, со експлоатацијата на песок од страна на градежните претпријатија биле откривани темели од објекти и гробови од големи камени плочи. Исти објекти се појавуваат и повнатре во езерото при опаѓањето на нивото на водата.
Mikul~i} I., TIR, 119; Битракова Грозданова В., 1988, 192. (С.С., В.С.)

**Св. Атанас**, старохристијанска црква. На околу 1 km јужно од селото, крај патот за селото Коњско се наоѓа црквата Св. Атанас, подигната во XVIII век. При трасирањето на патот што поминува крај самата црква биле откриени остатоци од постар објект – црква градена со камен и варов малтер, како и едно столпче од мермер со врежан грб. Според овие наоди, може да се претпостави дека црквата Св. Атанас била подигната врз темелите на постар сакрален објект. (Б.П.)

**Четкарица**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km северозападно од селото по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал. (Б.П.)

**Трафостаница**, средновековна некропола. На излезот од летувалиштето Царина кон селото Стење, во 1950 година, кога се градела трафостаницата, биле откриени неколку гробови со ориентација запад-исток и во нив биле најдени бронзен крст, прстен со врежана човечка фигура, бронзена белезица и други гробни прилози.
Алексова Б., 1966, 79-80. (Б.П.)

### 36. ШТРБОВО

**Грамада**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на западниот раб на селото, на една блага падина што се спушта кон брегот на езерото. Со изградбата на асфалтниот пат локалитетот е пресечен на два дела. Во нивата на Јордан Василев со земјоделските работи биле раскопани темели од ѕидови, а биле најдени и големи питоси. (С.С., В.С.)
**Гура**, населба од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото по површините на нивите се забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.С., В.С.)

**Крес**, средновековна црква со некропола. Црквата Св. Димитрија се наоѓа на мало зарамнето плато, високо во подножјето на Баба Планина, оддалечено околу 1,5 km североисточно од селото. Според кажувањето на мештаните, околу црквата имало гробови покриени со монолитни камени плочи, кои денес сосема малку се забележуваат. (С.С., В.С.)

**Куќишта**, средновековна населба. Во подножјето на Баба Планина, на околу 2 km источно од селото има зарамнета површина на која се присутни грамади од кршен камен, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. Според исказите на мештаните, пред Втората светска војна биле видливи темели од неколку објекти. (С.С., В.С.)

**Нивје**, средновековна црква со некропола. Во непосредната близина на ловечкиот дом се гледаат остатоци од средновековна црква и околу неа гробови со конструкции од камени плочи, со ориентација запад-исток. (Б.П.)

### 37. ШУРЛЕНЦИ

**Кале**, средновековна тврдина. Југозападно од селото се издига ридот Магарица, кој доминира над езерскиот брег и над патот што води за Отешево и Стење. На самиот врв има плато, издолжено во правец исток-запад и со површина од 5-6 хектари, на кое се наоѓаат остатоци од бедем ѕидан од камен и кал, широк 1 m и со височина наместа зачувана до 2 m. На јужната страна има остатоци од три одбранбени појаси од ѕидови, наредени еден под друг. Во внатрешниот простор на тврдината се забележуваат темели од помали објекти и множество градежен материјал. Според истражувањата на Т. Томоски тврдината е идентификувана како Константион, град што постоел во XI век.
Томоски Т., 1979, 49-79. (С.С., В.С.)

# XXV. СВЕТИ НИКОЛЕ

1. Алакинце ............................................................. 345
2. Амзабегово........................................................... 345
3. Арбасанци............................................................. 346
4. Аџибегово............................................................. 347
5. Аџиматово............................................................ 347
6. Богословец ........................................................... 347

7. Буриловци ... 347
8. Горно Ѓуѓанце ... 347
9. Горно Црнилиште ... 347
10. Горобинци ... 348
11. Дилисинци ... 349
12. Долно Ѓуѓанце ... 349
13. Долно Црнилиште ... 350
14. Дорфулија ... 350
15. Ѓуземелци ... 351
16. Ерџелија ... 351
17. Кадрифаково ... 351
18. Каратманово ... 351
19. Кишино ... 352
20. Кнежје ... 352
21. Крушица ... 353
22. Лозово ... 354
23. Макреш ... 354
24. Малино ... 354
25. Мечкуевци ... 355
26. Милино ... 355
27. Мустафино ... 355
28. Немањици ... 355
29. Нова Мездра ... 356
30. Орел ... 357
31. Патетино ... 357
32. Пеширово ... 357
33. Преод ... 357
34. Ранчинци ... 358
35. Сарамзалино ... 358
36. Свети Николе ... 358
37. Сопот ... 359
38. Стануловци ... 360
39. Стањевци ... 360
40. Стара Мездра ... 360
41. Строиманци ... 361
42. Трстеник ... 361
43. Ќоселери ... 361

## 1. АЛАКИНЦЕ

**Зелено Чукарче**, населба од римското време. На 500 m западно од селото, во нивата на С. Колев се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (С.Д., М.И.)

**Преко Дол**, населба од римското време. На северниот раб на селото, при орањето на нивите биле откривани темели од постари објекти. На површината се забележуваат фрагменти од керамички садови и делкани блокови од камен. (С.Д., М.И.)

**Св. Богородица**, средновековна црква. Се наоѓа на околу 700 m северно од селото и има мали димензии. (С.Д., М.И.)

**Св. Илија**, средновековна црква. Се наоѓа на 300 m северно од селото. Претставува висок рид на кој има вкопан крст од камен. Местото се почитува како свето. (С.Д., М.И.)

## 2. АМЗАБЕГОВО

**Барутница**, населба од неолитското време и вила рустика од римското време. Во стручната литература локалитетот е познат и под имињата Анзабегово или Анза.

Се наоѓа на околу 2 km југозападно од селото, од левата страна на железничката пруга Велес-Кочани, и тоа помеѓу 33,8 km и 34,5 km, односно, на околу 2 km југозападно од железничката станица Овче Поле и на околу 700 m јужно од асфалтниот пат Велес-Штип. Теренот претставува блага терасеста падина со површина од 500 m во правецот исток-запад и 250-300 m во правецот север-југ, која е краен дел на гребенот што се спушта од масивот Ѓуриште. Во непосредната близина се наоѓа коритото на Светиниколска Река. На источниот крај терасата е пресечена со изградбата на пругата уште во дваесеттите години. Многу подоцна, во 1958 и 1959 година, со садење на заштитен појас од багремови дрвја се направени големи оштетувања при што на површината бил исфрлен многуброен неолитски керамички материјал, а исто така биле разорани и темели од објект од римското време со повеќе простории со подни мозаици. Овие наоди всушност биле повод Археолошкиот музеј на Македонија, заедно со Филозофскиот факултет од Љубљана, во 1960 година да изврши сондажно ископување. Второ, многу пообемно и систематско ископување е извршено во 1969/1970 година од бинационална македонско-американска археолошка екипа, во организација на Народниот музеј од Штип и Универзитетот „Калифорнија“ од Лос Анџелес. Со овие ископувања, особено со второто, е утврдена стратиграфската положба на населбата, со сите нејзини населбински, хронолошки и културни карактеристики. Всушност, откриени се остатоци од населба со четири хоризонта (фази) на обновување, во кои е содржана целокупната неолитска еволуција, хронолошка и културна. Поради целосноста на податоците за градбите за живеење (техника, материјал, димензии), стопанските активности, доместикацијата, погребувањето, религијата и материјалното производство, а посебно поради карактерот на наодите и нивните поблиски или подалечни културни релации, неолитот во источна Македонија е воведен во праисториската наука како регионална самостојна културна група наречена Анзабегово-Вршник.

Почетоците на населбата (Хоризонт I) му припаѓаат на постариот неолит, натамошната еволуција се одвивала во времето на средниот неолит (Хоризонт II-IV), а нејзиниот крај го означува малиот и недоволно зачуван број на остатоци од времето на доцниот неолит. Кај керамиката од Хоризонтот I се карактеристични садовите со монохромна темна и црвена боја, во поголем дел груби и неизедначено печени, скромно украсувани во импресо и барботин-техниките. Фината керамика се одликува по црвениот сјаен премаз, сликањето со бела боја, применетите геометриски и флорални орнамен-

тални мотиви (точки, триаголници, системи од цикцак ленти, капки, цветови), како и со кусите нозе со чепови за прицврстување. Во следните три средно-неолитски фази (II-IV) керамиката покажува впечатливи технолошки, колоритни, декоративни, а делумно и типолошки промени. Фактурата ѝ е поквалитетна, површината сјајна, премачкана со премаз со темносива, сивокафеава или црвена боја, а кај садовите репертоарот на облиците е значително проширен. Импресо и барботин-техниките на украсување продолжуваат, со тоа што орнаментите се организирани во мотиви (аркада, клас од жито, дожд). Во техниката на сликањето белата боја постепено исчезнува (фаза II), а на нејзиното место доаѓа темнокафеавата. Со тоа настанале промени и во орнаментиката. Кај паниците, амфорите и особено кај пехарите се присутни издолжени линеарни орнаменти организирани во статични геометриски мотиви (издолжени штрафирани триаголници, линии со разна дебелина што алтернираат), потоа криво-

Барутница, Амзабегово. – Амфора од раниот неолит

линеарни мотиви и спирали во негатив (фаза III-IV). Слични промени се присутни и кај култната пластика, која во средносеолитските фази е поослободена од старите шаблони на претставување. Антропоморфните статуетки, иако и натаму стилизирани, содржат иконографија со детали кои на самата претстава ѝ даваат поголем натуралистички изглед. Стратиграфски, а и хронолошки, населбата завршува со последниот слој од времето на доцниот неолит; со материјални остатоци што содржат елементи карактеристични за една од поразвиените фази на винчанската култура (Винча-Тордош I).

Во 1960 година е извршено и пробно сондирање во шумскиот појас на местото на разорените архитектонски остатоци од објект од римското време. Констатирани се делови од темели на објект со повеќе простории, веројатно вила рустика од III-IV век. Една од просториите е голема сала, со под од полихромен мозаик организиран во полиња со геометриски мотиви. На средината на просторијата, во подот има четвртест имплувиум обложен со мермерни плочки, чиј базен е поврзан со одводен канал. Габаритот на објектот не му е одреден. Наодите од ископувањата се чуваат во Заводот и музеј во Штип (1969/70) и во Музејот на Македонија во Скопје (1960).

Санев В., 1961, 71; Гарашанин М., Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., 1971, 37-41; Koro{ec P., Gara{anin M., 1971, 131; Корошец П. и Ј., 1973; Gara{anin M., 1974, 21-28; Gimbutas M., 1976; Gara{anin M., 1979, 84-106; Санев В., 1995, 29-32. (В.С.)

**Селото**, средновековна населба. Во нивата на П. Манев се среќаваат голем број керамички предмети и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Сусерка**, неолитска населба. Ниско под падините на ридот Богословец, поточно на тромеѓата меѓу селата Делисинци, Богословец и Амзабегово, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен. (С.Д., М.И.)

## 3. АРБАСАНЦИ

**Ќерамидница**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, во нивите на задругата се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Оттука потекнува и еден фрагмент од мермерен столб. (С.Д., М.И.)

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. Непосредно до селото, од североисточната страна се гледаат остатоци од ѕидови на еднокорабна црква, зачувани во височина до 2 m, на кои се забележуваат траги од живопис. Околу црквата има гробови со конструкции од камени плочи. (С.Д., М.И.)

## 4. АЏИБЕГОВО

**Могила**, могила – некропола од доцноантичкото време и средниот век. На 150 m северно од селото, на левиот брег на Светиниколска Река се наоѓа могила со пречник во основата од околу 15 m и височина од 3 m. Могилата е делумно уништена со вкопувањето на средновековните гробови. (С.Д., С.М.)

**Шарланди**, средновековна населба и некропола. Близу до утоката на Светиниколска Река во Брегалница, на околу 3,5 km од селото на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Има и гробови градени од камени плочи, поставени во правец запад-исток. Во шеесеттите години биле најдени белезици од стаклена паста и друг средновековен накит.

Алексова Б., 1964, 100-102. (С.Д., М.И.)

## 5. АЏИМАТОВО

**Арсов Кладенец**, вила рустика од доцноантичкото време. Во селската утрина, што се наоѓа 1 km југозападно од селото, се забележуваат остатоци од темели од објект и фрагменти од керамички садови и питоси кои можеби ѝ припаѓаат на некаква доцноантичка вила. (С.Д., М.И.)

**Колиба Баир**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km северозападно од селото, на една височинка се наоѓаат остатоци од темели на повеќе објекти, фрагменти од керамички садови, тегули и друг градежен материјал. Од меѓата на нивата на С. Иванов биле извадени камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Куричаир – Суви Ливади**, водовод од римското време. При орањето биле откривани керамички цевки – тубули од водовод. (С.Д., М.И.)

## 6. БОГОСЛОВЕЦ

**Градешка Чешма**, населба и некропола од римското време. На 3 km југоисточно од селото, на падините од ридот Богословец, од левата и десната страна на патот за селото Доброшане се забележуваат темели од објекти, фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. Најдени биле и повеќе монети. Во непосредната близина на чешмата, во нивите се забележуваат гробови со конструкции од камени плочи. (С.Д., М.И.)

**Џиванка**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km северозападно од селото, на источната падина од ридот Црвена Ричка, при земјоделските работи мештаните наидувале на гробови со конструкции од камени плочи. (С.Д., М.И.)

## 7. БУРИЛОВЦИ

**Пинговски Гробишта**, средновековна некропола. На југоисточниот раб од селото, покрај црквата Св. Никола се гледаат камени конструкции од постари гробови. (С.Д., М.И.)

**Судички Пат**, населба од доцноантичкото време. На источниот раб од селото, зад куќата на С. Милиќ, при орањето на нивата бил откриен четвртест постамент, со димензии од 37 x 47 x 22 cm, изграден од тегули и хидрауличен малтер. На површината има изобилство од градежен материјал, како и фрагментирана керамика. (С.Д., М.И.)

## 8. ГОРНО ЃУЃАНЦЕ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото има висок рид со зарамнето плато на кое се гледаат темели од одбранбен ѕид ѕидан од кршен камен и варов малтер, како и фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Кушевски Трла**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото, на границата со селото Строиманци, во нивата на Ѓ. Гаврилов се констатирани темели од објект со правоаголна основа, фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Западно од него, на 50 m, со орањето биле откриени повеќе гробови. (С.Д., М.И.)

**Пуста Црква**, средновековна црква. На 2 km северозападно од селото, на една височинка се наоѓаат урнатини од црква со апсида, ѕидана од делкан камен и варов малтер. Јужниот ѕид е зачуван во височина до 2,5 m. (С.Д., М.И.)

## 9. ГОРНО ЦРНИЛИШТЕ

**Во селото**, некропола од доцноантичкото време. Во дворовите на Л. и И. Аневи и Т. Ефремов, при копањето на бунари биле откриени гробови од камени плочи – тип циста, во кои немало гробни прилози. (С.Д., М.И.)

**Домус Бунар**, вила рустика од римското време. На 2 km северозападно од селото, во нивата на Т. Ефремов се среќаваат фрагменти од керамички садови и тегули. (С.Д., М.И.)

**Јака Трла**, населба од римското време. На 1,5 km западно од селото, во нивата на И. Петрушевски се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Карагерен**, средновековна некропола. На 600 m јужно од селото, лево од патот за селото Долно Црнилиште се среќаваат камени плочи од гробни конструкции, со ориентација исток-запад. (С.Д., М.И.)

## 10. ГОРОБИНЦИ

**Баничин Дол – Дејчина Круша**, средновековна црква и некропола. На 500 m североисточно од селото, при изградбата на штала биле откриени темели од црква, а во непосредната близина со орањето биле вадени големи плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Градиште**, средновековно градиште. Во правецот на селото Трстеник, во месноста Голем Рид има голема височинка со зарамнето плато на кое се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Караул**, градиште од доцноантичкото време. На 3 km јужно од селото има мала височинка обрасната со шума на која се гледаат траги од ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. (С.Д., М.И.)

**Коџакарач**, некропола од доцноантичкото време. На 500 m северно од локалитетот Караул, а на околу 2,5 km јужно од селото се констатирани гробови со конструкции од камени плочи. Во еден гроб била откриена белезица која се чува кај А. Бошков од селото. (С.Д., М.И.)

**Мамутница**, градиште од доцноантичкото време. На 5 km југозападно од селото, на границата на атарите на селата Трстеник, Иванковци и Џидимирци се забележуваат остатоци од бедем. Местото лежи на стариот пат за Скопје. (С.Д., М.И.)

**Осое**, населба од доцноантичкото време. На 4 km западно од селото, при пошумувањето биле откриени остатоци од ѕидови. На површината има фрагменти од керамички садови, тегули и имбрекси. (С.Д., М.И.)

**Руг Баир**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 2 km јужно од селото, меѓу полските патчиња од Горобинци кон селата Иванковци и Ѓуземелци, на еден од гребените на ѓуришкиот масив што се спушта во благ пад кон полето, достигнувајќи на исток до селото Амзабегово. Локацијата на која лежи е поголема, природно зарамнета тераса, на средината малку седлесто вдлабена, издолжена во правец запад-исток и со димензии од 220 x 80 m. На западниот крај се издига Перечки Рид, северната страна се спушта кон местото Падина, а дел од источната и јужната страна се стрмно засечени од Ѓуземелски Дол. Како неолитско наоѓалиште е регистриран во 1960 година, а една година подоцна Археолошкиот музеј вршел ископување. Со отворањето на 11 сонди, составени од 1 до 3 квадрати со димензии од 3 x 3 m, се настојувало да се добијат основните податоци за стратиграфијата на населбата, како и нејзините приближни димензии. Резултатите од истражувањата не се објавени од причина што голем дел од документацијата и откриените наоди биле уништени во земјотресот од 1963 година. Со оглед на значењето на населбата, во 1970 година Народниот музеј од Штип презел ископување во соорганизација со екипа од универзитетот „Калифорнија“ од Лос Анџелес, како дел од бинационалниот научен проект за истражување и проучување на неолитот во источна Македонија, односно во Амзабегово, воспоставен помеѓу овие две институции. Овие ископувања, како и претходните, покажале дека се работи за повеќеслојна населба, со културен слој од 1,40 m, во кој се откриени материјални остатоци од населбата што била трипати обновувана, и тоа во еден хронолошки и културен континуитет. Подвижните наоди, пред сè керамичките кои се најмногубројни, според типологијата на формите, орнаментиката и техниките на нивното изведување, ликовните и другите белези, речиси во целост се идентични со оние од среднонеолитските слоеви (II-IV) во населбата во Амзабегово и со другите населби од анзабеговско-вршничката културна група. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Штип, а сосема мал дел во Музејот на Македонија во Скопје.
Санев В., 1961, 72; Sar`oski S., 1961, 16; Санев В., 1975, 203. (В.С.)

Руг Баир, с. Горобинци. – Пехар од средниот неолит

**Селеново**, неселба и некропола од римското време. На падините на Ѓуришки Рид, поточно во нивите на Ц. Ставрев, што се оддалечени околу 500 m северно од селото, со орањето биле откривани темели од ѕидови градени со камен и хоросан малтер и подни тули. На површината има фрагменти од керамички садови и питоси. Биле најдени и три монети (Галиен, Константин и Филип) ковани во Виминациум. (С.Д., М.И.)

## 11. ДИЛИСИНЦИ

**Градиште**, градиште од римското време. Се наоѓа на 1 km југоисточно од селото, на падините на ридот Богословец, под врвот Јован Спирит, и претставува голема височинка со стрмни падини од сите страни и со зарамнето плато издолжено во правец север-југ околу 150 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал.
Санев В., 1961, 74. (С.Д., М.И.)

**Д'лга Ричка**, средновековна населба и некропола. На западниот раб на селото, во нивите на Ѓ. Костов и В. Атанасов и во соседните ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Според кажувањето на мештаните, при орањето наоѓале предмети украсени со крстови (?). На северниот крај на локалитетот се констатирани гробови со конструкции од камени плочи. (С.Д., М.И.)

**Сред село**, осамен наод од римското време. Кај селската чешма се наоѓа фрагмент од архитравна греда со латински натпис. (С.Д.)

**Ќунче**, населба од римското време. Се наоѓа на 2 km западно од селото, на тромеѓата на селата Дилисинци, Богословец и Амзабегово, лево од местото каде што се вкрстуваат железничката пруга и асфалтниот пат. Во нивата на Н. Георгиев, со површина од околу 250 x 150 m, се забележуваат фрагменти од керамички садови, тегули и градежен материјал.
Санев В., 1961, 75. (С.Д., М.И.)

## 12. ДОЛНО ЃУЃАНЦЕ

**Градиште**, фортификација од доцноантичкото време. Непосредно до јужниот крај на селото се издига висок рид опкружен со стрмни падини од сите страни. На половината од неговата височина има полукружна тераса, со простор од околу 200 x 220 m, на чиј раб има остатоци од темели на бедем, цврсто граден од кршен камен и варов малтер, кој селаните со години го раскопувале вадејќи градежен материјал за изградба на своите куќи. По површината има фрагменти од керамички садови, тегули, тули и стакло. Најдени се монети и шест питоси.
Санев В., 1961, 75; Микулчиќ Г., 1987, 188. (В.С.)

**Грамади**, населба со некропола од римското време и старохристијанска базилика. Се наоѓа на 14 km северно од Св. Николе, околу 200 m десно од асфалтниот пат Св. Николе-Куманово, на тромеѓата на селата Долно и Горно Ѓуѓанце и Павлешенци, односно 3,5 km северозападно од Долно Ѓуѓанце. Претставува блага падина со позиција исток-запад, на која во разораните ниви има многу фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен материјал од поголема населба. Бил откриен еден гроб со конструкција од тегули, во кој имало монети што не се зачувани, како и една вотивна плоча од мермер со релјефна претстава на богот Митра, со димензии од 32 x 24 x 4 cm. На западниот крај од локалитетот се гледаат делови од темели на трикорабна базилика, раскопани од мештаните, и тоа од нартексот и централниот кораб. Врз источната страна на базиликата е поставен стариот макадамски пат Св. Николе-Куманово. Од неа, во 1968 година, се извадени плочата од чесната трпеза и база од столб, изработени од сивозелен камен, и се однесени во Музејот во Штип. Местото на базиликата е познато уште и под имињата Црквиште и Мечев (Црн) Брест.
Белдедовски З., 1980, 75-82. (В.С.)

Грамади, с. Долно Ѓуѓанце. – Култна икона на богот Митра, III-IV век

**Грнчар**, населба и некропола од хеленистичкото време. На 4 km југозападно од селото, десно од патот Св. Николе-Куманово, по површините на нивите се наоѓаат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. На западниот крај на локалитетот има камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Ковчези**, светилиште и некропола од доцноантичкото време. На околу 3 km источно од селото се наоѓа високо плато со надморска височина од 601 m, со површина од 200 x 100 m, опкружено со стрмни падини. На највисоката точка на платото има четири дупки исклепани во карпа, со пречник од 0,55 m и со длабочина од 0,05 m, распоредени во приближно четвртеста основа од 8 x 7 m, а на средината меѓу нив има уште една помала дупка. Веројатно се работи за лежишта на дрвени колци што носеле покривна конструкција од некаков отворен сакрален објект во кој, во централната дупка, се вршела либација. Западно од оваа дупка се наоѓа гроб, исто така издлабен, со димезии од 1,93 x 0,85 m, длабок 1,13 m, што се стеснува кон дното, поставен во правец север-југ. На локалитетот се наоѓаат уште четири гроба издлабени во карпата, кои се отворени од диви копачи. Посебно е интересен гробот обележен како гроб бр. 3, со димензии од 2,05 x 1,74 m, кој има ниша со натписно поле над која релјефно се претставени два лава свртени еден кон друг. (С.Д.)

Ковчези, с. Долно Ѓуѓанце. – Светилиште на карпа од хеленистичкото време

**Корболе**, тумули од железното време. На околу 600 m северно од местото каде што патот за селото се одвојува од патот Св. Николе-Куманово, на еден гребен се наоѓаат два тумула. Тумулот I, кај мештаните познат уште под името Вршник, има неправилна кружна основа со димензии од 17 x 14 m и височина од 2,5 m. Тумулот II лежи 100 m североисточно од првиот и е со издолжена основа од 7 x 5 m и височина од 0,60 m. Северната половина му е оштетена од површински копања, така што во центарот се гледаат неправилно нафрлени камења.
Санев В., 1961, 73. (В.С.)

**Латинска Црква – Пусто Валевци**, доцносредновековна црква и некропола. Се наоѓа на 3 km од селото, на десната страна од патот Св. Николе-Куманово и на околу 500 m пред местото каде што се одвојува новиот пат за селото. Теренот е блага падина што се спушта кон југ, на која се гледаат урнатини од мала црквичка со димензии во основата од 6 x 4 m. Околу неа има гробови од камени плочи, од кои, многу одамна, мештаните раскопале два гроба со скелетно погребување. Во едниот пронашле бронзена белезица, прстен со широка глава и девет копчиња, исто така од бронза. Наодите не се зачувани.
Санев В., 1861, 78. (С.Д., М.И.)

**Св. Никола**, осамени наоди од римското време. Пред влезот во црквата се наоаѓа базис од столб, а пред камбанаријата писцина која е најверојатно донесена од локалитетот Грамади – Црн Брест (С.Д.)

## 13. ДОЛНО ЦРНИЛИШТЕ

**Ѓеренџе**, населба од доцноантичкото време. На околу 200 m источно од селото, според кажувањето на мештаните, со орањето на нивите биле откриени темели од повеќе објекти и монети. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Кади Аргач**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 3 km североисточно од селото, во непосредната близина на оранжериите на селото Пеширово се откриени гробови со конструкции од камени плочи. При пошумувањето на теренот биле наоѓани темели од објекти ѕидани со кршен камен и варов малтер. (С.Д., М.И.)

**Трн**, водовод од римското време. На 150 m јужно од селото, при изградбата на системот за наводнување бил откриен дел од водовод насочен во правецот на селото Амзабегово. Најверојатно водоводот стои во тесна врска со римскиот објект (вила рустика) на локалитетот Барутница. (С.Д., М.И.)

## 14. ДОРФУЛИЈА

**Ашин Кајлан Клар**, водовод од римското време. При обработувањето на нивите бил откриен голем број керамички тубули од водовод. (С.Д., М.И.)

**Ески Евлер**, населба од римското време. По површината на нивите што се наоѓаат на 250 m северно од селото има градежен материјал и фрагменти од керамички садови. Констатирани се и траги од водовод. (С.Д., М.И.)

**Мешакл'к Дере**, некропола од доцноантичкото време. На северниот крај на селото, кај селските гробишта се откриени конструкции на гробови од камени плочи – тип циста, поставени во правец исток-запад. (С.Д., М.И.)

**Џамалџуик**, некропола од доцноантичкото време. На растојание од околу 5 km западно од селото има многу камени плочи од гробни конструкции поставени во правец исток-запад. (С.Д., М.И.)

**Шести Рид**, водовод од римското време. На 5 km источно од селото се наоѓа стар водовод кој сè уште функционира. Се работи за инсталација што ја снабдувала со вода римската населба на локалитетот Ески Евлер. (С.Д., С.М.)

## 15. ЃУЗЕМЕЛЦИ

**Голем Рид**, населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на стариот пат што води за Св. Николе, на оддалеченост од околу 1,5 km југоисточно од селото, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Во една нива лежи голема архитравна греда. (С.Д., М.И.)

**Св. Ѓорѓи – Бела Црква**, осамен наод од римското време. Во западниот ѕид на руинираната црквичка е вградена плоча со претстава на маж и жена до половина, чиј релјеф е доста оштетен, а покрај олтарот има писцина од мермер. Покривната конструкци-

ја ѝ е падната, а на ѕидовите од внатрешната страна има фрескоживопис. Црквата се наоѓа на западниот раб од селото. (С.Д., М.И.)

**Ќерамидница**, населба од неолитското и доцноантичкото време. На 500 m југоисточно од селото, во нивата на Борис Ѓорѓиев се среќаваат фрагменти од керамички садови од различна временска и културна провениенција. (С.Д., М.И.)

**Црна Црква**, средновековна црква и некропола. На 150 m североисточно од селото, крај патот што води за селото Горобинци се наоѓаат урнатини од црква со димензии од 10 x 5 m, од која северниот и западниот ѕид се речиси во првобитната височина. На внатрешните површини на ѕидовите има остатоци од живопис. Пред влезот во црквата има поголем фрагмент од столб од камен песочник, а околу неа се гледаат контури од гробови од камени плочи со ориентација запад-исток. (С.Д., М.И.)

**Чифлик**, средновековна населба. На 100 m јужно од селото, во нивата на Б. Илиев со орањето биле откриени темели од повеќе објекти. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. (С.Д., М.И.)

## 16. ЕРЏЕЛИЈА

**Бела Чука**, водовод од римското време. При копањето на каналот за наводнување, на 1 km северно од селото се откриени керамички цевки – тубули од водовод. (С.Д., М.И.)

**Крушка**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, во непосредната близина на живинарската фарма, по нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Ќупче – Буњиште**, населба од неолитското време. На 1 km југозападно од селото, во нивите на С. Христов, кои лежат на мала височинка – тумба, се среќаваат фрагменти од рачно работени садови и орудија од камен и кремен, кои типолошки се идентични со оние од последниот доцнонеолитски слој во Барутница, во селото Амзабегово. Спорадично се среќаваат и фрагменти од керамички садови од доцноантичкото време. С. Христов откопал два питоса кои ги чува дома. (С.Д., М.И.)

## 17. КАДРИФАКОВО

**Горни Ливади**, населба од римското време. На 1,5 km источно од селото, по површините на нивите се гледаат темели од ѕидови и изобилство од градежен материјал. Најдена е архитравна греда, делумно оштетена, на која имало натпис. (С.Д., М.И.)

**Црквиче**, населба од доцноантичкото време. Преку железничката пруга Овче Поле-Штип, во нивата на Д. Ефремов, оддалечена околу 200 m источно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и друг градежен материјал. (С.Д., М.И.)

## 18. КАРАТМАНОВО

**Вршник – Џамалџиски Гробишта**, населба, базилика и некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km јужно од селото, покрај патот за селото Кишино има фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. На североисточниот крај од теренот лежи столб од бел мермер, веројатно од базилика, а на југоисточниот крај се наоѓаат големи правоаголни плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Думанлија**, населба од римското време. Во нивите што лежат 2 km западно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен камен. (С.Д., М.И.)

**Машатл'к**, некропола од римското време. На 1,5 km југозападно од селото со орањето биле откриени камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Срма**, населба со некропола од доцноантичкото време. Во нивите на К. Иванов, Г. Ангелов и Т. Иванов, кои лежат на северозападниот раб на селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови и тегули, а се најдени и камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

## 19. КИШИНО

**Клисе Једиги**, средновековна црква. На 2,5 km источно од селото се наоѓаат остатоци од објект со апсида на источната страна, а околу него фрагменти од градежен материјал. Според кажувањето на мештаните, биле најдени импост-капител и база од столб. (С.Д., М.И.)

## 20. КНЕЖЈЕ

**Градиште – Славков Дол**, утврдена населба од железното и раноантичкото време. Се наоѓа на југоисточниот раб од селото, од десната страна на патот кон Св. Николе. Претставува висок рид со неколку тераси, опкружен со стрмни и тешко пристапни страни во внатрешниот дел избразден од поројните води и ерозијата на земјата, кои како остри засеци се спуштаат дури до подножјето на северниот крај. На едната страна ридот е доста оштетен од причина што долго време бил користен за црпење на

Градиште, с. Кнежје. – Билазора (З.Г.)

Градиште, с. Кнежје. – Остатоци од хидрорезервоар

градежен песок. Градиште како археолошки локалитет е познато од порано, преку случајно откриени наоди, а и од И. Микулчиќ кој во неговиот габарит го лоцира раноантичкиот пајонски град Билазора. Во 1985 година Музејот на Македонија извршил пробно сондажно ископување во просторот на акрополот, а во 1994 година Народниот музеј од Св. Николе презел пообемни заштитни ископувања. Со овие работи е откриен импозантен резервоар за акумулација на вода, со димензии од 14 x 9 m, ѕидан од масивни делкани блокови од варовник и жолтозелен песочник, во техника opus quadratum, со употреба на варов малтер. Објектот е организиран во два дела. Едниот има речиси квадратна основа од 5,45 x 5,42 m и претставува шахта во која се филтрирала и чувала изворска вода, неопходна за потребите на градот. Страничните ѕидови на шахтата се зачувани во висина меѓу 2,70 и 3,76 m над нивото на водата. На југозападниот ѕид, на внатрешното лице, има правоаголни отвори (7 x 8 cm и 7 x 10 cm) што најверојатно служеле за вметнување на некакви клинови – носачи на покривната конструкција. Вториот дел е пристапот до шахтата, решен со скали од камени блокови, организирани од 22 скалила, поставени во височинска разлика од 5,15 m од првото до последното скалило. Со ископувањето во сондата поставена во горниот дел на локалитетот, меѓу терасите 1 и 2 се откриени темелните партии од бедемот на акрополот, а покрај нив урнатини од градежен материјал и покривни ќерамиди од станбени објекти; остатоци од гореници, пепел, животински коски и фрагменти од керамички садови. Стратиграфски распоредени во три слоја, според типолошките карактеристики, керамичките и другите наоди се датирани меѓу VI и III век пред н.е. Материјалите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје и во Народниот музеј во Св. Николе. Микулчиќ И., 1976, 149-164; Микулчиќ Г., 1990, 111-164; Mikul~i} I., 1987a, 79; Петрова Е., 1991. (С.Д.)

**Над Бавчи**, населба од доцноантичкото време. Во близината на северниот крај на селото, во нивите на И. Горобински, В. Портарски и П. Барбаровски биле откриени остатоци од темели на повеќе објекти, а по површината има фрагменти од керамички садови и питоси. (С.Д., М.И.)

## 21. КРУШИЦА

**Колева Чешма**, средновековна црква и некропола. На 1 km јужно од селото се распознаваат темели градени од камен и варов малтер, а се среќаваат и грамади од кршен камен. (С.Д., М.И.)

**Рид**, старохристијанска црква. На 200 m североисточно од селото има мала височинка на која се констатирани остатоци од сакрален објект и некропола. На теренот има крст од камен песочник и гробница околу кои се собираат мештаните на празникот Св. Илија. (С.Д., М.И.)

**Св. Дух**, осамен наод од римското време. Според Н. Вулиќ, во близината на селската црква имало два фрагмента од надгробни плочи од гнајс со грчки натписи.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 399, 400. (С.Д.)

**Св. Спас**, осамени наоди од римското време. Кај селската црква, Н. Вулиќ ги регистрирал следните камени споменици: надгробна плоча со грчки натпис; надгробна плоча со грчки натпис во табула ансата; надгробна плоча со грчки натпис со релјефна претстава на жртвеник во горниот дел, а лево и десно од него стрелки и змии, исто така, релјефно претставени (плочата и денес се наоѓа пред црквата); фрагмент од надгробна плоча од гнајс со грчки натпис покрај кој, од десната страна, има две полумесечини.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 396-398, 401. (С.Д.)

**Стара Црква**, средновековна црква и некропола. На 300 m источно од селото има урнатини од мала правоаголна црквичка со димензии во основата од 6 x 3 m и ѕидови зачувани во височина до 2 m, градени од големи камени блокови. На источниот крај се наоѓа ниша во вид на апсида. Во ѕидовите се вградени две надгробни стели со грчки натписи и една архитравна греда со профилирана рамка во која, исто така, има натпис. (С.Д., М.И.)

## 22. ЛОЗОВО

**Ливади – Огради**, населба од неолитското и римското време. Во непосредната близина на мотелот Џумајлија, со изградбата на винарската визба делумно е уништена населба. Во преостанатиот дел на просторот на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, по бојата и фактурата слични на оние од населбата Барутница во Амзабегово (IV), како и фрагменти од римска керамика и питоси.
Грбић М., 1954, 107. (С.Д., М.И.)

**Старо Село – Ќоочун**, населба од неолитското време. Помеѓу мотелот Џумајлија и радиоантената, кај малата селска рекичка, на простор од 100 x 30 m се среќаваат фрагменти од керамички садови слични на оние од соседниот локалитет Ливади – Огради.
Грбић М., 1954, 107. (С.Д., М.И.)

## 23. МАКРЕШ

**Црквиште**, средновековна црква со некропола. На 200 m северно од селото има мала правоаголна црквичка од која се зачувани апсидалниот дел и влезот на западниот ѕид. Околу црквата има камени конструкции од гробови. (С.Д., М.И.)

## 24. МАЛИНО

**Градиште**, доцноантичко и средновековно градиште. На 1 km источно од селото се издига Стањевачки Рид, познат кај мештаните уште под името Викало, на чија средна кота има зарамнето плато на кое се наоѓа изобилство од градежен материјал, фрагменти од питоси, пирамидални тегови и фрагменти од керамички садови. (С.Д., М.И.)

**Малино**, осамен наод од римското време. Меѓу лапидите во Заводот и музеј во Штип се наоѓа надгробен споменик донесен во првата половина на педесеттите години од селото Малино, наоѓалиште непознато, со димензии од 2 x 0,50 x 0,11 m. Поделен е на калкан, едикула и натписно поле. Во средината на калканот има розета, над неа пинија, а лево и десно полумесечини. Во едикулата се претставени две машки фигури облечени во различни долги облеки и со фризури со куси кркми прилепени за челото. Едната држи стап и меч во десната рака, а во левата ролна. Што се однесува до натписното поле, во горниот дел има коњаник што стои, облечен во куса облека, кој во левата рака ја држи уздата. Натписот е во 11 реда, напишан на грчки, со семеен карактер.
Вулић Н., Сп. LXXV, бр. 49; Санев В., 1964, 104. (В.С.)

**Поза Рид – Шољеви Камења**, населба од доцноантичкото време. На 500 m од селото по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и друг градежен материјал. Оттука потекнуваат една четвртеста архитравна греда од сив песочник, на едната страна со натпис со грчки архаичен текст, што се наоѓа во дворот на Т. Крстев, и калкан од надгробна плоча со претстава на гозба. Најдени се и девет монети (Александар Север, Проб, Константин и чанковидни монети). Наодите се чуваат во Народниот музеј во Св. Николе. (С.Д., М.И.)

**Св. Спас**, средновековна некропола. Околу селската црква се наоѓаат гробови со камени конструкции во кои мештаните не паметат дека било вршено погребување. Пред влезот во тремот на црквата има фрагмент од стела со грчки натпис. (С.Д., М.И.)

**Св. Стефан**, осамен наод од римското време. Во прагот на црквата е вградена надгробна стела со грчки натпис. Според Н. Вулиќ, во тремот на црквата имало фрагмент од надгробна плоча од гнајс, а во дворот, од западната страна, надгробна плоча со профилирано натписно поле и релјефно претставени бисти на двајца мажи и една жена сместени во калканот. Овие камени споменици можеби потекнуваат од локалитетот Поза Рид – Шољеви Камења.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 402, 403. (С.Д.)
**Цигански Гробишта**, средновековна некропола. На 200 m од селото, во нивите што се наоѓаат веднаш

над долот се констатирани камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (С.Д., М.И.)

**Црвена Стена**, некропола од доцноантичкото време. На 500 m југоисточно од селото, во непосредната близина на патот кон Св. Николе, во лозјето на Ѓ. Паунчев се наоѓаат плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

## 25. МЕЧКУЕВЦИ

**Градиште**, утврдена населба од железното, хеленистичкото и римското време. На југоисточната страна од селото се издига голема височинка што доминира во овој дел на Овчеполието. На нејзиниот врв има зарамнето плато со димензии од 200 x 100 m, на кое се среќаваат грамади од градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси. Најдени се монети, а оттука потекнува еден надгробен споменик што е однесен во Музејот во Штип во педесеттите години. Изработен е од зелен песочник, со димензии од 0,55 x 0,47 x 0,10 m. Во едикулата има семејна претстава на маж, жена и меѓу нив дете кое стои на постамент што личи на ара. Сите се облечени во долги облеки, а жената е забрадена со шал.
Вулић Н., Сп. LXXVII, бр. 57; Санев В., 1964, 104; Микулчиќ Г., 1987, 189. (С.Д., М.И.)

**Средни Рид – Минцево Чукарче**, вила рустика (?) од римското време. Во нивата на Г. Панев, што се наоѓа на околу 3,5 km од селото, има многу градежен материјал, а откопан е и еден питос. (С.Д., М.И.)

## 26. МИЛИНО

**Бресје**, населба од неолитското време. На 2,5 km северозападно од селото, во нивата на Н. Јованов, со површина на 200 x 100 m, се среќаваат фрагменти од керамички садови, претежно со монохромна темна боја, кои по фактурата и профилацијата на облиците се слични на доцнонеолитската керамика од населбата Барутница во Амзабегово. (С.Д., М.И.)

**Сува Река**, средновековна некропола. На околу 600 m северно од селото, на левата страна од патот за Ѓуземелци се забележуваат камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

## 27. МУСТАФИНО

**Немашница – Рамниште**, населба од римското време. Се наоѓа на 2,5 km североисточно од селото, до патот што води за селото Буриловци. Претставува зарамнета тераса што се издига над Буриловска Река, со простор од околу 300 x 300 m, на која се простираат ниви сопственост на ЗИК „Овче Поле“. Со земјоделските работи, особено со длабокото орање, на површината е исфрлен многуброен археолошки и градежен материјал. Најмногубројни се фрагментите од керамички садови со разновидни облици (паници, чинии, пехари, бокали и др.), од домашно производство и од импорт. Се среќаваат и рачни мелници, тегули, имбрекси, тули, делкан и обичен кршен камен од темели на објекти. Површински наоди се чуваат во Народниот музеј во Св. Николе. (С.Д.)

**Пиринџа**, населба од бронзеното време. Во нивите на Ј. Божилов, Ц. и К. Михајлови и М. и С. Цекови, кои се наоѓаат на околу 3,5 km јужно од селото и во близината на железничката пруга Велес-Штип, има многубројни фрагменти од керамички садови со држалки што завршуваат во вид на рокче. Преовладува црната убаво мазнета керамика. (С.Д., М.И.)

**Турски Гробишта**, населба и некропола од римското време. На југоисточниот раб на селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и плочи од гробни конструкции. Поголем број монолитни плочи се откриени во нивата на Ж. Борис. (С.Д., М.И.)

**Ќерамидница**, населба од доцноантичкото време. Во нивите на М. Петров, Р. Здравев и Б. Гигов, кои се наоѓаат на 1 km северозападно од селото има градежен материјал и фрагменти од керамички садови и питоси. (С.Д., М.И.)

## 28. НЕМАЊИЦИ

**Алин Дол**, населба од неолитското и римското време. Се наоѓа на 1,8 km северозападно од селото, на тераса од левата страна на Орелска Река, во реонот на ХА „Мавровица“. Зафаќа површина од околу 8 хектара која многу години била обработувана. При изградбата на акумулационото езеро поголем дел од терасата е пресечен. Во 1981 година во организација на Археолошкиот музеј на Македонија и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата се извршени заштитни ископувања при што се констатирани остатоци од населби од неолитското и римското време. Неолитската населба е целосно уништена, а најдениот керамички материјал покажал дека се работи за повеќеслојна населба, хронолошки и културно идентична со населбата Барутница во Амзабегово, односно со еволуција од крајот на раниот до крајот на доцниот неолит (Амзабегово-Вршник I-IV). На истата тераса со ископувањето е откриена печка за печење на тегули и тули, од III-IV век. Печката има речиси четвртеста основа, со димензии од 3,4 x 2,85 m. Била изградена од ќерпич и кал. На средината на западниот ѕид има префурниум преку кој се загревала. Скарата е решеткава со кружни отвори правилно распоредени,

по девет во десет реда. Носачите на скарата се три паралелно поставени ѕида.
Здравковски Д., Шурбаноска М., 1983, 111. (С.Д.)

**Ветрен**, некропола од железното време. На 2,7 km југоисточно од селото, во подножјето на ридот Градиште има остатоци од гробови со конструкција од грубо обработени плочи, како и фрагменти од големи питоси кои иницираат постоење на погребувања во питоси. Спорадично се среќаваат и фрагменти од керамички садови со груба фактура. (С.Д., М.И.)

**Вреж**, населба од неолитското време. На 4,5 km североисточно од селото, од двете страни на асфалтниот пат Немањици-Св. Николе, во нивата на Д. Јосев и лозјето на Б. Танчев се среќава голем број фрагменти од керамички садови, типолошки слични на керамиката од Алин Дол, односно Барутница во Амзабегово. (С.Д., М.И.)

**Градиште**, утврдена населба од железното време. Претставува голема височинка што се издига над левиот брег на реката Мавровица, оддалечена 2,5 km југоисточно од селото. На врвот има зарамнето плато со површина од околу 300 x 150 m, на кое има грамади од камен и голем број фрагменти од керамички садови со груба фактура. Веројатно на оваа населба ѝ припаѓаат гробовите од локалитетот Ветрен, кој лежи во подножјето на Градиште. (С.Д., М.И.)

**Дабица**, населба и некропола од римското време. На 4,5 km североисточно од селото, во лозјата на С. Донев и С. Илиев, при подготовките за нивното садење, со длабоко орање на површината било исфрлено големо количество од тегули, имбрекси и градежен камен, веројатно од темели на ѕидови. Исто така и големи плочи од песочник, од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Зелена Чукарка – Јокуш**, населба и некропола од римското време. На 1,8 km западно од селото, во нивата на Г. Златев се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Сопственикот откопал капак од саркофаг и грубо обработена архитравна греда на која на челната страна има грчки натпис. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Св. Николе. (С.Д., М.И.)

**Јокуш**, некропола од римското време. Се наоѓа на околу 1,5 km северозападно од селото, над патот што води кон селото Орел. Претставува тераса под месноста Грчки Рид која е широко отворена и со благ пад кон коритото на Орелска Река и акумулацијата „Мавровица“. Во нивата на Војчо Златев Бутковски и во соседните ниви со орањето биле откривани плочи од конструкции на гробови, а во 1968 година е најдена надгробна плоча од мермер со релјефна претстава на задушна гозба, која В. Санев ја откупил за Музејот во Штип. Во 1981 и подоцна, во 1985 и 1986 година, се извршени заштитни ископувања при што биле откриени и истражени 34 гроба, од кои само во еден гроб покојникот бил инхумиран. Погребувањето е извршено во три типа дупки: овални, во кои остатоците од кладата биле положени во ладна состојба и потоа покриени со нафрлени аморфни речни камења; правоаголни јами, во кои остатоците биле положени во топла состојба и покриени со плочи од песочник и речен камен, околу кои честопати бил направен венец од аморфни камења; правоаголни – во кои се поставувал камен-меморија. Гробните прилози се разновидни и меѓу нив има сатчиња од стакло и керамика и накит. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Св. Николе.
Здравковски Д., Шурбаноска М., 1983, 116; Данев С., Ивановски М., 1986, 101. (С.Д.)

**Мишевска Воденица**, вила рустика од римското време. Се наоѓа на 2,1 km северозападно од селото, на десниот брег на Орелска Река и југозападно од локалитетот Јокуш. Лежи на голема речна тераса, под патот за селото Орел, која на источната страна е заштитена со венец од благи ритчиња. Во 1981 година, при изградбата на браната од хидросистемот „Мавровица“ е извршено заштитно ископување од страна на Археолошкиот музеј и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата. Во нивата на Б. Гигов и во соседните ниви се откриени повеќе темели од објект ѕидан од кршен камен и варов малтер. Со оглед на бројот на просториите, се смета дека се работи за голема вила рустика, во која имало бања со префурниум и тепидарум, со под подигнат врз суспензури и столпчиња, просторија за гмечење на грозје и други наменски простории. Источниот крај на вилата е однесен од поројните води на реката. (С.Д., М.И.)

**Старо Село**, средновековна населба и некропола. На 1 km северно од селото се наоѓаат остатоци од темели на објекти и купишта од градежен материјал. Видливи се и темели од постара еднокорабна црква врз кои е подигната денешната црква Св. Илија. Околу неа има гробови со конструкции од камени плочи. (С.Д., М.И.)

**Црквиште**, населба и некропола од римското време. Во нивите на С. Шалевски и Д. Наков, кои се наоѓаат на 2 km југоисточно од селото, се присутни фрагменти од керамички материјали, како и големи камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

## 29. НОВА МЕЗДРА

**Корито Страна**, водовод од доцноантичкото време. На 1,5 km североисточно од селото, со обработувањето на земјата биле откриени водоводни цевки – тубули. (С.Д., М.И.)

**Нова Мездра**, населба од доцноантичкото време. Во нивите што се наоѓаат на јужниот раб на селото биле откриени темели од објекти, а на површината се гледаат фрагменти од керамички садови и питоси. (С.Д., М.И.)

**Широко Поле**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во нивите на ЗИК „Овче Поле“, што се наоѓаат 2,5 km северозападно од селото, има фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. (С.Д., М.И.)

## 30. ОРЕЛ

**Градиште**, утврдена населба од железното време. Се наоѓа на 500 m северно од селото, на левиот брег на реката Мавровица. Претставува голема височинка со зарамнето плато од 100 x 100 m површина, на кое има грамади од градежен материјал и фрагменти од керамички садови. (С.Д., М.И.)

**Долни Ливади**, могила од римското време. На 4 km западно од селото се издига могила со пречник во основата од 25 m и височина од 8 m. (С.Д., М.И.)

**Ѕидини**, могила од римското време. На 600 m северозападно од селото се издига могила со неправилна основа чиј пречник изнесува 25 m во правецот североисток-југозапад и 10 m во правецот југоисток-северозапад. Зачувана е во висина од 5 m. (С.Д., М.И.)

**Лиманова Корија**, некропола од железното време (?). На 1 km од селото, на левиот брег на реката Мавровица, на зарамнето плато се среќаваат грубо обработени покривни плочи од гробни конструкции. Во нивите на Т. Нушев и Т. Вучев при обработувањето се извадени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

## 31. ПАТЕТИНО

**Гробишта**, средновековна црква и некропола. На западната периферија на селото, кај селските гробишта се гледаат темели од правоаголен објект – црква со апсидален дел на источната страна и со димензии од 8 x 4 m. Околу црквата се откриени покривни плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

## 32. ПЕШИРОВО

**Аргач – Секир Тепе**, тумул од железното време. На 1 km југоисточно од селото има тумул со кружна основа и зачувана височина од околу 4 m. Со обработувањето на земјата тумулот е делумно оштетен. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови. (С.Д., М.И.)

**Брегот**, некропола од доцноантичкото време. Југоисточно од селото, во профилот на десниот брег на Светиниколска Река се гледаат гробни конструкции од камени плочи – тип циста. (С.Д., М.И.)

**Говедар Камен**, тумул од железното време. На 3,5 km североисточно од селото, на синорот помеѓу селата Ерџелија, Амзабегово и Пеширово се наоѓа тумул со кружна основа чија височина изнесува 2 m. (С.Д., М.И.)

**Шадија**, некропола од доцноантичкото време. На 2,5 km северно од селото, десно од асфалтниот пат за Св. Николе, во нивата на П. Стојанов при орање се извадени камени плочи од гробни конструкции – тип циста. (С.Д., М.И.)

## 33. ПРЕОД

**Авлии**, населба од римското време. На 500 m северно од селото, во нивите на браќата Златеви се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Откриени се и остатоци од водоводни цевки – тубули. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Св. Николе. (С.Д., М.И.)

**Големи Камења**, некропола од доцноантичкото време. На 500 m северозападно од селото, на една блага височинка, со пад кон северозападната страна, се наоѓаат повеќе гробови со камена конструкција. (С.Д., М.И.)

**Горни Лозја – Пударница**, населба од доцноантичкото време. На 300 m северозападно од селото, при обработувањето на нивите се откриени фрагменти од керамички садови и повеќе железни предмети – алати. Во нивата на П. Велков е откриен и питос. (С.Д., М.И.)

**Орашки Камен**, населба и некропола од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селското училиште, при длабоко орање на нивите се откриени темели од повеќе објекти, а на површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Најден е камен на кој имало зачуван натпис. Откриени се и камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Преод**, осамени наоди од римското време. Н. Вулиќ регистрирал три споменици што се наоѓале пред и околу селската црква, и тоа: стебло од столб од варовник, високо 1,70 m, со грчки натпис; горен дел од надгробна плоча од бел мермер на кој има три бисти претставени во длабок релјеф; оштетена надгробна плоча од бел мермер, со две релјефно претставени полумесечини на левиот раб.
Вулиħ Н., Сп. XCVIII, бр. 404-406. (С.Д.)

**Соколовец – Лисичји Дол**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 500 m западно од селото, под самиот рид се среќаваат грамади од градежен материјал, а по површината на нивите фрагменти

од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. Во лозјето на Киро Димков се откриени камени плочи од гробни конструкции – тип циста. Во еден од гробовите биле најдени стаклена чаша и еден керамички сад. Предметите не се зачувани. (С.Д., М.И.)

**Ќерамиди**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km северно од селото, во непосредната близина на воденицата Враник се среќаваат грамади од градежен материјал, а по површината фрагменти од керамички садови, питоси и друго. (С.Д., М.И.)

**Црвеници**, средновековна населба. На 1,5 km северно од селото се забележуваат темели од објект – фурна, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

## 34. РАНЧИНЦИ

**Бошкова Црква**, средновековна црква. На северната периферија на селото се гледаат темели од објект со апсида на источната страна. (С.Д., М.И.)

**Желковец**, населба од доцноантичкото време. На 3 km западно од селото, на јужните падини на ридот Желковец, во нивите на Д. Манев има грамади од градежен материјал, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. (С.Д., М.И.)

**Петрилово**, вила рустика од доцноантичкото време. На 300 m источно од селото, во нивата на Н. Давчев се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Сталеви Трници**, населба од доцноантичкото време. На 3 km југозападно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал (камења, тегули, имбрекси). (С.Д., М.И.)

**Црквиште**, црква и некропола од средниот век. На 3 km јужно од селото, во лозјето на В. Колев има грамади од градежен материјал (тегули, имбрекси и камен), што иницира постоење на црква и на некропола. (С.Д., М.И.)

**Шутевец**, средновековна некропола. На 2 km северно од селото, високо над суводолицата Попчур има камени плочи, грубо обработени, а на некои од нив е врежан крст. (С.Д., М.И.)

## 35. САРАМЗАЛИНО

**Браница**, населба од римското време. На периферијата на селото, во непосредната близина на училиштето, при обработувањето на нивите се откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Од овој локалитет потекнува мермерна ара што е поставена како скалило во училиштето. (С.Д ., М.И.)

**До селото**, тумул од железното време. На 400 m југоисточно од селото, во блокот на ЗИК „Овче Поле“ се наоѓа тумул кој при обработувањето на земјата е развлечен и делумно уништен. (С.Д., М.И.)

**Јасика**, водовод од римското време. На 700 m источно од селото, во нивата на В. Ефремов се откриени питоси и водоводни цевки – тубули. (С.Д., М.И.)

**Мера**, средновековна некропола. На 800 m јужно од селото, покрај сегашните гробишта се наоѓаат камени плочи од гробни конструкции и масивни камени крстови. (С.Д., М.И.)

## 36. СВЕТИ НИКОЛЕ

**Антарла – Бела Чука**, населба од доцноантичкото време. На 3 km југоисточно од градот, во нивата на Ј. Алексов, што зафаќа површина од 250 x 100 m, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Долни Бавчи**, населба од римското време. Во строгиот центар на градот, при изградбата на објекти биле откриени темели од стари згради, керамички садови и повеќе монети кои не се зачувани. (С.Д., М.И.)

**Долно маало – Чамушово**, вила рустика од римското време. На 500 m источно од градот, во дворовите на семејството Петкови, при копањето на канал за водоводна мрежа биле откриени темели од објект. (С.Д., М.И.)

**Дудин Дол**, населба со некропола од римското време. Се наоѓа на околу 4,5 km јужно од градот, на една благо закосена тераса. При подигањето на лозовите насади, со длабокото орање на површината бил исфрлен голем број фрагменти од керамички садови, како и градежен камен различен по големина, облик, состав и обработеност, веројатно од темели на објекти. Во јужниот дел на терасата бил откриен и разнесен од механизацијата гроб од типот циста. На површината се најдени повеќе рачни мелници од камен и пирамидални тегови од керамика. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Св. Николе. (С.Д.)

**Ѓурче**, могила од римското време. На 2,5 km југоисточно од градот, десно од стариот пат Св. Николе-Ерџелија се наоѓа могила со пречник во основата од 15 m и зачувана височина од 4 m. (С.Д., М.И.)

**Медово Аниште**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 3,7 km југоисточно од градот, на површина од 400 x 200 m се среќаваат фрагменти од

керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Рудина**, населба од римското време. Се наоѓа во јужниот дел на градот, на височинка што се издига на десната страна од патот кон железничката станица Овче Поле. На самиот врв има зарамнето плато, издолжено во правец север-југ, кое зафаќа простор од 300 x 150-200 m. Според кажувањето на мештаните, при обработувањето на нивите биле вадени камени блокови од темели на објекти, а биле најдени и повеќе монети од кои се зачувани само две, од императорите Проб и Диоклецијан. И денес на површината, освен градежен материјал, може да се сретнат и фрагменти од керамички садови. Значаен наод претставува фрагментот од мермерна плоча, со димензии од 23 x 20 x 5 cm, на кој има релјефна претстава на сцена од жртвување. Локалитетот е мошне девастиран со градежните работи за зградата на Електродистрибуција, а и со временските влијанија. Наодите се чуваат во Музејската збирка во Св. Николе. (С.Д.)

Рудина, Свети Николе. – Култна икона

**Свети Николај**, средновековна црква. При изградбата на новата црква Св. Николај се откриени темели од постара црква. Во дворот околу црквата е откопан гроб од камена конструкција – тип циста. Дворот пред западниот трем е поплочен со плочи од гробни конструкции на кои има врежани крстови. (С.Д., М.И.)

**Свети Спас**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 500 m од центарот на градот во јужен правец и во близината на локалитетот Рудина. Претставува терасеста височинка (кота 309) на која, со градежните работи за локалниот ТВ-репетитор бил откриен и отворен гроб – тип циста, од монолитни плочи од песочник и со димензии од 1,87 x 0,78 x 0,81 m. Покојникот бил положен на плеќи врз исто таква монолитна плоча. Најдени се две монети, едната на Диоклецијан а другата на Константин. Може да се претпостави дека во оваа некропола биле погребувани жителите од населбата на местото Рудина. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Св. Николе. (С.Д.)

**Свети Стефан**, средновековна црква. На источниот дел од градот се наоѓа гробишната црква Св. Стефан, изградена во 1910 година врз темели на еднокорабна црква. Пред влезот на црквата е најден масивен коринтски капител кој е прибран во Народниот музеј во Св. Николе. (С.Д., М.И.)

**Сулејманец**, населба и некропола од римското време. На 4 km источно од градот, по површината на нивите се среќаваат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси и тегули. Од овој локалитет потекнува и фрагмент од стела со претстава на покојници. (С.Д., М.И.)

## 37. СОПОТ

**Балева Чешма – Аниште**, населба од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, покрај стариот селски пат што води за Св. Николе, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Крстовец**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото, на источната страна, зад куќата на А. Петрушевски се откриени гробови со конструкции од камени плочи. (С.Д., М.И.)

**Медарови Трла**, могила од римското време. На 4 km источно од селото, од десната страна на селскиот пат Св. Николе-Малино се наоѓа могила со димензии од 20 m пречник во основата и 5 m височина. (С.Д., М.И.)

**Попови Ливади – Стара Црква**, средновековна населба и некропола. На 800 m североисточно од селото, на зарамнето плато се гледаат остатоци – темели од сакрален објект со димензии од 10 x 5 m, ориентација исток-запад. Во непосредната близина на објектот се среќаваат големи камени плочи од гробни конструкции. Во нивата на С. Стојчевски, при обработувањето на земјата се јавува градежен материјал (камен, тула), но и фрагменти од керамички садови и питоси. (С.Д., М.И.)

**Сопот**, осамени наоди од римското време. Во 1968 година од дворот на селската црква Музејот од Штип прибрал два споменика. Едниот, изваден од оградниот ѕид на дворот, претставува надгробна плоча од мермер во облик на медалјон кој на едната страна (примарната) има релјефна претстава на Тракиски коњаник, додека на другата семејна претстава (маж, жена и дете) во барелјеф. Вториот споменик е дел од архитравна греда од гнајс на кој има грчки натпис во неколку редови и се наоѓал покрај северниот ѕид на црквата. (В.С.)

## 38. СТАНУЛОВЦИ

**Бара – Длабоки Пат**, средновековна населба и некропола. Западно од селото, во нивата на П. Трајчо е откриен гроб од камени плочи – тип циста. Источно од гробот, во месноста Длабоки Пат, при орањето на нивите се појавуваат градежен материјал и фрагменти од керамички садови. (С.Д., М.И.)

**Бели Брег**, населба од доцноантичкото време. На 2 km југозападно од селото, покрај реката Орлица, во нивата на П. Трајчо се среќаваат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (С.Д., М.И.)

## 39. СТАЊЕВЦИ

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На 800 m јужно од селото, од двете страни на Стањевачка Река се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Манево Трло**, средновековна населба. Десно од патот за селото, под самиот рид се среќаваат грамади од камења и друг градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Орљак – Селиште**, средновековна населба и некропола. На 2 km северно од селото, на средишните коти на ридот Орљак има грамади од градежен материјал, како и фрагменти од питоси. На површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови. (С.Д., М.И.)

**Под Кукуноса**, населба со некропола од римското време. На оддалеченост од околу 500 m јужно од селото, под ридот Голема Кукуноса, во нивата на Наце Иванов е најдена вотивна плоча од бел мермер со димензии од 25 x 25 x 5 cm. Во горниот дел е заоблена лачно, а во централниот дел има релјефна претстава на жртвеник, со по една змија од страните, врз кој е поставен кантарос со сцена на жртвување. Се работи за претстава на синкретистичко божество од фригиско потекло. При обработувањето на нивите мештаните наоѓале темели од објекти и големи плочи од гробови. Теренот е во непосредната близина на населбата на локалитетот Грамади. Вотивната плоча се чува во Народниот музеј во Св. Николе. (С.Д.)

Под Кукуноса, с. Стањевци. – Култна икона

**Римски Бунар**, некропола од доцноантичкото време. Јужно од селото, од левата страна на патот Св. Николе-Куманово се среќаваат камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Селиште – Горни Гробишта**, средновековна некропола. На 1,5 km северно од селото се откриени гробови од камени конструкции, покриени со по една голема плоча. Секој гроб е означен со масивен крст. (С.Д., М.И.)

**Слатина**, могила од римското време. На 3 km јужно од селото, покрај селскиот пат за Стара Мездра има могила со пречник во основата од 25 m и зачувана височина од 8 m. На највисоката точка на могилата се наоѓа крст каде мештаните се собираат на Дуовден. (С.Д., М.И.)

**Слатина**, цистерна од римското време. На 3,5 km југоисточно од селото се наоѓа кладенец граден од песочник во пет реда, поврзани со хидрауличен малтер. Во долниот дел има убаво профилиран полукружен отвор за истекување на водата. (С.Д., М.И.)

## 40. СТАРА МЕЗДРА

**Долги Рид**, могила од римското време. Веднаш зад управната зграда на ЗИК „Овче Поле“, на зарамнетото плато се наоѓа могила со пречник во основата од 15 m и височина од 5 m. (С.Д., М.И.)

## 41. СТРОИМАНЦИ

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На северниот крај на селото, на висок рид што доминира над околината се гледаат остатоци од мала утврдена населба. Најдени се и монети на Јустинијан I.
Микулчиќ Г., 1987, 189. (С.Д., М.И.)

**Св. Никола**, средновековна црква со некропола. На североисточната периферија на селото се наоѓа црквата Св. Никола Летни, подигната врз темели на стара црква. Во околината се распознаваат плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото, под ридот Пржар се среќаваат темели од објекти, а по површината на теренот има градежен материјал и фрагменти од керамички садови и питоси. (С.Д., М.И.)

## 42. ТРСТЕНИК

**Барковица**, населба од доцноантичкото време. На 500 m јужно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. На 3 km западно од селото и околу 1,5 km јужно од манастирот Ѓуриште се наоѓаат остатоци од населба која доминира над околината. По површината се гледаат темели од ѕидови што го опкружувале градиштето. Мештаните откриле повеќе железни алатки, стакло и керамика. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Св. Николе.
Микулчиќ Г., 1987, 189. (С.Д., М.И.)

**Ѓуришки Манастир**, осамен наод од римското време и средниот век. Според Н. Вулиќ, имало два фрагмента од надгробна плоча со грчки натпис, покрај кој, лево и десно, имало релјефно претставени полумесечини. Во манастирскиот комплекс, во педесеттите години бил откопан гроб и во него најдени медалјон со иницијали МР и златни обетки, кои Б. Алексова ги поврзува со Марија Палеолог. Во еден од ѕидовите на манастирската штала се вградени базис од столб и фрагмент од надгробна плоча со грчки натпис. Гробниот наод се чува во Музејот на Македонија во Скопје, базисот во Народниот музеј во Св. Николе, а фрагментот од надгробната плоча стои на самото место.
Вулиħ Н., Сп. XCVIII, бр. 395: Aleksova B., 1956, 213-223. (С.Д.)

Ѓуришки Манастир, с. Трстеник. – Накит од времето на Марија Палеолог

**Ѓуришки Манастир – Венец**, гроб од доцноантичкото време. Се наоѓа во непосредната близина на манастирската црква Св. Богородица во месноста Венец, во која е подигната станицата на Метеоролошкиот завод од Скопје. При изградбата на објектот, со механизацијата бил откриен и делумно оштетен гроб – тип циста, граден од камени плочи, поставен во правец североисток-југозапад. Дното на гробот било покриено со четвртести тули наредени една до друга и врзани со варов малтер. Погребувањето е со инхумација, а покрај левиот колк на покојникот е најдено керамичко сатче – бокал со црвеникава боја. (С.Д.)

**Латински Гробишта**, средновековна некропола. На 500 m северозападно од селото, на средните коти од ридот Венец, при изградбата на селскиот пат за манастирот Ѓуриште е откриена некропола со гробови градени од камени плочи – тип циста. (С.Д., М.И.)

**Селиште**, населба од римското време. На 500 m североисточно од селото, на десната страна од патот за манастирот Ѓуриште, при обработувањето на нивите се откриени тули и друг градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси. (С.Д., М.И.)
**Средно Градиште**, некропола од доцноантичкото време. При изградбата на градобијната станица се откриени гробови – тип циста, во кои биле најдени и монети. (С.Д., М.И.)

**Стара Црква**, средновековна црква. На 200 m источно од селото јасно се гледаат траги од објект – црква, со ориентација исток-запад. По површината на локалитетот се среќаваат грамади од кршен камен и фрагменти од керамички садови. (С.Д., М.И.)

## 43. ЌОСЕЛЕРИ

**Банка Трла**, населба, базилика и некропола од доцноантичкото време. По површините на нивите, оддалечени 2,5 km североисточно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и многу друг градежен материјал. Има и темели од објект со апсида на источната страна. Во југоисточниот дел на просторот се извадени повеќе големи плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Јурутлук**, населба од неолитското време. Во нивата на Ш. Георгиев, што се наоѓа на 2 km северозападно од селото и 150 m југоисточно од железничката пруга Велес-Кочани, со површина од 250 x 150 m, има фрагменти од керамички садови, претежно со црвена и кафеава боја, како и фрагменти сликани со темнокафеава боја, кои се слични на керамиката од средненеолитските слоеви во населбата Барут-

ница во Амзабегово (III-IV). Исто така, присутни се и парчиња од куќен лепеж. (С.М., М.И.)

**Крангова Бавча**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km северозападно од селото, во нивите на Ѓ. Костов и К. Николов се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и градежен материјал. Во југоисточниот дел на локалитетот се констатирани камени плочи од гробни конструкции. (С.Д., М.И.)

**Манастир**, средновековна населба и црква. На 5 km јужно од селото се гледаат остатоци од темели на сакрален објект со правоаголна основа. Во нивите што се непосредно до него има фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (С.Д., М.И.)

**Машатл'к**, средновековна некропола. На 1 km југоисточно од селото се наоѓаат гробни конструкции градени од монолитни камени плочи. (С.Д., М.И.)

**Над Чешма**, населба од неолитското, хеленистичкото и римското време. На околу 200 m северно од селото, во нивите на П. Костов и К. Николов, од двете страни на полскиот пат што води за селото Сарамзалино се наоѓаат тегули, имбрекси, како и фрагменти од керамички садови од различно временско и културно потекло. Поголема концентрација на неолитска керамика се чувствува во источниот крај на локалитетот. (С.Д., М.И.)

# XXVI. СКОПЈЕ


1. Алдинци ........ 363
2. Арачиново ........ 363
3. Бадер ........ 363
4. Бањане ........ 364
5. Барово ........ 364
6. Бардовци ........ 365
7. Блаце ........ 365
8. Бразда ........ 365
9. Брњарци ........ 366
10. Бујковци ........ 366
11. Булачани ........ 366
12. Бунарџик ........ 366
13. Бучинци ........ 366
14. Варвара ........ 367
15. Визбегово ........ 367
16. Виниче ........ 367
17. Влае ........ 367
18. Волково ........ 367
19. Вртекица ........ 368
20. Глуво ........ 368
21. Говрлево ........ 368
22. Горно Коњаре ........ 369
23. Горно Нерези ........ 370
24. Горно Оризари ........ 370
25. Горно Свиларе ........ 370
26. Горно Солње ........ 370
27. Градовци ........ 370
28. Грчец ........ 370
29. Дворце ........ 370
30. Добри Дол ........ 371
31. Долно Добрино ........ 371
32. Долно Количани ........ 371
33. Долно Коњаре ........ 371
34. Долно Оризари ........ 371
35. Долно Свиларе ........ 371
36. Долно Солње ........ 371
37. Драчево ........ 371
38. Драчевица ........ 372
39. Елово ........ 373
40. Зелениково ........ 373
41. Злокуќани ........ 373
42. Илинден (Белимбегово) ........ 375
43. Јаболце ........ 375
44. Катланово ........ 376
45. Копаница ........ 376
46. Кучевиште ........ 376
47. Ласкарци ........ 376
48. Летевци ........ 376
49. Љубанци ........ 377
50. Љуботен ........ 377
51. Малчиште ........ 377
52. Маркова Сушица ........ 377
53. Матка ........ 378
54. Маџари ........ 378
55. Миладиновци ........ 379
56. Мирковци ........ 379
57. Морани ........ 379
58. Мршевци ........ 379
59. Ново Село ........ 380
60. Орман ........ 380
61. Орешани ........ 380
62. Петровец ........ 380
63. Побожје ........ 381
64. Радишани ........ 381
65. Ракотинци ........ 381
66. Раштак ........ 381
67. Рашче ........ 381
68. 'Ржаничино ........ 382
69. Рогле ........ 382
70. Света Петка ........ 382
71. Семениште ........ 382
72. Скопје ........ 382
73. Сопиште ........ 386
74. Средно Коњаре ........ 386
75. Средно Нерези ........ 386
76. Стајковци ........ 386
77. Студеничани ........ 386
78. Таор ........ 387
79. Ќојлија ........ 388
80. Усје ........ 388
81. Црешево ........ 388
82. Црни Врв ........ 388

83. Чучер ..................................................................... 388

## 1. АЛДИНЦИ

**Кале**, градиште – опидум од доцноантичкото време. На 2 km јужно од планинарскиот дом „Караџица“, на рид со височина од 165 m над утоката на Аљагица во Кадина Река, на зарамнето плато со површина од 4 хектара се гледаат остатоци од одбранбен ѕид. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и тубулуси за довод на вода. Северно од градиштето, преку реката се наоѓа подградието на чија површина од околу 3 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Микулчиќ И., 1982, 66-68. (Г.М.)

**Муджица**, градиште од доцноантичкото време. На 2,2 km југоисточно од селото и на 1,7 km југоисточно од планинарскиот дом „Караџица“, на највисоката кота од високиот рид обраснат со шума има зарамнета површина која е оградена со ѕид граден од камен, без малтер, чии димензии се 60 x 220 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал.
Микулчиќ И., 1982, 68. (Г.М.)

## 2. АРАЧИНОВО

**Кисел Вир**, населба од неолитското време. На 3 km североисточно од селото, на десната страна од стариот пат Скопје-Куманово се издига блага височинка која постепено се спушта кон север формирајќи тумба. Веднаш до изворот на кисела вода, во нивите на ЗИК „Скопско поле“ се среќаваат фрагменти од керамички садови и делови од куќен лепеж. (Д.М.)

**Криви Дол**, некропола од римското време. Во атарот на селските ниви се пронајдени три цели надгробни плочи и еден фрагмент, сите со латински натписи. Само за една од нив локалитетот Криви Дол е познат како место на наоѓањето. Плочите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 528; Вулић Н., Сп. XCLIII, бр. 418; Јосифовска Б., 1953, 241. (Л.Ј.)

**Црквиште**, храм – светилиште од римското време. На 3 km североисточно од селото, на највисокиот дел од ридот над локалитетот Кисел Вир се гледаат темели од објект откриени во текот на 1955/56 година. На површината има и делови од камена пластика, мермерни блокови, бази и градежен материјал. (Д.М.)

## 3. БАДЕР

**Дрма**, каструм со подградие и некропола од римското и доцноантичкото време (Бедеријана). На 1,5 km од селото и на 1 km источно од Блаце, на висока речна тераса крај реката Пчиња, на површина од 200 x 280 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди, мермерни столбови и множество градежен материјал, а се гледаат и темели од објекти. Северно од каструмот лежело подградието, а јужно била античката некропола.
Микулчиќ И., 1977, 101-105; Микулчиќ И., 1981, 112-114; Микулчиќ И., 1982, 68-71. (Г.М.)

**Китка**, некропола од римското време. На 2 km јужно од селото, на левиот брег на Пчиња, помеѓу реката и автопатот се гледаат остатоци од некропола, во голема мера уништена со изградбата на автопатот Скопје-Велес. Се гледаат делови од уништени гробни конструкции кои биле градени од тегули, тули и камени плочи. (Д.М.)

Дрма, с. Бадер. – Каструм од римското време (И.М)

**Стар Пат**, некропола од доцноантичкото време. На 300 m северозападно од селото се гледаат остатоци од гробни конструкции градени од камени плочи – тип циста. Најверојатно се работи за некропола од античката населба на соседниот локалитет Смргец. (Д.М.)

## 4. БАЊАНЕ

**Бања**, водовод од римското време. На повеќе места во полето се констатирани остатоци од стар водовод, цели и фрагментирани тубулуси што се протегаат во правецот северно од селото, кон месноста Бања. Тука се наоѓаат силни извори од кои водата била носена до римскиот Скупи. (Д.М.)

**Дуло**, вила рустика од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, во близината на изворот „Дуло“, на вакафска парцела (Св. Ѓорѓи), во 1977 година селаните раскопале темели од вила рустика. Основата на објектот е втемелена по оската северозапад-југоисток, во вид на буквата „Г“, со 6 простории од кои една е формирана апсидално кон северозапад, а тремот е кон југоисток. Ѕидовите се од кршен камен со доста антички мермерни сполии, поврзани со хидрауличен малтер. Зачувани се остатоци од камени столбови, капители, архитрави, имбрекси, тегули, тубулуси, како и многу керамички материјал. Два сада се чуваат во Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје. (М.Б.)

**Св. Ѓорѓи**, осамен наод од римското време. Во прагот на црквата е вѕидана надгробна стела со релјеф и латински натпис кој е оштетен. Димензии: 119 x 56 cm.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 531. (Б.Ј.)

## 5. БАРОВО

**Барово**, осамени наоди од римското време. Од атарот на селото потекнуваат два споменика од кои ед-

ниот е вотивен, посветен на Фортуна, а другиот надгробен. Спомениците се исчезнати.
Evans A., 1882, 100. (Л.Ј.)

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, на највисокиот врв на западниот крај на Водно, на мало карпесто плато со доминантна местоположба и со димензии од 110 x 110 m се гледаат остатоци од одбранбен ѕид граден од камен и варов малтер. По површината се гледаат темели од повеќе градби за живеење и темели од старохристијанска базилика, остатоци од цистерна за вода, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.
Mikul~i} I., TIR, 22; Микулчиќ И., 1981, 144; Микулчиќ И., 1982, 71-72. (Г.М.)

**Св. Атанасија**, некропола од римското време. Во непосредната близина на црквата селаните откриле повеќе надгробни споменици, а еден е вѕидан до портата на дворот од црквата.
Трифуноски Ј., 1958, 141. (В.Л.)

## 6. БАРДОВЦИ

**Зад воденицата**, осамен наод од римското време. Во лозјето на семејството Блажевски е откриен жртвеник со латински натпис посветен на божицата Белона. Димензии: 136 x 52 x 28 cm. Жртвеникот се чува во дворот на семејството Блажевски.
Јосифовска Драгојевиќ Б. 1981, 182. (Б.Ј.)

**Чешма**, осамен наод од римското време. Местото на водоводот е на околу 2 km од градската територија на Скупи, на 1 km од асфалтниот пат за селото Бардовци и на 200 m западно од железничката пруга Ѓорче Петров-Качаник. При земјоделските работи е пронајдена надгробна плоча со латински натпис и со димензии од 245 x 75 x 25 cm. Во правоаголното поле на фронтонот се наоѓа релјефна претстава на сцена со задушна гозба. Плочата се наоѓа на местото каде што е откриена.
Корачевиќ Д., 1983, 215. (Л.Ј.)

## 7. БЛАЦЕ

**Барда**, осамен наод од римското време. Во Долно Блаце, во имотот на Шкрета Дануш е најдена надгробна плоча со латински натпис. Споменикот се наоѓа на местото каде што е откриен.
Јосифовска Б., 1982, 109. (Л.Ј.)

**Лозје**, осамен наод од римското време. При земјоделските работи е пронајдена надгробна плоча со латински натпис. Во фронтонот има релјефна претстава на задушна гозба. Споменикот се наоѓа на местото каде што е пронајден.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 482. (Л.Ј.)

**Св. Ѓорѓи**, осамен наод од римското време. При изградбата на железничката пруга е пронајден жртвеник со вотивен натпис, посветен на божествата Јупитер, Јунона и Минерва. Споменикот се наоѓа во близината на селската црква Св. Ѓорѓи.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 550. (Л.Ј.)

## 8. БРАЗДА

**Градиште**, утврдена населба од железното, раноантичкото, римското и доцноантичкото време. Се наоѓа на високиот рид што се издига 70 m над околината, обграден од двете страни со Чучерска Река. На врвот има плато со површина од 4,5 хектара, кое паѓа терасесто кон север и југ и на кое се наоѓаат остатоци од утврдена населба. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал. На акрополот, врз предримскиот опидум бил изграден доцноримски кастел со квадратна основа и со димензии од 110 x 90 m. Одбранбените ѕидови се градени од камен и варов малтер и имаат ширина од 1,70 m. Со ископувањата во 1986 година се откриени дел од работилница за преработка на метал (оловна руда) и керамика од V-IV век пред н.е. Во северното подножје е откриена раноантичка гробница градена од делкани блокови од травертин кај која се разликуваат две фази на градба. Меѓу многубројната жртвена керамика има повеќе антички црвенофигурални вази од крајот на V и раниот IV век пред н.е. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Микулчиќ Г., 1989; Микулчиќ И., Соколовска В., 1990, 79. (Г.М.)

Градиште, с. Бразда. – Гробница од раноантичкото време (И.М.)

**Ѓорѓоец**, водовод од римското време. На 1 km југозападно од селото, во непосредната близина на краварската фарма се откриени остатоци од стар водовод – тубулуси. Правецот на протегањето на цевоводот е кон римскиот Скупи. (Д.М.)

**Царевец**, населба од римското време. На 3 km западно од селото, на левата страна на Лепенец, на простор од околу 50 x 50 m во нивата на З. Пејков се среќаваат фрагменти од керамички садови, градежен материјал и дел од вотивен споменик со латински натпис. (Д.М.)

## 9. БРЊАРЦИ

**Ирма**, населба од римското време. Југоисточно од селото, во нивите на А. Јусуф и Т. Стефановски се откриени темели од поголем објект, а по површината се среќаваат делови од камена пластика (надвратници, колони, бази и др.) и многу градежен материјал. (Д.М.)

**Латина**, некропола од римското време. На 2 km јужно од селото, на десната страна од патот што води за селото, на простор од 50 x 50 m се гледаат остатоци од римски надгробни стели. Од овој локалитет потекнуваат и повеќе монети што се чуваат кај мештаните. (Д.М.)

**Тумба**, населба од неолитското време. На 1 km јужно од селото, на површина од 0,50 хектари се среќаваат фрагменти од керамички садови, кремени и камени орудија, како и поголеми фрагменти од куќен лепеж. (Д.М.)

## 10. БУЈКОВЦИ

**Карабаир**, населба од римското време. На просторот што го зафаќа новоизградената рафинерија, поточно на делот каде што се изградени цистерните, се откриени ѕидови градени од камен и варов малтер, фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Со изградбата на рафинеријата локалитетот е целосно уништен. (Д.М.)

## 11. БУЛАЧАНИ

**Кула**, утврдување – рефугиум од доцноантичкото време. На 2,5 km северно од селото и исто толку од селото Раштак, на еден висок планински гребен, на простор од 100 x 30 m се гледаат ѕидови од камен и варов малтер. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал.
Микулчиќ И., 1982, 73. (Г.М.)

## 12. БУНАРЏИК

**Јазбине**, населба од римското време. На 500 m северозападно од селото, на површина од околу 1 хектар се среќаваат фрагменти од римска садова керамика и градежен материјал. (Д.М.)

## 13. БУЧИНЦИ

**Градиште**, градиште од раноантичкото и римското време. На 100 m западно од селото, на доминантна височинка со зарамнето плато се среќаваат фрагменти од керамички садови карактеристични за раноантичкото и римското време. На подножјето на градиштето од источната страна, во лозјата на В. Китановски, Б. Стојановски и К. Митовски се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (тегули, имбрекси, а и монети од Јустинијан I).
Микулчиќ Г., 1987, 189. (Д.М.)

**Ограда**, населба од римското време. Неколку стотици метри јужно од селото, при изградбата на браната за наводнување се откриени темели од објект. На релативно мал простор се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (камен, тегули). (Д.М.)

## 14. ВАРВАРА

**Кале**, утврдена населба – опидум од раноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, 150 m над Маркова Река, на висока тераса се гледаат остатоци од утврдена населба која зафаќала простор од 155 x 130 m. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1982, 24-26. (Г.М.)

Кале, с. Варвара. – Опидум од раноантичкото време

**Пржали**, некропола од железното и римското време. Се наоѓа на околу 500 m источно од селото и околу 3 km западно од селото Батинци, од десната страна на патот што води од Драчево кон Марков Манастир, кај утоката на рекичката-поројница Локва Попова во Маркова Река. Во 1995 година Музејот на град Скопје извршил заштитни археолошки ископувања на локалитетот, при што се откриени гробови. (К.Р.)

## 15. ВИЗБЕГОВО

**Кавгалија (Момин Поток)**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од Скупи, на подрачјето на селото и околу 500 m западно од патот Скопје-Качаник се гледаат остатоци од некропола. Од оваа некропола потекнуваат две надгробни мермерни стели со релјеф и латински натпис. На едната од нив се споменува vicus Cavadinus. Стелите се чуваат во Музејот на град Скопје.
Јосифовска Б., 1966а, 263; Josifovska B., TIR, 21. (Б.Ј.)

## 16. ВИНИЧЕ

**Градиште**, кастел од доцноантичкото време. На североисточниот крај на селото, високо во планинскиот масив, на еден рид со зарамнет врв и со површина од 70 x 40 m се гледаат остатоци од одбранбен ѕид граден од кршен камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди.
Микулчиќ И., 1982, 74. (Г.М.)

**Огради**, некропола од доцноантичкото време. При обработувањето на земјата, во нивата на П. Мирковски е откриен доцноантички гроб. Гробот бил конструиран од необработени камени плочи, а во функција на капак била употребена една надгробна плоча со димензии од 135 x 100 x 20 cm и со латински натпис. Во фронтонот има релјефна претстава на машка и женска биста. Споменикот се наоѓа на местото каде што е најден. (Л.Ј.)

## 17. ВЛАЕ

**Мост на Лепенец I**, осамен наод од римското време. Западно од мостот на Лепенец, во 1954 година К. Геровски, вадејќи песок, открил надгробна стела од бел мермер, со релјеф и латински натпис и со димензии од 155 x 77 x 30 cm. Во непосредната близина на стелата откопал и голема борова шишарка изведена од мермер. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1954, 366. (Б.Ј.)

**Мост на Лепенец II**, осамен наод од римското време. На околу 500 m западно од мостот на Лепенец, во 1954 година, при вадењето на песок е откриена стела со релјеф и латински натпис, посветена на еден ветеран од петтата македонска легија, со димензии од 195 x 59 x 24 cm. Плочата се чува во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1956а, 79-87. (Б.Ј.)

## 18. ВОЛКОВО

**Дубиче**, некропола од железното време. На 500 m северно од селото, на левата страна од патот за селото Орман има блага падина што се спушта кон асфалтниот пат, на која се наоѓаат делови од камени плочи од надгробни конструкции. Се работи за некропола од постарото железно време (VII-VI век пред н.е.), на која на неколку наврати биле вршени мали археолошки ископувања (1952, 1954 и 1962 година). Откриени се повеќе погребувања во гробови од камени плочи – тип циста, со инхумација и со гробни прилози од керамика, накит и оружје. Со интензивното обработување на теренот некрополата е уништена во голема мера. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје и во Музејот на град Скопје.
Трухелка Ћ., 1929, 71-86; Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., Сарџоски С., 1976, 29. (Д.М.)

Дубиче, с. Волково. – Сад од железното време

**Ливада**, некропола од римското време. Според белешките на М. Грбиќ, од десната страна на железничката пруга Орман-Волково била констатирана некропола од која потекнува римски надгробен споменик со натпис.
Грбић М., 1954, 117. (Д.М.)

**Уши**, населба од римското време. На 2 km југозападно од селото, во лозовите насади со површина од 1,5 хектар се среќаваат многубројни остатоци од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Д.М.)

**Црквиште**, осамен наод од римското време. Во 1958 година во нивата на С. Најдовски од селото Кучково, што се наоѓа на околу 500 m од десниот брег на Лепенец, случајно е откопан мермерен споменик со двојазичен натпис – грчки и латински. (Б.Ј.)

## 19. ВРТЕКИЦА

**Исар**, населба од доцноантичкото време. На границата од атарите на селата Вртекица и Рамни Габер се гледаат остатоци од утврдена населба.
Трифуноски Ј., 1958, 160. (В.Л.)

**Св. Димитрија**, средновековен сакрален објект. Во Шелско маало се наоѓа муслиманска текија со девет гробови која била изградена пред 120 години врз темели на средновековна црква која, според преданието, била посветена на св. Димитрија. Дека селото било населено од христијанско – македонско население сведочи податокот на листот 42 од Кодикот на манастирот Матка од 1570-1580 година, во кој како приложник од ова село е заведена „рабинката божја Тода“. Денешните муслимански жители започнале да се населуваат во селото кон крајот на XVII век.
Хаџи Васиљевић Ј., 1930, 274; Расолкоска Николовска З., 1975, 457. (В.Л.)

## 20. ГЛУВО

**Куќетини**, населба од раниот среден век. Во 1976 година на околу 800 m северозападно од селото, на десната страна на рекичката Бањанска се регистрирани три големи јами во кои се најдени фрагменти од византиска глеѓосана керамика, насликана со спирални и флорални мотиви. Северно од јамите, на околу 200 m, има урнатини од повеќе станбени објекти.
Билбија М., 1978, 133. (М.Б.)

**Штитиње**, осамен наод од римското време. Во 1995 година во дворот на куќата на Мирко Блажевски е најден фрагмент од надгробна плоча со латински натпис и фриз од букраниони и гирланди, употребен како стожер. Бил донесен во 1913 година од местото Штитиње. Денес фрагментот се наоѓа во Музејот на град Скопје. (Л.Ј.)

## 21. ГОВРЛЕВО

**Градиште**, утврдена населба од римското и доцноантичкото време и старохристијанска базилика. На околу 600 m северно од селото се наоѓа мало ритче со зарамнето плато на врвот големо околу 2 хектара, на кое се гледаат остатоци од бедем граден од кршен камен и варов малтер. На површината има фрагменти од садова и градежна керамика, питоси, а биле наоѓани и монети. Мермерни блокови се пренесени во селските цркви во Говрлево и Барово. На југоисточната тераса има темели од голема базилика и непосредно до неа темели од цистерна.
Mikul~i} I., TIR, 58; Микулчиќ И., 1981, 116; Микулчиќ И., 1982, 74-76. (Г.М.)

**Манастириште**, средновековна населба и некропола. Југоисточно од селото, во правецот на селото Осинчани, при обработувањето на нивите се откриени остатоци од ѕидови и камени плочи од гробни конструкции. По површината се среќава множество градежен материјал.
Трифуноски Ј., 1958, 148. (В.Л.)

Градиште, с. Говрлево. – Населба од римското и доцноантичкото време (И.М)

**Св. Илија**, средновековна црква. Североисточно од селото, на ритчето Илино Брдо, пошумено со дабови дрвја, пред 60 години е подигната црквата Св. Илија, и тоа врз темели од постар сакрален објект. Трифуноски Ј., 1958, 148. (В.Л.)

**Церје**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 2 km југоисточно од селото, помеѓу Чифличка Река од исток и Церешка Река од запад. Населбата е случајно откриена во 1981 година, а од 1982 година започнуваат систематски ископувања. Во длабокиот културен слој е констатирана повеќеслојна населба со шест хоризонти на живеење. Најстариот хоризонт (I) е од времето на раниот неолит, паралелен на Анзабегово-Вршник I, хоризонтите II-IV се од средниот неолит, паралелни со Анзабегово -Вршник II-IV, а последните два хоризонти се од доцниот неолит, идентични на Зелениково II. Откриени се три куќи за живеење, од дрво и кал, со димензии од 4,5 x 4,5 m, поделени на две простории. Георгиев З., Билбија М., 1984, 39-48; Билбија М., 1986, 35. (Д.З.)

Церје, с. Говрлево. – Култна масичка од средниот неолит

## 22. ГОРНО КОЊАРЕ

**Градиште**, населба од раноантичкото и римското време. Се наоѓа на 1 km пред влезот во селото, на блага терасеста височинка крај левиот брег на реката Пчиња. Во нивите на ЗИК „Скопско Поле", на површина од околу 8 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. На северниот крај на локалитетот има голем тумул според кој местото се вика Тумбарка. (Д.М.)

## 23. ГОРНО НЕРЕЗИ

**Градиште**, градиште со некропола од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото, на северните падини на Водно, на издадена карпеста чука со зарамнет врв во форма на триаголник и со димензии од 110 x 105 m се гледаат остатоци од одбранбен бедем граден од кршен камен и варов малтер. На површината на градиштето се гледаат темели од повеќе објекти и множество градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и монети. На северозападното подножје, при обработувањето на земјата се откриени повеќе гробови градени од камени плочи.
Лилчиќ В., 1978, 227-233; Микулчиќ И., 1982, 76-78; Микулчиќ Г., 1987, 189. (Г.М.)

Градиште, Горно Нерези. – Населба од доцноантичкото време (В.Л., И.М.)

**Св. Пантелејмон**, осамен наод од римското време. Во 1967 година, при изведувањето на конзерваторските работи во манастирот, во подот под централната купола на манастирската црква е откриен надгробен споменик од бел мермер со латински натпис. Споменикот е вратен на истото место, со натписот свртен надолу. (Б.Ј.)

## 24. ГОРНО ОРИЗАРИ

**Крст**, некропола од римското време. На 600 метри источно од селото, при обработувањето на нивите биле откриени гробови со конструкција од тули.
Трифуноски Ј., 1955, 77. (В.Л.)

## 25. ГОРНО СВИЛАРЕ

**Кале**, кале од римското и доцноантичкото време. На 2 km западно од селото и 1,6 km северно од Рашче, на излезот од Дервенска Клисура се наоѓа рид со височина од 220 m на чија зарамнета површина со димензии од 75 x 60 m се гледаат остатоци од одбранбен ѕид. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 58; Микулчиќ И., 1982, 78. (Г.М.)

## 26. ГОРНО СОЛЊЕ

**Стара Чешма**, осамен наод од римското време. Во западниот дел на селото се наоѓа стара, одамна напуштена чешма во која, до 1982 година, имало вградена мермерна стела со релјеф и латински натпис. Недалеку од чешмата, во дворот на селската црква има профилирани мермерни блокови.
Josifovska Dragojevi} B., 1971, 513-521; Josifovska Dragojevi} B., 1974, 62. (Б.Ј.)

## 27. ГРАДОВЦИ

**Лозишта**, некропола од римското време. На 1 km од селото се откриени остатоци од гробни конструкции. На површината се гледаат големи камени плочи од гробови – тип циста, со ориентација исток-запад. (Д.М.)

## 28. ГРЧЕЦ

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото (денес напуштено) и на 1 km јужно од новата населба Грчец, во подножјето на Водно, на врвот со зарамнето плато со површина од околу 0,4 хектара се гледаат остатоци од одбранбени ѕидови, градени од камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1982, 79. (Г.М.)

## 29. ДВОРЦЕ

**Градиште**, градиште – кастел од римското и доцноантичкото време. На 1 km југозападно од селото, на влезот во Дервенска Клисура има висок рид што доминира над околината и чие зарамнето плато, со димензии од 60 x 40 m, е заградено со ѕид граден од камен и варов малтер. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1982, 80. (Г.М.)

## 30. ДОБРИ ДОЛ

**Крушка**, осамен наод од римското време. Во непосредната близина на селскиот поток Крушка е пронајден двоен доцноантички гроб. Во гробната конструкција секундарно биле вградени шест надгробни плочи со латински натписи. Спомениците се наоѓаат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вучковић Тодоровић Д., 1958, 289. (Л.Ј.)

## 31. ДОЛНО ДОБРИНО

**Кале**, градиште – викус од доцноантичкото време. На 1 km североисточно од Добрино и на 2,5 km јужно од Кадина Река, на врвот од високиот рид се наоѓа зарамнето плато со површина од околу 2 хектара каде се гледаат остатоци од градби за живеење, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и покривни ќерамиди.
Микулчиќ И., 1982, 80. (Г.М.)

## 32. ДОЛНО КОЛИЧАНИ

**Градиште**, градиште – викус со некропола од римското и доцноантичкото време. На 1,3 km северозападно од селото, на јазичеста височинка која доминира над околината, на простор од 2,5 хектара се гледаат темели од одбранбени ѕидови, а во внатрешноста на градиштето темели од помали објекти. На површината се среќаваат во изобилство градежен материјал, керамички садови и питоси. На околу 800 m северозападно од градиштето е регистрирана поголема некропола. Откриени се гробови со конструкција од големи тегули – тип „на две води“.
Микулчиќ И., 1982, 81; Микулчиќ Г., 1987, 189. (Г.М.)

## 33. ДОЛНО КОЊАРЕ

**Дервен**, населба од неолитското време. На 2 km западно од селото, на левата страна на асфалтниот пат Скопје-Коњаре, на блага падина, во нивата на ЗИК „Скопско Поле“, која зафаќа површина од 350 x 75 m, се среќава голем број фрагменти од керамички садови. Повеќето од нив се украсени во барботин и импресо-техника, а од облици има пехари на висока конусна нога, грнињa, жртвеници, ситна антропоморфна пластика и др. Голем е бројот и на орудијата од кремен и камен. (Д.М.)

**Долно Коњаре**, депо на средновековни монети. Во Музејот на Македонија во Скопје се чува депо од 2.400 бакарни скифати од XII-XIII век, пронајдени во околината на Долно Коњаре. (Ј.К.)

**Ограѓе**, населба од римското време. На 200 m западно од селото, на десниот брег на реката Пчиња, на површина од околу 0,5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. Нивите се сопственост на С. Сали и Ј. Балиќ. (Д.М.)

## 34. ДОЛНО ОРИЗАРИ

**Вели Поле**, населба од римското време. На 4 km над селото, во непосредната близина на каменоломот помеѓу селата Свиларе и Ново Село се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Д.М.)

## 35. ДОЛНО СВИЛАРЕ

**Селиште**, населба од римското време. На 500 m западно од селото, на простор од околу 300 x 300 m, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Д.М.)

## 36. ДОЛНО СОЛЊЕ

**Поткарпа (Раов Дол)**, осамен наод од римското време. Над современиот пат за селото Долно Солње, на една падина се наоѓа надгробна стела, веројатно ископана при обработувањето на нивата. Стелата е од варовник, со релјефна претстава на задушна гозба и латински натпис, а нејзините димензии се 233 x 63 x 20 cm. Споменикот се наоѓа на местото каде што е пронајден. (Л.Ј.)

**Св. Спас**, осамен наод од римското време. При реновирањето на црквата, во 1973 година, на јужниот внатрешен ѕид е откриен фрагмент од надгробна плоча со латински натпис и димензии од 84 x 40 cm. Споменикот се наоѓа на местото каде што е пронајден. (Л.Ј.)

**Чешма**, осамен наод од римското време. Во селската црква е вѕидана надгробна стела со релјеф и латински натпис, оштетена во горниот дел. Нејзините димензии се 62 x 47 cm.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 558. (Б.Ј.)

## 37. ДРАЧЕВО

**Белчевица**, некропола од римското време. Во дворот на училиштето, при садењето на овошни насади, во 1955 година учениците откриле гробница градена од квадратни тули со скелет покрај кој биле положени стаклени сатчиња – лакримарии.
Јосифовска Б., 1956, 278. (Б.Ј.)

**Љубуш,** старохристијански ротонди. На еден зарамнет врв во близината на утоката на Пеленица во Маркова Река, оддалечен 3 km југозападно од селото, има остатоци од римско утврдување чии одбранбени ѕидови го опкружуваат целото плато големо

околу 1,5 хектар. Откопани се темели од повеќе градби меѓу кои и темели од две цркви – ротонди. Според Ф. Месеснел, едната имала пречник повеќе од 10 m и под покриен со мозаик, организиран во повеќе правоаголни полиња. Од мотиви во полињата на мозаикот се присутни рибини лушпи, крстови, плетенки како бордури и раскошен кантарос од кој излегуваат бршленови ластари со лисја.
Месеснел Ф., 1937а, 122, 123. (Б.А.)

**Пинтија (Ќуприја)**, некропола од доцноантичкото време. На 2 km северозападно од централниот дел на селото, во 1952 година, при подготовките на нивите за садење на лозја се откриени повеќе гробови и една гробница градена од римски надгробни споменици. Најдените прилози се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1956, 278. (Б.Ј.)

**Тресалиште**, осамен наод од доцноантичкото време. Во 1949 година во месноста Стефановски Дол е откриена надгробна стела со релјеф и латински натпис. Стелата се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1954а, 195. (Б.Ј.)

## 38. ДРАЧЕВИЦА

**Кале**, градиште – кастел – опидум од римското и доцноантичкото време. На 1,3 km југоисточно од Драчевица и на 1,5 km источно од Умово, сместени на висока карпеста чука со зарамнет врв со површина од 260 x 130 m, се гледаат одбранбени ѕидови и 4 кули. На површината се гледаат и темели на повеќе објекти, градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси. Најдени се и монети на Галиен и Валентијан.
Mikul~i} I., TIR, 47; Микулчиќ И., 1982, 83-86. (Г.М.)

Кале, с. Драчевица. – Опидум од римското и доцноантичкото време (И.М.)

## 39. ЕЛОВО

**Исар**, градиште – кастел од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, на висок рид (кота 1.133) на левиот брег на Маркова Река, на површина од 120 x 80 m се гледаат остатоци од одбранбен бедем, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал. Според кажувањата на селаните, откриени се и гробови градени од камени плочи – тип циста.
Микулчиќ И., 1982, 88-89. (Г.М.)

## 40. ЗЕЛЕНИКОВО

**Слатина**, населба од неолитското време. Се наоѓа на 200-300 m пред влезот во селото, лево од патот и железничката пруга, на пространа тераса што се издига над старото корито на Вардар, на десната страна. Поголем дел од теренот е обработлив и е сопственост на ЗИК „Светлост“. Со длабокото орање и садењето на овошки површинските слоеви се оштетени и развлечени. Локалитетот е откриен уште во 1950 година, кога е извршено и првото пробно ископување. Подоцна, со ископувањата во 1954 и 1955 година, а особено во 1974 и 1975 година се откриени остатоци од куќи (лепеж) и разни предмети од материјалното производство, особено од керамика. Се работи за поголема населба од средниот неолит, со подолга интерна еволуција, истовремена со населбите од културната група Анзабегово-Вршник II-IV. Посебно значајни се наодите од последниот слој на населбата, од времето на доцниот неолит, според кои е воведена нова културна група наречена Зелениково II. Наодите се чуваат во Музејот на град Скопје.
Грбић М., 1954, 108; Галовић Р., 1967, 127; Гарашанин М., Спасовска Г., 1976, 85; Гарашанин М., Билбија М., 1988, 31-41. (Г.С.Д.)

**Црквиште**, кастел од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1 km југозападно од селото и 2 km северозападно од железничката станица, на височинка што се издига над составот на Зелениковска Река и реката Дартошама. На простор од околу 110 x 55 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, а околу него остатоци од ѕидови од одбранбен бедем и кули. На неколку места се забележуваат темели од помали градби, а има и темели од голема трикорабна базилика.
Микулчиќ И., 1981, 122; Микулчиќ И., 1982, 89-91. (Г.М.)

Скупи. – Поглед на откриените објекти од градот

## 41. ЗЛОКУЌАНИ

**Скупи – Scupi**, град од римското и доцноантичкото време. Се простира на северниот крај на селото, во подножјето на Зајчев Рид, лево од утоката на Лепенец во Вардар, а на околу 5 km северозападно од Скопје.

Основањето на градот Скупи е поврзано со пробивот на римските легии на подрачјето на Дарданија кон крајот на I век пред н.е и во I век од новата ера. Најверојатно се развил од легиски логор (каструм) судејќи по положбата, големината, четвртестата основа на маркантните фортификациски елементи и др. Вистински римски град станува со добивањето на статусот колонија – највисокиот самоуправен ранг што можел да го добие еден град. Основањето на Колонија Флавија Скупи (Colonia Flavia aelia Scupi) со дедукција на ветерани од VII Клавдиева легија го извел царот Домицијан (84-85 година). Колонизираните ветерани живееле на своите имоти насекаде во Скопско поле, за што постојат безброј епиграфски потврди.

Римјаните го лоцирале градот покрај важните магистрални патишта што го поврзувале Егејот со Средна Европа, Тракија и со Јадранско Море. Овие предиспозиции му овозможиле на градот брз и вонреден напредок во II век. Во 286-96 година силните готски и херулски одреди ги крстосувале овие краишта. Со формирањето на провинцијата Дарданија кон крајот на III век Скупи станува седиште на провинциска управа, а во текот на IV век го доживува вториот голем подем. Во 379 и 388 година во Скупи престојувал царот Теодосиј кој притоа издал и два царски указа.

Историските извори укажуваат дека во IV век градот станал седиште на епископија. Кон крајот на IV век е нотирана една голема помошна воена формација од овој крај – Pseudoconitatenses Scupenses. Во 447 година веројатно страдал од воените походи на Хуните, а во 518 година од катастрофалниот земјотрес забележен во Хрониката на Марцелин Комес. По овој настан Скупи ги загубил градските белези и продолжил да живее како рурална населба.

Со археолошките ископувања е започнато во периодот пред војната, а поинтензивно се работи од 1966 година. Истражувањата се насочени кон топографијата на одредени градежни комплекси важни за урбанизацијата и архитектурата на градот, а работено е и на некрополите.

Градската населба со површина од 40 хектара е опкружена со бедеми со димензии од 738 x 590 m (истражувани од И. Микулчиќ во 1970 година). По должината на северната, североисточната и југоисточната страна постоеле одбранбени ровови, а на северозападната страна има природен мочуришен потег.

*Театар* – лежи на југозападната падина на Зајчев Рид. Откриени се главните контури на објектот, со скена долга 98 m и широка 15 m. Напречната оска на скената и кавеата е 65 м, а радиусот на оркестрата изнесува 15 m. Припаѓа на римскиот тип на театри, датирани во II век, во времето на Хадријан. Истражуван е во 1928 и 1935-37 година од страна на Н. Вулиќ и во 1959/60 година од Д. Рендиќ Миочевиќ.

*Цивилнабазилика* – се наоѓа во јужниот дел на градот. Трикорабна е, со двојна апсида на западната страна, со мозаичен под украсен со геометриски орнаменти и е датирана во раниот IV век. Истражувана е во 1975-1979 година од М. Гарашанин и Д. Корачевиќ.

Скупи. – Капител од Цивилната базилика

*Христијанска базилика* – се наоѓа југозападно од театарот. Трикорабна, со апсида на источната страна, зачувана една пастофорија на северната и баптистериум на јужната страна. Датирана е кон крајот на V и почетокот на VI век. Истражувана е во 1975-1979 година од М. Гарашанин и Д. Корачевиќ.

*Палата* – лежи длабоко под Христијанската базилика. Откриени се неколку простории со фрескодекоративни ѕидови и мал термален дел и е датирана во раниот IV век. Истражувана е во 1973 година од М. Гарашанин и Д. Корачевиќ.

*Терми* – се наоѓаат во централното градско подрачје. Имаат едноставен план со дефинирани калдариум, тепидариум, аподитериум, фригидариум и атриум и се датирани во IV век. Истражувани се од 1983 до 1989 година од Д. Корачевиќ.

*Улица* – една од главните комуникации во градот, со ориентација североисток-југозапад, каква што имаат сите градежни комплекси во градовите.

Коловозот е широк 8,50 m и е поплочен со големи камени плочи, а тротоарите се широки од 2,60 до 3 m. Се датира по 286 година, по пробивот на Готите. Истражувана е во 1976 и 1980-1989 година од Д. Корачевиќ.

Надвор од градот, на сите четири страни се наоѓаат градските некрополи:

*Источна некропола* – истражени се околу 300 гробови, меѓу кои има гробови од предримското и доцноантичкото време, од типовите циста и „на две води“, и тоа со кремирање и инхумирање на покојниците. Истражувана е во 1970/71 и 1973 година од И. Микулчиќ.

Скупи. – Детаљ од Градската терма и главната улица

Скупи. – Надгробни споменици во Западната некропола

*Западна некропола* – се наоѓа покрај западниот бедем на градот. Според истражувањата, се работи за повеќеслојна некропола. Најстар и најзначаен слој е архитектонски планираната и организирана некропола од ранoримскиот период, со интактно зачувани надгробни споменици и гробови со кремирани и инхумирани покојници. На помладиот слој му припаѓаат гробовите од доцноримската некропола исклучиво со инхумирани покојници. Истражувана е од 1990 до 1994 година од Л. Јованова.
Evans A., 1885, 79-167; Вулић Н., 1926, 1-5; Трухелка Ћ., 1929, 71-86; Грујић Р., 1935, 5-64; Вулић Н., 1961, 2; Mocsy A., 1970; Микулчиќ И., 1971, 269-285; Микулчиќ И., 1971а, 166-173; Микулчиќ И., 1973, 262-272; Микулчиќ И., 1973а, 29-35; Микулчиќ И., 1974, 109-143; Микулчиќ И., 1975, 127-151; Микулчиќ И., 1975а, 89-102; Микулчиќ И., 1976б, 191-210; Гарашанин М., Корачевиќ Д., 1978, 31-46; Рендић Миочевић Д., 1981, 45-51; Josifovska Dragojevi} B., 1982; Гарашанин М., Корачевиќ Д., 1987, 79-96; Соколовска В., 1987; Корачевиќ Д., 1988, 155-165; Ивановски М., Винчиќ Ж., 1988, 169-175; Корачевиќ Д., 1989, 101-107.

Од атарот на селата Злокуќани и Бардовци потекнуваат околу 50 епиграфски споменици, што се пронајдени на градската територија на Скупи и во неговата околина. Поголем број од спомениците се наоѓаат во Музејот на Македонија во Скопје, а помал број се исчезнати.
Josifovska Dragojevi} B., IMS, 1, 3, 12, 13, 19, 21, 29, 31, 35, 36, 38, 42, 45, 47, 53, 55, 57, 60, 61, 63, 70, 71, 75, 82, 89, 94, 96, 97, 102, 103, 105, 112, 115, 119, 126, 135, 157, 166, 171, 173, 175, 179, 180, 185, 186, 188, 189, 191, 199. (Л.Ј.)

## 42. ИЛИНДЕН (БЕЛИМБЕГОВО)

**Илинден (Белимбегово)**, осамен наод од римското време. Во атарот на селото е пронајдена надгробна плоча со латински натпис. Спомеников се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Evans A., 1885, 102-103. (Л.Ј.)

## 43. ЈАБОЛЦЕ

**Падиште**, осамен наод од хеленистичкото време. Во 1947 година И. Вељановски, при обработувањето на земјиштето открил бронзена глава која веројатно е дел од некоја скулптура. Главата е со природна големина, со височина од 25 cm, а се атрибуира како претстава на Дионис Митрефорос Таурос и се датира во втората половина на I век пред н.е.
Корачевиќ Д., 1980, бр. 329; Микулчиќ И., 1982; Bitrakova Grozdanova V., 1985, 117; Соколовска В., 1987, 186. (Л.Ј.)

## 44. КАТЛАНОВО

**Доксаница**, населба од неолитското и бронзеното време и некропола од римското време. Во подножјето на една мала височинка, на околу 4 km јужно од

селото, во пространа долина природно заштитена со високи и стрмни ридови, покрај која тече рекичката Оплазинци, има фрагменти од керамички садови. На југозападната страна, во продолжение, е констатирана некропола чии гробови, со конструкција од обработени камени плочи, се евидентирани на површината. (К.Р.)

**Катланово**, осамени наоди од римското време. Во атарот на селото се откриени два миљоказа и еден жртвеник посветен на Дијана и Аполон. Спомениците се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулиќ Н., Сп. XCVIII, бр. 437-439. (Л.Ј.)

**Кочкова Населба**, некропола од доцноантичкото време. Во дворот на викенд-куќата на Д. Панчиќ од Скопје, во викенд-населбата Кочкова Населба е откриена некропола која се наоѓа на 400 m северно од локалитетот Римски Бањи. Во 1994 година Музејот на град Скопје извршил кусо интервентно ископување при што се откриени два гроба од типот цисти со покривни плочи, сместени на десниот брег на реката Пчиња. (К.Р.)

**Рамниште**, населба од римското време. На 500 m западно од селото, во близината на современите гробишта се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Д.М.)

**Црквиште**, некропола од римското време. На левиот брег на Пчиња, под населбата Катлановска Бања, на просторот од патот за Градманци па сè до коритото на Пчиња се откриени гробови со конструкции од големи камени плочи и саркофази. П. Синадиновски од Катлановска Бања открил вотивен споменик – мермерна плоча со димензии од 55 x 38 cm, на која има релјефна претстава на 3 женски ликови со садови во рацете. Плочата се чува во Музејот на Македонија во Скопје. (Д.М.)

## 45. КОПАНИЦА

**Дренки**, населба од римското време. На 500 m западно од селото, во близината на современите гробишта се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Д.М.)

## 46. КУЧЕВИШТЕ

**Бошњачка Чешма**, некропола од доцноантичкото време. Во 1989 година, при копањето на канал за водоводна инсталација, на улица „Призренска" бр. 53, во дворот на Д. Младеновска е откриен доцноантички гроб. Гробната конструкција е направена од обработени камени блокови, помал фрагмент од саркофаг, една цела и една фрагментирана надгробна плоча со латински натписи. Стелите и гробните наоди се чуваат во Музејот на град Скопје. (Л.Ј.)

**Град**, градиште од доцноантичкото време. На 6 km северно од селото, на гребен со карпест врв и височина од 1.080 m се гледаат темели од одбранбен бедем, зачувани на западната и југоисточната падина. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и друг градежен материјал.
Чаусидис Н., 1989, 193. (Л.В.)

**Градиште – Беговиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 3 km северно од селото, на ридот што доминира над околината со својата надморска височина од 900 m, на врвот и на јужната падина се гледаат остатоци од утврдена населба. По површината се среќава голем број фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Чаусидис Н., 1989, 191. (Л.В.)

**Кучевиште**, осамени наоди од римското време. Во атарот на селото се пронајдени две надгробни плочи со латински натписи. Едниот од спомениците се чува во Музејот на Македонија во Скопје, а другиот во селската црква.
Evans A., 1885, 90. (Л.Ј.)

**Радишко**, некропола од римското време. На 2 km јужно од селото, во нивата на С. Ниниќ се откриени 7 надгробни споменици со латински натписи и делови од камен саркофаг. Сопственикот ги пренел во дворот на својата полска куќичка во месноста Бреслики. (Д.М.)

## 47. ЛАСКАРЦИ

**Бадеми**, некропола од доцноантичкото време. Во нивата на Рамо Тусуми, при земјоделските работи е откриен доцноантички гроб. Конструкцијата е направена од комбинација на тули, камен и малтер. Како капак е употребена надгробна стела со латински натпис. Споменикот се чува во Музејот на Македонија во Скопје. (Л.Ј.)

## 48. ЛЕТЕВЦИ

**Маркови Кули**, градиште – кастел од римското и доцноантичкото време. На 1,2 km јужно од селото, на 1,6 km источно од Кожле и на 3 km пред утоката на Пчиња во Вардар, на висок рид со зарамнет врв, кој зафаќа површина од 200 x 50 m, се гледаат темели од одбранбен бедем, а по површината множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Источно од кастелот се откриени повеќе гробови од доцноантичкото време.
Микулчиќ И., 1982, 91. (Г.М.)

Маркови Кули, с. Летевци. – Кастел од римското и доцноантичкото време (град Кожле) (И.М.)

## 49. ЉУБАНЦИ

**Љубанци**, осамени наоди од римското време. Во урнатините на селската црква се откриени пет фрагменти од римски споменици. Четири од нив се надгробни, а еден е вотивен и посветен на богот Збелтурд, сите со латински натписи. Спомениците се исчезнати.
Evans A., 1885, 92, 120, 121, 129, 131. (Л.Ј.)

## 50. ЉУБОТЕН

**Јазирци**, осамен наод од римското време. Во непосредната близина на селото, во 1957 година е откриена надгробна стела со латински натпис. Се чува во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1964, 158. (Б.Ј.)

**Црква**, осамен наод од доцноантичкото време. При реконструкцијата на селската црква, посветена на св. Никола, е пронајден жртвеник со латински натпис, посветен на богот Либер. Жртвеникот се чува во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 562. (Б.Ј.)

## 51. МАЛЧИШТЕ

**Марково Кале**, градиште – опидум од римското и доцноантичкото време. На 800 m североисточно од селото Малчиште и на 1 km југозападно од Марков Манастир, на врвот на една помала чука се гледаат одбранбени ѕидови. По површината на градиштето има темели од повеќе објекти, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Микулчиќ И., 1981, 118-120; Микулчиќ И., 1982, 92-95. (Г.М.)

## 52. МАРКОВА СУШИЦА

**Ебишница**, населба од неолитското, бронзеното и железното време. Се наоѓа на 1 km источно од селото, на десниот брег на Умовска Река, кај нејзината утока во Маркова Река. Во нивата на Војо Арсов, на длабочина од 4 m се откриени фрагменти од керамички садови и тегови. (К.Р.)

**Марков Манастир**, осамен наод од доцноантичкото време. Во темелите на манастирот Св. Димитрија – Марков Манастир, десно од јужната врата е вѕидана ара од бел мермер со латински натпис. (Б.Ј.)

## 53. МАТКА

**Катуниште**, населба од римското време. На 300 m југоисточно од селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Лилчиќ В., 1984/1985, 195. (В.Л.)

**Круша**, осамен објект од доцноантичкото време. На 1,6 km јужно од селото, на мала височинка оддалечена околу 100 m од месноста Краста се гледаат остатоци од осамен објект. На теренот се гледа и градежен материјал (кршен камен, покривни ќерамиди) и, спорадично, фрагменти од керамички садови.
Лилчиќ В., 1984/1985, 195. (В.Л.)

**Куќишта**, населба од доцноантичкото време. На околу 300 m североисточно од селото и месноста Оградa, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Според кажувањето на жителите, при изградбата на една викендичка било откриено едно депо на римски бронзени монети.
Лилчиќ В., 1984/1985, 195. (В.Л.)

**Марков Град**, тврдина – кастел од доцноантичкото време и средниот век. На 2 km јужно од селото, високо на карпите што се издигаат над црквата Св. Андреа, се гледаат остатоци од мала средновековна тврдина. Во нејзината внатрешност се гледаат остатоци од средновековна црква, станбен објект и други помали објекти. Постарата тврдина – кастел, датира од V-VI век, а остатоците од средновековната тврдина се од втората половина на XIV век.
Лилчиќ В., 1983, 268-280; Лилчиќ В., 1984/85, 185-196. (В.Л.)

**Св. Спас**, градиште – викус од римското и доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1,5 km јужно од селото, на високите карпи на излезот од клисурата на реката Треска. На самиот врв има плато со големина од 10 x 130 m, опкружено со одбранбен ѕид, на кое се гледаат темели од повеќе објекти, а се среќаваат фрагменти од керамички садови и мермерни блокови од раноантички храм. Исто така се гледаат темели, столбови, бази, импости и други материјали од старохристијанска базилика.
Микулчиќ И., 1981, 106-110; Микулчиќ И., 1982, 95-98. (Г.М.)

## 54. МАЏАРИ

**Оградa**, населба од римското време. Во нивите на Ѓ. Станковски, на површина поголема од 5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови и многу градежен материјал. При обработувањето на земјата се откриени и темели на повеќе објекти.
Грбић М., 1954, 117. (Д.М.)

**Тумба**, населба од неолитското време. Се наоѓа на североисточниот крај на Скопје, во просторот меѓу современите населби Маџари II и „Ченто“, непосредно до фудбалското игралиште, на околу 700 m од левата страна на автопатот Скопје-Куманово -Велес. Претставува мала височинка – тумба со пречник во основата од 220 m и висина од 3 m. Во годините до земјотресот (до 1963), иако користена за земјоделски потреби, таа била лесно впечатлива, дури и доминантна во овој дел од рамното поле. Подоцна, со изградбата на споменатите населби, а особено со неконтролираното подигање на дивоградби врз и околу неа, создаден е нов амбиент во кој тумбата дури и не се забележува. Освен тоа, со градежните работи културниот слој е доста оштетен, а со лоцирањето на куќите речиси повеќе од три четвртини од просторот е загубен за секакви научноистражувачки работи. Со оглед на загрозеноста на локалитетот, во 1978 година Музејот на Македонија изврши пробно заштитно ископување. Констатирано е дека се работи за остатоци од повеќеслојна населба, со културен слој од 3 m во кој се разграничуваат три хоризонти на живеење од времето на средниот неолит, која културно ѝ припаѓа на културната група Анзабегово-Вршник (II-IV). Од 1981 година започнуваат систематски ископувања за откривање и проучување на последниот хоризонт на живеење, во северозападниот сегмент на тумбата, кои во мали работни кампањи ќе продолжат сѐ до 1990 година. Истражен е простор од околу 1.400 $m^2$ во кој се откриени урнатини и основи од 7 објекти од кои 6 се живеалишта, а еден светилиште. Сите биле надземни, со правоаголна или четвртеста основа, градени од масивна дрвена граѓа и кал. Речиси во секој објект се најдени остатоци од огништа, печки и многу голем број предмети од материјалната култура. Секако најзастапени се керамичките садови кои покажуваат широка типологија како на облици така и на декоративни мотиви изведувани во техниките на барботин, импресо и бихромно сликање (кафеава врз црвена основа). Во орнаментиката кај поголем дел од садовите, покрај технолошките и ликовно естетските вредности, присутна е одредена симболика (дожд, клас од жито, вода) поврзана со секојдневните преокупации на неолит-

Тумба, с. Маџари. – Керамички садови од средниот неолит

скиот човек. Покрај керамиката, значајна е и откриената култна пластика, посебно антропоморфната, која ликовно е ослободена од старите традиционални шаблони. Големата Мајка Божица – заштитницата на плодноста, е претставена на начин што засега е непознат меѓу неолитските култури од другите балкански простори. Таа е божица со наративна иконографија која е збогатена со палеоетнографски содржини.
Санев В., 1988, 9-31; Moskalewska Lasota A., Sanev V., 1989, 55-78; Санев В., 1995, 29-32. (В.С.)

**Улица „Димче Милошевски" бр. 139**, осамен наод од римското време. При копањето на канали за водоводна инсталација е пронајден поголем фрагмент од надгробна плоча со латински натпис. Во фронтонот има релјефна претстава на Тракиски коњаник. Плочата се чува во Музејот на град Скопје. (Л.Ј.)

## 55. МИЛАДИНОВЦИ

**Тумба**, населба од римското време. На 1 km југоисточно од селото, на десната страна од патот Петровец-Миладиновци, на површина од 2 хектара, во нивите на К. и И. Зафировски се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал (тегули, имбрекси, тубулуси и друго). (Д.М.)

**Турски гробишта**, осамен наод од римското време. На турските гробишта во селото во 1912 година се наоѓал жртвеник со латински натпис, посветен на богот Херкул. Споменикот е исчезнат.
Evans A., 1885, 109. (Л.Ј.)

## 56. МИРКОВЦИ

**Преку Река**, осамен наод од римското време. Од ова место потекнуваат повеќе споменици од бел мермер, евидентирани од Н. Вулиќ: надгробна стела од која е зачуван делот со латински натпис; дел од релјеф со претстава на Венера и мал крилест гениј; надгробен споменик со релјефно претставена розета, чешел и огледало; горен дел од надгробна стела со розета и претстава на огледало и чекан; и плочест дел со релјефна претстава на воловска глава (букранион) од чија лева страна виси гирланда. Наодите се чуваат во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 566. (Б.Ј.)

**Шуманица**, некропола од доцноантичкото време. Северно од селото, на повеќе места во селските ниви се констатирани остатоци од гробови. Мештаните повеќепати, при обработувањето на земјата, уништувале гробни конструкции од камени плочи. (Д.М.)

## 57. МОРАНИ

**Морани**, осамени наоди од римското време. Во атарот на селото се пронајдени три надгробни плочи со латински натписи. Споменициte се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 440-442. (Л.Ј.)

## 58. МРШЕВЦИ

**Сретсело**, населба од неолитското време. Старото селско јадро Сретсело лежи на издолжена тераса, со површина од околу 3 хектара, која на западната страна е засечена со суводолица, на јужната е отворена кон полето, а на другите две страни е поткрената и поврзана со околните височинки. Всушност, куќите од овој дел на селото се подигнати на теренот од некогашната неолитска населба. Првите информации за нејзиното постоење потекнуваат од мештаните Б. Спасиќ и Д. Спасиќ кои во текот на 1987 година, при копање на темели за новоградби, оддалечени околу 100 m една од друга, откриле интересен керамички материјал. Интервентното заштитно ископување покажало дека се работи за остатоци од населба со два хоризонта на живеење. Во постариот хоризонт се откриени две огништа направени од глина врз подлога од камен и керамички фрагменти, делови од куќен лепеж, голем број фрагменти од керамички садови, култни предмети

Сретсело, с. Мршевци. – Големата мајка, жртвеник од средниот неолит

и орудија од кремен и камен. Временски и културно овие наоди се идентични со наодите од Тумба во Маџари, што кажува дека населбата од овој хоризонт му припаѓа на средниот неолит од културната група Анзабегово-Вршник (II-IV). Керамиката од помладиот хоризонт е разновидна и мошне квалитетна и кај неа се издвојуваат садови со биконусно профилиран стомак, украсувани со канелури и врежување и со држалки во облик на рокче, кршало или петлица. Типолошки е слична со керамиката од Зелениково II, што значи дека овој слој од населбата е од времето на доцниот неолит.
Санев В., 1989, 41. (В.С.)

## 59. НОВО СЕЛО

**Рамниште**, некропола од доцноантичкото време. При обработувањето на земјиштето се пронајдени 5 гроба – тип циста, со скелетно погребување. Еден од гробовите има централна позиција, а конструкцијата му е од монолитни камени плочи и капак херметички поврзан со малтер. Во гробот се откриени една златна фибула, два златни прстена со геми и две златни монети. Другите гробови се со примитивна конструкција од тули, а во нив се најдени неколку керамички садови. Гробовите се датираат во IV век. Наодите се чуваат во Музејот на град Скопје. (Л.Ј.)

**Селиште**, населба од римското време. На левиот брег на Вардар, на блага падина покрај црквата Св. Никола се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Во дворот на црквата се наоѓаат столб, база и римски надгробен споменик со релјефна претстава на петчлено семејство. (Д.М.)

## 60. ОРМАН

**Барица**, населба од неолитското време. На левиот брег на реката Лепенец, на две тераси крај дрвениот мост се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија и куќен лепеж. (Д.М.)

**Коњушница**, населба од железното и раноантичкото време, некропола со мавзолеј од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. На 1 km западно од селото и околу 10 km северозападно од Скопје е откриена еднокорабна базилика со зачувани темелни партии до 1 m височина. На просторот на базиликата и околу неа се откриени траги од населба од железното време. Наодите од раноантичкото време се: столб со натпис посветен на Јупитер и Јунона, како и делови од надгробни споменици. Ископувања се изведени во 1940 година (Р. Грујиќ) и во 1957 и 1983 година (Б. Алексова). Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Грбић М., 1954, 118; Алексова Б., 1983б, 77-84. (В.Л.)

**Св. 40 маченици**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km западно од селото, на јужниот крај на дворот на црквата Св. 40 маченици, уште пред Втората светска војна е откриена мала засводена гробница со ориентација запад-исток. Пробиена е од западната страна и веројатно ограбена уште во минатото.
Лилчиќ В., 1983а, 98. (В.Л.)

## 61. ОРЕШАНИ

**Ограда**, некропола од железното време. Во непосредната близина на селото, А. Грнчаровски, копајќи дупки за садење на овошни насади, пронашол 14 бронзени предмети кои се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Пашиќ Р., 1978, 59-68. (Р.П.)

## 62. ПЕТРОВЕЦ

**Петровец**, осамен наод од римското време. Во атарот на селото е пронајден жртвеник посветен на Јупитер. Споменикот е исчезнат.
Evans A., 1885, 104-108. (Л.Ј.)

Коњушница, с. Орман. – Старохристијанска базилика (Б.А., В.Л.)

## 63. ПОБОЖЈЕ

**Врбиче**, некропола од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, во правецот на селото Љубанци се констатирани остатоци од некропола. При обработувањето на земјата мештаните ваделе камени плочи од гробни конструкции. (Д.М.)

**Гробишта**, некропола од доцноантичкото време. Во центарот на селото, на левиот профил на главната улица, со правец југ-север, се гледаат петнаесетина гроба градени од масивни камени плочи. (Д.М.)

**Зајкино**, осамен наод од римското време. Како дел од конструкцијата на еден доцноантички гроб се пронајдени две надгробни плочи со латински натписи. Спомениците се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Керамидчиев А., 1964а, 144. (Л.Ј.)

## 64. РАДИШАНИ

**Во селото**, осамен наод од римското време. Во бавчата на Н. Ефенди, сега сопственост на Н. Неделковски, била откопана надгробна стела со релјеф и два натписа. Стелата не е зачувана. (Б.Ј.)

**Голем Град (Река)**, осамен наод од римското време. Помеѓу селата Горно и Долно Радишани, недалеку од левиот брег на Радишанска Река е најдена надгробна стела со латински натпис од I век. Стелата е уништена.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 650; Josifovska Dragojevi} В., TIR, 105. (Б.Ј.)

**Катастарска парцела 781**, населба од римското време. При нивелирање на земјиштето, сопственикот Р. Радовановиќ оштетил помал градежен објект. На местото се гледа големо количество градежен материјал и фрагменти од римска садова керамика. Пронајдена е и вотивна мермерна плоча со димензии од 21 x 14 x 2,5 cm и релјефна претстава на т.н. дунавски коњаници. (Л.Ј.)

**Радишко**, некропола од доцноантичкото време. На блага падина јужно од патот Радишани-Кучевиште, во нивата на Ж. Никиќ во 1969 година е откриена гробница – циста, во која биле вградени две надгробни стели со латински натпис. На површината на нивите се среќаваат камени плочи од гробни конструкции. Стелите се чуваат во дворот на семејството Никиќ.
Josifovska Dragojevi} В., 1974, 241; Josifovska Dragojevi} В., 1977, 449; Josifovska Dragojevi} В., TIR, 105. (Б.Ј.)

## 65. РАКОТИНЦИ

**Орловица**, населба од неолитското, бронзеното и железното време. Се наоѓа на 2,5 km југоисточно од селото и на 2 km источно од селото Добри Дол, на плато што се формирало на миоценско седло. На површина од околу 2 хектара се регистрирани многубројни археолошки остатоци од керамика, камен, коска и куќен лепеж. По површината на плитко ораните ниви преовладуваат остатоци од бронзеното и железното време, додека кај подлабоко ораните ниви се забележува конгломерација на наоди од неолитското време.
Микулчиќ И., 1971, 56; Микулчиќ И., 1973а, 32; Пашиќ Р., 1976, 149. (М.Б.)

Орловица, с. Ракотинци. – Поглед на праисториската населба

## 66. РАШТАК

**Чифлик**, населба од доцноантичкото време. На околу 300 m јужно од селото, во нивите на С. Георгиевски, кои зафаќаат простор од 3 хектара, се среќава изобилство од градежен материјал (камен, тули, покривни ќерамиди), но и многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и други наоди од кои голем дел има собрано сопственикот на нивата. За одбележување се неколкуте римски императорски монети. (Д.М.)

## 67. РАШЧЕ

**Врело**, населба од бронзеното време. На 2 km северно од селото, во реонот на каптажите за водовод е откриен целосно зачуван сад – питос кој се чува во Музејот на Македонија во Скопје. (Д.М.)

**Долот**, осамен наод од римското време. Во нивата на Ајрула Ковачи и Абдула Доџа, во непосредната близина на селското училиште е откриен доцноантички гроб конструиран од 5 фрагментирани стели во секундарна употреба. Стелите се со латински натписи и се наоѓаат на местото каде што се пронајдени. (Л.Ј.)

**Кале**, утврдена населба – градиште од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото и 3 km западно од селото Свиларе, на левиот брег на Вардар доминира висок рид на кој има остатоци од пого-

лема утврдена населба. Се гледаат остатоци од бедемот, широк 1,50 m, кој го обградува акрополот со пречник од 70 m. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови и многубројни остатоци од градежен материјал. (Д.М.)

**Пештерка**, населба од римското време. На 700 m јужно од селото, на околу 2 декара обработлива земја се среќаваат фрагменти од керемички садови, стакло и друго. На локалитетот се наоѓа и една обработена плоча со натписно поле на кое се забележуваат остатоци од латинско писмо. (Д.М.)

**Рашче**, осамен наод од доцноантичкото време. На имотот на М. Крамер, Н. Вулиќ евидентирал една мермерна надгробна стела со релјеф и натписно поле во форма на диптих со латински натпис. Стелата се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXV, бр. 215. (Д.М.)

**Црква**, могили од римското време. На североисточниот крај од селото, од обете страни на асфалтниот пат се издигаат две импозантни могили високи околу 10 m. Могилата I е зачувана во целост, а Могилата II е значително оштетена со изградбата на патот, кога биле уништени многубројни гробови – цисти. Во профилот се гледаат камени плочи од гробните конструкции. (Д.М.)

## 68. 'РЖАНИЧИНО

**Шамак**, населба од неолитското време. Источно од селото, покрај стариот пат Скопје-Катланово и источно од фармата на ЗИК „Скопско Поле“, на блага височинка оштетена со поставувањето на трасата на патот, како и со насипувањето на земја за новата траса на автопатот, се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија и друго. (Д.М.)

## 69. РОГЛЕ

**Кука**, градиште – кастел од римското и доцноантичкото време. На 1 km североисточно од селото, на зарамнетиот врв од ридот што доминира над магистралниот пат Скопје-Полог се гледаат остатоци од одбранбен ѕид граден од камен и варов малтер. Ѕидот зафаќа површина од околу 120 x 120 m, а во внатрешноста на градиштето се гледаат темели од големи градби од кои една има мозаичен под (старохристијанска базилика?). По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многуброен градежен материјал.
Микулчиќ И., 1982, 100. (Г.М.)

## 70. СВЕТА ПЕТКА

**Рамниште**, населба и некропола од средниот век. На околу 750 m североисточно од селото се среќаваат остатоци од куќи и грамади од кршен камен. На падините јужно од локалитетот и околу 150 m северно од патот за селото Матка се гледаат остатоци од некропола – големи грубо делкани камени плочи од гробни конструкции.
Лилчиќ В., 1984/85, 195. (В.Л.)

## 71. СЕМЕНИШТЕ

**Семениште**, осамен наод од римското време. Во атарот на селото е пронајдена мермерна плоча со димензии од 28 x 27 x 2 cm, со релјефна претстава на Тракиски коњаник. Споменикот се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 444. (Л.Ј.)

## 72. СКОПЈЕ

**Гологузица**, осамен наод од римското време. Во 1992 година во дворот на Коста Блажевски на улица „Шарпланинска“ бр. 83, при копањето за водоводна инсталација е откриен гроб од типот „етажни“ со кремиран покојник. (Л.Ј.)

**Долно Водно**, осамени наоди од римското време. Во атарот на населбата се пронајдени четири надгробни стели, три со латински и една со грчки натпис. Стелите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 430-432. (Л.Ј.)

**Долно Нерези**, осамен наод од римското време. При пробивањето на каналот меѓу реките Треска и Вардар се откриени два споменика со латински натписи од кои едниот е вотивен и посветен на Деа Сирија.
Josifovska B., 1982, No. 15, 16. (Л.Ј.)

**Жданец**, некропола од раноантичкото време. На источната падина на Градиште во Средно Нерези, на местото каде што се простира дел од современата населба Жданец, во 1971 година е откриено погребување во циста од камени плочи со значајна гробна содржина (накит од сребро, сад од бронза, меч од железо), датирана во првата половина на IV век пред н.е. Во 1990 година, исто така случајно, е откриено уште едно погребување, исклучително ретко според обредниот ритуал. Имено, се работи за жртвено погребување на непознат пајонски кнез заедно со кола, два коњи и двајца кочијаши, извршено на крајот на V или на почетокот на IV век пред н.е.
Соколовска В., Пашиќ Р., 1975; Микулчиќ Г., 1991. (Г.М.)

Скопско Кале. – Поглед на средновековната тврдина

Скопско Кале. – Путир од XII век

Скопско Кале. – Бардак од XII-XIII век

**Жданец,** осамен наод од римското време. Во 1966 година во непосредната близина на населбата е најдена фрагментирана надгробна плоча со латински натпис и со димензии од 107 x 42 x 11 cm. Споменикот се наоѓа во Музејот на град Скопје.
Josifovska B., 1982, No. 130. (Л.Ј.)

**Кале**, утврдена населба од енеолитското, железното, раноантичкото време и средниот век. Се наоѓа во центарот на градот, крај левиот брег на Вардар, на висока тераса со форма на триаголник. Горната страна ѝ е зарамнета, на јужната стрмно паѓа кон коритото на Вардар за околу 45 m, додека североисточната е најниска и затоа тука биле градени најјаки одбранбени бедеми во сите времиња. Трагите од најраното живеење потекнуваат од крајот на енеолитското време. Повторното населување се случило во VII-VI век пред н.е. Оттогаш животот се одвивал континуирано до преминот од IV во V век, кога населбата била напуштена. Кале одново заживува дури во X век како средновековен византиско-словенски град. Обемот на населбата во постарата фаза, опфатена со одбранбените ѕидови, бил околу 2 хектара. Во класичниот период таа е вовлечена на највисоката северна половина и обградена со нови ѕидови градени во нова техника што била прифатена од целиот хеленски свет.

Првите истражувања на населбата се изведени во 1953 година кога биле откриени и најстарите траги (полуземјанки, огништа и печки). Подоцна се вршени истражувања, во 1966 и 1967 година, на повеќе места на теренот, при што се најдени фрагменти од керамички садови од железното време, импортирана сликана керамика, метални предмети, груби садови и трпезна керамика работена на колце. Од реконструкцијата на настаните поврзани со постоењето на градот е констатирано дека за него може да се зборува дури од крајот на X век, од времето на Цар Самоил. Во византиско-словенскиот период (X-XIV век) Скопје претставува крстосница на големите трговски патишта, значајно стратегиско и погранично упориште и едно од поголемите трговски средишта. Градот имал военоуправен дел кој бил издвоен на горниот дел (Горен град) и цивилен дел во долниот дел (Долен град). Во турскиот период и подоцна Горен град служел за стационирање на градскиот гарнизон. Од овој период на Кале има зачувани остатоци од архитектонски објекти и маркантни одбранбени ѕидови, керамички и други ситни наоди. За одбележување е дека во конструкцијата на одбранбените ѕидови од византиското време како градежен материјал биле употребени поголем број фрагментирани и цели надгробни епиграфски споменици што потекнуваат од античкиот град Скупи. При изведувањето на конзерваторските работи на тврдината извесен број од спомениците е изваден и пренесен во Музејот на Македонија во Скопје.
Гоцкова Славска П., 1960; Микулчиќ И., 1982; Josifovska B., 1982, 17, 25-27, 40, 64, 66, 72, 95, 129, 147, 182, 190, 193. (Г.М.)

**Камник**, некропола од римското време. Во непосредната близина на населбата „Ченто“ во 1970 година, при изведувањето на земјените работи за изградбата на „Агросервис“ е извршено и заштитно ископување со кое биле откриени 7 гроба од кои четири со инхумирани и три со кремирани покојници.
Спасовска Димитриоска Г., 1979, 131. (Л.В.)

**Клучка – Хиподром**, некропола од доцнобронзеното време и населба од средниот век. При изградбата на новата траса на автопатот Скопје-Катланово-Велес, од северната страна на клучката што ги издвојува патиштата за Куманово и за Катланово, при копањето на заштитниот канал се најдени гробови со кремирани покојници погребани во урни. Во текот на 1989/90 година е извршено заштитно ископување во загрозениот дел на локалитетот при што се откриени вкупно 11 гроба – урни, а исто така и остатоци од средновековна населба. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Mitrevski D., 1994, 115; Митревски Д., 1995, 1-90. (Д.М.)

**Маркови Кули**, утврдена населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на југоисточниот раб на градот, на една од височинките во источниот крај на планината Водно, со кота 568 m. Со систематските ископувања во 1976 година и подоцна се откриени остатоци од утврдена населба, поточно, одбранбен ѕид со кули и порти. Исто така, во внатрешниот дел на акрополот се откриени темели од повеќе објекти, меѓу нив и две големи цистерни за вода. Наодите се чуваат во Музејот на град Скопје.
Микулчиќ И., Никуљска Н., 1978, 137. (Л.В)

**Околината на Скопје**, средновековно депо на монети. Во 1950 година се откупени 112 бронзени монети – скифати од XI век, најдени во околината на Скопје. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Алексова Б., 1955а, 20. (Б.А.)

**Рокомија**, осамен наод од римското време. Се наоѓа во просторот меѓу Гази Баба, Камник, Кумановски пат и патот што води кон селото Црешево. Со земјоделските работи бил откриен гроб од IV век за чија конструкција се употребени четири надгробни стели со латински натписи. Стелите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Јосифовска Б., 1960, 197. (Л.Ј.)

**Сарај**, осамен наод од римското време. Во 1938 година е најдена надгробна стела од бел мермер со релјефна претстава и латински натпис. Стелата се чува во Музејот на Македонија во Скопје. (Б.Ј.)

Маркови Кули (Водно), Скопје. – Населба од доцноантичкото време (И. М.)

**Скопје**, депо на средновековни монети. Од непознат локалитет во околината на градот потекнуваат 1.700 бакарни скифати од XII-XIII век. Монетите се чуваат во Народниот музеј во Белград. (Ј.К.)

**Скопје**, депо на средновековни монети. Во Музејот на град Скопје се чуваат 392 бакарни монети – скифати од XII-XIII век, најдени во околината на градот. (Ј.К.)

**Стара градска плажа**, осамен наод од римското време. Во коритото на Вардар, недалеку од некогашните кабини на старата градска плажа, во 1966 година е изваден миљоказ со оштетен латински натпис. Миљоказот се чува во Музејот на град Скопје.
Јосифовска Б., 1968, 73. (Б.Ј.)

**Улица „Партизански одреди“**, некропола од римското време. При изградбата на административната зграда на фабриката „Алумина“, во населбата Карпош III, во 1992 година се откриени фрагментиран саркофаг и надгробен споменик од типот ципус, со сите архитектонски елементи. Направена е реконструкција на местото на пронаоѓањето.
Каламагдевска Михаилова Д., Лилчиќ В., 1993, 151. (Л.Ј.)

**Улица „Партизански одреди“ – Блок VI**, некропола од римското време. Во 1969 година, при изградбата на станбени блокови, крај самата улицата е откриен дел од помала некропола, датирана во II-III век. Освен еден целосно зачуван гроб – циста, граден од тули, и една оловна урна, откриени се три саркофази и два надгробни споменика – ципуси (камени квадери) со сите архитектонски елементи и украсни шишарки. Спомениците се наоѓаат во Музејот на град Скопје.
Спасовска Димитриоска Г., 1991, 221. (Л.Ј.)

**Улица „Партизански одреди“ – Јурија**, некропола од римското време. Крај улицата, во населбата Тафталиџе, во 1964 година, при поставување на инсталации за станбена барака е пронајден еден надгробен ципус со сите архитектонски елементи. Споменикот е со латински натпис и веројатно припаѓал на истата некропола како и претходните, бидејќи се фамилијарно поврзани. Споменикот е исчезнат. (Л.Ј.)

Улица „Партизански одреди“. – Надгробен споменик од римското време

**Улица „Партизански одреди“ – Трговски центар**, некропола од римското време. При градењето на трговскиот центар Карпош III, во 1989 година е пронајдена надгробна стела со латински натпис. Во полукружниот фронтон над натписното поле се наоѓа релјефна претстава на машка биста. Спомеником се чува во Музејот на град Скопје.
Јосифовска Драгојевиќ Б., Melanges Daux., 1964, 185. (Л.Ј.)

**Улица „Прохор Пчински“**, депо на средновековни монети. При копањето на темели за куќата под бр. 8 на улицата „Прохор Пчински“, на длабочина од 2 m било најдено керамичко сатче со 20 сребрени монети. Археолошкиот музеј прибрал четири монети од венецијански владетели, а останатите биле растурени меѓу работниците.
Алексова Б., 1955а, 19. (Б.А.)

**Улица 809**, некропола од римското време. При изведување на градежни работи во населбата Тафталиџе, на улица 809, бр. 135 е откриен надгробен споменик – ципус од бело-сив мермер, со латински натпис и со димензии од 124 x 60 x 50 cm. Спомеником се наоѓа во Музејот на Македонија во Скопје.
Керамидчиев А., 1966а, 63. (Л.Ј.)

**Улица 1462**, осамен наод од римското време. Во 1970 година, при изведувањето на земјени работи при градбата на станбена зграда е откриен саркофаг со латински натпис на предната страна.
Спасовска Г., 1973, 273. (Л.Ј.)

**Уши**, некропола од доцноантичкото време. На 350 m северно од училиштето во населбата Пинтија, во дворот на Глигор Глигоров, на длабочина од 0,80 m при копањето на темели за куќа се откриени гробови од камени плочи и тегули. Во 1994 година Музејот на град Скопје изврши интервентно ископување на два гроба. (К.Р.)

**Ф-ка „Газела“**, патоказ од римското време. Во 1986 година, при копање на темели за изградба на административната зграда во комплексот на фабриката е пронајден римски патоказ. Изработен е од варовник, а има латински натпис и височина од 180 cm. Се чува во Музејот на град Скопје. (Л.Ј.)

## 73. СОПИШТЕ

**Кукловец**, некропола од римското време. На периферијата на селото, крај патот за Скопје, при изградбата на задружните штали (во 1949 година) се откриени повеќе гробни конструкции од камени плочи – тип циста. Најдени се и три надгробни стели со латински натписи кои се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Грбић М., 1954, 117; Јосифовска Б., 1954а, 196. (Б.Ј.)

## 74. СРЕДНО КОЊАРЕ

**Пржали**, населба од римското време. На 5 km источно од селото, во нивата на Шефкија Бишевац се среќаваат остатоци од градежен материјал, обработени камени блокови и фрагменти од керамички садови и питоси. (Д.М.)

**Средно Коњаре**, осамени наоди од римското време. Во атарот на селото се откриени четири надгробни споменика од кои три со латински и еден со грчки натпис. Три од спомениците се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје, а еден е исчезнат.
Вулић Н., Сп. XCVII, бр. 446-489. (Л.Ј.)

## 75. СРЕДНО НЕРЕЗИ

**Градиште**, градиште – опидум од раноантичкото време. Во непосредната близина на јужната периферија на селото, на површина од околу 3 хектара, опфатена со бедем, се среќаваат голем број фрагменти од керамички садови. Со ископувањата во 1953, 1956 и 1957 година е откриен драгоцен археолошки материјал. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Микулчиќ И., 1982, 29; Пашиќ Р., 1989а, 91. (Г.М.)

**Круша**, населба од бронзеното време и некропола од железното и римското време. Во подножјето на една височинка, при изведување на градежни работи – пробивање на пат до скривниците, е откриена населба од бронзеното време и некропола со гробови од железното и римското време. Во 1994 година Музејот на град Скопје изврши интервентни археолошки ископувања при што се откриени јами, гроб - питос со слободно погребување и гробови со етажна конструкција. (К.Р.)

## 76. СТАЈКОВЦИ

**Тумба – Круша**, населба од неолитското и римското време. Помеѓу селата Стајковци и Синѓелиќ, во Поповско маало се наоѓаат нивите на С. Младеновски каде што има развлечена и слабо забележлива тумба која зафаќа простор од околу 2 хектара. По површината се среќаваат многубројни археолошки наоди, како: фрагменти од керамички садови, кремени и камени орудија, куќен лепеж, а поретко се среќаваат и фрагменти од римска керамика. Површинските наоди се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Д.М.)

## 77. СТУДЕНИЧАНИ

**Исар – Кале**, градиште – опидум од раноантичкото време. На 1 km североисточно од селото и на 1 km северозападно од Морани, на висока тераса се најдени остатоци од бедем. Акрополот, кој е ограден

со ѕид, има неправилна форма и димензии од 150 x 100 m. Со сондажните ископувања во 1953 година се откриени археолошки предмети од коска, камен и метал и многубројни фрагменти од керамички садови. Наодите се чуваат во Музејот на град Скопје.
Микулчиќ И., 1982, 32-34. (Г.М.)

## 78. ТАОР

**Градиште**, градиште од раноантичкото, римското и доцноантичкото време. На 20 km југоисточно од центарот на Скопје, на левиот брег на Вардар се наоѓа селото Таор. Веднаш над селото, од североисточната страна се издига ритчето Градиште на кое, на површина од 2,2 хектара, е сместен антички кастел. Граден е плански и со масивни фортификациски елементи: земјено-камени насипи, бедеми, подѕидани ешарпи и предѕидини. Околу северното, северозападното, западното и југозападното подножје на градиштето лежи огромна античка некропола чии остатоци зборуваат за живот во распон од IV век пред н. е. до VI век. На локалитетот има остатоци од мермерни архитектонски елементи, камени столбови, делови од римски надгробни стели, остатоци од водоводна инсталација, ѕидан базен, керамички тубулуси, тегули од коринтски тип, парчиња згура, монети од Константин I, Теодосиј I и Јустин II. Најдоцен наод е една лачна фибула од византиско-словенски тип. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Mikul~i} I., TIR, 123; Микулчиќ И., 1982; Микулчиќ Г., 1987, 190. (Г.М.)

Градиште, с. Таор. – Населба од античкото време (И.М.)

**Св. Илија**, осамен наод од римското време. Во северозападното подножје на градиштето се наоѓа црквата Св. Илија, околу која се пронајдени повеќе делови од римски споменици. Спомениците се на местото на наоѓањето.
Evans A., 1885, 142-145. (Л.Ј.)

### 79. ЌОЈЛИЈА

**Русалија**, некропола од римското време. На 1 km северно од локалитетот Селиште, при обработувањето на земјата, во 1974 година се откриени повеќе гробови од масивни камени плочи. (Д.М.)

**Селиште**, населба од римското време. Во непосредната близина на воените објекти, во лозјата, на простор од околу 30 x 40 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Д.М.)

### 80. УСЈЕ

**Крст**, депо на средновековни монети. Во непосредната близина на селската црква Св. Атанас во куќата на Љ. Тодоровски, на улица „Првомајска" бр. 26, при копањето на подрумски простории е пронајдено депо на сребрени средновековни монети кое содржи 96 примероци (86 српски од Урош I и 12 венецијански од XIV век) и две масивни сребрени обетки со три јаготки. Наодот се чува во Музејот на град Скопје. (Л.Ј.)

**Црква Св. Атанас**, осамен наод од римското време. До 1954 година една надгробна база од бел мермер и со латински натпис се користела во црквата како чесна трпеза. Не се знае од каде потекнува ниту кога е однесена од црквата. Се чува во лапидариумот на Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 450. (Б.Ј.)

### 81. ЦРЕШЕВО

**Крши Дол**, некропола од римското време. На стотина метри од православните гробишта, на повеќе наврати мештаните ваделе камени плочи од гробни конструкции и делови од надгробни споменици со латински натписи. (Д.М.)

**Селиште**, осамен наод од римското време. Во 1961 година во нивата на П. Јаневски е откриен жртвеник со латински натпис, посветен на божествата Јупитер и Јунона. Споменикот се чува во Музејот на Македонија во Скопје.
Керамидчиев А., 1966а, 63. (Л.Ј.)

**Смиљковце**, населба од римското време. Под селото, во маалото Смиљковце, при орањето на своите ниви Б. Трајковски открил темели од објекти градени од камен со варов малтер. По површината се среќаваат градежен материјал и фрагменти од керамички садови. (Д.М.)

### 82. ЦРНИ ВРВ

**Кале**, градиште – кастел и рефугиум од доцноантичкото време. На 2 km југоисточно од селото, високо во масивот Караџица, на зарамнет врв кој зафаќа површина од 60 x 300 m, на кота од 1800 m се гледаат зачувани остатоци од темели на одбранбен бедем, а во внатрешноста на градиштето темели од објекти и многуброен градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 37; Микулчиќ И., 1982, 107. (Г.М.)

### 83. ЧУЧЕР

**Давина – Маркова Кула**, кастел – градиште од римското и доцноантичкото време. На 3 km југозападно од Чучер, на јужниот крај на Качаничка Клисура, 320 m високо над реката Лепенец и магистралниот пат Скопје-Качаник, на врв зарамнет во долги тераси било подигнато доцноантичко градиште. На највисоката кота е акрополот со двоен појас на одбранбени ѕидови градени од камен и варов малтер. Во внатрешноста има одлично зачувани остатоци од старохристијанска базилика и десетина други објекти. Северно од акрополот се протега јадрото на градот опфатено со два појаса на ѕидови со кули. Во центарот има квадратен форум со многу јавни и приватни градби околу него. На северното чело на надворешниот бедем има голема порта, а целиот простор во ѕидините изнесува околу 8,5 хектара. Северно од градиштето лежи некрополата.
Mikul~i} I., TIR, 37; Микулчиќ И., 1981, 101-106; Микулчиќ И., 1982, 107; Микулчиќ Г., 1987, 190. (Г.М.)

**Маркова Кула**, некропола од римското време. Северно од градиштето се наоѓа некропола во која, во 1931 година, во еден случајно откопан гроб се пронајдени три надгробни плочи во секундарна употреба. Спомениците се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 580-582. (Л.Ј.)

# XXVII. СТРУГА


1. Безово ........ 389
2. Биџово ........ 389
3. Богојци ........ 389
4. Бороец ........ 389
5. Брчево ........ 389
6. Буринец ........ 389
7. Вевчани ........ 390
8. Враништа ........ 390
9. Горно Татеши ........ 390

10. Делогожда .......... 391
11. Добовјани .......... 393
12. Долна Белица .......... 393
13. Долно Татеши .......... 393
14. Драслајца .......... 393
15. Дренок .......... 393
16. Заграчани .......... 393
17. Збажди .......... 393
18. Јабланица .......... 394
19. Калишта .......... 394
20. Корошишта .......... 394
21. Лабуништа .......... 395
22. Ливада .......... 395
23. Локов .......... 395
24. Луково .......... 395
25. Мали Влај .......... 395
26. Мислешево .......... 395
27. Мислодежда .......... 396
28. Модрич .......... 396
29. Мороишта .......... 396
30. Нерези .......... 396
31. Ново Село .......... 396
32. Октиси .......... 396
33. Пискупштина .......... 397
34. Подгорци .......... 397
35. Присовјани .......... 397
36. Радожда .......... 398
37. Радолишта .......... 398
38. ’Ржаново .......... 398
39. Селци .......... 399
40. Струга .......... 399
41. Ташмаруништа .......... 399
42. Франгово .......... 400
43. Шум .......... 400

## 1. БЕЗОВО

**Св. Димитрија**, сакрална градба од доцноантичкото време. Селската црква, според кажувањето на Петре Велјановски, била изградена врз темелите од постара – соборна црква. По површината на теренот се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

## 2. БИЦОВО

**Гробишта**, средновековна некропола. На 3 km североисточно од селото, во рамнината, на простор од околу 100 x 50 m, при обработувањето на земјата Русе Кољоски открил повеќе гробови градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

## 3. Богојци

**Гробишта**, некропола од доцниот среден век. Источно од селото, од десната страна на патот за Брчевци, на простор од 40 x 40 m се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Црква**, сакрален објект и некропола од средниот век. На јужната страна од селото, во дворот на основното училиште, при нивелацијата на дворот бил откриен и уништен сакрален објект околу кој имало и повеќе гробови. Локалитетот има извонредна местоположба која доминира над околината. (Е.П., Ц.К.)

## 4. бороец

**Бигор**, некропола од доцниот среден век. На 3 km северно од селото, на околу 500 m од левата страна на патот Струга-Дебар се среќаваат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Градиште**, средновековно градиште. На 1 km североисточно од селото, на висок рид со доминантна местоположба, по површината се среќаваат грамади од градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Манастириште**, сакрален објект од доцниот среден век. Северозападно од селото и од локалитетот Црквиште, на простор обраснат со бујна вегетација се гледаат грамади од градежен материјал. Врз основа на топонимот и грамадите се претпоставува дека на ова место имало сакрален објект. (Е.П., Ц.К.)

**Мартини Села**, средновековна населба. Во непосредната близина на селото, според кажувањето на мештаните, било лоцирано старото село. (Е.П., Ц.К.)

**Црквиште**, сакрален објект од доцниот среден век. На околу 2 km северозападно од селото има зачувани темели на црква со ориентација исток-запад и димензии од 6 x 3 m. Во непосредната близина се наоѓа денешната мала капела што е подигната врз темелите од постара градба. Локалитетот е обраснат со дабова шума. (Е.П., Ц.К.)

## 5. БРЧЕВО

**Беговиште**, средновековна населба. На околу 300 m северозападно од селото се гледаат темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

## 6. буринец

**Бурлица**, населба од доцниот среден век. На околу 5-6 km западно од селото се гледаат големи грамади од камења, остатоци од некогашното село. (Е.П., Ц.К.)

**Црквиште**, сакрален објект од средниот век. На околу 8 km западно од селото, покрај патот Струга-

Дебар и во непосредната близина на ХЦ „Глобочица“, при изградбата на вилата на ХЦ биле откриени темели од мала средновековна црква. (Е.П., Ц.К.)

## 7. вевЧани

**Бели Брег**, осамен објект од средниот век. На околу 1–1,5 km северно од селото, при проширувањето на патот биле откриени и уништени три фурни ѕидани од тули. (Е.П., Ц.К.)

**Бојкоска Браненица**, населба од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, на височинка со зарамнето плато мештаните откриле водоводни цевки и бунар. (Е.П., Ц.К.)

**Исмаилова Црква**, населба и некропола од доцноантичкото време. На југозападниот раб на селото, на простор од 200 x 250 m, од обете страни на патот за селата Долна Белица-Велешта, во нивата на Исмаил Ани се откриени темели од објекти. Според кажувањето на Јован Неделков од Долна Белица, при обработувањето на нивата, на длабочина од околу 80 cm се откриени мозаик и повеќе гробови. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Плешец**, населба од неолитското и железното време. На 10 km северно од Струга, на раскрсницата покрај асфалтниот пат за Дебар, каде што се дели патот за селото Лабуништа, на простор што зафаќа површина од 2 хектара посаден со лозови насади се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија.
Пашиќ Р., 1957, 116. (Е.П., Ц.К.)

## 8. ВРАНИШТА

**Горна Црква**, некропола од римското време. На 1 km северозападно од селото, на простор од 50 x 50 m обраснат со грмушки, според кажувањето на Драган Јанчески, биле откриени неколку гробови градени од тегули – „на две води“, а имало и гробови ѕидани од камен. Во гробовите биле најдени керамички садови и лакримариуми. (Е.П., Ц.К.)

**Долно Ливаѓе**, населба од неолитското време. На околу 150-200 m источно од селото, на простор од околу 200 x 200 m по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и коскени орудија, како и рачни мелници. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Струга. (Е.П., Ц.К.)

**Коритниче**, населба од римското време. На околу 1 km западно од селото, по површината на нивите има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Кралој Загони**, населба од неолитското време. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија.
Пашиќ Р., 1957, 115. (Е.П., Ц.К.)

**Ливатче**, населба од неолитското и бронзеното време. На околу 500 m југоисточно од селото, на плато што се наоѓа повисоко од старото корито на Црни Дрим, на простор од 60 x 30 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и кремени орудија. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Атанасија**, црква и гробишта од доцниот среден век. На околу 1 km западно од селото, на педесетина метри од стариот пат Струга-Дебар се гледаат темели од поголем сакрален објект. При обработувањето на земјата мештаните откриле ѕидови градени од кршен камен и варов малтер. Во непосредната близина се откриени камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Богородица**, средновековен сакрален објект. Во дворот на црквата Св. Богородица се откриени остатоци од средновековна црква. Истражувања се вршени од страна на Музејот на Македонија, под раководство на проф. Димче Коцо. (Е.П., Ц.К.)

**Црквени Ливади**, населба од неолитското и енеолитското време. Кај утоката на реката Шум во Црни Дрим, на левиот брег, при проширувањето на коритото на реката Шум е откриена населба со наколни живеалишта. Во текот на 1979/80 година се вршени археолошки ископувања од страна на Музејот на Македонија. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија и во Народниот музеј во Струга.
Пашиќ Р., 1957. (Е.П., Ц.К.)

**Шумски Ливади**, населба од неолитското и енеолитското време. На 2 km јужно од селото, покрај старото корито на реката Шум, во расадникот со јаболка на „Струшко Поле“ се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени и коскени орудија. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Струга и во Заводот и музеј во Охрид. (Е.П., Ц.К.)

## 9. ГОРНО ТАТЕШИ

**Бегова Нива – Ќеле**, населба од доцноантичкото време. На околу 600 m северозападно од селото, на простор од околу 150 x 100 m, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од тегули, имбрекси, питоси и друг градежен материјал. Според кажувањата на мештаните, при обработувањето на земјата се наидувало на остатоци од темели на објекти. (Е.П., Ц.К.)

**Горна Ливада**, некропола од доцниот среден век. На 1 km североисточно од селото, во нивите на Насуф и Шукри Брао, кои се на мало зарамнето плато, се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Кале**, утврдување од римското време. На околу 2-3 km северозападно од селото има висок рид со извонредна местоположба кој доминира над целата околина, на надморска височина од околу 1.000 m. На зарамнетото плато, кое зафаќа површина од 40 x 60 m, се гледаат темели од бедеми, а по површината се среќава множество градежен материјал. Откриени се и неколку базени за собирање на дождовница. На овој простор, пред Втората светска војна, Мемед Муса од селото Добовјани нашол сребрена монета (веројатно тетрадрахма). Тоа укажува на можноста калето да егзистирало уште од I век пред н.е. па сè до доцната антика, што може да се заклучи од многу големиот број фрагменти од керамички садови, питоси и друг археолошки материјал присутен на површината.
Битракова Грозданова В., 1988а, 39. (Е.П., Ц.К.)

**Петкова Нива**, населба од доцноантичкото време. На околу 800 m северозападно од селото, во нивата на Таир Аџи, која зафаќа површина од околу 200 $m^2$, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Црква**, неселба од доцноантичкото време. На 1.500 m северно од селото, во нивите на Таир Аџи и Абдураман Стефер се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. При обработувањето на земјата се откриени темели од објекти градени од кршен камен и варов малтер. Локалитетот се простира на површина од околу 200 x 100 m и се наоѓа на една повисока тераса со зарамнето плато која доминира над околниот терен. (Е.П., Ц.К.)

**Штрати**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 500 m јужно од училиштето, во нивите на Али Зија, Шаип и Незми Тела, на простор од 200 x 100 m. Според информацијата добиена од Ристо Таневски од Народниот музеј во Струга, од овој локалитет потекнуваат мермерна база од столб и профилиран камен кои се наоѓаат во селските гробишта. (Е.П., Ц.К.)

## 10. делогоЖда

**Во дворот на Фејзо Кемо**, пат од римското време. При изградбата на станбената куќа, Фејзо Кемо открил калдрма од стар пат. (Е.П., Ц.К.)

**Градиште – Кале**, населба со утврдување од железното, хеленистичкото и римското време. На 3 km североисточно од селото и на 1 km северно од некрополата кај Делогожда – Св. Илија, на висок рид, во неколку нивоа се протега утврдување. Утврдувањето е проширувано со одбранбени ѕидови од кршен камен изведени во сувоѕидица на терасите што се спуштаат кон југ. На источната страна од највисоката тераса се следи ѕид изграден од камен и малтер. Сондажни истражувања се вршени во 1980 година од В. Битракова Грозданова. Откриена е хеленистичка и римска керамика. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Струга.
Битракова Грозданова В., 1988а, 38-40. (В.Б.Г.)

Градиште – Кале, с. Делогожда. – Населба од железното до римското време

**Падарница**, населба од хеленистичкото и римското време. Во нивите кои се во непосредната близина на локалитетот Св. Илија, од неговата северозападна страна, се среќаваат фрагменти од керамички садови, а според наводите на В. Лахтов од рекогносцирањата извршени во 1956 година, биле видливи темели од објекти. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Илија**, некропола од архајското, хеленистичкото, римското време и средниот век. На околу 1 km од центарот на селото, на патот Дологожда-Џепин, на падините под делогожданското градиште е откриена некропола во триесеттите години на веков, кога биле извршени нестручни ископувања. Систематски ископувања со прекин се водат од 1979 до 1990 година од страна на Народниот музеј во Струга, под раководство на В. Битракова Грозданова. Откриени се 102 гроба, од кои најстарите беа пос-

Св. Илија, с. Делогожда. – Поглед на античката некропола

.

Св. Илија, с. Делогожда. – Гробна целост од III век пред н.е.

Св. Илија, с. Делогожда. – Стаклена чаша од II век пред н.е.

тавени под тумул, а подоцнежните во него или околу него. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Струга.

Вулиќ Н., Сп. XCVIII, 231-234, бр. 461-464; Битракова Грозданова В., 1980, 63-68; Битракова Грозданова В., 1987, 41-44, 66-76; Битракова Грозданова В., 1989г, 87-88; Битракова Грозданова В., 1989, 87-88; Bitrakova Grozdanova V., 1990, 66-70; Bitrakova Grozdanova V., 1993, 167-177. (В.Б.Г.)

**Црско – Црква**, средновековен сакрален објект. На околу 200 m под локалитетот Кале, во северозападен правец се гледаат остатоци од сакрален објект обраснат со дабова шума. (Е.П., Ц.К.)

**Чинар – Џамија**, средновековна црква и некропола. На околу 100 m северозападно од училиштето, а во непосредната близина на џамијата, според кажувањето на мештаните, биле откриени камени плочи од гробни конструкции. Исто така и џамијата била изградена врз темели од постара црква. (Е.П., Ц.К.)

## 11. ДОБОВЈАНИ

**Аниште**, црква од старохристијанското време.
Mikul~i} I., TIR, 38. (Д.Г.)

**Плачи Круша**, населба и некропола од хеленистичкото и римското време. На десниот брег на реката Црни Дрим се наоѓа населбата, а на нискиот брег северно, на 800 m од селото се откриени римски гробови – тип „на две води“, како и капак од мал римски саркофаг, кој денес се чува во Музејот во Охрид. Ископувањата се изведени во 1994 година од В. Битракова Грозданова.
Битракова Грозданова В., 1981, 115. (В.Б.Г.)

## 12. ДОЛНА БЕЛИЦА

**Арангел**, средновековна црква и некропола. На околу 1 km југоисточно од селото, покрај патот што води до Струга се гледаат урнатини од црква посветена на св. Арангел. Околу црквата се констатирани камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Краста**, населба од железното време. На околу 400 m западно од селото, на мала зарамнета површина се среќаваат грамади од камен со различна големина. На површината се гледаат фрагменти од керамички садови, а бил најден и врв од железно копје.
Вулић Н., Сп. LXXVIII, 100. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Петка**, средновековна црква. На околу 1 km западно од селото, на границата со атарите на селата Октиси и Долна Белица е изградена црквата Св. Петка врз темелите од постара црква. Околу неа се гледаат гробни конструкции градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

## 13. ДОЛНО ТАТЕШИ

**Црква**, средновековна црква. На околу 1 km југоисточно од селото се гледаат остатоци од објект со ориентација исток-запад, обраснат со многу грмушки и дрвја. (Е.П., Ц.К.)

## 14. ДРАСЛАЈЦА

**Драслајца**, осамен наод од римското време. Од атарот на селото потекнува еден горен дел од надгробен споменик од мермер.
Вулић Н., Сп. XCVIII, бр. 465. (Е.П., Ц.К.)

## 15. ДРЕНОК

**Манастирец**, сакрален комплекс од доцниот среден век. На околу 1,5 km западно од патот Дебар-Струга, на пространа тераса со површина од околу 3-4 хектара се среќаваат грамади од кршен камен, тули, покривни ќерамиди, а се гледаат и темели од објекти. Во непосредната близина на локалитетот се наоѓаат остатоци од пат пробиен во карпа. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Спас**, средновековна црква. На десната страна од патот Дебар-Струга, на рид со стрмни страни се гледаат остатоци од мала црква. (Е.П., Ц.К.)

## 16. ЗАГРАЧАНИ

**Бабуш**, населба од доцноантичкото време. На околу 800 m североисточно од селото, по површините на нивите на Ирфан Цама, Асани Ризван и Мемеди Адем се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Во селото**, населба од доцноантичкото време. На источниот крај од селото, на мала височинка што зафаќа простор од 80 x 40 m, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. Наодите се чуваат кај Илија Аџиевски, скулптор од Скопје. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Спас**, сакрален објект од доцниот среден век. Се наоѓа на околу 1,5 km северозападно од селото. Според кажувањата, на ова место постоела црква, на што укажува и самиот топоним. (Е.П., Ц.К.)

## 17. ЗБАЖДИ

**Добра Вода – Бела Вода**, топилница од средниот век. Северно од селото, на границата на атарот со селото ’Ржаново, по површината на нивите се среќава згура од топена железна руда. (Е.П., Ц.К.)

**Црквиште – Манастирец**, средновековен сакрален објект. На околу 2,5-3 km западно од селото, на едно високо плато на падините на Закамен се гледаат грамади од кршен камен и друг градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

## 18. ЈАБЛАНИЦА

**Кале**, утврдување од римското време. Североисточно од селото, а југозападно од селото Безово, на висок рид што доминира над околниот терен, на површина од околу 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Видливи се и остатоци од бедем граден од кршен камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината се забележуваат темели од повеќе градби.
Mikul~i} I., TIR, 65; Лахтов В., 1961, 56. (Е.П., Ц.К.)

## 19. КАЛИШТА

**Калишта**, населба од енеолитското време. Според кажувањата на Илија Танаскоски, на просторот помеѓу Струга и Калишта, во езерото, на длабочина од 3-4 m рибарите наидувале на колци од наколни живеалишта, а биле најдени харпуни од коска и камени орудија. (Е.П., Ц.К.)

**Краста**, утврдување од римското време. Според кажувањата на Илија Атанасоски, јужно од селото, на висок рид без вегетација имало остатоци од ѕидови, грамади од кршен камен и фрагменти од керамички садови и питоси. Од овој локалитет потекнува и торзо на статуа на Артемида, која сега се чува кај Илија Танаскоски од Калишта.
Соколовска В., 1987, 180; Битракова Грозданова В., 1988a, 41. (Е.П., Ц.К.)

Краста, с. Калишта. – Торзо на Артемида од римското време

**Лозја – Бузелица**, осамен објект од доцноантичкото време. На западната страна од селото, во нивата на И. Танаскоски, при обработувањето на земјата бил откриен под од тули. (Е.П., Ц.К.)

**Манастир Св. Богородица**, осамен наод од римското време. Во олтарниот простор на црквата како чесна трпеза е поставена ара од бел мермер со грчки натпис.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 583. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Никола**, средновековна црква и некропола. На околу 500-800 m јужно од селото е откриена еднокорабна црква, а околу неа гробови градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

## 20. КОРОШИШТА

**Герамидница**, населба од доцноантичкото време. На границата меѓу атарите на селата Џепин и Корошишта, западно од џамијата во Џепин, на простор од околу 100 x 50 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и многу градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Главина**, средновековна црква и некропола. При копањето на темелите на училиштето „Екрем Јакупи“ биле откриени ѕидови од црква, а во непосредната близина и гробови градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

**Гробишта – Чифлик**, населба и некропола од доцноантичкото време. На околу 500-800 m од селото, под поранешниот каменолом, на падина обрасната со густи грмушки биле откриени 4 засводени гробници, во кои имало керамички садови и друг археолошки материјал. Во околните ниви, при обработувањето на земјата мештаните наидувале на темели од објекти. Денес на површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и градежен материјал. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид. (Е.П., Ц.К.)

**Кале**, утврдена населба од железното и доцноантичкото време и средниот век. На околу 1,5 km североисточно од селото, на два седелести гребена кои стрмно се спуштаат кон полето, наместа се зачувани остатоци од ѕидови. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и многу градежен материјал. Спорадично се среќаваат и фрагменти од керамички садови од железното време.
Лахтов В., 1957, 81. (Е.П., Ц.К.)

**Латинска Црква**, сакрален објект од доцноантичкото време. На околу 1 km јужно од селото се гледаат темели од објект, а по површината се среќаваат фрагменти од мермерна пластика. (Е.П., Ц.К.)

**Расница**, населба од доцноантичкото време. Јужно од локалитетите Чифлик и Латинска Црква, по површината на нивите има фрагменти од керамички садови и питоси, а според кажувањата на мештаните, при обработувањето на земјата се наидувало на темели од објекти. (Е.П., Ц.К.)

**Шаркуецка**, средновековна црква и некропола. На околу 500 m источно од селото се забележуваат остатоци од темели на објект, а во неговата непосредна близина и камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Шекеими**, средновековна црква. На северната страна на селото, на едно не многу високо плато се забележуваат остатоци од ѕидови на црква. Наоколу се среќаваат фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

## 21. ЛАБУНИШТА

**Градиште – Кале**, средновековно утврдување. На околу 3 km северно од селото, на левата страна од патот Струга-Дебар, на висок рид со зарамнето плато се гледаат грамади од кршен камен. Бедемот не е зачуван. (Е.П., Ц.К.)

## 22. ЛИВАДА

**Калдрма**, некропола од римското време. На околу 500 m северно од селото, по површината на нивата на Хаџи Амза се наоѓаат фрагменти од тегули и имбрекси. Според наводите на В. Лахтов и Н. Вулиќ, пред војната биле откриени две засводени гробници со подни мозаици.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 588; Лилчиќ В., 1987, 148. (Е.П., Ц.К.)

## 23. ЛОКОВ

**Закамен**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 7-8 km јужно од селото, на блага падина што се спушта кон Голема Река, од чија источна страна се месностите Црквиште и Јанко Ливада, а од западната ридиштата Круша и Рениште. Според кажувањето на Димо Танчески, по површината имало грамади од кршен камен, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Красје**, средновековна населба. На околу 1,5-2 km северозападно од селото, по површината на нивите се среќаваат грамади од камења и покривни ќерамиди, а се гледаат и темели од објекти. (Е.П., Ц.К.)

**Манастирец**, средновековен сакрален комплекс. На околу 5 km северозападно од селото и на околу 100 m источно од месноста Русинец се гледаат темели од црква. Во 1935/36 година во апсидалниот дел на црквата е изградена мала капела која исто така е во урнатини. (Е.П., Ц.К.)

## 24. ЛУКОВО

**Латинска Црква**, средновековна црква и некропола. На околу 3 km северозападно од селото, на блага падина која мештаните ја викаат Орео се наоѓале темели од црква околу која имало гробови (податоци добиени од мештаните). (Е.П., Ц.К.)

**Орео**, населба од бронзеното, железното и римското време. На околу 3 km северозападно од селото, на блага падина која зафаќа простор од околу 2 хектара, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многуброен градежен материјал со различна временска и културна припадност. (Е.П., Ц.К.)

## 25. МАЛИ ВЛАЈ

**Градиште**, утврдена населба од средниот век. На 3,5-4 km западно од селото, на висок рид со исклучително доминантна положба над околината се гледаат грамади од кршен камен, а според кажувањето на Србин Трајкоски, имало и базени – цистерни за вода. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Илија**, црква од доцниот среден век. На околу 1 km јужно од селото и на околу 200 m западно од репетиторот Мали Влај се гледаат темели од црква со димензии од 8 x 4 m. Локалитетот е обраснат со дабова шума. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Недела**, средновековна црква. Во непосредната близина на репетиторот, според кажувањето на Србин Трајкоски, биле откриени темели од црква. (Е.П., Ц.К.)

## 26. МИСЛЕШЕВО

**Пречиста**, средновековна црква и некропола. Североисточно од училиштето и во непосредната близина на локалитетот Св. Климент се зачувани темели од еднокорабна црква, а околу неа се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Климент**, средновековна црква и некропола. На околу 1 km североисточно од училиштето е откриена еднокорабна црква со димензии од 10 x 4,5 m, која е делумно зачувана во темелите, додека апсидалниот дел е зачуван во висина од 1,5 m. Околу црквата се среќаваат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

## 27. МИСЛОДЕЖДА

**Долна Црква**, некропола од доцниот среден век. На околу 2-3 km северозападно од селото се гледаат камени плочи од гробни конструкции. Според топонимот, би требало да се очекуваат и остатоци од сакрален објект кој не е констатиран. (Е.П., Ц.К.)

**Сред село**, некропола од доцноантичкото време. На околу 30-40 m југозападно од џамијата, на местото каде што е подигнат Задружниот дом, при нивелирање на теренот биле откриени повеќе гробови со гробни прилози. Според кажувањето на Асим Хоџоски, во гробовите имало прстени и други украсни предмети кои не се зачувани. (Е.П., Ц.К.)

**Црква**, средновековна црква и некропола. На околу 3 km североисточно од селото, на висок рид обраснат со грмушки и дабова шума се гледаат урнатини од еднокорабна црква со димензии од 10 x 5 m. Околу црквата се забележуваат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

## 28. МОДРИЧ

**Градиште**, утврдена населба со подградие од доцноантичкото време и средновековна населба со некропола. Се наоѓа на околу 2 km североисточно од селото, од левата страна на патот Струга-Дебар, на голем простор кој зафаќа површина од 800-1000 m во правецот исток-запад и околу 2 km во правецот север-југ. На северната страна се наоѓа месноста Долни Калец каде што се забележуваат грамади од кршен камен, а на една мала височинка се гледаат остатоци од урнатини на објект – кула. На северозападниот дел од локалитетот се наоѓа месноста Горни Калец, каде се забележува речиси идентична ситуација како и кај Долни Калец. Градиштето е лоцирано на висок рид со доминантна местоположба и има зарамнето плато со димензии од 15 x 15 m. И овде по површината се гледаат грамади од кршен камен и една просторија ѕидана од кршен камен и варов малтер, а се среќаваат и фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друго. Во непосредната близина на градиштето се наоѓаат месноста Св. Архангели и пештерата Светени. Во селската црква поп Милан чува повеќе гробни прилози откриени во гробови кои се наоѓале во склопот на гореспоменатите локалитети. Гробните прилози се датираат во XII век.
Mikul~i} I., TIR, 86, 87. (Е.П., Ц.К.)

## 29. МОРОИШТА

**На Гробишта**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селското училиште се откриени гробови градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Спас**, средновековна црква и некропола. На околу 1 km источно од селото се откриени темели од еднокорабна црква, а околу црквата гробови градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

## 30. НЕРЕЗИ

**Латинско Дабје – Манастир Св. Никола**, средновековна црква и некропола. На околу 600-800 m југоисточно од училиштето, на простор од 50 x 50 m, при обработувањето на земјата селаните наидувале на темели правени од кршен камен и варов малтер, а наоколу камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Љупчо Брдо**, средновековна црква. Во непосредната близина на училиштето мештаните откриле темели од стара црква. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Ѓорѓи**, средновековна црква. Во подножјето на локалитетот Чука се наоѓа селската црква која била изградена врз темелите на постара црква. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Спас**, средновековна некропола. Се наоѓа на околу 600-800 m јужно од локалитетот Чука, на мало ритче. Танаско Бојчески при обработувањето на земјата открил гробови градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

**Чука**, црква и некропола од доцниот среден век. Западно од училиштето има доста висок рид кој доминира над околниот простор и има стрмни страни што се спуштаат кон селото. На највисокиот дел се наоѓаат темели од стара црква посветена на св. Петка. Западно од црквата се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

## 31. НОВО СЕЛО

**Герамидница**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1 km северно од селото, од левата страна на патот што води за селото Мислодежда. По површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Црква – Гробишта**, средновековна некропола. На оклу 1-2 km северно од селото, од десната страна на патот што води за селото се забележуваат гробни конструкции градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

## 32. ОКТИСИ

**Вајтос – Градиште**, утврдена населба од раноантичкото и римското време. На 3 km западно од селото, на падините на планината Јабланица се протега височина со стрмни падини, што доминира над Струш-

ко поле. На нејзиниот врв е утврдена населба со димензии од 680 x 80 m. На северната страна има остатоци од бедем од хеленистичкото време, широк 2,20 m, сувоѕидан од камени блокови долги до 1,30 m, во opus pseudoisodomum. Во западниот дел градиштето е проширено и доградено со ѕидарија од малтер, од римското време.
Битракова Грозданова В., 1988а, 38-39. (В.Б.Г.)

Вајтос – Градиште, с. Октиси. – Бедем од раноантичкото време

**Гончаровска Куќа**, некропола од доцноантичкото време. Западно од селото, при обработувањето на земјата биле откриени гробови градени од камени плочи, во кои не се најдени гробни прилози. (Е.П., Ц.К.)

**Градиште**, средновековна утврдена населба. Северозападно од селото, на висок рид со доминантна местоположба се констатирани траги од населба и утврдување.
Грбиќ М., 1954, 124. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Атанасија**, средновековна црква и некропола. На западната страна од селото, во дворот на црквата Св. Атанасија има видливи темели од објект ѕидан од кршен камен и варов малтер, а околу него гробови градени од камени плочи.
Грбиќ М.,1954, 24. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Врачи**, средновековна црква. Во селото, според кажувањето на мештаните, биле откриени темели од стара црква. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Димитрија**, средновековна црква. Малата црква посветена на св. Димитрија, според кажувањето на мештаните, била изградена врз темелите на постара црква. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Никола**, старохристијанска базилика. Селската црква посветена на св. Никола, која се наоѓа на северната страна од селото, е изградена во 1927 година врз темелите на старохристијанска базилика. Заштитни, а потоа и систематски археолошки ископувања се вршени од 1954 година од страна на Археолошкиот музеј на Македонија, под раководство на Димче Коцо и други истражувачи, сѐ до 1994 година. Базиликата има трикорабен наос со димензии од 27,20 x 24,10 m, нартекс, егзонартекс, бочни анекси и крстилница. Изградена е во една фаза, а подовите во централниот кораб, нартексот, крстилницата и северниот анекс се покриени со полихромни мозаици, украсени со геометриски и флорални елементи и слабо зачувани животински претстави. Датирана е на почетокот на V век. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Струга.
Вулиќ Н., Сп. LXXI, 221-222, бр. 589; Коцо Д., 1961, 15-33; Битракова Грозданова В., 1975, 86; Mikul~i} I., TIR, 93; Битракова Грозданова В., 1989б, 23-28; Bitrakova Grozdanova V., 1994a; Bitrakova Grozdanova V., 1995, 67-80. (В.Б.Г.)

## 33. ПИСКУПШТИНА

**Кале**, населба од средниот век.
Филиповиќ М., 1940. (Д.Г.)

## 34. ПОДГОРЦИ

**Сред село**, некропола од доцноантичкото време. Во селото, при изградбата на станбените објекти во 1947/48 година биле откриени гробови градени од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

**Црква**, средновековна црква и некропола. На околу 1 km источно од селото, од десната страна на патот Поум-Делогожда, на простор од околу 50 x 40 m се забележуваат траги од сакрален објект. Околу објектот се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

## 35. ПРИСОВЈАНИ

**Кула – Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 3 km југозападно од селото има висок рид со доминантна местоположба кој е пристапен само од источната страна. На зарамнетото плато се гледаат грамади од кршен камен, покривни ќерамиди и друг градежен материјал.
Mikul~i} I., TIR, 104. (Е.П., Ц.К.)

**Металица**, средновековна населба. На околу 3 km североисточно од селото, на голем простор што зафаќа околу 10 хектара се забележуваат грамади од кршен камен. Според кажувањето на мештаните, во непосредната близина на локалитетот постоел рудник. (Е.П., Ц.К.)
**На Црков**, некропола од доцниот среден век. На околу 1,5 km јужно од училиштето, од десната стра-

на на патот за селото Мислодежда се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Селишта**, средновековна црква. На околу 2 km североисточно од училиштето, кај месноста Лепеница има две мали цркви посветени на св. Петар и св. Богородица. Според кажувањето на мештаните, биле изградени врз темелите од постари цркви. (Е.П., Ц.К.)

## 36. РАДОЖДА

**Калдрма**, пат од римското време. Се наоѓа на 300 m западно од селото, на падините на Јабланица и води кон преминот Ќафасан. Трасата е пополочена со камени блокови и грижливо изведени рабови, а ширината изнесува 2,5-3 m. Патот е сочуван и видлив во должина од 100 m со прекини (31; 4; 19; 19; 21 m), а потоа се губи во густото зеленило на планината.
Грозданова Битракова В., 1988а. (В.Б.Г)

Калдрма, с. Радожда. – Остатоци од патот Via Egnatia

**Св. Арангел – Пештерна црква**, пештерна црква од доцниот среден век. На околу 300 m западно од селото, на тешко пристапен терен, во карпите има црква посветена на св. Арангел, во која се зачувани два слоја на фрескоживопис од XVII-XVIII век.
Ljubinkovi} R., ^orovi} Ljubinkovi} M., 1961, 141; Николовски А., Балабанов К., Ќорнаков Д., 1980. (Е.П., Ц.К.)

## 37. РАДОЛИШТА

**Камен Мост – Опале**, населба од неолитското и некропола од железното време. На околу 1,5 km североисточно од селото, покрај патот за селото по површината на нивите на Земјоделското стопанство и на Емуш Клема од Радолишта се среќаваат фрагменти од керамички садови, камени, кремени и - коскени орудија. При обработувањето на земјата и - со археолошките ископувања извршени во 1935-37 година од Народниот музеј во Белград и во периодот 1947-53 година, при подготвувањето на површините за лозови насади биле откриени повеќе гробови со богати гробни прилози. Дел од археолошкиот материјал по пат на откуп е прибран во Заводот и музеј во Охрид. Во 1955 година Музејот од Охрид извршил заштитни ископувања при што се откриени уште три гроба. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Белград и во Заводот и музеј во Охрид.
Грбић М.,1954, 112; Поповић Љ., 1958, 75; Лахтов В., 1961, 68; Пашиќ Р., 1957, 115. (П.К.)

**Радолишта**, населба од доцноантичкото време. На источната периферија на селото, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. При обработувањето на земјата селаните откриле ѕидови од објекти, а најдени се и монети од Анастасиј, Јустинијан I и постари. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Mikul~i} I., TIR, 105; Микулчиќ Г., 1987, 190. (Г.М.)

**Цигански Гробишта**, старохристијанска базилика и раносредновековна некропола. На источната страна на селото, со систематски археолошки ископувања е откриена трикорабна базилика со нартекс, егзонартекс, анекси и крстилница. Искпувањата се вршени во 1954 година од Д. Коцо, а завршени се во 1976 година од Владо Маленко, кога се откриени раносредновековни гробови. Само нартексот и централниот кораб на наосот се покриени со подни мозаици со стилизирана флорална и геометриска декорација и животински претстави. Базиликата е датирана на крајот на V век, а некрополата припаѓа во VII-VIII век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.
Коцо Д., 1961, 15; Битракова Грозданова В., 1975, 82; Маленко В., 1985, 269-315; Манева Е., 1992, 223 -226. (В.Б.Г.)

## 38. 'РЖАНОВО

**Голем Кутел**, средновековна населба. На околу 2 km источно од црквата Св. Недела, на блага падина што се спушта кон северозапад, на површина од 1 -1,5 хектар се забележуваат грамади од градежен материјал. (Е.П., Ц.К.)

**Дебелица**, населба од доцноантичкото време. На околу 3-4 km источно од селото, на блага падина што се спушта кон исток се забележуваат грамади од градежен материјал. По површината се гледаат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и згура од топено железо. (Е.П., Ц.К.)

**Добра Слива**, средновековна населба. На околу 2 km источно од селото, според кажувањето на Јонче Ивановски, биле откопани цевки од водовод. (Е.П., Ц.К.)

## 39. СЕЛЦИ

**Кале**, утврдена населба од железното време и средниот век. На околу 7 km северно од селото Локов и на околу 3 km југоисточно од селото Буринец, на левата страна од патот Буринец-Локов, на висок рид со доминантна местоположба се наоѓаат темели од тврдина градени од обработени камени блокови и варов малтер. Градиштето зафаќа простор од 200 x 80 m. На источниот дел од тврдината, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови од железното време. (Е.П., Ц.К.)

## 40. СТРУГА

**Дупен Камен**, некропола од хеленистичкото време. На западниот крај на местото на поранешната железничка станица, покрај патот Струга-Елбасан, во 1955 година, при поставувањето на водоводните цевки биле откриени неколку хеленистички гробови. (Е.П., Ц.К.)

**Струга**, населба и некропола од хеленистичкото и римското време и средниот век. Со изградбата на станбени објекти, улици, водовод и друго, на подрачјето на градот се откриени многубројни археолошки наоди, и тоа:

– на околу 50 m од десната страна на реката Црн Дрим, при копањето на темели за изградба на самопослужување се откриени повеќе гробови од хеленистичкото време;

– во црквата Св. Ѓорѓи се чуваат миљоказ од мермер и мермерна плоча со претстава на маж, жена и дете во едикулата;

– на ул. „Маршал Тито“, во маалото Климентица се откриени темели од повеќе објекти, а црквата Св. Никола е изградена врз темелите од постара црква;

– на местото на денешната соборна црква, посветена на св. Ѓорѓи, постоеле темели од постара црква, а во северниот дел била пронајдена голема мермерна глава. Во непосредната близина на црквата, при копање на водовод биле откриени гробови од римското време. Јужно од црквата Св. Ѓорѓи, во правецот на езерото биле откриени и темели од сакрална градба со фрескоживопис;

– на ул. „ЈНА“, од левата страна на Црн Дрим, на местото на денешната џамија имало темели од постара црква.

Вулиќ Н., Сп. LXXI, 446-591; Mikul~i} I., TIR, 121; Битракова Грозданова В., 1987, 42-43; Битракова Грозданова В., 1988, 37-52. (Е.П., Ц.К.)

**Устие на Дрим**, населба од неолитското и енеолитското време. При изградбата, односно, проширувањето на коритото на Црн Дрим во 1961 година, кај истекот на Црн Дрим од Охридско Езеро е откриена населба со наколни живеалишта. Заедно со остатоците од столбовите–носачи на дрвената платформа е најден голем број археолошки предмети, и тоа фрагменти од керамички садови, секири од камен, ножеви и стрели од кремен, како и харпуни и шила од еленски рогови. Според типолошките карактеристики на наодите, особено на керамиката, се работи за остатоци од рибарска населба од крајот на доцниот неолит, во која се присутни влијанија од доцнонеолитските култури од јужната зона на јадранскиот брег. Наодите се чуваат во Народниот музеј во Струга, во Музејот во Охрид и во многу приватни збирки.

Коцо Д., 1951, 3; Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., Саржоски С., 1976, 77; Benac A., 1979, 460-470. (Е.П., Ц.К.)

## 41. ТАШМАРУНИШТА

**Главје**, средновековна населба и топилница. На околу 3 km источно од селото, по површината на нивите се среќаваат грамади од кршен камен и згура од топена железна руда, а се забележуваат и темели од градби. (Е.П., Ц.К.)

**Градиште**, утврдена населба од римското време. На околу 1 km северозападно од селото, на еден висок рид со зарамнето плато, кое зафаќа површина од 150 x 50 m, се наоѓаат грамади од кршен камен, фрагменти од керамички садови, питоси и тегули. На источната страна на градиштето се зачувани темели од одбранбен бедем ѕидан од кршен камен и варов малтер, широк 1,5 m. Источно од локалитетот има траги од стар пат, широк 3-3,5 m, кој се гледа во должина од околу 10 m. (Е.П., Ц.К.)

**Млака**, сакрален објект и некропола од доцноантичкото време. Североисточно од црквата Св. Архангел Михаил има зарамнето плато на кое, при изградбата на задружните штали во 1950 година, биле откриени гробови градени од тегули – тип „на две води“, во кои имало керамички садови и други прилози. Во дворот на црквата, при копањето на водовод биле најдени темели ѕидани од кршен камен и варов малтер. (Е.П., Ц.К.)

**На Чука**, сакрален објект од старохристијанското време. На околу 100 m југозападно од селото, во непосредната близина на гробиштата се откриени темели од објект, можеби црква, ѕидани од кршен камен и варов малтер. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Димитрија**, сакрален објект од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 1 km југоисточно од селото, од десната страна на патот што води за селото. При изградбата на црквата биле откриени темели

од постар објект со мозаичен под, веројатно од базилика. Исто така, во времето на Втората светска војна бугарските војници, копајќи ровови, откриле мермерни плочи. (Е.П., Ц.К.)

**Св. Мартиниј**, сакрален објект од доцноантичкото време. Според податоците добиени од Б. Тодороски, на околу 2 km од селото, во правецот на селото Добовјани, при изградбата на малата црквичка биле откриени темели и мозаичен под од постара градба. (Е.П., Ц.К.)

### 42. ФРАНГОВО

**Кадри Црква**, средновековна црква. На југозападната страна, во непосредната близина на селото, при обработувањето на земјата биле откриени темели од еднокорабна црква со димензии од 8 x 4 m. (Е.П., Ц.К.)

**Машра**, некропола од доцниот среден век. Во нивата на Амди Шаќири, со орањето биле откриени гробови со конструкција од камени плочи, со ориентација запад-исток. (Е.П., Ц.К.)

**Троња**, средновековна некропола. Во непосредната близина на Кадри Црква, според исказите на Даути Ешреф, биле откриени гробови со конструкција од камени плочи. (Е.П., Ц.К.)

**Фириште – Петрин Дол**, населба и некропола од хеленистичкото и римското време. На околу 1 km северозападно од селото, од десната страна на патот Струга-Франгово, на простор од 500 x 100 m, во нивите на Хусеин Шабан, во 1935-1938 година, при орањето биле откриени повеќе гробови со богати прилози. Исто така, според кажувањето на мештаните, овде биле откриени и темели од ѕидови на објекти, ѕидани од кршен камен и варов малтер, како и неколку питоси. Денес на површината се забележуваат фрагменти од керамички садови и плочи од гробни конструкции. (Е.П., Ц.К.)

**Џепино**, населба и некропола од римското време. Во централниот дел на селото, при изградбата на станбените објекти и на новата џамија биле откриени стари темели. Во близината на џамијата, на простор од 100 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Во селото бил најден надгробен споменик со грчки натпис од црвеникав мермер.
Вулић Н., Сп. LXXI, бр. 592. (Е.П., Ц.К.)

### 43. ШУМ

**Арапски Гробишта**, некропола од хеленистичкото време. Југоисточно од селото, на десниот брег на реката Шум, во непосредната близина на гробиштата, при проширувањето на патот за селото Радолишта биле откопани неколку хеленистички гробови. (Е.П., Ц.К.)

## XXVIII. СТРУМИЦА

1. Ангелци ..... 401
2. Бајково ..... 401
3. Баница ..... 401
4. Банско ..... 402
5. Барбарево ..... 405
6. Белотино ..... 405
7. Варварица ..... 405
8. Вељуса ..... 405
9. Висока Маала ..... 405
10. Владиевци ..... 405
11. Водоча ..... 405
12. Габрово ..... а406
13. Гечерлија ..... 407
14. Градошорци ..... 407
15. Добрејци ..... 407
16. Доброшинци ..... 407
17. Дрвош ..... 407
18. Дукатино ..... 408
19. Едрениково ..... 408
20. Зубово ..... 408
21. Иловица ..... 408
22. Колешино ..... 408
23. Костурино ..... 409
24. Кушкулија ..... 409
25. Мокриево ..... 409
26. Мокрино ..... 409
27. Нова Маала ..... 409
28. Ново Коњарево ..... 409
29. Ново Село ..... 410
30. Петралинци ..... 410
31. Пиперово ..... 410
32. Попчево ..... 410
33. Радичево ..... 411
34. Рич ..... 411
35. Сарај ..... 411
36. Седларци ..... 411
37. Смолари ..... 411
38. Старо Коњарево ..... 411
39. Стиник ..... 411
40. Струмица ..... 411
41. Сушево ..... 416
42. Сушица ..... 416
43. Требичино ..... 416
44. Хамзали ..... 416
45. Чанаклија ..... 417
46. Штука ..... 417

## 1. АНГЕЛЦИ

**Страната**, населба од неолитското и римското време. Се наоѓа на северозападниот раб од синорот на селото, на растојание од 2 km. До неа води полски пат кој продолжува кон селото Седларци. Теренот е блага падина, седлесто вдлабена на средината, свртена кон исток, со површина од 3 хектара. Западната страна ја заштитува ритчето Чаушев Камен, а северната и дел од источната страна се опкружени со коритото на рекичката Сушица. Целата површина е обработена и поделена на парцели во кои хумусниот слој е испревртен со земјоделските работи, така што се среќаваат голем број неолитски предмети од керамика, коска и камен, куќен лепеж, а спорадично тегули и друг градежен материјал од римското време. Во 1985 година, во организација на Музејот на Македонија и Заводот и музеј од Струмица е извршено пробно сондажно ископување. Откриени се остатоци од населба со културен слој дебел 1,80 m, во кој се разграничуваат два хоризонта на живеење, настанати во рамките на доцниот неолит. Постариот хоризонт (Ангелци I) покажува материјална култура во која се присутни елементи блиски до оние од населбите во културните групи Зелениково II и Анзабегово–Вршник IV, со што во извесна смисла ја означува јужната граница на рефлексиите од винчанската култура во источна Македонија. Што се однесува до населбата од помладиот хоризонт (Ангелци II), културно е посамостојна, но истовремено и многу блиска до доцнонеолитските населби од реонот на Долна Струма.
Санев В., 1961, 72; Санев В., 1986а, 44; Санев В., Стаменова М., 1989, 9-28; Санев В., 1995, 33. (В.С.)

## 2. БАЈКОВО

**Горно Градиште**, средновековно градиште. На околу 2 km јужно од селото се издига висок рид со зарамнето плато со површина од 80 x 80 m, на кое се забележуваат остатоци од бедем граден со кршен камен и кал, множество градежен материјал и мал број од атипична средновековна керамика. (А.К.)

## 3. БАНИЦА

**Баница**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на источниот раб на селото. Во 1958 година, при изградбата на патот Струмица-Вељуса е уништен поголем дел од некропола со гробови од камени плочи – тип циста. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.А.)

**Мерата**, термален објект од доцноантичкото време. Во 1990 година, при копањето на темели за подигање на приватна куќа, во самото село, во местото наречено Мерата биле откриени остатоци од темели на ѕидови. Веднаш потоа Заводот и музеј извршил заштитно ископување. На длабочина од 0,50 m се констатирани темели од ѕидови што се протегаат во југоисточен и северозападен правец. Се работи за поголем објект од термален карактер, кој според начинот на градењето и внатрешната организација отстапува од вообичаените доцноантички бањи. Термалниот простор го сочинуваат четири, односно пет простории. Тепидариумот има основа впишан крст во квадрат, со делови од хипокауст од кој се зачувани столпчиња од неправилни квадратни суспензури, како и делови од префурниум. Комуникацијата меѓу просториите не е утврдена, а исто така и главниот влез кој би требало да се наоѓа на источната страна. Присутни се и секундарни преградувања со ѕидови од камен и кал. (М.С.)



Мерата, с. Баница. –Термален објект од доцноантичкото време

**Св. Ѓорѓи**, средновековна црква. Југозападно од селото, на еден рид со зарамнето плато се гледаат остатоци од еднокорабна црква. Ѕидовите се градени од кршен камен, тули и кал. Делумно зачуваниот олтар селаните го приспособиле за вршење на обреди. (Ј.А.)

**Струмин Гроб**, средновековен гроб. На североисточниот раб од селото постои оштетен гроб ѕидан со големи обработени блокови од камен и бигор, тули и варов малтер, поставен во правец север-југ. При орањето на нивата, до гробот бил откриен и уништен поголем број гробови од турскиот период. Во 1983 година е извршено сондажно ископување при што не е откриен подвижен материјал.
Гарашанин М. и Д., 1959, 93. (А.К.)

Струмин Гроб, с. Баница. – Средновековен гроб

## 4. БАНСКО

**Банско**, депо на средновековни монети. Во селото случајно биле откриени 988 бакарни скифати од XII-XIII век. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Ј.К.)

**Банско**, населба од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 21; Керамидчиев А., 1961, 111-117. (Д.Г.)

**Бела Вода**, некропола од доцноантичкото време. На 1,5 km источно од селото, на 30–40 m јужно од патот за подгорските села, при копањето на канал за вода за селото Моноспитово се уништени два гроба од камени плочи – тип циста. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.А.)

**Врелото**, депо на монети од античкото време. Во термоминералниот извор се најдени 40 бакарни монети од V век од старата до IV век од новата ера. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица и во Музејот на Македонија во Скопје.
Микулчиќ И., 1973, 166. (Ј.А.)

**Градиште**, фортификација од доцноантичкото време.
Mikul~i} I., TIR, 21. (Д.Г.)

**Дервиш**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на источниот раб на селото, непосредно над термоминералниот извор „Врелото“. Во 1977 година, при изградбата на хотелот „Термица“ биле откриени неколку гробови-цисти од камени плочи и еден гроб од тегули – тип „на две води“. Подоцна се извршени заштитни ископувања со што се откриени уште 11 гроба, сите од IV век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.А.)

**Каптажа**, некропола од хеленистичкото време.
Mikul~i} I., 1976, 21. (Д.Г.)

**Китка**, утврдена населба од хеленистичкото и римското време и средниот век и старохристијанска базилика со некропола. На западниот раб на селото се издига ридот Чукарка, со зарамнет врв на кој се гледаат остатоци од бедем ѕидан со камен и варов малтер, на одделни места зачуван и до 2 m. По површината на населбата се среќаваат фрагменти од керамички садови со различна временска припадност и градежен материјал од помали објекти, а биле најдени повеќе македонски, римски и византиски монети. На источниот крај на теренот се зачувани остатоци од базилика и околу неа гробови од камени плочи.
Гарашанин М. и Д., 1959, 87. (А.К.)

**Моноспитовски Лозја**, некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа 1 km источно од селото, а на 50 m јужно од патот за подгорските села. Во 1994 година, при изградбата на пат до една викенд-куќа е откриен гроб-циста од IV век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.А.)

**Под тврдината Китка**, некропола од доцноантичкото време. При орањето на нивите, а во последниве години и со изградбата на куќи е уништен голем број гробови од камени плочи – цисти, и од тегули – тип „на две води“. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.А.)

**Св. Четириесет маченици**, средновековна црква со некропола. Се наоѓа на 1,5 km северно од селото и на околу 1 km западно од асфалтниот пат Муртино-Банско. Со археолошките ископувања и истражувања во 1984-1986 година се откриени остатоци од ѕидови на црква која, според истражувачите, била посветена на св. Четириесет севастиски маченици. На источниот дел црквата има пространа централна апсида, проскомидија и ѓаконикон и личи како трикорабна базилика, меѓутоа на запад продолжува само со централниот кораб. Во олтарната апсида има синтронос, што укажува на тоа дека на самиот почеток црквата била епископска. Покрај црквата е откриена некропола во која е најдена бронзена белезица карактеристична за XIII век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица.
Коцо Д., Миљковиќ-Пепек П., 1989, 65-99; Цицимов А., 1989, 101-103. (Ј.А.)

**Турска Бања**, балнеум – термоминерално лекувалиште од доцноантичкото време. Откриено е во 1978 година, при копањето на темелите за хотелот „Цар Самоил“. Со систематските археолошки ископувања во периодот од 1984 до 1995 година, на простор од 1000 $m^2$ се откриени десет простории. Малите ниски простории се наоѓаат на источната страна и, како што се оди кон западната, повисоките простории се редат една до друга. Ѕидовите се зачувани во височина од 2 до 6,70 m, а два свода и една апсида се зачувани во целост. Речиси сите простории имале

полукружни сводови. Ѕидовите се градени од кршен камен, тули и варов малтер, а влезовите, прозорците, арките, сводовите и подовите се исклучиво од тули и малтер. Во просториите е констатирано присуство на четири базени и една када. Балнеумот ги користел термоминералните води од изворот Парило, што се наоѓа на околу 40 m јужно. Од подвижен археолошки материјал се најдени монети, фрагменти од керамички садови, мермерно торзо и една бронзена статуетка со претстава на богот Меркур, сите од III-IV век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица.

Ананиев Ј., 1987, 197; Ананиев Ј., 1989, 330-350.

(J.A.)

Св. Четириесет маченици, с. Банско. – Средновековна црква (А.Ц.)



Турска Бања, с. Банско. – Балнеум, лекувалиште од доцноантичкото време

## 5. БАРБАРЕВО

**Горно Ориште**, населба со некропола од римското време и населба од доцноантичкото време. Во непосредната близина на селото, на простор од околу 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, оштетени гробови и остатоци од топена руда. Оттука потекнуваат 150 монети од II-IV век и керамички садови од III-IV век што се чуваат во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.А.)

## 6. БЕЛОТИНО

**Јанци**, населба од римското време. На растојание од околу 1 km од селото, на простор од 350 x 150 m се забележуваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, чија концентрација е најголема во нивите на С. Тасев, П. Петров и В. Ѓеоргиев. Во Заводот и музеј во Струмица се чува плоча со релјефна претстава на Тракиски коњаник, донесена од селската црква, која веројатно потекнува од овој локалитет.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 235. (А.К.)

## 7. ВАРВАРИЦА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 4 km западно од селото има висок рид чиј врв претставува зарамнето плато со површина од 200 x 100 m, пристапно само од источната страна. По неговите рабови се забележуваат остатоци од темели на бедем граден со камен и варов малтер. Исто така се присутни и остатоци од темели на резервоари за вода. (А.К.)

**Селиште**, средновековна населба. Се наоѓа на околу 700 m јужно од селото, на една блага падина што се спушта од југ кон север. На простор од 100 x 50 m се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови. (Ј.А.)

## 8. ВЕЉУСА

**Блатни Пат,** осамен наод од римското време. На околу 600 m северно од селото, во 1977 година во нивата на семејството Трбогазови е најден фрагмент од надгробна стела моделирана во облик на медалјон. Фрагментот се чува во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.А.)

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На еден висок рид, оддалечен 4 km северно од селото, на платото на врвот, со површина од 150 x 150 m, има остатоци од темели на бедем. (А.К.)

**Кастровица**, средновековна населба. На 1,5 km северно од селото, по површината на нивите на простор од 800 x 500 m се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. (А.К.)

**Чифутка**, случаен наод од доцнохеленистичкото време. Во нивата на Наќе Араников во 1938 година била најдена мермерна плоча со релјефна претстава на божицата Атина Партенос. Плочата се чува во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.А.)

**Чука**, доцноантичка и средновековна населба. На околу 500 m јужно од селото, на површина од околу 100 m$^2$, во нивата на Г. Ефтимов се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (А.К.)

## 9. ВИСОКА МААЛА

**Пилат**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 2,5 km северно од селото, крај левиот брег на реката Турија. Претставува висок рид што доминира над околниот терен. Сите страни му се стрмни, со исклучок на источната на која има ископан одбранбен ров. На зарамнетото плато на врвот се гледаат остатоци од темели на бедем граден од кршен камен и варов малтер. На источната страна ширината на бедемот изнесува 2 m. (Ј.А.)

## 10. ВЛАДИЕВЦИ

**Русевица**, населба од доцноантичкото време. На 3 km источно од селото, на една блага падина со површина од 150 x 100 m се среќава голем број фрагменти од керамички садови. Во нивата на С. Ристов бил откопан питос. (А.К.)

## 11. ВОДОЧА

**Водочки Цркви**, средновековен црковен комплекс. Се наоѓа на северозападниот раб на селото, на левиот брег на реката Водочица. Комплексот, како сведоштво за културниот подем и дострел на архитектурата и сликарството во Македонија од IX до XII век, е добро познат во науката. Со текот на времето црквата Св. Леонтиј била запоставувана, а на почетокот на XIX век сосема напуштена. Први археолошки истражувања се извршени во 1961 година и со нив, по отстранувањето на шутот од внатрешниот простор на црквата, се откриени анексите на северната и јужната страна и 76 гробови датирани меѓу XI и XVIII век. Во 1973/74 година П. Миљковиќ-Пепек врши истражувања врз чија основа се изготвува проект за конзервација и реставрација на црквата. Во текот на конзерваторско-реставраторските работи била наметната потреба од археолошко доистражување. Со ископувањата кои сè уште се изведуваат е опфатен просторот западно од комплексот во кој се откриени: два трема, едни-

Водочки цркви, с. Водоча. – Средновековен комплекс, западен сектор

от од XI-XII век, а другиот од турскиот период; интерна бања од XI-XII век; словенска куќа од XII -XIII век; делови од објект од XI-XII век и 400 гроба од XI до XX век. Големата временска разлика кај гробовите доаѓа оттаму што околу црквата се вршени погребувања до 1979 година. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица.
Миљковиќ Пепек П., 1981; Ананиев Ј., 1989а, 185; Манева Е., Ананиев Ј, 1993, 265; Ананиев Ј., 1994, 57. (Ј.А.)

**Кулите**, тврдина од хеленистичкото, римското и доцноантичкото време. На околу 3 km западно од селото има висок рид со зарамнето плато, издолжено во правецот север-југ, на кое на јужната страна се наоѓаат остатоци од бедем и една одбранбена кула. Во просторот што го оградувал бедемот, кој изнесува 60 x 40 m, се среќава множество фрагменти од керамички садови, според кои може да се заключи дека тврдината била во функција најверојатно од IV век пред н.е. до IV век од н.е. (Ј.А.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време и средниот век. На 2,5 km северно од селото, на границата со атарот на селото Вељуса се среќаваат фрагменти од керамички садови.
Mikul~i} I., TIR, 133. (А.К.)

**Тиверија**, населба од римското и доцноантичкото време и средниот век.
Mikul~i} I., TIR, 133. (Д.Г.)

## 12. ГАБРОВО

**Под**, населба и некропола од доцноантичкото време. На еден релативно мал простор, оддалечен 2 km југоисточно од селото, има фрагменти од покривни ќерамиди и питоси. На западниот крај на теренот, крај шумскиот пат што води за Беласица, се наоѓаат гробови со конструкции од големи камени плочи. (А.К.)

**Помен**, населба од доцноантичкото време. На 3 km западно од селото, во лозјата крај патот за селото Банско биле откопани неколку питоси и повеќе фрагменти од керамички садови. На теренот има неколку грамади од градежен камен. (А.К.)

**Св. Архангел**, средновековна црква.
Грујиќ Р., 1934, 56. (Д.Г.)

**Св. Богородица**, средновековна црква.
Петковиќ В., 1950, 66; Грујиќ Р., 1935, 238. (Д.Г.)

**Св. Ѓорѓија**, средновековна црква.
Петковиќ Б., 1950, 66. (Д.Г.)

## 13. ГЕЧЕРЛИЈА

**Тумба**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. На 2 km североисточно од селото има височинка со простор од 300 x 200 m, висока 6 m. На северниот дел се откриени темели од базилика, монети од IV-V век и епиграфски споменик со латински натпис од IV век.
Керамидчиев А., 1961, 112; Mikul~i} I., TIR, 56. (А.К.)

**Хан**, средновековна населба и топилница. Во непосредната близина на куќата на Дино Ковачев, која е на југозападниот раб на селото, се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови и остатоци од топена железна руда. (А.К.)

## 14. ГРАДОШОРЦИ

**Вадата**, населба од римското време. На околу 1 km североисточно од селото има простор со обработлива површина од 500 x 400 m на кој се наоѓа множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, особено во нивата на Ф. Иванов. При орањето селаните доста често наидувале на остатоци од темели на објекти. Од еден темел била извадена статуа од мермер, прилично оштетена, која се чува во Заводот и музеј во Струмица.
Гарашанин М. и Д., 1959, 88. (А.К.)

## 15. ДОБРЕЈЦИ

**Мешакл'к**, населба од доцноантичкото време и средниот век. На 2 km југозападно од селото, на простор од 70 x 80 m, кој лежи десно од патот Струмица - Просениково, се наоѓаат фрагменти од населбинска керамика. (А.К.)

## 16. ДОБРОШИНЦИ

**Блок на ЗИК**, населба од доцноантичкото време. На 2 km западно од селото, непосредно до патот за Струмица, на поголема површина од задружниот блок со орањето биле откриени остатоци од населба. (А.К.)

**Крсла**, населба од доцноантичкото време и сакрален објект. Непосредно до патот Струмица-езеро Турија се издига висок рид, оддалечен од селото 2 km. На врвот има остатоци од темели на старохристијанска базилика околу која се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (А.К.)

**Тумба**, населба од доцноантичкото време. На 1 km северно од селото се издига ритче високо 6 m кое зафаќа површина од 50 x 30 m. Во неговата основа спорадично се среќаваат фрагменти од керамички садови. На околу 200 m северно има голема грамада од градежен материјал, а се забележуваат и темели од објекти. (А.К.)

## 17. ДРВОШ

**Долно Градиште**, средновековна утврдена населба. На 2 km источно од селото се издига висок рид кој има доминантна положба. На неговиот зарамнет врв, со површина од 60 x 50 m, се гледаат остатоци од темели на бедем, голем број фрагменти од керамички садови и градежен материјал. (А.К.)

**Мало Градиште**, градиште од доцноантичкото време. Се наоѓа на 4 km источно од селото. Претставува висок рид со стрмни падини на чиј врв има издолжено зарамнето плато со површина од 120 x 60 m, опкружено со остатоци од темели на одбранбен бедем широк 1,50 m. (А.К.)

**Селиште**, средновековна населба и некропола. Се наоѓа на 1 km североисточно од селото, на пространа тераса со површина од 200 x 200 m, на која има грамади од кршен камен, а на источниот крај гробови. (А.К.)

**Тумба**, могили од римското време. На 3 km западно од селото, во правецот на стопанството „Хамзали“ се издигаат неколку могили. На една од нив селаните откопале два питоса и керамички садови.
Керамидчиев А., 1961, 112. (А.К.)

**Уште**, населба од римското време. На околу 1 km јужно од селото има низок гребен издолжен во правец исток-запад, со површина од 200 x 80 m на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Според кажувањето на В. Велков, биле најдени неколку бронзени монети.
Керамидчиев А., 1961, 112. (А.К.)

**Чешмина Глава**, населба од римското време. На површините на нивите што се наоѓаат 2 km источно од селото има множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Керамидчиев А., 1961, 112. (А.К.)

**Шичичка Чука**, населба и некропола од римското време. На околу 4 km источно од селото, при обработувањето на земјата селаните откопале плочи од гробни конструкции, како и неколку надгробни стели со релјеф. На поголем дел од просторот се

забележуваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Керамидчиев А., 1961, 112. (А.К.)

## 18. ДУКАТИНО

**Градиште**, утврдена населба и некропола од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото има издолжено зарамнето плато со површина од 100 x 40 m, опкружено со остатоци од темели на бедем. Во просторот меѓу бедемот се забележуваат темели од десетина помали и поголеми објекти. На западниот крај на локалитетот, на самиот преслап што го одделува од другите ридови, се наоѓа некропола. (А.К.)

**Градиште – Калата**, утврдена населба од доцноантичкото време. На околу 3 km западно од селото се наоѓа висок рид што доминира над околината. На врвот има зарамнето плато со димензии од 200 x 150 m на кое се забележуваат темели од бедем, а исто така и градежен материјал од други објекти. (А.К.)

**Селиште**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2,5 km западно од селото, а на 500 m јужно од месноста Градиште – Калата. На простор од околу 150 x 100 m се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди, чија концентрација е најголема во нивите на Р. Атанасов и М. Поцков. (А.К.)

**Чуј Петел**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. На 1,5 km јужно од селото, на границата со атарот на селото Радичево се наоѓа високо зарамнето плато со површина од 700 x 500 m, на кое се среќаваат остатоци од населбинска керамика, питоси, тегули и друг градежен материјал. Во нивите на Г. Велков и В. Лазаров биле откриени темели од објекти, земјоделски алатки (српови, ножеви, мотики, секири), како и римски монети. На западниот крај на локалитетот има темели од базилика од која се откопани база и големи стебла од столбови. Едно стебло е однесено во селската црква. (А.К.)

## 19. ЕДРЕНИКОВО

**Пашаларка**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа 1,5 km југоисточно од селото и десно од патот за селото Ангелци. На простор од околу 100 x 100 m во нивата на С. Петров има голем број фрагменти од населбинска керамика, питоси и друго. (А.К.)

## 20. ЗУБОВО

**Могила**, могила од римското време. Се наоѓа на границата меѓу атарите на селата Зубово, Сушица и Секирник, на левата страна од потокот Завој и од патот што води за селото Колешино. Има пречник во основата од околу 13 m и височина до 0,70 m. Могилата е прилично деформирана, а на врвот се наоѓа тригонометриска точка.
Гарашанин М. и Д., 1959, 77. (А.К.)

## 21. ИЛОВИЦА

**Варница**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото, на едно зарамнето плато има остатоци од темели на тврдина градена од камен и варов малтер.
Mikul~i} I., TIR, 64; Керамидчиев А., 1960, 113. (А.К.)

**Гробишта**, населба од доцноантичкото време. До гробиштата, кои лежат на источниот раб на селото, има остатоци од топена железна руда. (А.К.)

**Крива Топола**, населба од римското време и старохристијанска црква. На 3 km северозападно од селото има рид во чие подножје на простор од 500 x 700 m се среќаваат фрагменти од керамички садови. Во нивата на С. Ќосев биле откопани повеќе питоси. На долниот крај од локалитетот се забележуваат остатоци од темели на црква. (А.К.)

**Крст**, могили од римското време. На околу 1 km северозападно од селото, во нивата на Р. Киров се наоѓаат две могили, со пречник во основата од околу 30 m, од кои едната е прилично оштетена. На околу 40 m од нив се наоѓала уште една могила која е уништена со трасирањето на селскиот пат. Могилите се поставени во линија исток-запад, на меѓусебно растојание од 40 m. (А.К.)

**Куши Тумба**, населба од доцноантичкото време. На 2 km југозападно од селото има ниска тумба на која се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Црквиште**, некропола од римското време. Се наоѓа на 4 km северозападно од селото. Според податоците добиени од Илија Стаменов и од други селани, пред Втората светска војна овде биле откопани повеќе надгробни стели со релјефни претстави и натписи кои, наводно, биле однесени во Белград.
Гарашанин М. и Д., 1959, 88; Керамидчиев А., 1961, 113. (А.К.)

## 22. КОЛЕШИНО

**Св. Спас**, градиште од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, на едно зарамнето плато со површина од 200 x 80 m има остатоци од темели на бедем, а се среќаваат фрагменти од римска и средновековна керамика. Според кажувањето, биле откопани неколку питоси. (А.К.)

## 23. КОСТУРИНО

**Василица Чука**, градиште од хеленистичкото и римското време. На околу 4 km северно од селото се наоѓа висок рид што доминира над патот Струмица-Валандово. Самиот врв го опкружуваат остатоци од темели на бедем, ѕидан од камен и варов малтер. На простор од 200 x 60 m во внатрешноста на тврдината се гледаат темели од помали објекти, а се среќаваат и фрагменти од градежна и садова керамика. Најдени се и неколку хеленистички монети кои се чуваат во Заводот и музеј во Струмица.
Mikul~i} I., TIR, 74. (А.К.)

**Прогон**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска црква. На 2 km источно од селото, на левата страна на рекичката Прогон има тераса со површина од 500 x 200 m на која има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. До самиот брег на рекичката се наоѓаат темели од црква и некропола, а во месноста Буковиќ, која е во непосредната близина, има остатоци од топена бакарна руда.
Керамидчиев А., 1974, 119-133; Mikul~i} I., TIR, 74. (А.К.)

**Растурен Брег**, депо од 854 бакарни скифати од XII-XIII век. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица. (Ј.К.)

## 24. КУШКУЛИЈА

**Готен**, средновековна некропола. На 5 km североисточно од селото се гледаат масивни плочи од гробни конструкции. (М.И.).

## 25. МОКРИЕВО

**Св. Илија**, старохристијанска црква. На висок рид што доминира над околината, оддалечен 3 km од селото, има темели од црква. (А.К.)

## 26. МОКРИНО

**Крај**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото, со земјоделските работи биле откриени гробови со камени конструкции и во нив биле најдени повеќе гробни прилози од кои се зачувани две масивни белезици со отворени краишта што завршуваат во облик на змиски глави. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (Б.А.)

**Селски гробишта**, средновековна црква. Кај гробиштата, на источната страна на селото, има мала височинка со зарамнето плато на кое се гледаат остатоци од темели на објект со полукружна апсида на источната страна и со ориентација исток-запад. (А.К.)

**Тумба**, некропола од римското време. На околу 50 m од јужната страна на селското училиште биле уништени повеќе гробови со конструкции од камени плочи и тегули. (А.К.)

**Ќерамидарка**, населба од римското време и средновековна некропола. Се наоѓа 2 km северно од селото, крај патот што води кон полето, на блага падина во подножјето на Беласица. Во 1988 година во нивите на Р. Павлов и Ј. Гочев е извршено ископување при што се откриени два културни стратума. Постариот е од римското време и нему му припаѓаат остатоците од темели на објект што не може да се дефинира архитектонски, во кој се најдени фрагменти од керамички садови и монети од III-IV век. Помладиот стратум го претставува средновековна некропола со инхумирани покојници во гробови без конструкција, поставени во правец запад-исток. Поголем дел од некрополата е уништен од орањето и ерозијата, особено во повисоките северни делови. Откриени се 6 гроба со прилози од накит, а во некои и бронзени римски монети ставани како оболи. Од накит има обетки, белезици од стакло и бронза и прстени, што сите заедно се датирани во периодот меѓу XII-XIV век.
Манева Е., Ананиев Ј., 1990, 208; Манева Е., Ананиев Ј., 1990a, 215-226. (Ј.А.)

## 27. НОВА МААЛА

**Грамада**, населба од доцноантичкото време. На 1 km југоисточно од селото, на простор од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Има и неколку грамади од насобрани камења. (А.К.)

**Мангала**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. Од јужниот раб на селото започнува голем простор, долг околу 1 km и широк 200 m, на кој има голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На ритчето Мангала се гледаат темели од старохристијанска базилика. (А.К.)

## 28. НОВО КОЊАРЕВО

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. На западниот раб на селото, над самиот пат што води од Струмица за бугарската граница, на пространа тераса со површина од 250 x 200 m се среќаваат остатоци од бедем, фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. Во непосредната близина на бедемот, од надворешната страна има остатоци од темели на црква со некропола. (А.К.)

**Селска нива**, населба од доцноантичкото време. На една ниска височинка, оддалечена 3 km северно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Има и неколку грамади од насобрани камења. (А.К.)

**Црквичка**, доцноантичка и средновековна населба. На 1,5 km северно од селото, на едно поголемо обработливо земјиште се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На северниот крај на локалитетот има понагласена концентрација на средновековна керамика. (А.К.)

## 29. НОВО СЕЛО

**Бели Рид**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северозападно од селото се издига висок рид на кој се констатирани остатоци од темели на неколку објекти, а на површината има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 4 km северно од селото. Претставува висок доминантен рид со зарамнето плато, со површина од 150 x 100 m, на кое има зачувани остатоци од темели на бедем широк 1,60 m, граден од камен и варов малтер. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Коштуница**, могила од римското време. Во ливадите што се наоѓаат на 1 km источно од селото има голема могила со пречник во основата од 35 m. На врвот има ископан бункер со кој могилата е значително оштетена. (А.К.)

**Ново Село**, депо на монети од средниот век. На работ на селото, на местото каде што има множество остатоци од градежен материјал (доцноантичко градиште?) и претставува падина на планината Огражден, во 1995 година случајно биле откриени 81 палеовизантиска монета од VI век. Депото го сочинуваат 6 солида, 38 фолеса и 1 полуфолис од Анастасиј I; 1 солид, 2 тремиза и 29 фолеса од Јустин I, како и 2 солида и 2 фолеса од Јустинијан I. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Kondijanov J., 1996, 95. (Ј.К.)

**Селиште**, населба од енеолитското и бронзеното време. Во подножјето на планината Огражден, на мала тераса што се издига над Новоселска Река, оддалечена 4 km северно од селото, се среќаваат фрагменти од керамички садови, рачно работени. Најдена е камена секира со отвор за држалка и пинтадера. (Ј.А.)

**Сушица**, населба од неолитското време. Според податоците од Димитар Китанов Тушев од селото Секирник, крај потокот Сушица биле најдени мали керамички садови и орудија од камен и кремен.
Гарашанин М. и Д., 1959, 73. (Л.В.)

**Чука**, населба и могила од доцноантичкото време. На работ на селото, на блага падина со површина од 150 x 120 m, која се спушта кон југ, има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди, како и парчиња згура од топено железо. Нивната најголема концентрација е во нивите на С. Георгиев и И. Патулев. На теренот има и траги од уништена могила. (А.К.)

**Шопов Рид**, могили од римското време. Во непосредната близина на локалитетот Чука се наоѓаат две могили со пречник во основата од околу 30 m, од кои едната е оштетена. (А.К.)

## 30. ПЕТРАЛИНЦИ

**Гробишта**, осамен наод од римското време. Во селските гробишта е најдена плоча со претстава на Тракиски коњаник. Плочата се чува во Заводот и музеј во Струмица. (А.К.)

## 31. ПИПЕРОВО

**Тарласи**, доцноантичка и средновековна населба. На северниот раб на селото, на простор од 200 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и питоси. Во нивата на А. Коцев бил најден питос со натпис. (А.К.)

## 32. ПОПЧЕВО

**Градиште**, населба од доцноантичкото време. На 500 m југоисточно од селото, на простор од околу 200 x 200 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. Големо е и присуството на згура од топена железна руда. (А.К.)

**Манастир**, градиште од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото се наоѓа ниска чука, на која во нивата на Г. Василев има остатоци од темели на бедем и фрагменти од керамички садови и питоси, кои се простираат на површина од 100 x 60 m. Била најдена и монета од IV век. (А.К.)

**Црква**, осамен наод од римското време. Во Заводот и музеј во Струмица се чува плоча со претстава на божицата Дијана која е донесена од селската црква, а веројатно била откриена на локалитетите Градиште или Манастир. (А.К.)

## 33. РАДИЧЕВО

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На 3 km југозападно од селото, на простор од 150 x 100 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 34. РИЧ

**Марна Скрка**, населба од доцноантичкото време. На 2 km североисточно од селото има рид со надморска височина од 870 m. На зарамнетото плато со димензии од 100 x 70 m се среќаваат фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Ченчиште**, населба од доцноантичкото време. На 300 m јужно од селото, на блага падина покрај реката Бела, во нивите на Т. и А. Георгиев, на простор од околу 200 x 150 m се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. При обработувањето на земјата биле откриени темели од објекти и повеќе парчиња топена железна руда. (А.К.)

## 35. САРАЈ

**Гаскарник**, населба од доцноантичкото време. На 300 m јужно од селото се откопани три питоса. (А.К.)

## 36. СЕДЛАРЦИ

**Киров Рид**, населба од доцноантичкото време. На 500 m источно од селото, на левата страна од патот Седларци-Ангелци, во нивата на П. Лазаров се откриени два големи питоса и се среќава голем број фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. На локалитетот има и остатоци од топена железна руда. (А.К.)

## 37. СМОЛАРИ

**Русилска Чешма**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северозападно од селото, на поголем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 38. СТАРО КОЊАРЕВО

**Голема Трпеза**, населба од неолитското време. На околу 3,5 km северно од селото, во непосредната близина на македонско-бугарската граница, на тераса што се издига над коритото на Стара Река се среќава голем број фрагменти од керамички садови, дислоциран куќен лепеж и орудија од камен и кремен. (Ј.А.)

**Градиште**, населба од доцноантичкото време. На околу 2,5 km северозападно од селото, во пограничниот појас, по површината на нивите на земјоделската задруга „Тромеѓа“ се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и имбрекси. (А.К.)

**Кале**, градиште од доцноантичкото време. На 2 km јужно од селото, во подножјето на Беласица, на висок рид се гледаат остатоци од одбранбен бедем граден од кршен камен и варов малтер. (А.К.)

**Соколче**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m североисточно од селото Дражево, на пространа падина што се спушта кон север, се гледаат грамади од градежен материјал и голем број фрагменти од керамички садови и питоси. (А.К.)

**Сред село**, некропола од римското време. Во дворовите на Коста Божинов и Трајко Манев, при градењето на куќите и другите објекти биле откриени и уништени поголем број на гробови градени од тегули – „на две води“. (А.К.)

## 39. СТИНИК

**Стари Стиник**, населба од доцноантичкото време. На 3 km северозападно од селото, на простор од околу 200 x 30 m се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

## 40. СТРУМИЦА

**Градско паркче**, некропола од доцноантичкото време. Во центарот на градот, во 1960 година, при копањето на темелите за старата пошта, сега стоковна куќа „Герас Цунев“, е откриена голема некропола. Гробовите се наоѓале на длабочина од 2,20 до 3,60 m, во три слоја, со конструкции од тегули. Гробовите биле без прилози, освен неколку во кои се најдени монети од времето на Јустинијан. Некрополата е целосно уништена. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица.
Санев В., 1961, 77; Mikul~i} I., TIR, 121. (Ј.А.)

**Марково Кале**, утврдена населба и некропола од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 121. (Д.Г.)

**Мачук**, објект – палата од доцноантичкото време. На археолошкиот комплекс Орта џамија му припаѓа и локацијата позната кај населението под името Мачуко, што се наоѓа во стариот дел на Струмица, на аголот од улиците „Тодор Чучков“ и „Стив Наумов“. Со машинското копање на темели за изградба на куќа се откриени и оштетени или делумно уништени делови од постар архитектонски објект. Интервентните заштитни ископувања во 1988-91

година од Заводот и музеј во Струмица покажале дека се работи за објект со повеќе простории во кои се најдени: поден мозаик, подлога од поден мозаик, под од тули украсени со пластично изведени крстови, ѕидови со мачканица на која се зачувани фрагменти од живопис, јами, керамички садови, фрагменти од градежна керамика, како и делови од архитектонска и декоративна пластика. Остатоците од архитектура се протегаат и надвор од габаритот на локацијата, во сите правци, што укажува на монументалноста на објектот. Според опусот и техниката на ѕидањето, постојат две градежни фази. На постарата фаза ѝ припаѓаат просториите ѕидани со камен и кал и со подови од тули, а на помладата фаза останатите простории ѕидани со кршен камен и варов малтер, со подни мозаици и остатоци од живопис. Со оглед на местоположбата, големината, архитектонската концепција и остатоците од ентериерот, може слободно да се претпостави дека се работи за голем објект од типот палати од времето на IV-VI век. Со него се проширувааt податоците и сознанијата за доцноантичката населба што била подигната во стариот дел на денешна Струмица. (М.С.)

**Катастарска парцела 3.730**, некропола од доцноантичкото време. Во централното градско јадро, во парцелата сопственост на Трајко Атанасов, што се наоѓа на аголот од улиците „Боро Џони“ и „Херој Карпош“, со машинското копање за темели на станбен објект се откриени и делумно уништени неколку гробни конструкции. Во 1989 година Заводот и музеј од Струмица извршил заштитно ископување со што е откриен дел од некропола, а во југозападниот крај на просторот нејасни остатоци од архитектонски објект. Отворени се повеќе гробови, вкопани во длабочина од 1,25 до 1,95 m, со конструкции од тегули и имбрекси (тип „на две води“), во основата опкружени со венец од нафрлени камења и сите со инхумирани покојници. Со оглед на близината до старата пошта, каде што при нејзината изградба е откриена некропола со исти конструкции на гробови (Градско паркче), веројатно и гробовите од оваа парцела се дел од истата доцноантичка некропола. (М.С.)

**Орта џамија**, средновековна црква и некропола. Се наоѓа во стариот дел на градот, на аголот од улиците „Стив Наумов“ и „Тошо Арсов“. Лежи на мала зарамнета тераса на падините од ридот, на околу 400 m под тврдината Цареви Кули и на околу 800 m југозападно од локалитетот Св. Петнаесет тивериополски маченици. Како што покажува и самиот топоним, овде се наоѓа џамија подигната кон крајот на XVII век. Заради конзерваторски потреби, во 1984 година се извршени сондажни ископувања покрај џамијата од надворешната страна. Откривањето на средновековни гробови и остатоци од средновековна архитектура било повод истражувањата да прераснат во систематски. Така, до 1992 година е истражен простор од 150 m$^2$, во длабочина до 5 m.

Орта џамија, Струмица. – Фрагмент од средновековен живопис од XII-XIII век

Откриени се архитектонски остатоци и гробови со различна временска и културна припадност. Најстарите темели од ѕидови, покрај јужниот ѕид на џамијата, ѕидани од камен и варов малтер, заедно со придружниот материјал упатуваат на доцноантички објект кој има базиликални елементи. Секако, по-

себно значење имаат откриените остотоци од темели на средновековна црква од XII-XIII век во просторот пред тремот на џамијата, како и делот од некрополата. Поточно, отворени се делови од темели на пет масивни ѕида градени од кршен камен и малтер, а наместа и со кал, главно поставени во правец исток-запад. На поголем дел од ѕидовите се зачувани мачканици со остатоци од фрескоживопис, квалитетно изведен и со богат колорит, на кои се препознаваат неколку ликови посветени на Милостивата и на светители. Гробовите се распоредени во четири слоеви еден врз друг, имаат различни конструкции и сите се со инхумирани покојници. Подолните гробови се од времето на црквата а останатите од XV-XVII век, до времето на подигањето на џамијата. Во изворите од XIII-XIV век, поточно во повелбите на Душан и Јован Кантакузен се кажува дека во градот Струмица постоела уште една црква посветена на Милостивата. Откриените ликови, ликовноестетските вредности на живописот во целост, заедно со архитектонските остатоци даваат можност да се претпостави дека можеби токму под Орта џамија се наоѓала црквата забележена во споменатите повелби.
Стаменова М., 1987, 143; Стаменова М., 1989, 351-354. (М.С.)

**Самарница**, некропола од римското време (I-II век). На јужната периферија на градот, на падините од планината Еленица, во 1977 година, при копањето на темелите за спомен-костурницата биле откриени 7 гроба со ориентација исток-запад. Гробовите имаат конструкција од римски тегули на две води, одозгора поврзани со имбрекси. Гробни прилози не се најдени, а погребувањето било извршено со кремација. (Ј.А.)

**Св. 15 тивериополски маченици**, комплекс на старохристијански цркви.

Во градот Тивериопол – Струмица, според Теофилакт Охридски, во текот на прогоните на христијаните, во времето на Јулијан Апостата (361-363), настрадала група од 15 мартири. Четворица од мартирите (Тимотеј, Комасиј-Етимасиј, Евсевиј и Теодор) тогаш побегнале од Никеја во Тесалоника, а оттаму во Тивериопол – Струмица и петмина мартири по текот на Брегалница. Ним им се придружиле и другите проповедници. По откривањето и мачењето, тие настрадале во Тивериопол, каде што и биле погребани. Овој хагиографски ракопис несомнено има постар примерок врз кој Теофилакт ги темели своите истражувања.

Св. 15 тивериополски маченици. – Мозаик од старохристијанската базилика

*Централна гробница*

Петнаесетте мартири од Тивериопол биле закопани на доцноантичката некропола надвор од градот, во една ареа мартирум, каде што се закопувале христијаните. Нивната гробница и другите гробови се изградени врз една постара архитектонска структура, чиј под бил обложен со полихромен мозаик со стандардните доцноантички мотиви. Појавата на крстот помеѓу овие мотиви укажува на култен христијански објект среде христијанската ареа на доцноантичките гробишта.

На истражениот простор е откриен комплекс од црковни градби во чиј централен дел се наоѓале поголема засводена гробница и 19 стандардни гробни засводени структури.

Прв аранжман на архитектонската конструкција за настраданите 15 мартири во Струмица претставува големата засводена гробница под земја. Гробницата е сместена во наосот на црквата. Има димензии од 2 x 0,82 x 1,61 m. Градена е од кршен камен поврзан со малтер. Сводот е изграден од стандардните доцноантички тули. Однатре е малтерисана, а од северната и од јужната страна има насликани крстови со проширени краци, живописани со

Струмица. – Св. 15 тивериополски маченици

темнокафеава боја. На западниот калкан е насликан колективен портрет на 15-те мартири затворен во една полукружна рамка – clipeus. Тој како Imagine clipeatae претставува фунерален портрет. Мартирите се насликани во вид на бисти, со атрибути што покажуваат совпаѓање со податоците што ги дава текстот на Теофилакт Охридски за нивното мачеништво. Во првиот ред се насликани личности со архијерејски белези во облеката, кои се истакнале во зацврстувањето на христијанството во овој регион. За датирањето на претставата на 15-те тивериополски маченици во нивната црква, веднаш по ископувањето на овој храм, се искажани претпоставки дека тие можат да потекнуваат од крајот на IX или од почетокот на X век, и од XIII век.

*Базилика*

Проповедниците од Струмица настрадале, според хагиографските податоци што ни ги дава архиепископот Теофилакт Охридски, во времето на Јулијан Апостата, што претставува задоцнето прогонување.

Врз гробовите на мартирите бргу била подигната архитектонска структура од типот на трикорабна базилика. Од овој објект се откриени периметралните ѕидови кои го имаат пресечено постариот објект со остатоците од мозаичен под. Од базиликата изградена врз гробовите на мартирите е зачуван дел од апсидата на источната страна, северниот периметрален ѕид и основата на северниот стилобат.

Големата засводена гробница со насликаните 15 мартири го зафаќа централното место во наосот на базиликата, што значи дека објектот е подигнат врз гробот. Ова е најстариот начин на изградба на христијански храм во веќе христијанизираните земји на Медитеранот и на Балканскиот Полуостров. Оваа базилика претставува култна градба од типот на мартириум со базиликален план, подигната врз гробовите на мартирите.

*Крстовиден мартириум – Култна црква*

Трикорабната базилика, подигната над гробницата на мартирите од Струмица, како најстар архитектонски црковен објект, подоцна е ремодели-

рана. Над базиликата е изградена крстовидна црква од типот Хосиос Давид од Тесалоника. Тоа е крстовиден тип на црква со централна купола и со четири куполи формирани од внатрешната страна, по аглите што ги формираат краците на крстот. Овој објект во Струмица претставува крст впишан во правоаголник. Тој не налегнува на ѕидовите на базиликата. Изместен е на јужната страна и го зазема централниот кораб на црквата, со нартекс на западната страна. Подот во презвитериумот бил решен со бели и сиви мермерни плочки во техниката opus sectile. Позицијата на централната гробница е иста како и во претходниот објект на базиликата. Црквата е изградена со масивни ѕидови и столбови од камен и малтер, зачувани во основата.

Во апсидалниот дел на олтарот во оваа крстовидна црква е изградена крипта – реликвијар во форма на крст со еднакви краци. Градена е и оформена од камен, тули и малтер. Димензиите на крстот изнесуваат 0,40 m, со длабочина од 0,60-0,80 m. Крстовидната крипта – реликвијар, била наменета за сместување на реликвиите на некој прочуен или локален мартир.

Изградбата на крстовидниот храм мартириум врз разурнатиот базиликален објект постои можност да била изведена во текот на V век или посигурно на почетокот на VI век, во времето на императорот Јустинијан, кога се обновени и ремоделирани многу запуштени храмови во Македонија. Трансформацијата на базиликалниот тип на црква во крстовиден храм е карактеристика на ова време, на што му оди во прилог и крстовидната крипта – реликвијар во олтарот. Црквите подигнати врз гробови на маченици се карактеристика на IV век.

Петанаесетте мартири загинати во Тивериопол – Струмица, ја збогатиле Македонија со култот создаден врз нивните гробови. Овој храм уште од својот почеток играл голема улога во христијанизацијата на териториите источно од Вардар. За ова зборува неговиот континуиран живот и оживување на култот, според Теофилакт, во текот на IX-X век. Тоа значи примање на култот меѓу словенското население во Македонија. Споменувањето на храмот во XIV век укажува на непрекинатото постоење на црквата и континуираното почитување на култот на 15-те мартири од IV век.

Втората црква посветена на 15-те мартири е изградена врз моштите на петмина мартири од оваа група на бегалци по Брегалница. Моштите од Струмица, во катедралниот храм на Брегалница се пренесувани на двапати во времето на кнезовите Борис и Симеон. Монументалниот храм на Брегалница со инкорпориран крстовиден мартириум е откриен во Крупиште. Со нивните мошти е формирана првата црковна организација кај Словените во Македонија. Тоа е епископијата на Брегалница, опслужувана со клер, на словенски јазик, од учениците на св. Климент.

Коцо Д., Миљковиќ Пепек П., Алексова Б., 1973, 43-44; Mikul~i} I., TIR, 121; Коцо Д., Миљковиќ Пепек П., 1978, 93-96; Грозданов Ц., 1983, 127-137; Алексова Б., 1989, 119-129; Алексова Б., 1995, 161-169. (Б.А.)

**Струмица – Тивериопол**, градска населба од доцноантичкото и старохристијанското време.

Големиот старохристијански црковен центар со епископско седиште – градот Струмица, бил расположен источно од Вардар и се верува дека бил наследник на епископското седиште Тивериопол. Ваквото мислење го има прифатено угледниот учен Л. Пети како истражувач на Струмичката епископија и на црквата Богородица Елеуса. На византиската традиција, според која Струмица порано се викала Тивериопол, укажуваат следниве податоци: списоците на градовите што го промениле името, Теофилакт Охридски; подоцнежните нотиции на епископот; натписот од црквата Св. Богородица Елеуса во селото Вељуса, северно од Струмица, од 1080 година, и атоската повелба од 1286 година. Изнесеното мислење на К. Иричек, дека со легендата за култот на Петнаесетте маченици било пренесено и името на градот Тивериопол од Фригија, го прифаќа Ф. Папазоглу и заклучува дека град со име Тивериополис во Македонија не постоел.

Минатото на градот Струмица не е доволно истражено. Меѓутоа, археолошките откритија во самиот град и во неговата блиска околина даваат мошне значајни резултати. Во самиот град и во неговите предградија се откриени траги од населби и многубројни архитектонски споменици од доцноантичкиот и средновековниот период. Треба да се спомене откривањето на комплексот црквени градби на Петнаесетте тивериополски маченици, потоа црквата посветена на Четириесетте мартири од Севастија во селото Банско. Истражуван е и комплексот цркви во Водоча, како и црквата во Вељуса.

Досега откриените споменици укажуваат дека Струмица во доцноантичкиот старохристијански период претставувала едно од големите епископски седишта во областите северно од Тесалоника и значајно средиште за покрстување и поклонение. Големиот број на црковни градби придонел Струмица и во словенскиот период да ја продолжи традицијата на градот како мошне значајна епископска епархија.

Jiri~ek K., 1897, 65-71; Папазоглу Ф., 1957, 254-255; Коцо Д., Миљковиќ Пепек П., Алексова Б., 1973, 43-44; Миљковиќ Пепек П., 1975; Коцо Д., Миљковиќ Пепек П., 1978, 83-96; Миљковиќ Пепек П., 1981; Грозданов Ц., 1983, 132-133; Алексова Б., 1989; Коцо Д., Миљковиќ Пепек П., 1989, 65; Цицимов А., 1989, 115; Aleksova B., 1995, 161. (Б.А.)

**Цареви Кули**, тврдина од доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на јужната страна над градот, на доминантна височина што се издига за околу 150 m над поројните долови Св. Илија и Коритниче,

издолжена околу 100 m во правец исток-запад. Ерозивните води ја одделиле височинката од околниот терен, особено на источната и западната страна. На врвот има рамно плато оградено со остатоци од одбранбен ѕид што ја следи конфигурацијата на теренот речиси по една иста изохипса. На северната и на дел од источната страна пред тврдината се наоѓал издаден одбранбен ѕид. Според остатоците, најдобро биле заштитени северната и јужната страна кои се и најпристапни. Главниот влез се наоѓал на јужната страна и бил организиран меѓу две правоаголни кули. Пред влезот постоел подвижен мост што го премостувал длабокиот дол, а тврдината ја поврзувал со гребенот на останатиот дел од теренот. На платото се наоѓа повеќекатна полигонална кула, прилично добро зачувана, од која се вршело приспособувањето на одбраната. Источно од неа има цистерна со димензии од 10 x 5 m, од внатрешната страна премачкана со хидростатичен малтер. Во рамките на тврдината на површината се среќаваат фрагменти од садова и градежна керамика, со временска припадност од IV до XVI и XVII век, односно до времето кога престанала да функционира. На источната страна, под бедемот има мало плато на кое се забележуваат фрагменти од керамички садови од енеолитското време.
Јовановић М., 1961, 103. (Ј.А.)

Цареви Кули, Струмица. – Една од средновековните кули

## 41. СУШЕВО

**Граница – Чука**, населба од доцноантичкото време. На 2 km северно од селото, на висок рид со доминантна местоположба, на простор од 70 x 50 m има големи грамади од насобрани камења, фрагменти од питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Манастир**, базилика од старохристијанското време. На 500 m западно од селото се гледаат темели на старохристијанска базилика која е значително оштетена. Темелите се градени од камен и варов малтер. (А.К.)

## 42. СУШИЦА

**Искрово – Грнчар**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 4 km источно од селото, на една висорамнина што зафаќа поголем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На едниот крај на локалитетот се откриени гробови градени од големи камени плочи. (А.К.)

**Козарник**, населба од доцноантичкото време. На 500 m северозападно од селото, на простор од околу 5 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Најдени се и неколку монети.
Керамидчиев А., 1961, 113; Mikul~i} I., TIR, 122. (А.К.)

## 43. ТРЕБИЧИНО

**Дервен**, населба од доцноантичкото време и средниот век. На 2,5 km југоисточно од селото, во нивите на Г. Веселинов се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Дрибол**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 1 km јужно од селото, во нивите на В. Јанакиев и В. Илиев се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Според кажувањето на сопствениците на нивите, при орањето биле откриени темели од објекти и гробови градени од големи камени плочи. (А.К.)

**Требичино**, осамен наод од римското време. Од непознато наоѓалиште во атарот на селото потекнува мала плочка од ситнозрнест мермер со релјефна претстава на воин, поставен простум и ан фас. Облечен е во долга кошула со куси ракави и долги панталони, на градите му виси медалјон, а во десната рака држи копје. Плочката се чува во Заводот и музеј во Струмица.
Санев В., 1964, , 107. (В.С.)

## 44. ХАМЗАЛИ

**Говедарник**, населба од доцноантичкото време. На 1 km источно од градиштето, кај селото Чанаклија, на една мала тераса се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Тумба**, населба од доцноантичкото време. Непосредно до асфалтниот пат Струмица-Хамзали, при изградбата на управната зграда на ЗИК „Хамзали“ се откриени повеќе питоси кои се чуваат во дворот на управната зграда. (А.К.)

### 45. ЧАНАКЛИЈА

**Градиште**, градиште од доцноантичкото време. На 3 km североисточно од селото, на висок рид со димензии од 200 x 50 m се зачувани остатоци од бедем граден од камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината се забележуваат темели од неколку помали објекти. (А.К.)

**Мездра**, депо од 72 златни чанковидни монети и една бронзена чанковидна монета, сите од XII-XIII век. Присутни се монети од Исак II Ангел (1 златна), Јован III Ангел Дука Ватац (57 златни и една бронзена) и Михаил VIII Палеолог (17 златни). Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Струмица.
Mandi} Lj., Ananiev J., 1994, 155-176. (J.A.)

### 46. ШТУКА

**Тумба**, населба од доцноантичкото време и средниот век. На 1 km западно од селото, на пространа тумба во селските ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (А.К.)

**Црквиште**, градиште од доцноантичкото време и старохристијанска црква. На 4 km северно од селото, на висок рид со зарамнето плато и со простор од 100 x 150 m се зачувани темели од одбранбен бедем граден од камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината се гледаат темели од помали објекти и еден резервоар за вода. Исто така, има и темели од старохристијанска црква. (А.К.)

# XXIX. ТЕТОВО


1. Беловиште ... 417
2. Блаце ... 418
3. Боговиње ... 418
4. Бозовце ... 418
5. Брвеница ... 418
6. Брезно ... 418
7. Волковија ... 418
8. Вратница ... 418
9. Глоѓи ... 419
10. Голема Речица ... 419
11. Горна Лешница ... 419
12. Горно Палчиште ... 419
13. Гургурница ... 419
14. Доброште ... 419
15. Долно Палчиште ... 419
16. Долно Седларце ... 420
17. Желино ... 420
18. Жилче ... 420
19. Јажинце ... 420
20. Јанчиште ... 420
21. Јегуновце ... 420
22. Камењане ... 421
23. Копанце ... 421
24. Ларце ... 421
25. Лешок ... 421
26. Луковица ... 422
27. Нераште ... 422
28. Новаке ... 422
29. Орашје ... 422
30. Пирок ... 422
31. Подбреге ... 423
32. Прељубиште ... 423
33. Радиовце ... 423
34. Раковец ... 425
35. Раотинце ... 425
36. Рогле ... 425
37. Сараќино ... 425
38. Седларево ... 425
39. Синичане ... 425
40. Сиричино ... 425
41. Слатино ... 425
42. Старо Село ... 426
43. Стенче ... 426
44. Стримница ... 426
45. Теарце ... 426
46. Теново ... 426
47. Тетово ... 427
48. Туденце ... 428
49. Фалише ... 428
50. Челопек ... 428
51. Џепиште ... 428
52. Шемшево ... 428
53. Шипковица ... 428


### 1. БЕЛОВИШТЕ

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На северозападниот раб на селото се издига висок рид со стрмни падини што доминира над околниот терен. На врвот има остатоци од тврдина со кули и подградие. Според начинот на ѕидањето на бедемот, најнапред била заштитена северната страна, а подоцна јужната. Тврдината има неправилна триаголна основа со димензии од 120 m во правецот север-југ и 50 m во правецот исток-запад. Во подградието се распознаваат темели од објекти, а во цитаделата има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, а биле најдени монети од IV и V век.
Алексова Б., 1959, 225. (С.К.)

**Поле**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km јужно од селото се гледаат остатоци од поголема селска населба – викус. Со орањето на нивите на површината е исфрлен голем број фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и кршен камен. (С.К.)

## 2. БЛАЦЕ

**Змијанец**, средновековна населба. На 2 km југозападно од селото, во нивите се откриени темели од градба, а има и голем број фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и кршен камен. (С.К.)

**Самовилска Вода**, сакрален објект од старохристијанското време и средниот век. На падините на Сува Гора, оддалечени 2 km југоисточно од селото, има урнатини од сакрален објект врз кој е изградена нова црква. Од постариот објект има остатоци од архитектонска пластика од мермер. Во Музејот на тетовскиот крај се чува столпче со капител, изработено од мермер. (С.С., Б.А.)

## 3. БОГОВИЊЕ

**Попово Маало**, црква и некропола од доцниот среден век. На западниот раб на селото, при изградбата на станбени објекти мештаните откриле повеќе гробови градени со камени плочи. Во историските извори се споменува постоење на стара црква.
Трифуноски Ј., 1976. (С.К.)

**Топлица**, некропола од железното време. Јужно од селото, под патот и железничката пруга, со орањето на нивите биле откриени повеќе гробови градени од камени плочи, во кои имало предмети од бронза и железо. (С.К.)

**Црквиште**, средновековна црква. На западната страна од селото се гледаат урнатини од стара напуштена црква околу која се среќаваат делови од мермерна архитектонска пластика. (Б.А., С.С.)

## 4. БОЗОВЦЕ

**Јеленце**, средновековна некропола. Во непосредната близина на воденицата, која е северно од селото, биле откриени гробови градени со камени плочи. На површината наместа се среќаваат фрагменти од керамички садови. (С.К.)

## 5. БРВЕНИЦА

**Тумба**, населба од неолитското време. Претставува вештачка височинка што се наоѓа на 2 km источно од селото на левиот брег на Вардар. По површината има фрагменти од керамички садови, орудија од кремен и камен и парчиња од куќен лепеж. Водите на реката имаат направено поткоп висок 5 m во кој се гледа стратиграфски пресек на повеќеслојна неолитска населба. (С.К.)

## 6. БРЕЗНО

**Селиште**, средновековна црква со некропола. На 1 km западно од селото се наоѓа црква во урнатини и околу неа гробови од камени плочи. Црквата има димензии од 6 x 4 m и е градена од кршен камен и варов малтер.
Алексова Б., 1959, 217-236. (С.К.)

## 7. ВОЛКОВИЈА

**Рудина**, населба од доцноантичкото време. Западно од селото, под патот што води за селото Чегране, по површината на нивите има градежен материјал и фрагменти од керамички садови и питоси. Во 1967 година бил откопан голем питос кој се чува во Музејот на тетовскиот крај. (С.К.)

**Смрдешница**, средновековна населба и некропола. Источно од селото, на падините на Сува Гора се гледаат темели од градби и во нивната близина камени плочи од гробни конструкции. Има и фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. Според историските извори, на овој простор се наоѓало некогашното село Смрдешница.
Трифуноски Ј., 1949, 155. (С.К.)

## 8. ВРАТНИЦА

**Кале – Мали Орман**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 3 km северозападно од селото, кај утоката на Ливадичка Река во Љуботенска Река се издигаат стрмни карпи на кои има издолжено плато опкружено со остатоци од бедем ѕидан од кршен камен и варов малтер. Населбата има доминантна положба, со извонредно добар поглед кон околината. Освен со бедемот, природно е заштитена со стрмните падини, а преку седлото на северозападната страна е поврзана со планината Љуботен.
Алексова Б., 1959, 217; Mikul~i} I., TIR., 134. (С.К.)

**Св. Дуси**, средновековна црква. На северниот раб на селото се гледаат остатоци од ѕидови на мала црквичка.
Алексова Б., 1959, 217; Трифуноски Ј., 1976. (С.К.)

**Св. Петка**, средновековна црква. Северозападно од селото, во непосредната близина на денешната црква се гледаат остатоци од мала црквичка.
Алексова Б., 1959, 217; Трифуноски Ј., 1976. (С.К.)

**Тумба**, населба од римското време. Во селото, на просторот меѓу месностите Ливадице и Две Тумбе се наоѓаат фрагменти од керамички садови и множество градежен материјал. (С.К.)

**Црквиште Константин и Елена**, средновековна црква. Во месноста Честодубје, што се наоѓа на југоисточната страна на селото, има остатоци од црква со нартекс, долга 18,20 m и широка 4,20 m, градена од кршен камен и варов малтер. Нартексот е широк 10 m.
Алексова Б., 1959, 226. (Б.А.)

## 9. ГЛОЃИ

**Св. Врачи**, средновековна црква со некропола. Северно од селото, на мала височинка се наоѓаат остатоци од еднокорабна црква и околу неа камени плочи од гробни конструкции. (С.К.)

## 10. ГОЛЕМА РЕЧИЦА

**Дубрава**, населба од доцноантичкото време. Под железничката пруга, во нивите на Изаир Назими Али се среќаваат грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови, питоси и тегули, а најдена е и камена писцина. (Б.А., С.С.)

## 11. ГОРНА ЛЕШНИЦА

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На западниот раб од селото, од десната страна на Лешничка Река, на самата граница со Долна Лешница има висок рид со зарамнето плато на кое се распознаваат темели од објекти и од одбранбен бедем. На површината има грамади од кршен камен, фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Според местоположбата, населбата имала военостратегиско значење, да го штити преминот преку реката.
Петров Ѓ., 1896; Трифуноски Ј., 1976. (С.К.)

## 12. горно палЧиШте

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време. На северниот раб на селото, на падините на Шар Планина има висок рид што доминира над околниот терен. На врвот има зарамнето плато на кое се гледаат остатоци од бедем, грамади градежен материјал и фрагменти од керамички садови, питоси, покривни ќерамиди и друго. (Б.А., С.С.)

## 13. гургурница

**Црква**, средновековна црква и некропола. На северниот раб на селото, при изградбата на куќите биле откривани гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. Кај населението постои верување дека на ова место постоела црква. (С.К.)

## 14. доброШте

**Црквиште**, црква од доцниот среден век. Северно од селото, во непосредната близина на денешната црква се наоѓаат остатоци од стара еднокорабна црква што била посветена на св. Никола.
Трифуноски Ј., 1976. (С.К.)

## 15. долно палЧиШте

**Дрмник**, средновековна црква и некропола. На 2 km јужно од селото, на падините на Шар Планина има мала височинка што доминира над околината. На површината има остатоци од црквичка со мали димензии, околу која се гледаат камени плочи од гробни конструкции. (С.К.)

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. Над селото, на еден висок рид со зарамнето плато се гледаат траги од одбранбен бедем, грамади од градежен камен и фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. (Б.А., С.С.)

**Тумба**, населба од неолитското време. Лежи во северниот дел на Полошката Котлина, 1,5 km западно од патот Тетово-Гостивар. Димензиите на тумбата се 140 x 100 m во основата и височина 3 m над околната рамнина. Земјата е извонредно богата со бујна вегетација поради плодноста и изобилството на вода од многуте поточиња што се слеваат од Шар Планина. Во 1987 година Музејот на Македонија извршил сондажно ископување со кое се констатирани остатоци од повеќеслојна населба. Културниот слој на населбата е 3,50 m, со шест наслојувања од кои првите четири се од неолитското време. Подвижниот археолошки материјал го карактеризира добро познатиот керамички фонд од скопскиот неолитски круг на културната група Анзабегово-Вршник. Тоа се, пред сè пехари со кафеаво сликани вертикални дебели и танки линии и спирали што алтернираат, црвената и сивата мазнета канелирана керамика и секако жртвениците од типот на Големата Мајка. Неолитскиот слој културно и хронолошки се вклопува во периодизацијата на Анзабегово-вршничката културна група, во фазите II-IV. Последните два слоја се од енеолитското време, на што укажува присуството на шнур-орнаментика со бела инкрустација и керамиката со црвена боја. Поради преорувањата, што се доста длабоки, овие слоеви не се интактни и тешко се следат.
Здравковски Д., Саржоски С., 1989, 43; Саржоски С., Здравковски Д., 1991, 131-144. (Д.З.)

Тумба, с. Долно Палчиште. – Детаљ од Големата мајка – жртвеник од средниот неолит

## 16. ДОЛНО СЕДЛАРЦЕ

**Дубрава**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km северозападно од селото, по површината на нивите се наоѓаат остатоци од темели на градби и фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (С.К.)

**Крушевица**, населба од доцноантичкото време. На 2 km југоисточно од селото, непосредно крај потокот, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. Оттука потекнува еден питос што се чува во Музејот на тетовскиот крај. (С.К.)

**Тумба**, населба од неолитското време. Југоисточно од селото, во непосредната близина на црквата, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, орудија од камен и кремен и фрагменти од куќен лепеж. (С.К.)

## 17. ЖЕЛИНО

**Бело Поле**, населба од неолитското и римското време и средниот век. Северозападно од селото, на десниот брег на реката Вардар, на висока доминантна тераса се наоѓа множество фрагменти од неолитски керамички садови, орудија од камен и кремен и во помала мера фрагменти од керамички садови и питоси од римското време и средниот век.
Грбић М., 1954, 110; Mikul~i}., TIR, 136. (С.К.)

**Градиште**, населба од бронзеното и доцноантичкото време. Над селото се издига висок рид што доминира над околниот терен. На зарамнетото плато се среќаваат фрагменти од керамички садови од бронзеното време, како и керамички садови, питоси и градежен материјал од доцноантичкото време.
Грбић М., 1954, 110; Mikul~i} I., TIR, 136. (С.К.)

**Грамаѓе**, населба од доцноантичкото време. На околу 2 km северно од селото, во нивата на Бајрам Исеини се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал. (С.С., Б.А.)

## 18. ЖИЛЧЕ

**Просечник**, населба од римското време. Од десната страна на патот што води за селото Лешок, по површината на нивите се наоѓа множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Б.А.)

## 19. ЈАЖИНЦЕ

**Црквиште**, средновековна црква и некропола. Според историските извори, на горната страна на селото постоела црква посветена на св. Спас. На површината се гледаат големи камени плочи од гробни конструкции и фрагменти од керамички садови.
Селишчев А.М., 1929; Новаковић С.Т., 1906. (С.К.)

## 20. ЈАНЧИШТЕ

**Тумба**, населба од римското време. На околу 1 km јужно од селото, од левата страна на патот за селото Прељубиште, во нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.К.)

**Ќерамидница**, населба од римското време. Во непосредната близина на железничката пруга, од нејзината лева страна се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многуброен градежен материјал. (С.К.)

## 21. ЈЕГУНОВЦЕ

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. Источно од селото, на десниот брег на Вардар, на висок карпест рид со зарамнето плато се наоѓаат остатоци од одбранбен бедем. По површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многуброен градежен материјал, а се гледаат и темели од повеќе објекти.
Алексова Б., 1959, 217; Mikul~i} I., 1971a, 466; Mikul~i} I., TIR, 66. (С.К.)

**Кај Фабриката** некропола од римското време. Во дворот на Металуршкиот комбинат „Југохром“, во текот на градежните работи во 1956 година се откриени гробови со конструкции од камени плочи – тип циста. Во еден од нив е најдена плоча со грчки

натпис во седум реда и необична релјефна сцена. Имено, лево стои постар маж со куса туника, со кренатата десна рака, а со левата става жртва над ара. Десно стои дете свртено кон арата, а потаму од него, сосема десно, се претставени маж и жена со превез на главата. Плочата се чува во Музејот на Македонија. (С.К.)

**Пештер**, некропола од доцниот среден век. На околу 2 km источно од селото, во подножјето на Жеден, на мала височинка се гледаат гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад. (С.К.)

## 22. КАМЕЊАНЕ

**Тумба**, утврдена населба од доцноантичкото време. Западно од селото, на падините на Шара има висок рид со зарамнето плато на кое се гледаат остатоци од темели на бедем, множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.К.)

## 23. КОПАНЦЕ

**Арбино**, населба од римското време. Покрај реката Бистрица, во нивата на Јордан Блажев се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (С.С., Б.А.)

**Петарница**, некропола од римското време. Јужно од селото, под патот за селото Туденце, при обработувањето на лозјата биле откриени гробови во кои, според кажувањето на жителите, имало гробни прилози што не се зачувани. (С.К.)

## 24. ЛАРЦЕ

**Брезница**, населба од доцноантичкото време. На околу 1 km јужно од селото, на еден поголем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Најдени се и повеќе монети што се чуваат во Музејот на тетовскиот крај. (С.К.)

**Кале**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. Североисточно од селото, покрај патот за селото Седларево има висок рид со зарамнето плато на кое се зачувани остатоци од населба, и тоа фрагменти од керамички садови, питоси и многу градежен материјал. (С.К.)

**Црква**, црква од доцниот среден век. На 500 m јужно од селото, на едно зарамнето плато на падините на Сува Гора се гледаат урнатини од црква со мали димензии. (С.К.)

## 25. ЛЕШОК

**Два Бреста**, населба од римското време. Се наоѓа на 2 km јужно од селото, под патот Тетово-Вратница, од неговата лева страна. Во 1953 година, во времето на садењето на овоштарникот биле откриени остатоци од темели на повеќе објекти и водоводна мрежа. Истата година и во 1979 година се извршени археолошки истражувања од страна на Музејот на Македонија и Музејот на тетовскиот крај при што е откриена и истражена вила рустика. Денес на површината сè уште се среќаваат фрагменти од керамички садови, луцерни, стаклени садови. Најдени се предмети од накит и монети од II-III век.
Алексова Б., 1959, 217; Mikul~i} I., 1971a, 467; Mikul~i} I., TIR, 78. (С.К.)

**Кале,** утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на северната страна на селото, на ридот со стрмни карпести страни што се издига во подножјето на планината. Под него тече Лешочка Бистрица низ чија долина минува патот за Шара што продолжува кон Метохија и Јадран. Врвот на Кале е зарамнет, со форма на трапез (со димензии од 170 x 75 m), со површина од околу 1 хектар. На северозападниот агол се наоѓа главната кула, а на источната страна имало две кружни кули, според планот од Р. Груиќ. Во средниот век бедемите биле неколкупати обновувани и доградувани. Покрај многубројниот градежен материјал што и денес се гледа, во подножјето биле најдени гробови од доцноантичкото време, монети од IV и VI век, византиски скифати и средновековни српски монети.
Грујић Р., 1933, 33; Дероко А., 1950, 191; Алексова Б., 1959, 217; Микулчиќ И., 1982б, 35-61; Томоски Т., 1982, 69-81. (Б.А., С.К.)

**Леска**, населба – викус од доцноантичкото време и базилика од старохристијанското време. На 800 m јужно од тврдината Кале, по површината на нивите се среќава множество фрагменти од керамички садови, питоси, делови од мермерни столбови и капители. Најдени се три депоа на бронзени монети од V, VI, X и XI век (скифати), што се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.
Грујић Р., 1933, 33; Алексова Б., 1959, 217; Mikul~i} I., 1971a, 467; Mikul~i} I., TIR, 78. (С.К.)

**Лешок**, депо на средновековни монети. Во атарот на селото случајно се откопани 270 бакарни скифати од XII-XIII век. Монетите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (J.К.)

**Млака**, средновековна некропола. На една мала височинка западно од селото, при орањето на нивите биле откриени гробови градени од камени плочи, со ориентација запад-исток, без гробни прилози.
Алексова Б., 1959, 217. (С.К.)

Кале, с. Лешок. – Населба од доцноантичкото време и средниот век (В.Л.)

**Пепело**, населба од римското време. Во нивите што се наоѓаат на околу 4 km југоисточно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал.
Алексова Б., 1959, 222; Mikul~i} I., 1971a, 467; Mikul~i} I., TIR, 78. (С.К.)

**Црквиште**, комплекс на средновековни цркви. Северно од селото, во непосредната близина на Лешочкиот манастир има остатоци од 7 еднокорабни цркви, кои, според преданието, биле посветени на св. Петка, св. Илија, св. Врачи, св. Никола, св. Атанасиј, св. Ѓорѓија и св. Димитрија.
Грујић Р., 1933, 33; Алексова Б., 1959, 217. (С.К.)

**Црници**, некропола од римското време. Се наоѓа на околу 1 km јужно од селото, во овоштарникот на ЗИК „Тетово“. Во 1970 година со земјоделските работи биле откриени обработени блокови од мермер, плоча со грчки натпис од мермер и женска глава, исто така изработена од мермер. Наодите се чуваат во Музејот на тетовскиот крај.
Mikul~i} I., 1971a, 468; Rendi}-Mio~evi} D., 1989, 30. (С.К.)

## 26. луковица

**Глобочица**, средновековна некропола. Северно од селото, на падините на Сува Гора, на површината се распознаваат покривни плочи од гробови со ориентација запад-исток. (С.К.)

## 27. нераШте

**Чалија – Стојанов Дол**, населба од доцноантичкото време. На еден простор југоисточно од селото се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. (С.К.)

## 28. новаке

**Црква**, средновековна црква и некропола. На мала височинка, оддалечена 200 m јужно од селото, се наоѓаат остатоци од мала еднокорабна црква што била посветена на св. Никола. Околу неа се гледаат камени плочи од гробни конструкции.
Алексова Б., 1959, 217. (С.К.)

## 29. ораШје

**Орашко Кале – Собри**, утврдена населба од доцноантичкото време и средниот век со црква и некропола. Се наоѓа на околу 3,5 km јужно од селото, на еден висок рид (кота 715) што доминира над Дервенска Клисура. На врвот има остатоци од темели на бедем и одбранбени кули ѕидани од кршен камен и варов малтер, а во внатрешноста темели од повеќе мали објекти, фрагменти од керамички садови и расфрлен градежен материјал. Најдени се и монети од IV и V век. Во подножјето на тврдината од северната страна има остатоци од црква и околу неа гробови со камени конструкции. Тврдината под името Хисар постоела и во XV век.
Цвијић Ј., 1911; Дероко А., 1950; Алексова Б., 1959, 217; Томоски Т., 1976, 64; Трифуноски Ј., 1976; Микулчиќ И., 1982б, 135-138. (С.К.)

## 30. пирок

**Сред село**, населба од доцноантичкото време. При изградбата на станбените куќи и со градинарските

работи во дворовите биле откриени темели од повеќе објекти. На површината има повеќе фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Б.А., С.С.)

## 31. подбреге

**Манастириште**, старохристијанска базилика и средновековна црква. На околу 2 km западно од селото, во близината на железничката пруга се наоѓа црква во урнатини, а непосредно до неа архитектонска пластика од мермер и камен: столбови, плочи, големи делкани блокови и друго.
Тетово, 1982; Mikul~i} I., TIR, 102. (С.К.)

## 32. прељубиШте

**Брезјанско Нивче**, населба од доцноантичкото време. Западно од селото, во нивата на Б. Настевски, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, имбрекси и градежен материјал. (С.К.)

**Три Тумби**, населба од неолитското време. Во средишниот дел на селото, во непосредната близина на трафостаницата се гледаат три тумби кои делумно се оштетени со изградбата на станбените објекти и на трафостаницата. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж и камени и кремени орудија. (С.К.)

## 33. радиовце

**Црквиште – Попови Ливади**, населба од доцноантичкото време. Југозападно од селото, при обработувањето на нивите се откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.К.)

Орашко Кале, с. Орашје. – Населба од доцноантичкото време и средниот век (И.М.)

### 34. раковец

**Мурје**, населба и црква од средниот век. На околу 200-300 m западно од селото, на голема површина се среќаваат грамади од кршен камен и покривни ќерамиди, а видливи се и остатоци од еднокорабна мала црква. (С.К.)

### 35. раотинце

**Арбино**, населба од доцноантичкото време. Западно од селото, покрај поранешното корито на реката Бистрица, при обработувањето на земјата биле откриени темели од објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.К.)

### 36. РОГЛЕ

**Кале**, кастел од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 110. (Д.Г.)

**Кука – Маја Кисес**, утврдена населба од раноантичкото и доцноантичкото време и црква од старохристијанското време. На 1 km североисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато, што доминира над околината, се гледаат темели од повеќе објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови (сликани вази со црн фирнајс). Околу целото плато се гледаат темели од бедемот и кулите, градени од кршен камен и варов малтер. Во северозападниот дел на тврдината е откриена старохристијанска црква со мозаичен под. Во подградието на североисточната и јужната падина се среќаваат многу фрагменти од керамички садови, питоси и згура од топено железо. Најдени се и бронзени монети од IV и V век.
Микулчиќ И., 1982б, 100. (С.К.)

**Марков Ѕид**, населба од римското време. Северно од селото, на карпест рид со зарамнето плато што ги затвора долината на реката Фум и патот што води низ неа, се гледаат остатоци од ѕидови. Во јужното подножје, на повеќе тераси се гледаат темели од повеќе објекти, а по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и многу згура од топена хромна руда.
Микулчиќ И., 1982б, 101. (С.К.)

**Проj Роглес**, населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. Северно од селото, во нивите на Сејфула Асан, на блага падина со зарамнето плато се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал. Во една просторија на поголема градба, можеби црква, се откриени остатоци од мозаичен под со полихромни тесели. (С.К.)

### 37. САРАЌИНО

**Тумба**, населба од неолитското време. Од десната страна на патот што води кон селото, по површината на повеќе ниви се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж, орудија од камен и кремен.
Грбић М., 1954, 110. (С.К.)

### 38. седларево

**Брдо – Кодраналът**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 2 km југоисточно од селото, на висок рид со зарамнето плато што доминира над непосредната околина, се гледаат остатоци од одбранбени бедеми и кули. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови и грамади од градежен материјал. Бедемот е ѕидан од делкани камења без малтер. (С.К.)

### 39. синиЧане

**Црква**, средновековна црква и некропола. На 500 m северно од селото, на зарамнето плато се наоѓаат остатоци од еднокорабна црква со мали димензии, а по површината се распознаваат покривни плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. (С.К.)

### 40. СИРИЧИНО

**Буце**, некропола од доцноантичкото време. Источно од селото, во непосредната близина на селското училиште се откриени гробови градени од камени плочи и питоси. (С.К.)

**Матеички Дол**, депо на средновековни монети. Во атарот на селото, во 1935 година е откриено депо со бакарни византиски скифати од XII-XIII век. 163 монети се чуваат во збирката на Музејот на Македонија во Скопје, а според кажувањето на жителите, во депото имало повеќе монети што се растурени меѓу селаните.
Алексова Б., 1955а, 18. (Б.А.)

### 41. СЛАТИНО

**Долги Грм**, вила рустика од римското време. Се наоѓа во месноста Св. Недела, оддалечена 2,5 km југоисточно од селото, на патот што води за селото Ратае. На овој простор со археолошките ископувања во 1953/54 година бил откриен квалитетно граден објект со 4 простории од кои во едната имало префурниум и хипокаустна конструкција под подот, како и одводен канал. Веројатно се работи за луксузна бања со траги од ѕидна декорација во рамките на една богата вила рустика. Најдени се садови уба-

во и грубо работени, две геми и друг градежен материјал.
Микулчиќ И., 1982б, 35-61. (Б.А.)

## 42. СТАРО СЕЛО

**Градиште**, населба од неолитското време. Северно од селото, во правецот на селото Рогачево, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, куќен лепеж и орудија од камен и кремен. (С.К.)

**Дубје**, некропола од римското и доцноантичкото време. На јужната периферија на селото, на една мала височинка се откриени гробови. При заштитните археолошки ископувања извршени во 1982 година се најдени бронзени монети, токи и друго. Наодите се чуваат во Музејот на тетовскиот крај. (С.К.)

**Цветков Рид**, населба од доцноантичкото време. Југоисточно од селото, под асфалтниот пат, на голема површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и множество градежен материјал. (С.К.)

## 43. СТЕНЧЕ

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време и старохристијанска базилика. Над источниот раб на селото се издига висок рид на чиј врв има зарамнето плато со површина од 180 x 20 m. Платото го опколуваат остатоци од бедем, наместа зачувани во височина и до 2 m. На површината се наоѓа голем број фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Во 1983 година, со заштитните ископувања делумно е откриена базилика со некропола, а во централниот дел на платото и цистерна за вода.
Петров Ѓ., 1896; Хаџи-Васиљевић Ј., 1938. (С.К.)

**Под селото**, населба од доцноантичкото време. Западно од селото, на десниот брег на реката Вардар, по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (С.К.)

## 44. СТРИМНИЦА

**Тумба – Суви Дол**, населба од доцноантичкото време. На левиот брег на реката Вардар, поточно, во нивите на тромеѓата помеѓу атарите на селата Фалише, Брвеница и Стримница се наоѓаат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и кршен камен.
Трифуноски Ј., 1976. (С.К.)

## 45. ТЕАРЦЕ

**Бигор Слатински**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m западно од селото, со земјоделските работи во нивите сопствениците откриле темели од ѕидови на повеќе објекти. На површината има голем број фрагменти од керамички садови, питоси и грамади од градежен материјал. Во 1954 година било извршено заштитно ископување.
Mikul~i} I., TIR, 124. (С.К.)

**Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На северниот раб на селото се издига височинка со стрмни падини и зарамнето плато на кое се гледаат остатоци од бедем, фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и многу камења.
Mikul~i} I., TIR, 124. (С.К.)

**Железничка станица**, населба од римското време. На околу 12 km јужно од селото, при изградбата на железничката пруга Тетово-Скопје биле откриени објекти градени од кршен камен и варов малтер. По површината има фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал.
Алексова Б., 1959, 217; Mikul~i} I., TIR, 124. (Б.А.)

**Марена**, населба од римското време и средновековна црква. На околу 500 m јужно од селото, во нивите што се наоѓаат под патот се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Во 1954 година, со истражувањата извршени од Археолошкиот музеј од Скопје, биле откриени урнатини од еднокорабна црква со нартекс и остатоци од живопис. Од локалитетов потекнува надгробна плоча со латински натпис која се чува во Музејот на тетовскиот крај.
Вулић Н., Сп. XCVIII, 471; Алексова Б., 1959; Mikul~i} I., TIR, 124. (С.К.)

**Црквиште**, средновековна црква со некропола. Во непосредната близина на железничката станица, при изградбата на пругата во 1952 година бил откриен дел од темелите на црква и 30 гроба градени од камени плочи, со ориентација запад-исток. Во гробовите имало белезици, прстени од бронза и други прилози, кои не се зачувани.
Алексова Б., 1959. (Б.А.)

## 46. ТЕНОВО

**Воденце**, населба од доцноантичкото време. Северно од селото, од двете страни на патот што поминува преку левиот брег на реката Вардар, во нивите има фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (С.К.)

**Кастел**, населба и некропола од доцноантичкото време. Јужно од селото, во подножјето на манастирот Св. Недела, по површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, градежен мате-

ријал, а според кажувањето на жителите, биле откопани и гробови. (С.К.)

## 47. ТЕТОВО

**Бањиче**, населба од доцноантичкото време. Во подножјето на Исарот – Кале, кај месноста Бањиче се откриени темели од повеќе објекти, а на површината има фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. (Б.А.)

**Бузане**, населба од доцноантичкото време. Во текот на земјените работи за изградба на куќата на Велко и Захарија Велјанови – Аврамови биле откриени темели од објекти, фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал. Слични остатоци имало и во соседните дворови. (Б.А.)

**Горно Теќе**, населба од римското време. На 4 km западно од градот, на ниските падини на Шара северно од теќето се насетуваат темели од градби, а по површината има фрагменти од керамички садови и питоси, како и градежен материјал. Била најдена и монета од Константин I.
Mikul~i} I., TIR, 124. (Б.А.)

**Дреноец**, населба од доцноантичкото време. Во лозјата што се од спротивната страна на црквата Св. Богородица, во 1954 година, со изведувањето на земјените работи биле откриени темели од повеќе градби, меѓу кои и еден хипокауст. По површината има грамади од градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси. (Б.А.)

**Исар – Кале**, утврдена градска населба од доцноантичкото време и средниот век. Се наоѓа на 2 km северозападно од градот, на помала карпеста височинка со стрмни страни што се издига над десниот брег на реката Пена. На врвот има зарамнето плато наведнато кон југ, со форма на триаголник со димензии од 180 x 130 m и површина од околу 1 хектар, целото опфатено со траса на темели од доцноантички одбранбен бедем. Најстарите траги, односно остатоци од ѕидовите на тврдината се големите блокови од бигор, правилно делкани, извадени со диви копања, кои потекнуваат од IV-III век пред н.е. Се претпоставува дека врз темелите на овие ѕидови подоцна, во доцноантичкото време, биле подигнати нови ѕидови цврсто градени од кршен камен и малтер. Тврдината била обновена во средниот век и подоцна во турскиот период. На јужниот крај во градиштето е откриен голем број фрагменти од хеленистички и доцноантички керамички садови, питоси и тегули. На истиот простор С. Радојчиќ регистрирал присуство на големи камени блокови, а Р. Груиќ рановизантиски монети. Утврдената населба на Хисар се поврзува со Оенеј, градот на Пенестите. Имено, Н. Вулиќ смета дека овој град, споменат од Тит Ливиј во врска со нападот на македонскиот крал Персеј на Пенестите во 169 година пред н.е., односно кој по навлегувањето во градот Ускана на вешт начин ја зазел и тврдината на Оенеј, се наоѓал на територијата на Тетово.
Радојчић С., 1932, 243-252; Грујић Р., 1933, 33; Вулић Н., 1934, 1-81; Алексова Б., 1959, 217; Mikul~i} I., TIR, 124; Микулчиќ И., 1982б, 35-61; Томоски Т., 1982, 69-81. (Б.А.)

**Св. Петка**, населба од римското време. На северниот излез од градот, покрај трасата на патот за селото Бањиче биле откриени остатоци од темели на градби од римското време. На површината се среќава многуброен градежен материјал. (Б.А.)

**Тетово**, осамен наод од доцнобронзеното време. Од семејството Серафимови, поточно од уметникот Вучковиќ, Археолошкиот музеј откупил меч случајно откопан во градот. Мечот е од микенски тип и се датира во XIV-XII век пред н.е. Излеан е од бронза и има долга танка форма. Бил наменет за парадни цели и веројатно како знак на достоинство ѝ припаѓал на истакната личност од Полог. Овој меч, заедно со ваквите наоди од Скадар, ги означува најсеверните простори до кои допирале производите од микенско-егејската област.
Јосифовска Б., 1966а, 17-18; Микулчиќ И., 1982б, 35-61. (Б.А.)

**Улица „Браќа Миладинови“**, објекти од римското време. Во 1951 години, при копањето на улична канализација биле откриени и пресечени остатоци од темели на градби. Повеќе зачувани тегули се прибрани во Музејот во Тетово.
Грбић М., 1954, 110; Mikul~i} I., TIR, 124. (Б.А.)

**Улица „ЈНА“,** објект од римското време. На плацот од куќата бр. 6 на оваа улица, во 1956 година, во времето на нејзините градбени работи биле откриени остатоци од темели на објект и статуа со претстава на мало девојче со откршена глава. Темели од објекти имало и во соседните дворови, а во еден била најдена и надгробна плоча со грчки епитаф. (Б.А.)

**Улица „Штипска“**, гробница од раноантичкото време. Пред речиси еден век, на плацот бр. 13 на оваа улица случајно била откриена гробница од која, според кажувањата на тетовчани, гробните прилози биле однесени во Цариград. Во 1933 година гробницата е одново отворена и истражена од С. Радојчиќ кој и првпат ја презентирал. Гробницата имала четвртеста основа со димензии од 5,31 x 3,51 m и висина од 1,85 m. Била градена многу квалитетно од делкани камени блокови, а одозгора затворена со засводен покрив кој бил урнат. Од гробни прилози се најдени бронзени парчиња од шлем, оклоп или штит, железни опкови и бронзена статуетка на танчарка – менада, украсен елемент на некаков сад од бронза, можеби кратер. Како придружничка на богот Дионис, претставена е со поткренати раце, како да игра, облечена во хитон и преку него наметната со не-

брис. Според изработката и стилот се датира во доцноархајскиот период, помеѓу 530 и 500 година пред н.е., и потекнува од ателјеата во Коринт или во јужна Италија. Присуството на менадата, монументалноста на гробницата и начинот на нејзиното градење упатуваат на тоа дека најверојатно во неа бил погребан еден од кнезовите на Полозите.
Радојчић С., 1933, 243; Vu~kovi} Todorovi} D., 1952, 29; Соколовска В., 1979, 95, 96. (Б.А.)

### 48. ТУДЕНЦЕ

**Црквиште**, црква од доцниот среден век. Југоисточно од селото, на мала височинка со зарамнето плато се гледаат остатоци од еднокорабна мала црква.
Алексова Б., 1959, 217. (С.К.)

### 49. ФАЛИШЕ

**Старо Село**, населба од доцноантичкото време. На околу 500 m југоисточно од селото, од обете страни на патот за селото Стримница, по површините на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси, тегули, имбрекси и друг градежен материјал. (С.К.)

### 50. ЧЕЛОПЕК

**Градиште – Брежине**, населба и некропола од доцноантичкото време. Источно од селото, на падините на Сува Гора, при обработувањето на земјата се откриени темели од повеќе објекти, а на површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Во непосредната близина се откриени и гробови. Од овој локалитет потекнува еден надгробен споменик што се чува во Музејот на тетовскиот крај. (С.К.)

### 51. ЏЕПИШТЕ

**Латинска Црква**, црква и некропола од средниот век. На 500 m северно од селото, на мало зарамнето плато на падините на Шара се наоѓаат остатоци од црква околу која има големи камени плочи од гробни конструкции. Жителите наоѓале во гробовите железни орудија кои сега се во Музејот на Македонија во Скопје. Според преданието, црквата била посветена на Благовештение.
Алексова Б., 1959, 217. (С.К.)

### 52. ШЕМШЕВО

**Сред село**, населба и некропола од доцноантичкото време. На периферијата на селото и западно од него се откриени темели од повеќе објекти, а по површината на нивите се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и множество градежен материјал. Според кажувањето на жителите, биле најдени и гробови. (С.К.)

### 53. ШИПКОВИЦА

**Црква**, средновековна црква и некропола. Во централниот дел на селото, во 1935 година, од страна на жителите на селото биле откриени темели од мала еднокорабна црква, а околу црквата гробови градени од камени плочи. Според кажувањето на жителите, во гробовите биле наоѓани бакарни пари, керамички садови и крстови.
Трифуноски Ј., 1976. (С.К.)

## XXX. ШТИП

1. Аргулица ... 428
2. Балталија ... 429
3. Батања ... 429
4. Брест ... 429
5. Врсаково ... 430
6. Голем Габер ... 430
7. Горачино ... 430
8. Горни Балван ... 430
9. Горни Козјак ... 430
10. Горно Трогерци ... 432
11. Доброшани ... 433
12. Долани ... 433
13. Долни Балван ... 433
14. Долни Козјак ... 434
15. Долно Трогерци ... 435
16. Драгоево ... 435
17. Калаузлија ... 435
18. Карбинци ... 435
19. Криви Дол ... 436
20. Крупиште ... 436
21. Лесковица ... 437
22. Ново Село ... 438
23. Ново Село (Штип) ... 438
24. Пенуш ... 439
25. Пиперово ... 439
26. Почивало ... 439
27. Пухче ... 439
28. Радање ... 440
29. Руљак ... 440
30. Сарчиево ... 440
31. Селце ... 440
32. Скандалци ... 441
33. Софилари ... 441

34. Стар Караорман ........................................ 441
35. Степанци ........................................ 442
37. Судиќ ........................................ 442
38. Таринци ........................................ 443
39. Топлик ........................................ 443
40. Три Чешми ........................................ 443
41. Хаџи–Хамзали ........................................ 443
42. Црвулево ........................................ 443
43. Црешка ........................................ 444
44. Чардаклија ........................................ 445
45. Шашаварлија ........................................ 445
46. Шопур ........................................ 446
47. Штип ........................................ 446

## 1. АРГУЛИЦА

**Селски гробишта**, могила од римското време. На самиот излез од селото, лево од патот за селото Црвулево, во гробиштата, кои се близу до училишниот двор, има могила со пречник во основата од 26 m и височина од 3 m. Според И. Венедиков, овде имало две могили. Во едната, прекопана од селаните во 1943/44 година, биле најдени две копја, фрагменти од стаклени лакримариуми и други предмети. Венедиков И., 1948, 90; Гарашанин М. и Д., 1959, 73. (В.С.)

Селски гробишта, с. Аргулица. – Могила од римското време

**Тупан Куле**, могила од римското време. Под врвот Селце од ридот Тупанец, десно од местото на кое патиштата од селата Аргулица и Карбинци се соединуваат со патот за селото Бурилчево, има зарамнето плато кое на западната страна се спушта кон полето. На неговиот североисточен крај има могила, прилично добро зачувана, со пречник во основата од околу 20,5 m, висока 2 m. Стотина метри северно од неа, лево од споменатиот пат, има уште една могила која е речиси целосно деформирана, така што не можат да ѝ се одредат димензиите. Според кажувањето на селаните, во XIX век овде имало зграда „Куле“ каде турските власти наплатувале патарина.
Санев В., 1961, 73. (В.С.)

## 2. БАЛТАЛИЈА

**Стар Бунар**, старохристијанска базилика. Под селото, на десната страна на широкото речно корито, во ливадата на К. Младенов се насетуваат темели од ѕидови кои формираат основа на објект со димензии од 18 x 10 m, поставен во правец исток-запад. Димензиите, ориентацијата и деловите од архитравна греда наведуваат на претпоставка за постоење на остатоци од базиликален објект. (В.С., З.Б.)

## 3. БАТАЊА

**Герен**, гроб од римското време. На источниот крај од селото, во долот наречен Герен, кој се наоѓа под ридот Кала, во 1947 година Т. Анушев, копајќи камен, открил надгробна плоча од гранит, висока 1,40 m, широка 0,40 m и дебела 0,10 m, човечки коски и обработен камен кој, според описот, личи на капак од урна. Во горниот дел плочата има едикула во која релјефно се претставени две возрасни и една детска фигура, доста лошо зачувани, а под неа има натписно поле со врежан грчки натпис во пет реда. Плочата се наоѓа во куќата на Анушев. (В.С.)

## 4. БРЕСТ

**Крундилов Дол**, населба од доцноантичкото време. На 1,5 km источно од селото, според кажувањата на В. Здравков, се наоѓаат остатоци од градежен материјал и парчиња од тули и тегули. (В.С., З.Б.)

**Плоча**, средновековно градиште. Претставува висок рид што се издига на патот Штип-Радовиш, од десната страна. Има зарамнето плато на кое се забележуваат остатоци од темели на бедем и фрагменти од керамички садови. Т. Томоски на ова место го лоцира средновековниот град Добрун.
Томоски Т., 1978, 285. (Б.С.,З.Б.)

**Црква Св. Пантелеј**, средновековна црква. На 1,5 km јужно од патот Штип-Радовиш, покрај патот за селото се наоѓа црква подигната во 1923 година врз постари темели. Според исказите на учесниците во градежните работи, биле најдени метални крстови и парчиња од камена пластика кои не се зачувани. На 30 m источно од неа се распознаваат темели од друг помал објект, наречен Крст, кој се почитува како свето место. Локалитетот и црквата ги споменува Т. Томоски поврзувајќи ги со средновековниот град Добрун на локалитетот Плоча.
Томоски Т., 1978, 285. (В.С., З.Б.)

**Шумнати Рид**, викус од доцноантичкото време. На 1 km северозападно од селото и десно од селскиот пат има блага падина со површина од 2 хектара на која

се среќаваат градежен камен, парчиња од тули, тегули и керамички садови работени на колце, со црвена и сива боја. Биле најдени и два питоса кои се чуваат кај В. Митков и М. Јорданов од истото село. (В.С., З.Б.)

## 5. ВРСАКОВО

**Судичка Река**, населба од доцноантичкото време. На 2 km североисточно од селото, десно од патот за селото Судиќ има рамнина која на источниот крај постепено паѓа кон Судичка Река. Во нивите на В. Николов, Љ. Стојанов и П. Јакимов, со површина од околу 4 хектара, има градежен камен, тегули и имбрекси, а биле раскопувани и темели од ѕидови. Исто така е присутен и голем број фрагменти од керамички садови, како и од пирамидални тегови од печена земја. Исти остатоци се забележуваат и на падините од левата страна на реката. (В.С., З.Б.)

## 6. ГОЛЕМ ГАБЕР

**Јумруташ**, утврдување од доцноантичкото време. Претставува висок рид што се издига над местото Крст. На врвот има зарамнето плато со површина од околу 30 декара. Според кажувањето на Таир Демир и Анифи Бекиров, пред повеќе децении постоеле остатоци од ѕидови кои го опкружувале целото плато, а во 1912/13 година бил откопан голем питос. Денес на површината се забележуваат само помали грамади од камења и друг градежен материјал. (В.С., З.Б.)

**Крст**, некропола од доцноантичкото време. На 800 m западно од селото, помеѓу ридовите Крсбаир и Батаклак, во нивите на Исмаил Ибраимов, пред околу 60 години со орањето биле откриени гробови ѕидани од тули, покриени со монолитни камени плочи, во кои скелетите биле добро зачувани, а имало и разни сатчиња. Денес на површината се забележуваат поголеми парчиња од плочи, тегули и тули. (В.С., З.Б.)

## 7. ГОРАЧИНО

**Горачино**, депо на монети од римското време. Во 1966 година во атарот на селото биле најдени повеќе бронзени монети од кои се зачувани 8 примероци, и тоа 4 од Антонин Пиј и 4 од Фаустина, искована во Пауталија. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Штип. (В.С., З.Б.)

**Ограѓе**, населба од доцноантичкото време и средновековна црква со некропола. Од левата страна на патот, пред самиот влез во селото, во нивите на Стоил и Киро Зафирови и Добре и Томе Апостолови, со земјоделските работи биле откриени остатоци од темели на објекти. По целата површина, која зафаќа простор од 1 хектар, има фрагменти од тегули и кршен камен. Во северниот крај на теренот се гледаат темели од мала црквичка и околу неа гробови со конструкции од камени плочи. Покрај нив се наоѓаат и денешните гробишта. (В.С., З.Б.)

## 8. ГОРНИ БАЛВАН

**Градиште – Богослов Камен**, утврдување од римското време. На оддалеченост од околу 1 km источно од селото, на платото на Богослов Камен се забележуваат дислоцирани камења и голем број ситни парчиња од тули и тегули од мало утврдување, особено видливи околу подигнатата противградобијна станица. (В.С., З.Б.)

**Градиште – Киово**, градиште од римското време и средновековна црква со некропола. На тромеѓата меѓу атарите на селата Горни Балван, Батања и Горно Трогерци се издига ридот Киово или Градиште. На врвот има зарамнето плато со димензии од околу 300 x 150 m, издолжено во правец север-југ, на кое се гледаат остатоци од темели на широки ѕидови од бедем, парчиња од тули и тегули. Во неговото подножје има малку поткренато плато на кое се наоѓа црквичката Св. Јован, изградена во 1948 година, и тоа врз постари темели. Според кажувањето на учесниците во работата, биле откопани и два гроба. (В.С., З.Б.)

**Лоза – Градиште**, утврдување од римското време. На 1,5 km јужно од селото, од левата страна на патот Штип-Кочани се издига висок рид што доминира над теренот и над коритото на реката Брегалница. На највисокиот дел има расфрлени камења, парчиња од тегули и друг градежен материјал кои претставуваат остатоци од помала фортификација. На падината од западната страна, во лозјето на ЗИК „Црвена ѕвезда“ биле вадени камења и тули. Овде, пред Втората светска војна, Ладе Ефремов откопал питос кој и денес го чува во својот двор. (В.С., З.Б.)

**Лозја**, осамен наод од бронзеното време. Од старите лозови насади што се наоѓаат на границата со атарот на Долни Балван потекнува масивна секира од базалтен камен, која, според начинот на обработката, е определена како бронзеновременска. Секирата се чува во Заводот и музеј во Штип. (Т.Н.)

## 9. ГОРНИ КОЗЈАК

**Кале – Градиште – Баргала**, утврдена населба од доцноантичкото време - епископски центар.

Според соопштенијата на Хиерокле, во провинцијата Македонија II Салутарис, во областите источно од реката Вардар се наоѓале градовите Баргала, Каленидин, Армонија и Запара. Градот

Баргала е познат и од актите на Халкедонскиот собор од 451 година, а како антички е посведочен и на еден натпис од 371 година, пронајден во околината на селото Карбинци, кој претставува спомен-плоча за подигањето на градската порта. Според овој натпис, градот се наоѓал во границите на Средоземна Дакија, а подоцна, според Хиероклевиот синкдем, припаѓал во Македонија Салутарис. Градот бил пајонска населба која во царскиот период го добила тракиското име.

Цивилната населба на Баргала од доцноантичкото време, расположена на левата страна на Козјачка Река, израснала во моќен црковен и културен центар во средниот тек на Брегалница, во IV-V век. Градот зафаќа правоаголен до трапезоиден простор од 280 x 185 m, со површина од 4,68 хектара, заграден со високи масивни бедеми, широки 2,20 m, градени од кршен камен и варов малтер. На сите четири агли се наоѓаат четвртести кули (три откриени), со зачувани ѕидови во висина и до 3 m. Приближно на средината на западниот бедем се наоѓа главниот двоен влез – porta principalis, кој се надоврзувал на главната улица – via principalis. Дефанзивната улога на Баргала е доста нагласена поради тоа што станала истовремено каструм и цивитас. Била бранета со цел систем на фортификациски кули и утврдувања, подигнати на околните височинки и ридови.

Баргала од релативно мала населба прераснала во организиран и напреден град во античкиот период, а подоцна, во доцноантичкото време, во моќен црковен центар и едно од главните епископски седишта по средниот тек на Брегалница. Тоа бил еден од влијателните градови во IV век за да достигне кулминација во својот развиток во Јустинијановото време. Како и многу градови во Македонија, градот настрадал од аварословенските инвазии. Наспроти тоа, тој бил набргу населен од словенските племиња, кои оставиле мошне видливи траги во него и во неговата блиска околина.

Цвијић Ј., 1906, 22-81; Honigmann E. Ed., 1939, 641; Венедиков И., 1948, 84; Папазоглу Ф., 1957, 245, 246; Алексова Б., 1967, 5-50; Алексова Б., 1969, 105 -114; Алексова Б., 1970, 13-21; Aleksova B., 1970; Алексова Б., 1970а; Aleksova B., Mango C., 1971, 265 -277; Микулчиќ И., 1972а, 349, 350; Алексова Б., 1975, 21-32; Алексова Б., 1975а, 75-85; Алексова Б., 1983, 85-119; Aleksova B., 1984/85, 61-71; Алексова Б., 1986а, 29-38; Алексова Б., 1989, 25-38.

*Епископска базилика*

Епископската базилика, откриена во текот на 1966-1970 година, се наоѓа во северозападниот дел на градот и претставува стандарден тип на старохристијански градби раширени во земјите на Медитеранот и во Македонија. Има трикорабна диспозиција, со внатрешен нартекс и егзонартекс. Централниот кораб е одвоен од страничните со по седум колони кои носеле импост-капители премостени со арки. На јужната страна на овој кораб има остатоци од амвон од типот ахериопитос познат во Солун. Подовите во црквата биле обложени со камени плочи, со иклучок на северниот кој има полихромен мозаик од крупни тесери. Особено раскошно бил решен подот во презвитериумот, со сиви и бели мермерни плочи распоредени во opus sectile. Во базиликата се влегувало од поплочениот под на западната страна, преку осум високи скалила и низ тричлена аркада, одвоена со колони, чии бази и капители лежат in situ. На еден од двата капитела има натпис на грчки јазик кој гласи „Христе, помогни му на твојот роб, епископот Хермија“.Овде епископот Хермија понизно се нарекува роб Христов, што претставува вообичаена формула. Меѓутоа, епископите Филип и Евстатиј од двете епископски базилики во Стоби го употребуваат најсвечениот епис-

Кале – Баргала. – Гулаб од старохристијански капител

копски епитет. Со ова тројцата епископи се обележени како ктитори на базиликите. Базиликата била подигната кон крајот на IV век, а била преѕидувана и ремоделирана во V-VI век, што се потврдува и со двете градежни фази констатирани во подот на презвитериумот. Од надворешната страна на северниот периметрален ѕид има баптистериум со две писцини. Оваа градба и нејзиниот внатрешен аранжман имаат две градежни фази.

Во западниот дел, во продолжение на баптистериумот е откриена mensae martyrum која служела за фунералните вечери agapae. Истражувањата на комплексот на базиликата, во чиј состав од јужната страна се наоѓа и градбата на консигнаториумот, укажуваат дека таа е подигната покрај култен објект со гроб на еден маченик, и тоа кон крајот на IV век.

На комплексот на Епископската базилика му припаѓаат градската писцина, епископската резиденција и станбениот комплекс со широк трем и импозантна колонада, подигнати покрај бедемот на тврдината.
Алексова Б., 1975, 21-32; Алексова Б., 1989, 41-69; Алексова Б., 1995, 131-140.

*Extra muros базилика*

Западно од градските бедеми на Баргала во текот на 1984 година е откриена една од extra muros базиликите. Објектот има трикорабна диспозиција, со широка издадена апсида во која се зачувани остатоци од синтронос. Во апсидата се најдени траги од изграден lokulus во кој бил сместен реликвијарот крипта. Базиликата има нартекс и егзонартекс. Подот во наосот е обложен со камени плочи на кои има орнамент, луксузно решен, опточен со бордура изведена во opus sectile.

Богатата архитектонска декоративна пластика, по својот стил на обработка и избор на мотиви, укажува на старохристијански објект изграден кон крајот на IV век.
Алексова Б., 1995, 141. (Б.А.)

**Црква Св. Ѓорѓи,** средновековна црква и некропола. Се наоѓа надвор од тврдината на Баргала, покрај јужниот бедем и југоисточната кула. Црквата е подигната во IX-X век, во времето на покрстувањето на Словените по долината на Брегалница. Во основата има план на впишан крст во квадрат со нартекс. Градена е од кршен камен со варов малтер и со многу доцноантички сполии, донесени од урнатините на градот Баргала. На внатрешната страна на ѕидовите има остатоци од живопис во три слоја. Од најстариот живопис има мали траги, од вториот е фреската на Христос Антифонитис-Герантор, датирана во XIII век, а најмладиот живопис е од XIV век кога целата црква била живописана. Околу црквата има некропола со гробови од камени конструкции. Археолошките ископувања покажале дека погребувањето е на повеќе нивоа, изведено во гробни дупки или гробови со камени конструкции, и тоа почнувајќи од VII век сè до втората деценија на овој век. Има спорадични индиции и за гробови со кремирани покојници. Посебно за одбележување е тоа што оваа некропола ги даде првите материјални наоди од времето на населувањето и стабилизацијата на Словените во брегалничкиот регион, а истовремено и податоци за разјаснување на проблемот за изградбата на црквата.
Балабанов К., 1959, 121; Алексова Б., 1967, 5-82; Расолкоска Николовска З., 1970, 219-226; Расолкоска Николовска З., 1975а, 125-139; Белдедовски З., 1990, 45. (В.С., З.Б.)

## 10. ГОРНО ТРОГЕРЦИ

**Градиште**, утврдување од доцноантичкото време. На северниот крај од селото постепено се издига висок рид со заоблен врв од кој се шири поглед кон Овче Поле на едната страна и Злетовска Река на другата. Според кажувањето на селаните, до скоро време на платото имало остатоци од темели на широки ѕидови. Денес на површината се забележуваат парчиња од дебели тули и друг градежен материјал. (В.С., З.Б.)

**Црква Св. Дух**, осамен наод од доцноантичкото време. Од двете страни на главниот влез во селската црква се вградени столбови од кои едниот има добро изработени торуси. Не се знае од кое место биле донесени столбовите. (В.С., З.Б.)

## 11. ДОБРОШАНИ

**Гробишта**, средновековна некропола. На 600 m северно од селото, покрај коритото на суводолицата Слатински Дол се откриени гробови со ориентација исток-запад и со различни конструкции. Едни се од камени плочи, а други од реден камен, со и без покривни плочи. (В.С., З.Б.)

## 12. ДОЛАНИ

**Дива Топола**, населба од доцноантичкото време. Помеѓу 10-тиот и 11-тиот колометар на патот Штип -Струмица, од десната страна, во нивата на Веселин Богатинов се наоѓаат остатоци од кршен камен, малтер, како и фрагменти од керамички садови. Теренот е рамнина со мал пад кон десниот брег на реката Лакавица, оддалечена 100 m западно.
Санев В., 1961, 75; Mikul~i} I., TIR, 44. (В.С.)

**Ерџелија**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа во непосредната близина на локалитетот Кале – Градиште. На мала површина се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули, тули и градежен камен од мала населба.
Грбиќ М., 1954, 126; Mikul~i} I., TIR, 44. (В.С., З.Б.)

**Јаребичова Вода**, водовод од доцноантичкото време. На 400 m источно од селото, покрај чешмата, М. Ангелов открил керамички тубули од водовод кој веројатно бил поврзан со утврдената населба на локалитетот Кале – Градиште. (З.Б.)

**Кале – Градиште**, утврдена населба од доцноантичкото време. На 1,5 km јужно од селото се издига висок рид што доминира над околниот терен. Североисточно од него е ридот Руса, одвоен со длабокиот дол Скоко, а јужно е ритчето Шумакот. На врвот има големо зарамнето плато со површина од 160 x 150 m, на кое по рабовите се гледаат остатоци од бедем широк 1,20 m, ѕидан од кршен камен и варов малтер. На западниот крај бедемот е зачуван во должина од 50 m и височина од 1 до 2,50 m. Во внатрешниот простор на населбата има остатоци од темели на помали објекти и многубројни градежни материјали.
Грбиќ М., 1954, 126; Mikul~i} I., TIR, 44. (В.С., З.Б.)

**Кутлевец**, населба од римското време. Се наоѓа на 12-тиот километар од двете страни на патот Штип-Радовиш, на десниот брег на реката Лакавица, во близината на доланските трла. Теренот е рамнина, на југоисточниот крај опкружена со мали височинки, на која по површината има фрагменти од керамички садови со сива боја и фрагменти од тегули. Најдени се и остатоци од темели на грнчарска фурна.
Санев В., 1961, 75; Mikul~i} I., TIR, 44. (В.С.)

**Рамниште**, населба од римското време. На околу 100 m јужно од селото, на една мала височинка со зарамнето плато, кое зафаќа 1,5 хектар, се среќаваат фрагменти од керамички садови, тули, тегули и кршен камен. Во нивата на М. Ангелов биле најдени неколку монети од времето на Диоклецијан. Местото е познато уште под името Десетски Гумна. (В.С., З.Б.)

**Ќерамидница**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 1,5 km од патот Штип-Радовиш, на голема рамнина долга 500 m и широка 30 m, која лежи на левиот брег на реката Лакавица. По површината се среќаваат многубројни фрагменти од керамички садови работени на колце, со црвена и сива боја и со различно профилирани врат и уста. Најдени се и два пирамидални тега од печена земја.
Санев В., 1961, 75; Mikul~i} I., TIR, 44. (В.С.)

**Чука**, населба и некропола од доцноантичкото време. Се наоѓа на зарамнета тераса на левиот брег на реката Лакавица, оддалечена 1 km десно од патот Штип-Радовиш, со површина од околу 2 хектара. Според кажувањето на Ѓорѓи Михајлов, при орањето на нивите биле откривани темели од ѕидови, а Максим Ангелов откопал гроб со конструкција од камени плочи, без прилози. Денес на површината се забележуваат фрагменти од керамички садови, тегули и градежен материјал. (В.С., З.Б.)

## 13. ДОЛНИ БАЛВАН

**Врчва**, населба од доцноантичкото време. Во подножјето на северниот крај на ртот Ежов Рид, од неговата источна страна има простор од околу 5-6 хектара, малку поткренат и со широк поглед кон полето и селото. Речиси целиот е прекриен со расфрлени парчиња од тули, тегули и керамички садови работени на колце, со сива боја украсувани со орнаменти изведени со печати, кои се исфрлени на површината со перманентните земјоделски работи. Уште во педесеттите години селаните откопале две стебла од столбови, два коринтски капитела и база, сите изработени од зелен песочник, кои се чуваат во Заводот и музеј во Штип. Населбата лежи 2 km североисточно од селото, во нивата на ЗИК „Црвена ѕвезда", некогаш сопственост на семејството Кокошкарови.
Санев В., 1963, 109; Mikul~i} I., TIR, 45. (В.С., З.Б.)

**Стопански штали**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа близу до селото, од десната страна на реката Брегалница. На површината се среќаваат остатоци од темели на ѕидови, градежен материјал, како и фрагменти од керамички садови и питоси. Најдени се и неколку римски бронзени монети.
Mikul~i} I., TIR, 45. (В.С., З.Б.)

**Тугли**, населба од бронзеното и римското време. На 2 km северно од селото, десно од патот Штип-Коча-

ни има мала височинка издолжена во правец исток-запад, со површина од 300 x 200 m, која на источниот крај се надвиснува над коритото на реката Брегалница. На северната страна благо се спушта кон долчето Богоевец, а на јужната кон селските бавчи. На средината има багремов појас, лево од него се наоѓа нивата на Петре Давков, десно на ЗИК „Црвена ѕвезда“, погон Долни Балван. По целата површина на теренот има фрагменти од керамички садови работени на колце, од III-IV век, а во нивата на Давков камења и варов малтер од темели на ѕидови. Најдени се делови од стебла на столпчиња и голем број кршени тегули и тули. Во источниот дел на теренот, близу до коритото на реката се среќаваат фрагменти од керамика од средното бронзено време на Македонија. Веднаш преку долот Богоевец, во нивата на Ладе Арсов од Горни Балван, исто така има остатоци од темели на градби и фрагментирана керамика од римското време. (В.С., З.Б.)

## 14. ДОЛНИ КОЗЈАК

**Бандера**, каструм од римското време. Претставува висок рид што се издига на западната страна над селото, на десниот брег на Козјачка Река. Со својата положба доминира над рамнината кон селата Карбинци и Аргулица. На врвот има издолжено плато поставено во правец северозапад-југоисток, на југоисточниот крај малку подигнато и опкружено со стрмни падини. Во 1967/68 година Народниот музеј од Штип извршил пробно ископување отворајќи неколку мали сонди на повеќе места (В. Санев). Констатирано е дека по целата должина на северниот раб на платото има остатоци од темели на бедем широк 2 m, ѕидан од речен камен и варов малтер. На југозападната страна, која е поблага и разорана, траги од бедемот не се зачувани. Значајно е тоа што на северозападниот крај на платото се откриени остатоци од темели на ѕидови, високи 1 m и широки 0,70 m, ѕидани од кршен камен и варов малтер, од мал четвртест објект со димензии од 4 x 4 m. Со оглед на карактерот на наодите, се работи за светилиште посветено на божества од грчко-римскиот пантеон. Поточно, во нивото на подот, кој бил од набиена земја, се најдени триесетина фрагменти од мали ex voto плочки од мермер со претстава на Зевс и Хера, Зевс, Хера, Тракиски коњаник, Херакле и Асклепиј, изведени во плиток релјеф. Сите се со имиња на дедиканти од тракиско потекло или тракизирани латински имиња, клепани со грчко писмо. Според иконографијата, уметничката изведба, лигатурата кај буквите и слично, датирани се меѓу крајот на II и крајот на III век. Светилиштето, а можеби и бедемот, било разурнато во првата половина на IV век. На падините на Бандера, а особено во нивите околу подножјето се наоѓаат римски тули, питоси, така што сите заедно претставувале дел од населбинскиот комплекс на античкиот град Баргала. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Штип.
Гарашанин М. и Д., 1959, 82; Санев В., 1980, 78. (В.С.)

Бандера, с. Долни Козјак. – Вотивна плочка од II-III век

**Кадин Рид**, осамен објект од римското време. Под селото, од левата страна на Козјачка Река, близу до полскиот пат кон селото Карбинци и кон локалитетот Ханче има мало ритче на кое се наоѓаат остатоци од темели ѕидани од кршен камен и варов малтер, од мал објект кој личи на фортификација – кула. Според исказите на селаните, биле ископани питоси, тули и метални предмети.
Гарашанин М. и Д., 1959, 83; Mikul~i} I., TIR, 22. (В.С.)

**Лскач**, вила рустика од доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 300 m североисточно од селото, од двете страни на полскиот пат Радање-Аргулица и во непосредната близина на локалитетот Турски Гробишта. Во 1954/55 година, во нивата на Ранко и Тирос Иванови од селото Аргулица биле најдени парчиња од поден полихромен мозаик и од стебла на столбови кои биле однесени во Народниот музеј во Штип. Подоцна, во 1967 година, во истата нива, како и во нивата на Димитар Спасов од истото село, е извршено пробно ископување (В. Санев), при што делумно се откриени остатоци од темели на поголем

објект – вила рустика, со мал хипокауст и префурниум. Остатоци од слични ѕидови се распознаваат и во другите делови на теренот. Објектот му припаѓа на комплексот на античкиот град Баргала.
Гарашанин М. и Д., 1959, 83; Mikul~i} I., TIR, 22. (В.С.)

**Нива на Стојко Тодоров**, објект од римското време. На 400 m југоисточно од селото се наоѓа нивата на Стојко Тодоров која лежи на самиот десен брег на Козјачка Река. Во 1965 година, со земјоделските работи е откриена мала скулптурална претстава на тројна Хеката, изработена од бел ситнозрнест мермер. Подоцна, во 1967 година, Музејот од Штип извршил мало пробно ископување. Во сонда долга 10 m и широка 2 m биле откриени делови од темели на објект, ѕидани од речен камен и кал, зачувани со 2 до 3 реда ѕидарија. Освен фрагменти од керамички садови, биле најдени неколку монети од времето на Константин. Објектот му припаѓа на комплексот на античкиот град Баргала. (В.С.)

**Турски Гробишта**, објект од римското време. Се наоѓа на излезот од селото, од левата страна на патот за Радање, во нивата на Фердо и Блаже Митеви и Дане Иванов. Со земјоделските работи биле наоѓани темели од ѕидови, поставени во различни правци, ѕидани од речен камен и кал, а покрај нив саѓи, парчиња од тегули, имбрекси и садови со една или две држалки работени на колце, по боја сивокафеави и црвеникави. Наодите им припаѓаат на станбени објекти од комплексот на античкиот град Баргала. И. Микулчиќ ги поврзува со старохристијанска црква.
Гарашанин М. и Д., 1959, 82; Mikul~i} I., TIR, 22. (В.С.)

## 15. ДОЛНО ТРОГЕРЦИ

**Бела Земја**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа во подножјето на ридот Киово, кој се издига близу до селото, од западната страна. Во нивата на Стојан Кузев се забележуваат фрагменти од тегули, а според информациите од сопственикот, со орање биле вадени камења и тули од темели на ѕидови. (В.С., З.Б.)

## 16. ДРАГОЕВО

**Градиште**, утврдување од доцноантичкото време. На 3,5 km јужно од селото, на еден од ридовите на планината Серта има остатоци од темели на бедем од помало утврдување, масивно ѕидан со кршен камен и варов малтер. Поради близината, утврдувањето може да се поврзе со населбата на локалитетот Ташли Трла. (В.С., З.Б.)

**Селски гробишта**, средновековна црква со некропола. На источниот раб на селото има зарамнето плато, долго 70 m и широко 15 m, на кое се наоѓаат урнатини од мала црквичка и околу неа гробови со камени конструкции, покриени со монолитни плочи поставени во правец исток-запад. (В.С., З.Б.)

**Ташли Трла**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа југоисточно од селото, на падините на Серта. Претставува поголем простор на кој се среќаваат фрагменти од керамички садови работени на колце, со црвена и сива боја. Според кажувањето на Веселин Богатинов од селото Долани, биле откопани керамички цевки од водовод.
Санев В., 1961, 76. (В.С.)

## 17. КАЛАУЗЛИЈА

**Кула**, населба и утврдување од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2 km јужно од селото, на издолжен гребен кој на западниот крај стрмно се издига над коритото на Козјачка Река, од нејзината десна страна. На врвот има зарамнето јазичесто плато, со димензии од 70 x 65 m, опкружено со остатоци од темели на бедем, широк 1,5-2 m, ѕидан од кршен камен и варов малтер. Во североисточниот дел на платото се гледаат контури од објекти кои зафаќаат простор од околу 10 m$^2$. Селанецот Јашар Мемедов откопал ќоше од просторија ѕидана од кршен камен и вар, во кое нашол бронзена ногалка од канделабар што завршува во облик на лавовска глава. Надвор од габаритот на Кула, на североисточната страна, теренот продолжува во широко обработливо плато на кое се забележува расфрлен градежен материјал. Во нивата на Блаже Јованов биле најдени монети со временски распон од првиот век до доцната антика, како и темели од ѕидови и градежен материјал. Локалитетот е оддалечен околу 4 km југоисточно од доцноантичкиот град Баргала во Горни Козјак.
Гарашанин М. и Д., 1959, 81. (В.С., З.Б.)

## 18. КАРБИНЦИ

**Беш Тепе – Анче – Баргала**, градска населба од римското и доцноантичкото време. Се наоѓа на околу 600-700 m југоисточно од селото, од левата страна на патот за селото Радање. Во времето на Втората светска војна, во нивата на Тодор Трајчев при орање била откриена плоча од варовник со латински натпис, димензии од 1,28 x 0,64 x 0,24 m, која подоцна ја објавил И. Венедиков. Во текстот од пет реда, испишан во неправилна римска капитела, се соопштува дека во времето на императорите Валенс и Валентиниј, по наредба на Антониј Алипиј, управник на Дакија Медитеранеа, населението на градот Баргала изградило порта, во 371 година. Врз основа

на овие податоци, градот Баргала присутен во историските извори, Венедиков го лоцира на ова место, расположено меѓу атарите на селата Карбинци, Таринци и Долни Козјак, познато кај селаните уште и под имињата Градиште и Могилките. Не се знае дали градот бил заштитен со одбранбени бедеми и порти или пак споменатата порта била подигната поради одреден повод. Откривањето на плочата е дотолку интересно што овозможува дел од јужната граница на средоземна Дакија, во втората половина на IV век, да се спушти сè до реката Брегалница. Што се однесува до самото име Баргала, Венедиков смета дека е тракиски топоним па оттука градот го наредува меѓу градовите во западна Тракија. Првите податоци за Баргала потекнуваат од V век. Имено, во дневниците од соборот во Халкедон, одржан во 451 година, тој се споменува како епископски центар, со епископот Дарданиј. Многу попрецизни и пошироки се информациите од Синегдемосот на византискиот писател Хиерокле кој живеел во VI век. Според нив епископска Баргала – Βαργαλα, заедно со Стоби, Каленидин, Армонија и Запара, се наоѓала на просторот источно од реката Вардар што влегувал во границите на провинцијата Macedonia II Salutaris. Појавата на овој натпис и податоците во изворите ќе бидат повод повеќе учени да ѝ посветат внимание на убикацијата на градот, меѓу кои и Б. Алексова која, преку долгогодишните истражувачки работи, нуди интересни заклучоци токму за времето кога градот ја има улогата на епископско седиште во долината на Брегалница.

Интересно е дека археолошките материјали распрснати во споменатата нива, како и во соседните, односно на површина од околу 2 хектара, кореспондираат со времето на плочата, но не и со историските извори. Голем е бројот на фрагментираната керамика и случајно откриените монети од римска провениенција, од III и IV век. Во 1967 година се направени неколку контролни сонди на местото со остатоци од темели што „личи на базилика“ (според И. Венедиков) и притоа се констатирани масивни темели од правоаголен објект со големи димензии (72 x 28 односно 34 m), од профан карактер, исто така од III-IV век (В. Санев). На југоисточниот раб на просторот наречен Беш Тепе има три големи могили, распоредени во триаголник, високи 3–4 m. Самиот турски топоним упатува на пет могили, од кои, според И. Венедиков две биле разорани многу порано. На една од постојните, истиот истражувач извршил ископување. Во центарот на могилата открил погребување со кремација, извршено во II век, според гробните прилози меѓу кои била најдена и монета од Фаустина (175 г.). Овие податоци, заедно со површинските наоди и плочата со натпис, недвосмислено упатуваат на фактот дека се работи за градската населба Баргала од римското време, чиј живот најверојатно згаснал кон крајот на IV век, како и многу други градови во Македонија што настрадале од уништувачките налети на аварските племиња. Локацијата била напуштена, а животот продолжил на нова локација, оддалечена околу 2 km, во денешната месност Градиште во Горни Козјак. Во прилог на ова зборуваат градскиот бедем со кули, неколкуте старохристијански базилики и многубројните цивилни објекти, сите од V-VI век, откриени и проучени од Б. Алексова. Секако заслужува внимание да се спомене фактот дека во ареалот на Баргала од римското време припаѓаат и локалитетите Крст во селото Таринци – могила со кнежевско погребување од I-II век, и Бандера во селото Долни Козјак – утврдување со светилиште од II-III век, како и други локалитети во реонот на овие села.
Венедиков И, 1948, 88; Гарашанин М. и Д., 1959, 82; Папазоглу Ф., 1957, 224; Алексова Б., 1967, 5-82; Алексова Б., 1986, 97-101; Санев В., 1986, 88-91. (В.С.)

## 19. КРИВИ ДОЛ

**Градиште**, утврдување од доцноантичкото време. Непосредно до селото се издига висок рид, издолжен во правец север-југ, на кој се насетуваат темели од кружно утврдување, со пречник од 50 m. Утврдувањето ѝ припаѓа на малата населба од доцноантичкото време на локалитетот Грамади.
Mikul~i} I., TIR, 75. (З.Б.)

**Грамади**, населба од доцноантичкото време. На околу 250 до 300 m источно од селото, по површината на нивите, кои зафаќаат простор од 2-3 хектара, се среќаваат фрагменти од керамички садови. Во средишниот дел има мал простор на кој се забележуваат темели од објекти. (З.Б.)

**Долна Бежанија**, населба од бронзеното време. На 1,5 km јужно од селото, во подножјето на Лозарски Рид има простор од околу 1.200 $m^2$, пресечен со суводолица, на кој се среќаваат фрагменти од керамички садови и орудија од камен и коска. (Т.Н.)

**Јанчовец**, некропола од доцноантичкото време. Во нивата на М. Куков и во соседните лозја, кои лежат на 600 m југоисточно од селото, сопствениците откопале неколку гроба со монолитни камени плочи, во кои нашле керамички садови и бронзени прстени, кои не се зачувани. Со оглед на близината на локалитетот Грамади, некрополата веројатно ѝ припаѓа на истата доцноантичка населба. (В.С.)

## 20. КРУПИШТЕ

**Кале**, населба од бронзеното време и старохристијански црковен комплекс. Лежи на обработлив терен со површина од околу 3 хектара, североисточно и источно од селото, лево од патот Штип-Кочани. Со перманентното орање на нивите, повеќе децении

наназад, жителите раскопувале стари темели од кои ваделе градежен материјал за своите градежни потреби. Така, речиси во секоја куќа се гледаат разни сполии од камена архитектонска пластика (делови од столбови, капители, бази) и делкан камен. Темели од објекти биле уништени и со новоизградените куќи во овој дел на селото, а уште повеќе со преуредувањето на теренот во оризови ниви, за што била употребена тешка механизација. Во 1975 година и подоцна, во периодот 1984-1987 година, во организација на Археолошкиот оддел на Музејот на Македонија се извршени ископувања со кои биле откриени остатоци од два сакрални објекта. Едниот претставува правоаголна црква од типот со вписан крст во основата, долга 12,90 m и широка 9,50 m, ѕидана од делкан камен и хидростатичен малтер, со примена на opus mixtum во редови. На источниот ѕид има апсида, полигонално решена од надворешната страна. Подот на црквата бил од мермерни плочки, обработен во техниката opus sectile. Најдени се повеќе елементи од архитектонска пластика од бел мермер на кои секундарно биле нанесени словенски кирилски букви. Околу црквата истражувачите, а порано и селаните, нашле остатоци од средновековни гробови. Втор, уште помаркантен објект претставува катедралната црква со мартириум откриена во нивите на Р. и Б. Божинови, која не е целосно истражена. На источниот дел, широк 28,90 m, има пет апсиди од кои централната го претставува главниот олтар. Нејзината основа исто така е правоаголна, од типот со вписан крст, со таа разлика што едикулата во јужниот кораб формира крстовидна градба – мартириум. Ѕидовите, наместа зачувани до 1 m височина, покажуваат дека црквата била градена од делкан песочник и хидростатичен малтер и тули кои, во зоната блиска на подот, биле поставени во пет хоризонтални редови. Откриени се делови од мермерни колони на кои во долната зона има крстови и букви од двата словенски алфабета. Значајно е да се спомене и тоа дека под овие објекти и по површината во еден дел од локалитетот, се среќаваат фрагменти од праисториска керамика, односно траги од бронзеновременска населба.
Гарашанин М. и Д., 1959, 84; Алексова Б., 1983, 93-96; Алексова Б., 1989, 81-99. (В.С., З.Б.)

**Клетовник**, старохристијанска црква. На околу 1 km јужно од селото се издига ридот Клетовник кој има мало зарамнето плато. Со ископувањата во 1975 година се откриени траги од архитектонски објект со кружна форма, со пречник од 10,60 m, граден од делкани блокови и хидростатичен малтер. Според Б. Алексова, се работи за црква – мартириум.
Алексова Б., 1983, 92; Алексова Б., 1989, 79. (В.С., З.Б.)

**Над црква**, населба од неолитското време. Се наоѓа на источниот раб на селото, во непосредната близина на црквата Св. Никола. Претставува мала тераса, пресечена со трасата на патот Штип-Кочани, која на северната страна се надоврзува на локалитетот Кале. Во нивите на Б. и Ј. Микови има многубројни фрагменти од керамички садови и орудија од камен и кремен кои типолошки се врзуваат за фазите III-IV на неолитската културна група Анзабегово-Вршник. (В.С., З.Б.)

**Црква Св. Никола**, старохристијанска базилика и средновековна црква. Се наоѓа на североисточниот крај на селото, под патот Штип-Кочани, на десниот брег на Брегалница. Позната е во стручната литература како објект од XVII век. Според најновите констатации на Б. Алексова, нејзиното подигање е поместено во IX-X век. Од надворешната страна на ѕидовите се забележуваат вградени елементи од ранохристијанска архитектонска и скулптурална пластика, на кои има знаци и букви. Со ископувањата во 1975 година е констатирано дека црквата била подигната врз темели од трикорабна базилика, долга 16 m и широка 14,90 m, со централна апсида која од надворешната страна била организирана полигонално и со нартекс на западната страна. Околу црквата Св. Никола и остатоците од базиликата биле констатирани старохристијански и средновековни гробови. Дел од саркофаг служи како корито на чешмата што се наоѓа јужно од црквата.
Грујић Р., 1955, 203; Алексова Б., 1983, 82; Расолкоска Николовска З., 1978, 131; Алексова Б., 1989, 77. (В.С., З.Б.)

## 21. ЛЕСКОВИЦА

**Бунар**, населба од доцноантичкото време. Во нивите на браќата Јаневи, што се наоѓаат североисточно од селото, на левата страна на реката Лакавица има расфрлени тегули и друг градежен материјал. На крајот на едната нива има стар бунар на чиј отвор има четири блока од камен со издлабени жлебови. (В.С., З.Б.)

**Голема Нива**, населба од доцноантичкото време. На 2,5 km источно од селото има зарамнета падина што се спушта кон коритото на реката Лакавица. Во нивите на Д. Стојанов, П. Ефтимов, А. Ласков и Б. Лазаров се забележуваат парчиња од тегули, имбрекси и градежен камен. (В.С., З.Б.)

**Дабјата**, населба од доцноантичкото време. На падините на Серта, на околу 1 km југоисточно од селото лежат нивите на Лазо и Ладе Протоѓерови, Дино Јованов и други, во кои има голем број фрагменти од тегули, тули, керамички садови и големи питоси. Оттука било извадено големо количество градежен камен кој е вграден во селскиот дом.
Грбић М., 1954, 126. (В.С., З.Б.)

**Дворот на Божин Николов**, населба од доцнонеолитското време. Николов, копајќи дупка за вар во својот двор, на длабочина од 1 m нашол фрагменти

од керамички садови, орудија од коска и прегорена земја. Наодите ги отстранил, со исклучок на еден фрагмент од животинска статуетка – свиња. Поточно, најден е дел од главата на кој пластично се обработени рилката, очите и ушите. Наодот се чува во Заводот и музеј во Штип.
Гарашанин М., Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., 1971, 47. (В.С.)

Двор на Божин Николов, с. Лесковица. – Глава од свиња, теракота од доцниот неолит

**Сопот – Карабурун**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2,5 km од селото, на издолжен гребен што се протега во правец северозапад-југоисток, со површина од околу 2 хектара. Во нивите на Трајчо Ласков и Андон Ристов и во лозјето на Борис Јанев има исфрлени парчиња од тегули, керамички садови работени на колце и ситен градежен камен. (В.С., З.Б.)

**Стари Гробишта**, средновековна црква со некропола. На платото што доминира на западниот крај на селото, со површина од 100 x 70 m, се гледаат гробови со конструкции од камени плочи поставени во правец запад-исток. На западниот крај на теренот има темели од еднокорабна црква. (З.Б., Т.Н.)

**Суни Чешма**, гроб од римското време. Јужно од локалитетот Дабјата, во нивата на Мишо Здравков бил откопан гроб со под од 12 квадратни тули, покриен со монолитна камена плоча. Според исказите на Здравков, скелетот бил добро зачуван, а гробни прилози немало. (В.С., З.Б.)

## 22. НОВО СЕЛО

**Бара**, населба од доцноантичкото време. На една блага падина со површина од 2 хектара, што се наоѓа на 1 km западно од селото, има фрагменти од керамички садови работени на колце, тегули, имбрекси, кршени тули и делкани блокови од камен. Најдени се и три бази од столбови оставени на меѓата од нивата на Костадин Ристов. (В.С., З.Б.)

**Богородичен Даб**, населба од доцноантичкото време. На местото на денешните гробишта, кои лежат 500 m југоисточно од селото, покрај самиот пат се забележуваат фрагменти од атипична римска керамика. На спротивната страна на гробиштата се наоѓа ритчето Спасица на кое исто така се забележуваат фрагменти од керамички садови и расфрлен градежен материјал од некаков објект. (В.С., З.Б.)

**Стари Гробишта**, средновековна некропола. Северозападно од селото, односно од североисточната страна на локалитетот Бара, под ридот Плоча има зарамнето плато на кое се претпоставува постоење на некропола. (В.С., З.Б.)

## 23. НОВО СЕЛО (ШТИП)

**Калимерово**, населба од доцноантичкото време. Десно од коритото на Брегалница, пред шталите на ЗИК „Црвена ѕвезда“, погон Калимерово, се забележуваат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, расфрлени на поголем простор. Темели од ѕидови на објекти се откриени и уништени уште во 1975-77 година со трасирањето на заобиколниот пат за Струмица. Според кажувањето на сопствениците на нивите, порано биле наоѓани бронзени монети и питоси. (В.С.)

**Марков Камен**, некропола од хеленистичкото време. На рамнината што се издига над градските гробишта, од западната страна, поточно во некогашната нива на Јордан Арнаудов од Штип, во 1960 година се откриени и истражени два гроба од типот циста, со конструкции од монолитни камени плочи. Гробовите биле прекопани порано, така што надвор од нив се најдени ситни коски од скелетите на умрените, фрагменти од широка паница и две фибули од „малоазиски тип“. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Штип.
Микулчиќ И., 1965, 147. (В.С.)

**Орлов Дол**, каптажа и водовод од римското време. Над црквата Св. Спас, на околу 150 m југоисточно, со изведување на градежни работи е откриена каптажа издлабена во карпа. Влезот бил заѕидан, со отвор во горниот дел, затворен со голема плоча. Има засводен ходник долг 10 m, широк 0,75 m и висок 1,80-2 m, ѕидан од делкани камени плочи. Најден е и

дел од водоводна инсталација која се спушта кон коритото на реката Отиња. (З.Б., Т.Н.)

**Паскова Чешма**, осамен наод од римското време. Во нивата на М. Арсов од Ново Село е најдена сребрена монета со претстава на Дијана на реверсот. (З.Б.)

**Црква Св. Спас**, средновековна црква со некропола. Се наоѓа на левата страна на реката Отиња, на падините на ридот Кумлак, на околу 100 m од последните куќи на Ново Село. Изградена е во 1369 година од војводата Димитар, а повторно живописана во 1601 година од зографот Јован. Околу неа има некропола со гробови, едни ѕидани од камен, други од монолитни камени плочи, со различна временска припадност.
Петковић С., 1961, 81; Балабанов К., 1972, 6; Петров Ј., 1975, 155. (В.С., З.Б.)

## 24. ПЕНУШ

**Гробишта**, средновековна црква со некропола. Среде село, на зарамнето плато со површина од 80 x 20 m има гробови со конструкции од камени плочи, поставени во правец запад-исток. Северно од нив се гледаат урнатини од темели на црквичка со димензии од 10 x 6 m. Во 1950 година, во времето на изградбата на задружниот магацин, биле раскопани и уништени повеќе гробови поставени во три хоризонтални реда, градени од камени плочи. (В.С., З.Б.)

## 25. ПИПЕРОВО

**Градиште – Чука**, градиште од доцноантичкото време. На западниот крај на селото се издига ртот на планината Серта. На едно зарамнето плато, делумно обраснато со шума, кое на едната страна има поглед кон долината на Лакавица, а на другата кон долината на Вардар, се наоѓаат остатоци од темели на бедем, широк 1,5 m, ѕидан од кршен камен и варов малтер. Близу до западниот крај се гледаат темели од просторија на објект, широки 0,50 m. Димензиите на градиштето изнесуваат 150 x 50 m. (В.С., З.Б.)

**Црквиште**, средновековна црква со некропола. На околу 5 km источно од селото, на десната страна на Лозничка Река, на мала височинка се гледаат монолитни камени плочи од гробови. Исто така има и остатоци од темели на мала црквичка со приближни димензии од 8 x 4 m. (В.С., З.Б.)

## 26. ПОЧИВАЛО

**Ескибал**, населба од доцноантичкото време. На 2 km источно од селото, спроти локалитетот Исарл'к, во нивата на М. Деспотов со орањето биле раскопувани темели од ѕидови на објекти. (В.С., З.Б.)

**Исарл'к**, градиште од доцноантичкото време. На околу 2,5 km источно од селото се издига висок рид со стрмни падини и со единствен пристап од источната страна. Во подножјето течат Калич Дере и Кажалска Река. На самиот врв има зарамнето плато од дваесетина декари, окружено со остатоци од темели на широк бедем, наместа прилично добро видливи. По површината има парчиња од кршени тули и градежен камен. (В.С., З.Б.)

**Кисетарла**, средновековна црква со некропола. На 1,5 km источно од селото има урнатини од црквичка градена од приделкан камен и кал, со приближни димензии од 8 x 4 m. Околу неа има гробови со монолитни камени плочи. (В.С., З.Б.)

**Стаиќувез**, средновековна некропола. На платото што се наоѓа на 1 km северно од селото, а десно од патот Штип-Кошево, се гледаат камени плочи од гробови со ориентација запад-исток. Во непосредната близина има големи карпи со врежани крстови. (В.С., З.Б.)

**Фрн**, доцносредновековна населба. На околу 1,5 km источно од селото, непосредно до локалитетот Кисетарла, во нивата на А. Таипов со орањето биле откривани остатоци од темели на ѕидови и делови од керамички садови. (В.С., З.Б.)

## 27. ПУХЧЕ

**Бавчи**, населба од доцноантичкото време. На еден од ридовите на Серта има мала тераса која благо се спушта на северната страна. Во нивата на Трајан Петров, со површина од околу 5 декара, се забележуваат градежни тули. Во северниот крај има плоча од зелен песочник со димензии од 0,90 x 0,55 x 0,17 m која на страните има по два жлеба. Околу неа е расфрлен градежен камен и малтер од објект чии темели се насетуваат. (В.С., З.Б.)

**Градиште**, населба од доцноантичкото време. Лежи на 500 m западно од селото, во подножјето на ридот Кала. На површина од 2,5 до 3 хектара, денес ледина, се забележуваат фрагменти од градежни тули, ќерамиди и камен. Во северниот крај на теренот, Трајче Илиевски, вадејќи камен за изградба на црква, наишол на темели од ѕидови широки 0,50-0,70 m од објект со основа од 10 x 8 m. (В.С., З.Б.)

**Кала**, утврдување од доцноантичкото време. На околу 600 m западно од селото, над локалитетот Градиште се издига ридот Кала кој на врвот има тркалезно плато со пречник од 150 m, на едната страна заштитено со височините на Серта, а на другата отворено кон долината на Лакавица. Со исклучок на јужната страна, сите други се стрмни и тешко пристапни. По работ на платото се следат остатоци од темели на широк бедем, лошо зачувани. Во габаритот на градиштето има расфрлен градежен матери-

јал (тули, тегули и камен), а се насетуваат и темели од поголем број објекти. (В.С., З.Б.)

**Пухче**, некропола од доцноантичкото време. Според податоците добиени од жителите, при градењето на нови куќи, во разни делови на селото биле откривани и уништувани гробови, едни со конструкции од камени плочи други од тегули и имбрекси, во кои имало и прилози. (В.С., З.Б.)

**Рамниште**, населба од доцноантичкото време. На 1 km источно од селото, на блага падина под гребенот на Серта, со површина од околу 2 хектара, се забележува големо количество градежни тули, тегули, имбрекси и фрагменти од керамички садови работени на колце. Малку поголема концентрација на градежниот материјал има во нивата на Нестор Антов, во која сопственикот вадел камења од стари темели. (В.С., З.Б.)

## 28. РАДАЊЕ

**Криви Дол**, некропола од железното време. Се наоѓа на северниот крај на селото, од левата страна на суводолицата Криви Дол, во некогашната нива на М. Иванов, денес населена со новоградби. Во 1942 година И. Венедиков извршил мало сондажно ископување. Подоцна, во 1956/57 година, во организација на Народниот музеј од Штип, под раководство на М. и Д. Гарашанин, се извршени систематски истражувачки работи. Биле откопани и проучени поголем број гробови со инхумација под мали тумули. Според погребниот ритуал и карактерот на гробните прилози од керамика, метал, килибар и друго, поточно, според видот на предметите и орнаментиката, некрополата е датирана во VII-VI век пред н.е. Наодите од првото ископување се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје, а од вторите во Заводот и музеј во Штип.
Венедиков И., 1948, 90; Грбић М., 1954, 114; Гарашанин М. и Д., 1959а, 951; Гарашанин Д., 1975, 135-142. (В.С.)

Криви Дол, с. Радање. – Пајонски гробни прилози од VII век пред н.е.

## 29. РУЉАК

**Авлиите**, некропола од доцноантичкото време. На работ на селото, од источната страна има стрмна ридска падина со обработлива нива во која биле откривани гробови без конструкции, со инхумирани покојници. Во некои од нив имало сребрени предмети (накит?) кои не се зачувани. (В.С., З.Б.)

**Голо Брдо**, населба од доцноантичкото време. Јужно од селото, близу до атарот на селото Црвулево, во нивата на Павле Диванисов биле вадени камен и градежни тули од темели на објект. (В.С., З.Б.)

**Градиште**, средновековна црква. На една мала рамнина што се наоѓа на 1,5 km западно од селото, на левата страна на Руљачка Река се забележуваат темели од ѕидови ѕидани од кршен камен и варов малтер, широки 0,50 m. Димензиите на основата на објектот изнесуваат 6,50 x 3 m; ориентација исток -запад. (В.С., З.Б.)

**Крушите**, населба од доцноантичкото време. На околу 5-6 km југоисточно од селото, во нивата на Б. Николов се наоѓаат остатоци од градежен материјал. Сопственикот открил и раскопал повеќе темели од објекти. (В.С., З.Б.)

## 30. САРЧИЕВО

**Вучеви Ливади**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на 2 km југозападно од селото и 1 km десно од патот Штип-Велес, на блага падина во подножјето на Ежов Рид. На површина од 100 x 50 m, со длабокото орање за лозов насад од страна на ЗИК „Црвена ѕвезда“, погон Три Чешми, во 1978 година се уништени темели од повеќе објекти. Покрај многубројниот градежен камен, варов и хидростатичен малтер, тегули и имбрекси, на површината биле исфрлени и големи делкани блокови од камен, делови од стебла на столбови и бази од сивкав и црвеникав камен. Голем е бројот на фрагменти од керамички и стаклени садови, а најдена е и монета од Валентиниј. Пред десетина години теренот бил сопственост на Ангел Панов кој доста често наоѓал монети, главно од Константин I. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Штип. (В.С., З.Б.)

## 31. СЕЛЦЕ

**Јарма**, населба од доцноантичкото време. На околу 700 m северно од селото, во подножјето на ридот Страна има блага падина што се спушта кон север. На површина од 2 хектара се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и друг градежен мате-

ријал чија концентрација е малку поголема во нивите на Благој Манасиќ и Исмет Асанов. (В.С., З.Б.)

**Тумба**, могила од римското време. На јужниот крај од месноста Јарма, оддалечена од селото 250-300 m, се издига могила висока 3,5 m која има неправилна елипсовидна основа со димензии од 21 x 16 m. Во средината има војнички ров, длабок 1 m, при чие копање биле извадени варов малтер и камен. Од димензиите и обликот на могилата може да се заклучи дека се работи за ѕидана гробница со дромос. (В.С., З.Б.)

## 32. СКАНДАЛЦИ

**Гробишта**, доцносредновековна црква и некропола. Помеѓу урнатините од напуштеното село и коритото на Брегалница има рамнина на која се гледаат остатоци од мала црква, градена од камен и кал, со димензии од 7,70 x 4,10 m. Ѕидовите се зачувани во височина од 1 до 1,80 m и на внатрешната страна имаат малтер со траги од живопис. Околу црквата има некропола со гробови од кои некои се со монолитни камени плочи, а некои ѕидани во облик на саркофаг. (В.С., З.Б.)

## 33. СОФИЛАРИ

**Поле**, населба од доцноантичкото време. Лежи на голема рамнина со благ пад на источната страна, пред влезот во селото. На површината има фрагменти од керамички садови, градежни тули и тегули. Со орањето мештаните раскопувале темели од ѕидови, а биле најдени и неколку питоси кои не се зачувани.
Трифуноски Ј., Недков В., 1964, 40; Mikul~i} I., TIR, 117. (В.С., З.Б.)

**Црквиште**, вила рустика од доцноантичкото време. Се наоѓа на левиот брег на Брегалница, западно од зградите на задругата „Братство“. Теренот е рамнина која на јужната страна постепено се крева и се надоврзува на селскиот рид. На простор од 80 x 35 m се забележуваат остатоци од темели на 4 простории со димензии од 4 x 4 и 4 x 5 m, поставени една до друга. Се насетуваат темели и од други простории, а една од нив завршува апсидално. Вкупната должина на објектот изнесува околу 30 m. Во литературата е заведен како средновековна црква.
Трифуноски Ј., Недков В., 1964, 40; Mikul~i} I., TIR, 117. (В.С., З.Б.)

## 34. СТАР КАРАОРМАН

**Варница – Крушка**, осамен ранословенски наод. На левиот брег на Брегалница, непосредно до североисточната страна на селото е најден керамички сад, рачно работен и со груба фактура, типичен примерок од најраниот словенски период – VII век.
Белдедовски З., 1989, 225; Белдедовски З., 1990, 45. (В.С., З.Б.)

**Горно поле – Балабаница**, населба и некропола од железното и раноантичкото време. Се наоѓа на 1 km јужно од селото, од левата страна на патот за Штип. Претставува издолжено големо плато, со површина од десетина хектара, кое на северозападната и југозападната страна има стрмни падини кон коритото на Брегалница и нејзините суводолици, додека на североисточната страна благо се спушта кон Благова Река. Во 1958 година со длабоко рилање и подготвување на теренот за лозова плантажа бил уништен голем број мали тумули (околу 500), со конструкции од камен, во кои имало погребувања на кремирани и инхумирани покојници. Музејот од Штип извршил пробно истражување при што биле констатирани приближниот број и организацијата на тумулите, начинот на погребувањето и нивната временска припадност. Во 1959 година е извршено повторно ископување, и тоа во средишниот дел на платото, каде И. Микулчиќ открил погребувања од V век пред н.е. Остатоци од тумули, како и гробни прилози се среќаваат и денес по целата површина на теренот. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Штип.
Микулчиќ И., 1959, 95; Микулчић И., 1965, 197; Гарашанин М., Санев В., Симска Д., Китаноски Б., 1971, 57. (В.С.)

**Крушка**, старохристијанска населба и базилика. Се наоѓа на излезот од селото, од двете страни на патот за селото Карбинци, на левиот брег на Брегалница. Зафаќа простор од околу 1 хектар, на кој се среќаваат фрагменти од керамички садови и многуброен градежен материјал. Во 1984 година Заводот и музеј од Штип извршил заштитно ископување при што е откриена трикорабна базилика со димензии од 17,40 x 11,80 m и засводена гробница.
Белдедовски З., 1986, 171. (З.Б.)

**Орлови Чуки**, тумули од железното време. Северно, веднаш до селото, постепено се издига гребен кој претставува дел од последните падини на Плачковица. Со својата положба и височина доминира над околниот терен и има отворен поглед на запад, кон локалитетот Горно поле – Балабаница, на југ кон коритото на Брегалница, а на исток кон полето на селото Таринци. До 1960 година и подоцна, по самиот раб на гребенот можеле да се видат 10 тумули, наредени во низа исток-запад, на растојание од 20 -40 m еден од друг, со пречник во основата од 9 до 18 m и височина меѓу 0,60 и 1,70 m. Денес тумулите речиси не постојат бидејќи 6 се целосно истражени, а другите се оштетени со земјоделските работи. Ископувањата покажале дека тумулите имаат родовски карактер и во нив биле погребани повеќе покојници, во гробови направени од камени плочи или од

кршен камен, радијално распоредени околу централниот гроб. Сите се со гробни прилози од керамички садови, оружје од железо и накит од бронза и килибар. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Штип, а еден дел во Музејот на Македонија во Скопје.
Микулчиќ И., 1961, 47; Пашиќ Винчиќ Р., 1970, 129; Пашиќ Р., 1989, 78, 79. (В.С.)

**Солена Вода**, средновековна некропола. Се наоѓа на североисточниот крај на селото, на излезот кон локалитетот Орлови Чуки. Теренот е блага падина што се спушта кон коритото на Благова Река. Уште во 1958 година од ерозивните води биле откриени гробови со камени конструкции кои подоцна селаните ги прекопале. Исти гробови со скелетно погребување уништил и П. Николов копајќи темели за куќа. Од гробните прилози, најдени во поголем број, се зачувани 3 прстена со вметнато стакло на главата и 2 стаклени белезици, од X-XII век. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Штип.
Алексова Б., 1964, 99. (В.С., З.Б.)

**Трансформатор**, осамен наод од неолитското време. На западниот крај од селото, околу трансформаторот кој е близу до училиштето, е најдена секира во облик на јазик од гранитна карпа. Теренот е заоблено плато на левиот брег на Брегалница. (В.С.)

## 35. СТЕПАНЦИ

**Кирезл'к**, населба од доцноантичкото време. На патот за селото Пухче, во некогашниот имот на П. Есад се наоѓаат остатоци од градежен материјал и траги од темели ѕидани со кршен камен и варов малтер. (В.С., З.Б.)

## 36. СУВО ГРЛО

**Аџибунар**, некропола од доцноантичкото време. Од источната страна на селото, во нивите на Р. Гештилов биле откриени и уништени повеќе гробови со конструкции од камени плочи. Гробни наоди немало, со исклучок на неколку монети кои не се зачувани. (В.С., З.Б.)

**Гробишта – Чукарки**, могили од римското време. Под селото, во рамнината на левиот брег на реката Лакавица и на околу 1 km десно од патот Штип-Радовиш, до скоро време можеле да се видат три могили, на чии димензии подетално укажуваат М. и Д. Гарашанин. Покрај могилата II има стар бунар во кој се фрлени делови од стебло на столб од зелен песочник, со пречник од 0,30 m. Од непознати причини, во 1994 година могилите се целосно уништени од страна на АРМ. Од гробовите што се наоѓале во нив се прибрани неколку фрагментирани садови од керамика и стакло, сите од III-IV век.
Гарашанин М. и Д., 1959, 77. (В.С., З.Б.)

Гробишта Чукарки, с. Суво Грло. – Могили од римското време

**Ќоилук**, населба и базилика од доцноантичкото време. На едно зарамнето плато што се издига над коритото на реката Лакавица, од левата страна, во 1977 година со земјоделските работи биле откриени темели од камен и варов малтер, од објект со димензии во основата од околу 35 x 25 m, поставен во правец исток-запад. На површината има делови од архитектонска пластика, а во нивата на Ш. Михајлов големо количество парчиња од тули, тегули и кршен камен. (В.С., З.Б.)

## 37. СУДИЌ

**Дугени**, некропола од железното време. На 1 km јужно од селото, десно од патот Судиќ-Врсаково, во нивата на В. Тасев има остатоци од некропола. Според исказите на сопственикот, речиси со секое орање по површината биле развлекувани камења и кршени плочи, парчиња од керамички садови, дури и коски од човечки скелети. Со расчистување на мал простор, во текот на рекогносцирањето (1978) е констатирано дека се работи за скелетни погребувања под мали тумули, без гробни конструкции, насипани со кршени плочи и камен. Според најдените фрагменти од керамички садови, односно според нивниот облик и орнаментика, гробовите се датирани од крајот на VIII век пред н.е. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје. (В.С., З.Б.)

**Кула**, градиште од доцноантичкото време. Источно од селото, на левата страна на Судичка Река се издига висок рид опкружен со стрмни падини, со исклучок на јужната страна на која има благ пристап. На врвот има зарамнето плато, со неправилна триаголна форма, на кое се наѕираат остатоци од темели на бедем широк 1,50 m. Должината на северниот ѕид изнесува 83 m, на источниот 41 m, а јужниот е целосно уништен. По површината има многубројни фрагменти од керамички садови, питоси, тегули и градежен камен. (В.С., З.Б.)

**Солунски Рид**, градиште од доцноантичкото време. На североисточната страна на селото се издига висок рид со зарамнето плато, големо околу 1,5 хектар. На површината има остатоци од градежен материјал. (В.С., З.Б.)

## 38. ТАРИНЦИ

**Вршник**, населба од неолитското време. Се наоѓа на околу 800 m североисточно од селото, во некогашното лозје (денес нива) на ЗИК „Црвена ѕвезда", погон Таринци, што лежи во непосредната близина на локалитетот Крст и селските гробишта. Во 1958 година, во организација на Музејот од Штип, под раководство на М. и Д. Гарашанин е извршено сондажно ископување. Откриена е повеќеслојна неолитска населба со 4 хоризонти на живеење, потврдени со делови од објекти за живеење (огништа, печки и куќен лепеж) и многубројни предмети од материјалната култура. Врз основа на типолошките карактеристики, особено кај садовата керамика и култната пластика, е утврдено дека животот во населбата се одвивал континуирано од крајот на раниот до крајот на доцниот неолит, главно во рамките на локалните традиции, но со повремени влијанија од другите истовремени неолитски култури на Балканот. Оттука истражувачите ја издвоиле како засебна културна група (Вршник), сместувајќи ја во рамките на балканско-анадолскиот културен комплекс на стариот неолит. Откривањето на населбата Вршник е дотолку позначајно што, практично, со неа биле поставени основите на истражувањето и проучувањето на неолитот во Источна Македонија.
Грбиќ М., 1954, 115; Гоцкова П., 1955, 9; Гарашанин М. и Д., 1961, 7-40; Gara{anin M., 1975, 79-114. (В.С.)

**Крст**, могили од римското време. На излезот од селото, лево од патот за селото Радање има мала височинка со вештачки зарамнето плато на кое се поставени новите гробишта. На северозападниот крај на платото се наоѓале две могили. Едната била голема, со пречник во основата од 42 m и височина од 4,60 m, а другата помала, со пречник од околу 15 m и височина од 1,80 m. Локалитетот и могилите се познати во литературата од археолошките ископувања. Имено, во 1942 година И. Венедиков ја истражувал малата могила и во неа открил гроб со кремиран покојник од II век. Подоцна, од 1961 до 1963 година, во организација на Музејот од Штип и под раководство на М. и Д. Гарашанин е извршено ископување на големата могила. Во средиштето на основата е откриено богато погребување на личност со висок општествен статус – кнез, од I-II век. Најдени се две клади од кои на едната бил изгорен покојникот, а на другата колата на која бил донесен. Могилите лежат во атарот на античкиот град Баргала убициран во месноста Беш Тепе – Анче кај селото Карбинци. Наодите од кнежевската могила се чуваат во Заводот и музеј во Штип.
Венедиков И., 1948, 90; Грбиќ М., 1954, 115; Гарашанин М. и Д., 1961а, 65; Гарашанин М. и Д., 1975, 193-201. (В.С.)

**Стари селски гробишта**, средновековна црква со некропола. Во средината на старите гробишта, кои се наоѓаат во самото село, има темели од постар објект чии контури не можат да се одредат. Од него жителите раскопале темели од просторија долга 7 m а широка 4 m, ѕидани од камен и кал. (З.Б.)

## 39. ТОПЛИК

**Хисар**, населба од доцноантичкото време. На тромеѓата меѓу атарите на селата Топлик, Едекларци и Хаџи-Хамзали, на висок рид со зарамнето плато се забележуваат остатоци од темели на ѕидови.
Трифуноски Ј., Недков В., 1964, 61. (В.С., З.Б.)

## 40. ТРИ ЧЕШМИ

**Три Чешми**, населба од римското време. Лежи на 500 m југоисточно од селото, на левата страна од патот за Штип, во голем блок сопственост на ЗИК „Црвена ѕвезда". Теренот е на блага падина со неколку ниски височинки на кои, уште во 1960 година, биле откриени остатоци од темели на поголеми објекти, градени од камен и вар, потоа фрагменти од керамички садови, питоси и тегули, делкани блокови од камен и рачни мелници. Најден е и долен дел од скулптурална претстава на божество (?) на кој се гледа десното стапало поставено врз глава на овен. Наодот се чува во Заводот и музеј во Штип.
Санев В., 1961, 77; Санев В., 1964, 107. (В.С.)

## 41. ХАЏИ–ХАМЗАЛИ

**Исар**, кастел од римското и доцноантичкото време што го контролирал патот Стоби-Астибо-Пауталија.
Mikul~i} I., TIR, 61. (Д.Г.)

## 42. ЦРВУЛЕВО

**Батулица**, осамен наод од римското време. На околу 1 km североисточно од селото, во 1968 година, при поправките на стара чешма, на падините на едно од ритчињата околу неа е најдена мермерна плоча со димензии од 44 x 33 x 7,5 cm. Во горниот дел над рамката има тимпанон а под него претстави на Асклепиј, Хигија и Телесфор, убаво обработени во барелјеф. На долната рамка има грчки натпис со името на дедикантот Сервелиос Леивера. Присуството на плочата упатува на можно постоење на ле-

ковит извор. Наодот се чува во Заводот и музеј во Штип.
Белдедовски З., 1979, 113. (В.С., З.Б.)

**Говедарски Пат**, населба и некропола од доцноантичкото време. На 400 m североисточно од селото, од десната страна на Руљачка Река има зарамнета тераса. Во нивата на Ц. Карајанов во 1976 година е откриена и истражена гробница со голем број гробни прилози од керамика, коска, стакло и метал, од III-IV век. Околу неа на површината има остатоци од градежен материјал.
Белдедовски З., 1979, 113. (З.Б.)

**Кула**, градиште од доцноантичкото време. На 1,5 km југоисточно од селото, на левата страна на Руљачка Река има мала височинка, дел од расклоненијата на Плачковица. На неа има две тераси поставени една под друга. На првата, која има неправилен елипсовиден облик, со димензии од 70 x 30 m, се забележуваат остатоци од темели на бедем, распоредени по нејзините рабови. Втората е поголема, со димензии од 100 x 40 m, и на неа има фрагменти од керамички садови работени на колце, питоси, тегули и друг градежен материјал. (В.С., З.Б.)

**Ниви на Веселин Јованов**, населба од доцноантичкото време. Се наоѓа на северниот крај на селото, околу куќата на сопственикот на нивите, изградена во шеесеттите години. Со орањето на површината бил исфрлен градежен материјал од темели на повеќе објекти, фрагменти од питоси, тегули и керамички садови. Најдена е и една мала апликација со претстава на женско лице опкружено со долги завиткани кадрици, изработена во керамика. Наодот се чува во Заводот и музеј во Штип. (В.С.)

## 43. ЦРЕШКА

**Града**, средновековна некропола. На 300 m од селото во правецот на месноста Полиса има заоблен гребен што се спушта кон суводолицата и старите гробишта. Овде, со ерозијата на земјата се откриени гробови со конструкции од монолитни плочи, со ориентација исток-запад. (В.С., З.Б.)

**Исар**, доцноантички опидум и средновековно градиште со некропола. На 2 km југозападно од селото се издига висок карпест рид, од три страни опкружен со коритото на Брегалница. На самиот врв, кој е издолжен околу 200 m и доста нерамен, се насетуваат темели од повеќе објекти, а остатоци од бедем нема. На површината лежат фрагменти од керамички садови и градежен материјал, а биле најдени и монети од VI век и постари. На источната страна на Исар започнува пристапен гребен во чие подножје се наоѓа голема некропола со гробови од камени плочи, меѓу кои има и групи од по два или три гробови. Т. Томоски го поврзува градиштето со средновековниот град Цресче.
Томоски Т., 1978, 277; Микулчиќ Г., 1987, 192. (В.С., З.Б.)

**Полиса**, некропола – тумули од железното време и средновековна црква со некропола. На 2 km јужно од селото и на околу 500 m источно од локалитетот Исар има зарамнето плато на кое се наоѓаат 5 могили подигнати близу една до друга без особен ред. Сите се доста добро зачувани и со приближно исти димензии, односно, високи се до 1,20 m и со пречник во основата до 16 m. На западниот крај на теренот се гледаат урнатини од темели на мал објект, со ориентација исток-запад, и околу нив монолитни покривни плочи од гробови. (В.С., З.Б.)

**Турски Гробишта**, тумул од железното време. На североисточниот крај на селото има малку подигнато зарамнето плато, со димензии од 400 x 40 m, на кое на источниот крај се наоѓа добро зачуван тумул висок 1,20 m и со пречник во основата од 12 m. Во средината има траги од секундарно копање, на површината се гледаат камења а во основата се насетува венец од реден камен. На него и околу него има

Исар, с. Црешка. – Средновековна тврдина (И.М.)

гробови со нишани од турското население што живеело во селото до педесеттите години. (В.С., З.Б.)

Турски Гробишта, с. Црешка. – Могила од железното време

## 44. ЧАРДАКЛИЈА

**Бунарче**, населба од доцноантичкото време. Во нивите што се наоѓаат на околу 300 m источно од локалитетот Манастирче се среќаваат парчиња од тегули, тули и друг градежен материјал. (В.С., З.Б.)

**Манастирче**, средновековна црква. Во подножјето на ридот Ежово, од неговата југоисточна страна, има мала височинка на која селаните раскопале темели од мал објект – црквичка ѕидана од кршен камен и варов малтер. На источната страна има полукружна апсида, а на западната трем во кој биле откопани три гроба со конструкции од монолитни камени плочи. (В.С., З.Б.)

## 45. ШАШАВАРЛИЈА

**Чепрево**, населба од доцноантичкото време. На околу 7 km од селото, близу до меѓите со атарот на Штип има рамнина со ниви во кои селаните при орањето наидувале на остатоци од темели на ѕидови градени од кршен камен, тули и варов малтер. Во 1974 година Манол Стефанов нашол голем питос кој и денес го чува. На источниот крај на теренот одвај се забележуваат темели, можеби од црквичка, околу кои има камени плочи од гробови. Близу до локалитетот тече селската река, а постојат и траги од стар пат. (В.С., З.Б.)

## 46. ШОПУР

**Ѕидини**, средновековна населба. Во нивите на Б. Ристов и Б. Стојанов, што се наоѓаат 2 km источно од селото, со орањето биле откривани темели од објекти. По површината има парчиња од тегули, тули и друг градежен материјал, а исто така и фрагменти од керамички садови. (В.С., З.Б.)

**Логур**, средновековна некропола. На 2,5 km југоисточно од селото се гледаат гробови покриени со монолитни камени плочи, поставени во правец запад -исток. Според кажувањето на селаните, постоеле и темели од некаков објект, можеби црквичка. (В.С., З.Б.)

**Мадемска Река**, рудник од римското време.
Mikul~i} I., TIR, 118. (Д.Г.)

**Манастириште**, средновековна црква и некропола. На 200 m југоисточно од селото, на мала височинка обрасната во шума се наоѓаат грамади од кршен камен кој, според кажувањето на мештаните, потекнувал од темели на ѕидови. Местото се почитува како црковно и на него се доаѓа на Петровден. На источниот крај на теренот се наоѓаат денешните гробишта, каде што се забележуваат и постари гробови од камени плочи, кои селаните не ги паметат. (В.С., З.Б.)

**Пилав Тепе**, населба од неолитското време и градиште од римското време. Лево од патот Штип-Радовиш, помеѓу дваесет и првиот и дваесет и четвртиот километар се издига висок рид во облик на конус, опкружен од сите страни со стрмни падини, на кој се забележуваат остатоци од мал акропол, од II -IV век. Во подножјето на една од падините, што се спушта кон десниот брег на Лакавица, има зарамнето плато на кое се среќаваат фрагменти од неолитски керамички садови.
Грбић М., 1954, 114; Гарашанин М. и Д., 1959, 72; Mikul~i} I., TIR, 118. (В.С., З.Б.)

**Ширинка**, средновековна некропола. Во непосредната близина на селото, до последната разурната куќа, според кажувањето на С. Витанов, при копањето на темели за штала биле откриени два гроба со конструкции од камени плочи во кои, освен скелети, немало никакви прилози. (В.С., З.Б.)

## 47. ШТИП

**Астибо – Стар Конак**, населба од римското време.

Името Астибо првпат се среќава на крајот од III век пред н.е. Античкиот историограф Полиен го соопштува како име на река во чии води биле капени пајонските цареви при крунисувањето. Со оглед на податоците од историските извори за присуството на Пајоните во источна Македонија и на нивната потврда преку археолошките наоди, реката Брегалница е идентификувана со реката на ритуалниот царски чин.

Многу подоцна, кон крајот на IV век, тоа име пак се појавува, но како име на населба од римското време. Во познатата Tabula Peutingeriana е внесен како втора станица на патот од античкиот град Стоби за Пауталија, оддалечена 20 милји од станицата Транупара, односно 50 милји од Стоби. На овој итинерар, особено значаен за убикацијата и идентификацијата на патната мрежа и населбите, му посветиле внимание повеќе учени. Така за делницата Стоби-Пауталија К. Милер предложил измена во редоследот на имињата со која Астибо го става како прва, а Транупара како втора станица. Тоа придонело да преовладее едно општо мислење дека локацијата на Астибо треба да се бара на Брегалница и во околината на Штип, а Транупара понаисток, во злетовско-кратовскиот или во кочанскиот крај. Како појдовни елементи за ова биле земани археолошките траги и денешното растојание меѓу Штип и Стоби кое речиси се совпаѓа со посочените 20 римски милји. Низ кои места врвела трасата на оваа делница тешко може да се одреди со оглед на скудните археолошки траги. В. Санев и З. Белдедовски, раководејќи се од конфигурацијата на теренот, приближно точно ја пртпоставиле сè до селото Драгоево, од каде па сè до Штип врвела по трасата на денешниот асфалтен пат.

Со прашањето за убикацијата на Астибо исто така се имаат зафатено повеќе истражувачи кои искажале разни мислења и претпоставки потпирајќи се на Појтингеровата карта, на изворите, а пред сè на археолошките остатоци најдени во Штип и во неговата околина. Така, И. Венедиков го лоцира Астибо во близината на селото Чардаклија, под ридот Ежово, на локација што не нуди услови за населба од градски карактер, а површинските наоди упатуваат на мала рурална населба од доцноантичкото време. Ф. Папазоглу, земајќи ја предвид камената пластика најдена во Штип, пред и по Втората светска војна, претпоставува дека се наоѓал во самиот град, без да ја посочи неговата микролокација. Наспроти овие мислења, Б. Алексова, врз основа на редоследот на станиците на Tabula Peutingeriana и нивната оддалеченост, како и врз основа на резултатите од поновите ископувања, како можна локација го нуди локалитетот Кале во селото Крупиште. Овој предлог заслужува внимание, но тешко може да се прифати поради хронолошките рамки на локалитетот и неговата денешна дистанција во однос на дистанцијата дадена во Појтингеровата карта.

Се чини дека најблиску до вистината за убикација на Астибо е мислењето на В. Санев. Потпирајќи се на мермерната скулптурална и архитектонска декоративна пластика, на нејзината намена и уметнички вредности, потоа на временската припадност кон II-III век и местото на наоѓањето, како микролокација на која лежел Астибо тој го посочува Стар Конак, едно од најстарите маала во Штип. Станува збор за терен со централна просторна пози-

ција, на една страна отворен кон коритото на Брегалница, а на другата кон рекичката Отиња и излезот од градот, расположен во источното подножје на ридот Исар на кој има остатоци од средновековно утврдување. Кон ова мислење се придружил и З. Белдедовски, кој по откривањето на нови археолошки предмети, „работилница“ за мермер, водоводна инсталација, гробови од некропола, рударски копови и сл, ги проширил просторните димензии на Астибо во соседните Тузлија и Горно маало, дополнувајќи ја истовремено и констатацијата за неговиот организиран градски карактер.

Од богатата мермерна пластика, во најголем дел случајно откриена во Стар Конак, што денес се чува во збирките на Заводот и музеј во Штип, на Музејот на Македонија во Скопје и на Народниот музеј во Белград, за одбележување се: машка портретна глава, глава на млад Ефеб, торзо на гола Афродита, статуа на Афродита, статуа на Нике – Атина, фрагменти од статуи на коњи и коњаници, делови од композиција на лавови, масивни фрагменти од стебла на столбови со канелури, капители, разни постаменти и друго, со временска припадност од I до III век. Според карактерот на овие наоди и нивните уметнички квалитети, се претпоставува дека Астибо бил организиран со форум во кој биле поместени скулптури на видни граѓани и веројатно скулптура на еден од римските владетели, храм посветен на божества од грчко-римскиот пантеон, како и со масивно градени цивилни објекти. Неговиот урбан карактер го дополнуваат и трагите од водоводна мрежа. Бил снабдуван со вода за пиење од изворите во месноста Суитлак, на околу 2 km источно. Сместена во керамичка инсталација, премостена со акваедукт подигнат на три стапки над рекичката Отиња (Кемер), следејќи ги изохипсите на Бело Брдо, водата стигнувала до градското јадро – Стар Конак и соседните маала. Секако кон ова би требало да се додаде и експлоатацијата на рудите (злато, сребро, бакар и железо) која значително учествувала во неговиот стопански развој, особено кон крајот на II и на почетокот на III век.

Кога згаснал животот во Астибо, не се знае точно. Познато е дека во втората половина на III век навлегуваат варварските племиња од север, особено Готите (268-269 година) кои прават пустош во овие делови на Римското Царство. Веројатно во тие уривачки налети и Астибо ја доживеал истата судбина како и многу други градски и помали рурални населби. Историските извори и скромните археолошки остатоци укажуваат дека континуитетот на живеењето на ова место продолжил и во рановизантискиот период, а уште повеќе во средниот век.

Астибо. – Афродита, II век

Астибо. – Торзо на воин од Трајановото време

Делови од архитектонска пластика од старохристијански сакрални објекти се среќаваат како сполии вградени во фасадите на средновековните цркви. Меѓутоа, прашањето за големината и урбаната организација на населбата, за која се смета дека го носела името Стипион, и натаму стои отворено. Во времето на Самоиловото царство и по него животот во населбата одново добива урбани димензии. Под името Штип, обезбеден со моќно утврдување и со неколку изградени цркви, тој прераснува во голема градска населба, стратегиски, економски и трговски особено значајна за источна Македонија.
Müller K., 1916, 580; Венедиков И., 1948, 87; Папазоглу Ф., 1957, 74; Санев В., 1964, 103; Алексова Б., 1983, 85; Санев В., 1986, 91-96; Алексова Б., 1989, 20; Белдедовски З., 1990, 151-160; Белдедовски З., 1990а, 11-28; Белдедовски З., 1995, 9-21. (В.С.)

**Бабите**, тумули од железното време. На околу 600 m северно од новата населба Баби, на десната страна од патот Штип-Стар Караорман има издолжен гребен од кој се отвора широк поглед кон коритото на Брегалница и локалитетот Горно поле – Балабаница. На него се наоѓаат два тумула со приближно исти димензии, високи 1,5 m и со пречник во основата од околу 17 m, оддалечени еден од друг околу 30 m. Тумулите се доста оштетени и развлечени со земјоделските работи, пред сè со длабокото орање. (В.С., З.Б.)

**Исар**, средновековна тврдина. Во западниот дел на градот се издига карпестиот рид Исар, висок 150 m. Опкружен е со стрмни падини, на западната страна со коритото на Брегалница, а на јужната со коритото на Отиња. Положбата и височината овозможуваат прегледност и контрола на влезот и излезот од градот. На самиот врв има нерамно плато, 200 m издолжено во правец север-југ, оградено со остатоци од темели на бедем, прилично добро зачуван, наместа висок 12 до 19 m, со неколку одбранбени кули. Според досегашните проучувања, се претпоставува дека тврдината била подигната во раниот среден век, заради одбранбените и стратегиските потреби на градот што лежел во нејзиното подножје. Под денешното име Штип се наоѓал во границите на Самоиловата држава, на почетокот на XIII век под бугарска власт, а веднаш потоа под управата на српскиот владетел Стефан Дечански. Турците го зазеле во 1382 година. Државните и политичките промени се одразиле и врз архитектурата на тврдината. На одделни места се гледаат уривања, поправки или доградби. По појавата на огненото оружје таа била напуштена, исто како и повеќето тврдини во Македонија. Меѓу вградениот градежен материјал се забележуваат кршени парчиња од архитектонска пластика од бел мермер од римска провениенција, секако донесени од некогашниот град Астибо кој лежел непосредно во подножјето на ридот, во денешното маало Стар Конак. Во долниот дел на падините на Исар има три цркви, и тоа на источната

Исар, Штип. – Средновековна тврдина

Исар, Штип. – Дел од бедемот со кула

Св. Архангел Михаил, на јужната Св. Јован Крстител и на северната Св. Власиј, која е во остатоци од темели. Што се однесува до остатоците од средновековната населба, дел од нив се среќаваат на северозападната падина, лево од црквата Св. Архангел Михаил. Според најдените фрагменти од керамички садови, има индиции дека Исар бил користен за одбранбени цели многу порано, во раноантичкото време, а можеби и во железното време.
Јовановић М., 1961, 103; Николовски А., Ќорнаков Д., Балабанов К., 1961, 103; Белдедовски З., 1977, 195. (В.С., З.Б.)

**Кемер**, аквадукт од римското време. Во коритото на реката Отиња, на околу 500 m североисточно од градот има остатоци од аквадукт. На десниот брег има стопа навалена на карпест терен, со димензии во основата од 1 x 1,80 m и зачувана височина од 3,40 m. Ѕидана е од кршен камен и хидростатичен малтер, а во горниот дел, каде што започнувала арката, од квадратни и правоаголни тули. На 20 m од неа, односно на левиот брег, има друга стопа со димензии од 2 x 2,40 m, зачувана само во долниот дел. Преку овој аквадукт била пренесувана водата собирана од изворите во месноста Суитлак за потребите на градската населба Астибо. На ова упатува и намесничавото постоење на керамички тубули од водоводна инсталација, која по изохипсите на Бело Брдо (Техничка населба) се спуштала до маалото Стар Конак, односно до местото каде што се определува локацијата на Астибо.
Санев В., 1986, 94. (В.С., З.Б.)

**Св. Архангел Главатов**, средновековна црква. Се наоѓа во маалото Стар Конак, во дворот на Музичкото училиште, една од постарите училишни згради во градот. Била подигната во XIV век, а околу 1378 година била приложена на светогорскиот манастир Св. Пантелејмон од страна на браќата Дејановиќ. Црквата е реконструирана во целост, со тоа што дел од стариот јужен ѕид и апсидата со нишата на ѓакониконот се зачувани и конзервирани.
Балабанов К., 1972, 9. (В.С., З.Б.)

**Св. Архангел Михаил (Фитија)**, средновековна црква со некропола. Се наоѓа во долниот дел на падините на ридот Исар, од источната страна, покрај патот што води за тврдината. Изградена е во 1334 година, со средства на протосевастот Хреља. Има купола, апсида, однадвор шестострано обликувана, и основа со форма на впишан крст. Фасадните ѕидови се обработени во керамопластика. Околу црквата се наѕираат камени конструкции од гробови.
Петковић В., 1950, 352; Балабанов К., 1972, 4. (В.С., З.Б.)

**Св. Власиј**, средновековна црква. Според историските извори, црквата била подигната во првата поло-

вина на XIV век од ктиторот Станислав кој во 1377 година ја приложил на Хилендар. Лоцирана е на едно зарамнето плато на северната страна во подножјето на Исар, над зградата на некогашната кланица. На површината се забележуваат остатоци од темели, парчиња од варов малтер со траги од боја (фрески?) и друг градежен материјал.
Балабанов К., 1972, 10. (В.С., З.Б.)

**Св. Илија**, средновековна црква. Се наоѓа на левата страна од градот, над Текстилното училиште. Според преданието меѓу населението, џамијата на Хусамедин Мехмед-паша од крајот на XVII век била изградена врз темели на црква од XIII-XIV век посветена на св. Илија.
Балабанов К., 1972, 11. (В.С., З.Б.)

**Св. Јован Крстител**, средновековна црква. Се наоѓа на јужната падина на Исар, десно од коритото на Отиња, пред влезот во Ново Село. Била изградена пред 1350 година од Јован Пробиштиповиќ, властелин на деспотот Оливер. Црквата е полуразурната, а на зачуваните ѕидови (јужниот и западниот) има фрагменти од живопис од непознат талентиран зограф.
Балабанов К., 1972, 2. (В.С., З.Б.)

**Трговски центар**, рудник од римското време. Во централниот дел на градот, од десната страна на реката Отиња, во 1989 година, при изградбата на станбени објекти, во близината на Стоковната куќа и Трговскиот центар е откриен влез од хоризонтални рударски галерии, релативно добро зачувани во должина од 40 m. Овде биле вадени бакарна руда, сребро и злато. Во слоевите над рудникот се најдени фрагменти од керамички садови и делови од мермерна пластика од римското време, односно од времето на градот Астибо.
Белдедовски З., 1990, 155; Белдедовски З., 1990а, 12. (З.Б.)

**Тузлија**, некропола од римското време. Во непосредната близина на Стар Конак, на падината што се спушта кон коритото на Брегалница е уништен голем број гробови со камени конструкции од кои се зачувани неколку керамички садови. Некрополата му припаѓа на комплексот на римскиот град Астибо.
Белдедовски З., 1990, 153; Белдедовски З., 1990а, 12. (З.Б.)